# ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ЗБИРКА I - II**
**(1.01. - 31.12.2004 година)**

**Скопје, 2005 година**

# Одлуки и решенија на Уставниот суд на Република Македонија

**Издавач:**
**Уставен суд на Република Македонија**

**Збирка I - II**
**(1.01. - 31.12.2004 година)**

**Скопје, 2005 година**

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР:**

**Лилјана Ингилизова-Ристова**, претседател на Уставниот суд на Република Македонија,
**Вера Маркова**, судија на Уставниот суд на Република Македонија,
**д-р Бајрам Положани**, судија на Уставниот суд на Република Македонија,
**д-р Стојмен Михајловски**, генерален секретар на Уставниот суд на Република Македонија,
**Бранислава Бојчин**, државен советник во Уставниот суд на Република Македонија
**М-р Симеон Петровски**, државен советник во Уставниот суд на Република Македонија

*Главен и одговорен уредник:*
**М-р Симеон Петровски**, државен советник во Уставниот суд на Република Македонија

*Превод на сентенците на англиски јазик:*
**Жаклина Којчевска**, овластен судски преведувач

*Компјутерска обработка:*
**Соња Димитрова**, виш референт во Уставниот суд на Република Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**I. ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА СО КОИ СЕ УКИНУВААТ - ПОНИШТУВААТ ОСПОРЕНИТЕ АКТИ, ОДНОСНО СЕ УТВРДУВА ДЕКА НЕМА ОСНОВ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА** ..................................................................................................

**1. Одбрана и безбедност** ..................................................................

- Право и позиција на Претседателот на Републиката ..........................................................................................

- Закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и Правилник за формите на воено-стручната обука кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот ...........................................................

- Закон за внатрешни работи (престанок на работниот однос и услови за штрајк во Министерството за внатрешни работи во воена или вонредна состојба) ........................................

- Закон за внатрешни работи (дејствие како облик на кршење на работната дисциплина) ..................................................

- Упатство за начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на воените и цивилните лица во Армијата на Република Македонија ...............

- Правилник за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи .......................................................................

- Закон за служба во Армијата на Република Македонија ...............

- Закон за служба во Армијата на Република Македонија и Правилник за условите за стекнување на воено подобранско звање, вршењето на падобранската служба, падобранската облека и опрема и обликот и содржината на падобранската книшка ...................................................................

- Закон за служба во Армијата на Република Македонија

и Правилник за условите за стекнување на воздухпловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов ..........................................

- Закон за набавување, поседување и носење на оружје ................

- Закон за служба во Армијата на Република Македонија (отслужен воен рок со оружје, како посебен услов за прием на офицер или професионален војник) ................................

- Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ....................................................

- Правилник за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на платата ......................................................................

- Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана (временски рок за истакнување на приговор на совеста) ..........................................................................

**2. Финансии, јавни давачки и надоместоци ...................................**

- Надоместок за користење на радиофреквенции ...........................

- Престанување на правен основ кој произлегува од укината законска одредба на која се заснова подзаконскиот пропис (Правилник), претставува основа за негово отстранување од правниот поредок ....................

- Правилник за издавање на документ - касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, Министерство за финансии на Република Македонија ..................................................................

- Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност (висина на даночна стапка за новоизградени станови) ..............................................................

- Закон за финансиската полиција ..................................................

- Уредба за определување на случаите и начинот на одобрување на примената на поедноставена постапка во врска со царинските декларации ................................................

- Закон за даноците на имот и Закон за персоналниот данок на доход ........................................................

- Закон за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година ............................

**3. Стопанство ..........................................................................**

- Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари (услови за вршење на дејноста брз трансфер на пари) ..................

- Закон за трговските друштва (трговски друштва со блокирани сметки) .........................................................................

- Законот за супервизија на осигурување (поведување на постапка) ..............................................................

- Закон за банки (ограничување на бројот на ревизиите на банките) ......................................................................

- Законот за супервизија на осигурување ........................................

- Закон за угостителската и туристичката дејност (услови за добивање "А" лиценца) ..................................................

**4. Правосудство, адвокатура и нотаријат ....................................**

- Судска такса .........................................................................

- Правни последици од осуда ........................................................

- Закон за републички судски совет (критериуми за разрешување на судија) ................................................................

- Закон за кривичната постапка (изземање на Републичкиот Јавен Обвинител) ....................................................

- Закон за парничната постапка (полномошник во парнична постапка) ......................................................................

- Законот за парничната постапка (полномошник во парнична постапка) ......................................................................

- Закон за парничната постапка (полномошник во парнична постапка) ......................................................................

- Закон за парничната постапка (процесни дејствија на судот) .............................................................................................

- Упатство за постапување на судовите за водење на казнената евиденција ....................................................

- Статут на Адвокатската комора на Република Македонија (поведување на постапка) ..............................................................

- Закон за вршење на нотарските работи (престанок на функцијата нотар) .....................................................

- Лиценца за работа ......................................................................

- Лиценца за работа (поведување на постапка) ..............................

**5. Имотно-правни работи (правна заштита на сопственоста ......................................................................**

- Одобрение за градба на туѓо земјиште .........................................

- Авторски права ..............................................................................

- Правна заштита на сопственоста ..................................................

- Закон за денационализација (надомест за одземен имот на кој постојат објекти од јавен интерес) ................................

- Закон за денационализација (висина на надоместок за имот кој не се враќа) ...................................................................

- Правилник за заштита на авторските права и распределба на авторските надоместоци .......................................

- Закон за договорен залог ..............................................................

**6. Градежно земјиште** ...................................................................

- Критериуми за негово определување ..........................................

- Оттуѓување на градежно земјиште на локалитет "Француски гробишта"-Скопје ..........................................................

- Овластувања на Министерот за транспорт и врски во однос на градежното земјиште (Закон за градежното земјиште) ............................................................................................

- Правилник за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ...........................................................................

- Уредба за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште сопственост на Република Македонија ..................................................................

- Уредба за начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во право на сопственост или право на долготраен закуп ..............................................................

**7. Работни односи** ........................................................................

- Право на работа условено со регулирана воената обврска .........

- Различно вреднување на работното искуство на државните службеници во однос на вработените во стопанството и другите дејности .....................................................

- Престанување на работниот однос поради структурни реформи ........................................................................

- Организација и ситематизација на работни места .........................

- Дисциплинска постапка ..................................................................

- Кадровско пополнување на државната служба .............................

- Заклучоци на Владата на Република Македонија за исплата на надоместокот за одвоен живот од семејството, за превоз до и од работа и за закупнината на станови на вработените во органите на државната управа .........................

- Закон за штрајкот .........................................................................

- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност (услови за стекнување право на надомест за невработени лица) .......................................................

- Закон за државните службеници ...................................................

- Закон за работни односи (услови за стекнување право на испратнина) ....................................................................

- Закон за државните службеници ..................................................

**8. Локална самоуправа ..................................................................**

- Жалба против првостепеното решение на градоначалникот .......................................................................

- Право на избор за член на совет или градоначалник ....................

- Надоместок на членовите на органите за спроведување на изборите ................................................................

- Одлука за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на територијата на општина Велес, Совет на општина Велес ........................................

- Одлука за утврдување на максимално дозволена висина на објектите во Охрид, Совет на општина Охрид ..................................................................................................

- Одлука за определување на месечен паушал на членовите на Советот на општина Блатец, Совет на општина Блатец .................................................................

- Статут на општина Кисела Вода ...................................................

- Статут на општина Крушево, донесен од Советот на општина Крушево ........................................................................

- Одлука за платите, надоместоците и другите материјални трошоци на градоначалникот и функционерите избрани од Советот на општина Ѓорче Петров ......................................................................

- Закон за локалната самоуправа ...................................................

**9. Урбанизам** ..............................................................................

- Постапка за донесување на Детален урбанистички план .............

- Генерален урбанистички план ......................................................

- Согласност на органот за природните реткости ............................

- Генерален урбанистички план на град Скопје ...............................

- Постапка за донесување на Детален урбанистички план ...........................................................................

- Дополнително вклопување на објект во урбанистички план ...........................................................................

- Детален урбанистички план за населба "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) општина Кичево, Совет на општина Кичево ..........................................................................................

- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за донесување на деталниот урбанистички план за Градска четврт "Тасино Чешмиче II" - Скопје, Совет на општина Центар ................................................................

- Одлука за изменување и дополнување на детален урбанистички план на дел од Месна заедница "Железара" - домување локалитет "А" Скопје, Совет на општина Гази Баба ............................................................

- Одлука за донесување на измена и дополна на Деталниот урбанистички план за МЗ "III-та МУБ" - Куманово - Ул. "15-ти Мај", Совет на општина Куманово ......................................................................................

- Одлуки за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на детални урбанистички планови донесени од Советот на општина Кисела Вода (поведување на постапка) ................................................................

- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I - Кисела Вода, Совет на општина Кисела Вода .......................................................................

- Одлука за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од "Стара железничка станица", Совет на општина Центар ................................................................

- Одлуки за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на детални урбанистички планови донесени од Советот на општина Кисела Вода ...............................

- Одлука за донесување на измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбаната единица 4 – исток, општина Струга ......................................................................

**10. Образование и култура ............................................................**

- Процесни пречки за одлучување ....................................................

- Упатни норми ...........................................................................

- Степенот на образованието како услов за
остварување на воспитно-образовната дејност ...............................

- Оспорениот акт нема карактер на пропис .......................................

- Состав на наставно-научен совет ...................................................

- Услови за изведување на воспитно образовната дејност .............

- Правилник за нормативите и стандардите за
основање на високообразовни установи за вршење
на високообразовна дејност .............................................................

- Закон за основното образование (именување и
разрешување на директори) .............................................................

**11. Кривично право .........................................................................**

- Двостепеност во одлучувањето .....................................................

- Надриписарство ..........................................................................

- Закон за кривичната постапка (надомест на
трошоци за полномошник кој не е адвокат) .....................................

- Кривичен законик (водење на казнената евиденција) ..................

**12. Пензиско и инвалидско осигурување ....................................**

- Добивање на дозвола за основање на друштво
за управување со пензискиот фонд ..................................................

- Закон за пензиското и инвалидското осигурување
(стекнување право на старосна пензија) ..........................................

- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (измена на правосилно решение) ....................................................

- Статут на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување ..........................................................................................

- Закон за пензиското и инвалидското осигурување .........................

- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (старосна граница за маж и жена за старосна пензија) ...................

**13. Социјално-здравствени односи ............................................**

- Утврдување ниво на здравствената заштита на кое ќе се остваруваат одделни видови здравствени услуги ................................................................................................

- Утврдување на старосна граница на посвоителите .......................

- Закон за здравственото осигурување (уплата на придонесот за задолжителното здравствено осигурување) ............................................................................

- Закон за здравствената заштита (одредување на работите и задачите што треба да се преземат во услови на штрајк во здравствените организации) ............................

- Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (приватизација на јавните аптеки) .........................................................................

- Дописи на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (примена на меѓународни спогодби за социјално осигурување) ...............................................

**14. Колективни договори ............................................................**

- Колективен договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана ........................................................

- Утврдување критериуми за престанок на работниот однос
како "технолошки вишок" со Колективен договор на ниво
на работодавец (Фонд за здравствено осигурување) ......................

- Дисциплински мерки (поведување на постапка) ............................

- Колективен договор на Јавното претпријатие за
производство, пренесување и дистрибуција на
електрична енергија "Електростопанство на
Македонија" Скопје .........................................................................

- Дисциплински мерки .......................................................................

- Колективен договор на А.Д. за телекомуникации
"Македонски телекомуникации " Скопје ...........................................

- Колективен договор за основно образование
(распоредување на наставници кои живеат во град,
а работат подолго на село) .............................................................

- Мирување на правата и обврските од работен однос
за функционер на Синдикатот (општ, грански и
колективен договор на ниво на работодавец) .................................

**15. Останато ..........................................................................**

- Референдум и граѓанска иницијатива ...........................................

- Територијалната поделба на Републиката и
подрачјата на општините ..................................................................

- Права на претседателот на Република Македонија
по престанок на функцијата .............................................................

- Престанок на мандатот на пратеникот по сила на закон................

- Испитување на јавно мислење .......................................................

- Дебатни, стручни и научни настапувања .......................................

- Регистарскиот суд е надлежен да ги определува
дејностите што ќе ги обавува јавното претпријатие .........................

- Државна управа (организација и работа) ......................................

- Собрание на Република Македонија
(избор на пратеници) ......................................................................

- Закон за надоместоците на сведоците, вештаците
и толкувачите во управната постапка ..............................................

- Закон за заштита и спасување .......................................................

- Деловник на Собранието на Република
Македонија (одобрување на притвор
на пратеник) ......................................................................................

- Закон за правата, обврските и одговорностите на
органите на државната власт во поглед на средствата
во државна сопственост што тие ги користат .................................

- Закон за организација и работа на органите
на државната управа .........................................................................

- Закон за објавување на законите и другите
прописи и акти во "Службен весник на
Република Македонија" .....................................................................

- Закон за радиодифузната дејност (престанок на
мандат на член на Советот за радиодифузија) ...............................

- Закон за изменување и дополнување на Законот
за државјанството на Република Македонија
(стекнување Македонско државјанство со
природување) ....................................................................................

- Закон за изменување и дополнување на Законот
за државјанство на Република Македонија ......................................

- Злоупотреба на сексуалност и хомосексуализам

**II. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ ..................................................................**

- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот ........................................................................

- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност ..............................................................................................

- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот ........................................................................

- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот ........................................................................

- Барање за заштита на избирачко право (кандидат за Претседател на Република Македонија) .....................

- Барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот ....................................................................

- Барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот ....................................................................

**III. РЕШЕНИЈА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ......................................**

- Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година во делот "од Владата на Република Македонија" ..................................................................

**IV. РЕШЕНИЈА ЗА ОТФРЛАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ ...............................**

**1. Акти кои немаат карактер на пропис или општ акт во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија ..............................................................**

- Избор на Влада на Република Македонија ....................................

- Општи услови за осигурување од последици на несреќен случај (незгода), АД за осигурување и реосигурување "Македонија" ............................................................

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци и други лични примања на АД. за осигурување и реосигурување "КЈУБИ Македонија" – Скопје ..................................

- Инструкција донесена од директорот на Државниот завод за геодетски работи ............................................

- Трошковник за вршење на посебни геодетски работи за кои не се плаќа административна такса, донесен од директорот на Државниот завод за геодетски работи ..........................................................................

- Одлука за престанување на правото на користење на земјиштето во сопственост на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија ....................................................................

- Акти на Здружението на возачи од Делчево .................................

- Статут на "Технометал Вардар" извоз-увоз АД Скопје .................

- Правилник за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност, донесен од Советот на Јавната научна установа Институт за сточарство ......................

**2. Акти кои еднаш биле пред оценка на Судот (res iudicata) ..........................................................................**

- Закон за пензиско и инвалидско осигурување и Закон за работни односи ..................................................................

- Закон за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ" Битола, "Алфа С" Скопје и "Лавци" Охрид ...........................................................................

- Одлука на Управниот одбор на Адвокатската комора

на Република Македонија за утврдување на висината
на коморскиот уписен влог ..............................................................

- Закон за изменување и дополнување на Законот за
данок на додадена вредност (висина на даночна
стапка при промет на станбени згради и станови) ..........................

- Закон за основното образование (степен на
образование за наставник во одделенска настава) ........................

- Закон за изменување на Законот за продажба
на становите во општествена сопственост .....................................

- Закон за работни односи (надлежност на судот
во постапката за заштита на правата на работникот
од престанок на работниот однос поради "технолошки
вишок") ...............................................................................................

- Закон за верските заедници и религиозните групи
(законска дефиниција на "верска заедница" и услови
за вршење верски работи и обреди од страна
на стрнски државјанин) .....................................................................

- Закон за вршење на нотарските работи (застапување
на странки од страна на нотар) ........................................................

- Закон за служба во Армијата на Република
Македонија (решение за престанок на
работен однос) ..................................................................................

- Закон за регулирање на побарувањата на штедачите
на штедилниците "ТАТ" од Битола, "Алфа-С" од
Скопје и "ЛАВЦИ" од Охрид ............................................................

- Колективен договор на Министерството
за внатрешни работи ........................................................................

**3. Ненадлежност** ...........................................................................

- Оспорениот акт нема карактер на пропис.......................................

- Оспорениот акт не претставува пропис.........................................

- Национална концепција за безбедност и одбрана ........................

- Деловник за работа на Комисијата на Агенцијата
за државни службеници за решавање во втор степен
по жалби и приговори на државните службеници ...........................

- Известување од Министерството за образование
и наука (неделен фонд на работни часови на наставниот
кадар во средните државни училишта) ..........................................

- Одлука за распишување на референдум бр.07-3553/1
од 3 септември 2004 година, донесена од Собранието
на Република Македонија .................................................................

- Работи и работни задачи на работници со
соработнички звања .........................................................................

- Распоредување на работното време .............................................

- Рационализација на јавната администрација ................................

- Пресуда на Врховен суд ..................................................................

- Закон за служба во Армијата на Република
Македонија (престанок на работен однос со
исполнување услови за пензија) .....................................................

- Одлука за услови и критериуми за распределба
на станови изградени по "Проектот за изградба на
станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи",
донесена од Владата на Република Македонија .............................

- Одлука за именување членови на Управен одбор
на Јавното комунално претпријатие "Долнени" -
Долнени, Совет на Општина Долнени .............................................

- Закон за изменување и дополнување на Законот за
заштита на децата (услови за користење на правото
на детски додаток) ............................................................................

- Закон за високото образование (овластувања

на деканот, односно директорот во интерес на
законитоста и статутарноста на работата
на органите на факултетот) ..............................................................

- Одлука за престанување на потребата од работа
на работници во АД "Електростопанство на
Македонија" Скопје ........................................................................

- Закон за сопственост и други стварни права
(доградба и надградба на зграда) ....................................................

- Статут и Деловник за работа на Здружението на
пензионери "Куманово", донесен од Собранието
на Здружението ..........................................................................

- Програма на Демократската партија на
Албанците од 1997 година ................................................................

- Одобрение за градење, донесено од Министерството
за урбанизам, градежништво и заштита на животната
средина ...................................................................................

- Статут на Црвениот крст на Република Македонија .....................

- Одлука за спроведување на вреднувањето на
работниците во Стопанска банка АД-Скопје ..................................

- Примена на закони и постапување на судовите
и јавното обвинителство ..................................................................

- Пресуда на Основниот суд Скопје I – Скопје .................................

- Одлука за донесување Детален урбанистички
план на град Гостивар, Совет на општина Гостивар .......................

**4. Оспорениот атк (одредба)
престанал/а да важи** ......................................................................

- Акти на финансиско работење на општината
и јавните претпријатија основани од општина
Маврови Анови ..........................................................................

- Минимално технички услови за деловните
простории во кои се врши трговија .................................................

- Финансиска полиција (поведување на постапка) ..........................

- Заштита на населението од заразни болести ...............................

- Закон за управна постапка (престанал да важи) ...........................

- Закон за поттикнување на вработувањето (услови
за стекнување право на надомест на средства за
придонес на плата и други средства) .............................................

- Одлука за усвојување на Буџетот на општина
Демир Хисар за 2003 година, Совет на општина
Демир Хисар ..........................................................................................

- Закон за индустриската сопственост (застапување
на странки во постапка за заштита на индустриската
сопственост) ...........................................................................................

- Известување на Фондот на пензиското
и инвалидското осигурување на Македонија ...................................

- Закон за пензиското и инвалидското осигурување
(највисоко ниво на старосна пензија) ..............................................

- Закон за радиодифузната дејност (број на
концесионери за кабловска радиотелевизиска
мрежа на определено подрачје .....................................................

**5. Меѓусебна согласност на општи акти ..........................................**

- Акти на финансиско работење донесени
од Советот на општина Ново Село .................................................

- Детален урбанистички план "Игман" Кавадарци,
Совет на општина Кавадарци ............................................................

- Одлука за определување на бројот на членови

на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија, донесена од Извршниот одбор на Црвениот крст ..........................................................................................

- Поединечни акти за престанок на работен однос поради "технолошки причини" во ЈЗО Медицински центар Струмица ..........................................................................................

**6. Отсуство на акт предмет на уставносудска оцена ....................**

- Закон за заштита од елементарни непогоди .................................

- Програма за полагање стручен испит за туристички водич ..........................................................................

- Кривичен законик ..........................................................................

## *CONTENTS*

***I. DECISIONS AND RESOLUTIONS REPEALING - REVOKING DISPUTED ACTS, THAT IS, IT HAS BEEN ESTABLISHED THAT THERE IS NO GROUND TO INITIATE A PROCEDURE***

***1. Defence and security ...............................................................***

*- The right and position of the President of the Republic ................*

*- Law on the rights of war invalids, members of their families and members of the families of fallen fighters and a Book of Rules on the forms of military-professional training which cause increased danger of damaging the organism .............*

*- Law on Internal Affairs (termination of employment and conditions for strike in the Ministry of the Interior in a state of war or martial law) ............................................................*

*- Law on the Internal Affairs (action as a form of breach of working discipline)*

*- Instruction as to the manner of conducting the procedure aimed at establishing a disciplinary responsibility of military officers and civilians in the Army of the Republic of Macedonia .......*

*- Book of Rules on the performance of tasks of the Ministry of the Interior ..........................................................................*

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia .............*

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia and a Book of Rules on the conditions to acquire a military paratrooper title, performance of the paratrooper service, paratrooper clothes and gear and the shape and contents of the paratrooper book ....................................................................*

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia and a Book of Rules for the conditions to gain an air-technical title, the performance of the air-technical service, apparel and outfit of air-*

*technical personnel and the form and contents of the military license for working on a war aircraft*

*- Law on Procuring, Possessing and Carrying Weapons ................*

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia (military term served with weapons, as a special requirement for admission of an officer or a professional soldier) .........................*

*- Law on the Special Rights of the Members of the Security Forces of the Republic of Macedonia and Their Family Members .....................*

*- Book of Rules on the establishment of special fields of particular importance for the Army of the Republic of Macedonia, the jobs (duties) and the amount of the addition to the salary .................*

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Defence (time limit for making conscientious objection) ...................................*

***2. Finances, public fees and indemnities ..............................................***

*- Indemnity for the use of radio frequencies*

*- Termination of a legal basis deriving from a repealed legal provision on which the bylaw (Book of Rules) is based, is the basis for its removal from the legal order ...........................................*

*- A Book of Rules for issuing a document - a cash register account for cancelled transaction and for the functional and technical characteristics that fiscal devices and integrated automatic management system should have, Ministry of Finance of the Republic of Macedonia ......................................*

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Value-Added Tax (the amount of the tax rate for newly built apartments) ..............*

*- Law on the Financial Police ................................................................*

*- Regulation on determination of the cases and manner for approving the application of a simplified procedure regarding customs declarations ........................................................................*

*- Law on Property Taxes and Law on Personal Income Tax .................*

*- Law on the Provision of Funds for Relief to the Municipalities Aimed at Removing the Consequences from the Floods that Occurred in June 2004 ....................................................................*

***3. Economy ...............................................................................***

*- Law on Performing Services of a Fast Money Transfer (conditions to perform the activity of a fast money transfer) ...................*
*- Law on Trade Companies (trade companies with blocked accounts) .......................................................................*

*- Law on Supervision of Insurance (initiation of a proceedings) ............*

*- Law on the Banks (restriction of the number of audits of the banks) ..........................................................................*

*- Law on Insurance Supervision ..........................................................*

*- Law on Catering and Tourist Business (conditions to obtain an "A" license) ....................................................................*

***4. The judiciary, legal profession and notary profession .............***

*- Court fee ..........................................................................*

*- Legal consequence from a conviction ...............................................*

*- Law on the Republican Judicial Council (criteria for discharging a judge) ........................................................................*

*- Criminal Procedure Code (removal of the Republican Public Prosecutor) .......................................................................*

*- Law on Contentious Procedure (proxy in a contentious procedure) ..........................................................................*

*- Law on Contentious Procedure (proxy in a contentious*

*procedure) ..........................................................................................*

*- Law on Contentious Procedure (proxy in a contentious procedure) ..........................................................................................*

*- Law on Contentious Procedure (court actions) .................................*

*- Instruction for the courts to deal with the keeping of penal records ..........................................................................*

*- Statute of the Bar of the Republic of Macedonia (initiation of a procedure) ..................................................................*

*- Law on the Performance of Notary Matters (termination of a notary's office) ....................................................*

*- Work license ...........................................................................*

*- Work license (initiation of a procedure) ...........................................*

***5. Property-legal matters (legal protection of property) .......................***

*- Permission to build on somebody else's land ...................................*

*- Copyrights .............................................................................*

*- Legal protection of property ............................................................*

*- Law on Denationalisation (compensation for a taken-away property on which there are facilities of public interest) .........................*

*- Law on Denationalisation (amount of compensation for a property that is not restored) ..............................................................*

*- Book of Rules on the protection of copyrights and distribution of copyright fees ...................................................................*

*- Law on Contractual Security ...............................................................*

***6. Construction land ..........................................................................***

*- Criteria for its determination ...............................................................*

*- Transfer of a construction land on the site "Francuski grobista" ("French cemetery") - Skopje ...............................................................*

*- Powers of the Minister of Transportation and Communications regarding building terrain (Law on Building Terrain) .............................*

*- Book of Rules on the level of arrangement of the building terrain and the manner of calculation of costs for the arrangement of the building terrain based on the arrangement level ...................................*

*- Regulation on the manner and procedure to transfer the constructed building terrain owned by the Republic of Macedonia .........*

*- Regulation on the manner and conditions for the transformation of the right to use building terrain owned by the Republic of Macedonia with the right to ownership or right to a long-term lease .......*

***7. Labour relations ..............................................................................***

*- Right to a job conditioned by a satisfied military obligation .................*

*- Different evaluation of the working experience of civil servants in respect of the employees in the economy and other fields ...............*

*- Termination of employment as a result of structural reforms ...............*

*- Organisation and systematisation of jobs .........................................*

*- Disciplinary procedure .....................................................................*

*- Personnel manning of the state service ..............................................*

*- Conclusions of the Government of the Republic of Macedonia for payment of the compensation for a life away from one's family, for transportation to and from work and for the lease of apartments of the employees in the bodies of state administration ........*

*- Law on Strike ..........................................................................................*

*- Law on Employment and Insurance in Case of Unemployment (conditions to acquire the right to a compensation for unemployed persons) ..........................................................................................*

*- Law on Civil Servants .......................................................................................*

*- Law on Labour Relations (conditions to acquire the right to a send-off fee) ..........................................................................................*

*- Law on Civil Servants .......................................................................................*

***8. Local self-government .....................................................................***

*- Appeal against a first instance resolution of a Mayor ...........................*

*- Right to be elected a council member or mayor ..................................*

*- Compensation of the members of bodies for the conduct of elections ..........................................................................................*

*- Decision to determine a compensation for the use of building terrain on the territory of the municipality of Veles, Council of the Municipality of Veles ......................................................*

*- Decision to determine the maximum allowed height of the buildings in Ohrid, Council of the Municipality of Ohrid ..........................*

*- Decision for the determination of a monthly lump sum of the members of the Council of the Municipality of Blatec, Council of the Municipality of Blatec ......................................................*

*- Statute of the Municipality of Kisela Voda ............................................*

*- Statute of the municipality of Krusevo, adopted by the Council of the municipality of Krusevo ..................................................*

*- Decision on the salaries, compensations and other material expenses of the mayor and the functionaries elected by the Council of the Municipality of Gorce Petrov ..........................................*

*- Law on Local Self-Government ...........................................................*

***9. Urban planning ..........................................................................***

*- Procedure to adopt a Detailed Urban Plan .........................................*

*- General Urban Plan .........................................................................*

*- Approval from the body for natural rarities ............................................*

*- General urban plan for the City of Skopje ............................................*

*- Procedure to adopt a Detailed Urban Plan .......................................*

*- Additional inclusion of a building into an urban plan ............................*

*- Detailed urban plan for the settlement “Kutlabica 2” for part (Block 1) Municipality of Kicevo, Council of the Municipality of Kicevo ..............................................................................*

*- Decision to change and supplement the Decision on the adoption of the detailed urban plan for the city quarter “Tasino Cesmice II” – Skopje, Council of the Municipality of Centar .............*

*- Decision to change and supplement a detailed urban plan of part of the local community “Zelezara” – housing site “A” Skopje, Council of the Municipality of Gazi Baba ...........................................*

*- Decision to adopt a change and supplement to the Detailed Urban Plan for the local community “III-ta MUB” – Kumanovo – St. “15-ti Maj”, Council of the Municipality of Kumanovo.................*

*- Decisions to change and supplement the provisions for enforcement of detailed urban plans adopted by the Council of the Municipality of Kisela Voda (initiation of a procedure) ........*

*- Decision to change and supplement the Decision on the adoption of the Detailed Urban Plan for the settlement of Crnice I – Kisela Voda, Council of the Municipality of Kisela Voda ......................*

*- Decision to change and supplement the Detailed Urban Plan for part of “Stara zeleznicka stanica” (‘Old railway station”), Council of the Municipality of Centar ..................................................*

*- Decisions to change and supplement the provisions for the implementation of detailed urban plans adopted by the Council of the Municipality of Kisela Voda ................................*

*- Decision to adopt a change and supplement to the Detailed Urban Plan for the urban unit 4 – east -, Municipality of Struga .........*

***10. Education and culture ...................................................***

*- Trial obstructions for decision-making ....................................*

*- Reference norms .................................................................*

*- The level of education as a condition to carry out educational activity ..*

*- The act disputed does not have the character of a regulation ..........*

*- Composition of an academic council ........................................*

*- Conditions for realising the educational activity ...........................*

*- Book of Rules for the norms and standards for the establishment of higher educational institutions for the performance of higher educational activity .....................................................................*

*- Law on Elementary Education (appointment and discharge of principals) ..........................................................*

***11. Criminal law .......................................................................***

*- Two instances in decision-making .............................................*

*- Pseudo-expertness ......................................................................*

*- Criminal Procedure Code (compensation of expenses for a proxy who is not a lawyer) ......................................................*

- Criminal Code (keeping penal records)....................................

**12. Pension and disability insurance ........................................**

- Obtaining a permit to set up a company for the management of the pension fund .............................................

- Law on Pension and Disability Benefits (gaining the right to an old-age pension) ........................................................................

- Law on Pension and Disability Benefits (change of an effective resolution) ...................................................................

- Statute of the Pension and Disability Benefits Fund .......................

- Law on Pension and Disability Benefits ..........................................

- Law on Pension and Disability Benefits (age threshold for men and women for an old-age pension) .......................................

**13. Social-health relations .......................................................................**

- Determination of a level of health care at which certain types of health services will be realised ...............................................

- Determination of an age threshold for adoptive parents .....................

- Law on Health Insurance (payment of the contribution for compulsory health insurance) .....................................................

- Law on Health Care (definition of the matters and tasks that are to be undertaken in the conditions of a strike in health organisations) ..................................................................

- Law on Changes and Supplements to the Law on Health Care (privatisation of public pharmacies) ................................

- Communications of the Health Insurance Fund of the

*Republic of Macedonia (implementation of international agreements on social insurance) ..........................................................*

***14. Collective agreements ......................................................................***

*- Collective agreement for the regulation, that is, further regulation of the rights, obligations and responsibilities of being employed in the Ministry of Defence .......................................*

*- Definition of criteria for termination of employment as a "redundancy" with a Collective Agreement at the level of an employer (Health Insurance Fund) ..........................................*

*- Disciplinary measures (instigation of a procedure) ............................*

*- Collective Agreement of the Public Enterprise for the Production, Transmission and Distribution of Electricity "Elektrostopanstvo na Makedonija" - Skopje ......................*

*- Disciplinary measures ...................................................................*

*- Collective Agreement of the telecommunications joint-stock company A.D. "Makedonski telekomunikacii" Skopje .......................*

*- Collective Agreement for elementary education (assignment of teachers living in a city, and working for a longer period of time in the country) ......................................................................*

*- Adjournment of the rights and obligations from a labour relation for a functionary of the Union (general, branch, and collective agreement at the level of an employer) ............................*

***15. Miscellaneous ..........................................................................***

*- Referendum and citizen's initiative .................................................*

*- Territorial division of the Republic and the areas of municipalities*

*- Rights of the President of the Republic of Macedonia following the termination of his/her office ........................................*

*- Termination of a deputy's mandate by force of law .........................*

*- Public opinion polls ......................................................................*

*- Debating, expert and scholarly appearances ................................*

*- Registry Court is competent to determine activities that will be performed by the public enterprise ....................................*

*- State administration (organisation and work) .....................................*

*- Assembly of the Republic of Macedonia (election of deputies) ..........*

*- Law on the Compensation of Witnesses, Forensic Experts and Interpreters in Administrative Procedures .......................*

*- Law on Protection and Rescue ........................................................*

*- Book of Procedures of the Assembly of the Republic of Macedonia (approval of detainment of a deputy) ..............................*

*- Law on the Rights, Obligations and Responsibilities of Bodies of State Authority in respect of the state-owned means at their disposal ......................................................................*

*- Law on the Organisation and Work of Bodies of State Administration ..........................................................................*

*- Law on the Publication of Laws and Other Regulations and Acts in the "Official Gazette of the Republic of Macedonia" ...........*

*- Law on Radio Diffusion Activity (termination of a mandate to a member of the Council for Radio Diffusion) ................*

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Citizenship of the Republic of Macedonia (acquiring Macedonian citizenship by naturalisation) ...................................................................*

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Citizenship of the Republic of Macedonia ........................................*

*- Misuse of sexuality and homosexuality ..........................................*

***II. REQUESTS FOR THE PROTECTION OF FREEDOMS AND RIGHTS OF MAN AND CITIZEN ...........................................................***

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen .....................................................*

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen that refer to prohibition of discrimination on grounds of social and political affiliation ............................*

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen ................................................................*

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen .............................................................*

*- Request for the protection of the right to vote (candidate for President of the Republic of Macedonia) .......*

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen ..................................................................*

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen ..................................................................*

***III. RESOLUTIONS TO STOP THE PROCEDURE .................................***

*- Law on the Execution of the Budget of the Republic of Macedonia for 2003 in the part “by the Government of the Republic of Macedonia” ..............................................*

***IV. RESOLUTIONS TO DISMISS INITIATIVES .....................................***

***1. Acts that do not have the character of a regulation or a general act in the sense of Article 110 of the Constitution of the Republic of Macedonia .............................***

*- Election of the Government of the Republic of Macedonia .............*

*- General conditions for insurance against consequences from an accident, stock company for insurance and reinsurance "Makedonija" .................................................................*

*- Book of Rules for changes and supplements to the Book of Rules for Salaries, Compensations and Other Personal Incomes of the stock company for insurance and reinsurance "KJUBI Makedonija" - Skopje .............................................................*

*- Instruction adopted by the Director of the State Geodetic Bureau ....*

*- List of expenditures for the performance of special geodetic matters for which no administrative fee is paid, adopted by the Director of the State Geodetic Bureau .......................................*

*- Decision on the termination of the right to use a land owned by the Republic of Macedonia, adopted by the Government of the Republic of Macedonia ..........................................*

*- Acts of the Association of Drivers from Delcevo ................................*

*- Statute of the joint-stock company "Tehnometal Vardar" export-import AD Skopje ......................................................................*

*- Book of Rules on the manner and procedure to make procurements of a small value, adopted by the Council of the Public Scholarly Institution - Institute for Cattle Breeding ............................................................................................*

***2. Acts that have already been appraised by the Court (res judicata) .............................................................................***

*- Law on Pension and Disability Insurance and Law on Labour Relations ..........................................................................*

*- Law on the Regulation of the Claims by Clients from the Savings Banks "TAT" Bitola, "Alfa S" Skopje and "Lavci" Ohrid ..........................................................................*

*- Decision by the Board of Directors of the Bar of the Republic of Macedonia for the establishment of the amount of the association's admission deposit ..................................*

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Value Added Tax (amount of the tax rate in the sale of apartment buildings and apartments) ................................................................*

*- Law on Elementary Education (level of education for a teacher in the first four years of elementary education) .................*

*- Law on Changes in the Law on Sale of Socially-Owned Apartments ..........................................................................................*

*- Law on Labour Relations (competence of the court in the procedure for the protection of the rights of the employee against termination of employment as a result of "redundancy") ..........*

*- Law on Religious Communities and Religious Groups (legal definition of "religious community" and conditions for the performance of religious matters and rites by a foreign national) ........................................................................*

*- Law on the Performance of Notary Matters (representation of parties by a notary) ..............................................*

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia (resolution for termination of employment) .........................................*

*- Law on the regulation of Claims by Clients from the Savings Banks "TAT" from Bitola, "Alfa S" from Skopje and "Lavci" from Ohrid ..........................................................*

*- Collective Agreement of the Ministry of the Interior .........................*

***3. Lack of competence ........................................................................***

*- The act contested has no character of a regulation............................*

*- The act contested is not a regulation..................................................*

*- National conception for security and defence ..................................*

*- Book of Procedures for the work of the Commission of the Agency for Civil Servants for deciding in the second instance upon appeals and complaints by civil servants ...................................*

*- Notification by the Ministry of Education and Science (weekly fund of working hours of the teaching staff in state schools for secondary education) ..............................................*

*- Decision to schedule a referendum no.07-3553/1 of 3 September 2004, adopted by the Assembly of the Republic of Macedonia .......................................................................*

*- Jobs and working tasks of employees having a title of an associate .........................................................................*

*- Distribution of working hours ..........................................................*

*- Rationalisation of public administration ...........................................*

*- Judgment by the Supreme Court ....................................................*

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia (termination of employment by meeting the conditions for a pension) ............................................................*

*- Decision on the conditions and criteria for distribution of apartments built according to the "Project for construction of apartments to be rented to persons with low incomes", adopted by the Government of the Republic of Macedonia .................*

*- Decision on the appointment of members of the Board of Directors of the Public Communal Enterprise "Dolneni" – Dolneni, Council of the Municipality of Dolneni ....................................*

*- Law on Changes and Supplements to the Law on the Protection of Children (conditions to use the right to children's allowance) ......................................................................*

*- Law on Higher Education (authorisations of the dean, that is, the director in the interest of legality and regularity of the work of the faculty bodies) .......................................................*

*- Decision on termination of the need for work of employees in the joint-stock company AD "Elektrostopanstvo na Makedonija" Skopje ........................................................................*

*- Law on Property and Other Real Rights (an addition to and a superstructure of a building) ..................................................*

*- Statute and Book of Procedures for work of the Association of Pensioners "Kumanovo", adopted by the Assembly of the Association ....................................................*

*- Platform of the Democratic Party of the Albanians of 1997 .............*

*- Permit for building, adopted by the Ministry of Urban Planning, Construction and Protection of the Environment ...............*

*- Statute of the Red Cross of the Republic of Macedonia ..................*

*- Decision on the implementation of the evaluation of the employees in Stopanska banka AD- Skopje ............................*

*- Application of laws and the handling of the courts and public prosecutor's office ................................................*

*- Judgment by the Basic Court Skopje I - Skopje .............................*

*- Decision on the adoption of a Detailed Urban Plan of the city of Gostivar, Council of the Municipality of Gostivar ............*

***4. Termination of validity of the act (provision) contested ......................***

*- Acts of financial activity of the municipality and public enterprises set up by the Municipality of Mavrovi Anovi ..........................*

*- Minimum technical conditions for business premises in which trade takes place .....................................................*

*- Financial Police (initiation of a procedure) ..........................................*

*- Protection of the population against contagious diseases ...................*

*- Law on Administrative Procedure (ceased to be valid) ........................*

*- Law on Stimulation of Employment (conditions for acquiring the right to compensation of means for contribution to salary and other means) ................................................*

*- Decision on the adoption of the Budget of the Municipality of Demir Hisar for 2003, Council of the Municipality of Demir Hisar .............*

*- Law on Industrial Property (representation of parties in a procedure for the protection of industrial property) ...........................*

*- Notification of the Pension and Disability Insurance Fund of Macedonia ..........................................................................*

*- Law on Pension and Disability Insurance (highest level of old-age pension) ........................................................*

*- Law on Radio Diffusion Activity (number of concessionaires for cable radio and television network on a certain area) ..................*

***5. Mutual concordance of general acts ............................................***

*- Acts of financial operation adopted by the Council of the Municipality of Novo Selo ..........................................................*

*- Detailed Urban Plan "Igman" Kavadarci, Council of the Municipality of Kavadarci ..............................................*

*- Decision on the determination of the number of members of the Assembly of the Red Cross of the Republic of Macedonia, adopted by the Executive Board of the Red Cross ...........*

*- Individual acts for termination of employment as a result of "redundancy" in the public health organisation JZO Medical Centre Strumica .........................................*

***6. Absence of an act subject to a constitutional-judicial appraisal ........................................................................................***

*- Law on the Protection Against Natural Disasters .............................*

*- Programme for taking an expert examination for a tourist guide ......*

*- Criminal Code ..........................................................................*

## I. ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА СО КОИ СЕ УКИНУВААТ - ПОНИШТУВААТ ОСПОРЕНИТЕ АКТИ, ОДНОСНО СЕ УТВРДУВА ДЕКА НЕМА ОСНОВ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

## I. DECISIONS AND RESOLUTIONS REPEALING - REVOKING DISPUTED ACTS, THAT IS, IT HAS BEEN ESTABLISHED THAT THERE IS NO GROUND TO INITIATE A PROCEDURE

### 1. Одбрана и безбедност

### *1. Defence and security*

# 1.

**- Право и позиција на Претседателот на Републиката**

*- The right and position of the President of the Republic*

**- Со даденото законско овластување на министерот за одбрана со решение да упати воен старешина и цивилно лице на служба во Армијата во странство не се повредува и ограничува утврденото право и позиција на претседателот на Република Македонија да командува со Армијата и да ги поставува претставниците на Република Македонија во странство.**

*- The entrusted legal power of the Minister of Defence to send, with a resolution, a military officer and a civilian to serve in the Army abroad does not violate and restrict the established right and position of the President of the Republic of Macedonia to command the Army and to appoint the representatives of the Republic of Macedonia abroad.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 186 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003 и 71/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 186 став 3 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одредба била во спротивност со член 79 став 2, член 8 став 1 алинеја 3, член 51, член 84 алинеја 2 и член 122 став 1 од Уставот,затоа што министерот за одбрана нема уставно овластување да командува со Армијата и да упатува воен старешина и цивилно лице на служба во Армијата да врши должност во воено претставништво и воени мисии на Републиката во странство, во меѓународни организации или во меѓународни воени единици, бидејќи тоа е уставно и законско овластување на претседателот на Републиката.

3. Судот на седницата утврди дека во оспорениот став 3 на член 186 е предвидено дека министерот за одбрана може со решение да упати воен старешина и цивилно лице на служба во Армијата да врши должност во воени претставништва и воени мисии на Републиката во странство, во меѓународни организации или во меѓународни воени единици.

4. Според член 79 став 2 од Уставот, Претседателот на Републиката е врховен командант на вооружените сили на Република Македонија.

Според член 84 алинеја 2 од Уставот претседателот на Републиката ги поставува и отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство.

Во член 122 став 1 од Уставот е предвидено дека вооружените сили на Република Македонија го штитат територијалниот интегритет и независноста на Републиката.

Одбраната на Републиката се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Според член 1 став 1 од Законот за одбрана, одбраната на Република Македонија се организира како систем на одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката која согласно став 4 на овој член може да се остварува и преку соработка со колективните системи за безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила.

Во член 18 точка 12 од Законот за одбрана е предвидено дека во остварувањето на одбраната претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата поставува и отповикува воени претставници на Републиката во странство.

Во членот 186 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е предвидено дека воени претставници на Републиката во странство се воени аташеа и членовите на воените мисии во странство со чин мајор и повисок чин.

Воените претставници од став 1 на овој член имаат дипломатски статус.

Прашањето на упатување на воени старешини и цивилни лица на служба во Армијата во странство е уредено со Законот за служба во Армијата. Имено, според член 2 став 3 од овој закон како служба во Армијата се смета и вршењето должност во воените претставништва на Република Македонија во странство, како и учество во мултинационална воена сила формирана согласно меѓународните договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

Во членот 187, пак, од наведениот закон е предвидено дека воените претставници во странство од член 186 став 1 на овој закон и воените старешини и цивилни лица од член 186 став 3 на овој

закон имаат право на плата и надоместоци на плата на вработени во дипломатско конзулатните и други претставништва на Републиката во странство.

Од наведеното произлегува дека законодавецот докрај и доследно ја остварил концепцијата дека во системот на одбраната претседателот на Републиката е врховен командант на вооружените сили и тој ги поставува и отповикува воените претставници на Република Македонија во странство.

Од изнесените законски одредби произлегува дека правото на министерот за одбрана со решение да упати воен старешина и цивилно лице во странство во рамките на меѓудржавната воена соработка, што е логичен израз на остварување, односно реализирање на меѓународните договори што Република Македонија ги склучила или им пристапила, воопшто не се однесува на поставување претставници на Република Македонија во странство и затоа не засега во правото на претседателот на Републиката да ги поставува и отповикува воените претставници во странство како негова уставна надлежност.

Оттука, со оглед на изнесеното, а имајќи ја предвид содржината на оспорениот член од Законот, Судот смета дека со него не се уредуваат прашања во врска со командувањето на претседателот на Републиката со Армијата и поставувањето на воени претставници во странство, поради што тој не може да се подведе под сомневање од аспект на член 79 став 2 и член 84 став 2 од Уставот на кои се повикува подносителот на иницијативата.

Имајќи го предвид наведеното може да се констатира дека со утврденото овластување на министерот за одбрана да упатува воени и цивилни лица на служба во Армијата во странство не се повредува или органичува утврденото право и позицијата на претседателот на Република Македонија да поставува претставници на Републиката во странство. Оваа констатација соодветно се однесува и на член 122 став 1 и другите одредби од Уставот кои подносителот само ги наведува, а од чиј аспект исто така го оспорува член 186 став 3 од Законот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.173/2004)

# 2.

**- Закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и Правилник за формите на воено-стручната обука кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот**

*- Law on the rights of war invalids, members of their families and members of the families of fallen fighters and a Book of Rules on the forms of military-professional training which cause increased danger of damaging the organism*

**- Во функција на операционализација на законот, Министерот за одбрана е овластен да го уреди организирањето и спроведувањето обука за одбрана и да определи воено стручната обука да се изведува и во други организации покрај во организациите на Сојузот на резервните воени старешини.**
**Министерот за труд и социјална политика, во согласност со министерот за одбрана, е овластен да пропише кои форми на воената стручна обука предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот.**

*- In the function of operationalisation of the Law, the Minister of Defence is authorised to regulate the organisation and enforcement of the defence training and to determine for the military-professional training to take place in other organisations in addition to the*

*organisations of the Association of Reserve Military Officers.*
*The Minister of Labour and Social Policy, in concordance with the Minister of Defence, is authorised to prescribe which forms of the military professional training cause an increased danger of damaging the organism.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 71 и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 11 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на:

а) уставноста на член 11 став 4 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/1996) и

б) уставноста и законитоста на Правилникот за формите на воено-стручната обука кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот (" Службен весник на Република Македонија" бр.18/1997).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста на член 11 став 1 точка 3 од законот означен во точката 1 под а) во ова решение.

3. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата членот 11 став 1 точка 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци

бил несогласен со Уставот, затоа што во Законот за одбрана не биле предвидени организации на сојузот на резервните воени старешини и други организации што ќе ги определи министерот за одбрана на Република Македонија ниту, пак, било предвидено за овие структури воено стручната обука да ја планира, организира и контролира орган на вооружените сили на Република Македонија.

Имено, во иницијативата се оспорува уставноста на членот 11 став 1 точка 3 од овој закон, затоа што неговата содржина суштински и терминолошки не се совпаѓала со содржината на Законот за одбрана.

Ставот 4 на овој член од Законот се оспорува затоа што го овластувал министерот за одбрана да ги пропишува формите на воено стручната обука (од став 1 точка 3 на овој член од Законот) кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот.

Правилникот се оспорува затоа што го овластувал министерот за одбрана да определува и други организации кои ќе изведуваат воено стручна обука без да ги идентификува организациите.

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 11 став 4 од оспорениот закон, министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за одбрана ќе пропише кои форми на воена стручна обука од став 1 точка 3 на овој член предизвикуваат опасност за оштетување на организмот.

Со оспорениот правилник, пак, се уредуваат формите на воено стручната обука кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот кај учесниците на обуката. Како такви се предвидени: обука при која се изведуваат практични дејствија со употреба на вежбовна и боева муниција и минско-експлозивни средства; обука за извршување на задачи од атомско-биолошка и хемиска одбрана, ако се употребуваат токсични соединенија извори на радиоактивни и други јонизирачки зрачења и запаливи средства и др.

5. Согласно член 95 став 1 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон.

Според ставот 3 на овој член од Уставот организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што

се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Врз основа на овие уставни одредби е донесен Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Согласно членот 5 од овој закон, органите на државната управа можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации.

Според член 15 алинеја 4 од овој закон, во надлежност на министерството за одбрана спаѓа организирањето и спроведувањето на обуката за одбрана.

Согласно член 55 став 1 од овој закон, министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи кога за тоа е овластен со закон.

Имајќи ги предвид изнесените уставни и законски одредби наспроти оспорената одредба од ставот 4 на членот 11 од Законот, Судот оцени дека министерот за одбрана е овластен во функиција на операционализација на законот да го уреди организирањето и спроведувањето на обуката за одбрана, па во тој контекст да определи воено стручната обука покрај во организациите на Сојузот на резервните воени старешини, да се изведува и во други организации.

Исто така, согласно член 24 точка 1 алинеи 14 и 15 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, министерството за труд и социјална политика ги врши работите што се однесуваат на заштитата на цивилните инвалиди од војната и на семејствата чии хранител е на задолжителна воена служба, заштитата на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција.

Имајќи ја предвид оваа одредба од Законот за организација и работа на органите на државната управа во контекст на погоре посочените одредби, Судот смета дека министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за одбрана е овластен да пропише кои форми на воената стручна обука предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот и дека не би можело основано да се постави прашањето за неговата уставност.

6. Што се однесува до Правилникот за формите на воено стручната обука кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот, кој согласно погоре означениот став 4 на член 11 од Законот за правата на воените инвалиди, е донесен од министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за одбрана, Судот оцени дека, не може да се постави прашањето за неговата уставност и законитост од причина што министерот не предвидува задолжение да се врши воено стручна обука, туку таква норма од материјална природа е претходно предвидена (согласно член 20 став 1 алинеја 37 од Законот за одбрана Министерството за одбрана организира и спроведува обука за одбрана), а министерот ги предвидува само формите на воено стручната обука, што е во функција на операционализација на Законот.

7. Судот на седницата, исто така, утврди дека согласно член 11 став 1 точка 3 од оспорениот закон, мирновременски воен инвалид е и државјанин на Република Македонија кај кого оштетувањето на организмот најмалку за 20% настапило поради рана или повреда што ја здобил без своја вина за време на стручна обука во организации на Сојузот на резервните воени старешини и во други организации што ќе ги определи министерот за одбрана на Република Македонија ако обуката ја планирал, организирал и контролирал орган на вооружените сили на Република Македонија.

Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија е надлежен, меѓу другото, да одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи со Уставот и со законите.

Со оглед на тоа дека со иницијативата се оспорува согласноста на член 11 став 1 точка 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци со Законот за одбрана, согласно погоре цитираната одредба од Уставот, прашањето за меѓусебната

согласност на законите не е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.45/2003)

# 3.

**- Закон за внатрешни работи (престанок на работниот однос и услови за штрајк во Министерството за внатрешни работи во воена или вонредна состојба)**

*- Law on Internal Affairs (termination of employment and conditions for strike in the Ministry of the Interior in a state of war or martial law)*

**- Заради компетентно и ефикасно вршење на специфичните службени должности во рамките на надлежностите на еден орган, со Закон може да се уредат прашања кои се однесуваат на постоењето на персонален и морален кредибилитет на кадарот во државниот орган.**
**Забраната или ограничувањето на правото на штрајк во Министерството за внатрешни работи, пропишани со закон, во период додека траат определени стостојби и појави од битно значење за безбедноста на државата, се во согласност со уставот, според кој со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата.**

*- With a view to a competent and efficient performance of the specific official duties within the frameworks of the competences of a body, there may be regulated by law issues relating to the existence of personal and moral credibility of the personnel in the state body.*
*The prohibition or restriction of the right to strike in the Ministry of the Interior, stipulated by law, in the period while certain conditions and phenomena are taking place and are of essential significance for the security of the state, are in accordance with the Constitution, under which the conditions for realisation of the right to strike in the armed forces, police and bodies of administration may be restricted by law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 48 став 2 во делот: "кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за работа во Министерството...", и членот 70-в од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/1995, 55/1997, 38/2002 и 33/2003).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 48 став 1 точка 4 во делот: "да не биде поврзано со активности околу извршување на кривични дела или прекршоци со елементи на насилство или други казниви дела што го прават недостојно за работа во Министерството", од Законот означен во точката 1 на ова решение.

3. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорените делови на одредбите од членот 48 став 1 точка 4 и став 2 од Законот за внатрешни работи, било предвидено по сила на самиот закон да настапат правни последици како ограничувачки фактор за одредено лице да може да заснова работен однос во Министерството за внатрешни работи. Со оглед на тоа што со овие законски одредби било пропишано правните последици да настапат автоматски по сила на самиот закон а не од конкретна забрана за вршење на дејност или работа што ја изрекол судот со правосилна судска одлука, произлегува дека оспорените одредби биле спротивни на членот 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, според кој лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, и спротивни на други одредби од Уставот (членот 8 став 1 алинеја 1, 3 и 4, членот 9, членот 13 став 1, членот 14 став 1, членот 32 став 1 и 2, членот 54 став 1, членот 98 став 1 и 2 и членот 112 став 3).

Во однос на членот 70-в од Законот, во иницијативата се наведува дека уредува забрана на штрајк во Министерството за внатрешни работи во воена или вонредна состојба, меѓутоа тоа било спротивно на членот 38 од Уставот кој го гарантира правото на штрајк. Исто така во иницијативата без образложение се наведува дека со оспорениот член од Законот се повредувале повеќе одредби од Уставот, и тоа членот 8 став 1 алинеја 3, членот 9, членот 51, членот 54 став 1 и 2, членот 124 и членот 125 од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека со одредбата од ставот 2 на членот 48 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/1995, 55/1997, 38/2002 и 33/2003), е предвидено дека на работник кој е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за работа во Министерството или на кого му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност, му престанува работниот однос во Министерството со денот на врачувањето на правосилната пресуда.

Со иницијативата се оспорува наведената одредба во делот "кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за работа во Министерството".

Исто така, Судот утврди дека со оспорениот член 70-в од наведениот Закон е предвидено дека се забранува штрајк во Министерството во воена или вонредна состојба.

Во случај на сложена безбедносна состојба, нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, природни непогоди и епидемии или загрозување на животот и здравјето на луѓето и имотот во поглем обем, во штрајк истовремено не може да учествуваат повеќе од 10% од вработените во Министерството и штрајкот не може да трае подолго од три дена.

Доколку штрајкот започнал пред настапувањето на кој било од условите од ставовите 1 и 2 на овој член, вработените во Министерството се должни штрајкот веднаш да го прекинат.

5. Според членот 8 став 1 алинеја 1, 3 и 4 од Уставот, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Според член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Согласно членот 32 став 1 и 2 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување и достапност на секое работно место под еднакви услови.

Во членот 54 став 1 од Уставот е предвидено дека слободите и правата на човекот и граѓанинот може да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според членот 98 став 1 од Уставот, судската власт ја вршат судовите, а според ставот 2, судовите се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

6. Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/1995, 55/1997, 38/2002 и 33/2003) во членот 1 меѓу другото определил дека внатрешни работи во смисла на овој закон се работи кои се однесуваат на: заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; спречување на вршење на

кривични дела, откривање и фаќање на сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежни органи; заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот; спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија; одржување на јавниот ред и мир; спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост; обезбедување на определени личности и објекти; регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата и други работи сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата; контрола на преминување на државната граница, движење и престој во граничен појас; престој и движење на странци; утврдување и решавање на гранични инциденти; заштита од пожари и експлозии; контрола на условите во врска со производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови за муниција и муниција.

Во членот 2 е предвидено дека во надлежност на Министерството за внатрешни работи е вршењето на внатрешните работи наведени во членот 1 од овој закон.

Поаѓајќи од изнесените уставни и законски норми, Судот во оценката на уставноста на оспорената одредба од ставот 2 на членот 48 од Законот за внатрешни работи, оцени дека таа не е во несогласност со Уставот кога како посебна причина за престанок на работниот однос на работникот во Министерството за внатрешни работи ја предвидел конкретната состојба, предизвикана од самиот вработен во Министерството како сторител на кривично дело во врска со службената должност или кое го прави недостоен за работа во Министерството.

Ова поради тоа што со оспорената законска одредба јасно е утврден причинскиот однос на забраната на вработениот да продолжи да биде во работен однос во Министерството како резултат од неговото извршување на такво кривично дело со кое ја злоупотребил својата положба бо брска со вршењето на службените дејности или должностите, или кривично дело кое го прави недостоен за работа во Министерството, и тоа од денот на врачувањето на правосилната пресуда на осудениот.

Поаѓајќи од основните надлежности на Министерството за внатрешни работи кои се однесуваат на спречувањето и откривањето на кривичните дела, според Судот, произлегува и потребата со закон да бидат уредени прашањата за постоење на персонален и морален кредибилитет на кадарот во овој државен орган кој може компетентно

и ефикасно да ги врши тие надлежности исклучувајќи ја можноста вработените да имаат елементи кои ги прават недостојни за вршење на специфичните надлежности на Министерството. Од овој аспект и оспорената законска одредба прецизно утврдува дека за престанок на работниот однос на работникот во Министерството за внатрешни работи се поаѓа од постоење на правосилна пресуда на судот со која тоа лице е осудено за кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за работа Министерството а не се препушта на претпоставки за сторено кривично дело.

Оспорената одредба од ставот 2 на членот 48 од Законот за внатрешни работи регулира одредена состојба како причина за престанок на работниот однос во Министерството што е право на законодавецот со закон да пропише определени критериуми инкорпорирани во професијата на вработените во овој орган на извршната власт, заради обезбедување на неговото функционирање и елиминирање на степенот на загрозување на специфичното професионално делување на овој орган, насочено кон заштита на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Оттука, за оспорената одредба Судот оцени дека не може да се постави прашањето за несогласност со Уставот, од аспект на причините изнесени во иницијативата.

7. Во однос на членот 70-в од Законот за внатрешни работи кој со иницијативата се оспорува затоа што спротивно на Уставот уредувал забрана и ограничувања на правото на штрајк на вработените во Министерството за внатрешни работи, Судот исто така оцени дека не може основано да се постави прашањето за несогласност со Уставот. Имено, согласно членот 38 став 1 од Уставот се гарантира правото на штрајк, а според ставот 2, со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Со оглед на тоа, Уставот начелно го гарантира правото на штрајк, но едновремено го овластува законодавецот ова право да може да го ограничува во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Според членот 124 став 1 од Уставот, воена состојба настапува кога претстои непосредна воена опасност од напад врз Републиката или кога Републиката е нападната или и е објавена

војна. Додека според членот 125 став 1 од Уставот, вонредна состојба настапува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот утврди дека во случајов со членот 70-в од Законот со кој се забранува правото на штрајк во Министерството за внатрешни работи во период додека трае воена или вонредна состојба, а исто така штрајкот се ограничува под определени услови доколку настане сложена безбедносна состојба, нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, природни непогоди и епидемии или загрозување на животот и здравјето на луѓето и имотот во поголем обем, односно во такви услови во штрајкот истовремено не можат да учествуваат повеќе од 10% од вработените во Министерството и не може да трае подолго од три дена, законодавецот се движел во рамките на уставните овластувања.

Ова поради тоа што траењето на определени состојби и појави од битно значење за безбедноста на државата се регулирани како околности за ограничување на условите за остварување на правото на штрајк додека тие постојат, меѓутоа во отсуство односно престанок на наведените состојби и појави, со законот воопшто не се попречува уставно-загарантираното право на штрајк на вработените во Министерството, поради што не би можело да се постави прашањето за уставноста на оспорената законска одредба.

8. Во однос на оспорениот дел од точката 4 на членот 48 став 1 од Законот за внатрешни работи, Судот утврди дека точката 4 во целост била предмет на уставносудска оценка и со Одлука на Судот У.бр.98/2003 од 17 декември 2003 година е укината, па поради тоа согласно членот 28 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, иницијативата во овој дел се отфрла.

9. Поради погоре изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

10. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

Судот со мнозинство гласови одлучи за точката 1 од ова решение во однос на оспорениот дел од членот 48 став 2 од Законот означени во оваа точка. (У.бр.94/2003)

# 4.

**- Закон за внатрешни работи (дејствие како облик на кршење на работната дисциплина)**

*- Law on the Internal Affairs (action as a form of breach of working discipline)*

**- Специфичниот делокруг на работа на Министерството за внатрешни работи утврден со закон ја наметнува потребата при определувањето на случаите кои се сметаат за кршење на работната дисциплина од страна на работниците во ова министерство да се нормираат и причини кои се непознати кај други работодавци, вклучувајќи ги дејствијата што претставуваат кривично дело кое е пречка за засновање работен однос во Министерството за внатрешни работи или дејствија кои претставуваат потежок прекршок против јавниот ред и мир.**

*- The specific sphere of work of the Ministry of the Interior defined by law imposes the need when determining the cases considered to be a breach of working discipline by the employees in this Ministry to institutionalise reasons which are unknown to other employers, including the actions that are a criminal offence which is an obstacle to become employed in the Ministry of the Interior or actions that are a serious violation of public law and order.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 март 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/1995, 55/1997, 38/2002 и 33/2003).

2. Здружението на граѓани за заштита на човековото достоинство и професијата во јавната управа и јавните служби на Република Македонија, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 65 став 1 точка 11 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека членот 65 став 1 алинеја 11 бил во спротивност со член 13 став 1 од Уставот. Имено, наспроти јасно зацртаната презумпција на невиност, во оспорениот член било предвидено дека лицето, односно вработениот во Министерството за внатрешни работи може да добие отказ од работа поради извршување на дејствие што претставува кривично дело, кое согласно законот е пречка за засновање работен однос или извршување на дејствие што претставува потежок прекршок против јавниот ред и мир.

Понатаму се наведува дека со оспорениот член од законот, била дадена можност овластен орган на Министерството за внатрешни работи да се постави во улога на кривичен или прекршочен суд и да утврдува дека стореното дејствие претставува кривично дело и дека согласно утврдената одговорност работникот, односно полицаецот добива отказ од работа. Со ова се елиминирала потребата од постоење на судови и потребата од водење на кривични или прекршочни постапки, а уште повеќе донесувањето на правосилна пресуда, бидејќи кривичната одговорност била веќе утврдена од надлежен орган во Министерството за внатрешни работи, кој ценел без судска постапка дали некое дејствие е кривично дело.

Конечно, подносителот на иницијативата бара Судот да донесе решение со кое ќе ги запре постапката и делењето на решенија за престанок на работен однос со отказ по основ на член 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи, како кршење на работната дисциплина се смета извршување на дејствие што претставува кривично дело кое согласно Законот за внатрешни работи е пречка за засновање на работен однос во Министерството или извршување на дејствие кое претставува потежок прекршок против јавниот ред и мир.

4. Според член 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Согласно член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Членот 115 став 1 од Законот за работните односи утврдува дека работниот однос на работникот му престанува со отказ од страна на работодавецот поради кршење на работната дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор и договор за работа, при што наведува и причини кои особено ќе резултираат со престанок на работниот однос со отказ.

Меѓутоа, во Законот за работните односи не се утврдени сите видови односно случаи на кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски. Поради тоа, во членот 115 став 2 од овој Закон е допуштено со закон и со колективен договор да може да се утврдат и други случаи на кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски.

Специфичниот законски утврден делокруг на работа на Министерството за внатрешни работа ја наметнува потребата при определувањето на случаите кои се сметаат за кршење на работната дисциплина од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи да се нормираат и причини кои се непознати кај другите работодавци.

Имено, со цел да се елиминира состојба, на лице кое извршило дејствие што претставува кривично дело или потежок прекршок против јавниот ред и мир да му се довери овластување да ги гони сторителите на кривични дела, во член 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи е предвидено дека извршувањето на дејствие што претставува кривично дело кое согласно Законот за

внатрешни работи е пречка за засновање на работен однос во Министерството или извршување на дејствие што претставува потежок прекршок против јавниот ред и мир се смета како кршење на работната дисциплина.

Од наведеното произлегува дека секој вработен во Министерството за внатрешни работи кој ќе изврши дејствие што претставува кривично дело, кое согласно Законот за внатрешни работи е пречка за засновање на работен однос во Министерството или извршување на дејствие кое претставува потежок прекршок против јавниот ред и мир, всушност ја прекршил работната дисциплина.

Притоа, согласно член 65 став 2 и 3 од Законот, кои не се оспорени одредби, работникот може да биде привремено оддалечен од работа од Министерството или работниот однос да му престане со отказ.

Работникот, пак, има право на приговор, а доколку не е задоволен со одлуката донесена по приговорот, има право да поведе спор пред надлежниот суд.

Во конкретниот случај е битно дека оспорената одредба од членот 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи претставува кршење на работната дисциплина за што одлучуваат надлежните органи во Министерството и нема никаква врска со водењето на кривична постапка пред суд.

Имено, во дисциплинска постапка, работникот не е обвинет за казниво дело туку тој одговара за кршење на работната дисциплина и само поради тој факт работникот може да биде отстранет од работа.

Доколку, пак, работникот биде обвинет за казниво дело, неговата вина ќе биде утврдена во судска постапка со правосилна судска одлука.

Врз основа на изнесеното Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на членот 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи со членот 13 став 1 од Уставот, од аспект на причините за оспорување наведени во иницијативата.

Со оглед на изнесеното, Судот оцени дека не се исполнети условите, до конечното одлучување да донесе решение за запирање на поединечните акти донесени врз основа на оспорениот член 65 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.169/2003)

# 5.

**- Упатство за начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на воените и цивилните лица во Армијата на Република Македонија**

*- Instruction as to the manner of conducting the procedure aimed at establishing a disciplinary responsibility of military officers and civilians in the Army of the Republic of Macedonia*

**- Со Законот за служба во Армијата на Република Македонија, министерот за одбрана е овластен да донесува поблиски прописи за дисциплинската одговорност на воените и цивилните лица во служба во Армијата.**
**За подзаконските прописи нема уставно ограничување да можат да влезат во сила пред истекот на определено време после објавувањето. Подзаконските прописи може да влезат во сила со денот на нивното објавување во службеното гласило на Републиката.**

*- Under the Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia, the Minister of Defence is authorised to adopt specific regulations on disciplinary responsibility of military officers and civilians serving in the Army.*
*There is no constitutional restriction for the bylaws to enter into force prior to the expiration of a specified time period after their publication. The bylaws may become effective on the date of their publication in the official gazette of the Republic.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 12 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на делот "и член 251 точка 18" од Уводот, на делот "и цивилните" од називот и точката 1, на делот "пред стројот на војниците во единицата – установата" од точката 10, на точката 13 и на точката 18 од Упатството за начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на воените и цивилните лица во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од Упатството означени во точката 1 од ова решение.

Со поднесената иницијатива уставноста и законитоста на уводот на Упатството се оспорува затоа што во него како основ за донесување на ова упатство бил наведен и членот 251 точка 18 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, а од точката 19, а не 18, на овој член не произлегувало овластување на Министерот за одбрана да донесува поблиски прописи за дисциплинската одговорност на цивилните лица на служба во

Армијата на Република Македонија. Имено, подносителот на иницијативата смета дека членот 137 од Законот, врз чија основа, исто така, е донесено Упатството, содржи овластување на министерот за одбрана да донесува поблиски прописи за дисциплинската одговорност само на воените, а не и на цивилните лица во служба на Армијата на Република Македонија.

Поради овие причини подносителот смета дека со оспорениот дел од уводот на Упатството, како и со оспорените делови од називот и точката 1 од Упатството, се повредувале членовите 8 став 1 алинеите 3 и 4, 51 и 96 од Уставот на Република Македонија, членот 137 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија и членот 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во однос на оспорениот дел од точката 10 од Упатството се наведува дека е во спротивност со членот 135 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, затоа што во овој член од Законот било предвидено дека дисциплинските мерки се соопштувале јавно, но не и пред стројот на војниците во единицата – установата.

Поради тоа, оспорениот дел на точката 10 од Упатството бил во спротивност и со напред означените уставни и законски одредби.

Точката 13 од Упатството била во спротивност со членот 134 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, затоа што според овој член од Законот на сторителот на повредата на воената дисциплина морало да му се овозможи да се произнесе по сите наводи што постојат против него, а оспорената точка не го овозможувала тоа.

Според тоа, со оспорената точка 13 од Упатството, освен што се повредувал наведениот член од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, се повредувале и членовите 8 став 1 алинеите 3 и 4, 51 и 96 од Уставот, како и членот 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Точката 18 од Упатството не била во согласност со членот 52 став 3 од Уставот, затоа што според оваа точка Упатството влегувало во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на

Република Македонија", а не најрано осмиот ден од денот на објавувањето, како што смета подносителот.

3. Судот на седницата утврди дека Упатството чии делови и одредби се оспоруваат со иницијативата, министерот за одбрана го донел врз основа на член 137 и член 251 точка 18 (оспорен дел) од Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Од називот и точката 1 на Упатсвото произлегува дека со ова упатство се пропишува начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинската одговорност на воените и цивилните лица (оспорен дел) на служба во Армијата на Република Македонија.

Во точка 10 од Упатството е утврдено дека "Дисциплинските мерки од ставот 2 од член 135 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија се соопштуваат јавно пред стројот на војниците во единицата – установата, од страна на овластено лице што ја изрекло дисциплинската мерка и ги запишува во книгата за дневен извештај на единицата".

Во оспорената точка 13 од Упатството е утврдено дека "Евентуалната спреченост за присуство на расправата, лицето против кого е покрената постапката благовремено ја оправдува, а во спротивно доколку доставата е уредна, комисијата ќе одлучува во негово отсуство".

Според оспорената точка 18 од Упатството, ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Во член 8 став 1 алинеите 3 и 4 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Во член 51 од Уставот е утврдено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Според членот 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз

основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Во член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), се утврдени видовите на акти, односно прописи што може да ги донесе министерот во случај кога за тоа е овластен со закон, меѓу кои, како посебен вид се и упатствата. Според членот 56 став 3 од истиот закон, со упатството се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби на законите и други прописи.

Во членот 61 став 1 од означениот закон, генерално е утврдено дека со актите кои ги донесува министерот не може за граѓаните и правните лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи.

Во членот 137 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003, 71/2003) е утврдено дека поблиски прописи за дисциплинската одговорност на воените лица донесува министерот за одбрана. Во членот 251 точка 18 од овој закон (точката 19, на која се повикува подносителот, со измените и дополнувањата на Законот објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр.25/2003 станува точка 18) е утврдено дека на цивилно лице на служба во Армијата соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на воените лица, а се однесуваат на дисциплинска одговорност, отстранување од должност или служба и заштитни мерки (членовите 121, 122, 126, 129 и 131 до 143).

Имајќи ги предвид наведените уставни и законски одредби, како и фактот дека министерот за одбрана го донел Упатството врз основа на членовите 137 и 251 точка 18 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, Судот утврди дека наводите во иницијативата поради кои се оспорува уводниот дел на Упатството, делот од неговиот наслов, како и делот од точката 1, кои се однесуваат на цивилните лица се неосновани.

Имено, при изнесување на причините за оспорување на овие делови од Упатството подносителот на иницијативата, според мислењето на Судот тргнува од неправилно и погрешно толкување на членот 251 точка 18 од Законот. Наместо значењето на оваа одредба да го толкува конзистентно и поврзано со другите одредби од Законот

на кои се упатува во самата одредба, а меѓу кои е и членот 137, подносителот оваа одредба ја толкува сама за себе и изолирано од овие одредби од Законот.

Затоа, доколку членот 251 точката 18 од Законот се толкува во корелација со членот 137 од Законот јасно произлегува дека овластувањето на министерот за одбрана утврдено во овој член од Законот еднакво се однесува за донесување поблиски прописи за дисциплинската одговорност и за воените и за цивилните лица на служба во Армијата на Република Македонија. Од тие причини Судот не го постави прашањето за согласноста на оспорениот дел од уводот на Упатството во делот "и член 251 точка 18" од Законот, како и на оспорените делови од насловот и точката 1 од Упатството "и цивилните лица" со наведените уставни и законски одредби во иницијативата.

Во членот 135 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е утврдено дека дисциплински мерки се изрекуваат со решение. Според ставот 2 на овој член, по исклучок од ставот 1, дисциплинските мерки на војниците на отслужување воен рок, питомците на Воената академија и лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери (освен дисциплинските мерки одземање чин, војничка изолација и отстранување од Воената академија, односно стручното оспособување и усовршување за офицери и подофицери) не се изрекуваат со решение, туку се соопштуваат јавно и се запишуваат во книгата за дневен извештај на единицата.

Во член 136 од Законот, меѓу другото, е утврдено дека против решението со кое е изречена дисциплинска мерка, односно соопштувањето на одлуката запишана во книгата за дневен извештај на единицата, военото лице има право на приговор во рок од осум дена од денот на врачувањето, односно соопштувањето на одлуката со која е изречена дисциплинската мерка.

Од наведените законски одредби произлегува дека дисциплинските мерки, по правило, се изрекуваат со решение, а само по исклучок за определени воени лица, освен наведените во членот 135 став 2, овие мерки не се изрекуваат со решение, туку се соопштуваат јавно и се запишуваат во книгата за дневен извештај на единицата. Независно од начинот на кој се изрекуваат дисциплинските мерки, военото лице во секој случај има право на приговор.

Имајќи го предвид наведеното, како и тоа дека оспорениот дел од точката 10 од Упатството "пред стројот на војниците во единициата – установата", е во функција на поблиску определување на формата, односно начинот на кој што се обезбедува јавното соопштување на дисциплинските мерки од член 135 став 2 од Законот, Судот оцени дека ова решение е во рамките на овластувањето на министерот за одбрана утврдено во членот 137 од Законот, како и членовите 55 став 1 и 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната работа, поради што и не го постави прашањето за неговата согласност со овие законски одредби, ниту, пак, со одредбите од Уставот наведени во иницијативата.

Во членот 134 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е утврдено дека во текот на дисциплинската постапка на сторителот на повредата на воената дисциплина мора да му се овозможи да се произнесе по сите наводи што постојат против него.

Со оглед на тоа дека точката 13 од Упатството во прв ред се оспорува од аспект на член 134 од овој Закон, а поврзано со него и со одделни членови на Уставот и членот 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Судот смета дека подносителот на иницијативата и овој член од Законот погрешно го интерпретира. Имено, подносителот тргнува од тоа дека според членот 134 од Законот, на сторителот на повредата на воената дисциплина во секој случај, независно дали е оправдано или неоправдано спречен, мора да му се овозможи да се произнесе по наводите поради кои е поведена дисциплинската постапка. Таквото толкување, според мислењето на Судот е нелогично и неправилно, бидејќи во таков случај би се довело во прашање водењето на дисциплинската постапка во рокот за застареност утврден од членот 138-а од Законот, а со тоа и постигнувањето на целта поради која е утврдена дисциплинската одговорност.

Смислата на одредбата од членот 134 од Законот, според Судот, е на сторителот на повредата на воената дисциплина да му се овозможи да се произнесе по наводите што постојат против него се додека постојат оправдани причини за негова спреченост да присуствува на расправата доколку поканата за расправа му е уредно доставена, а во спротивно да се одлучува во негово отсуство. Бидејќи оспорената точка 13 од Упатството предвидува претходно да бидат

исполнети овие два услови (доставата да е уредна, а спреченоста благовремено да не се оправда), па потоа Комисијата да може да одлучува во негово отсуство, Судот смета дека таа не е во несогласност со членот 134 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, а поради тоа ниту со одредбите од Уставот во однос на кои се оспорува нејзината уставност. Точката 13 од Упатството не е во несогласност ниту со член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите за државната управа, затоа што во неа не се утврдуваат права и обврски на граѓаните, ниту надлежност на органи, како што смета подносителот на иницијативата. Напротив, во оваа точка од Упатството (како и во точката 12) се утврдува само начинот на кој што Комисијата која ја спроведува постапката за утврдување на дисциплиската одговорност (а тоа е онаа што согласно член 132 од Законот ја формира министерот за одбрана) треба да постапува во извршувањето конкретно на членот 134 од Законот.

На крајот, со оглед на тоа што точката 18 од Упатството се оспорува во однос на членот 52 став 3 од Уставот, Судот при оценување на нејзината уставност ја имаше предвид содржината на овој став од членот 52 од Уставот.

Имено, според член 52 став 3 од Уставот, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето (во "Службен весник на Република Македонија"), а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Согласно оваа уставна одредба подносителот смета дека Упатството можело да влезе во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а не со денот на објавувањето, како што било утврдено во оспорената точка 18.

Меѓутоа, според Судот и овие наводи во иницијативата се неосновани затоа што роковите за влегување во сила утврдени во членот 52 став 3 од Уставот се однесуваат само на законите, а не и на другите прописи.

Оттука, а со оглед на тоа што во оспорената точка 18 од Упатството се определува тоа да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а во членот 52 од Уставот не е утврдено ограничување другите прописи да можат да влезат во сила пред истекот на определено време од објавувањето како за законите, Судот утврди дека не може да се

постави прашањето за согласноста на точка 18 од Упатството со членот 52 од Уставот во целина, ниту со ставот 3 на овој член, во однос на кој посебно се оспорува нејзината уставност.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.82/2004)

# 6.

**- Правилник за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи**

*- Book of Rules on the performance of tasks of the Ministry of the Interior*

**- Во ситуација кога постои законски основ за донесување на оспорениот правилник, Министе-рот за внатрешни работи може со истиот да разработи оперативни дејствија и мерки чија цел е реализација на законските должности и овластувања. Задржувањето на лице во полициската постапка претставува лишување од слобода, но таквото лишување е прифатливо доколку е во функција на приведување, односно доведување пред суд, како метод на работа на овластените службени лица во содејство со надлежен суд или друг орган. Задржувањето не смее да се појави како цел за себе, односно како самостојна казнена мерка.**

**Образецот не е нормативен акт и не уредува права и обврски за неопределен круг на субјекти во правото, туку претставува форма на**

**поединечен акт во кој се нотираат преземените дејствија и мерки во реализација на посебните должности и овластувања на овластените службени лица.**

*- In a situation when there is a legal ground to adopt the book of rules disputed, the Minister of the Interior may, in the same, work out operational activities and measures aimed at realising the legal duties and authorisations. The detainment of a person in the police procedure is deprivation of liberty, but such deprivation is acceptable if it is in the function of taking in, that is, bringing before the court, as a method of work of authorised officials in cooperation with a competent court or another body. The detainment may not be an aim in itself, that is, an autonomous penal measure.*
*The form is not a normative act and does not regulate rights and obligations for an undefined circle of subjects in the law, but is an individual act to make an entry of the actions and measures undertaken in the realisation of the special duties and authorisations of the authorised officials.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 12 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на: членот 3 алинеја 9; поднасловот: "3. Повикување" и членот 12; поднасловот: "7. Приведување" со членовите 18 до 28; членот 37; поднасловот: "9.Спроведување на лица" со членовите 38 до 43 и поднасловот: "10. Лишување од слобода" со членовите: 44 до 48 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/ 1998 и 15/2003).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата во делот за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Образецот број 10 – Решение за задржување на лице, од актот означен во точката 1 од ова решение.

3. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите и Образецот означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите на подноси телот на иницијативата, во оспорениот член 3 алинеја 9 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи, било предвидено овластените службени лица во Министерството да извршуваат други дејствија и мерки во примената на посебните должности и овластувања пропишани со овој правилник. Меѓутоа, овластените службени лица можеле да извршуваат должности и овластувања што се утврдени со закон, а не со правилник, како што предвидувала оспорената одредба, што произлегува од содржината на членот 1 алинеја 9 од Законот за внатрешни работи и член 16 алинеја 11 од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Бидејќи со правилник не било дозволено пропишување на материја што нема основ и рамка во Уставот и законите, оспорената одредба не била во согласност и со членот 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Ваквото уредување во оспорената одредба воедно претставувало и отсуство на основ и рамка во Уставот и законите, со што се повредувал и членот 96 од Уставот.

Понатаму, подносителот на иницијативата ги оспорува поднасловите: Повикување, Приведување, Спроведување на лица и Лишување од слобода, заедно со членовите: 12, 18 до 28, 38 до 43 и 44 до 48 во однос на нивната согласност со членот 12 став 1 и 2 од Уставот. Ова од причини што, според подносителот на иницијативата, постапките за повикување, приведување, спроведување на лица и лишување од слобода можеле да бидат утврдени само со закон, а не со правилник, како што воедно било предвидено и во членот 5 став 1 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи.

По однос на овие поднаслови и одредби од Правилникот, подносителот на иницијативата бара поведување на постапка за оценување на уставноста, но не и на законитоста на истите.

Што се однесува до посебно оспорениот член 37 од Правилникот, подносителот на иницијативата наведува дека оваа одредба имала основа во членот 29 од Законот за внатрешни работи што бил укинат со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.229/1997 од 3 јуни 1998 година. По отстранувањето од правниот поредок на членот 29 од Законот за внатрешни работи, отпаднал и основот за егзистирање на членовите: 21 став 1 точка 3, 29 и 31 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи, како што утврдил Уставниот суд во Одлуката У.бр. 137/1998 од 10 февруари 1999 година.

Во оспорениот член 37 од Правилникот било предвидено на лицето задржано повеќе од 6 часа да му се обезбеди исхрана, што не било во согласност со членот 27 став 3 од Законот за внатрешни работи, во кој било предвидено задржувањето заради проверка на идентитетот да не биде подолго од три часа.

По однос на посебно оспорениот Образец, подносителот на иницијативата наведува дека истиот имал основа во укинатиот член 29 од Законот за внатрешни работи и укинатиот член 29 од Правилникот, што значи дека повеќе немало основ за постоење на Образецот, како составен дел на Правилникот.

Инаку, карактеристично е што за дел од одредбите од Уставот или законите за кои подносителот на иницијативата смета дека се повредени со оспорените одредби од Правилникот, се дава само нумеричко означување, без притоа конкретно да се наведат причините за оспорување.

4. Судот на седницата утврди дека според содржината на воведната реченица на член 3 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи, во извршувањето на работите од надлежност на Министерството, овластените службени лица преземаат пропишани дејствија и мерки во случаите предвидени со закон и други прописи, поконкретно наведени во девет алинеи. Во оспорената алинеја 9 од Правилникот е предвидено дека овластените службени лица извршуваат други дејствија и мерки во примената на посебните должности и овластувања пропишани со овој правилник.

Во посебно оспорениот поднаслов: "3. Повикување" е содржан членот 12 од Правилникот. Според содржината на одредбата, повикување на граѓани се врши заради барање посебни известувања во врска со сторено кривично дело или заради собирање известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.

Посебно оспорениот поднаслов "7. Приведување" од Правилникот ги содржи членовите 18 до 28. Во оваа група на одредби се определува кои се оперативните дејствија и мерки што ги преземаат овластените службени лица за приведување, односно доведување на лице, под кои услови може да се реализира приведување на лице со или без писмена наредба на суд или друг државен орган, кои лица и од кои причини не можат да бидат приведени, начинот на кој се постапува при приведувањето, кој го врши и како се одредува бројот на овластените службени лица, како и обврската на надлежниот орган да се поднесе извештај за реализираното приведување, односно доведување.

Според содржината на оспорениот член 37 од Правилникот на лице задржано повеќе од 6 часа му се обезбедува исхрана.

Посебно оспорениот поднаслов "9. Спроведување на лица" ги содржи членовите 38 до 43. Во овие одредби се разработени оперативните дејствија и мерки што ги преземаат овластените службени лица кога вршат спроведување, што претставува основ за спроведување, кои лица не можат да бидат спроведени, начинот на кој се врши спроведувањето, кој го врши и како се одредува бројот на овластените службени лица, како и обврската на надлежниот орган да се поднесе извештај по предавањето на спроведеното лице.

Поднасловот "10. Лишување од слобода" ги содржи членовите 44 до 48. Во оваа група на одредби се определува кои се оперативните дејствија и мерки што ги преземаат овластените службени лица кога одредено лице го лишуваат од слобода, кои се случаите кога лицето може да биде лишено од слобода, кому се предава тоа лице, случаите кога лицето може да биде задржано во Министерството, како постапува службеното лице при преземањето на дејствието на лишување од слобода (легитимирање и личен преглед на лицето, јазикот на кој му се обраќа на лицето кое треба да биде лишено од слобода, запознавање со причините за лишување, поука за неговите права), до кој надлежен орган се спроведува лицето

лишено од слобода, кои лица не можат да бидат лишени од слобода, како и обврската за составување на извештај за секое лишување од слобода и елементите што ги содржи извештајот.

Образецот број 10 со кој е определена формата на Решение за задржување на лице, во уводниот дел, како правен основ ги содржи: член 29 од Законот за внатрешни работи и член 29 став 2 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи. Согласно член 294 од Правилникот овој образец претставува составен дел на правилникот.

Со член 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за вршење на работите во министерството за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/2003), во членот 48 по ставот 1 се додава нов став 2. Во овој став е предвидено дека за секое повикано, приведено, задржано лице и лице лишено од слобода, овластеното службено лице составува записник со поука за остварување на правото на бранител и другите права на повикано, приведено, задржано лице и лице лишено од слобода.

5. Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Кои се работите од надлежност на Министерството за внатрешни работи е определено во членот 1 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/1995, 55/ 1997, 38/2202 и 33/2003), со тоа што покрај децидно наведените работи што се однесуваат на одделни области на делување на овој орган, во алинејата 19 на истата одредба е определено дека Министерството врши и други работи утврдени со закон.

Во членот 16 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), исто така, е определена надлежноста на Министерството за внатрешни работи, која се поклопува со надлежноста определена во претходно споменатиот Закон.

Согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа министерот донесува

правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон. Согласно член 56 став 1 од истиот Закон со правилник се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување.

Овластувањето за донесување на оспорениот Правилник произлегува од член 74 став 1 точка 1 од Законот за внатрешни работи, со кој се овластува министерот да донесе подзаконски пропис за вршењето на работите на Министерството за внатрешни работи.

Според подносителот на иницијативата, со оспорениот член 3 алинеја 9 од Правилникот се правело пропишување за кое немало основ и рамка во Уставот и законите, бидејќи внатрешни работи во смисла на наведените законски одредби можеле да бидат само оние што се однесувале на други работи утврдени со закон, но не и со правилник.

Иако подносителот на иницијативата не е сосема јасен во причините за ставање под сомнение на оваа оспорена одредба со уставните и законски одредби, Судот оцени дека неговото сомнение го предизвикува употребата на поимот " пропишани" во членот 3 став 1 алинеја 9 од Правилникот, кој се врзува за посебните должности и овластувања, а не за дејствијата и мерките кои овластените службени лица ги преземаат во вршењето на должностите и овластувањата утвдени со закон.

Според Судот, употребата на овој поим само по себе не значи и создавање на нова, изворна регулатива што нема основа и рамка во Уставот и законите, ако со Правилникот се прави разработка на дејствијата и мерките што ги преземаат овластените службени лица во извршувањето на работите од надлежност на Министерството утврдени со закон.

Имено, во членот 1 од Правилникот е определен предметот на уредување на овој акт. Од содржината на оваа одредба произлегува дека со Правилникот се пропишува начинот на постапување на овластените службени лица во примената на со закон утврдените посебни должности и овластувања, како и на другите работници во Министерството за внатрешни работи и во вршењето на внатрешните работи.

Во оспорениот член 3 алинеја 9 од Правилникот е утврдено дека овластените службени лица извршуваат други дејствија и мерки во примената на посебните должности и овластувања пропишани со овој правилник, покрај дејстијата и мерките децидно набројани во предходните 8 алинеи од истата одредба. Во тој контекст, оспорената алинеја 9 на членот 3 од Правилникот воопшто не се разликува од другите осум алинеи содржани во овој член што се однесуваат на оперативни дејствија и мерки што се преземаат од исти органи, а тие не се оспоруваат со иницијативата.

Оттука, според Судот, оспорената одредба не може да биде ставена под сомнение по однос на согласноста со членот 96 од Уставот, како и по однос на согласноста со одредбите од Законот за внатрешни работи и Законот за организација и работа на органите на државната управа, затоа што таа не пропишува должности и овластувања што не се утвдени во закон. Одредбата само пропишува дека со другите одредби од Правилникот може да се разработуваат оперативни дејстија и мерки во реализација на таквите должности и овластувања. Воедно, овластувањето на министерот за внатрешни работи за донесување на Правилникот произлегува од член 74 став 1 точка 1 од Законот за внатрешни работи и таквото законско овластување не е предмет на оспорување со иницијативата.

6. Според наводите на подносителот на иницијативата поднасловот: "3. Повикување" и членот 12; поднасловот: " 7.Приведување" со членовите 18 до 28; поднасловот: "9.Спроведување на лица" со членовите 38 до 43 и поднасловот: "10. Лишување од слобода" со членовите 44 до 48 од Правилникот не биле во согласност со членот 12 став 1 и 2 од Уставот и членот 5 став 1 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи, од причина што случаите на повикување, приведување, спроведување или лишување од слобода можеле да бидат утврдени само со закон, но не и со правилник. Притоа, во иницијативата не се оспоруваат одделно членовите што се поместени во овие поднаслови од аспект на нивната содржина.

Согласно член 12 став 1 и 2 од Уставот, слободата на човекот е неприкосновена и никому не може да му биде ограничена, освен со одлука на суд и во случаи и постапка утврдена со закон.

Согласно член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз

основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Согласно член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Во член 5 став 1 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/1997) е определено дека секој човек има право на слобода и на безбедност и никој не смее да биде лишен од слобода, освен врз основа на закон и во случаите наведени во оваа одредба.

Тргнувајќи од наводите во иницијативата, со кои се оспорува дека овие прашања воопшто може да се уредуваат со подзаконски пропис, а имајќи ја воедно предвид и содржината на членот 1 од Правилникот, според Судот, оваа група на оспорени поднаслови во целина со одредбите што се содржани во нив се однесуваат на оперативни дејствија и мерки што овластените службени лица ги преземаат во вршењето на должностите и овластувањата утвдени со закон. Дека тоа е така произлегува и од насловот на втората глава на Правилникот - "Примена на посебни должности и овластувања од овластените службени лица" во која се содржани оспорените поднаслови со одредбите што ги сочинуваат. Уредувањето на ваков вид прашања и теориски и според досегашната уставносудска практика може да биде предмет на подзаконски пропис како што е Правилникот. Друго е прашањето дали при тоа уредување правилникот завлегува во законска материја и дали ги повредува Уставот и законите. Оттука, се додека одредбите од Правилникот се задржуваат на разработка на оперативните дејствија и мерки во реализација на посебните должности и овластувања не може да се поставува прашањето за ставање под сомнение на оспорените поднаслови и одредби со членот 12 став 1 и 2 и членот 96 од Уставот. Подносителот на иницијативата не оспорува ниту една одредба од овие поднаслови од овој аспект, односно дека начинот на уредување на прашањата противречи на Уставот и законите, туку само дека ништо од тоа не смее да се уредува со подзаконски пропис.

Во овој контекст, по однос на оваа група на оспорени поднаслови и одредби, беспредметно е да се постави прашањето за употребата на членот 5 став 1 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи.

7. Согласно член 27 став 3 од Законот за внатрешни работи, ако лицето одбива или не е во можност да го докаже идентитетот, може да биде задржано во време потребно за проверка на идентитетот, но не подолго од три часа.

Во оспорениот член 37 од Правилникот е утврдено дека на лицето задржано повеќе од 6 часа му се обезбедува исхрана.

Според подносителот на иницијативата оваа одредба од Правилникот произлегувала од членот 29 од Законот за внатрешни работи што е укинат со Одлуката на Уставниот суд У.бр.229/1997 од 3 јуни 1998 година, а задржувањето не би можело да биде подолго од три часа како што налага членот 27 став 3 од Законот за внатрешни работи.

Судот, тргнувајќи од содржината на оспорената одредба, оцени дека истата не би можела да биде доведена под сомнение по однос на нејзината согласност со членот 27 став 3 од Законот за внатрешни работи. Ова од причина што предмет на уредување на одредбата не е правото на задржување на одредено лице и времетраењето на таквото задржување, туку хуманиот пристап со лицата во случај да бидат задржани подолго од 6 часа и обврската на Министерството за внатрешни работи во таков случај за задржаното лице да обезбеди исхрана. Исто така, оваа одредба не претставува основ лицето од членот 27 став 3 од Законот за внатрешни работи да се задржи подолго отколку што е предвидено во таа законска норма.

Цитираната законска одредба се однесува на можноста за задржување на лице заради проверка на идентитетот и не ги покрива сите законски утврдени случаи кога лицето може да биде задржано и во кои случаи времетраењето на задржувањето зависи од фактички околности.

По однос на оспорениот член 37 од Правилникот Судот не согледа елементи што оваа одредба би ја направиле самостоен основ за задржување на лице и за ограничување на слободата на граѓаните од страна на органот за внатрешни работи, како што беше случај со членот 29 од Законот за внатрешни работи и членот 29 од Правилникот, кои одредби Уставниот суд ги укина во постапката по предметите У.бр.229/1997 и У.бр.137/1998. До укинување на одредбите дојде од причина што начинот на постапување на службените лица утврден во укинатите одредби, излегувал од рамките на член 12 од Уставот од кој

произлегува дека лицето лишено од слобода мора веднаш да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода.

Според Судот, не е спорно дека задржувањето на лице во полициската постапка претставува лишување од слобода, но и дека тоа може да биде во функција на доведување пред суд, односно приведување, како метод на работа на овластените службени лица во содејство со надлежен суд или друг орган. Важно е дека задржувањето не смее да се појави како цел за себе како самостојна казнена мерка.

Оттука, по однос на оваа оспорена одредба не може да се постави прашањето за нејзината согласност со членот 27 став 3 од Законот за внатрешни работи, ниту со членот 12 од Уставот.

8. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

По однос на оспорениот образец, подносителот на иницијативата наведува дека не бил во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 12 став 2 и член 51 од Уставот, од причини што по укинувањето на членот 29 од Законот за внатрешни работи со Одлуката на Уставниот суд У.бр.229/1997 од 3 јуни 1998 година и членот 29 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи со Одлуката на Уставниот суд У.бр.137/1998 од 10 февруари 1999 година споменатиот образец повеќе немал основ за постоење.

Тргнувајќи од содржината на оспорениот образец, Судот оцени дека истиот по својот карактер не преставува пропис што би можел да подлежи на уставносудска оценка согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот. Имено, истиот не е нормативен акт и не уредува права и обврски за неопределен круг на субјекти во правото, туку претставува форма за поединечен акт во кој се нотираат преземените дејствија и мерки во реализација на посебните должности и овластувања на овластените службени лица.

9. По однос на наводите од иницијативата со кои се врши само набројување на уставни и законски одредби за кои се тврди дека се повредени, без да се дадат причините за нивна повреда со оспорените одредбите од Правилникот, не се исполнети деловничките претпоставки за впуштање на Судот во анализа на согласноста на оспорените одредби со уставните и законските одредби што само се набројани.

10. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

11. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.15/2003)

# 7.

**- Закон за служба во Армијата на Република Македонија**

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia*

**- Професионалниот војник, воениот старешина и цивилното лице на служба во Армијата имаат статус на лица со заснован работен однос, за разлика од војниците на служење воен рок, питомците на Воената Академија, лицата на стручно оспособување и усовршување и воените обврзници во резервниот состав. Оттука, двете групи на воени лица не се наоѓаат во еднаква правна положба поради што оправдано е во нивниот статус, права, должности и одговорности да постојат суштински разлики.**

*- The professional soldier, military officer and civilian serving in the Army have the status of employed persons, unlike the soldiers who are serving their military service, cadets of the Military Academy, persons having professional training and further training, and persons subject to military conscription in the reserve composition. Hence, the two groups of military officers are not in an equal legal position as a result of which there is justification for the existence of essential differences in their status, rights, duties and responsibilities.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членот 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членовите: 228 и 229 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003 и 71/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од ова решение.

Имено, преку изнесување на содржината на оспорените одредби, подносителот на иницијативата заклучува дека одредбите се однесувале само на професионалните војници, воените старешини и цивилните лица на служба во Армијата, но не се однесувале на војниците на служење на воениот рок, питомците на Воената академија и на воените обврзници во резервниот состав на Армијата, иако согласно член 3 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија и член 29 став 2 и 3 од Законот за одбрана, сите наведени лица се воени лица.

Оттаму, подносителот на иницијативата смета дека за разлика од професионалните војници, воените старешини и цивилните лица на служба во Армијата, војниците на служење на воениот рок, питомците на Воената академија и воените обврзници во резервниот состав на Армијата, немале право да поднесуваат приговор, жалба, ниту пак да бараат заштита на своите права пред надлежен суд.

Како пример за дискриминација во однос на професионалните војници, воените старешини и цивилните лица на служба во Армијата се посочуваат членовите: 50 став 4, 50-а став 4, 55 став 6 и 136 став 5 од Законот. Меѓутоа, според наводите од иницијативата, поведување на постапка за оценување на уставноста на овие одредби не се бара. Освен тоа, иако во иницијативата се констатира дека Армијата е специфична воена организација, подносителот на иницијативата, сепак, смета дека согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, сите граѓани треба да се третираат на еднаков начин во Армијата.

Поради повреда на член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 11, член 9, член 15, член 50 став 2, член 51 и член 54 став 1 и 3 од Уставот се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот.

3. Судот на седницата утврди дека според содржината на член 228 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по барањето за остварување на право, односно по приговорот и жалбата поднесени од професионален војник и воен старешина, надлежниот орган е должен да одлучи во рок од 15 дена по приемот на барањето, приговорот, односно жалбата.

Според содржината на членот 229 од Законот, професионален војник и воен старешина кој не е задоволен од конечната одлука донесена по приговор, односно жалба од надлежен орган, има право во рок од 15 дена да бара заштита на своите права пред надлежниот суд.

4. Согласно член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло,

политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 15 од Уставот се гарантира правото на жалба против поединечните акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања.

Согласно член 50 став 2 од Уставот се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Според член 2 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, под служба во Армијата се смета вршење воени должности во Армијата.

Во членот 3 од Законот е определено дека служба во Армијата вршат воени и цивилни лица. Воени лица во смисла на овој закон се: воени старешини-офицери и подофицери, професионални војници, војници на служење воен рок, питомци на Воената Академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери и воените обврзници во резервниот состав на Армијата додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска. Цивилни лица во смисла на овој закон се лица на служба во Армијата поставени на должности согласно со актот за формација на Армијата.

Како можни форми за вршење на служба во Армијата во членот 4 од Законот се определени: засновање на работен однос, школување, односно стручно оспособување и усовршување и извршување на воена обврска. Во која форма се врши службата во Армијата е во зависност од тоа за какво воено лице станува збор. Така според ствовите 2 и 5 од истата одредба, служба во Армијата со засновање на работен однос во Министерството за одбрана вршат офицери, подофицери, професионални војници и цивилните лица. По пат на школување, стручно оспособување и усовршување, службата ја вршат питомци на Воената академија и лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери. По пат на извршување на воената обврска утврдена со закон, службата ја вршат војниците на отслужување на воениот рок и воените обврзници во резервниот состав.

Главата XVIII со наслов "Престанок на работниот однос" според поставеноста во Законот им претходи на оспорените одредби, кои пак се систематизирани во Главата XIX со наслов "Заштита на правата од службата". Двете глави регулираат прашања што се однесуваат на професионалните војници и воените старешини.

Според содржината на член 251 точка 22 од Законот, заштита на правата од службата (членовите 228 и 229) е предвидена и за цивилните лица на служба во Армијата.

Врз основа на анализата на наведените законски одредби, како и на Законот во целина произлегува дека законодавецот утврдил точно определен статус, права, должности и одговорности за секое од лицата опфатени во членот 3 од Законот (воени старешини, професионални војници, војници на служење воен рок, питомци на Воената Академија, лица на стручно оспособување и усовршување, воените обврзници во резервниот состав и цивилни лица на служба во Армијата). Од сите лица наведени во членот 3 од Законот само професионалниот војник, воениот старешина и цивилното лице на служба во Армијата имаат статус на лица со заснован работен однос. Ваквата анализа на законските одредби несомнено упатува на заклучок дека двете наведени групи на воени лица не се наоѓаат во еднаква правна положба и во нивниот статус, права, должности и одговорности постојат суштински разлики.

За повреда на принципот на еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите не може да стане збор кога законите и другите акти за различна правна положба на граѓани предвиделе различни по вид и обем права, должности и одговорности. Повреда би постоела кога за граѓани во еднаква правна положба се предвидуваат различни права, должности и одговорности, што не е случај со оспорените одредби. Имено, професионалниот војник, воениот старешина и цивилното лице на служба во Армијата имаат различни по вид и обем права, должности и одговорности од останатите воени лица, заради статусот на лица во работен однос во Министерството за одбрана. Оспорените одредби од Законот, според поставеноста, се однесуваат токму на заштита на правата во службата која се врши преку засновање на работен однос, но не и на другите законски утврдени начини на вршење на службата: школување, стручно оспособување, стручно усовршување или извршување на воената обврска утврдена со закон.

Впрочем, право е на законодавецот да ги утврдува правата, должностите и одговорностите на лицата во служба во Армијата (член 1 од Законот) на начин и под услови што тој ќе ги определи со законот, па оттука и правото кое го утврдил со оспорените одредби и тоа само по однос на професионалните војници, воените старешини и цивилните лица на служба во Армијата.

Оттука, определбата на законодавецот во оспорените одредби за професионалниот војник, воениот старешина и цивилното лице на служба во Армијата, да утврди право да поднесат барање, приговор односно жалба и во случај овие лица да не се задоволни можност да бараат заштита на своите права пред надлежен суд, без предвидување на такви права за војниците, питомците и воените обврзници, според Судот не би можела да се доведе под сомнение по однос на согласноста со одредбите од Уставот.

Од друга страна, видот на заштита на правата од службата што ја уживаат војници на служење воен рок, питомци на Воената Академија, лица на стручно оспособување и усовршување и воените обврзници во резервниот состав не е предмет на уредување со оспорените одредби, како што впрочем констатира и подносителот на иницијативата. Меѓутоа, во одредбите од Законот и одредбите од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2001 и 5/2003) се содржани различни законски решенија за заштита на правата од служба на наведените лица со обезбедена двостепеност во одлучувањето, во што според членот 15 од Уставот се состои и деволутивното дејство на жалбата.

Во секој случај со иницијативата не се оспоруваат конкретни одредби од Законот за служба во Армијата на Република Македонија кои го уредуваат правото на заштита на правата на војниците, питомците и воените обврзници, а членовите: 50 став 4, 50-а став 4, 55 став 6 и 136 став 5 од Законот се наведуваат само како пример за оневозможена судска заштита за наведените воени лица против одлука донесена по приговор, односно жалба.

Имајќи предвид дека подносителот на иницијативата по однос на членовите 50 став 4, 50-а став 4, 55 став 6 и 136 став 5 од Законот само наведува дека се пример за оневозможена судска заштита против конечна одлука донесена по поднесен приговор односно жалба, но не бара нивна оцена, Судот оцени дека не треба да се впушта во оцена на согласност на овие одредби од Законот со Уставот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.185/2003)

# 8.

**- Закон за служба во Армијата на Република Македонија и Правилник за условите за стекнување на воено подобранско звање, вршењето на падобранската служба, падобранската облека и опрема и обликот и содржината на падобранската книшка**

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia and a Book of Rules on the conditions to acquire a military paratrooper title, performance of the paratrooper service, paratrooper clothes and gear and the shape and contents of the paratrooper book*

**- Лицата што вршат подобранска служба во Армијата на Република Македонија се лица во служба на Армијата на Република Македонија и се во редовен работен однос во Министерството за одбрана, а условите за нивниот прием во Армијата се определени со истоимениот закон.**
**Министерот за одбрана има законско овластување со посебен акт (правилник) да ги определи условите за стекнување на едно од законски предвидените звања чија функција е операционализација на Законот.**

*- Persons performing a paratrooper service in the Army of the Republic of Macedonia are persons serving in the Army of the Republic of Macedonia and are full-time employees in the Ministry of Defence, while the terms for their acceptance in the Army are defined by the same law.*
*The Minister of Defence is authorised by law to define, with a special act (book of rules) the conditions for gaining one of the legally envisaged titles whose function is operationalisation of the Law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на:

а) уставноста на членот 213 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003 и 71/2003) во делот "условите за стекнување на воено подобранско звање" и

б) уставноста и законитоста на Правилникот за условите за стекнување на воено подобранско звање, вршењето на падобранската служба, падобранската облека и опрема и обликот и содржината на падобранската книшка ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2004), во делот од насловот на Правилникот "условите за стекнување на воено падобранско звање", член 1 во делот: "условите за стекнување на воено падобранско звање", Главата 2. "УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ВОЕНО ПАДОБРАНСКО ЗВАЊЕ и на членовите 2 и 7 од овој правилник.

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен под а) во

точката 1 од ова решение и уставноста и законитоста на правилникот означен под б) во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата условите за стекнување на военопадобранско звање не можеле да се пропишуваат со подзаконски прописи ниту министерот за одбрана бил овластен да ги пропишува овие услови.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 213 став 1 од Законот поблиски прописи за условите за стекнување на воено падобранско звање, вршењето на падобранската служба, падобранската облека и опрема, како и обликот и содржината на падобранската книшка, донесува министерот за одбрана.

Судот, исто така, утврди дека членот 1 од Правилникот предвидува условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно - техничкиот персонал и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов да се пропишуваат со овој правилник.

Согласно членот 2 од Правилникот звање воено воздухопловен помошник механичар, стекнува професионален војник доколку ги исполнува следните услови: да има завршено средно образование (четири годишно) машинска или електротехничка насока; да има завршено стручно оспособување и усовршување за една од специјалностите од член 29 на овој правилник (1. АМС - авион, мотор и системи; 2. ИРЕ - инструменти, радиорадарска и електро опрема и 3. ВОВ - воздухопловно одржување) и да има најмалку шест месеци работно искуство на работи на одржување, обнова и подготовка на воени воздухоплови.

Согласно членот 7 од Правилникот звање воздухопловен инженер за техничка подготовка, стекнува воен старешина доколку ги исполнува следните услови: да има завршено високо образование, Машински или Електротехнички факултет, Воена академија или завршена Воена воздухопловна-техничка академија; да има завршено стручно оспособување и усовршување за една од специјалностите од член 29 на овој правилник и да има најмалку шест месеци работно искуство на работи на одржување, обнова и подготовка на воени воздухоплови.

4. а) Согласно член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот на Република Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Макеоднија е поделба на власта на законодавна, извршна и судска.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите.

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Во членот 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002) е предвидено дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Во членот 56 став 1 од овој закон е предвидено дека со правилник се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување.

Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека во Република Македонија постои поделба на законодавна, извршна и судска власт чии носители се: Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и судовите.

Притоа Владата, како носител на извршната власт е задолжена за извршување на законите и другите прописи што ги донесува Собранието на Република Македонија. Во тој контекст соодветните министерства како органи на државната управа (член 95 од Уставот), односно министрите како нивни претставници, меѓу другото, донесуваат правилници во функција на извршување на законите и другите прописи.

Согласно член 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, под служба во Армијата се смета вршење на воени должности во неа.

Согласно членот 3 од овој закон, служба во Армијата вршат воени и цивилни лица. Според ставот 2 на овој член од Законот

воени лица во смисла на овој закон се: воени старешини, офицери и подофицери; професионални војници; војници на служење воен рок; питомци на Воената академија; лица на стручно оспособување и усовршување и подофицери и воени обврзници во резервниот состав на Армијата додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршувањето на воената обврска.

Во членот 197 од Законот кој спаѓа во главата Воени летачи, воздухопловно-технички персонал, падобранци и нуркачи, е предвидено дека воени летачи, воздухопловно-технички персонал, воени падобранци и воени нуркачи се воени лица кои имаат едно од звањата утврдени со овој закон.

Во тој контекст, членот 199 од Законот предвидува дека воено летачко звање означува стручна оспособеност на членот на екипажот за извршување на определени должности во воениот воздухоплов во текот на летот.

Согласно членот 204 од Законот поблиски прописи за условите за стекнување на воено летачко звање, условите за распоредување во категорија на стручна и борбена оспособеност, вршењето на летачката служба според препораките и стандардите на НАТО и Меѓународната цивилна воздухопловна организација, донесува министерот за одбрана.

Исто така, согласно членот 209 став 2 од Законот поблиски прописи за условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловната служба и сл. донесува министерот за одбрана.

Членот 210 од Законот предвидува дека воени падобранци се воени старешини, професионални војници и војници кои имаат едно од воено - падобранските звања утврдени со овој закон, а оспорениот став 2 на член 213 предвидува поблиски прописи за условите за стекнување на воено падобранско звање, вршењето на падобранската служба, падобранската облека и опрема, како и обликот и содржината на падобранската книшка, да донесува министерот за одбрана.

Од наведените законски одредби произлегува заклучок дека лицата што вршат падобранска служба во Армијата на Република Македонија се лица во служба во Армијата на Република Македонија односно се во редовен работен однос во Министерството

за одбрана; дека условите за нивниот прием во Армијата на Република Македонија се определени со истоимениот закон а дека воено падобранските звања како такви се предвидени во Законот (ученик падобранец, падобранец, падобранец инструктор и наставник по падобранство). Притоа, Законот упатува министерот за одбрана со правилник да ги определи условите за стекнување на едно од законски веќе предвидените звања, а според Судот таквиот пропис министерот го донесува во функција на операционализација на Законот.

Од тие причини Судот смета дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на ставот 2 на членот 213 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, кој упатува поблиски прописи за исполнување на условите за стекнување на воено падобранско звање да донесува министерот за одбрана.

б) Што се однесува до оспорениот Правилник со кој се утврдуваат условите за стекнување звања во падобранската служба (воздухопловен техничар, воздухопловен помошник механичар, воздухопловен инженер), имајќи го предвид изнесеното Судот смета дека основот за неговото донесување е содржан во членот 213 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, кој е согласен со Уставот, односно дека министерот со овој правилник всушност ги доразработил одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Македонија што се однесуваат на воените летачи, воздухопловно технички персонал, падобранци и нуркачи.

Врз основа на изнесеното Судот оцени дека не стојат наводите во иницијативата според кои министерот со предвидувањето на условите за стекнување на едно од веќе предвидените звања во Законот, донел пропис со дејство ерга омнес.

Напротив, овие услови важат само за вработените лица во Министерството за одбрана кои засновале редовен работен однос според условите предвидени во овој закон.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.64/2004)

# 9.

**- Закон за служба во Армијата на Република Македонија и Правилник за условите за стекнување на воздухпловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов**

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia and a Book of Rules for the conditions to gain an air-technical title, the performance of the air-technical service, apparel and outfit of air-technical personnel and the form and contents of the military license for working on a war aircraft*

**- Припадниците на водухопловно-техничкиот персонал се воени лица кои имаат засновано работен однос со Министерството за одбрана, во постапка утврдена со закон при што треба да ги исполнуваат со закон утврдените општи и посебни услови.**
**Министерот за одбрана со свој акт ги доразработува одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, што се однесуваат на воените летачи и воздухопловно техничкиот персонал.**

*- The members of the air-technical personnel shall be military officers employed at the Ministry of Defence, in a procedure defined by law, whereby they should meet the legally defined general and special conditions.*
*The Minister of Defence, with his/her act, further specifies the provisions of the Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia, which refer to military craft fliers and air-technical personnel.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на

а) уставноста на член 209 став 2 во делот "Условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање" од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003 и 71/2003) и

б) уставноста и законитоста на Правилникот за условите за стекнување на воздухпловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2004), во делот од насловот на Правилникот "условите за стекнување на воздухопловно - техничко звање", член 1 во делот "условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање", Главата "2 УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНО-ТЕХНИЧКО ЗВАЊЕ", точка "1. Услови за стекнување на воздухопловно-техничко звање", членовите 2 до 8, точка "2. Стручно оспособување и усовршување за стекнување на одредено воздухопловно-техничко звање" и членовите 9 до 17.

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од законот означен во точката 1 под а) од ова решение и уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 под б) од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека според член 209 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, поблиски прописи за условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничка служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал како и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен

воздухоплов донесува министерот за одбрана. Подносителот на иницијативата смета дека прописи за условите за стекнување на водздухопловно-техничко звање не можат да се пропишуваат со подзаконски пропис, бидејќи тоа може да се прави единствено со закон. Затоа, смета дека со делот од член 209 став 2 од Законот "условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање" се повредувале членовите 8 став 1 алинеи 3 и 4, 51 и 68 став 1 алинеја 2 од Уставот. Понатаму подносителот на иницијативата смета дека и насловот во делот "условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање", од оспорениот Правилник, како и членот 1 во тој дел и членовите 2 до 17 од Правилникот биле во спротивност со наведените уставни одредби, како и со членовите 56 став 1 и 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Согласно член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, со правилник се утврдувале и се разработувале одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување. Меѓутоа, со оспорениот Правилник спротивно од тоа изворно се пропишувале услови за стекнување на воздухопловно-техничко звање. Според член 61 став 1 од истиот закон, со актите кои ги донесува министерот не можело за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи. Во случајот, пропишаните услови за стекнување на воздухопловно-техничко звање не било ништо друго туку утврдување на права.

3. Судот на седницата утврди дека според член 209 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, поблиски прописи за условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал, како и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов, донесува министерот за одбрана.

Со оспорениот член 1 од Правилникот се пропишуваат условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно - техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов на воздухопловно-техничкиот персонал (во натамошниот текст: професионален војник и воен старешина).

Во делот II точка 1 од оспорениот Правилник (членови 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8) се утврдени условите за стекнување на

воздухопловно-техничко звање, а во точката 2 (членови 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17) се уредува стручното оспособување и усовршување за стекнување на одредено воздухпловно-техничко звање.

4. Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Макеоднија се владеењето на правото и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите.

Во членот 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Во членот 56 став 1 од овој закон е предвидено дека со правилник се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување.

Согласно член 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, под служба во Армијата се смета вршење воени должности во Армијата.

Согласно членот 3 став 1 од овој закон, служба во Армијата вршат воени и цивилни лица. Според ставот 2 на овој член од Законот воени лица во смисла на овој закон се: воени старешини, офицери и подофицери; професионални војници; војници на служење воен рок; питомци на Воената академија; лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери и воени обврзници во резервниот состав на Армијата додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршувањето на воената обврска.

Овие воени лица според член 4 од Законот, службата во Армијата ја вршат со засновање на работен однос со Министерството за одбрана, со школување на Воената академија, односно стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери и со

извршување на воената обврска утврдена со Закон. Служба во Армијата со засновање на работен однос во Министерството за одбрана вршат офицери, подофицери и професионални војници, а со школување односно стручно оспособување и усовршување вршат питомци на Воената академија и лицата упатени на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери.

Членот 24 став 1 од Законот утврдува дека работен однос во Министерството за одбрна како офицер, подофицер или професионален војник на служба во Армијата на Република Македонија може да заснова лице кое ги исполнува општите и посебните услови утврдени со овој закон.

Во членот 197 од Законот кој спаѓа во главата Воени летачи, воздухопловно-технички персонал, падобранци и нуркачи, е предвидено дека воени летачи, воздухопловно-технички персонал, воени падобранци и воени нуркачи се воени лица кои имаат едно од звањата утврдени со овој закон.

Членот 199 од Законот предвидува дека военото летачко звање означува стручна оспособеност на членот на екипажот за извршување на определени должности во воениот воздухоплов во текот на летот. Воено летачко звање се стекнува по завршување на школување, односно стручно оспособување и усовршување за одредено летачко звање.

Во членовите 205, 206, 207 и 208 од Законот е утврдено кои се припадници на воено воздухопловно-технички персонал; што се подразбира под поимот воено воздухопловно-техничко звање и начинот на стекнување на ова звање; кои се воено воздухопловно-техничките звања што се добиваат според степенот на стручната оспособеност и должноста што ја врши воено воздухопловно - технички персонал.

Согласно членот 209 став 2 од Законот, поблиски прописи за условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловната служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал како и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов, донесува министерот за одбрана.

Од изнесеното произлегува дека воздухопловно-техничкиот персонал се воени лица кои имаат засновано работен

однос во Министерството за одбрана, а воздухопловно-техничкото звање го стекнуваат по завршување на школувањето односно стручното оспособување и усовршување за одредено воздухопловно-техничко звање.

Работен однос со Министерството за одбрана како офицер, подофицер или професионален војник на служба во Армијата може да заснова лице кое ги исполнува општите и посебните услови утврдени во Законот.

Според тоа, припадниците на воздухопловно-техничкиот персонал се воени лица кои имаат засновано работен однос со Министерството за одбрана за служба во Армијата, во со закон утврдена постапка, при што треба да исполнуваат со закон утврдени општи и посебни услови.

Со воздухопловно-технички звања, утврдени во членовите 207 и 208 од Законот, припадниците на воено воздухопловно-техничкиот персонал се стекнуваат по завршување на школувањето, односно стручното оспособување и усовршување. Оваа законска одредба упатува на тоа дека воздухопловно-техничките звања кои се утврдени во Законот се стекнуваат на начин утврден во законот, односно со школување, стручно оспособување и усовршување за одредено воздухопловно-техничко звање.

Оттука, Судот оцени дека одредбата од членот 209 став 2 од Законот само упатува на донесување на подзаконски акт од страна на министерот за одбрана со кој се доразработуваат условите за стекнување на воздухоповно-техничките звања утврдени во Законот за воените лица кои се на служба во Армијата и ги имаат исполнето потребните услови за стекнување статус на воен старешина или професионален војник, а кои се неопходни заради специфичноста на должностите кои ги извршуваат при вршењето за служба во Армијата.

Во врска со оспорениот Правилник чиј основ за донесување е членот 209 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, Судот оцени дека министерот за одбрана со овој правилник, всушност, ги доразработил одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Македонија што се однесуваат на воените летачи и воздухопловно техничкиот персонал.

Врз основа на изнесеното Судот оцени дека членот 209 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е

во согласност со Уставот, а Правилникот за условите за стекнување на воздухопловно-техничко звање, вршењето на воздухопловно-техничката служба, облеката и опремата на воздухопловно-техничкиот персонал и обликот и содржината на воената дозвола за работа на воен воздухоплов ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2004), во означените делови е во согласност со Уставот и со закон поради што одлучи како во точката 1 под а) и б) од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.65/2004)

# 10.

**- Закон за набавување, поседување и носење на оружје**

*- Law on Procuring, Possessing and Carrying Weapons*

**- Законската одредба со која се предвидува забрана на носење на оружје на јавно место нема повратно дејство, со оглед на тоа што со неа не се задира во правото на граѓаните да поседуваат и носат оружје кои го стекнале пред нејзиното влегување во сила, туку само се определува нов режим за носење на оружјето на кој граѓаните во иднина мора да се придржуваат.**

*- The legal provision stipulating prohibition against carrying weapons in public place does not have a retroactive effect, given that it does not impinge upon the citizens' right to possess and carry weapons that they have acquired prior to its entry into force, but it only defines a new regime for carrying weapons to which citizens must adhere in the future.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 17-а од Законот за набавување, поседување и носење на оружје ("Службен весник на СРМ" бр.25/1972, 30/1972, 18/1976, 25/1976, 15/1983, 51/1988 и "Службен весник на Република Македонија" бр.26/1993 и 49/2003).

2. Дејан Крстески од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 17-а од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата оспорената одредба од Законот имала повратно дејство, затоа што со неа тој бил попречен легално да го користи и носи оружјето кое го купил согласно законските услови кои важеле во времето кога му била издадена дозволата за носење и поседување на оружје, кои биле поповолни во однос на сегашните.

Од тие причини бара Судот да го поништи оспорениот член од Законот бидејќи продуцирал неотстранливи последици.

3. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 17-а став 1 од Законот забрането е носење на оружје на јавно место.

Во ставот 2 на овој член од Законот е утврдено дека под јавно место, во смисла на овој закон, се смета место на кое слободен пристап имаат неопределен број на лица без какви и да било услови (улица, плоштади, патишта, излетнички места, пристаништа, аеродроми, железнички станици, автобуски станици, чекални, угостителски и трговски објекти и занаетчиски дуќани и слично) или под одредени услови (спортски стадиони, игралишта, средства за

јавен превоз, кино сали, театарски и концертни сали, изложбени простории, градини и слично), како и други места кои во определено време служат за вакви намени (земјишта или простории во кои се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично).

Во ставот 3 од овој член од Законот е утврдено дека под јавно мето, во смисла на овој закон нема да се смета место кое е достапно на поглед од јавно место (балкон, тераса, дворна површина, столбиште), како и превозни средства во сопственост на граѓани, стрелишта, терени за вежбање и ловишта во ловна сезона.

4. Во членот 52 став 3 од Уставот е утврдено дека законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Во ставот 4 на истиот член од Уставот е утврдено дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Набавувањето, поседувањето и носењето на оружје и муниција се врши според одредбите на Законот за набавување, поседување и носење на оружје.

Со членот 17 став 1 од овој закон се пропишува должност на сопственикот на оружјето да се грижи оружјето да биде во исправна состојба, да го чува оружјето и муницијата и внимателно да ракува со оружјето, да не го употребува на јавни места или на места на кои со употребата може да ја загрози безбедноста на луѓето, а особено да внимава оружјето и муницијата да не се достапни на малолетници.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/2003) по членот 17 се додава нов член 17-а кој што се оспорува со оваа иницијатива.

Од наведеното произлегува дека заради поголема безбедност на граѓаните покрај дотогашната одредба со која се забранува употреба на оружје на јавно место, со оспорената одредба како новина се предвидува и забрана на носење на оружје на јавно место, а истовремено се врши и прецизирање на поимот јавно место во смисла на овој закон.

Имајќи ја предвид содржината на оспорената законска одредба, како и тоа дека Законот за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/2003) влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", Судот утврди дека решението на оспорената законска одредба со кое се забранува носење на оружје на јавно место важи и има дејство во иднина, односно по влегувањето во сила на овој закон, што значи не се однесува на односи и ситуации настанати пред влегувањето во сила на овој закон.

Поради тоа, Судот оцени дека оспорената одредба нема повратно дејство во смисла на значењето на уставната забрана за таквото дејство на законите и другите прописи, па затоа и не може да се постави прашањето за нејзината согласност со членот 52 став 4 од Уставот.

Во врска со наводите во иницијативата според кои со оспорената одредба од Законот на подносителот му се попречувало легално користење и носење на оружје кое го купил согласно законските услови кои важеле во времето кога му е издадена дозволата за носење и поседување на оружје, Судот утврди дека се неосновани, затоа што со оваа одредба не се ограничува веќе стекнатото право на граѓаните да поседуваат и носат оружје, туку само се определува нов режим за носење на оружјето, со утврдување конкретно на кои места е забрането, а индирекно на кои не, сопственикот да го носи оружјето, што е, пак, право на законодавецот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.58/2004)

# 11.

**- Закон за служба во Армијата на Република Македонија (отслужен воен рок со оружје, како посебен услов за прием на офицер или професионален војник)**

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia (military term served with weapons, as a special requirement for admission of an officer or a professional soldier)*

**- Поаѓајќи од функцијата на Армијата која се организира, подготвува и оспособува за водење на вооружена борба и други борбени дејствија под команда на Генералштабот на Армијата и професионалните војници и воени старешини, офицер во служба на Армијата и професионален војник може да биде само лице кое го служело воениот рок со оружје.**

*- Taking as a starting point the function of the Army which is organised, prepared and trained for armed combat and other combat activities under the command of the General Staff of the Army and the professional soldiers and military officers, a person who has served his/her military term with weapons may be an officer serving in the Army and a professional soldier.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 27 став 1 алинеја 1 и член 30 став 1 алинеја 2 и став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата членовите 27 став 1 алинеја 1 и 30 став 1 алинеја 2 од Законот биле несогласни со Уставот затоа што како посебен услов за прием на офицер, односно професионален војник во Армијата бил предвиден отслужен воен рок во Армијата со оружје.

Членот 30 став 3 од Законот се оспорува затоа што предвидувал прием на професионален војник да може да се изврши и без јавен оглас.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 27 став 1 алинеја 1 од Законот за офицер во служба во Армијата може да биде примено и лице со високо образование кое е воен обврзник - офицер во резервниот состав на Армијата, доколку покрај општите услови од член 25 на овој закон, исполнува и посебен услов, односно има отслужено воен рок во Армијата со оружје.

Член 30 став 1 алинеја 2 од Законот предвидува дека за професионален војник на служба во Армијата се прима лице кое покрај општите услови од член 25 на овој закон, исполнува и посебен услов, односно има отслужено воен рок во Армијата со оружје.

Во член 30 став 3 од Законот е предвидено дека по исклучок од став 2 на овој член, ако тоа го бараат потребите на службата и по мислењето на претпоставениот старешина на должност командант на баталјон и нему рамен или повисок воен старешина, прием на професионален војник може да се изврши и без јавен оглас, со склучување на договор за работа со војникот веднаш по отслужувањето на воениот рок доколку ги исполнува општите и посебните услови за прием на професионален војник.

4. Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, а според ставот 2 на овој член од Уставот граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Согласно член 32 став 2 од Уставот, секому, под еднакви услови му е достапно секое работно место.

Ставот 5 на овој член од Уставот упатува остварувањето на правата на вработените и нивната положба да се уредуваат со закон и со колективни договори.

Врз основа на оваа упатна норма е донесен Законот за служба во Армијата на Република Македонија, кој според мислењето на Судот не го повредува начелото на еднаквост на граѓаните воопшто, а не го повредува ниту начелото на достапноста на работното место под еднакви услови.

Од содржината на ставот 2 на член 32 од Уставот според кој "секому под еднакви услови му е достапно секое работно место", се наметнува прашањето дали истиот треба да се толкува во буквална смисла на зборот и со тоа да се изедначат регрутот кој го служел воениот рок со оружје и оној кој го служел (поради верски убедувања) воениот рок без оружје, па според тоа офицер во служба на Армијата и професионален војник да може да биде лице кое го служело воениот рок без оружје.

Според мислењето на Судот ваквото изедначување не е можно од причина што овој вид регрути се еднакви во однос на нивните права и обврски за време на служењето на воениот рок (право на плата, отсуство и сл.), но кога станува збор за офицер или професионален војник во служба на Армијата, со предвидувањето можноста овој вид регрути да извршуваат вакви функции во Армијата, всушност би се повредило начелото на еднаквоста на граѓаните во смисла на еднаквата достапност на работните места под еднакви услови.

Со други зборови, според Судот воениот обврзник кој се определил за служење на воен рок без оружје поради верски убедувања всушност сам си го определил својот статус (во однос на

вработувањето во Армијата) и како таков тој не ги исполнува посебните услови кои законодавецот ги определил.

Поаѓајќи од функцијата на Армијата која се организира, подготвува и оспособува за водење на вооружена борба и други борбени дејствија под команда на Генералштабот на Армијата и професионалните војници и воени старешини, Судот оцени дека овој вид на воени дејствија можат да ги извршуваат само лица кои воениот рок во Армијата го отслужиле со оружје, и како такви се оспособени за извршување на воени (вооружени) дејствија.

Од тие причини, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на одредбите од членовите 27 став 1 алинеја 1 и 30 став 1 алинеја 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Во однос на прашањето за прием на професионален војник на служба во Армијата на Република Македонија без јавен оглас, Судот утврди дека ставот 2 на член 30 од овој закон предвидува прием на професионален војник во служба во Армијата да се врши врз основа на јавен оглас, што значи дека законодавецот во принцип го предвидел јавниот оглас како инструмент за прием во служба во Армијата.

Меѓутоа, во наредниот став од овој член, законодавецот предвидел исклучок, односно засновање на работен однос со професионален војник без јавен оглас кога тоа го бараат потребите на службата и по мислењето на претпоставениот старешина на должност командант на баталјон и нему рамен или повисок воен старешина.

Од оваа одредба произлегува дека приемот на професионалниот војник без јавен оглас законодавецот го условува со кумулативно исполнување на два услови: 1) ако потребите на службата тоа го бараат и 2) постоење на мислење од претпоставениот старешина.

Според Судот, ваквото законско решение е согласно со член 32 став 2 од Уставот во смисла на можноста секому под еднакви услови да му биде достапно секое работното место.

При заземањето на овој став, Судот се раководеше од фактот дека Армијата со своите вооружени сили ги штити

територијалниот интегритет и независноста на Републиката, односно има обврска за одржување на постојана борбена готовност и грижа за безбедноста на граѓаните на Републиката, што го оправдува исклучокот во оспорената одредба во ситуации кога не постои временска можност за спроведување постапка за прием на професионален војник по пат на јавен оглас, приемот да се изврши по итна постапка.

Од тие причини Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на одредбата од член 30 став 3 од Законот за служба во Армијата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.72/2004)

## 12.

**- Закон за посебните права на припад-ниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства**

*- Law on the Special Rights of the Members of the Security Forces of the Republic of Macedonia and Their Family Members*

**- Со утврдување на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки за припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства не се ограничува правото со тужба пред надлежен суд да се бара справедлив надоместок за претрпени**

**душевни болки согласно Законот за облигационите односи.**
**Не се доведува во прашање принципот на забрана на ретроактивно дејство на законите, ако со него се воспоставува објективна мера за тоа кои правила во постапката ќе се применуваат по влегувањето во сила на законот.**

*- The determination of a one-time pecuniary compensation for suffered mental pains to the members of the security forces and their family members does not limit the right to a lawsuit before a competent court aimed at requesting a just compensation for suffered mental pains pursuant to the Law on Obligation Relations.*
*The principle of ban on retroactive effect of the laws is not questioned, if it establishes an objective measure as to which rules in the procedure shall apply after the law enters into force.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 12 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002, 17/2003 и 30/2004).

2. Димитрија Атанасовски од Скопје и Игњат Панчевски од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на член 12 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата на Димитрија Атанасовски оспорената одредба не била во согласност со член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, затоа што при постоење на одредба (член 190 став 1) во Законот за облигациони односи, семејствата на загинатите и починатите припадници на безбедносните сили се доведуваат во нееднаква положба со другите граѓани на Република Македонија. Кај овие семејства надоместокот е ограничен на одреден износ. Ако се има предвид важноста на задачите што ги извршуваат припадниците на безбедносните сили - одбрана на земјата, нивните семејства ако не се повластени, не треба да се доведуваат во понерамноправна положба со останатите граѓани.

Имено, на другите граѓани за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице, судот им досудувал справедлив надомест и не се ограничувал во висината на надоместокот. Инаку, така досудениот износ, барем според досегашната судска практика бил над износот предвиден во оспорениот член.

Според наводите во иницијативата на Игњат Панчевски се наведува дека оспорениот член 12 од Законот не бил во согласност со член 9 и член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, затоа што спротивно на Законот за облигациони односи во членот 12 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили е определен единствен паричен надомест за целото семејство на починатиот припадник без разлика на бројот на членовите на семејството и големината на претрпената болка на секој член одделно.

Според него, неспорно е дека ниту еден член од семејството на загинатиот односно починатиот припадник на безбедносните сили не ја трпи болката со еднаков интензитет. Од друга страна, пак, неспорно е дека секој починат односно загинат припадник настрадал во различни околности кои, исто така, треба да претставуваат основ за утврдување на висината на надоместокот на носителот на правото на нематеријалната штета. Со определувањето надоместок од 40 просечни плати остварен во Републиката како надомест на нематеријална штета поради претрпени душевни болки, а како сатисфакција на сите членови на семејството на загинатите, односно починати припадници на безбедносните сили доаѓа до различно важење на законите спротивност на член 9 од Уставот на Република Македонија.

Со оглед на наведеното, поради енормно нискиот износ предвиден како парична сатисфакција за нематеријална штета (износ

кој законодавецот предвидел да се подели на членовите на семејствата без разлика на нивната бројност и интензитет на болка поединечно и нејзиното траење, како и околностите под кои настанал случајот), примената на оспорените одредби укажувала на нееднакво третирање на граѓаните пред Уставот и законите.

Оспорениот член 12 од Законот не бил во согласност со член 52 став 4 од Уставот, затоа што со овој закон во суштина се регулира надоместокот на штета која настанала пред неговото влегување во сила, а кој бил понеповолен за граѓаните имајќи предвид дека еднократниот паричен надомест во висина од 40 просечни плати се утврдува во месецот кога настанала смртта на припадникот на безбедносните сили.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека доколку судот определи справедлив надомест согласно Законот за облигационите односи за претрпена душевна болка утврдувајќи ги околносите под кои е предизвикана насилната смрт, интензитетот на болката и должината на траењето за една мајка, татко, брат, сестра, сопруга, деца, а имајќи ја предвид судската практика за смрт предизвикана од сообраќајна незгода, било неспорно дека примената на член 12 од Законот е понеповолна за семејството на загинатиот и починат припадник на безбедносните сили.

Оттаму, според подносителот на иницијативата наместо да се обезбедуваат поголеми права на семејството на починатиот и загинат припадник на безбедносните сили, се предвидуваат помали права што упатувало на заклучок дека граѓаните не се еднакви пред законот и Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства се уредуваат посебните права на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства, како и условите и постапката за нивно остварување.

Со овој закон утврдено е кое лице се смета за припадник на безбедносните сили и со што се докажува статусот и времето поминато како припадник на безбедносните сили (член 2 и 3).

Во член 4 од овој закон е утврдено дека како членови на семејството на припадник на безбедносните сили се сметаат: брачниот другар, децата и родителите.

Понатаму, со Законот е утврдено кои права освен посебните права утврдени со овој закон им припаѓаат на воените инвалиди и на нивните семејства по основ на друг закон (член 5).

Во член 7 од Глава II на овој закон насловена како "Посебни права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства" се утврдени следните посебни права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства

1. ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги,
2. вработување,
3. стан под закуп – станбено згрижување,
4. еднократен паричен надоместок,
5. права од областа на образованието и
6. семејна пензија.

Во наредните одредби од законот секое од наведените права е разработено во смисла на тоа кога и како се остварува.

Во оспорениот член 12 од Законот е уредено прашањето на еднократен паричен надоместок. Имено, според овој член семејството на загинатиот или починатиот припадник на безбедносните сили има право на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице, во висина од 40 просечни плати остварени во Република Македонија во месецот кога настапила смртта на припадникот на безбедносните сили.

Барање за остварување на правото од став 1 на овој член се поднесува до Министерството за одбрана односно до Министерството за внатрешни работи.

Семејството на загинатиот или починат припадник на безбедносните сили кое остварило право на еднократна парична помош во случај на смрт, односно загинување на граѓанин во извршување на должности во одбраната согласно Законот за одбрана или еднократен надоместок во случај на смрт на вработен во

Министерството за внатрешни работи согласно Законот за внатрешни работи има право само на разлика до висината на еднократниот паричен надоместок од став 1 на овој член.

Во Глава V во преодните и завршни одредби, односно во член 20 е предвидено дека постапките по барањето за остварување на правата утврдени со овој закон, поднесени до денот на влегување во сила на овој закон, ќе се довршат согласно одредбите на овој закон.

4. Според член 1 став 1 од Уставот на Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија согласно член 8 став 1 алинеја 3 и 8 од Уставот.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Според член 52 став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство освен по исклучок во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Од наведените уставни одредби произлегува дека Република Македонија е социјална држава во која хуманизмот, социјалната правда и солидарноста се издигнати на ниво на темелни вредности на уставниот поредок, а на сите граѓани им се гарантира еднаквоста во слободите и правата пред Уставот и законите.

Како начин на остварување на наведените уставни начела со Законот за посебните права на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства Републиката им гарантира посебни социјални права. Меѓу другите социјални права во оспорениот член 12 од Законот е предвидено и правото на

еднократен паричен надоместок на семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили кое се остварува во посебна постапка пред надлежни државни органи.

Притоа законодавецот во овој закон не го ограничува правото со тужба во парнична постапка пред надлежен суд да се бара справедлив надоместок за претрпени душевни болки согласно Законот за облигационите односи.

Оттука, според мислењето на Судот, државата според своите материјални можности, а со цел да ја исполни својата социјална и хумана функција на одредена категорија на граѓани кои се нашле во одредена состојба определила едно посебно право без да задира во правото на оваа категорија граѓани во судска постапка да бара да се утврди спроведлив надоместок за претрпени душевни болки. Имајќи го предвид изнесеното, Судот смета дека е право на државата со закон да утврди посебни права за припадниците на безбедносните сили и за членовите на нивните семејства кои права ги уживаат сите кои се наоѓаат во еднаква правна положба.

Во рамките на тие права, право е на државата да утврди еднократен паричен надоместок и да ја утврди неговата висина при што основен критериум за највисокиот лимит е просечната плата во Републиката во моментот на настапување на смртта на припадникот на безбедносните сили, поради што Судот смета дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со начелото на еднаквост.

Ова дотолку повеќе што законодавецот во насока на максимално можно остварување на начелото на еднаквост и социјална праведност на семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили кое остварило право на еднократна парична помош согласно Законот за одбрана или Законот за внатрешни работи му овозможува остварување на право на разликата од висината што ја примил по основ на наведените закони до висината предвидена со оспорениот член.

5. Во врска со наводите од иницијативата дека оспорениот член не бил во согласност со член 52 став 4 од Уставот, затоа што со овој закон во суштина се регулирал надоместок на штета која настанала пред неговото влегување во сила што било понеповолно за граѓаните Судот оцени дека се неосновани.

Имено, Судот смета дека донесувањето на Законот за посебните права се наложи од една претходна состојба во Република Македонија односно по престанокот на внатрешниот конфликт во кој загинаа односно починаа одреден број на припадници на безбедносните сили. Како резултат на тоа, а тргнувајќи од овластувањата утврдени со Уставот законодавецот утврдил посебни права за безбедносните сили и за членови на нивни семејства.

Според тоа сосема логично и разбирливо е новото законско решение да се протега на сите субјекти и дејствија што настанале во определен временски период и што се нашле во иста правна ситуација.

Доколку наведениот закон би се однесувал само на субјекти и дејствија што настанале по неговото влегување во сила, а не и на сите други, според мислењето на Судот би се создал двоен режим во поглед на остварување на правата на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивни семејства. Имено, во таков случај одредена категорија лица би ги оствариле правата кои се предвидени со оспорениот закон, а друга категорија не би можела да ги оствари тие права и тоа за односи кои се завршени пред влегување во сила на Законот.

Според тоа, Судот смета дека со оспорениот закон се воспоставува објективна мера за тоа кои правила во постапката за остварување на предвидените права ќе се применуваат по денот на влегување во сила на законот што е поповолно за граѓаните поради што не може да се постави прашањето за неговата согласност со член 54 став 2 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.56/2003, У.бр.100/2003

# 13.

**- Правилник за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на платата**

*- Book of Rules on the establishment of special fields of particular importance for the Army of the Republic of Macedonia, the jobs (duties) and the amount of the addition to the salary*

**- Министерот за одбрана има законско овластување со правилник да ги уреди посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на на додатоците на плата, што претставува операционализација на законските одредби кои се однесуваат на оваа материја.**
*- The Minister of Defence is legally empowered to regulate, by a book of rules, the special fields of particular importance for the Army of the Republic of Macedonia, the jobs (duties) and the amount of the additions to the salary, which is operationalisation of the legal provisions relating to this matter.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на платата, бр. 01-3891/1 донесен од министерот за

одбрана на 11 јуни 2003 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2003 и 79/2003).

2. Стојан Маџоски и Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата поднесена од Стојан Маџоски се оспоруваат членовите 3, 4, 5 и 6 од Правилникот. Во иницијативата се наведува дека со членовите 3 и 4 од Правилникот се утврдени должностите на кои им припаѓа додаток на основната плата за специфична воена служба во износ од 40 – 540 бодови. Овие два члена се во спротивност со Законот за служба во Армијата член 150, став 2, според кој овој додаток се вреднува со бодови во зависност од должноста и условите под кои се врши службата и тоа од 50 – 800 бодови. Имено овој член од Законот не му дозволува на министерот за одбрана да определи помал број бодови од 800, как о максимален износ, туку има обврска во рамките од 50 – 800 бодови да ги распореди должностите во зависност од условите под кои се врши службата. На овој начин министерот за одбрана со оспорениот правилник не го почитувал Законот и со него ја поместил границата односно ги намалил максималниот и минималниот износ, утврдени со Законот од 800 бодови на 540 и од 50 на 40 бодови и со тоа го изменил Законот на штета на лицата кои вршат специфична воена служба.

Членот 5 од Правилникот е во спротивност со член 151 од Законот за служба во Армијата, затоа што министерот за одбрана со оспорениот правилник утврдил помал износ на бодови 10 – 60 а со тоа неосновано го изменил Законот кој предвидел 10 – 100 бодови. Исто така, член 5 од Правилникот не е целосен и не ги опфаќа најопасните и најризичните професии, односно работите во услови на зголемен степен на опасност по живот (работите на летачкиот персонал, подобранците и нуркачите), кои се изложени и на можни повреди со трагични последици, како и тоа што нивната работа се врши во услови на бучава, височина, зрачење и температура, што е децидно јасно утврдено во член 32 став 3 од Законот за работни односи, кој гласи: како особено тешки, напорни и тешки по здравјето работи се сметаат "работа на летачкиот персонал", што значи дека работата на летачкиот персонал е со закон утврдена како особено напорна, тешка и штетна по здравјето што во овој случај не го имал

предвид министерот за одбрана при донесувањето на оспорениот Правилник.

Со член 6 од Правилникот се утврдуваат бодовите за додаток на основната плата за вршење на трупна служба во единиците заклучно со бригада, во износ од 40 – 90 бодови, спротивно на член 152 од Законот на служба во Армијата каде бројот на бодовите е определен во износ од 40 – 100 бодови во зависност од должностите.

Понатаму во иницијативата се наведува дека како елемент на плата за постојаниот состав на Армијата со овој правилник не е определен додаток на плата кој припаѓа по член 167 од Законот за одбрана, што е обврска на министерот за одбрана.

Во иницијативата поднесена од Стамен Филипов се наведува дека од оспорениот Правилник не се гледа дека овој Правилник е донесен на предлог на началникот на Генералштабот на Армијата, како што е наведено во членот 155 од Законот за служба во Армијата, со што се повредени членовите 8 став 1 алинеја 3, 51 и 96 од Уставот на Република Македонија, како и членовите 155 и 245 став 2 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Понатаму, определените посебни специјалности од особено значење за Армијата во член 2 од оспорениот Правилник не произлегуваат од членот 150 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Според член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, со актите кои ги донесува министерот не може за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи. Оттаму, со членот 2 од Правилникот се повредуваат членовите 8 став 1 алинеја 3 и 4, 51, 68 став 1 алинеја 2, 91 алин еи 1 и 5 и 96 од Уставот на Република Македонија, членот 150 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, како и членот 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Членовите 3, 4, 5 и 6 од Правилникот, се оспоруваат од истите причини наведени во иницијативата на Стојан Маџоски.

Конечно, подносителот на иницијативата Стамен Филипов смета дека членот 7 од Правилникот, според кој Правилникот влегува

во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија не е во согласност со член 52 став 3 од Уставот.

Поради изнесеното овој подносител на иницијативата предлага поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот во целина.

3. Судот на седницата утврди дека оспорениот Правилник го донел министерот за одбрана врз основа на член 155 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Членот 1 од Правилникот уредува дека со овој правилник се утврдуваат посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на основната плата од членовите 150, 151 и 152 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија во зависност од условите под кои се вршат должностите.

Според членот 2 од Правилникот како посебни специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, согласно член 150 од Законот, се определуваат: должностите на стационарните јазли за врски (Солунска Глава, Водно и Плачковица) и должностите во центарот за електронско разузнавање.

Согласно членот 3 од Правилникот, висината на додатокот на основната плата за специфична воена служба од член 150 од Законот, во зависност од должноста и условите под кои се врши службата се определува во рамки од 50 до 540 бодови.

Според членот 4 од Правилникот висината на посебниот додаток на летачите во вршење на инструкторска должност, наставничка должност или пробни летови, се определува во однос на бодовите за категоријата на стручна и борбена оспособеност на летачот и видот на воздухопловот на кој се врши инструкторската или наставничката должност, односно на кој е извршен пробниот лет и тоа за инструктор на летање 10%, за наставник по летање 20%, а на воените летачи кои вршат испитувања на сериските воздухоплови, за секој извршен пробен лет им припаѓа 10% од бодовите за категоријата на стручна и борбена оспособеност за типот на воздухопловот на кој се врши испитување – проба.

Согласно член 5 од Правилникот, висината на додатокот на основната плата за вршење служба изложена на висок ризик заради работа во услови на зголемен степен на опасност по живот, можни повреди, заболувања и инфекции, во услови на влага, бучава, височина, прашина, зрачење, температура, чад, употреба на хемикалии, работа под земја, затворен простор без природно осветлување и други слични специфични потешки услови за работа чие дејство не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, согласно член 151 од Законот, во зависност од должноста и условите под кои се врши, се определува во рамки од 20 до 60 бодови.

Според член 6 од Правилникот, висината на додатокот на основната плата за вршење трупна служба во единици заклучно со бригада, согласно член 152 од Законот, во зависност од должината, се определува во рамки од 40 – 90 бодови.

Членот 7 од Правилникот определува дека овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Според член 28 од Уставот, одбраната на Република Македонија е право и должност на секој граѓанин, а остварувањето на ова право и должност на граѓаните се уредува со закон.

Законот за одбрана утврдува дека одбраната на Република Македонија се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката. Одбрана ја остваруваат граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили како Армија на Република Македонија.

Со Законот за служба во Армијата на Република Македонија се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на лицата на служба во Армијата на Република Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Системот на плати и надоместоци на плати на воените лица е уреден со членовите од 144 до 163 од овој закон.

Според овие одредби од Законот, платата се состои од основна плата и додатоци на основната плата. Основната плата се определува според чинот, должноста на военото лице, работното

искуство и армискиот додаток, кои елементи во целост се утврдени со Законот.

Додатоците на основната плата ги сочинуваат: додаток за вршење специфична воена служба, додаток за вршење служба со висок ризик, додаток за вршење трупна служба, додаток за посебен степен на образование и додаток за застапување, при што во Законот се определува максимален број на бодови во чија висина додатоците можат да се движат додатоците.

Согласно член 155 од Законот, овие посебни специјалности во вршењето на служба од особено значење за Армијата, работните места (должности) и висината на износот на додатокот на основната плата, на предлог на началникот на Генералштабот на Армијата, со правилник ги утврдува министерот за одбрана.

Врз основа на оваа законска одредба, министерот за одбрана, по предлог на началникот на Генералштабот на Армијата, го донел оспорениот Правилник.

Во претходна постапка Судот утврди дека началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија со писмо бр.01-452/1 од 25 април 2003 година доставил до Министерството за одбрана Предлог – правилник за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на плата во зависнот од условите под кои се вршат должностите.

Со оглед на тоа што Правилникот е донесен согласно член 155 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по претходен предлог од началникот на Генералштабот на Армијата, значи дека тој е донесен според постапката утврдена со закон. Имено, членот 155 од Законот врз основа на кој е донесен Правилникот недвосмислено наложува постоење на предлог од началникот на Генералштабот, поради што Судот смета дека не може да се постави прашањето за согласноста на Правилникот со членовите 8 став 1 алинеја 3, 51 и 96 од Уставот и со членовите 155 и 245 од Законот за служба во Армијата.

Анализирајќи го оспорениот член 2 од Правилникот во однос на содржината на членот 150 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија Судот оцени дека наводите во иницијати-

вата дека членот 2 од Правилникот не произлегува од членот 150 од Законот не се основани.

Имено, според членот 150 од Законот, додатокот на основната плата за специфична воена служба припаѓа за вршење служба на летачи и друг летачки персонал, воздухопловно технички персонал, припадници на специјални единици, граничари или други посебни специјалности од особено значење за Армијата.

Од наведениот член од Законот произлегува дека законот дозволил додатокот на основната плата да им припаѓа и на други посебни специјалности од особено значење за Армијата, покрај оние кои се веќе наведени.

Од друга страна, според членот 155 од Законот, посебните специјалности од особено значење за Армијата, со правилник ги утврдува министерот за одбрана.

Оттука произлегува дека со членот 2 од Правилникот, министерот за одбрана како посебни специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, согласно член 150 од Законот ги определил и должностите на стационарните јазли за врски и должностите во Центарот за електронско разузнавање.

Според тоа, членот 2 од Правилникот произлегува од членот 150 од Законот, поради што Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на членот 2 од Правилникот со членот 150 од Законот.

Судот, исто така, оцени дека според оспорениот член 2 од Правилникот, министерот за одбрана не утврдува права и обврски за граѓаните ниту, пак, пропишува надлежност на други органи, бидејќи овој член од Правилникот, всушност, е доразработка на одредба од законот, а во врска со системот на плати и надоместоци на плати односно остварување на права од работен однос.

Во однос на наводите во иницијативите доставени од двајцата подносители дека во член 3 точка 3, под 3. г) алинеја 4 од Правилникот спротивно на член 150 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е определен додаток на плата во висина од 40 бодови за помошник механичар на опслужување на летањето, иако најмалиот законски износ на додатокот може да изнесува 50 бодови, Судот утврди дека министерот за одбрана донел

Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на платите, бр. 01-3891/3 од 27 ноември 2003 година, со кој додатокот на плата за должноста помошник механичар на опслужување на летањето го утврдил во висина од 50 бодови. Со тоа е извршено усогласување на Правилникот со Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Понатаму, во двете иницијативи се тврди дека со членовите 3, 4, 5 и 6 од Правилникот се утврдени бодови под максималниот износ на бодови утврдени со Законот, поради што, според подносителите на иницијативите со овие членови се повредувал уставниот принцип за владеење на правото како и членовите 144 став 1, 151 и 245 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија и членовите 5 и 86 од Законот за работните односи.

Во врска со овие наводи, Судот смета дека со оспорените членови 3, 4, 5 и 6 од Правилникот ниту се одземени ниту се ограничени права од работен однос.

Имено, според Судот, Законот за служба во Армијата на Република Македонија ја утврдил рамката на бројот на бодовите (најнискиот и највисокиот број на бодови 50-800 или 10-100) за остварување на правото на одредени додатоци на платата во зависност од условите под кои се вршат должностите.

Од содржината на оспорените одредби од Правилникот, евидентно е дека бројот на бодовите се определени во законските рамки. Тоа што во Правилникот не се дадени максималните законски предвидени 800 или 100 бода се должи на извршените сеопфатни анализи на условите под кои се вршат специјалните должности, како и на финансиските можности.

Врз основа на изнесеното Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста и законитоста на оспорените членови 3, 4, 5 и 6 од Правилникот.

Во однос на наводите во иницијативата на Стамен Филипов дека одредбата од член 7 од Правилникот според која истиот влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" е во спротивност со член 52 став 3 од Уставот, Судот оцени дека се неосновани.

Имено, согласно член 52 став 1 од Уставот на Република Македонија, законите и прописите се објавуваат пред да влезат во сила, а според став 3 законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Оттука може да се констатира дека уставната одредба за објавување на Правилникот е исполнета, а дека обврската за Вацатио легис од член 52 став 3 од Уставот, се однесува на законите, а не и на другите прописи, како што е Правилникот.

Поради тоа, Судот оцени дека неможе основано да се постави прашањето за согласноста на членот 7 од Правилникот со членот 52 став 3 од Уставот.

Во однос на тврдењето во иницијативата на Стојан Маџоски дека со оспорениот Правилник не бил определен додаток на плата кој припаѓал по член 167 од Законот за одбрана Судот укажува дека со овој Правилник се утврдуваат посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должностите) и висината на износот на додатокот на основната плата од членовите 150, 151 и 152 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија во зависност од условите под кои се вршат должностите.

Од наведениот член од Правилникот очигледно е дека со овој Правилник се утврдува висината на износот на додатокот на основната плата од членовите 150, 151 и 152 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, а ова овластување произлегува од членот 155 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Според тоа, додатокот на плата кој припаѓа по член 167 од Законот за одбрана, не е предмет на уредување на овој Правилник.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Решението за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот во целина, Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

Во однос на неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 3, 4, 5 и 6 од Правилникот одделно, Судот го донесе решението со мнозинство гласови во истиот состав. (У.бр.134/2003 и У.бр.149/2003)

# 14.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана (временски рок за истакнување на приговор на совеста)**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Defence (time limit for making conscientious objection)*

**- Предвидувањето на правото на истакнување на приговор на совеста до моментот на добивање на покана за служење на воениот рок, произлегува од потребите на организирањето и планирањето на задачите и обврски во одбраната и се наметнува како нужност во периодот на премин од еден во друг статус односно на премин на лицето со статус на регрут во воен обврзник, и не значи ограничување на слободата на уверувањето, совеста и мислата.**

*- The provision of the right to make a conscientious objection until the moment of receiving an invitation to serve out the military service derives from the need to organise and plan the tasks and obligations in defence and imposes itself as a necessity in the period of transition from one into another status, that is a transition of the person having the status of a draftee into a person subject to a military conscription, and does not denote limitation of the freedom of belief, conscience and thought.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 6 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2003).

2. Здружението на граѓани "Мировна акција" од Прилеп преку овластените лица Боро Китановски и Горан Талевски од Прилеп на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со измените на Законот за одбрана се атакувало врз Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија од 12 септември 2002 година со која е укинат став 1 на член 10 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2001).

Понатаму, се наведува дека при примената на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана во практиката воениот обврзник имал право да изрази приговор на совеста во секое време освен во периодот од добивањето на поканата до моментот на неговото упатување на служење во Армијата на Република Македонија.

Примената на овој член предизвикувала и непотребни усложнувања и забуна во постапката во одделенијата за одбрана каде се обраќале воените обврзници кои бараат алтернативна - цивилна служба на воениот рок.

Имено, ним им се укажувало дека не можат да аплицираат за цивилна служба се до моментот додека не бидат упатени на служење на воениот рок во касарна или, пак, им се објаснувало дека

доколку ги исполнуваат условите за одложување на служење на воениот рок, да побараат негово одложување, а потоа доброволно да се пријават за служење на воениот рок во цивилна служба.

Бидејќи членот 3 од Законот утврдувал дека барање за цивилна служба на воениот рок може да се поднесе "до денот на приемот на поканата за упатување на отслужување на воениот рок" се создавал логички парадокс - на што се однесува приговорот на совеста ако тој не може да се поднесе во моментот на приемот на поканата за отслужување на воениот рок?

Врз основа на сето изнесено, подносителите на иницијативата сметаат дека оспорената одредба создавала основа за дискриминација во рамките на една категорија на воените обврзници - регрути. Имено, регрутот може да аплицира за цивилна служба само во периодот од стекнување на статус регрут до моментот на добивање на поканата за служење на воениот рок. Од тој момент се до моментот кога се здобива со статус војник ова право му било ускратено.

3. Судот на седницата утврди дека според член 1 став 1 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2001 и 5/2003) одбраната на Република Македонија се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката.

Според став 5 на наведениот член одбраната на Републиката се остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, законите, Стратегијата за одбрана на Републиката, други документи и меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Според член 2 од Законот, покрај другите права и должности, граѓаните во остварувањето на одбраната ја извршуваат и воената обврска.

Воената обврска се состои од регрутна обврска, обврска на служење воен рок и обврска на служење во резервен состав (член 4 од Законот).

Според член 7 од Законот, служењето на воениот рок трае шест месеци.

Во членот 8 од Законот е предвидено дека по исклучок од член 7 на овој закон регрутот кој од верски или морални убедувања (приговор на совеста) не сака да служи воен рок во Армијата со оружје, може да служи воен рок во Армијата без оружје или да служи воен рок во цивилна служба.

Служењето на воениот рок во случаите од став 1 на овој член трае 10 месеци.

Судот, понатаму утврди дека во оспорениот член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана со кој се менува членот 10 став 1 од Законот за одбрана од 2001 година, кој всушност е укинат со Одлуката на Уставниот суд, е предвидено дека "Регрутот кој сака да служи воен рок согласно со членот 8 од овој закон, поднесува писмено барање до Министерството за одбрана, до денот на приемот на поканата за упатување на отслужување на воениот рок, во кое ги наведува причините и начинот на кој сака да го служи воениот рок".

Во членот 62 став 2 од Законот е предвидено дека "Поканата за служење на воен рок се доставува до регрутот најдоцна 30 дена пред денот на упатување на отслужување на воениот рок".

Судот, исто така, утврди дека во членовите 80-а и 87-а од Законот е регулирано прашањето на истакнување приговор на совеста на војник и воен обврзник во резервниот состав на Армијата и постапката на остварување на тоа право.

4. Уставот на Република Македонија материјата од областа на одбраната ја регулира во посебена Глава VII под наслов "Одбрана на Републиката, воена и вонредна состојба (член 122 до 128).

Меѓутоа, уставотворецот поаѓајќи од фактот што одбраната на земјата е од суштествено значење за политичкиот систем на земјата со што се штити територијалниот интегритет и независноста, не се задржал само на овие одредби.

Имено, низ целиот уставен текст има низа одредби кои гледани во целина го сочинуваат уставниот концепт на одбраната, а кои се однесуваат на положбата на граѓаните во системот на одбраната, дефинирање на ингеренциите на државните органи и положбата и улогата на армијата во одбраната.

Согласно Законот Армијата се организира, подготвува и оспособува за водење на вооружена борба и борбени и други дејствија за остварување на својата уставна функција за одбрана на Републиката.

Армијата се организира во единици, команди, штабови и установи. Видовите се делат на копнена војска и противвоздушна одбрана и воено воздухопловство, а тие се состојат од родови и служби.

Врз основа на ваквата организациона и формациска поставеност се врши пополнување на армијата со регрути, професионални војници, воени старешини и цивилни лица на служба во армијата, како и со материјални средства.

Поаѓајќи од вака поставениот уставен концепт на одбраната со Законот за одбрана кој се донесува со двотретинско мнозинство, покрај другото, се уредува и прашањето на правото и обврската на граѓаните во одбраната на земјата.

Имено, покрај другите права и должности во остварувањето на одбраната граѓаните се должни да ја извршат воената обврска која се извршува во армијата како вооружена сила.

Имајќи предвид дека остварувањето на одредено право и должност утврдено со Уставот, односно правото и должноста на извршување на воената обврска не може да го доведе во прашање остварувањето на некоја слобода исто така утврдена во Уставот, односно не може да се доведе во прашање остварувањето на слободата на уверувањето, законодавецот го уредил прашањето за остварување на правото на приговорот на совеста кое произлегува од уставно гарантираната слобода на уверувањето, совеста и мислата и ја уредил постапката за остварување на ова право за сите категории на воени обврзници (регрути, воени обврзници и воени обврзници во резерва).

Притоа, имајќи во вид дека во таа постапка надлежниот орган во определен рок треба да утврди дека за воениот обврзник - регрут е неприфатливо служењето на воен рок со оружје, според мислењето на Судот, предвидувањето на правото на истакнување на приговорот на совеста до моментот на добивање на покана за служење на воениот рок, не значи ограничување на слободата на уверувањето, совеста и мислата.

Имено, со оспорената одредба не се ограничува правото на истакнување на приговорот, туку тоа право, за определен временски период, кој не може да биде подолг од 30 дена (а тоа е рокот определен со закон во кој регрутот од добивање на поканата за упатување на отслужување на воениот рок до самото упатување и започнување на служење на воен рок) само се одлага.

Притоа, тоа одлагање произлегува од потребите на организирањето и планирањето на задачите и обврските во одбраната и се наметнува како нужност во периодот на премин од еден во друг статус, односно на премин на лицето со статус на регрут во воен обврзник.

Оттука, интенцијата на законодаевецот не била да го ограничи правото и слободата на изразување на правото на приговор на совеста на воениот обврзник, војник и воен обврзник во резерва на што упатуваат и одредбите од член 80-а и 87-а од Законот. Според овие одредби војникот и во текот на служењето на воениот рок во армијата со оружје и на воениот обврзник во резерва кој не сака својата обврска да ја врши со оружје, пред надлежен орган и во утврдена постапка може да го оствари уставното право на слобода на уверувањето.

Имено, наведените законски решенија поаѓаат од фактот што воената обврска е континуирана и се остварува во долг период од животот и фактот што човековото убедување трпи соодветни модификации и промени во текот на времето.

Со оглед на наведеното Судот смета дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со слободата на уверувањето, совеста и мислата утврдена во Уставот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.83/2004)

**2. Финансии, јавни давачки и надоместоци**

*2. Finances, public fees and indemnities*

# 15.

**- Надоместок за користење на радиофреквенции**

*- Indemnity for the use of radio frequencies*

**- Одредби од Законот со кој законодавецот не само што го предвидел надоместокот за користење на радиофреквенции туку ги утврдил и критериумите за пресметување на висината на надоместокот која се изразува во бодови како и вредноста на бодот за одделните надоместоци не е во несогласност со Уставот.**
**Не може да се постави прашањето за согласноста на Одлуката на Владата со Уставот и законот, кога со неа се утврдува техниката на пресметување на бројот на бодовите што е во функција на операционализација на законски одредби.**

*- The provisions in the Law with which not only has the employer envisaged the indemnity for the use of radio frequencies but also has defined the criteria to calculate the amount of the indemnity which is described in points as well as the value of the point for the separate indemnities, are not in contradiction with the Constitution.*
*The question as to the concordance of the Government's Decision with the Constitution and the law may not be an issue when it defines the technique of calculating the number of points which is in the function of operationalisation of legal provisions.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членовите 70 а, 70 б, 70 в, 70 г и 70 д од Законот за телекомуникации ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/1996, 17/1998, 28/2000, 4/2002 и 37/2004).

2. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофрекфенции ("Службен весник на Република Македонија" бр.73/2004).

3. Космофон АД - Скопје преку полномошникот - адвокат Наташа Трпеновска Тренчевска и Мобимак АД - Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 70 а, 70 б, 70 в, 70 г и 70 д од Законот за телекомуникации и оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативите оспорените одредби од Законот за телекомуникации и Одлуката на Владата не биле во согласност со членовите 8, 33, 68 и 91 од Уставот, затоа што во Законот не се утврдени јасни критериуми кои надоместокот за радиофрекфенции би го направиле определен имајќи предвид дека надоместокот за радиофрекфенции претставува јавна давачка која се однесува на субјектите со доделена концесија за обезбедување на јавни телефонски услуги и поседување на јавни телефонски мрежи. Таквата јавна давачка, според подносителите на иницијативите, морало да биде целосно и конечно регулирана со закон, без да се остави можност во тој сегмент да одлучува Владата.

Според подносителите на иницијативите, овластувањето кое произлегувало од оспорените законски одредби, немало уставна

основа, затоа што не ја предвидувало методологијата на пресметување на надоместоците, па од таму Владата без никакво ограничување го определувала бројот на бодовите по одделните критериуми на кој начин се создавала правна несигурност во работењето на друштвата.

Оттука, според подносителите на иницијативата произлегувало дека со Одлуката на Владата се пропишуваат и утврдуваат права и обврски за граѓаните и правните лица кои единствено можат да се утврдат со закон, а не со одлука на Владата, што не било во согласност со член 91 алинеја 5 од Уставот и со Законот за Владата.

Во иницијативите, исто така, се наведува дека Одлуката за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофрекфенции не била во согласност со Уставот, затоа што во неа било предвидено таа да влезе во сила наредниот ден од денот на објавувањето, наместо осум дена по објавувањето.

Воедно, со иницијативите се бара Судот да донесе и решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на оспорените акти.

Ова барање подносителите го засноваат на фактот што веднаш по влегувањето во сила на оспорената Одлука, Управата за телекомуникации доставила фактура за наплата на годишен надоместок за користење на радиофрекфенции за 2004 година заснована на наведените акти. Притоа, начинот на кој бил пресметан надоместокот претставувало воведување на ретроактивно дејство на законот и другите прописи во услови кога нивното дејство е понеповолно за граѓаните што било спротивно на член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 70 а од Законот за телекомуникации е утврдено дека за правото на користење на радиофреквенциите односно радиофреквенцискиот опсег се плаќа годишен надоместок, чија висина се утврдува врз основа на следните критериуми: видот и намената на радио станицата, радиофреквенцискиот опсег, ширината на доделените радио канали, ефективната височина на антената, големината на сервисната зона и заедничкото користење на фреквенциите.

Висината на надоместокот се изразува во бодови, а вредноста на бодот за утврдување на овој вид надоместок изнесува 3 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

Понатаму, во овој член е утврдена вредноста на бодот за висината на надоместокот за користење на радиофреквенциите во други радиокомуникациски служби кој изнесува 5 евра, а надоместокот се плаќа за целата тековна година од денот на издавањето на дозволата за работа на радио станицата на сметка на Управата за телекомуникации.

Во членот 70 б од Законот, е утврден надоместокот за користење на доделените броеви и серии на броеви за јавните телекомуникациски мрежи и јавните телекомуникациски услуги, кој се плаќа годишно од денот на доделувањето на сметка на Управата за телекомуникации.

Висината на овој вид надоместок се изразува во бодови врз основа на намената на серијата на броевите и должината на доделените броеви, а вредноста на бодот изнесува 1,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

Според член 70 в од Законот, надоместокот за надзор за кабелска радио - телевизиска мрежа се плаќа месечно на сметка на Управата за телекомуникации 60% и на сметка на Советот на радиодифузија 40% врз основа на бројот на крајните кориснички приклучоци утврден со динамиката во договорот за концесија.

Висината на овој надоместок се изразува во бодови, а вредноста на бодот изнесува 1 евро во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

Во членот 70 г од  Законот е предвиден надоместок за вршење на технички преглед на радио станиците кој се плаќа на сметка на Управата за телекомуникации при вршење на технички преглед.

Висината на надоместокот се изразува во бодови врз основа на следните критериуми: видот и намената на радио станицата, радио фреквенцискиот опсег, моќноста на радио станицата и ангажираните технички средства за вршење на технички

преглед, а вредноста на бодот изнесува 1 евро во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

Во членот 70 д од Законот е предвидено дека бројот на бодовите по одделните критериуми за пресметка на надоместоците од членовите 70 а, 70 б, 70 в и 70 г ги утврдува Владата на Република Македонија.

Судот, исто така, утврди дека врз основа на член 70д од Законот за телекомуникации, Владата на Република Македонија на 18 октомври 2004 година донела Одлука за утврдување на бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции.

Според член 1 од Одлуката  со оваа одлука се утврдува бројот на бодовите за пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на радиофрекфенции.

Во членот 2 од Одлуката е предвидено дека бројот на бодовите се утврдуваат врз основа на следните критериуми: видот и намената на радиостаницата, радиофрекфенцискиот опсег, широчината на доделените радио канали, ефективната височина на антената, големината на сервисната зона и заедничкото користење на истата фрекфенција.

Бројот на бодовите се утврдува за радиостаници во: копнена мобилна служба, воздухопловна и радионавигациска служба, фиксна служба, сателитска служба и радиодифузна служба.

Понатаму во членовите 3 до 9 од Одлуката е уреден методот на утврдување на бројот на бодовите за копнена мобилна служба, воздухопловна и радионавигациска, фиксна, сателитска и радиодифузна служба.

Во член 10 од Одлуката е предвидено дека оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 4 од Уставот, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, се од темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Со член 33 од Уставот се уредува дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон, а според член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки.

Според член 56 став 1 од Уставот, сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита, а според став 3 од овој член, со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Според член 91 од Уставот, Владата на Република Македонија, покрај другото, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување, донесува уредби и други прописи за извршување на законите, утврдува начела за внатрешната организација и за работата на министерствата и другите органи на управата, ја насочува и врши надзор над нивната работа и врши и други работи утврдени со Уставот и со закон.

Од анализата на наведените уставни одредби произлегува дека право е на законодавецот со закон да ги утврди даноците и дргите јавни давачки и дека ова право не е ограничено ниту во поглед на предметот на оданочувањето ни во поглед на субјектите и дека во рамките на остварувањето на ова право законодавецот е должен не само да го воведе видот на данокот, туку и да го уреди и начинот на неговото пресметување и плаќање.

Исто така, право е на законодавецот да го уреди начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката се отстапуваат на користење.

Од наведените одредби, јасно произлегува дека Уставот го регулира прашањето на третманот на природните богатства, добрата во општа употреба и односите на државата кон овие вредности кои можат да се отстапат на користење на начин и услови утврдени со закон.

Имајќи предвид дека радиофреквенциите се ограничен природен ресурс со кој управува државата и истите може да ги додели на користење, односно да ги даде под концесија согласно начинот и условите утврдени со закон произлегува, дека за користење на ова јавно добро се плаќа надоместок.

Оттука, надоместокот за правото на користење на радиофреквенциите по својот карактер, начинот на пресметување и плаќање не е јавна давачка туку надоместок кој концесионерите треба да го платат за користење на овој природен ресурс.

Според тоа, имајќи го предвид утврдениот режим и третман на природните богатства како добра од општ интерес за Републиката, со Законот за телекомуникации се уредуваат условите и начинот под кои се остварува дејноста во областа на телекомуникациите, изградбата, одржувањето и употребата на телекомуникациски мрежи и средства, односите меѓу давателите и корисниците на телекомуникациските услуги, конкуренцијата во областа на телекомуникациите, обезбедување на универзални услуги, издавање на концесија и вршењето на телекомуникациските услуги по пат на концесија, управувањето, користењето и контролата на радиофреквентниот спектар, производството, увозот, продажбата, користењето и одржувањето на радиостаници, терминална опрема и други прашања поврзани со телекомуникациите.

Телекомуникациите кои значат пренос, предавање или прием на пораки во форма на знаци, сигнали, пишуван текст, слика или звук преку жичани, радио, оптички или други електромагнетни системи, согласно членот 4 од Законот можат да бидат јавни (кои се вршат за јавноста и се остваруваат преку телекомуникациски мрежи и средства), и за сопствени потреби (што ги обезбедуваат и вршат одделни државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговски друштва и други правни и физички лица преку телекомуникациската мрежа, исклучиво наменети за задоволување на своите потреби). Дејностите и работите од областа на телекомуникациите се вршат со одобрение, во согласност со овој закон, а одделни дејности и работи од оваа област се вршат и по пат на концесија.

Јавните телекомуникациски услуги и користењето на радиофреквентниот спектар, согласно членот 3 од наведениот закон, се утврдени како работи од јавен интерес за Република Македонија.

Со оглед на наведеното, а имајќи ја предвид анализата на Законот за телекомуникации, како и содржината на оспорените законски одредби, произлегува дека оспорените законски одредби имаат уставна основа и не може да се постави прашањето за повреда на принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска и на принципот на владеење на правото. Ова, пред се, поаѓајќи од фактот што законодавецот во оспорените одредби не само што го предвидел надоместокот за користење на радиофреквенциите кој концесионерите го плаќаат за користење на јавното добро, туку ги утврдил и критериумите за пресметување на висината на надоместоците која се изразува во бодови, како и вредноста на бодот за одделните надоместоци.

При ваква состојба на утврдување на надоместоците, законодавецот поаѓајќи од уставната положба на Владата како носител на извршната власт, која покрај другото ја утврдува политиката на извршување на законите и е одговорна за нивно извршување ја овластил Владата, врз основа на утврдените критериуми во Законот, да го утврди само вкупниот број на бодови.

Оттука, Судот оцени дека даденото законско овластување на Владата да го утврдува вкупниот број на бодови претставува извршување на одредбите од Законот и тоа не значи навлегување во законодавната власт.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на членовите 70 а, 70 б, 70 в, 70 г и 70 д од Законот за телекомуникации со наведените уставни одредби.

6. При заземањето на ставот според кој оспорените одредби од Законот за телекомуникации и Одлуката на Владата не се во несогласност со Уставот, Судот ја имаше предвид Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.87/2002 од 6 ноември 2002 година на која се повикуваат подносителите на иницијативата.

Со наведената одлука Уставниот суд ги укинал членовите 17 став 2 алинеја 4 и 61 од Законот за телекомуникации, Правилникот за висината на надоместокот за користење на радиофреквенциите и Правилникот за утврдување на висината на надоместокот за надзор на кабловската радио телевизиска мрежа.

Имено, во оваа одлука Судот изразил став дека овластувањето кое произлегувало од наведените законски одредби, нема уставна основа поради тоа што законот не содржел критериуми за определување на висината на надоместоците кои ќе бидат разработени со акти на министерот и дека ова овластување отстапувало од општиот принцип на поделба на власта. Тргнувајќи од темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија за поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, министерот како еден од органите на извршната власт не може да има овластување во законодавната власт. Даденото овластување со оспорените законски одредби, во конкретниот случај министерот со свои акти да пропишува критериуми, висина и начин на плаќање на надоместоци, значело навлегување во законодавната власт која е издвоена од извршната власт, што е спротивно на членот 8 став 1 алинеја 3 и 4, член 68 став 1 алинеја 3, член 91 и член 96 од Уставот на Република Македонија.

Судот, исто така, имаше предвид дека целта на донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации кои измени ги опфаќаат и оспорените членови од Законот, е да се надмине состојбата како последица од Одлуката на Уставниот суд и прашањето на надоместоците да го уреди на тој начин што во законот ќе ги утврди критериумите, висината и начинот на плаќање на надоместоците за користење на радиофреквенциите. Всушност, според мислењето на Судот, оспорените одредби се во функција на извршување на Одлуката на Уставниот суд.

7. Според член 88 од Уставот, Владата на Република Македонија е носител на извршната власт, која своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според член 91 од Уставот, Владата на Република Македонија, покрај другото, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување, донесува уредби и други прописи за извршување на законите, утврдува начела за внатрешната организација и за работата на министерствата и другите органи на управата, ја насочува и врши надзор над нивната работа и врши и други работи утврдени со Уставот и со закон.

Согласно член 35 од Законот за Владата на Република Македонија за извршување на законите Владата, меѓу другото донесува одлуки.

Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека Владата на Република Македонија, во системот на организацијата на државната власт, заснована врз принципот на поделбата на власта, е дефинирана како носител на извршната власт, и како таква таа е самостојна и независна во утврдувањето на политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието, во донесувањето на прописи за извршување на законите и во вршење на другите работи, што ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Имајќи ги предвид наведените уставни одредби како и содржината на Одлуката, Судот оцени дека со неа се врши разработување и конкретизирање  на членовите 70 а, 70 б, 70 в, 70 г од Законот за телекомуникации во кои се утврдени надоместоците за користење на радиофрекфенции.

Имено, според мислењето на Судот, со оспорената одлука се утврдува техниката на пресметување на бројот на бодовите врз основа на критериуми утврдени со Закон што е во функција на операционализација на законските одредби, поради што не може да се постави прашањето за нејзината согланост со Уставот и Законот за Владата на Република Македонија.

8. Во однос на барањето Судот да донесе решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на оспорените акти а кое барање подносителите го темелат на фактот што според нив начинот на кој е пресметан надоместокот за радиофреквенции претставува воведување на повратно дејство, според  мислењето на Судот е неосновано.

Имено,  во конкретниов случај не може да стане збор дека оспорените акти имаат повратно дејство, затоа што обврската за плаќање на годишен надоместок произлегува од член 34 од Законот за телекомуникации, односно обврската за плаќање на тој надоместок почнува од денот на доделувањето на концесијата за правото за користење на радиофрекфенција. Оттаму, дали тој надоместок ќе биде утврден на почетокот на годината или во кој било друг период од годината е ирелевантно за уставноста на оспорената одредба.

Во однос на наводот дека надоместокот бил утврден и за период кога правните субјекти немале добиено дозвола за користење

на радиофрекфенции Судот оцени дека е фактичко прашање за кое не е надлежен да одлучува.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

10. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.189/2004)

# 16.

**- Престанување на правен основ кој произлегува од укината законска одредба на која се заснова подзаконскиот пропис (Правилник), претставува основа за негово отстранување од правниот поредок**

*- Termination of a legal basis deriving from a repealed legal provision on which the bylaw (Book of Rules) is based, is the basis for its removal from the legal order*

**- Престанување на правен основ кој произлегува од укината законска одредба на која се заснова подзаконскиот пропис (Правилник), претставува основа за негово отстранување од правниот поредок и едновремено претставува престанување на законската можност министерот да го уредува ова прашање со подзаконски пропис**

*- The termination of a legal basis deriving from a repealed legal provision on which the bylaw (Book of Rules) is based, is the basis of its removal from the legal order and at the same time is termination of the legal possibility for the Minister to govern this issue by a bylaw.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 декември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.94/2004 од 3 ноември 2004 година, по повод иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, поради тоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и законот.

4. Судот на седницата утврди дека Правилникот за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција содржи три глави, односно 44 члена, од кои Глава И ги регулира општите одредби, Глава II ја регулира примената на одредбите за надлежност на финансиската полиција и Глава III ја содржи завршната одредба.

5. Според член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и законите.

Според член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Во членот 6 став 2 од Законот за финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2002) била предвидена можноста министерот за финансии да донесе поблиски прописи за начинот и постапката за примена на одредбите од став 1 на овој член.

Постапувајќи во рамките на овластувањата кои произлегувале од цитираната законска одредба министерот за финансии го донел сега оспорениот правилник.

Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.40/2003 од 30 јуни 2004 година го укина членот 6 став 2 од Законот за финансиска полиција оценувајќи дека со наведеното законско овластување се засега во уредување на прашања од кривичната постапка како една од видовите на судските постапки која може да биде уредена само со закон што се донесува со двотретинско мнозинство на гласови и со што се отстапува од општиот принцип на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, поради што истиот не е во согласност со одредбите на Уставот.

Правилникот за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција е акт кој ја црпи својата основа во членот 6 став 2 од Законот за финансиска полиција и претставува негова операционализација. Но, со укинувањето на законскиот основ, Судот оцени дека министерот за финансии го губи правото, односно нема законско овластување да донесува поблиски прописи за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција.

Судот оцени дека престанувањето на правниот основ кој произлегува од укинатата законска одредба на која се заснова оспорениот Правилниик, претставува основа за негово отстранување од правниот поредок и едновремено претставува престанување на законската можност министерот за финансии да го уредува ова прашање со подзаконски пропис. Оттука, произлегува дека оспорениот правилник не е во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.94/2004)

# 17.

**- Правилник за издавање на документ - касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, Министерство за финансии на Република Македонија**

*- A Book of Rules for issuing a document - a cash register account for cancelled transaction and for the functional and technical characteristics that fiscal devices and integrated automatic management system should have, Ministry of Finance of the Republic of Macedonia*

**- Во функција на операционализација на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, министерот за финансии е овластен со правилник да го определи значењето на одделни стручни поими кои се употребуваат во него.**
**Со предвидувањето обврска за производителот на апаратот во првите години да врши негово сервисирање, не се повредува еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот.**

*- In the function of operationalisation of the Law on Registering Cash Payments, the Minister of Finance is authorised to determine, with a book of rules, the meaning of certain professional terms that are used therein.*

*The stipulation of an obligation for the maker of the device to service it in the first years does not violate the equal legal position of all subjects on the market.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 25 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 и член 40 став 1 од Правилникот за издавање на документ - касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2001 и 57/2001).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на ова решение.

Според наводите во иницијативата министерот за финансии не бил овластен со правилник да дефинира одделни поими, поради што Правилникот не бил согласен со членовите 10 став 2 и 19 од Законот за регистрирање на готовински плаќања и членовите 55 став 1 и 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Членот 40 став 1 од Правилникот, според подносителот на иницијативата, исто така, не бил согласен со членовите 10 став 2 и 19 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања, затоа што предвидувал во првите седум години сервисирањето на фискалните апарати да може да го врши само производителот, со што се исклучувале сите други правни и физички лица за техничко

одржување или сервисирање во земјата, а тоа значело повреда на член 9 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека оспорениот член 2 од Правилникот спаѓа во главата I – Општ дел и подглава која гласи: "дефинирање на поимите".

Ставот 1 на овој член предвидува дека станува збор за поими кои што се употребуваат во овој Правилник и дека овие поими имаат одредено значење па, во натамошниот текст се експлицира што значи фискален апарат, фискален модул, фискална меморија, фискален екран, уред за печатење, работна меморија, дневен финансиски извештај, фискална сервисна пломба и сл.

Исто така, согласно членот 40 став 1 од Правилникот за сервисирањето на одобрената фискална опрема кое ќе се врши за периодот од најмалку седум години, производителите склучуваат договор со Управата за јавни приходи со тоа што ќе се води евиденција во која се содржани следните елементи: назив на фирмата, седиштето, адресата и даночниот број; комерцијално име на типот и моделот; регистарскиот број на фискалниот апарат; бројот на дозволата за одобрување на типот и моделот на апаратот и број на страни.

4. Правилникот е донесен врз основа на член 10 став 2 од Законот според кој документот за касова сметка го пропишува министерот за финансии.

Членот 19 од Законот кој, исто така, служи како основ за донесување на Правилникот предвидува министерот за финансии да ги пропишува функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување, елементите на фискалната сметка, начинот на проверка и контрола на фискалните апарати и правилата за техничко одржување и сервисирање на истите.

Согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа министерот, меѓу другото, донесува правилници за извршување на законите.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека во случајов, министерот за финансии определувањето на значењето на

одделните стручни поими кои се употребуваат во Правилникот, го сторил во функција на операционализација на Законот за регистрирање на готовинското плаќање, поради што не може да се постави прашањето за законитоста на членот 2 од Правилникот од овој аспект.

Во врска со прашањето дали со предвидувањето производителот на апаратот, во првите седум години да врши сервисирање не се повредува начелото на еднаквост на граѓаните и начелото на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот, Судот оцени дека таква повреда не постои, поради следното:

Согласно член 9 став 2 од Уставот граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Согласно член 55 став 2 од Уставот Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Имајќи ги предвид овие уставни одредби наспроти оспорената одредба од членот 40 став 1 од Правилникот, која предвидува производителот на апаратот да врши сервисирање на истиот во следните седум години, Судот оцени дека членот 40 став 1 од Правилникот нема допирни точки со овие одредби од Уставот, од причина што условот за седумгодишен сервис е само еден вид гаранција дека апаратот што е набавен е во исправна состојба и неговото сервисирање оди во прилог на таа гаранција.

Од тие причини Судот оцени дека не може да се постави прашањето за повреда на начелото на еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите ниту за повреда на начелото на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.104/2003)

# 18.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност (висина на даночна стапка за новоизградени станови)**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Value-Added Tax (the amount of the tax rate for newly built apartments)*

**- Со предвидувањето на нови услови и рокови за користење на повластена даночна стапка на првиот промет на станови и станбени згради наменети за станбени цели, се доведува во прашање принципот на правната сигурност како елемент на владеење на правото, односно се повредуваат врз закон заснованите легитимни очекувања на субјектите дека правните односи и последиците од нив во поглед на даночните обврски ќе се завршат на начин предвиден со одредбите што биле законска рамка за нивно настанување.**

*- The provision of new conditions and time-limits for the use of special tax rate of the first sale of apartments and apartment buildings intended for housing purposes questions the principle of legal security as an element of the rule of law, that is, violates the legally based legitimate expectations of the subjects that the legal relations and the consequences from them regarding tax obligations will end in a manner prescribed in the provisions that were the legal framework for their occurrence.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 март 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 24 во делот "и доколку истите бидат изградени до 31 декември 2003 година, а ќе бидат ставени во промет до 31 март 2004 година" од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност" ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2003).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Убавка Мицова од Скопје, со решение У.бр.189/2003 од 25 февруари 2004 година, поведе постапка за оценување на уставноста на член 24 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на оспорениот член со начелото на владеење на правото и принципот на забрана на ретроактивно дејство на законите утврдено во Уставот.

4. Во текот на постапката Судот утврди дека во член 23 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр.44/1999) е предвидено дека од данокот на додадена вредност се ослободува, помеѓу другото, и прометот на станбени згради и станови, во оној дел во кој истите се користат за станбени цели, со исклучок на првиот промет кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата.

Во член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр.86/1999) било предвидено дека првиот промет на станбените згради и становите чие градење отпочнало пред 1 април 2000 година се ослободуваат од данок на додадена вредност до 31 декември 2000 година, а даночните обврзници за истиот период го задржуваат правото на одбиток на претходно платениот данок.

Во член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр.8/2001) било предвидено дека во Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр.44/1999, 59/1999, 86/1999 и 11/2000), во членот 30, а кој се однесува на повластената стапка од

5%, се додава точка 12 во која е предвидено дека повластената стапка ќе се применува и на првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата.

Според тоа, со наведените измени како материјално решение, со Законот се вовела повластена даночна стапка од 5% за првиот промет на станбени згради и станови кој ќе се изврши во период од 5 години по изградбата.

Со член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр.21/2003), членот 30 се менува на начин што повластената стапка од 5% на првиот промет на станбени згради и станови за становање се укинува.

Во оспорениот член 24 од наведениот закон е предвидено дека "Повластената даночна стапка од 5% ќе се применува и на првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели, но само доколку нивната изградба е започната пред денот на влегување во сила на овој закон и доколку истите бидат изградени до 31 декември 2003 година, а ќе бидат ставени во промет до 31 март 2004 година".

Судот, исто така, утврди дека според член 31 став 1 точка 1 од Законот за данокот на додадена вредност, даночниот долг настанува во моментот кога е извршен прометот на доброто, а според став 2, кога плаќањето е извршено пред извршувањето на прометот, време на настанување на даночниот долг е моментот кога е добиено плаќањето во висина на данокот за добиениот износ.

5. Според член 8 од Уставот на Република Македонија темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото, е владеењето на правото.

Според член 33 од Уставот, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Според член 52 став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

6. Од анализата на наведените законски одредби со кои се уредува режимот на плаќање на данокот на додадена вредност, произлегува дека предмет на оданочување на првиот промет се становите наменети за станбени цели што се извршува во рок од пет години по изградбата како општо правило, независно од тоа за каква стапка ќе се определи законодавецот.

Со член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр.8/2001), со кој се менува членот 30, а кој се однесува на повластената стапка од 5%, се до донесување на оспорениот закон во правниот поредок на Република Македонија важело правилото дека овој промет се оданочува со повластена стапка на данок на додадена вредност доколку прометот се изврши во рок од пет години по изградбата.

Според тоа, ова правило за сето време на неговото важење претставувало предвидлива рамка врз основа на која субјектите во правото можеле да ги донесуваат своите одлуки за влегување во правни односи насочени кон изградба и ставање во промет на становите.

Меѓутоа, според мислењето на Судот, законодавецот со оспорениот член ги менува роковите за завршување на изградбата и ставање во промет на становите односно се впушта во уредување на односи кои претходно биле уредени на начин со кој на субјектите во иднина им се гарантирала една воспоставена состојба.

Имено, влегувањето на субјектите во односи за изградба, односно купување на станови со авансно плаќање во време на важење на претходниот правен режим со кој била пропишана стапка од 5% за првиот промет на становите по изградбата, според мислењето на Судот претставува основ да се тврди дека тие субјекти имале легитимни на закон засновани очекувања дека правниот однос и последиците од него во поглед на даночните обврски ќе се заврши така како што тоа било регулирано со претходниот закон.

Со оспорениот член законодавецот не го почитувал тоа што првично го гарантирал и утврдил нови услови и рокови под кои ќе се примени повластената даночна стапка.

7. На подготвителната седница што Судот ја одржа по повод оценувањето на уставноста на оспорениот член, покрај подносителот на иницијативата, учествуваа и претставници на

Министерството за финансии и научни работници од Правниот и Економскиот факултет во Скопје.

На подготвителната седница од страна на учесниците во основа беа изнесени две спротивставени мислења во поглед на повратното дејство на оспорената одредба и принципот на заштита на легитимните очекувања.

Според едното мислење оспорената одредба нема повратното дејство, затоа што како момент на настанување на даночната обврска се смета моментот на ставање на становите во промет и нејзината примена не се однесува на веќе извршен промет во минатото.

Според тоа, првиот промет на становите по влегување во сила на законот ќе се оданочува според стапката што тој ја предвидел, која изнесува 18%, а оспорениот член се појавува како погодност за оние кои ја започнале изградбата на становите пред неговото влегување во сила доколку ги исполнат условите предвидени во него.

Според другото мислење, оспорената одредба има повратно дејство без оглед на тоа што моментот на прометот ќе се случи за време на важење на новиот закон, имајќи го предвид фактот што претходниот закон веќе го регулирал идниот прв промет на станови како гарантирана правна ситуација според кој субјектите го одредувале своето однесување односно на субјектите им се гарантирало дека идниот прв промет на станбени згради и станови кои се користат за станбени цели во рок од пет години ќе се оданочува по повластена стапка од 5%.

Воедно, со оспорената одредба според ова мислење се повредува принципот на заштита на легитимните очекувања на субјектите како елемент на начелото на владеење на правото.

8. Од наведените уставни одредби, од извршената анализа на одредбите од Законот за данок на додадена вредност кои се однесуваат на стапката на данокот на додадена вредност, како и фактот што законодавецот повластената стапка од 5% не ја врзува само со започнување на изградбата на становите пред влегување во сила на Законот, туку и со изградбата на становите до одреден временски период, односно нивно ставање во промет до одреден временски период, Судот оцени дека оспорената одредба од Законот има повратно дејство, без оглед на тоа што моментот на прометот ќе

се случи во време на важење на Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2003). Ова од причини што претходниот закон веќе го регулирал идниот промет на становите како гарантирана правна ситуација според која субјектите го одредувале своето однесување и влегле во соодветни правни односи, кои не само што се од крајно сериозна природа според нивните инвестициони импликации, туку имаат и релативно траен правен ефект.

Поради тоа, Судот утврди дека оспорената одредба не е во согласност со принципот на забрана на повратно дејство на законите.

Воедно, Судот оцени дека со оспорената одредба во делот во кој се утврдени нови услови и рокови за користење на пов ластената даночна стапка се доведува во прашање и принципот на правната сигурност како елемент на владеење на правото, односно се повредуваат врз закон заснованите легитимни очекувања на субјектите дека правните односи и последиците од нив во поглед на даночните обврски ќе се завршат на начин предвиден со одредбите што биле законска рамка за нивно настанување, поради што Судот оцени дека таа не е во согласност и со начелото на владеење на правото.

9. Со оглед на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.189/2003)

# 19.

**- Закон за финансиската полиција**

*- Law on the Financial Police*

**- Со утврдување на право на финансиската полиција да спроведува истраги како процесно дејствие кое е во надлежност на истражниот судија се доведува во прашање начелото на поделба на власта на законодавна, извршна и судска и начелото на владеење на правото.**

**Претресувањето на деловните простории од страна на овластени лица на финансиската полиција без налог на судот го доведува во прашање начелото на неповредливоста на домот.**

**Приведувањето на лица од страна на финансиската полиција што во суштина значи ограничување на слободата на човекот мора да се врши со строго почитување на со закон пропишани услови и постапка.**

**Конфискацијата и одземањето на предмети значат трајно одземање на предмети што е во исклучива надлежност на судот и не може како дејствие да биде во надлежност на финансиската полиција.**

**Правото на употреба на огнено оружје од страна на финансиските полицајци со цел да спречат бегање на превозно средство содржи опасност од злоупотреба во неговата примена на штета на уставниот принцип на неповредливоста на животот на човекот, неговиот физички и морален интегритет и неговата слобода.**

*- The determination of the right of the financial police to conduct investigations as a trial action which is within the competence of the investigative judge questions the principle of division of power into legislative, executive and judicial branch and the principle of the rule of law.*

*The search of business premises by authorised persons of the financial police without a court order challenges the principle of inviolability of the home.*
*Taking in persons by the financial police which essentially means limitation of the freedom of man must take place by strictly observing the conditions and the procedure prescribed by law.*
*Confiscation and taking away objects mean permanent taking away of objects, which is exclusively within the competence of the court, and as an action may not be within the competence of the financial police.*
*The right of financial police officers to use a firearm aimed at preventing the escape of a transportation means contains a danger of misuse in its application to the detriment of the constitutional principle of inviolability of the life of man, his physical and moral integrity and his freedom.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 5 став 1 точка 3, 4, 5 и 6 и став 2, член 6 став 1 точка 4, 6, 8 и 11 и став 2 и член 10 став 1 точка 2 од Законот за финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2002).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива од Стамен Филипов од Скопје и по сопствена иницијатива, со Решение У.бр.40/2003 од 21 април 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста на член 5 став 1 точка 3, 4, 5 и 6 и став 2, член 6 став 1 точка 4, 6, 8 и 11 и став 2 и член 10 став

1 точка 2 од законот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека со Законот за финансиската полиција се основа финансиската полиција и се уредува нејзината организација, надлежност и начинот на работа. Финансиската полиција е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии основана со цел да се спречат нелегалните финасиски активности, односно да се активира борбата против корупцијата, а особено фискалната евазија како исклучително штетно и опасно криминално однесување. Токму во таа насока, во Законот за финансиската полиција се утврдени одредени надлежности со цел да бидат откриени прекршителите вклучени во одредени активности поврзани со даночно затајување, криумчарење или друг вид на кривични дела и прекршоци утврдени во Кривичниот законик, Законот за прекршоците и други закони. Меѓутоа, при утврдувањето на тие надлежности на овој орган, има повеќе непрецизности и недоречености со кои се отежнува остварувањето на основните начела утврдени со Уставот.

5. Судот имајќи го предвид наведеното утврди дека во членот 5 став 1 од Законот, покрај другите, предвидени работи што ги извршува финансиската полиција е утврдено дека таа врши истрага.

Имено, според точките 3, 4, 5 и 6 од став 1 на член 5 од Законот, финансиската полиција врши:

"Истраги против едно или повеќе лица за кои постои основано сомневање дека се вмешани во недозволени финансиски активности кои се против економските интереси на земјата во целина или на одредени сектори од стопанството, кои се организираат во земјата или се од меѓународен карактер и се во надлежност на Министерството за финансии;

Истраги во кои се вклучени физички лица или претпријатија кои се занимаваат со активности кои се во спротивност со постојните прописи за перење на пари, даноци или други видови финансиски криминал;

Истраги на финансиски криминал кој не може да се докаже непосредно со постојните докази и вклучува методи на посредно докажување, како на пример: трошоци, процена на вредности или постоење на банковни сметки и слично, кои се користат во случаи

кога дел или целокупната финансиска документација на даночниот обврзник не постои, е уништена или поради друга причина недостапна;

Истраги во случаи кога постои сомневање за склучени договори од сомнителен карактер".

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 и 4 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се и владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со член 98 став 1 и 2 од Уставот е утврдено дека судската власт ја вршат судовите кои се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Според став 5 од овој член од Уставот, видовите, надлежностите, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Поаѓајќи од наведените уставни одредби законодавецот со Законот за кривичната постапка ги уредил процесните правила и правно пропишаните форми на постапување на субјектите и учесниците во кривичната постапка со која се обезбедува уставното начело на презумпција на невиност.

Во функција на остварување на ова начело Законот за кривичната постапка го сообразил постапувањето на надлежните органи кои имаат задача да ги откриваат, гонат и судат сторителите на кривични дела.

Според овој закон, истрагата е стадиум во кривичната постапка во која овластените државни органи преземаат одредени процесни дејствија кога постои основано сомненние дека определено лице сторило кривично дело. Истрагата се спроведува по барање на јавниот обвинител кое се поднесува до истражниот судија на надлежниот суд.

Барањето за спроведување истрага се однесува на конкретно едно или повеќе лица за едно или повеќе дела со што се определуваат димензиите на субјективниот и објективниот идентитет помеѓу барањето на јавниот обвинител и истрагата.

Иако барањето за истрага на јавниот обвинител или овластениот тужител е процесна претпоставка, таа нема задолжителен карактер. Имено, истражниот судија е тој кој по приемот на барањето испитува дали постојат материјалноправни и процесноправни претпоставки за истрага, па врз основа на тоа донесува решение за спроведување на истрага, од кој момент се смета дека е започната кривичната постапка.

Истражниот судија по правило пред да донесе решение за спроведување на истрага го испитува лицето против кое се бара спроведување на истрага освен доколку постои околноста опасност од одлагање.

Од наведеното произлегува дека за да се преземат одделни дејствија, во секој случај, претходно треба да биде донесено решение за спроведување на истрага.

Во членот 153 од Законот за кривичната постапка е предвидено кога не се спроведува истрага ако за тоа се согласи истражниот судија, а на предлог на јавниот обвинител.

Истрагата ја спроведува истражниот судија при што одделни дејствија тој може да ги довери и на органите за внатрешни работи.

Имајќи го предвид наведеното може да се заклучи дека по донесување на решение за спроведување на истрага, истрагата ја спроведува истражниот судија и е одговорен за законитоста и ефикасноста на истражната постапка. Спроведувањето на истрагата е право и должност на истражниот судија кој одлучува за времето, местото и редоследот на преземање на истражните дејствија и не постои никаква процесна можност на истражниот судија да му се одреди начинот на постапување.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби и од одредбите на Законот за кривичната постапка со кои меѓу другото е уредено и прашањето на истрагата како процесно дејствие кое е во исклучива надлежност на суд, а имајќи ја предвид содржината на точките 3, 4, 5

и 6 од член 5 став 1 од Законот за финансиската полиција, според кои е дадено право на финансиската полиција да спроведува "истраги", со што се доведува во прашање начелото на поделба на власта на законодавна, извршна и судска и начелото на владеење на правото, Судот оцени дека тие одредби не се во согласност со одредбите на Уставот.

6-а. Судот, исто така, утврди дека во член 6 став 1 точка 4 од Законот е предвидено дека финансиската полиција врши претресување на деловни простории на осомничениот и други простории, по сопствена оцена или по барање на Јавното обвинителство.

Според член 8 став 1 алинеја 1, 6 и 11 од Уставот како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, правната заштита на сопственоста и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Според член 26 од Уставот се гарантира неповредливоста на домот.

Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривично дело или заштита на здравјето на луѓето.

Поаѓајќи од значењето на домот како услов за живот и работа на човекот, неповредливоста на домот, Уставот ја гарантира на начин што неповредливоста може да биде ограничена само со одлука на суд и кога е во прашање откривање и спречување на кривично дело или заштита на здравјето.

Меѓутоа, имајќи го предвид фактот што Уставот од една страна предвидува максимална иако не апсолутна неповредливост на домот, а Законот за кривичната постапка во член 198, покрај другите истражни дејствија предвидува и претрес на дом и други простории на обвинетиот, Судот смета дека уставната гаранција за неповредливоста на домот треба да се протега и на неповредливоста на други простории.

Со оглед на изнесеното, Судот оцени дека со претресувањето на деловните простории од страна на овластените лица на

финансиската полиција без налог на судот се доведува во прашање начелото на неповредливоста на домот, поради што утврди дека член 6 став 1 точка 4 од Законот не се во согласност со одредбите на членовите 8 и 26 од Уставот.

6-б. Судот понатаму утврди дека во член 6 став 1 точка 6 од Законот е предвидено дека покрај другото, финансиската полиција при вршењето на своите надлежности има право да приведува лица кои се под истрага или ја попречуваат или оневозможуваат истрагата или постапката.

Според член 12 став 1 од Уставот, слободата на човекот е неприкосновена. Според став 2, никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на суд и во случаи и во постапка утврдена со закон, а според ставот 3 на овој член од Уставот лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка.

Од наведената уставна одредба произлегува дека Уставот прокламирајќи ја неприкосновеноста на слободата на човекот како негово основно право, истовремено ги утврдува и основните услови и начинот на нејзиното ограничување, така што утврдува дека никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон. Според тоа, нејзиното ограничување мора да се врши со строго почитување на законските, односно со закон пропишаните услови и постапка, со што се исклучува секакво самоволие на кој било орган. Посебна гаранција е надлежноста на судот како независен и самостоен орган кој одлучува за нејзиното ограничување.

Според тоа, граѓанинот може да биде лишен од слобода кога таквиот случај е предвиден со закон и кога за тоа постои одлука на судот за негово лишување од слобода.

Врз основа на наведеното, а имајќи ја предвид содржината на член 6 став 1 точка 6 од Законот, според која финансиската полиција може да приведе лица, што во суштина значи лишување од слобода, без почитување на уставните начела, Судот оцени дека оспорената одредба не е во согласност со член 12 од Уставот.

6-в. Понатаму, Судот утврди дека во член 6 став 1 точка 8 од Законот е предвидено дека финансиската полиција конфискува стока која е ставена во промет или се транспортира, кога не постои доказ за платени давачки и документација за потеклото на истата, а според точката 11 од овој член, финансиската полиција може да одзема електронски, механички или други апарати кои можат да содржат податоци, записници, други документи или друг вид информации кои се сметаат за потенцијални докази.

Според член 8 став 1 алинеја 3, 4 и 6 од Уставот темелни вредности на уставниот поредок се и владеењето на правото, поделбата на власта на законодавна, извршна и судска и правната заштита на сопственоста.

Прашањето на одземање на предмети што се употребени или што биле наменети за извршување на кривично дело како кривично правна санкција е уредено со Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка.

Имено, во поголем број на законски норми од наведените закони е предвидено кога со пресудата со која обвинетиот е огласен за виновен, покрај предвидената казна затвор или парична казна судот ќе определи конфискација и мерка одземање на предмети, од што несомнено произлегува дека до конфискација и до одземање на предмети може да дојде исклучиво во судска постапка и врз основа на судска одлука.

Оттука, според мислењето на Судот во конкретниов случај, финансиската полиција може само времено да одземе предмети што биле употребени или наменети за извршување на кривично дело со цел тие да послужат како доказ во кривичната постапка, но неможе трајно да ги одземе предметите ниту, пак, да определи конфискација.

Тргнувајќи од наведеното, а имајќи ги предвид уставните одредби, одредбите од Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка, како и содржината на член 6 став 1 точките 8 и 11 од Законот, според кои овластените лица на финансиската полиција можат да конфискуваат и одземаат предмети, според мислењето на Судот конфискацијата и одземањето на предметите значи трајно одземање на предмети што е во исклучива надлежност на судот.

Според мислењето на Судот, со тоа се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок, поради што оцени дека овие одредби не се во согласност со одредбите од Уставот.

7. Понатаму, судот утврди дека во член 5 став 2 од Законот за финансиската полиција е предвидено министерот за финансии да донесе поблиски прописи со кои ќе ги определи критериумите од ставот 1 точка 2 на овој член и за критериумите на посредните методи на докажување на приходите од ставот 1 точка 5 на овој член.

Во членот 6 став 2, пак, од наведениот закон е предвидено дека министерот за финансии ќе донесе поблиски прописи за начинот и постапката за примена на одредбите од ставот 1 на овој член.

Според член 91 алинеја 5 од Уставот, Владата на Република Македонија, покрај другото, донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Во членот 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Од наведените уставни одредби произлегува дека нема уставна пречка министерот да донесува подзаконски прописи за извршување на законите. Меѓутоа, во услови на непрецизни и недоволно јасни решенија со кои се надминуваат уставните рамки на надлежностите на еден орган каков што е финансиската полиција, органот на државната управа, односно министерот за финансии не може да биде овластен да ги уредува таквите прашања.

Тоа дотолку повеќе, ако се има предвид содржината на одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и 4, член 98 став 1, 2 и 5 од Уставот како и содржината на член 5 став 2 и член 6 став 2 од Законот за финансиската полиција со која е дадено овластување на министерот за финансии да донесе поблиски прописи за начинот и постапката за примена на одделни одредби. Врз основа на наведеното, според мислењето на Судот, со наведеното законско овластување се засега во уредување на прашања од кривичната постапка како една од видовите на судските постапки која може да биде уредена само со закон и се отстапува од општиот принцип на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, поради што

оцени дека член 5 став 2 и член 6 став 2 од Законот не се во согласност со одредбите од Уставот.

8. Судот, исто така, утврди дека во член 10 став 1 точка 2 од Законот е предвидено дека финансиските полицијци во вршењето на службена задача можат да употребат огнено оружје за "да спречат бегање на превозно средство".

Според член 8 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е едно од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 10 став 1 од Уставот, животот на човекот е неприкосновен, а според член 11 став 1 од Уставот, физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени.

Според член 12 став 1 од Уставот слободата на човекот е неприкосновена, а според став 2 од овој член, никому не може да му биде ограничена слободата освен со одлука на суд и во случаи и постапка утврдена со закон.

Според член 54 став 1 од Уставот слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот, а според став 4 од овој член, ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Според член 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, правото на живот на секој човек е заштитено со закон. Никој не може намерно да биде лишен од животот, освен со извршување на смртна казна изречена со судска пресуда со која е прогласен за виновен за кривично дело кое според законот се казнува со таква казна. Според точката 2 од наведениот член од Конвенцијата, се смета дека одредбите од овој член не се повредени доколку смртта настапила како резултат на апсолутна потребна употреба на сила:

а) во одбрана на секој поединец од незаконско насилство;

б) при апсење според закон или спречување на бегство на лице уапсено врз основа на закон; и

ц) при законско спречување на немир или бунт.

Од наведените уставни одредби и означената конвенција произлегува дека неприкосновеноста на животот на човекот и неговиот физички и морален интегритет се негово основно и суштествено право, кое е реална основа за остварување на другите негови основни слободи и права. Таквиот карактер на ова право е потврда на општоприфатените светски стандарди за правата и слободите на човекот и граѓанинот и потврда на хуманиот однос спрема човекот како личност и активен чинител во севкупното дејствување во општеството во сопствен и во интерес на заедницата во која живее. Остварувањето на таквото право не може да биде на штета на истото такво право на другите лица. Поаѓајќи од таквата основа, секое општество вклучително и нашето, го задржува правото на употреба на апсолутно потребна сила на начин утврден со закон.

Доделувањето на специфичната власт на полицијата да користи средства на присилба треба да се бара во компромисот што треба да се воспостави меѓу слободата и безбедноста и одржувањето на балансот меѓу контролата на криминалот, како јавен интерес и почитување на правата и слободите на човекот.

Прашањето на балансот упатува на заеднички интерес на заедницата да се заштити од криминалот и на интересот на поединецот да се заштити од можноста системот да профункционира на негова штета.

Во услови на постојан подем на криминалитетот како во формите на своето појавување, така и во средствата на своето извршување, нужно се наметнува употребата на сила, доколку за тоа постојат услови, односно доколку се очекува овластеното лице да се соочи со лице кое е вооружено и опасно и не може да го совлада без да употреби оружје. Во спротивно овластеното службено лице непотребно би било изложено на ризик.

Оттука, може да се заклучи дека не секогаш примената на сила од страна на полицијата односно од финансиската полиција значи повреда на правото на слободата, а особено не тогаш кога било

нужно со оглед на околностите да се спречи некое злосторство или да се одбие од себе или од друг истовремен противправен напад.

Употребата на максимална сила е непожелна во секое демократско општество што треба да подразбере дека и кај најекстремните случаи на криминално однесување не смее да се наметне концептот на располагање со максимална сила од страна на полицијата, односно на финансиската полиција.

Имено, правото на употреба на силата е оправдана само доколку е применета да отстрани зло поголемо од неа самата, односно тоа како средство на присилно спроведување на правото е дозволено во мера и обем која соодветствува на целите кои сакаат да се постигнат.

Тргнувајќи од наведеното, Судот смета дека оспорената одредба според која финансиските полицајци можат да употребат огнено оружје за да спречат бегање на "превозно средство", во себе содржи опасност од злоупотреба во нејзината примена на штета на уставните принципи за неприкосновеност на животот на човекот, неговиот физички и морален интегритет и неговата слобода и е надвор од мерилата и стандардите за оправданата апсолутно потребна употреба на сила во смисла на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, поради што оцени дека член 10 став 1 точка 2 од Законот не е во согласност со напред наведените одредби од Уставот.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.40/2003)

# 20.

**- Уредба за определување на случаите и начинот на одобрување на примената на поедноставена постапка во врска со царинските декларации**

*- Regulation on determination of the cases and manner for approving the application of a simplified procedure regarding customs declarations*

**- Со предвидувањето Царинската управа да може да дозволи примена на поедноставена постапка со која подносителот на декларацијата ќе го ослободи од наведување на определени податоци во истата, при што, ќе го услови во моментот на поднесувањето на барањето да не се води против него постапка поради прекршок, односно кривично дело поврзано со вршењето на неговата дејност се ограничува остварувањето на определени права во управната постапка поради правно нерелевантни околности.**

*- The envisagement that the Customs Administration may allow application of a simplified procedure whereby the submitter of a declaration is released from stating certain data therein, thereby conditioning him that at the moment of submitting the request there is no pending procedure against him for a minor offence, that is, criminal offence, related to the performance of his activity, limits the realisation of certain rights in an administrative procedure due to some legally irrelevant circumstances.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и член 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 6 став 1 точка 4 од Уредбата за определување на случаите и начинот на одобрување на примената на поедноставена постапка во врска со царинските декларации ("Службен весник на Република Македонија" бр.26/2000).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на Ката Бајлозова од Скопје, со решение У.бр.30/2003 на 17 декември 2003 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот, со Законот за кривичната постапка и со Законот за прекршоци.

4. Судот на седницата утврди дека согласно став 1 на точка 4 од членот 6 од Уредбата, Царинската управа може да одобори поедноставена постапка ако покрај посебните услови пропишани со Уредбата, меѓу општите критериуми е предвидено против подносителот на барањето, во моментот на неговото поднесување, да не се води постапка за прекршок односно кривично дело, извршено во врска со неговата дејност.

5. Основ за донесување на оспорената уредба е одредбата од членот 72 од Царинскиот закон според кој царинскиот орган во случаи и на начин што ќе ги определи Владата на Република Македонија, може да одобри примена на поедноставна постапка во врска со царинската декларација.

Врз основа на ова законско овластување, Владата на Република Македонија ја донела оспорената уредба.

Согласно член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Согласно член 2 став 1 од Законот за кривичната постапка лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.

Истото се однесува и за Законот за прекршоците кој во ставот 2 на член 2 предвидува на прекршочната постапка да се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка, доколку со овој закон поинаку не е определено.

6. Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека Владата на Република Македонија, со предвидувањето Царинската управа да може да дозволи примена на поедноставена постапка со која подносителот на декларацијата ќе го ослободи од наведување на определени податоци во истата, при што, меѓу другото, ќе го услови во моментот на поднесувањето на барањето да не се води против него постапка поради прекршок, односно кривично дело поврзано со вршењето на неговата дејност, излегла надвор од границите на нејзините овластувања определени со Уставот и законот ограничувајќи го остварувањето на определени права во управната постапка поради правно нерелевантни околности.

Имено, со овој дел од Уредбата, Владата на Република Македонија всушност, го прекршила начелото на презумција на невиноста, кое е предвидено и во Уставот и во Законот за кривичната постапка и во Законот за прекршоци, поради што Судот оцени дека член 6 став 1 точка 4 од оспорената Уредба не е во согласност со Устав и со закон.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.30/2003)

# 21.

**- Закон за даноците на имот и Закон за персоналниот данок на доход**

*- Law on Property Taxes and Law on Personal Income Tax*

**- Законското овластување на органот за јавни приходи да донесе решение за висината на данокот на имот, односно решение за утврдување на аконтативниот данок на приходите од земјоделска дејност до одреден период во однос во годината за која се утврдува данокот не е во несогласност со начелото на забрана на ретроактивно дејство на законите.**

*- The Legal authorisation of the public incomes authority to pass a resolution on the amount of the property tax, that is, a resolution on determining the advance income tax from agriculture activity until certain time-period in respect of the year for which the tax is being defined, is not inconsistent with the principle of prohibition of retroactive effect of the laws.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 32 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 71/1996, 54/2000 и 24/2003) и член 90 став 3 од Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 70/1994, 71/1996, 28/1997, 8/2001, 50/2001, 52/2001 и 2/2002).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на решението бр.1409-1401/36-1 од 24 февруари 2003 година донесено од Министерството за финансии – Управа за јавни приходи – дирекција во Штип и решението У.бр.18-1612/1 од 18 јануари 2003 година донесено од министерот за финансии.

3. Јордан Донев од Штип, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 32 од Законот за даноците на имот и членот 90 став 3 од Законот за персоналниот данок на доход и за оценување на уставноста и законитоста на решенијата означени во точката 2 од ова решение. Според наводите во иницијативата оспорените законски одредби биле спротивни на членот 52 од Уставот, бидејќи предвидувале органот за јавни приходи да донесува решенија најдоцна до 31 март, односно 30 април во годината, со кои се задолжувале даночните обврзници да плаќаат данок за изминатиот период поради што овие одредби и мале ретроактивна важност, која била спротивна на наведената уставна норма. Исто така, се наведува дека од примената на оспорените законски одредби подносителот на иницијативата бил задолжен со управни решенија бр.1409-1401/36-1 од 24 февруари 2003 година и У.бр.18-1612/1 од 18 јануари 2003 година, да плати данок на државата за 2002 година, и на тој начин неосновано му биле создадени даночни обврски за период од 2002 година со решенија донесени во 2003 година.

Од овие причини, со иницијативата се предлага за оспорените законски одредби и донесените управни решенија Судот да поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 32 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 71/1996, 54/2000 и 24/2003), органот за јавни приходи е должен да донесе решение за висината на данокот на имот најдоцна до 31 март во годината за која се утврдува данокот на имот и да му достави решение на даночниот обврзник за утврдениот данок.

Исто така, Судот утврди дека според членот 90 став 3 од Законот за пресоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 70/1994, 71/1996, 28/1997, 8/2001, 50/2001, 52/2001 и 2/2002), решение за утврдување на

аконтативниот данок на приходите од земјоделска дејност, органот за јавни приходи е должен да донесе најдоцна до 30 април во годината за која се утврдува данокот.

5. Согласно членот 33 од Уставот на Република Македонија, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон, а според членот 68 став 1 алинеја 3 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки.

Согласно членот 52 став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Според членот 1 од Законот за даноците на имот, како даноци на имот се пропишани данокот на имот, данокот на наследство и промет и данокот на промет на недвижности и права.

Со одредбите на членовите 2 до 8 од овој Закон, се уредени прашањата за предметот на оданочување, даночниот обврзник, даночната основа, даночните стапки и даночните ослободувања и олеснувања од данокот на имот.

Според членот 27 од овој Закон, во поглед на начинот на утврдување на данокот, жалбата, присилната наплата, постапката за казните и другите прашања што не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за персоналниот данок на доход со кои се уредува утврдувањето и наплатата на данокот.

Исто така, со одредбите од членовите 28 до 40 од овој Закон, е пропишано дека утврдувањето на наплатата на даноците на имот го врши органот за јавни приходи на чие подрачје се наоѓа имотот; данокот на имот се утврдува врз основа на податоците од даночната пријава, деловните книги на обврзниците и други податоци со кои располага органот за јавни приходи, а обврзникот на данокот на имот е должен да поднесе даночна пријава до 31 јануари во годината за која се врши утврдувањето на данокот. Со членот 32, кој е предмет на оспорување со иницијативата е пропишано дека органот за јавни приходи е должен да донесе решение за висината на данокот на имот најдоцна до 31 март во годината за која се утврдува данокот на имот и да му достави решение на даночниот обврзник за утврдениот данок.

Оттука, поаѓајќи од содржината на оваа законска одредба, не е спорно дека во годината за која се утврдува данокот се донесува решение од надлежниот орган, поради што Судот оцени дека подносителот на иницијативата неправилно ја интерпретира одредбата кога тврди дека со неа било пропишано надлежниот орган да донесува решение за утврдување на даночна обврска за поранешен период, па поради тоа таа имала повратно правно дејство.

Со оглед на тоа според Судот наведениот член од Законот нема ретроактивно дејство односно не регулира на поинаков начин настанати правни состојби во друг правен режим, на што се однесува забраната на повратното дејство на законите и другите прописи предвидена во членот 52 став 4 од Уставот, па оттука оспорената законска одредба не е во спротивност со оваа уставна норма.

6. Судот исто така, утврди дека според членот 1 од Законот за пресоналниот данок на доход, со овој закон се воведува персоналниот данок на доход и се утврдува начинот на оданочувањето на доходот на граѓаните.

Во делот на одредбите од овој Закон, кои се однесуваат на утврдувањето, пресметувањето и наплатата на персоналниот данок на доход е пропишано дека органот за јавни приходи врши утврдување и наплата на данокот на доход. Обврзникот на данокот на доход е должен да поднесе годишна даночна пријава за доходот што го остварил, бидејќи предмет на оданочување е доход кој бил остварен од страна на даночниот обврзник.

Имено, според членот 69, обврзникот на данокот на доход е должен да поднесе годишна даночна пријава за остварениот доход по истекот на годината з а која се утврдува данокот најдоцна до 15 март наредната година. Основот за утврдување на данокот е всушност остварениот доход во годината за која се однесува данокот, при што е разработен систем на пресметување на аконтацијата на данокот на доход во текот на годината. За предвидените два вида аконтации и тоа аконтација на данокот по одбивка и аконтаци ја на данокот по решение, Законот ги пропишал начинот на утврдување и наплата на данокот.

Притоа, за видовите приходи кои се определени со Законот за персоналниот данок на доход за кои се наплатува аконтација на данокот по одбивка, аконтацијата ја пресметува исплатувачот за секој обврзник и за секој поединечно исплатен приход, според

критериуми утврдени со Законот, а се пресметува на начин кој е пропишан од министерот за финансии. За видовите приходи од земјоделска дејност, од самостојна дејност, од капитални добивки и од други приходи аконтацијата на данокот на доходот се утврдува со решение на органот за јавни приходи, врз основа на критериумите пропишани со Законот.

Со оспорената одредба од членот 90 став 3 од овој Закон, е предвидено дека решение за утврдување на аконтативниот данок на приходите од земјоделска дејност, органот за јавни приходи е должен да донесе најдоцна до 30 април во годината за која се утврдува данокот.

Меѓутоа, во однос на изнесената законска одредба треба да се има предвид дека обврзникот кој во текот на годината остварува само приход од плата и пензија, односно од земјоделска дејност кој се оданочува според катастарски приход, не е должен да поднесува годишна даночна пријава, ова согласно членот 70 од Законот.

Според членот 83 од Законот, аконтацијата на данокот на доход за приходите од земјоделска дејност ја утврдува со решение органот за јавни приходи: - врз основа на податоците од катастарот и другите податоци што се од значење за утврдување на даночната обврска; и – врз основа на податоци од даночната пријава, даночниот биланс, деловните книги и други податоци што се од значење за утврдување на даночната обврска ако обврзникот се оданочува според вистинскиот доход. Данокот според овој член се пресметува со примена на стапките од член 12 од овој Закон. Платената аконтација според овој член, се смета за конечно намирена даночна обврска.

Од анализата на оспорената одредба од членот 90 став 3, а во врска и со останатите законски решенија. Во одредбите од Законот за пресоналниот данок на доход, Судот оцени дека согласно член 33 од Уставот на Република Македонија, законодавецот има уставен основ со закон да го воспостави данокот и да го определи начинот на намирувањето на јавните расходи, па во согласност со ваквата уставна определба со Законот за пресоналниот данок на доход е припишан персоналниот данок на доход и начинот на оданичувањето на доходот на граѓаните.

Оспорената одредба од овој Закон, посебно го третира прашањето на рокот во кој органот за јавни приходи треба да го донесе решението за утврдување на аконтативниот данок на

приходите од земјоделска дејност при што е уредено дека решението се донесува до определен датум во годината за која данокот се утврдува.

Со оглед на тоа, Судот утврди дека во случајов и оспорената одредба од членот 90 став 3 од Законот за пресоналниот данок на доход нема повратно правно дејство и на поинаков начин не регулира настанати правни состојби во друг правен режим, поради што не може да се постави прашањето за согласноста со уставната определба во членот 52 став 4 од Уставот според која законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, на што се повикува подносителот во иницијативата.

7. Согласно членот 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според наведената уставна норма, Уставниот суд не е надлежен да одлучува за примената на законите и да ја оценува уставноста и законитоста на поединечните акти и решенија со кои се одлучува за конкретни права и обврски на граѓаните.

Согласно членот 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата меѓу другото и ако не е надлежен да одлучува по барањето.

Поради наведеното, во однос на делот од иницијативата со кој се оспоруваат конкретните управни решенија бр.1409-1401/36-1 од 24 февруари 2003 година и У.бр.18-1612/1 од 18 јануари 2003 година, а со кои на подносителот на иницијативата му била опр еделена даночна обврска, Судот оцени дека во овој дел иницијативата треба да се отфрли поради ненадлежност на Судот да одлучува.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.124/2003)

# 22.

**- Закон за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година**

*- Law on the Provision of Funds for Relief to the Municipalities Aimed at Removing the Consequences from the Floods that Occurred in June 2004*

**- Со закон може да се утврди обврска за граѓаните за обезбедување на средства во согласност со принципот на солидарност и таквата обврска има карактер на јавна давачка утврдена со закон.**

*- There may be established by law an obligation for the citizens to provide funds in accordance with the principle of solidarity and such obligation shall have the character of a public fee defined by law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 20 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на Законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2004).

2. Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија се наведува дека со оспорениот закон се повредувало правото на сопственост, кое е загарантирано со член 30 став 1 од Уставот на Република Македонија, како едно од основните економски, социјални и културни права на граѓаните на Република Македонија и со кој се забранувало одземањето или ограничувањето на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа. Дури и во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантирало праведен надомест. Исто така, правото на сопственост било подигнато на едно високо ниво во Уставот на Република Македонија во кој согласно член 8 од Уставот, заштитата на сопственоста била определена како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Повредата на Европската Конвенција за човековите права се состоела во тоа што со овој закон се прекршувал член 1 од Првиот Протокол кон Конвенцијата за човековите права, во кој е утврдена заштитата на сопственоста и гаранцијата дека никој нема да биде лишен од својата сопственост.

Во иницијативата на Стамен Филипов се наведува дека со оспорениот закон се повредувало гарантираното право на сопственост на граѓаните - вработените и корисниците на пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи им се одземал дел од нивната гарантирана заработувачка, односно пензија (член 32 став 3 и член 34 од Уставот). Тоа одземање никако не можело да се вброи во даночни давачки (член 33 од Уставот). Според подносителот на иницијативата овој закон бил неодржлив и од аспект што за оваа материја веќе постои Закон за формирање на средства на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди и за воведување "Недела на солидарноста", така да, во случајот, се применувале двата закони и на граѓаните им се одземало од нивните примања по две основи. Поради тоа, со оспорениот Закон се повредувале членовите 8 став 1 алинеите 1, 3 и 6, 9, 32 став 3, 33, 34, 51 и 54 став 1 од Уставот како и членот 1 од Првиот протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи од 20 март 1952 година.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 1 од оспорениот закон, со овој закон се обезбедуваат средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплави и буици настанти во месец јуни 2004 година.

Според членот 2 од овој закон средствата од членот 1 на овој закон се обезбедуваат со издвојување од: средствата наменети за плати на вработените во трговските друштва, јавните претпријатија и други правни лица и кај физичките лица кои вршат дејност, како и од средствата наменети за плати на вработените кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и фондовите основани со закон, во висина на еднодневна нето заработувачка по вработен, исплатена од денот на влегувањето во сила на овој закон, до крајот на месец јули 2004 година; средствата остварени од вршителите на стопанска дејност (производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејност), давателите на професионални и други интелектуални услуги, во износ добиен како количник меѓу годишниот нето приход утврден со решение на Управата за јавни приходи за 2003 година и бројот 252; вршителите на земјоделска дејност во износ добиен како количник меѓу годишната основа на која им се пресметува придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за 2004 година и бројот 365 и средствата наменети за пензии на корисниците на пензиско и инвалидско осигурување во висина од еднодневен износ на пензиите исплатени за месец јуни 2004 година.

Обврска за уплата на средствата од ставот 1 алинеи 1 и 4 на овој член имаат исплатувачите при исплата на платите и пензиите.

Доколку исплатувачите од ставот 1 алинеи 1 и 4 на овој член, кои во определениот период утврден во ставот 1 од овој член не извршат исплата на плати, односно пензии, утврдената обврска од овој закон ќе ја извршат при првата наредна исплата на плати, односно пензии.

Пресметувањето на износот од ставот 1 алинеја 2 на овој член го врши со решение Управата за јавни приходи.

Пресметувањето на износот од ставот 1 алинеи 3 и 4 на овој член го врши со решение Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Обврзниците од ставот 1 алинеи 2 и 3 на овој член утврдениот износ се должни да го уплатат во рок од 30 дена по добивањето на решението за задолжување од страна на Управата за јавни приходи, односно на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Согласно член 3 од овој закон средствата од членот 2 на овој закон се уплатуваат на трезорска сметка 100000000063095, потсметка 650010001978976 - Средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди, приходно конто 725916 - Други средства за солидарност, Програма 00.

Членот 4 од овој закон уредува дека средствата од членот 2 на овој закон се пренесуваат на општините што претрпеле штети од поплави и буици согласно со Одлуката за донесување на Единствената методологија за процена на штети од елементарни и други непогоди ("Службен весник на Република Македонија" бр.75/2001).

Според членот 5 од овој закон контрола над издвојувањето и уплатувањето на средствата од членот 2 на овој закон врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи. Владата на Република Македонија во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон ќе подготви извештај за обезбедувањето и распределбата на средствата за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплави и буици настанати во месец јуни 2004 година и ќе го достави до Собранието на Република Македонија.

Членот 6 од овој закон уредува дека овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Согласно член 8 став 1 алинеја 8 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Подигнувајќи ги хуманизмот, социјалната правда и солидарноста на ниво на основни принципи, Уставот има цел да афирмира се што е човечко во позитивна смисла. Имено, без социјална правда и без солидарност не може да се замисли ниту една современа држава бидејќи остварувањето на прокламираните слободи и права на

човекот и граѓанинот најдобро може да се врши со почитување на принципите на социјална правда и солидарност.

Според член 30 од Уставот, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Гарантирајќи го правото на сопственост, Уставот ја утврдува сопственоста  како категорија која создава не само права туку и обврски што значи дека е од интерес за граѓаните но истовремено е и општ интерес, така што сопственоста треба да служи за доброто на поединецот но истовремено и на заедницата.

Оваа заемност, според мислењето на Судот произлегува од неспорениот факт дека поединецот е дел од заедницата и затоа својот интерес мора да го усогласува со интересот на заедницата. Притоа правото на сопственост и правото на државата да зафаќа во сопственоста меѓусебно не се исклучуваат. Имено, принципот на заемност на правата и обврските, значи дека користењето и остварувањето на определени права е условено со исполнување на утврдени обврски. Тие можат да се однесуваат и на исполнувањето на обврски кон заедницата кои се главно од материјален и финансиски карактер преку определени давачки во вид на даноци, но и други зафаќања утврдени со закон.

Членот 33 од Уставот ја утврдува должноста на секого да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Оваа уставна должност има цел секој да придонесува во создавањето средства на државата за да може таа непречено да ги врши своите функции од општ интерес.

Поради тоа, оспорениот закон разгледуван во корелација со членот 33 од Уставот, претставува начин на собирање на средства по принципот на солидарност, а за потребите на државата за покривање на јавните расходи.

Тргнувајќи од уставниот принцип за хуманизам, социјална правда и солидарност, уставната определба дека сопственоста служи

за доброто на поединецот, но, и на заедницата, како и должноста на секого да учествува во намирувањето на јавните расходи на државата, оспорениот закон е донесен со цел да се надминат состојбите настанати по силното невреме во јуни 2004 година. Притоа покрај средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија кои се во рамките на финансиските можности на државата и кои според проценките на штетите се очекува да бидат недоволни, со оспорениот закон се обезбедуваат дополнителни средства од сите граѓани кои остваруваат приходи.

Врз основа на изнесеното, според Судот, со закон може да се утврди обврска за граѓаните за обезбедување на средства во согласност со принципот на солидарност и дека таквата обврска има карактер на јавна давачка утврдена со закон како што е тоа направено во конкретниот случај со оспорениот закон, поради што Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорениот закон со Уставот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.147/2004)

**3. Стопанство**

*3. Economy*

# 23.

**- Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари (услови за вршење на дејноста брз трансфер на пари)**

*- Law on Performing Services of a Fast Money Transfer (conditions to perform the activity of a fast money transfer)*

**- Условот против одговорното лице или лицата вработени во правното лице да не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите произлегува од потребата со закон да бидат уредени прашањата за постоење на подобност на правното лице за ефикасно вршење на услуги брз трансфер на пари од што зависи дали одредено правно лице има кредибилитет за вршење на оваа дејност. Барањето податоци од казнената евиденција не е во функција на докажување на неосудуваноста или осудуваноста на одговорното лице во правното лице и лицата вработени во него, туку на овој начин се потврдува исполнувањето на предвидените законски услови за одговорното лице во правното лице и лицата вработени во него.**

*- The condition that no effective court judgment has been pronounced against the responsible person or the persons employed in the legal entity for a criminal offence from the field of finance derives from the need to regulate, by law, the issues concerning the existence of suitability of the legal entity for efficient performance of services of a fast money transfer on which depends*

*whether certain legal entity has credibility to perform this activity.*
*The request for data from the penal records is not in the function of proving that the responsible person in the legal entity or the persons employed has/have or does/do not have a criminal record, but in this way what is confirmed is the meeting of the envisaged legal conditions for the responsible person in the legal entity and the persons employed in it.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 20 и 21 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 6 точка 5 во делот: "и да не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите" и членот 7 точка 1 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари ("Службен весник на Република Македонија" бр.77/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означен во точката 1 од ова решение. Според наводите во иницијативата, оспорените одредби не биле во согласност со Уставот на Република Македонија, затоа што правните последици од осудата повеќе не настапувале по сила на законот со кој биле предвидени по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.210/2001 од 6 февруари 2002 година со која е укинат членот 101 став 2 од Кривичниот законик.

Од друга страна, првооспорената одредба била неприменлива, бидејќи правните последици од осудата не можеле да настапат за изречена парична казна, условна осуда, судска опомена или ослободување од казна. Како аргумент во прилог на

неприменливоста на првооспорената одредба се наведува дека не постоеле кривични дела од областа на финансиите, туку кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството (Глава XXV од Кривичниот законик), што ја правело одредбата произволна и истата не можела да се смета како согласна со Уставот.

По однос на второоспорената одредба се наведува дека со истата се отстапувало од законското правило предвидено во членот 106 став 5 од Кривичниот законик дека никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност, а законодавецот исто така бил должен да ги почитува Уставот и законите.

Направеното суштинско ограничување не било конзистентно со владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок со што се кршеле член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 13 став 1, член 14 став 1, член 23, член 32 став 1 и 2, член 51 и член 54 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 6 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, за трговското друштво да добие дозвола од гувернерот на Народната банка за вршење услуга брз трансфер на пари задолжително треба да ги исполни таксативно наведените услови, меѓу кои: да е регистрирано во регистарот на трговски друштва за вршење помошни активности во финансиското посредување; да располага со соодветен деловен простор, техничка опременост и информативен систем; да обезбеди соодветна заштита и обезбедување на паричните средства, имотот и вработените; да не е отворена стечајна или ликвидациона постапка.

Во целината на точката 5 од истата одредба е предвидено како услов против одговорното лице и вработените кои ги извршуваат услугите на брз трансфер на пари да не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност и да не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите.

Според член 7 точка 1 од Законот, трговските друштва за добивање дозвола за вршење на услуга брз трансфер на пари до Народната банка доставуваат писмено барање. Со барањето задолжително, меѓу другото, се доставуваат документи, односно информации со кои се потврдуваат условите од член 6 на овој закон.

4. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Според член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Според член 23 од Уставот, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции.

Според член 32 став 1 и 2 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност и секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Од содржината на одредбите на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, произлегува дека брзиот трансфер на пари претставува електронски пренос на пари уплатени од едно лице во една земја и прием на парите од друго лице во друга земја, независно дали преносот се врши од или кон Република Македонија, при што преносот го врши банка. Давател на услугата е трговско друштво регистрирано во Република Македонија кое од Народната банка добило дозвола за вршење брз трансфер на пари.

За одредено трговско друштво да добие дозвола од Гувернерот на Народната банка за вршење на ваков вид услуга потребно е да ги исполнува условите определени во членот 6 од Законот.

Во оспорениот дел од членот 6 точка 5 од Законот, како услов за добивање на дозвола е предвидено против одговорното

лице и вработените кои ќе извршуваат брз трансфер на пари да не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите, што според подносителот на иницијативата претставува настапување на правна последица од осуда по сила на закон.

Анализата на целината на членот 6 точка 5 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари покажува дека одредбата во неоспорениот дел зборува за изречена мерка на безбедност, а во оспорениот дел за изречена правосилна судска пресуда, што не се сосема идентични услови за добивање на дозвола како што ги третира подносителот на иницијативата.

Условот или критериумот против одговорното лице или лицата вработени во трговските друштва да не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите произлегува од потребата со закон да бидат уредени прашањата за постоење на подобност на правното лице за ефикасно вршење на услуги брз трансфер на пари. Вака предвидениот услов ја исклучува можноста да се јават елементи на сомнение што би го направиле правното лице и вработените во него недостојни за вршење на оваа специфична услуга.

Имено, трансферот на пари е специфична дејност во монетарниот систем на државата и законодавецот со предвидување на посебни услови за правните лица за вршење на ваков вид на дејност има за цел непосредно да го штити и одржува стабилен овој систем. Според Судот, предвидувањето на условот спрема одговорното лице во правното лице и лицата вработени во него да не е изречена правосилна пресуда за кривични дела од областа на финансиите, не може да се прифати како некакво ограничување на правата и слободите на индивудуите, туку има за цел одржување на стабилен монетарен систем, што во крајна линија има свој рефлекс и по однос на заштитата на сопственоста на граѓаните.

Од исполнувањето на овој услов, покрај останатите предвидени во законската одредба, ќе зависи дали одредено правно лице има кредибилитет за вршење на дејноста брз трансфер на пари. Од друга страна, недобивањето на дозвола за вршење на ваква дејност за веќе регистрирано трговско друштво, не значи дека тоа друштво воопшто не ќе може да делува на пазарот или дека вработените лица во тоа друштво ќе го изгубат правото на работа. Останува друштвото и неговите вработени да делуваат во останатите дејности за кои се

уредно регистрирани и за кои се исполнети законски предвидените услови.

Од овој аспект и оспорениот дел од законската одредба прецизно утврдува што помеѓу другото претставува услов или критериум конкретно трговско друштво да добие дозвола од Гувернерот на Народната банка за вршење на услуга брз трансфер на пари, а што е во целосна согласност со владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, како што предвидел член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Според Судот оспорениот дел од одредбата не може да се стави под сомнение и по однос на неговата согласност со принципот за еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите. Ова од причина што одредбата не прави разликување на граѓаните по основ на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Одредбата разликува одговорно лице во правното лице и вработени лица во правното лице спрема кои е или не е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите.

Исто така, со оспорениот дел на одредбата не се повредуваат членот 13 став 1 и 14 став 1 од Уставот. Имено, токму делот од оспорената законска одредба се повикува на донесена правосилна судска одлука, по кој момент едно лице може да се смета за виновно за сторено кривично дело. Донесената правосилна судска пресуда секако може да се однесува само за кривично дело утврдено со закон или друг пропис како казниво дело за кое е предвидена казна.

Нема повреда и на член 23 од Уставот, бидејќи според одредбите од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари оваа услуга не е предвидена со цел да се извршува јавна дејност, а со тоа и вработените во правите лица што вршат брз трансфер на пари не вршат јавна функција.

Во контекст на наведеното оспорениот дел од одредбата не може да се подведе под сомнение ни по однос на неговата согласност со член 32, член 51 и член 54 од Уставот.

Главата XXV од Кривичниот законик е со наслов "Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и

стопанството". Според подносителот на иницијативата формулацијата во оспорениот дел од одредбата "кривично дело од областа на финансиите" не соодветствува со насловот на кривичните дела опфатени во Глава XXV. Уставниот суд не е надлежен да ја цени меѓусебната согласност на законите, од каде произлегува дека вака изнесениот навод не е релевантен за доведување под сомнение на оспорениот дел од одредбата по однос на неговата согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Од друга страна поимот "финансии" е општ поим и во себе секако ги апсорбира јавните финансии, платниот промет и стопанството како и други поими, а поимот "финансии" се среќава и кај други кривични дела што не се составен дел на споменатата глава од Кривичниот законик, од што не може да се прифати како основан наводот за повреда на принципот за владеење на правото поради неконзистентност на формулацијата со споменатата Глава од Кривичниот законик.

Во оспорениот дел од одредбата изречно не е нагласено дека изречената судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите би била временски определена пречка за извршување на услугите брз трансфер на пари, меѓутоа Судот смета дека овој дел од одредбата претставува пречка за вршење на дејноста брз трансфер на пари до исполнувањето на услови за бришење на осудата или за престанување на мерките на безбедност и на правните последици од осудата, според правилата предвидени во Глава XXIX од Законот за кривичната постапка. По исполнување на условите за бришење на осудата или за престанување на мерките на безбедност или на правните последици од осудата изречената правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од областа на финансиите повеќе не би била пречка за вршење на услуга брз трансфер на пари.

5. Подносителот на иницијативата ја оспорува согласноста на член 7 точка 1 од Законот за вршење услуги брз трансфер на пари со повикување на одредба од Кривичниот законик (член 106 точка 5), пред се по однос на членот 51 став 2 од Уставот.

Тргнувајќи од надлежноста на Уставниот суд определена во член 110 од Уставот, Уставниот суд не се впушти во оценување на меѓусебната согласност на одредбите од двата наведени закони и остана на оцената на согласноста на оспорената одредба со Уставот.

Според Судот барањето податоци од казнената евиденција за тоа дали спрема одредено одговорно лице во правното лице или вработено лице е изречена мерка на безбедност или пак дали постои изречена правосилна пресуда за кривично дело од областа на финансиите е во непосредна врска со способноста на правното лице да врши определена дејност за која е регистрирано, односно е во непосредна врска со кредибилитетот на правното лице за вршење на оваа специфична дејност и не е во функција на докажување на неосудуваноста или осудуваноста на одговорното лице во правното лице и лицата вработени во него.

Оттука, барањето документ, односно информации со кои се потврдува исполнувањето на предвидените законски услови за одговорното лице во правното лице и лицата вработени во него во насока да не им е изречена мерка на безбедност, односно да не им е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите е во функција на правната сигурност на субјектите учесници во брзиот трансфер на пари.

Оттаму, врз основа на изнесената аргументација, според Судот, произлегува дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со член 51 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова–Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски,Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.15/2004)

# 24.

**- Закон за трговските друштва (трговски друштва со блокирани сметки)**

*- Law on Trade Companies (trade companies with blocked accounts)*

**- Одредбата според која трговските друштва и трговци поединци чии сметки биле блокирани и пренесени во соодветна институција за блокирани сметки, се бришат од трговскиот регистар ако во рок од шест месеци по влегување во сила на законот не ја деблокираат сметката, не го ограничува правото на сопственост и не го повредува принципот на слобода на пазарот и претприемништвото.**

*- The provision under which trade companies and individual businessmen whose accounts have been blocked and transferred to an appropriate institution for blocked accounts are erased from the trade registry in case within six months after the entry into force of the law they fail to unblock the account, does not restrict the right to property and does not violate the principle of freedom of market and entrepreneurship.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 3 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 27 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 614 став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместоци по тарифни ставки 1 и 2 од Тарифата за надоместоци за вршење на услуги бр.23-1460/1 донесена од Владата на Република Македонија на 4 мај 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.30/2004).

3. ПП "Ротекс" од Битола и Пеце Ристевски од Битола на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со Одлуката за ослободување од плаќање на надоместоци по тарифни ставки 1 и 2 од Тарифата за надоместоци за вршење услуги се дерогира државна институција наведена во член 614 став 2 од Законот за трговските друштва, односно се врши измена на законски член што е во надлежност на Собранието на Република Македонија.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека во членот 2 од Одлуката е предвиден рок од 60 дена во кој субјектите треба да мигрираат кај некој од носителите на платниот промет, но не е уредено што се случува по истекот на рокот од 60 дена. Оттаму, подносителот на иницијативата се прашува дали тоа значи дека ќе бидат казнети субјектите или ќе бидат поништени?

Во однос на член 614 став 2 од Законот за трговските друштва подносителот на иницијативата смета дека со него директно се повредува член 30 и член 55 од Уставот, дека определениот рок од 6 месеци во кој правните субјекти треба да ја деблокираат сметката е несоодветен и дека треба да биде пофлексибилен односно да трае се до завршување на судските постапки кои дирекно влијаат на состојбата на жиро сметката на субјектот.

Оттука, според наводите од иницијативата, со Одлуката и со оспорениот член 614 став 3 од наведениот закон се повредува правото на судска заштита и се ограничува правото на пристап до Судот.

4. Судот на седницата утврди дека во Глава XI од Законот за трговските друштва во Преодните и завршни одредби, односно во поднасловот "Усогласување со одредбите на овој закон на запишани

правни лица во трговскиот и во судскиот регистар" е предвидена обврска за усогласување на правните лица со наведениот закон.

Имено, во член 614 став 1 од Законот е предвидено дека правните лица запишани во судскиот регистар, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон не се усогласени со одредбите од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/1996, 7/1997, 21/1998, 37/1998, 63/1998, 38/1999, 81/1999, 37/2000, 31/2001, 50/2001, 6/2002, 61/2002, 4/2003 и 51/2003) се бришат од судскиот регистар на начин и според условите определени во овој член ако во рок од шест месеци од денот на примената на овој закон не се усогласени со овој закон. Бришењето на овие правни лица го спроведува судот по службена должност.

Во оспорениот став 2 на овој член е предвидено дека трговските друштва и трговците - поединци, чиишто сметки се блокирани и пренесени во соодветната институција за блокирани сметки се бришат од трговскиот регистар на начин и услови определни во овој член ако во рок од шест месеци од денот на примената на овој закон не ја деблокираат блокираната сметка.

Во став 3 на овој член е предвидено ако во роковите од ставовите 1 и 2 на овој член не биде пријавено побарување од доверител, судот по службена должност ги брише правните лица од став 1 на овој член и трговските друштва и трговците поединци од став 2 на овој член од судскиот, односно трговскиот регистар.

Во став 4 на овој член, пак, е предвидено дека ако во рокот од ставовите 1 и 2 на овој член биде пријавено побарување од доверител, судот по службена должност започнува постапка за ликвидација во согласност со овој закон, односно постапка за стечај во согласност со Законот за стечај. Трошоците за спроведување на ликвидација или стечај паѓаат на товар на правното лице, на трговецот - поединец, односно на трговското друштво. Ако од нивниот имот не може да се обезбедат потребните средства за надомест на трошоците, разликата на средствата за покривање на трошоците лично, неограничено и солидарно, со сиот свој имот ја надоместува управителот, односно членовите на органот на управување.

Од содржината на член 614 од Законот произлегува дека законодавецот утврдил обврска за правните субјекти запишани во судскиот регистар, а кои не биле усогласени со тогаш важечкиот

Закон за трговските друштва своето работење да го усогласат во рок од шест месеци по влегување во сила на постојниот закон.

Доколку овие правни лица кои не биле усогласени со Законот за трговските друштва од 1996 година и сите негови измени и понатаму во рок од 6 месеци не се усогласени со сега важечкиот Закон за трговски друштва ќе бидат бришани од судскиот регистар по службена должност. До бришење од судскиот регистар доаѓа и во случаите кога трговското друштво и трговец-поединец чии сметки се блокирани и пренесени во соодветна институција за работа со блокирани сметки ако во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на Законот не ја деблокираат сметката.

Притоа до бришење од судскиот регистар и во едниот и во другиот случај доаѓа доколку не биде пријавено побарување од доверител. Ако биде пријавено побарување од доверител, судот по службена должност започнува постапка за ликвидација согласно со Законот за трговски друштва или постапка за стечај согласно Законот за стечај.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3, 6 и 7 од Уставот на Република Македонија владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 30 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата.

Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Според член 55 од Уставот, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Имајќи ги во вид наведените уставни одредби како и анализата на член 614 од Законот за трговските друштва, произлегува дека законодавецот во насока на почитување на

начелото на еднаква правна положба на субјектите на пазарот утврдил обврска за субјектите во определен временски период да го усогласат своето работење, односно да ги испочитуваат сите услови кои се потребни за настапување на еден правен субјект на пазарот.

Имено, Судот смета дека законодавецот на правните лица и трговските друштва и трговецот - поединец им оставил доволно време да го прилагодат своето работење согласно пропишаните норми.

Оттука интенцијата на законодавецот според мислењето на Судот не е во насока на ограничување на правото на сопственост кое служи за доброто на поединецот и на заедницата, туку е во насока на пазарот да егзистираат правни субјекти кои се легално регистрирани и кои рентабилно работат.

Со вака поставениот концепт законодавецот не сака на пазарот во недогледно време да егзистираат правни субјекти кои во подолг временски период не ги испочитувале законските норми или, пак, работат нерентабилно, односно нивните сметки подолг временски период се блокирани.

Оттука, според мислењето на Судот, законската одредба според која трговските друштва и трговци - поединци чии сметки биле блокирани и пренесени во соодветна институција за блокирани сметки (31 декември 2001 - 31 декември 2003) се бришат од трговскиот регистар ако во рок од 6 месеци по влегување во сила на законот не ја деблокираат сметката, не значи ограничување на правото на сопственост и повреда на принципот на слобода на пазарот и претприемништвото, поради што не може да се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот.

6. Судот, исто така, утврди дека врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија на 4 мај 2004 година, Владата донела Одлука за ослободување од плаќање на надоместоци по тарифните ставки 1 и 2 од Тарифата за надоместоци за вршење на услугите.

Според член 1 од наведената одлука "се ослободуваат од плаќање надоместоци по тарифните ставки 1 и 2 од Тарифата за надоместоци за вршење на услуги на Агенцијата за работа со блокирани сметки, правните лица чии немигрирани сметки се водеа во Агенцијата од 31 декември 2001 до 31 декември 2003 година".

Правните лица ослободени од плаќање надоместоци на тарифните ставки 1 и 2, се должни во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, до пристапат кон мигрирање на сметките кај носителите на платниот промет.

Во член 3 од Одлуката е предвидено дека се задолжува Управата за јавни приходи да ја спроведе оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

7. Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Имајќи ја предвид содржината на оспорената одлука Судот утврди дека таа имала времен карактер и по протек на 60 дена од денот на нејзиното влегување во сила (11 мај 2004 - 11 јули 2004) таа престанала да важи, поради што согласно Деловникот на Уставниот суд нема процесни претпоставки за нејзина уставносудска оцена.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.124/2004)

# 25.

**- Законот за супервизија на осигурување (поведување на постапка)**

*- Law on Supervision of Insurance (initiation of a proceedings)*

**- Востановениот правен режим со Законот за супервизија на осигурувањето треба да се однесува подеднакво на сите субјекти кои ги вршат работите на осигурување. Усогласувањето на друштвата за осигурување со законските норми кои го пропишуваат начинот на работење треба да биде во функција на важење на единствен, а не двоен правен режим.**

*- The legal regime established by the Law on Supervision of Insurance should equally refer to all subjects performing insurance matters. The harmonisation of the insurance companies with the legal norms stipulating the manner of work should be in the function of a validity of a single, not a double legal regime.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 и 11 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 246 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002).

2. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 6 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Иван Чукиќ од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на членот 6 и членот 246 од Законот за супервизија на осигурување.

Во иницијативата се наведува дека со членот 6 од Законот за супервизија на осигурувањето, било предвидено дека друштвото за осигурување може да врши работи на осигурување само на една група осигурување од предвидените две групи: 1) неживотно осигурување, кое ги опфаќа класите од точка 1 до 18, од членот 5 од овој закон, или 2) осигурување на живот, кое ги опфаќа класите од точка 19 до 23 од членот 5 од овој закон. Имено, според наведената законска одредба друштвото за осигурување не може истовремено да ги врши работите на осигурување од двете групи и неговата работа е лимитирана само на една група осигурување.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека во делот на преодните и завршни одредби од Законот за супервизија на осигурувањето, биле предвидени одредби со кои постојните друштва се должни да ја усогласат својата органи-зација, основачките акти и актите на деловната политика со одредбите на овој закон. Меѓутоа, со членот 246 се предвидувал посебен начин на усогласување на друштвото за осигурување кое вршело работи на осигурување на двете групи, односно на осигурувањето на живот и неживотното осигурување, при што како исклучок се регулира дека друштвото за осигурување кое на денот на влегувањето во сила на овој закон истовремено врши работи на осигурување на живот и на неживотно осигурување, не е должно да ги усогласи својата органи-зација и работење со членот 6 став 1 од овој Закон.

Оттука, со ваквата законска регулатива, во случајов не е обезбедена еднаква правна положба на субјектите кои вршеле само една дејност (само животно или само неживотно осигурување), со оние кои ги вршеле и двете дејности, бидејќи првите нема да можат (поради членот 6 од Законот), да ги вршат и двете дејности, а другите можат да продолжат тоа да го прават (согласно членот 246 од Законот) со што се ставени во привилегирана, монополска положба, спротивно на член 55 од Уставот.

Исто така, подносителот на иницијативата наведува дека материјата за вршење на дејноста на трговските друштва е регулирана со Законот за трговски друштва, меѓутоа тој не содржел ограничување за субјектите кои вршат трговска дејност да можат да вршат една, а да не можат да вршат друга дејност, доколку ги исполнувале пропишаните услови утврдени со закон, туку напротив, тие можат да ги вршат сите дејности кои со закон не се забранети, а забраната може да биде само под услови утврдени со Уставот, а регулирани со закон.

Со оглед на изнесеното, подносителот на иницијативата наведува дека оспорените одредби од Законот за супервизија на осигурувањето, се спротивни на членот 8 став 1 алинеја 3 и 7 од Уставот, според кои како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се "владеење на правото" и "слободата на пазарот и претприемништвото", и на членот 55 од Уставот, поради што се предлага Судот да поведе постапка за оцена на уставноста на оспорените законски одредби.

4. Судот на седницата утврди дека Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Репуб-лика Македонија" бр.27/2002), во "Дел Први", во основните одредби, во насловот "Активности на друштвата за осигурување", го содржи членот 6, според кој:

(1) Друштвото за осигурување може да врши работи на осигурување во една или повеќе класи на осигурување, во рамките на една од групите на осигурување:

1.) неживотно осигурување, кое ги опфаќа класите од точките 1 до 18 од членот 5 на овој закон и

2.) осигурување на живот, кое ги опфаќа класите од точките 19 до 23 од членот 5 на овој закон.

(2) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување што врши работи на осигурување во групата на осигурување на живот, може исто така да врши работи на осигурување од класите на осигурување во кои спаѓаат здравственото осигурување и осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода, наведени во членот 5 точките 1 и 2 од овој закон, под услов на нив да се применуваат табелите на веројатност и пресметки слични на осигурувањето на живот.

(3) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување во групата на осигурување на живот, може исто така во согласност со Законот за капитално финансирано пензиско осигурување да управува со пензиски фондови, доколку ги исполнува условите предвидени со тој закон.

(4) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член друштвата за реосигурување можат да вршат работи на реосигурување за двете групи на осигурување.

Законот, во "Дел Седумнаесетти", во преодните и завршните одредби, во насловот "Усогласување на друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување на живот и неживотно осигуру-вање", го содржи членот 246, според кој:

(1) По исклучок на членот 245 став 1 од овој закон, друштво за осигурување кое на денот на влегувањето во сила на овој закон истовремено врши работи на осигурување на живот и работи на неживотно осигурување, не е должно да ги усогласи својата организација и работење со членот 6 став 1 од овој закон.

(2) И покрај одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување кое истовремено врши работи на осигурување на живот и работи на неживотно осигурување е должно да ги усогласи својата организација и работење во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон со следниве одредби:

1.) посебно да управува со работењето на начин кој обезбедува вршењето на работите на осигурување на живот да е разграничено од вршењето на работите на неживотно осигурување;

2.) да води засебно сметководство на начин кој обезбедува евидентирање на сите приходи и расходи на друштвото за осигуру-вање засебно за осигурување на живот и за неживотно осигурување, а во зависност од тоа на која група на осигурување истите се однесу-ваат и

3.) засебно да го пресметува капиталот и потребното ниво на маргината на солвентност за осигурување на живот и за неживотно осигурување.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 7 од Уставот на Република Македонија владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Во делот на уставните норми кои се однесуваат на осн-овите на економските односи, со членот 55 од Уставот е предвидено дека се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувување на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

6. Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002), во членот 1 определил дека предмет на уредување на овој закон се условите под кои можат да се вршат работи на осигурување на живот, неживотното осигу-рување и реосигурување, осигурително брокерски работи, основање, работење, супервизија и престанок со работа на трговските друштва за осигурување и реосигурување (друштва за осигурување), осигури-телните брокерски друштва и Националното биро за осигурување.

Според членот 3 став 1 од овој Закон, друштво за осигу-рување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, под условите утврдени со овој закон и со Законот за трговските друштва.

Од анализата на оспорениот член 6, а во контекст и на останатите одредби од Законот произлегува дека вршењето на работите од двете групи на осигурување – неживотното осигурување и осигурувањето на живот, со Законот се допуштени да се вршат од страна на друштвата за осигурување. Во основа и на самиот концепт на Законот е регулирано дека работите на осигурување ги вршат друштвата за осигурување кои можат да ги основаат домашни или странски физички и правни лица и тие се акционерски друштва со седиште во Република Македонија кои имаат дозвола од министерот за финансии. Исто така, работите на осигурување можат да го вршат и филијала на странско друштво за осигурување (кое добило дозвола од министерот за финансии), како и друштво за осигурување на земја

членка на Европската унија кое основало филијала на територија на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија согласно со овој закон. Оттука, неспорно е дека Законот не го попречува вршењето на работите на осигурување на друштвата за осигурување и тоа од двете групи на осигурување, но како одделни дејности.

Понатаму, во делот на преодните и завршни одредби од Законот со членот 245 став 1 е уредено дека постојните друштва за осигурување се должни својата организација, основачките акти и актите на деловната политика да ги усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од анализата на оспорениот член 246 од Законот, пак, произ-легува дека интенцијата на законодавецот е во однос на друштво за осигурување кое до влегувањето во сила на овој Закон истовремено вршело работи на осигурување на живот и неживотно осигурување, затекнатата состојба да ја задржи како исклучиво право наспрема востановениот правен режим со овој закон за останатите друштва за осигурување кои истовремено не вршеле работи од двете групи на осигурување, а тоа не можат да го вршат ниту според одредбите на овој закон (член 6).

Оттука, за Судот се постави прашањето дали исклучувањето на субјектите кои истовремено вршеле работи на осигурување од двете групи, од новиот правен режим утврден со Законот за супервизија на осигурувањето ги повредува принципите од членот 8 став 1 алинеја 3 и 7 и членот 55 од Уставот.

7. Судот оцени дека е право на законодавецот со закон да го пропишува правниот режим на осигурувањето на начин за кој смета дека вршењето на оваа дејност ќе биде во согласност со правилата и стандардите на осигурувањето заради заштита, пред се, на интересите на осигурените лица и други субјекти, при што Судот констатира дека тој режим се совпаѓа со режимот на осигурување утврден во правото на Европската Унија односно во Директивата 2002/83/ЕЦ од 5 ноември 2002 година, која се однесува на осигурување на живот.

Поаѓајќи од тоа дека утврдениот правен режим со Законот се однесува за сите субјекти во правото, произлегува дека одредбите од членот 6 од Законот се движат во уставните рамки и не се во

спротивност со економските принципи за слободно пазарно работење и еднаквата правна положба на субјектите на пазарот кои воедно ја исклучуваат монополската позиција на едни субјекти наспроти други, бидејќи со оспорениот член се поставени еднакви законски правила за субјектите во системот на осигурувањето.

Поради тоа, според Судот во однос на утврдениот правен режим во членот 6 од Законот не може да се постави прашањето за несогласност со уставните норми од членот 8 став 1 алинеја 3 и 7 и членот 55 од Уставот.

Меѓутоа, врз основа на изнесената уставноправна анализа на оспорениот член 6 од Законот, според Судот се доведува во прашање уставноста на оспорениот член 246 од Законот. Ова поради тоа што со одредбите од овој член од Законот се прави исклу-чок од пропишаниот начин на вршењето на работите на осигурува-њето само за одредени правни субјекти кои до донесувањето на овој Закон на поинаков начин ги вршеле работите на осигурувањето од новиот правен режим утврден со овој Закон и се допушта тоа да продолжи наспроти утврдените законски правила за останатите субјекти.

Со оглед на тоа Судот смета дека во случајов субјектите за кои им се дава можност за вршење на двете групи на осигурување се во привилегирана позиција од остана-тите субјекти кои тоа не можат истовремено да го вршат согласно со Законот. Имено, востановениот правен режим со Законот за супервизија на осигурувањето, треба да се однесува подеднакво за сите субјекти кои ги вршат работите на осигурување и усогласувањето на друштвата за осигурување кон законските норми кои го пропишуваат начинот на работење треба да биде во функција на важење на единствен, а не двоен правен режим.

Поради тоа, пред Судот основано се постави прашањето за согла-сноста на членот 246 од Законот со членот 8 став 1 алинеја 3 и 7 од Уставот кои се однесуваат на владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото и членот 55 од Уставот, со кој се обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

8. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.203/2003)

# 26.

**- Закон за банки (ограничување на бројот на ревизиите на банките)**

*- Law on the Banks (restriction of the number of audits of the banks)*

**- Ограничувањето на бројот на ревизиите што може да ги изврши исто ревизорско друштво произлегува од потребата за квалитетни и непристрасни ревизиски извештаи, со запазување на критериумите за објективност во работењето и одбегнување на можноста од создавање на постојана и трајна соработка помеѓу иста банка и исто ревизорско друштво.**
**Со законското решение не се доведува во прашање слободата на друштвата за ревизија да склучуваат договори за ревизија, туку се обезбедува поефикасен начин на сметководствена и финансиска контрола, како инструмент за обезбедување законитост во работата на банките, а воедно се реализира и уставната обврска на Републиката за преземање мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.**

*- The restriction of the number of audits that may be carried out by the same audit company derives from the need for qualitative and unbiased audit reports, observing the criteria for objectivity in work and avoiding the possibility for creating a regular and permanent*

*cooperation between the same bank and the same audit company.*
*The legal solution does not challenge the freedom of audit companies to conclude audit contracts, but ensures a more efficient way of accounting and financial control, as an instrument for ensuring legality in the operation of the banks, and at the same time realises the constitutional commitment of the Republic to undertake measures against the monopolist position and the monopolistic conduct on the market.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 72 став 2 од Законот за банки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000, 103/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003).

2. Друштвото за ревизија "Инфос" од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со оспорената одредба од Законот се вршело ограничување на слободите и правата на пазарот и претприемништвото, гарантирани во членот 55 од Уставот на начин што одредбата го лимитирала вршењето на ревизијата кај ист клиент најмногу до временски период од три години.

Ова од причина што единствениот критериум за промена на клиентот за вршење на ревизија, според подносителот на иницијативата, би требало да бидат квалитетот на извршени

претходни ревизии или настанати несогласувања, а врз основа на одредбите од Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот за етика на професионалните сметководители. Притоа, во иницијативата и појаснувањето на иницијативата, посебно се посочува на идејното решение на точката 8.14. од Кодексот, што предвидувала редовна ротација на претпоставениот ангажиран персонал во рамките на исто ревизорско друштво.

3. Судот на седницата утврди дека според содржината на член 72 став 2 од Законот за банки, исто друштво за ревизија може да изврши најмногу три последователни ревизии во истата банка.

4. Согласно член 55 од Уставот, се гарантира слобода на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Република Македонија, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот поредок и не можат да се менуваат со закон.

Согласно член 3 од Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија" бр. 65/1997, 27/2000 и 31/2001), ревизија врши друштво за ревизија, домашно и странско правно лице, под услов да е регистрирано за вршење на таква дејност во Република Македонија, согласно со овој закон и Законот за трговските друштва.

Согласно член 4 од истиот закон, друштво за ревизија може да основа само овластен ревизор. Во друштвото за ревизија мора да има вработено најмалку двајца овластени ревизори.

Тргнувајќи од содржината на оспорената одредба, како и од содржината на наведените одредби од Законот за ревизија, произлегува дека исто друштво за ревизија може да изврши најмногу три последователни ревизии во истата банка, а во друштвото за ревизија мора да има вработено најмалку двајца овластени ревизори.

Притоа, мотивираноста на законодавецот за вакво законско решение, со утврдување на определени модалитети на

ограничување на бројот на ревизиите од страна на исто ревизорско друштво, Судот ја наоѓа во потребата за квалитетни и непристрасни ревизиски извештаи, со запазување на критериумите за објективност во работењето на ревизорското друштво и одбегнување на можноста од создавање на постојана и трајна соработка помеѓу иста банка и исто ревизорско друштво.

Од друга страна исто ревизорско друштво, по извршувањето на трите последователни ревизии може да врши и други ревизии што во крајна линија ќе зависи од дадените услови на пазарот.

Според Судот, со законското решение не се доведува во прашање слободата на друштвата за ревизија да склучуваат договори за ревизија, туку се обезбедува поефикасен начин на сметководствена и финансиска контрола како инструмент за обезбедување законитост во работата на банките, а воедно се реализира уставната обврска на Републиката за преземање на мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Што се однесува до наводите од иницијативата дека со одредбите од Меѓународните стандарди за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/1998) и точката 8.14 од Кодексот за етика на професионалните сметководители бил предвиден модул за решавање на етичкиот конфликт од оспорената одредба, Судот оценува дека овој навод е без влијание по однос на можниот правец на одлучувањето во конкретниот случај. Ова ако се има предвид дека Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот за етика на професионалните сметководители, по својот правна природа, немаат ист правен третман како меѓународите договори, кои пак согласно член 118 од Уставот се составен дел од внатрешниот правен поредок. Воедно меѓународните стандарди се пониски правни акти по ранг од меѓународните договори и законите.

Оттука не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со членот 55 од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.122/2003)

# 27.

**- Законот за супервизија на осигурување**

*- Law on Insurance Supervision*

**- Востановениот правен режим со Законот за супервизија на осигурувањето треба да се однесува подеднакво на сите субјекти кои ги вршат работите на осигурување. Усогласувањето на друштвата за осигурување со законските норми кои го пропишуваат начинот на работење треба да биде во функција на важење на единствен, а не двоен правен режим.**

*- The legal regime established by the Law on Insurance Supervision should equally apply to all subjects performing insurance matters. The harmonisation of the insurance companies with the legal norms stipulating the manner of work should be in the function of a validity of a single, not a double legal regime.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 12 мај 2004 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 246 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијативата на Иван Чукиќ од Скопје, со Решение У.бр.203/2003 од 10 и 11 март 2004 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членот 246 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека со членот 6 во основните одредби од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002), е предвидено:

(1) Друштвото за осигурување може да врши работи на осигурување во една или повеќе класи на осигурување, во рамките на една од групите на осигурување:

1) неживотно осигурување, кое ги опфаќа класите од точките 1 до 18 од членот 5 на овој закон и

2) осигурување на живот, кое ги опфаќа класите од точките 19 до 23 од членот 5 на овој закон.

(2) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување што врши работи на осигурување во групата на осигурување на живот, може исто така да врши работи на осигурување од класите на осигурување во кои спаѓаат здравственото осигурување и осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода, наведени во членот 5 точките 1 и 2 од овој закон, под услов на нив да се применуваат табелите на веројатност и пресметки слични на осигурувањето на живот.

(3) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување во групата на осигурување на живот, може исто така во согласност со

Законот за капитално финансирано пензиско осигурување да управува со пензиски фондови, доколку ги исполнува условите предвидени со тој закон.

(4) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член друштвата за реосигурување можат да вршат работи на реосигурување за двете групи на осигурување.

Според членот 246 кој е во преодните и завршни одредби од Законот е предвидено:

(1) По исклучок на членот 245 став 1 од овој закон, друштво за осигурување кое на денот на влегувањето во сила на овој закон истовремено врши работи на осигурување на живот и работи на неживотно осигурување, не е должно да ги усогласи својата организација и работење со членот 6 став 1 од овој закон.

(2) И покрај одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување кое истовремено врши работи на осигурување на живот и работи на неживотно осигурување е должно да ги усогласи својата организација и работење во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон со следниве одредби:

1) посебно да управува со работењето на начин кој обезбедува вршењето на работите на осигурување на живот да е разграничено од вршењето на работите на неживотно осигурување;

2) да води засебно сметководство на начин кој обезбедува евидентирање на сите приходи и расходи на друштвото за осигурување засебно за осигурување на живот и за неживотно осигурување, а во зависност од тоа на која група на осигурување истите се однесуваат и

3) засебно да го пресметува капиталот и потребното ниво на маргината на солвентност за осигурување на живот и за неживотно осигурување.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 7 од Уставот на Република Македонија владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Во делот на уставните норми кои се однесуваат на основите на економските односи, со членот 55 од Уставот е предвидено дека се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувување на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

6. Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002), во членот 1 определил дека предмет на уредување на овој закон се условите под кои можат да се вршат работи на осигурување на живот, неживотното осигурување и реосигурување, осигурително брокерски работи, основање, работење, супервизија и престанок со работа на трговските друштва за осигурување и реосигурување (друштва за осигурување), осигурителните брокерски друштва и Националното биро за осигурување.

Според членот 3 став 1 од овој Закон, друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, под условите утврдени со овој закон и со Законот за трговските друштва.

Понатаму, со членот 245 став 1 од Законот е уредено дека постојните друштва за осигурување се должни својата организација, основачките акти и актите на деловната политика да ги усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од анализата на оспорениот член 246 од Законот произлегува дека интенцијата на законодавецот е во однос на друштво за осигурување кое до влегувањето во сила на овој закон истовремено вршело работи на осигурување на живот и неживотно осигурување, затекнатата состојба да ја задржи како исклучиво право наспрема востановениот правен режим со овој закон за останатите друштва за осигурување кои истовремено не вршеле работи од двете групи на осигурување, а тоа не можат да го вршат ниту според одредбите на овој закон (член 6).

Врз основа на изнесеното Судот утврди дека е право на законодавецот со закон да го пропишува правниот режим на осигурувањето на начин за кој смета дека вршењето на оваа дејност ќе биде во согласност со правилата и стандардите на осигурувањето

заради заштита, пред се, на интересите на осигурените лица и други субјекти, при што се констатира дека тој режим се совпаѓа со режимот на осигурување утврден во правото на Европската Унија односно во Директивата 2002/83/ЕЦ од 5 ноември 2002 година, која се однесува на осигурување на живот.

Поаѓајќи од тоа дека утврдениот правен режим се однесува за сите субјекти во правото, произлегува дека со одредбите од членот 6 од Законот врз основа на економските принципи за слободно пазарно работење и еднаквата правна положба на субјектите на пазарот кои воедно ја исклучуваат монополската позиција на едни субјекти наспроти други, се поставени еднакви законски правила за субјектите во системот на осигурувањето.

Оттука, со оглед на тоа што со оспорениот член 246 од Законот се предвидува исклучок од пропишаниот начин на вршење на работите на осигурувањето само за одредени правни субјекти кои до донесувањето на овој закон на поинаков начин ги вршеле работите на осигурувањето од ново воспоставениот правен режим со овој закон и се допушта тоа да продолжи наспроти утврдените законски правила за останатите субјекти, Судот утврди дека оспорената одредба не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и 7 од Уставот кои се однесуваат на владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото и со членот 55 од Уставот, со кој се обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Имено, востановениот правен режим со Законот за супервизија на осигурувањето треба да се однесува подеднакво за сите субјекти кои ги вршат работите на осигурување и усогласувањето на друштвата за осигурување со законските норми кои го пропишуваат начинот на работење треба да биде во функција на важење на единствен, а не двоен правен режим.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.203/2003)

# 28.

**- Закон за угостителската и туристичката дејност (услови за добивање "А" лиценца)**

*- Law on Catering and Tourist Business (conditions to obtain an “A” license)*

**- Слободата на пазарот и претприемништвото утврдени во Уставот, не се повредуваат со законско уредување на условите кои се однесуваат за сите стопански субјекти во вршењето на туристичката дејност со лиценца "А".**

*- Freedom of market and entrepreneurship defined by the Constitution does not violate the legal regulation of the conditions that relate to all economic subjects in the performance of the tourist business with an “A” license.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 23 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 30-ѓ став 1 алинеја 4 од Законот за угостителската и туристичката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/1995, 33/2000, 25/2002, 48/2002 и 38/2003).

2. Весна Цветкова од Скопје, Туристичката агенција "ИСИДОР ТУРС" - Битола од Битола и Зоранчо Велкоски од Прилеп, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи

за поведување покстапка за оценување на уставноста на членот 30-ѓ став 1 алинеја 4 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативите поради тоа што со оспорената законска одредба било предвидено за добивање на лиценца "А" вршителот на туристичката дејност да има најмалку двајца вработени со завршено високо образование кои познаваат најмалку еден светски јазик, произлегува дека со закон се наложувало во приватниот сектор со какво образование и во колкав број да бидат вработените, што е во спротивност со начелото на слободата на пазарот и претприемништвото утврдено во членот 55 од Уставот.

Во иницијативите исто така се наведува дека со оглед на тоа што со оспорената одредба од Законот не било определено високото образование конкретно од областа на туризмот за двајцата вработени кај вршителот на туристичката дејност, целите на законот не биле за подобрување на квалитетот на услугите туку заради селектирање и намалување на бројот на туристичките агенции кои се во приватниот сектор во услови на пазарно стопанство и овозможување монополска положба на дел од нив. Подносителите на иницијативите Весна Цветкова од Скопје и Туристичката агенција "ИСИДОР ТУРС" - Битола, воедно бараат Судот да изрече времена мерка за запирање од извршување на оспорената одредба од Законот.

3. Судот на седницата утврди дека Законот за угостителската и туристичката дејност во членот 30-ѓ став 1 предвидел дека за добивање лиценца "А" вршителот на туристичката дејност треба да достави доказ дека ги исполнува наведените услови меѓу кои во алинеја 4 е предвиден доказот да има најмалку двајца вработени со завршено високо образование кои познаваат најмалку еден светски јазик.

4. Согласно членот 8 став 1 алинеја 6 од Уставот на Република Македонија слободата на пазарот и претприемништвото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Со членот 55 став 1 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а според ставот 2, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Од изнесените уставни одредби произлегува дека гарантираната слобода на пазарот и претприемништвото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката, која отвара широки можности за реализација на стопанството и приватната иницијатива во сите области од стопанскиот систем. Меѓутоа, слободата на пазарот и претприемништвото не може да се сфати како работа само на субјектите на пазарот бидејќи и државата како гарант на оваа слобода има значајна улога како регулатор на економските текови во стопанството.

Принципот на еднаквост на пазарните субјекти претставува еднаква правна положба на субјектите во вршењето на својата дејност. Имено, еднаквоста треба да постои меѓу оние субјекти кои вршат идентична или слична дејност. Во овој контекст државата е должна да презема определени мерки со цел да се спречи монополската положба и однесување на пазарот, заштитувајќи ги на тој начин правилата на пазарот, конкуренцијата од една страна и обезбедувањето еднакви можности за сите субјекти да вршат определена дејност од друга страна.

Според членот 1 од Законот за угостителската и туристичката дејност, предмет на уредување со овој закон се условите и начинот за вршење на угостителската и туристичката дејност. Во рамките на уредувањето на прашањата од оваа област, со одредбите од Законот е уредено меѓу другото дека угостителската и туристичката дејност можат да ја вршат домашни и странски правни и физички лица запишани во трговскиот регистар и врз основа на одобрение (лиценца), потоа, уредени се минимално-техничките услови и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда и категоризација на угостителските објекти и постапката за решавање на правата и обврските на стопанските субјекти кои ќе ги вршат овие дејности, која е во надлежност на Министерството за економија. Посебно во делот на одредбите од Законот кои се однесуваат на туристичката дејност, со членот 30 е определено дека вршителите на туристичката дејност можат да вршат посредување во туристичкиот промет, во свое име и за своја сметка, во свое име и за туѓа сметка и да застапуваат други фирми во вршењето на посредување во туристичкиот промет.

Според членот 30-а од овој закон, лиценцата за вршење на туристичката дејност може да биде: лиценца "А", лиценца "Б" и лиценца "В".

Понатаму, со одредбите од Законот се утврдени правата и обврските на вршителите на туристичката дејност во зависност од категориите на лиценците. Со членот 30-б од Законот е определено дека вршителот на туристичката дејност, како имател на лиценца "А", може да врши организирање на туристички патувања во земјата и во странство и други услуги во смисла на членот 3 од овој закон, а заради организирање на туристички патувања во земјата и во странство е должен да ги осигура патниците, односно корисниците на аранжманите во соодветно друштво за осигурување.

Следствено на определбите во законот за начинот на остварувањето и содржините кои ги опфаќа вршењето на туристичката дејност од страна на вршителите со лиценца "А", со членот 30-ѓ од Законот се пропишани условите за добивање на лиценца "А", која има рок на важење 2 години и ја издава Министерството за економија каде се води регистар за издадените лиценци.

Според ставот 1 од членот 30-ѓ од Законот, за добивање лиценца "А", вршителот на туристичката дејност треба да достави доказ дека ги исполнува следниве услови:

- дека склучил годишен договор со осигурително друштво за осигурување од одговорност од дејност во износ од 25.000 ЕВРА во денарска противвредност;
- дека од вкупно продадените аранжмани има продадено најмалку 10% домашни аранжмани во странство, за кое што приложува доказ до овластена ревизорска куќа;
- мора да обезбеди туристички придружник и туристички водич при секоја реализација на патување во земјата и во странство и
- дека има најмалку двајца вработени со завршено високо образование кои познаваат најмалку еден светски јазик.

Имајќи го предвид изнесеното Судот утврди дека постоењето на уставниот основ за законско уредување на правата и обврските во сферата на дејностите во стопанството е основ и за уредување на условите и начинот на вршењето на угостителската и туристичката дејност. Со оглед на тоа што во тие рамки со Законот е уреден правниот режим на вршењето на предметната дејност, условот кој е определен со оспорената законска одредба е еден од елементите содржани во утврдениот правен режим кој се однесува за сите стопански субјекти кои во вршењето на туристичката дејност можат да се стекнат со лиценца "А".

Законодавецот, исто така, со оспорената одредба од Законот не ги лимитирал можностите во однос на видот на завршеното високо образование само на една област од високото образование, што е од тој аспект поповолно за стопанските субјекти кои ја вршат наведената дејност со лиценца "А". Воедно, со определбата во оспорената законска одредба вршителите на туристичката дејност со лиценца "А" да имаат најмалку двајца вработени со завршено високо образование кои познаваат најмалку еден светски јазик, не се попречува покрај овие вработени и други лица кои не ги исполнуваат наведените услови да бидат вработени кај вршителот на оваа дејност со лиценца "А".

Поради изнесеното Судот оцени дека оспорената законска одредба не е во несогласност со членот 55 од Уставот со кој се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.40/2003)

## 4. Правосудство, адвокатура и нотаријат

*4. The judiciary, legal profession and notary profession*

# 29.

**- Судска такса**

*- Court fee*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 71 и член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на член 141 став 2 од Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/1998 и 44/2002).

2. Александар Гоџо адвокат од Охрид и Трајче Торов од Штип на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на член 141 став 2 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата на Александар Гоџо оспорената одредба не била во согласност со член 8 алинеја 3, член 50 и член 51 од Уставот, и била во спротивност со член 7 од Законот за судски такси и член 7 од Законот за судовите . Имено во иницијативата се наведува дека во Уставот и во законите никаде не се споменува дека разгледувањето на правата на граѓаните зависи од

плаќање на определена такса. Постапувањето на определен државен орган по барање на странката не може да се условува со претходно плаќање на такса. Тоа претставува должност на државниот орган, дотолку повеќе што тие се финансираат од даноци кои ги плаќаат граѓаните. Во член 100 од Законот за судовите е предвидено дека средствата за работа на судовите се обезбедени со Републичкиот буџет. Тоа значи дека постапувањето на органот, во случајов судот, е врзано во рамки на член 50 од Уставот.

Поднесувањето на тужба или барање за утврдување на определени факти во согласност со Уставот и закон не може и не смее да се условува со плаќање на определен надомест, на кој начин се повредува начелото на владеење на правото.

Државата има инструменти како да ги наплати овие такси во текот и по завршувањето на постапката од странката, а не да се условува со плаќање на такса.

Од друга страна, пак, постои опасност оспорената одредба во практиката да создаде дискриминација во еднаквиот пристап на граѓаните пред судовите, така што странките што ја платиле таксата би добиле судење во рамките на тоа што значи судење во разумен рок, а другите кои не би ја платиле не би добиле воопшто покани во законски предвидените рокови, а тоа особено се однесува во постапка по спорови од работните односи, по тужби поради смеќавање на посед, како и во постапки за одлучување по привремени и претходни мерки кои се итни, на кој начин се дерогира и начелото на итност во парничната постапка.

Понатаму, подносителот на иницијативата наведува дека во Законот за парничната постапка се предвидени инструменти за ослободување од плаќање на судски такси на лица кои не се во можност да ги поднесат судските трошоци, меѓутоа релативноста на поимите "материјална состојба", "можност", "тужбено барање" или "износ што се бара со тужба", "вредност на спор", при постоење на оспорената одредба само внесува конфузија и постои опасност судот при секоја иницирана постапка да се впушта во одлучување претходно за можноста или неможноста да се сносат трошоци што би се одразиле на ажурноста.

Подносителот на иницијативата Трајче Торов наведува дека оспорениот член од законот бил спротивен на членовите 8 став 1 алинеја 3 и 8, член 9, член 24 став 1, член 50 став 1, член 54 став 1 и

3, на Законот за судовите како и на член 6 од Европската конвенција за човековите права односно правото на судење во разумен рок.

Имено според подносителот на иницијативата граѓаните не смеат да бидат спречувани во остварување на нивните права пред судовите поаѓајќи само од фактот дали имаат пари или не а притоа не имајќи предвид дека судовите не се профитни комерцијални фирми ниту фискален орган, туку орган за заштита на правата и спроведување на законите.

3. Судот на седницата утврди дека во член 141 став 2 од Законот за парничната постапка е предвидено дека "судот нема да постапува по тужба ниту да превзема друго дејствие за кое не е платена судска такса".

4. Судот, исто така, утврди дека ја оценувал уставноста на оспорената одредба од законот и со Решение У.бр.221/1998 и У.бр. 10/1999 од 24 февруари 1999 година не повел постапка за оценување на нејзината уставност.

Со ова решение Судот изразил став дека со оглед на фактот што обврската за плаќање на судски такси е востановена со Законот за судски такси, со оспорената одредба не се создава нееднаквост на граѓаните по основ на нивната имотна состојба при остварувањето и заштитата на со Устав утврдените слободи и права пред судовите, затоа што оваа одредба според својата формулација и нормативна содржина е единствена за сите граѓани и односот на судот спрема сите граѓани кои не ја платиле судската такса за тужба или друго дејствие што треба да го преземе судот, е еднаков без оглед на нивната имотна положба.

Судот, исто така, ги имал предвид и условите и начинот на ослободување од плаќање на судски такси во случај кога странката не е во состојба да ги плати, со што се обезбедува достапноста на судската заштита независно од материјалната состојба на граѓаните, поради што оценил дека членот 141 став 2 од Законот за парнична постапка не е во несогласност со Уставот.

Судот исто така ги имаше предвид и решенијата по предметот У.бр.52/1999 и У.бр.110/1999 со кои се отфрлени иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорениот член.

5. Според член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата, помеѓу другото, и ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

6. Со оглед на тоа што Судот веќе одлучувал за уставноста на оспорениот член од Законот, а не наоѓа основи за поинакво одлучување, одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.63/2003)

# 30.

**- Правни последици од осуда**

*- Legal consequence from a conviction*

**- Не може да се постави прашањето за уставноста на законската одредба со која јасно е утврден причинскиот однос на забраната на превозникот да добие лиценца поради постоење на правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.**

*- There is no question as to the constitutionality of the legal provision clearly defining the reason for the prohibition to the transporter to obtain a license as a result of the existence of an effective court judgment for a criminal offence against property, economy or safety in public transportation.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 ноември 2004 година, донесе

РЕШЕНИЕ

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 8 став 1 точка 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр.68/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата правните последици од осудата не можеле да настапуваат автоматски по сила на закон, како во случајот, туку тоа можело да се прави само со правосилна судска одлука (членови 13 став 1 и 98 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија), односно казнено-поправниот однос се исцрпувал на релацијата на казнивото дело и судски изречената казна за неговиот сторител и натамошни последици од неговото извршување односно од осудата за тоа дело кои се состоеле во ограничување на правата на граѓаните не се допуштени, освен ако тоа не било изречно утврдено во Уставот (член 54 став 1).

Понатаму во иницијативата се наведува дека со оглед на тоа што според оспорената законска одредба правните последици од осудата настапувале по сила на законот, а не како конкретна казна (забрана) што ја изрекува судот во рамките на видовите на казни, односно санкции, оспорената одредба не била во согласност со одредбите на членовите 8 став 1 алинеја 3 и 4, 9, 13 став 1, 14 став 1, 32 став 2, 51, 54 став 1 и 98 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на иницијативата упатува на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.210/2001 од 6 февруари 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/2002)

со која бил укинат членот 101 став 2 во делот "И настапуваат по сила на законот со кој се предвидени" од Кривичниот законик.

Врз основа на изнесеното предлага Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 8 став 1 точка 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

3. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 8 став 1 точка 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај е утврдено дека лиценца може да добие домашно правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник), ако меѓу другите го исполнува и условот: да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.

4. Согласно член 8 став 1 алинеја 1 и 3 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Според член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Уставот на Република Македонија во делот на одредбите кои се однесуваат на економските, социјалните и културните права, во членот 32 став 1 утврдил дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност, а во ставот 2 од истиот член од Уставот е предвидено дека секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Во ставот 5 е утврдено

дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 54 став 1 од Уставот на Република Македонија слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Согласно член 98 став 1 од Уставот судската власт ја вршат судовите, а според ставот 2 судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Законот за превоз во патниот сообраќај во членот 1 утврдил дека со овој закон се уредуваат условите и начинот за вршење превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Согласно членот 2 од Законот, превозот на патници и стоки во меѓународниот патен сообраќај се врши согласно со овој закон и меѓународни договори и спогодби што ги ратификувала Република Македонија.

Во ставот 2 од овој член е утврдено дека ако со одделни држави не е склучен договор или спогодба од ставот 1 на овој член, превозот меѓу тие држави и Република Македонија се врши во согласност со овој закон и мултилатералните меѓународни договори ратификувани од Република Македонија почитувајќи го принципот на реципроцитет.

Согласно член 4 од Законот, домашен превозник може да врши превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај врз основа на лиценца.

Тргнувајќи од изнесените уставни и законски норми, Судот утврди дека оспорената одредба од член 8 став 1 точка 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај регулира одредена состојба како причина за одбивање на барањето за издавање на лиценца, што е право на законодавецот со закон да пропише определени критериуми инкорпорирани во оваа професија, заради обезбедување на неговото

функционирање и елиминирање на степенот на загрозување на животот и здравјето на луѓето и имотот при специфичното професионално делување во сферата на патниот сообраќај.

Условот против превозникот (домашно правно или физичко лице) да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај произлегува од потребата со закон да бидат уредени прашањата за постоење на подобност на лицата овластени со Закон, за ефикасно вршење на услугите во патниот сообраќај. Предвидувањето на овој услов спрема превозникот, не може да се прифати како ограничување на правата и слободите на индивидуите.

Според мислењето на Судот оспорената законска одредба не е во несогласност со Уставот затоа што со неа јасно е утврден причинскиот однос на забраната на превозникот да добие лиценца поради постоење на правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.

Имено, оспорената законска одредба прецизно утврдува дека домашен превозник може да врши превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај врз основа на лиценца која, пак, не може да се добие ако постои правосилна судска пресуда на судот со која превозникот е осуден за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.

Судот утврди дека оспорената законска одредба не е во несогласност со принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите. Ова од причина што одредбата не ги разликува граѓаните по основ на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Исто така, со оспорената одредба не се повредуваат членот 13 став 1 и 14 став 1 од Уставот. Имено, токму оспорената законска одредба се повикува на донесена правосилна судска одлука, по кој момент едно лице може да се смета за виновно за сторено кривично дело. Донесената правосилна судска пресуда секако може да се однесува само за кривично дело утврдено со закон или друг пропис како казниво дело за кое е предвидена казна.

Во контекст на изнесеното Судот оцени дека оспорената законска одредба не е во несогласност и со членовите 32, 51, 54 и 98 од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнеесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.182/2004)

# 31.

**- Закон за републички судски совет (критериуми за разрешување на судија)**

*- Law on the Republican Judicial Council (criteria for discharging a judge)*

**- Повторно изречена писмена опомена или повторно запирање на дел од платата претставува облик на потешка дисциплинска повреда која го прави судијата неподобен за вршење на судиската функција што претставува критериум за негово разрешување од функцијата.**
**Со спречувањето на Републичкиот судски совет да ја оценува исправноста на одлуките на повисоките судови против пресудите на судиите чија работа се оценува, се исклучува можноста тој да се јави како орган кој врши инстанциона контрола на одлуките на судот.**

*- Written reprimand pronounced for the second time or withholding a part from the salary for the second time is a form of a more serious disciplinary violation making*

*the judge unsuitable to perform a judge's office, which is a criterion for his/her discharge from the office.*
*The prevention of the Republican Judicial Council to assess the regularity of the decisions made by higher courts against the judgments of the judges whose work is assessed, excludes the possibility that it appears as a body carrying out an instance control of the court's decisions.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 19 алинеја 4 и член 32 став 2 од Законот за републички судски совет ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1992, 50/1999 и 43/2003).

2. Вера Терзиева Тројачанец, од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата алинејата 4 на член 19 од Законот била несогласна со Уставот затоа што ги проширувала правните основи за разрешување на судија, што биле таксативно утврдени во ставот 3 на член 99 од Уставот.

Ставот 2 на член 32 од Законот не кореспондирал со уставното овластување што го имал Републичкиот судски совет според членот 105 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, според кој Републичкиот судски совет ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 19 алинеја 4 од Законот за републички судски совет, Советот утврдува предлог за разрешување од судиската функција и на Собранието на Република Македонија му предлага разрешување на судијата ако на истиот по втор пат му е изречена дисциплинска мерка опомена (укор) или привремено запирање на плата до 15% од месечната плата на судијата, во траење од еден до шест месеци.

Исто така, Судот утврди дека согласно член 32 став 2 од Законот Републичкиот судски совет ја оценува стручноста и совесноста на судиите без да се впушта во оценка на одлуките што ги донел повисокиот суд во одлучувањето по вложени редовни и вонредни правни средства.

4. Согласно член 105 од Уставот на Република Македонија, Републичкиот судски совет, меѓу другото, одлучува за дисциплинската одговорност на судиите.

Од содржината на оваа одредба се гледа дека Уставот употребува општ поим "дисциплинска одговорност" без притоа да прецизира за кој вид повреда станува збор.

Со други зборови, Уставот му препушта на законодавецот да го разработи прашањето за дисциплинската одговорност на судиите во смисла да определи кое дејствие на судијата претставува потешка повреда на работната дисциплина, па во тој контекст да предвиди и дека повторувањето на дисциплинската мерка укор, односно писмена опомена или привремено запирање на дел од плата кој не може да биде поголем од 15%од месечната плата на судијата, во траење од еден до шест месеци, да се смета како потешка повреда на работната дисциплина.

Гледано од овој аспект, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за уставноста на оспорената одредба на член 19 алинеа 4 од Законот.

Ова од причина што поаѓајќи од моралниот лик на судијата и фактот дека дисциплинската мерка всушност му се изрекува заради повреда на работната дисциплина, со цел воспитно да се влијае врз него во иднина да не повторува таква повреда, Судот оцени дека со нејзиното повторување судијата покажува дека нема чувство за изречената дисциплинска мерка и дека постои можност истата да ја повторува и понатаму.

Според Судот предвидувањето на разрешување на судијата од вршење на неговата функција, после повторно изречената писмена опомена или повторното запирање на дел од плата, е критериум за потешка дисциплинска повреда, која го прави неподобен за вршење на судиската функција.

Во однос на прашањето дали Републичкиот судски совет може да ја оценува стручноста и совесноста на судиите без да се впушта во оцена на одлуките што ги донел повисокиот суд во одлучувањето по вложени редовни и вонредни правни средства, Судот оцени дека оваа одредба од Законот е согласна со Уставот на Република Македонија.

Имено, ако се има предвид одредбата од членот 34 став 1 на овој закон според кој Републичкиот судски совет во вршењето на работите од членовите 32 и 33 на овој закон, односно при оценувањето на стручноста и совесноста на судиите прибавува податоци од Министерството за правда за постигнатите резултати, бројот на решените предмети, квалитетот и ажурноста во работата на судиите во соодветниот суд и ставот 2 на овој член од Законот, според кој на барање на Републичкиот судски совет, судовите се должни да му достават податоци за постигнатите резултати во работата на судовите на начин определен со Деловникот за работа на Републичкиот судски совет, Судот оцени дека оспорената одредба од Законот не го попречува Советот во оценување на стручноста и совесноста на судиите без да се впушти во оценување на одлуките што ги донел повисокиот суд.

Според Судот со оспорената одредба Републичкиот судски совет се спречува да ја оценува исправноста на одлуките на повисоките судови против пресудите на судиите чија работа се оценува и на тој начин се исклучува можноста да се појави како инстанца во контрола на одлуките на судот.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на член 32 став 2 од Законот за Републички судски совет.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Решението за неповедување постапка за уставноста на член 19 алинеја 4 од Законот Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

7. Решението за неповедување постапка за оценување уставноста на член 32 став 2 од Законот, Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.123/2003)

# 32.

**- Закон за кривичната постапка (иземање на Републичкиот Јавен Обвинител)**

*- Criminal Procedure Code (removal of the Republican Public Prosecutor)*

**- За иземањето на јавниот обвинител одлучува непосредно повисокиот јавен обвинител. При непостоење на непосредно повисок јавен обвинител од јавниот обвинител на Република Македонија, невозможно е да се предвиди надлежност на колегиумот на заменици на јавниот обвинител да одлучува за иземање на јавниот обвинител на Република Македонија, ниту може да се воспостави надреденост на колегиумот на заменици, како субординирани лица на јавниот обвинител кои би можеле да ја ограничат неговата уставна функција.**

**Колегиумот на заменици како тело не е регулирано и институционализирано со закон, ниту се определени неговите ингеренции, поради**

**што и не може да донесува процесни решенија од карактер какво што е и решението за изземање.**

*- The immediately higher public prosecutor decides on the removal of the Public Prosecutor. When there is no immediate higher public prosecutor than the Public Prosecutor of the Republic of Macedonia, it is impossible to foresee the competence of the staff of Deputies to the Public Prosecutor to decide on the removal of the Public Prosecutor of the Republic of Macedonia, nor there may be established a superiority of the staff of Deputies, being persons subordinated to the Public Prosecutor who could limit his/her constitutional function.*

*The staff of Deputies as a body is not governed and institutionalised by law, nor its spheres of competence have been defined, as a result of which it may not pass process resolutions having the character of the resolution for removal.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 април 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 41 став 2 во делот: "За изземање на јавниот обвинител на Република Македонија одлучува колегиум на заменици на Јавното обвинителство на Република Македонија" од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/1997).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива на Митре Лазов од Неготино, со Решение У.бр.144/2003

од 25 февруари 2004 година, поведе постапка за оценување на уставноста на актот означен во точка 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во член 41 став 2 од Законот за кривичната постапка е предвидено дека Јавниот обвинител одлучува за изземањето на лицата кои врз основа на Законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат во кривичната постапка. За изземањето на јавниот обвинител одлучува непосредно повисокиот јавен обвинител. За изземање на јавниот обвинител на Република Македонија одлучува колегиум на заменици на Јавното обвинителство на Република Македонија (оспорениот дел од законската одредба).

5. Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија една од темелните вредности на уставниот поредок е и владеењето на правото.

Согласно член 106 став 1 од Уставот на Република Македонија, Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.

Во ставот 2 од истата уставна норма е предвидено дека Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и закон, а во ставот 3 е предвидено дека јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието за време од шест години.

Согласно член 4 став 1 од Законот за јавно обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1992, 19/1993, 9/1994 и 9/1996) функцијата на јавното обвинителство ја врши јавниот обвинител на Република Македонија, јавниот обвинител на вишото јавно обвинителство и јавниот обвинител на основното јавно обвинителство.

Согласно член 4 став 2 од Законот, јавниот обвинител може да има еден или повеќе заменици.

Согласно член 6 од Законот, заменикот јавен обвинител може да врши секое од дејствијата во постапката пред судот, други органи и други правни лица за кои според Законот е овластен јавниот обвинител.

Согласно член 22 од Законот, јавниот обвинител го претставува Јавното обвинителство, раководи со неговата работа и ги врши правата и обврските определени со закон.

Согласно член 22 став 2 од Законот, јавниот обвинител го заменува заменик јавен обвинител што тој ќе го определи.

Согласно член 28 став 1 од Законот, јавниот обвинител на Република Македонија за својата работа и за работата на Јавното обвинителство одговара пред Собранието на Република Македонија.

Според став 2 вишиот и основниот јавен обвинител за својата работа одговараат на јавниот обвинител на Република Македонија и на Собранието на Република Македонија, а согласно став 3 заменикот јавен обвинител за својата работа одговара на соодветниот јавен обвинител и на Собранието на Република Македонија.

6. При разгледувањето на оспорениот член 41 став 2 од Законот за кривичната постапка Судот утврди дека согласно член 41 став 1 од овој закон одредбите за изземање на судии и судии-поротници согласно ќе се применуваат и врз јавните обвинители и лицата што врз основа на Законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат јавниот обвинител во постапката, записничарите, толкувачите и стручните лица, како и врз вештаците, ако за нив не е определено ништо друго (член 236).

Во член 36 од Законот за кривичната постапка е предвидено дека судија или судија поротник не смее да врши судска должност ако:

1) е оштетен со кривичното дело,

2) обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, нивниот законски застапник или полномошник му е брачен односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четвртиот степен, а по сватовство до вториот степен,

3) со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик,

4) во истиот кривичен предмет вршел истражни дејствија или учествувал во испитувањето на обвинението пред главниот претрес, или учествувал во постапката како тужител, бранител,

законски застапник или полномошник на оштетениот односно на тужителот, или е сослушан како сведок или како вештак,

5) во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на понискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата, и

6) постојат околности што предизвикуваат сомневања во неговата непристрасност.

Имајќи предвид дека со институтот изземање се оди кон отстранување на сомневањето во објективноста во работењето, за што се заинтересирани како општеството, така и одделни граѓани, постапката за изземање може да се иницира како по службена должност, така и по барање на странка.

Во контекст на оспорената законска одредба од особено значење е член 37 од Законот за кривичната постапка со кој е предвидено дека судијата или судија поротник (односно јавниот обвинител во смисла на член 41 став 1 од Законот) штом ќе узнае дека постои некоја од причините за изземање од член 36 точка 1 – 5 на овој закон, должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет.

7. Од аспект на причините поради кои се оспорува законската одредба и анализата на уставните и законските одредби, Судот утврди дека за одлучувањето по предметот е нужно да се тргне од тоа дека Јавното обвинителство се организира според принципот на хиерархија и субординација. Јавното обвинителство во правниот поредок во Република Македонија остварува класична функција на гонење на сторителите на кривичните дела во рамките на континенталниот облик на организација на правосудството. Во рамките на начелото на легалитет во гонењето, неговото основно право и должност да ги гони сторителите на кривичните дела и неговата поставеност и организација како единствен и самостоен државен орган во вршењето на функција го претставуваат како основен носител на функцијата на гонењето во државата. Јавниот обвинител има улога на странка во постапката, како државен орган ексклузивно ја остварува функцијата на гонењето и со оглед на тоа се јавува во улога на заштита на објективниот правен поредок.

Со оглед на барањата на принципот на легалитет и неговите консеквенции на планот на заштитата на правниот поредок и на примената на законите, улогата на Јавното обвинителство е дотолку поодговорна, но притоа и специфична. Јавното обвинителство, иако се јавува во таква улога, не донесува одлуки од

судски карактер, а нема ни право да влијае врз донесувањето на одлуки ниту да учествува во нивното донесување. Тој може само да предлага и од надлежниот суд, како и од други органи да бара да поведат соодветна постапка за примена на законите во која учествува само како странка. Од таквата поставеност на јавното обвинителство се предопределени основните карактеристики на неговата организација. Во функционална смисла јавното обвинителство е централистички поставено со бројни ингеренции на повисокото во однос на пониското јавно обвинителство во кривичното гонење. Повисокиот јавен обвинител може да преземе секое од дејствијата од делокругот на пониский или да му го довери на пониский, да му даде задолжителни упатства на пониский на кои последниов е должен да се придржува (член 9 точка 2 и 3 и член 10 и член 10-а од Законот за јавно обвинителство).

За остварување на функцијата на гонењето е карактеристично што јавниот обвинител е инокосен носител на делокругот на работите и овластувањата на органот. Имено, јавниот обвинител настапува како индивидуален носител на функцијата. Индивидуата во вршењето на функцијата е институцијата на Јавното обвинителство, односно јавниот обвинител ја претставува институцијата Јавно обвинителство. Функцијата на Јавното обвинителство како државен орган ја врши јавниот обвинител, како инокосен орган, па затоа и во кривичната постапка неопходно е таа концепција консеквентно да се спроведе. Токму поради тоа секогаш во Законот – каде тоа е потребно - се зборува за јавен обвинител (а не Јавно обвинителство) како странка која е овластена да презема соодветни дејствија.

На јавниот обвинител во работата му помагаат определен број на заменици. Заменикот е супститутот кој настапува наместо јавниот обвинител како институт. Имено, хиерархиската субординираност како организационо начело на Јавното обвинителство се огледа во потчинетоста на пониските јавни обвинители на повисоките и нивната обврска да постапуваат во согласност со повисокиот јавен обвинител и монократизмот, согласно кој титулус на сите функции е јавниот обвинител, а замениците се само негови претставници, кои всушност се хиерархиски подредени на јавниот обвинител. Околноста што во сите Јавни обвинителства постојат колегиуми, како неформални тела, не го негира монократизмот на Јавното обвинителство. Во состав на колегиумот влегува јавниот обвинител и сите негови заменици.

Од изнесеното, според Судот во конкретниов случај во суштина и нема можност за примена на институтот изземање на јавниот обвинител на Република Македонија од причина што за изземање на лица кои врз основа на Законот за јавно обвинителство се овластени да го заменуваат јавниот обвинител одлучува јавниот обвинител, а за изземањето на јавниот обвинител одлучува непосредно повисокиот јавен обвинител. Меѓутоа, непосредно повисок јавен обвинител од јавниот обвинител на Република Македонија нема, а невозможно е да се воспостави надреденост на колегиумот на заменици како субординирани лица на јавниот обвинител кои би можеле да ја ограничат неговата уставна функција. Освен тоа, колегиумот на заменици како тело не е регулирано и институционализирано со закон, ниту се определени неговите ингеренции, поради што и не може да донесува процесни решенија од карактер какво што е и решението за изземање.

Оттука, позицијата на јавниот обвинител на Република Македонија во поглед на изземањето може да се согледува само преку неговата законска обврска, односно должност во случај да постои еден од основите во смисла на член 36 точка 1 – 5 од Законот за кривичната постапка, да не презема непосредни дејствија во конкретен предмет. Повредата на оваа законска должност, пак, го надминува контекстот на изземањето како процесен акт, туку ја засега одговорноста на јавниот обвинител на Република Македонија за вршење на неговата функција.

Врз основа на изнесеното, а особено имајќи го во вид фактот што членовите на колегиумот се заменици на јавниот обвинител кои се хиерархиски подредени на јавниот обвинител на Република Македонија и како такви немаат ингеренции ниту овластување да одлучуваат за изземање на јавниот обвинител, Судот утврди дека оспорената зконска одредба не е во согласност со начелото на владеење на правото утврдено во член 8 став 1 алинеја 3 и со член 106 од Уставот.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.144/2003)

# 33.

**- Закон за парничната постапка (полномошник во парнична постапка)**

*- Law on Contentious Procedure (proxy in a contentious procedure)*

**- Со законските одредби во кои е утврдено дека како полномошник на странките во оваа постапка, освен адвокат, може да се јави и друго лице кое е наполно деловно способно, не се загрозува уставно утврдената положба на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош во согласност со закон.**

*- The legal provisions defining that in addition to a lawyer, another person who has full civil capacity may also be a proxy of the parties in this procedure, do not endanger the constitutionally defined position of the legal profession as an autonomous and independent public service providing legal assistance in accordance with a law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 5 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 89, член 90 став 2 во делот "Ако во овој случај полномошното му се издава на лице кое не е адвокат, потребно е присуство на двајца сведоци кои ќе се потпишат на полномошното" и

член 93 став 2 од Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/98 и 44/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорените одредби од Законот се повредувал член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 53 од Уставот на Република Македонија, затоа што со нив се дозволувало правна помош да даваат и лица кои не се адвокати, а според подносителот на иницијативата од членот 53 од Уставот произлегувало дека само адвокатурата е таа што обезбедува правна помош.

3. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 89 од Законот, ако странката во полномошното не ги определила поблиску овластувањата на полномошникот, полномошникот кој не е адвокат врз основа на ваквото полномошно може да ги врши сите дејствија во постапката, но секогаш му е потребно изречно овластување за повлекување на тужба, за признавање или одрекување од тужбеното барање, за склучување на порамнување, за одрекување или откажување од правен лек и за пренесување на полномошното врз друго лице, како и за поднесување на вонредни правни лекови.

Во член 90 став 2 од Законот е утврдено дека странката која не е писмена или не е во состојба да се потпише на писменото полномошно наместо потпис ќе стави отпечаток од показалецот. Ако во овој случај полномошното се издава на лице кое не е адвокат, потребно е присуство на двајца сведоци кои ќе се потпишат на полномошното (оспорен дел).

Во членот 93 став 1 од Законот е утврдено дека ако на полномошникот му е дадено овластување да ги врши сите дејствија во постапката, а странката односно нејзиниот законски застапник ќе умре или ќе стане деловно неспособен, или ако законскиот застапник биде разрешен од должност, полномошникот е овластен и натаму да ги преземе дејствијата во постапката, но наследникот, односно новиот законски застапник може да го отповика полномошното.

Според оспорениот став 2 на членот 93 од Законот, во случаите наведени во ставот 1 на овој член, на полномошникот кој не е адвокат секогаш му престануваат овластувањата што во полномошното мора изречно да се наведат (член 89).

4. Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, како и принципот на владеењето на правото.

Според членот 53 од Уставот, кој што е поместен во поглавјето "3. Гаранции на основите слободи и права" на делот втори од Уставот, во кој се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согланост со закон.

Од содржината на наведените уставни одредби, како и од нивната систематика во Уставот произлегува дека основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот не само што се утврдени како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, туку за нивното остварување и заштита во Уставот се утврдени и гаранции, меѓу кои е и адвокатурата која е дефинирана како јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Меѓутоа, утврдувањето на адвокатурата во членот 53 од Уставот со означениот статус и својство, како една од уставните гаранции на основните слободи и права, според мислењето на Судот не значи дека таа е и единствено надлежна за обезбедување на правна помош. Секое толкување на членот 53 од Уставот во смисла дека тој ја исклучува можноста правна помош да обезбедуваат и други субјекти, освен адвокатурата, според Судот би било многу рестриктивно и не би соодветствувало на уставната концепција за улогата и значењето на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Она што, исто така, треба да се има предвид е фактот што и самиот член 53 од Уставот упатува дека адвокатурата правната помош ја обезедува во согласност со закон. Оттука, според мислењето на Судот, во рамките на ова уставно овластување законодавецот има право со закон да утврди под кои услови и во кои

случаи адвокатите ја обезбедуваат правната помош, а истовремено да утврди во кои случаи и под кои услови оваа помош може да ја обезбедуваат и други лица, односно субјекти. Според постојната законска регулатива, по правило, тоа се сите оние случаи во кои обезбедувањето на правната помош, а во тие рамки и на застапувањето на странките во постапките пред судовите и другите државни органи, со оглед на спецификите, не е резервирано само за адвокатите, како што е на пример застапувањето, односно одбраната на обвинетиот во кривичната постапка.

Имајќи го предвид изнесеното, како и тоа дека оспорените законски одредби се поместени во Глава петта "Полномошници" од Законот за парничната постапка, во чии одредби генерално се утврдува дека како полномошник на странките во оваа постапка освен адвокат може да биде и секое друго лице кое е наполно деловно способно, освен лица кои се занимаваат со надриписарство, Судот смета дека со оспорените законски одредби во кои се утврдуваат посебни услови за валидноста и дејството на полномошното доколку тоа се издава или е издадено на лице кое не е адвокат, не се загрозува уставно утврдената положба на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош во согласност со закон, ниту пак, се повредува член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.27/2004)

# 34.

**- Законот за парничната постапка (полномошник во парнична постапка)**

*- Law on Contentious Procedure (proxy in a contentious procedure)*

**- Законодавецот е овластен да утврди под кои услови и во кои случаи адвокатите ја обезбедуваат правната помош, што не исклучува правна помош да обезбедуваат и други лица односно субјекти.**

*- The legislator is authorised to define under which conditions and in which cases lawyers provide legal assistance, which does not exclude that legal assistance is provided also by other persons, that is, subjects.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 83 став 1 од Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/1998 и 44/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата адвокатите биле единствена категорија на интелектуалци со посебна стручна подготовка и со посебни услови за стекнување на правото да ја вршат својата професија која можела да дава правна помош, што едновремено значело и забрана било кој друг да дава правна помош.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 83 став 1 од Законот за парнична постапка полномошник може да биде секое лице кое е наполно деловно способно, освен лица кои се занимаваат со надриписарство.

4. Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, како и принципот на владеењето на правото.

Според членот 53 од Уставот, кој што е поместен во главата "3. Гаранции на основите слободи и права" на делот втори од Уставот, во кој се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Од содржината на наведените уставни одредби, како и од нивната систематика во Уставот произлегува дека основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот не само што се утврдени како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, туку за нивното остварување и заштита во Уставот се утврдени и гаранции, меѓу кои е и адвокатурата која е дефинирана како јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Меѓутоа, утврдувањето на адвокатурата во членот 53 од Уставот со означениот статус и својство, како една од уставните гаранции на основните слободи и права, според мислењето на Судот не значи дека таа е и единствено надлежна за обезбедување на правна помош. Секое толкување на членот 53 од Уставот во смисла дека тој ја исклучува можноста правна помош да обезбедуваат и други субјекти, освен адвокатите, според Судот би било многу рестриктивно и не би соодветствувало на уставната концепција за улогата и значењето на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Судот, исто така, го имаше предвид фактот што и самиот член 53 од Уставот упатува дека правната помош адвокатурата ја обезедува во согласност со закон. Оттука, според Судот, во рамките на ова уставно овластување законодавецот има право со закон да утврди под кои услови и во кои случаи адвокатите ја обезбедуваат правната помош, што не исклучува правна помош да обезбедуваат и други лица односно субјекти. Според постојната законска регулатива, по правило, тоа се сите оние случаи во кои обезбедувањето на правната помош, а во тие рамки и на застапувањето на странките во постапките пред судовите и другите државни органи, со оглед на специфичностите, не е резервирано само за адвокатите, како што е на пример застапувањето, односно одбраната на обвинетиот во кривичната постапка.

Имајќи го предвид изнесеното, како и тоа дека оспорената законска одредба е поместена во Глава петта: "Полномошници" од Законот за парничната постапка, во чии одредби генерално се утврдува дека како полномошник на странките во оваа постапка освен адвокат може да биде и секое друго лице кое е наполно деловно способно, освен лица кои се занимаваат со надриписарство, Судот оцени дека со оспорената законска одредба не се загрозува уставно утврдената положба на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош во согласност со закон, ниту пак, се повредува член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.49/2004)

# 35.

**- Закон за парничната постапка (полномошник во парнична постапка)**

*- Law on Contentious Procedure (proxy in a contentious procedure)*

**- Не се повредува уставно утврдената положба на адвокатурата кога законот регулирал дека и друго лице кое не е адвокат може да биде под определени услови назначено за полномошик на странката заради давање на соодветна правна помош во постапката.**

*- The regulation of the law that a person who is not a lawyer may, under certain conditions, be appointed a proxy to a party in order to provide appropriate legal assistance in the procedure does not violate the constitutionally defined position of the legal profession.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членот 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 160 став 3 во делот "но ако во седиштето на судот нема доволно адвокати, за полномошник може да се назначи и друго лице со правна подготовка, способно да ја даде потребната правна помош", од Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/1998 и 44/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на делот од одредбата од Законот за парничната постапка означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената законска одредба била спротивна на членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51, членот 53 и членот 98 став 2 од Уставот на Република Македонија, затоа што со неа се предвидувала можност правна помош да пружаат и лица кои не се адвокати и покрај тоа што уставната позиција на адвокатурата како специјална јавна служба е исклучиво таа да ја обезбедува правната помош. Врз основа на оспорената одредба, судот се доведувал во ситуација при назначувањето за полномошник на лице кое не е адвокат, да ја согледува и оценува неговата стручна оспособеност а воедно и да утврдува дали има доволно адвокати во седиштето на судот, со што сериозно се загрозувала положбата на адвокатите.

3. Судот на седницата утврди дека согласно одредбите од членот 160 од Законот за парничната постапка, кога странката наполно е ослободена од плаќање на трошоците на постапката (член 158 став 2), првостепениот суд на нејзино барање ќе определи да ја застапува полномошник, ако тоа е нужно заради заштита на правата на странката.

Странката на која и е назначен полномошник се ослободува од плаќање на фактичните издатоци и наградата на назначениот полномошник.

За полномошник се назначува адвокат, но ако во седиштето на судот нема доволно адвокати, за полномошник може да се назначи и друго лице со правна подготовка, способно да ја даде потребната правна помош.

Полномошникот од редот на адвокатите го назначува претседателот на судот, а ако пониските суд од прв степен се наоѓа во седиштето на повисокиот суд од прв степен, полномошникот го определува претседателот на повисокиот суд од прв степен.

Назначениот полномошник може од оправдани причини да бара да биде разрешен. За тоа одлучува надвор од главната расправа претседателот на советот, а на расправата советот. Против

одлуката на судот со која се разрешува полномошникот не е дозволена жалба.

Против решението на судот со кое се усвојува барањето на странката за назначување на полномошникот не е дозволена жалба.

4. Според членот 8 став 1 алинеја 1 и 3 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, како и принципот на владеењето на правото.

Во делот од одредбите од Уставот кои се однесуваат на гаранциите на основните слободи и права, со членот 53 е утврдено дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Согласно наведените уставни одредби, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот не само што се утврдени како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, туку за нивното остварување и заштита во Уставот се утврдени и гаранции, меѓу кои адвокатурата е дефинирана како јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Уставната определба според која адвокатурата обезбедува правна помош во согласност со закон значи уставно овластување на законодавецот со закон да утврди под кои услови и во кои случаи адвокатите ја обезбедуваат правната помош, а истовремено да утврдува во кои случаи и под кои услови правната помош може да ја обезбедуваат и други лица, со оглед на тоа што со Уставот не е утврдено исклучиво право на адвокатурата да обезбедува правна помош на странките во постапките пред судовите и другите државни органи.

Врз основа на изнесеното, законодавецот со Законот за парничната постапка, во делот на одредбите кои се однесуваат на трошоците на постапката, со одредбите од членот 160 го уредил прашањето за начинот и условите за назначување на полномошник на странката која е наполно ослободена од плаќање на трошоците на

постапката и кога Судот ќе оцени дека тоа е нужно заради заштита на правата на странката. Во врска со тоа, во ставот 3, кој во дел се оспорува со поднесената иницијатива, е содржана законската определба според која судот заради заштита на интересите на странката, по нејзино барање, може да определи во постапката да ја застапува полномошник кој е адвокат, а само доколку во седиштето на судот нема доволно адвокати, како полномошник може да назначи и друго лице кое има правна подготовка и е способно да ја даде потребната правна помош.

Имајќи ги предвид наведените уставни определби и содржината на законската одредба која во дел се оспорува, Судот утврди дека не се повредува уставно утврдената положба на адвокатурата со тоа што со одредбата од законот е регулирано и друго лице кое не е адвокат да може да биде под определени услови назначено за полномошник на странката, заради давање на соодветна правна помош во постапката.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.48/2004)

# 36.

**- Закон за парничната постапка (процесни дејствија на судот)**

*- Law on Contentious Procedure (court actions)*

**- Предупредувањето од страна на судот кои парнични дејствија може да ги преземе странката која од незнаење не ги користи правата што и припаѓаат, не претставува давање правна помош од судот.**

*- The instruction of the court as to which contentious actions may be undertaken by the party, who due to a lack of knowledge does not use the rights he/she is entitled to, is not provision of legal assistance by the court.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 11 од Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/1998 и 44/ 2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од законот означена во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека според член 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Тоа значело дека во Уставот не се предвидувале други видови правна помош, односно оспорениот законски член бил неспоив со Уставот. Оттука, подносителот на иницијативата смета дека судот не можел да ја преземе улогата на адвокатурата и неуката странка да ја предупредува и поучува кои парнични дејствија да ги преземе заради заштита на своите права што и припаѓаат според Законот за парничната постапка. Со ваквото предупредување на странката се доведувала во прашање и непристрасноста на судот во одлучувањето. Притоа, ако правото и должноста на поука на неуката странка се проширело и на полномошникот кој не е адвокат (член 83 став 1 од ЗПП), проблемот за непристрасност на судот се усложнувал до таа мерка што не може да се контролира. Според подносителот на

иницијативата, странката која се застапувала сама или која имала полномошник кој не бил адвокат го имала за свој советник судијата, а странката која била застапувана од адвокат немала на тоа право. Сознанието за поука на спротивната странка, од самите странки не можело никако поинаку да се разбере освен како пристрасно одлучување, што било многу опасно за современата правна држава. Со оспорената одредба се доведувале во прашање и целите и функциите на судството предвидени во членот 98 став 2 од Уставот и член 3 од Законот за судовите, бидејќи судовите требало да судат, а не да даваат правна помош на неуката странка. Според тоа, со оспорената одредба се повредувале членовите 8 став 1 алинеја 3, 9, 51, 53 и 98 став 2 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 11 од Законот за парничната постапка, странката која од незнаење не ги користи правата што и припаѓаат според овој закон, судот ќе ја предупреди кои парнични дејствија може да ги преземе.

4. Владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија согласно член 8 алинеја 3 од Уставот.

Според член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Членот 98 став 5 од Уставот утврдува дека видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Со Законот за парничната постапка се определуваат правилата на постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува во споровите од личните и семејните односи, од работните

односи, како и од имотните и другите граѓански правни односи на физичките и правните лица, освен ако некои од наведените спорови со посебен закон се ставени во надлежност на друг државен орган.

Според оспорениот член 11 од овој закон, странката која од незнаење не ги користи правата што и припаѓаат според овој закон, судот ќе ја предупреди кои парнични дејствија може да ги преземе.

Предупредувањето на странката од страна на судот, која од незнаење не ги користи правата што и припаѓаат, произлегува и од членот 50 став 3 од Уставот според кој граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Оспорената одредба, всушност, преставува општа (начелна) одредба која е разработена во други конкретни одредби од Законот.

Од изнесеното произлегува дека предупредувањето на судот во смисла на оспорениот член 11 од Законот за парничната постапка не може да се сфати како давање правна помош од страна на судот.

Во врска со тврдењето во иницијативата дека правна помош може да обезбедува само адвокатурата, Уставниот суд повеќе пати расправал и има изградено став дека во рамките на уставното овластување законодавецот има право со закон да утврди под кои услови и во кои случаи адвокатите ја обезбедуваат правната помош, а истовремено да утврди во кои случаи и под кои услови оваа помош може да ја обезбедуваат и други лица односно субјекти.

Меѓутоа, очигледно е дека во конкретниот случај не станува збор за давање правна помош.

Имено, имајќи ги предвид наведените уставни и законски одредби, Судот оцени дака со членот 11 од Законот за парничната постапка не се доведуваат во прашање уставните определби за владеење на правото и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите како и дека не се повредува уставно утврдената положба на адвокатурата, бидејќи можноста што ја дава законот, судот да ја

предупреди странката на нејзините права е исклучиво во функција на заштита на правата на странката што и припаѓаат според овој закон.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.50/2004)

# 37.

**- Упатство за постапување на судовите за водење на казнената евиденција**

*- Instruction for the courts to deal with the keeping of penal records*

**- Водењето и издавањето на податоци од казнената евиденција се уредува со Судски деловник, а не со акт на министерот за правда.**

*- The keeping and providing of data from the penal records is regulated by a Court Book of Procedures, not by an act by the Minister of Justice.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Упатството за постапување на судовите за водење на казнената евиденција ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/1997).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива на Стамен Филипов од Скопје со решение У.бр.188/2002 од 30 јуни 2004 година поведе постапка за оценување на законитоста на упатството означено во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласнсот со Кривичниот законик.

4. Судот на седницата утврди дека Главата III од Упатството го уредува прашањето во врска со давањето на податоци од казнената евиденција.

Судот, исто така, утврди дека согласно членот 8 од Упатството податоците од казнената евиденција може да се даваат само под условите пропишани со закон, а врз основа на барање поднесено во смисла на одредбите од членовите 95 став 3 и 106 став 3, 4, 5 и 6 од Кривичниот законик, додека според членот 12 од Упатството податоците за осудите што ги изрекле странските судови може да им се дадат само на органите од членот 106 став 3 од Кривичниот законик.

5. Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.206/2003 година од 9 јуни 2004 година го укина членот 423 од Кривичникот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003 и 19/2004).

Со одредбата од членот 423 од Кривичниот законик беше предвидено министерот за правда да донесува упатство за постапување на судовите за водење на казнената евиденција во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој законик.

Меѓутоа, со одредбата од членот 233 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004), по членот 423 е додаден нов

член 423-а, според кој со Судскиот деловник се уредува постапувањето на судовите за водење на казнената евиденција согласно со членот 106 од Кривичниот законик, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Имајќи предвид дека оспореното упатство го имаше својот основ во членот 423 од Кривичниот законик што Судот со посочената одлука го укина, Судот оцени дека министерот за правда не е овластен да донесува упатство независно дали истото се однесува за водење или издавање на податоци од казнената евиденција.

Со оглед на тоа што престанал правниот основ за постоењето на Упатството за постапување на судовите за водење на казнената евиденција, донесено од министерот за правда, Судот утврди дека истото е несогласно со член 423-а од Кривичниот законик.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.188/2002)

# 38.

**- Статут на Адвокатската комора на Република Македонија (поведување на постапка)**

*- Statute of the Bar of the Republic of Macedonia (initiation of a procedure)*

**- Правото на вршење на адвокатска дејност, кое се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите и со добивање на лиценца за работа од страна на Адвокатската комора на Република Македонија, може да се оствари ако во постапката за прием**

**на адвокати кандидатите ги исполнуваат условите пропишани со закон и како такви се уредени со Статутот на Адвокатската комора. Адвокатската комора не може со Статутот да утврдува нови услови кои не се предвидени со закон, ниту да бара податоци кои граѓаните не се должни да ги доставуваат.**

*- The right to perform the legal activity, which is gained with the registration in the Directory of Lawyers and with the acquisition of the work license from the Bar of the Republic of Macedonia, may be realised if in the procedure for acceptance of lawyers the candidates meet the conditions defined by law and as such have been regulated by the Statute of the Bar. Neither may the Bar, with the Statute, define new conditions that are not prescribed by law, nor request data which the citizens are not obliged to provide.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 14 став 2, 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 23 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на алинеја 6 и 7 и на законитоста на алинеја 8 и 9 од членот 66 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.97/2002).

2. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 57 од Статутот означен во точката 1 од ова решение.

3. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на

висината на коморскиот уписен влог ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2003).

4. Марјан Наумовски од Скопје и други шеснаесет граѓани на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 57 и членот 66 став 2 алинеја 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија и за оценување на уставноста на Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2003).

Според наводите во иницијативата оспорените акти биле во спротивност со членот 32 од Уставот на Република Македонија, со кој било пропишано дека секој има право на работа и слободен избор на вработување и дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место.

Во иницијативата посебно се наведува дека оспорената одредба од членот 57 од Статутот на Адвокатската комора, која предвидувала дека приемот на адвокати се вршел на секои три месеци во годината односно во месеците март, јуни, септември и декември, била во спротивност со членот 218 од Законот за општата управна постапка. Ова поради тоа што за барањата за прием во Адвокатската комора можело да се решава на секои три месеци во годината, а според одредбата од Законот за општа управна постапка решение по барања на граѓани се донесувало во рок од еден месец од поднесувањето на барањето или во рок од два месеца ако се работи за посложени случаи.

Според иницијативата, доказите во членот 66 став 2 алинеја 7, 8 и 9 од Статутот, кои биле предвидени да се приложуваат кон барањето за приемот во адвокати, покрај тоа што го попречувале остварувањето на уставно загарантираното право на работа и слободен избор на вработување, посебно доказот предвиден во алинеја 8 дека на кандидатот не му била изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија или дејност, бил во несогласност со членот 106 од Кривичниот законик кој предвидувал дека никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност.

Во иницијативата, исто така, се наведува дека оспорената Одлука на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог, била во спротивност со членот 32 од Уставот, поради тоа што високиот износ на уписниот влог од 61.500,00 денари не биле во можност почетниците адвокати да го платат по добивањето на лиценца за работа, а со тоа се попречувало правото на работа и слободниот избор на вработување.

Од овие причини за оспорените акти се предлага Судот да поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста, а воедно да донесе времена мерка со која ќе биде запрено нивното извршување.

5. Судот на седницата утврди дека со членот 57 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија е предвидено дека приемот на адвокатите се врши во месеците: март, јуни, септември и декември.

Според членот 66 став 1 од Статутот, барањето за прием се доставува до Комисијата за прием, а според ставот 2, кон барањето се приложуваат:

- кратка биографија,
- доказ за завршен правен факултет,
- доказ за положен правосуден испит,
- уверение за државјанство,
- уверение дека не е одземена деловна способност,
- уверение дека не се води кривична постапка,
- доказ дека не е во работен однос,
- доказ дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија или дејност,
- мислење од работодавецот и од основната адвокатска заедница.

Судот, исто така утврди дека со Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2003) е предвидено:

1) Висината на коморскиот уписен влог изнесува 61.500,00 денари,

2) Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во "Службен весник на Република Македонија".

6. Според член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд, меѓу другото, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно членот 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Според членот 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност.

Со Законот за адвокатура ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2002), адвокатурата е определена како самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош.

Според членот 5 од овој закон, самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба се остварува, покрај другото, и со организирање на адвокатите во Адвокатска комора, автономно донесување на акти за работа на Адвокатската комора на Република Македонија и нејзините органи и за запишување и бршење од Именикот на адвокатите.

Според членот 10 и членот 12 од овој закон, правото на вршење на адвокатска дејност согласно со овој закон се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија и по уписот на адвокатот му се издава лиценца за работа. Содржината и постапката за издавање и одземање на лиценцата за работа се уредуваат со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија. Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, дипломиран правник со положен правосуден испит и кое ужива углед за вршење на адвокатската дејност. Со членот 20, исто така, е определено дека адвокатот не може да врши јавна функција или професија и друга јавна служба, а согласно членот 23 став 2 точка 2, правото на вршење на адвокатската дејност на адвокатот му престанува ако заснова работен однос.

Како општи услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, согласно членот 9 став 1 од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003 и 17/2004) се определени за кандидатот:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) да е полнолетен;
3) да има соодветен степен на образование;
4) да го има потребното работно искуство;
5) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност и
6) да има општа здравствена способност.

Во однос на постапката за упис во Именикот на адвокатите, Законот за адвокатура во членот 13 предвидел по барање за упис да решава надлежен орган на Адвокатската комора кој е определен со акт на Адвокатската комора, на начин и под услови определени со овој закон. По жалбата против решението со кое се врши прием или се одбива барањето за упис во Именикот на адвокатите решава надлежен орган на Комората определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, во рок од 15 дена од приемот на решението. Против конечното решение може да се поведе управен спор.

7. Од анализата на оспорените одредби од членот 66 став 2 алинеја 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора произлегува дека правото на вршење на адвокатската дејност, кое се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите и со добивање на лиценца за работа од страна на Адвокатската комора, може да се оствари ако во постапката за прием на адвокати кандидатите ги исполнуваат условите пропишани со закон.

Имено, тоа се општите услови кои важат за засновање работен однос во органите на државната управа согласно Законот за државните службеници и посебните услови пропишани со Законот за адвокатура.

Оттука, неспорно е дека со статутарните одредби може да биде уреден начинот на прибирање на податоци за исполнување или неисполнување на законски утврдените услови врз основа на кои кандидатот се стекнува со право да врши адвокатска дејност, но со Статутот не може да се утврдуваат нови услови кои не се предвидени

со закон, ниту да се бараат податоци кои граѓаните според закон не се должни да ги доставуваат.

а) Во однос на оспорената алинеја 7 од членот 66 став 2 од Статутот, според која кон барањето за прием во адвокати треба да се достави доказ дека лицето не е во работен однос, Судот оцени дека со Статутот е пропишана обврска која не произлегува од условите за прием во адвокати утврдени во наведените одредби од Законот за адвокатура и Законот за државните службеници. Имено, со закон не е регулирано дека исклучиво лица кои не се во работен однос можат да бараат прием во адвокати и дека достапноста за вршење на адвокатската дејност во постапката за прием на адвокати е резервирана само за невработени лица. Со одредбите од Законот за адвокатура од кои произлегува дека вршењето на адвокатската дејност е неспоива со вршењето на друга дејност, е законска обврска за лицата кои веќе се адвокати, меѓутоа тоа не претставува основа за утврдување на услов со оспорената алинеја од наведениот член од Статутот дека во самата постапка кон барањето за прием во адвокати треба да се достави доказ дека лицето не е во работен однос.

Оттука, според Судот основано може да се постави прашањето за несогласност на алинејата 7 од членот 66 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, со одредбите од членот 32 од Уставот на Република Македонија.

б) Поаѓајќи од наводите во иницијативата со кои се оспорува алинејата 8 од наведениот член од Статутот, според која кон барањето за прием лицето треба да достави доказ дека не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија или дејност, Судот во анализата на оспорената статутарна одредба покрај изнесените уставни и законски норми ги имаше предвид и одредбите од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003 и 19/2004).

Согласно членот 62 став 3 од овој законик, со одлуката за изрекување на мерките на безбедност, судот може да одреди привремена забрана на вршење професија, дејност или должност, или забрана на управување со моторно возило, кои траат додека трае примената на мерките. Одлуката на судот се доставува до надлежниот орган или правното лице во кое сторителот е вработен, до регистарскиот суд или до органот кој е надлежен за вршење на надзор над спроведувањето на забраната на управување со моторно возило.

Според членот 106 став 4 од Кривичниот законик, податоците од казнената евиденција можат на образложено барање да им се дадат на државните органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако постои оправдан интерес заснован врз закон. Со одредбата од ставот 5 на овој член е утврдено дека никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност.

Врз основа на изнесените законски одредби произлегува дека и во однос на кривичната санкција што се состои од привремена забрана за вршење на одредена професија, дејност или должност, никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност, имајќи предвид дека според членот 62 став 3 од Кривичниот законик, одлуката со која е изречена наведената санција од страна на судот е предвидено да се доставува до надлежните органи и правни лица.

Со оглед на тоа, според Судот основано може да се постави прашањето за несогласност на оспорената алинеја 8 од членот 66 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија со членот 106 став 5 од Кривичниот законик.

в) Во однос на статутарната одредба во оспорената алинеја 9 од наведениот член од Статутот, според која кон барањето за прием во адвокати е потребно лицето да достави мислење од работодавецот и од основната адвокатска заедница, Судот оцени дека предвидената обврска е директно уредена со Статутот бидејќи, од Законот за адвокатурата и од Законот за државните службеници со кои се регулирани условите за прием во адвокати, таква обврска не произлегува и таков услов конкретно не е предвиден.

Со оглед на тоа што не постои законски основ за доказот предвиден во алинејата 9 од наведената одредба од Статутот, Судот оцени дека основано може да се постави прашањето за нејзината законитост.

г) Во текот на анализата на оспорените одредби од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија Судот и покрај тоа што не е оспорена со иницијативата, исто така го постави прашањето за уставноста на одредбата во алинејата 6 од членот 66 став 2 од Статутот. Имено, со оваа одредба од Статутот е

предвидено лицето кон барањето за прием во адвокати да приложи "уверение дека не се води кривична постапка".

Според член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Со оглед на изнесеното произлегува дека со одредбата во алинеја 6 од наведениот член од Статутот, со која се бара за прием во адвокати лицата да доставуваат уверенија дека против нив не се водат кривични постапки, се врши ограничување на правата на граѓаните и повреда на презумцијата на невиност што не е допуштено според определбите во Уставот.

8. Врз основа на изнесената уставно судска анализа за одредбите од членот 66 став 2 алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

9. Поаѓајќи од уставните и законските определби произлегува дека независниот и самостоен карактер на адвокатурата се уставна и законска основа за организирање на адвокатите во адвокатска комора и за автономно донесување на актите за работа на Адвокатската комора на Република Македонија.

Со оглед на тоа што со Статутот како акт кој автономно се донесува од Адвокатската комора се уредува работењето во врска со запишувањето и бришењето од Именикот на адвокатите на што упатува одредбата од членот 5 од Законот за адвокатурата, и во тие рамки со оспорената одредба од член 57 од Статутот се определени термини за прием во адвокати во месеците март, јуни, септември и декември во текот на годината, Судот оцени дека со тоа не се ограничува правото на работа и слободен избор на вработување утврдено во членот 32 од Уставот. Со оспорената одредба од Статутот не се ограничува достапноста на вршењето на адвокатската функција, туку врз основа на законското овластување се уредува определен ред и начин на работа за запишувањето во Именикот на адвокатите, кој важи подеднакво за сите кои ги исполнуваат законските услови за вршење на адвокатската дејност.

Во оценката на наводот во иницијативата дека решавањето во определени термини во годината по барањата за

прием во адвокати од страна на надлежниот орган на Адвокатската комора, било во спротивност со определбите во членот 218 од Законот за општата управна постапка, според кои по барањата на граѓаните се решавало во рок од еден месец а само во посложени случаи во рок од два месеца, Судот смета дека не може да се постави прашањето за незаконитост. Ова поради тоа што Законот за општата управна постапка има супсидијарна примена која се однесува за управни области доколку со други закони поинаку не е уредено, а конкретно постапката за упис во Именикот на адвокати е уредена со Законот за адвокатура врз основа на кој е дадено овластување на Адвокатската комора со Статутот да го определи работењето и операционализацијата во врска со запишувањето и бришењето од Именикот на адвокатите.

Врз основа на изнесеното за оспорената одредба од членот 57 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, Судот одлучи како во точката 2 од ова решение.

10. Со предметната иницијатива пред овој Суд се оспорува согласноста на Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2003) по однос на членот 32 од Уставот на Република Македонија и се покренуваат исти прашања кои биле предмет на оцена пред Судот кој со решение У.бр.109/2003 од 22 октомври 2003 година ги отфрлил иницијативите на други лица за оценка на уставноста на оспорената одлука, бидејќи утврдил дека оспорениот акт нема карактер на пропис.

Согласно членот 28 алинеја 1 и 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето и ако за истата работа веќе одлучувал а не постојат основи за поинакво одлучување.

Имајќи предвид дека оспорената Одлука не е пропис и веќе била предмет на оцена пред Уставниот суд на Република Македонија, а не постојат основи за поинакво одлучување, Судот одлучи како во точката 3 од ова решение.

11. Конечно, Судот оцени дека не се исполнети условите согласно членот 27 од Деловникот на Уставниот суд за запирање на

извршувањето на поединечните акти донесени врз основа на оспорените одредби од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија до донесувањето на конечната одлука.

12. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.32/2004)

# 39.

**- Закон за вршење на нотарските работи (престанок на функцијата нотар)**

*- Law on the Performance of Notary Matters (termination of a notary's office)*

**- Законодавецот е овластен да ги определува условите за престанок на функцијата нотар, при што "исполнувањето на условите за старосна пензија" како една од причините за престанување на функцијата нотар претставува општо прифатен и етаблиран стандард за престанок на работниот однос во органите на државната власт.**

*- The legislator is authorised to define the conditions for termination of a notary's office, whereby the "meeting of the conditions for an old-age pension" as one of the reasons for termination of a notary's office is a generally accepted and established standard for termination of the employment in bodies of state administration.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 точка б) од Законот за вршење на нотарските работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/1996, 25/1998 и 6/2002).

2. Кристина Трајковиќ од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 16 став 1 точка б) од Законот за вршење на нотарските работи. Според наводите во иницијативата оспорената законска одредба не била во духот на Уставот на Република Македонија, бидејќи според членот 3 од Законот за вршење на нотарските работи нотаријатот е самостојна, независна и јавна служба, и дека нотарите ја вршат својата служба како основно занимање. Исто така се наведува дека со членот 53 од Уставот на Република Македонија е определено дека " адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон", што значи дека адвокатурата и нотаријатот биле самостојни и независни јавни служби, меѓутоа во поглед на остварувањето на правото на старосна пензија постоела разлика помеѓу овие две институции. Имено, во Законот за адвокатурата не постоела одредба според која на адвокатот му престанува функцијата со испол нување на условите за старосна пензија, што не бил случај во Законот за вршење на нотарските работи, со што се правело дискриминација на правата на нотарите во однос на правата на адвокатите по однос на општествената положба, што било спротивно на член 9 во врска со член 54 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Временското ограничување на правото на работа, смета подносителот на иницијативата, било спротивно и на член 32 став 1 од Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 16 став 1 точка б) од Законот за вршење на нотарските работи, една од

причините за престанување на функцијата нотар е и исполнувањето услови за старосна пензија.

4. Согласно членот 9 од Уставот на Република Македонија граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Според ставот 2 од истиот член граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно членот 32 ставот 1 од Уставот на Република Македонија секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјалната безбедност за време на привремена невработеност.

Во членот 54 став 3 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Според членот 53 од Уставот на Република Македонија адвокатурата е утврдена како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

5. Судот оценува дека прашањето за уставноста на оспорената одредба од Законот мора да се разгледува во контекст на природата на вршењето на нотарските работи како јавно овластување.

Во Република Македонија прашањето за вршењето на нотарските работи е уредено со Законот за вршење на нотарските работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/1996, 25/1998 и 6/2002).

Со овој закон се уредува вршењето на нотарските работи, се определуваат условите и постапката за основање на нотаријат и за именување на нотари и се утврдува делокругот на работа на нотаријатот (член 1 од Законот).

Според членот 2 од Законот, нотарот, нотарските работи ги врши слободно, независно, самостојно, стручно и непристрасно врз основа на закон, други прописи и општи акти засновани врз закон.

Во членот 3 од Законот е предвидено дека нотаријатот е самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и другите заинтересирани институции, а нотарот ја врши својата служба како основно занимање за времето за кое е именуван.

Понатаму, согласно членот 58 став 2 од Уставот на Република Македонија, според кој во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност, законодавецот со Законот за вршење на нотарските работи (членот 10) ги утврдил условите што треба да ги исполнува лицето кое може да биде именувано за нотар меѓу кои услови е предвиден и условот лицето да има положен нотарски испит.

Притоа, самиот закон во член 141 предвидел дека при определување на содржината на нотарскиот испит да се води сметка за содржината на правосудниот испит за да се избегне повторно полагање на правната материја која била опфатена со правосудниот испит.

Конечно, за определување на природата на нотарската служба е значајно да се има предвид дека согласно членот 42 од Законот е предвидено дека нотарскиот акт е извршна исправа ако во него е утврдено определена обврска за чинење за која странките можат да се договараат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на тој акт може заради остварување на чинењето по пристигнување на обврската непосредно да спроведе присилно извршување.

Според правната наука јавните овластувања се функции на државата чие вршење се доверува на установи, организации и заедници и најчесто се однесува на одделни односи од пошироко значење (решавање во поединечни управни работи, водење на евиденција, издавање на јавни исправи и слично).

На овие субјекти правото да вршат јавно овластување им се пренесува со закон.

По пренесувањето на јавното овластување државата го задржува правото да врши надзор над законитоста на работењето на субјектите на кои им е доверено тоа овластување.

Врз основа на изнесеното, Судот на седницата утврди дека законодавецот, поаѓајќи од уставните овластувања, со Законот за вршење на нотарските работи определени поранешни судски и управни надлежности во Република Македонија ги пренел на нотаријатот како нова и самостојна независна јавна служба, а не на адвокатурата од причини што нотарските работи се всушност надлежности на јавната власт и дека нотарот тие работи, односно дејствија ги презема во нејзино име, а не во односи на застапник и клиент во давање правна помош.

Судот понатаму утврди дека нотаријатот работи, односно врши јавни овластувања во име на државната власт, која, пак, ги определува условите, постапката за именување на нотарите утврдени во членот 11 од Законот, бројот на нотарите и месната надлежност утврдени во членот 9 од Законот, како и причините за престанување на функцијата нотар предвидени во членот 16 од Законот.

Од анализата на наведените уставни одредби, како и од анализата на одредбите од Законот за вршење на нотарските работи, произлегува не само тоа дека законодавецот е овластен да ги определува условите за престанок на функцијата нотар, туку и дека "исполнувањето на условите за старосна пензија" како една од причините за престанување на функцијата нотар претставува општо прифатен и етаблиран стандард за престанок на работниот однос во органите на државната власт, што Судот го изрази и во други свои одлуки.

Со оглед на изнесеното, Судот смета дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од Законот за вршење на нотарските работи со членот 9 и членот 54 став 3, како и со член 32 став 1 од Уставот на Република Македонија.

6. Во однос на наводите во иницијативата, дека нотаријатот и адвокатурата имале иста положба, па затоа за нив требало да важат исти правила, Судот, како и во други свои одлуки, и сега укажува дека целта на членот 53 од Уставот е да го утврди статусот и положбата на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, односно адвокатурата е јавна служба во обезбедување на правна помош, но тоа не го прави во вид на јавно овластување, туку во слободни односи на застапник и клиент и затоа суштински се разликува од вршењето на нотарските работи.

Тоа е очигледно и од Законот за адвокатурата со кој се уредува обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон заснованите интереси во постапката пред судовите, државните органи и други правни лица, вршење на јавни овластувања утврдени со овој и друг закон како и организацијата на адвокатурата, условите за вршење, престанок и мирување на адвокатската дејност и правата и обврските на адвокатите, а адвокатурата, согласно Уставот ја дефинира како самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош. Адвокатите, согласно член 2 став 2 од Законот вршат јавни овластувања во согласност со овој и други закони.

Од изнесените причини Судот смета дека оспорената законска одредба не може да се стави под сомнение од аспект на повреда на принципот на еднаквоста на граѓаните на Република Македонија пред Уставот и законите од причини што адвокатурата и нотаријатот не се со ист статус и функции во правниот поредок.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.138/2003)

# 40.

**- Лиценца за работа**

*- Work license*

**- Правото на вршење на адвокатска дејност, кое се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите и со добивање на лиценца за работа од страна на Адвокатската комора на Република Македонија, може да се оствари ако во постапката за прием**

**на адвокати кандидатите ги исполнуваат условите пропишани со закон и како такви се уредени со Статутот на Адвокаткста комора.**

*- The right to perform the legal profession, which is gained with the entry into the Directory of Lawyers and with the acquisition of a work license from the Bar of the Republic of Macedonia, may be realised if in the procedure for acceptance of lawyers the candidates meet the conditions prescribed by law and as such are governed by the Statute of the Bar.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 14 став 2 и 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 6 октомври 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 66 став 2, алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.97/2002).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Марјан Наумовски од Скопје и други шеснаесет граѓани и по сопствена иницијатива, со Решение У.бр.32/2004 од 23 јуни 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста на алинеја 6 и 7 и на законитоста на алинеја 8 и 9 од членот 66 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со закон.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 66 став 1 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија,

барањето за прием се доставува до Комисијата за прием, а според ставот 2, кон барањето се приложуваат:

- кратка биографија,
- доказ за завршен правен факултет,
- доказ за положен правосуден испит,
- уверение за државјанство,
- уверение дека не е одземена деловна способност,
- уверение дека не се води кривична постапка,
- доказ дека не е во работен однос,
- доказ дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија или дејност,
- мислење од работодавецот и од основната адвокатска заедница.

5. Според член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд, меѓу другото, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно членот 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Според членот 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност.

Со Законот за адвокатура ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2002), адвокатурата е определена како самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош.

Според членот 5 од овој закон, самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба се остварува, покрај другото, и со организирање на адвокатите во Адвокатска комора, автономно донесување на акти за работа на Адвокатската комора на Република Македонија и нејзините органи и за запишување и бришење од Именикот на адвокатите.

Според членот 10 и членот 12 од овој закон, правото на вршење на адвокатска дејност согласно со овој закон се стекнува со

уписот во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија и по уписот на адвокатот му се издава лиценца за работа. Содржината и постапката за издавање и одземање на лиценцата за работа се уредуваат со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија. Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, дипломиран правник со положен правосуден испит и кое ужива углед за вршење на адвокатската дејност. Со членот 20, исто така, е определено дека адвокатот не може да врши јавна функција или професија и друга јавна служба, а согласно членот 23 став 2 точка 2, правото на вршење на адвокатската дејност на адвокатот му престанува ако заснова работен однос.

Како општи услови за засновање работен однос во органите на државната управа, согласно членот 9 став 1 од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003 и 17/2004) се определени за кандидатот:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) да е полнолетен;
3) да има соодветен степен на образование;
4) да го има потребното работно искуство;
5) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност и
6) да има општа здравствена способност.

Во однос на постапката за упис во Именикот на адвокатите, Законот за адвокатура во членот 13 предвидел по барање за упис да решава надлежен орган на Адвокатската комора кој е определен со акт на Адвокатската комора, на начин и под услови определени со овој закон. По жалбата против решението со кое се врши прием или се одбива барањето за упис во Именикот на адвокатите решава надлежен орган на Комората определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, во рок од 15 дена од приемот на решението. Против конечното решение може да се поведе управен спор.

6. Од анализата на одредбите од членот 66 став 2 алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора произлегува дека

правото на вршење на адвокатската дејност, кое се стекнува со уписот во Imeникот на адвокатите и со добивање на лиценца за работа од страна на Адвокатската комора, може да се оствари ако во постапката за прием на адвокати кандидатите ги исполнуваат условите пропишани со закон.

Имено, тоа се општите услови кои важат за засновање работен однос во органите на државната управа согласно Законот за државните службеници и посебните услови пропишани со Законот за адвокатура.

Оттука, неспорно е дека со статутарните одредби може да биде уреден начинот на прибирање на податоци за исполнување на законски утврдените услови врз основа на кои кандидатот се стекнува со право да врши адвокатска дејност, но со Статутот не може да се утврдуваат нови услови кои не се предвидени со закон, ниту да се бараат податоци кои граѓаните според закон не се должни да ги доставуваат.

а) Во однос на оспорената алинеја 7 од членот 66 став 2 од Статутот, според која кон барањето за прием во адвокати треба да се достави доказ дека лицето не е во работен однос, Судот утврди дека со Статутот е пропишана обврска која не произлегува од условите за прием во адвокати утврдени во наведените одредби од Законот за адвокатура и Законот за државните службеници. Имено, со закон не е регулирано дека исклучиво лица кои не се во работен однос можат да бараат прием во адвокати и дека достапноста за вршење на адвокатската дејност во постапката за прием на адвокати е резервирана само за невработени лица. Со одредбите од Законот за адвокатура од кои произлегува дека вршењето на адвокатската дејност е неспоива со вршењето на друга дејност, е законска обврска за лицата кои веќе се адвокати, меѓутоа тоа не претставува основа за утврдување на услов со оспорената алинеја од наведениот член од Статутот дека во самата постапка кон барањето за прием во адвокати треба да се достави доказ дека лицето не е во работен однос.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека одредбата од членот 66 став 2 алинеја 7 од Статутот не е во согласност со членот 32 од Уставот на Република Македонија.

б) Поаѓајќи од наводите во иницијативата со кои се оспорува алинејата 8 од наведениот член од Статутот, според која кон барањето за прием лицето треба да достави доказ дека не му е

изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија или дејност, Судот во анализата на оспорената статутарна одредба покрај изнесените уставни и законски норми ги имаше предвид и одредбите од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003 и 19/2004).

Согласно членот 62 став 3 од овој законик, со одлуката за изрекување на мерките на безбедност, судот може да одреди привремена забрана на вршење професија, дејност или должност, или забрана на управување со моторно возило, кои траат додека трае примената на мерките. Одлуката на судот се доставува до надлежниот орган или правното лице во кое сторителот е вработен, до регистарскиот суд или до органот кој е надлежен за вршење на надзор над спроведувањето на забраната на управување со моторно возило.

Според членот 106 став 4 од Кривичниот законик, податоците од казнената евиденција можат на образложено барање да им се дадат на државните органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако постои оправдан интерес заснован врз закон. Со одредбата од ставот 5 на овој член е утврдено дека никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност.

Врз основа на изнесените законски одредби произлегува дека и во однос на кривичната санкција што се состои од привремена забрана за вршење на одредена професија, дејност или должност, никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност, имајќи предвид дека според членот 62 став 3 од Кривичниот законик, одлуката со која е изречена наведената санкција од страна на судот е предвидено да се доставува до надлежните органи и правни лица.

Со оглед на тоа, Судот утврди дека наведената статутарна одредба не е во согласност со членот 106 став 5 од Кривичниот законик.

в) Во однос на одредбата во оспорената алинеја 9 од членот 66 став 2 од Статутот, според која кон барањето за прием во адвокати е потребно лицето да достави мислење од работодавецот и од основната адвокатска заедница, Судот оцени дека предвидената обврска е директно уредена со Статутот, бидејќи од Законот за

адвокатурата и од Законот за државните службеници со кои се регулирани условите за прием во адвокати, таква обврска не произлегува и таков услов конкретно не е предвиден, поради што оспорената одредба нема законски основ.

г) Во текот на анализата на оспорените одредби од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија Судот и покрај тоа што не е оспорена со иницијативата, исто така го постави прашањето за уставноста на одредбата во алинејата 6 од членот 66 став 2 од Статутот. Имено, со оваа одредба од Статутот е предвидено лицето кон барањето за прием во адвокати да приложи "уверение дека не се води кривична постапка".

Според член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Со оглед на изнесеното според Судот, со одредбата во алинеја 6 од наведениот член од Статутот, со која се бара за прием во адвокати лицата да доставуваат уверенија дека против нив не се водат кривични постапки, се врши ограничување на правата на граѓаните и повреда на презумцијата на невиност што не е допуштено според определбите во Уставот.

7. Врз основа на изнесената уставносудска анализа за одредбите од членот 66 став 2 алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.32/2004)

# 41.

**- Лиценца за работа (поведување на постапка)**

*- Work license (initiation of a procedure)*

**- Од толкувањето на Законот за адвокатурата не произлегува дека е дозволено правните совети да се даваат преку печатени и електронски медиуми со оглед на тоа што со ваквиот начин на давање правни совети не се остваруваат односи меѓу адвокатот и странката за да правната помош биде дадена на начин и под услови предвидени во Законот, односно согласно Законот.**

*- According to the interpretation of the Law on the Legal Profession, it does not arise that it is allowed for legal advice to be rendered through printed and electronic media given that this manner of provision of legal advice does not realise relations between the lawyer and the party so that legal assistance is rendered in a manner and under conditions provided for in the Law, that is, pursuant to the Law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 6 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 51 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.97/2002).

2. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 51 став 1 во делот во кој е забрането давање правни совети во печатени и електронски медиуми, од Статутот означен во точката 1 од ова решение.

3. Лорија Ваневска, адвокат од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од Статутот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со одредбата на членот 51 од Статутот во која е утврдено дека за дебатни, стручни и научни истапувања на адвокатите согласност дава Управниот одбор на Адвокатската комора, се ограничувала слободата на јавно изразување на мислата и слободата на јавен настап, поради што овој член од Статутот не бил во согласност со членот 16 став 1 и 2 од Уставот.

Исто така, со овие одредби од Статутот се нарушувала и рамноправноста, односно еднаквоста на адвокатите во рамките на Адвокатската комора на Република Македонија, затоа што за јавните настапи на адвокатите во електронските и печатените медиуми во Статутот не биле утврдени никакви критериуми и услови, па Управниот одбор согласноста за тоа ја давал по сопствено наоѓање и мислење.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека еден од основните начини на кои се остварува функцијата на давањето на правна помош согласно членот 3 од Законот за адвокатурата е давањето на правни совети. Притоа, овој Закон ниту во членот 3, ни во другите членови, не ја ограничувал, ниту пропишувал формата и начинот на давањето на правни совети така што според најширокото толкување што го дозволувало Законот произлегувало дека адвокатите се должни секогаш и во секое време на граѓаните да им даваат правни совети. Оттука, и правните совети дадени преку средствата за јавно информирање во суштина претставувале облик со кој на поголем број граѓани им бил достапен бесплатен правен совет, кое нешто било предвидено со Професионалниот кодекс и етика на адвокатите.

Со оглед на тоа што со одредбата од ставот 1 на членот 51 од Статутот се забранувало давање правни совети во печатени и електронски медиуми, а од друга страна тоа не било забрането со

членот 3 од Законот за адвокатурата, ниту, пак, оваа забрана произлегувала од другите негови одредби, подносителката на иницијативата смета дека таква забрана не можела да се предвиди со подзаконски акт, каков што е Статутот на Адвокатската комора, кој што произлегувал од Законот и морал да биде во согласност со него.

Поради наведените причини членот 51 од Статутот на Адвокатската комора не бил во согласност со Уставот и Законот за адвокатурата па затоа се предлага Судот да поведе постапка за оценување на неговата уставност и законитост.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 51 став 1 од Статутот забрането е рекламирање на адвокатската дејност и давање правни совети во печатени и електронски медиуми, а според ставот 2 на овој член за дебатни, стручни и научни истапувања согласност дава Управниот одбор на Адвокатската комора.

5. При оценување на уставноста на ставот 2 на членот 51 од Статутот, Судот ги имаше предвид следните уставни одредби:

Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и принципот на владеењето на правото.

Во делот на граѓанските и политичките слободи и права, Уставот во членот 16 став 1 и 2, меѓу другото, ја гарантира слободата на јавното изразување на мислата и слободата на јавниот настап, кои што во иницијативата се наведува дека се ограничуваат со одредбата на ставот 2 на членот 51 од Статутот.

Понатаму, како релевантен член од Уставот кој што се имаше предвид при градењето на правното мислење во однос на уставноста на оваа одредба од Статутот е членот 54 во кој што, меѓу другото е утврдено дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот (став 1) и дека ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува, покрај за другите слободи и права и за слободата на јавното изразување на мислата за која станува збор во конкретниот случај (став 4).

Од наведените одредби од Уставот произлегува дека остварувањето на уставно гарантираните слободи на јавно изразување на мислата и јавниот настап не можат да се ограничат во ниеден случај, што значи дека овие две слободи Уставот ги определува како апсолутни без ограничување.

Инаку, смислата на слободата на јавно изразување на мислата и слободата на јавниот настап е секој да може јавно да ги искаже сопствените погледи и мислења за било кое прашање, настан или појава и тоа на сите места кои за тоа се определени и можни, како на пример на организирани советувања, симпозиуми, научни и стручни собири, јавни трибини и слично или преку определени средства за јавно информирање. Исто така, слободата на јавно изразување на мислата и на јавниот настап не претпоставуваат обврска претходно да се пријави говорот, односно настапот, ниту значи дека некој од некого е должен да бара претходно одобрение за тоа.

Меѓутоа, ваквата апсолутност и неограниченост на овие две слободи не значи дека е дозволено тие да бидат и злоупотребени во смисла, на пример на нарушување на јавниот ред и мир, повреда на достоинството и интегритетот на личноста, како и доведување во прашање на слободите и правата на другите граѓани.

Имајќи го предвид наведеното Судот утврди дека основано може да се постави прашањето за согласноста на одредбата од ставот 2 на членот 51 од Статутот со Уставот на Република Македонија, затоа што со самото предвидување дека за дебатни, стручни и научни истапувања на адвокатот согласност дава Управниот одбор однапред се попречува, односно ограничува остварувањето на неговата слобода на јавно изразување на мислата и на јавен настап, гарантирани со членот 16 став 1 и 2 од Уставот. Ова дотолку повеќе што настапувањето на адвокатите на стручни и научни дебати не може да се подведе под вршење на адвокатска дејност во смисла на Законот за адвокатурата, па затоа ваквото нивно истапување не може да се ограничува ниту со закон, ни со Статутот на Адвокатската комора.

Инаку, спречувањето на злоупотребата на слободата на јавното изразување на мислата и слободата на јавниот настап на дебатни, стручни и научни собири на адвокатите со штетни последици во однос на угледот на адвокатурата и совесното и стручно вршење на адвокатската дејност, каква што била намерата на Адвокатската

комора со утврдување на оваа одредба, според мислењето на Судот, може да се постигне во рамките на законската можност за одговорноста на адвокатите за повреда на адвокатските должности и угледот на адвокатурата.

6. При оценување на уставноста и законитоста на оспорениот дел од членот 51 став 1 од Статутот, Судот ги имаше предвид следните уставни и законски одредби:

Во членот 53 од Уставот, кој што спаѓа во делот на уставните гаранции на основните слободи и права на човекот и граѓанинот е утврдено дека адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Обезбедувањето на правната помош од страна на адвокатурата, нејзината организација, условите за вршење и престанок на адвокатската дејност, како и правата и обврските, односно должностите на адвокатите се уредени со Законот за адвокатурата ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2002).

Согласно членот 3 од овој закон, правната помош што ја обезбедува адвокатурата се состои, меѓу другото, и во давање на правни совети на физичките и правни лица, за каква што помош станува збор во ставот 1 на оспорениот член 51 од Статутот.

Според членот 9 од Законот, седиштето на канцеларијата на адвокатот поединец го определува адвокатот, а на адвокатското друштво адвокатот основач на адвокатското друштво, по слободен избор (став 1), а канцеларијата и на адвокатот подинец и на адвокатското друштво мораат да исполнуваат минимално хигиенско-технички услови за квалитетно давање правна помош, утврдени со општ акт на Адвокатската комора на Република Македонија (став 3).

Од наведеното произлегува дека обезбедувањето на правната помош, а во тие рамки и давањето на правни совети на граѓаните и правните лица во остварувањето и заштитата на нивните права и правни интереси од страна на адвокатурата, односно адвокатите, според Законот, помеѓу другото, е условено и со имање на адвокатска канцеларија, која мора да исполнува определени услови за квалитетно давање на правна помош.

Условувањето на вршењето на адвокатската дејност во адвокатска канцеларија, има своја основаност и оправданост пред се во уставната позиција и значење на адвокатурата за остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот и нејзиниот статус како независна и самостојна јавна служба што обезбедува правна помош во согласност со закон. Затоа, во овој контекст од посебно значење се и одредбите од Законот во кои освен правата, се утврдени и должностите и одговорностите на адвокатите.

Имено, според членот 17 став 1 од Законот, правната помош на странката адвокатот ја дава совесно и стручно, согласно со закон, Кодексот на адвокатската етика и другите акти на Комората и како тајна го чува она што му го доверила странката. Понатаму, според членот 18 став 1 од Законот, адвокатот става свој потпис и печат на секоја исправа или поднесок составен во неговата канцеларија.

Според членот 30 од Законот, адвокатите се одговорни за стручно и совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата. Повредите на адвокатската должност и угледот на адвокатурата за кои може да се изречат дисциплинските мерки утврдени во членот 31 став 1 од Законот, според член 30 став 3 од Законот поблиску се определуваат со акт на Адвокатската комора на Република Македонија.

Адвокатската комора на Република Македонија, како форма на организирање на адвокатите преку која се остварува самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба, има свој статут со кој, согласно членот 37 од Законот, се уредуваат особено: делокругот, организацијата и работата на органите на Комората, начинот и постапката за упис воимениците на адвокатите, на адвокатските стручни соработници и на адвокатските приправници, органите што ја водат дисциплинската постапка, правата и должностите на адвокатите и други прашања.

Во Статутот на Адвокатската комора, во кој се уредени прашањата на кои се упатува во членот 37 од Законот, во делот ВИ насловен како "Адвокатска дејност" се уредени, меѓу другото, и прашања во врска со носителот на дејноста и организационите форми за вршење на адвокатската дејност, во чии рамки е и членот 51 кој што се оспорува со оваа иницијатива.

Од наведените уставни и законски одредби, како и од содржината на ставот 1 на членот 51 од Статутот, според чиј оспорен дел е забрането давање на правни совети во печатени и електронски медиуми, според мислењето на Судот произлегува дека оваа забрана кореспондира со начинот, облиците и условите меѓу кои и просторните услови за давање на правна помош од страна на адвокатите утврдени во Законот за адвокатурата, како и со нивната законска обврска за совесно и стручно давање на правна помош што претпоставува непосредни контакти и комуникација меѓу адвокатот и странката и со обврската за зачувување на тајноста на се она што странката му го доверила.

Тоа од друга страна значи дека и од толкувањето на самиот Закон за адвокатурата не произлегува дека е можно, односно дозволено правните совети да се даваат преку печатени и електронски медиуми, бидејќи преку ваквиот начин на давање правни совети не се остваруваат односи меѓу адвокатот и странката за да правната помош биде дадена на начин и под услови предвидени со Законот. Оттука, забраната за давање правни совети во печатени и електронски медиуми посредно произлегува и е во согласност со интенцијата на самиот Закон за адвокатурата, а во Статутот на Адвокатската комора таа само подецидно е утврдена согласно овластувањето од членот 37 од Законот.

Поради наведеното, Судот утврди дека не постојат основи за поставување на прашањето за согласноста на одредбата на членот 51 став 1 од Статутот според која е забрането давање на правни совети во печатени и електронски медиуми ниту со Уставот, ни со Законот за адвокатурата.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. Решението под точката 2 Судот го донесе со мнозинство гласови. (У.бр.205/2003)

## 5. Имотно-правни работи (правна заштита на сопственоста

*5. Property-legal matters (legal protection of property)*

# 42.

### - Одобрение за градба на туѓо земјиште

*- Permission to build on somebody else’s land*

**- Градителот на градежниот објект за кој има одобрение за градба на туѓо земјиште, може да се стекне со право на сопственост на земјиштето, доколку ги исполнува условите предвидени во Законот за сопственост и други стварни права.**

*- The constructor of the building structure for which he has a permit for construction on somebody else’s land, may gain the right to ownership of the land in case he meets the conditions envisaged in the Law on Property and Other Real Rights.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 118 од Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 121 и 122 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Проф. д-р Мирослав Грчев од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите на Законот за сопственост и други стварни права означени во точката 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорениот член 118 се нарушувале темелните вредности на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеја 3 и 6 од Уставот, бидејќи се овозможувало "несовесен градител" свесно да гради со неверодостојна исправа за сопственоста на земјиштето со што и одобрението за градење било фалсификувано. Имено, според Законот за изградба на инвестициони објекти и Законот за градежно земјиште, само сопственикот на земјиштето има право на градба врз основа на одобрение кое можело да му биде издадено во законска процедура.

Како причини  за неуставноста на овој член од Законот се наведуваат противречноста или неусогласеноста на овој член со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за изградба на инвестициони објекти. Така, споредувајќи ја оспорената одредба со одредбите од овие два закони, подносителот на иницијативата извлекува заклучок дека  бесправното градење на сопствено, а уште повеќе на туѓо земјиште, се санкционира како кривично дело и органите за инспекциски надзор и урбаната полиција во име на законот и уставниот поредок по службена должност ги рушат во вонсудска постапка. Од друга страна, според оспорениот член 118 оштетениот сопственик на земјиштето може да бара заштита пред суд, а судот по исклучок може да одлучи објектот изграден по пат на кршење на позитивните закони да не се руши, со што се кршеле начелата на владеење на правото и на правната заштита на сопственоста.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека и со членот 121 од Законот се повредува уставниот поредок на Република Македонија од причина што со решението дадено во оваа законска одредба на градителот на објектот без одобрение за градба му било обезбедно право на заштита како на сопственик "до легализација или рушење на тој објект". Ваквото решение, според подносителот,

претставува "ретроактивно легализирање на кривично дело или прекршок кој морал да биде санкциониран". Решението во ставот 2 од истиот член, исто така, било спротивно на уставниот принцип на владеење на правото, бидејќи со истиот се овозможувало по пат на кршење на законот, со загрозување на туѓа сопственост да се стекне имотна корист.

Во членот 122 став 2 и 3 од оспорениот закон било утврдено за доградба односно надградба на зграда во етажна сопственост да одлучува "мнозинството сопственици на посебните делови кои претставуваат повеќе од половина од вредноста на зградата". Ваквото решение ја нарушувало сопственоста на малцинството сопственици на посебни делови на зградата, бидејќи стекнатата сопственост претставува заедничка сопственост и со тоа неделива сопственост за чија употреба е неопходна согласност на сите сопственици. Токму поради тоа, подносителот на иницијативата смета дека овој член е спротивен на член 8 алинеја 6 од Уставот на Република Македонија.

Поради сите наведени причини во иницијативата се предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на членовите 118, 121 и 122 од Законот во однос на член 8 алинеја 3 и 6 од Уставот, а потоа и да ги укине.

4. Судот на седницата утврди дека со оспорениот член 118 од Законот за сопственост и други стварни права е предвидено дека ако градителот, иако имал одобрение за градба, но знаел или можел да знае дека исправата за правото на сопственост на земјиштето не е веродостојна, гради на туѓо земјиште, а сопственикот веднаш се спротивставил на тоа, сопственикот на земјиштето може да бара да му припадне правото на сопственост на градежниот објект или градителот да го сруши изградениот објект и да му го врати земјиштето во првобитна состојба или градителот да му ја исплати прометната цена на земјиштето.

По исклучок од одредбата од став 1 на овој член, судот може да одлучи изградениот градежен објект да не се сруши, ако рушењето на градежниот објект со оглед на околностите на случајот, а посебно на вредноста на објектот, имотните прилики на сопственикот на земјиштето и на градителот, како и на нивното однесување во текот на градбата, не би било општествено оправдано.

Во случаите од став 1 на овој член сопственикот на земјиштето има право и на надоместок на штета.

Ако сопственикот на земјиштето бара да му припадне правото на сопственост на градежниот објект, должен е на градителот да му ја надомести вредноста на објектот во висина на градежната цена на објектот во местото во кое се наоѓа во време на донесувањето на судската одлука.

Правото на избор од став 1 на овој член сопственикот на земјиштето може да го оствари најдоцна во рок од три години од денот на завршувањето на изградбата на градежниот објект. По истекот на овој рок сопственикот може да бара исплата на пазарна цена на земјиштето во време на донесување на судската одлука, а најдоцна за време од десет години од завршената изградба.

Според член 121 од Законот, на градежен објект изграден без одобрение за градење градителот со самата градба не стекнува сопственост, а до легализација или рушење на тој објект врз основа на одлука на надлежен орган ужива соодветна судска заштита која му припаѓа на сопственик, ако со закон поинаку не е определено.

Градителот на објектот од став 1 на овој член кој гради на свое или туѓо земјиште под услови утврдени во овој закон, може да стекне сопственост на таков објект, односно градбата да се легализира, доколку објектот се вклопува во урбанистичкиот план, а градбата се потврди со одобрение за градење од надлежен орган и се запише во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Ако за земјиштето каде што е изграден градежен објект без одобрение за градење не постои урбанистички план, а надлежниот орган утврди дека поминале десет години од изградбата на објектот и ја потврди градбата со одобрение за градење, градителот стекнува сопственост со упис во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, ако со посебен закон поинаку не е предвидено.

Според член 122 од Законот, доградба и надградба на зграда се врши врз основа на детален урбанистички план и урбанистички проект.

Доградба, односно надградба има право да бара сопственик, односно сопственици на постојна зграда. Со доградбата,

односно надградбата сопственикот, односно сопствениците стекнуваат право на сопственост и врз доградбата, односно надградбата.

Право на доградба, односно надградба на зграда во етажна сопственост (зграда со два или повеќе станови што им припаѓаат на две или повеќе лица) имаат сопствениците на посебните делови од зградата. За доградбата, односно надградбата одлучува мнозинството сопственици на посебните делови од зградата кои претставуваат повеќе од половината на вредноста на зградата. Ако за доградбата, односно надградбата има повеќе интересенти отколку што е предвидено да се изградат нови делови од зградата и ако за тоа не се постигне согласност меѓу нив, по барање на секој од заинтересираните одлучува судот, водејќи сметка за принципот на правичност.

Ако за доградбата, односно надградбата не се заинтересирани сопствениците на посебните делови од зградата, правото на градење можат да им го отстапат на трети лица со мнозинство гласови на посебните делови од зградата кои вредносно претставуваат повеќе од половина од вредноста на зградата, со тоа што градителот, односно градителите се должни да платат соодветен надоместок за правото на градење врз туѓо земјиште, како и за штетите што можат да бидат предизвикани како резултат на градењето.

5. Според членот 8 од Уставот на Република Македонија темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се принципот на владеењето на правото  и правната заштита на сопственоста.

Во членот 30 став 1 од Уставот се гарантира правото на сосптвеност, кое според ставот 2 на истиот член создава права и обврски и треба да служи на поединецот и на заедницата.

Согласно член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Во Главата IV од Законот за сопственост и други стварни права се уредува прашањето на стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост.

Во членот 112 од Законот се дадени правните основи на стекнување на правото на сопственост според закон, врз основа на правна работа и наследување. Согласно ставот 2 од овој член, правото на сопственост се стекнува и со одлука на државен орган, на начин и под услови определени со закон.

Понатаму, во членот 113 од истиот закон, се утврдени можните начини за стекнување на правото на сопственост според закон и тоа: со создавање нова ствар, со мешање и спојување, со градење на земјиште, со одржување, со одвојување на плодовите, со стекнување сопственост од несопственик, со окупација, со припојување и таложење, со промена на корито на водотек и создавање на острови во други случаи определени со закон.

Што се однесува до стекнувањето на правото на сопственост со градење на земјиште, во Главата IV на овој закон се разработени случаите и условите под кои градителот на градежниот објект може да се стекне со право на сопственост и тоа: со градење на сопствено или на туѓо земјиште со согласност или без согласност на сопственикот на земјиштето, а кои децидно се содржани во членовите 116 и 119 од Законот, со градење врз основа на туѓо право на градење според член 120, со градење без одобрение за градба според член 121, со доградба и надградба според член 122 и со пречекорување на меѓа при градење според членот 123 од Законот.

Од цитираните одредби на Законот за сопственост и други стварни права, според мислењето на Судот, произлегува дека законодавецот посебно ги уредил правните основи и услови за стекнување на правото на сопственост. Оттаму, логичен е заклучокот дека можноста за стекнување право на сопственост на несовесниот градител на земјиштето кое не е во негова сопственост или на совесниот сопственик на земјиштето на градежниот објект, а под условите утврдени во член 118 е само еден од законските основи за стекнување право на сопственост.

Со определувањето на посебните услови за стекнување на право на сопственост, со оспорениот член 118 од Законот не може да се доведе во прашање неговата согласност со Уставот, од причина што во ниту еден момент не се ограничува сопственоста, туку напротив се определени начините и дадена е заедничка солуција за решавање на настанатата ситуација. Со оспорената одредба основната цел на законодавецот е заштита на економските и социјални права на граѓанинот.

Имено, тргнувајќи од ваквата интенција на законодавецот, Судот утврди дека можноста на градителот кој, иако имал одобрение за градба, но знаел или можел да знае дека исправата за правото на сопственост на земјиштето не е веродостојна, гради на туѓо земјиште, да ја исплати прометната цена на земјиштето и на тој начин да се стекне со право на сопственост и на земјиштето, како и можноста да сопственикот на земјиштето се стекне со право на сопственост на градежниот објект, но со обврска на градителот да му ја надомести вредноста на објектот во висина на градежната цена на објектот, својата оправданост ја наоѓа во сферата на социјалната сигурност на граѓаните за која Републиката согласно член 35 став 1 од Уставот има уставна обврска да се грижи.

Од наведените причини, Судот оцени дека тврдењето во иницијативата дека со Законот за просторно и урбанистичко планирање и во Законот за изградба на инвестициони објекти бесправното градење се санкционира, не може да најде допирни точки со конкретната проблематика, бидејќи во случајов се работи за стекнување на право на сопственост со градење на земјиште, како еден од законските основи на стекнување на правото на сопственост на градител кој има одобрение за градба. Токму поради тоа и во оспорената законска одредба се дадени условите кои мора да бидат исполнети за да може несовесниот градител да се стекне со правото на сопственост на земјиштето.

Имено, од анализата на законската одредба произлегува дека во истата се изнесени правила за случај кога градителот е несовесен, и тоа: ако градителот знаел дека гради на туѓо земјиште и ако тоа градителот не го знаел, а сопственикот веднаш се спротивставил.

Во двата случаи градителот, сепак, започнал, односно продолжил да го гради градежниот објект на туѓо земјиште, поради што неговата несовесност укажува дека тој имал намера да се стекне со определена корист преку недопуштеното дејствие. Но, токму во насока да се спречи ваквата несовесна намера на градителот, оспорената законска одредба определува, односно нуди правила со кои ги заштитува загрозените интереси на сопственикот на земјиштето. Овде, всушност, се врши узурпација на туѓо земјиште и несовесниот градител се обидува со изградба на објектот да создаде состојба која нема правна основа.

Меѓутоа, за надминување на таквата состојба, Законот предвидува три можни решенија.

Според првото решение сопственикот на земјиштето може да бара да му припадне правото на сопственост на градежниот објект, но со обврска на градителот да му ја надомести вредноста на изградениот објект во висина на просечната градежна цена на тој објект која ја има во местото и времето на донесување на судската одлука, и право градителот да му ја надомести штетата која му ја причинил со градењето на неговото земјиште.

Со второто решение сопственикот на земјиштето може да бара градителот да го сруши градежниот објект и земјиштето да го врати во првобитна состојба, без оглед на тоа дали градежниот објект е веќе завршен или уште е во изградба.

Со последното, трето решение, сопственикот има право да бара да му се исплати прометната цена на земјиштето, при што, иако во Законот изречно не е наведено, произлегува дека станува збор за прометна вредност во времето на донесувањето на судската одлука.

Што се однесува до наводот во иницијативата дека според оспорениот член 118 оштетениот сопственик на земјиштето можел да бара заштита пред суд кој, по исклучок (став 2 од член 118) можел да одлучи изградениот градежен објект изграден со кршење на позитивните закони да не се сруши, со што се нарушувале начелата на владеење на правото и правната заштита на сопственоста, Судот исто така оцени дека подносителот на иницијативата оваа одредба погрешно ја толкува. Имено, во ставот 2 од член 118 од оспорениот Закон, децидно се наведени причините поради кои судот по исклучок од став 1 може да одлучи изградениот градежен објект да не се сруши, а тоа се: вредноста на објектот, имотните прилики на сопственикот на земјиштето и на градителот, како и нивното однесување во текот на градбата. Сите наведени компоненти се од важност за судот да оцени дали рушењето на градежниот објект е, или не е општествено оправдано. Оттука, произлегува логичен заклучок дека законодавецот со ваквото решение ги имал во вид темелните вредности - владеењето на правото и правната заштита на сопственоста, со тоа што ја имал во вид и општествената оправданост на постапката.

Од причина што оспорените членови 121 и 122 од Законот за сопственост и други стварни права биле предмет на оцена од страна на Уставниот суд, кој со Решение У.бр.203/2002 од 12 март 2003 година и У.бр.184/2003 од 3 ноември 2004 година ја оценувал нивната согласност со Уставот од аспект на членовите 8, 9, 26, 30, 33, 43, 51, 54, 55, 58 и 59 и не повел постапка а во конкретниов случај наоѓа дека не постојат основи за поинакво одлучување, Судот согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд, во овој дел иницијативата ја отфрли.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.110/2004)

# 43.

**- Авторски права**

*- Copyrights*

**- Барањата за дополнителна пресметка и барањето за измена на категоризацијата на авторските права се однесуваат на прашања кои произлегуваат од застапничкиот однос што постои меѓу здружението и авторот, а не на прашања за кои здружението одлучува по основ на вршење јавни овластувања.**

*- Requests for additional calculation and the request for change of the categorisation of copyrights relate to issues stemming from the representation relation that exists between the association and the author, and not to issues on which the association decides on grounds of performance of public mandates.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 26 став 1 точка 2 и членот 38 став 2 и 3 од Правилникот за заштита на авторски права и распределба на авторски надоместоци на Здружението за заштита на музички авторски права - ЗАМП Скопје ("Службен весник на Република Македонија " бр. 1/2000).

2. Славе Димитров од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите од Правилникот означен во точката 1 од ова решение, од причина што истите биле во спротивност со членот 8 алинеја 3 и членот 15 од Уставот на Република Македонија.

Според подносителот на иницијативата, членот 38 став 2 од Правилникот бил спротивен на членот 15 од Уставот на Република Македонија поради тоа што стручната служба не можела да одлучува во втор степен поради тоа што одлучувала во прв степен. Исто така, погледнати во корелација двете оспорени одредби (членот 26 став 2 и членот 38 став 2 и 3) биле контрадикторни и противречни една на друга од причина што предвидувале Одборот за заштита на авторските дела да одлучува во прв степен, односно втор степен по барањата за измена на категоризацијата на музичките дела.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот членот 26 став 1 точка 2, одборот за заштита на авторските права одлучува во прв степен по барањата на авторите од член 39 од овој правилник. Согласно членот 38 став 2 и 3 дополнителната пресметка или исправката на пресметката од претходниот став, кога се во прашање грешки настанати поради непотполни податоци или поради пропуст на администрацијата, ја решава стручната служба во рок од три месеци од денот на поднесувањето на доказниот материјал. За барањето за измена на категоризацијата одлучува Одборот за

заштита во рок од три месеци од денот на доставувањето на потполната документација.

4. Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото претставува една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно членот 15 од Уставот на Република Македонија, се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања.

Правилникот за заштита на авторските права и распределба на авторските надоместоци, чии одредби се предмет на оспорување со иницијативата, Здружението за заштита на авторските музички права го донело врз основа на овластувањето содржано во член 147 од Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/1996; 3/1998; 98 /2002), според кој Здружението донесува правилник за распределба на авторските надоместоци, во согласност со статутот и овој закон.

Согласно членот 25 од Правилникот, со работите на остварување на авторските права раководи Одбор за заштита на авторските права.

Според ставот 2 од овој член, Одборот за заштита на авторските права е помошно тело на Управниот одбор.

Согласно ставот 4, за својата работа Одборот за заштита на авторските права е одговорен пред Управниот одбор на ЗАМП.

Членот 26 од Правилникот ги утврдува надлежностите на Одборот за заштита на авторските права, при што во точката 2 од овој член (оспорена со иницијативата) е утврдено дека Одборот за заштита на авторските права одлучува во прв степен за барањата на авторите од член 39 од овој Правилник.

Анализата на членот 39 и особено членот 38 на кој истиот упатува, упатува на заклучок дека Одборот за заштита на авторските права се јавува како надлежен орган кој решава во прв степен за барања за измена на категоризација на авторско дело.

Според членот 38 став 2 од Правилникот, дополнителната пресметка или исправката на пресметката од претходниот став, кога се во прашање грешки настанати поради непотполни податоци или поради пропуст на администрацијата, ја решава стручната служба во рок од три месеци од денот на поднесувањето на доказниот материјал.

Според ставот 3 од овој член, за барањето за измена на категоризацијата одлучува Одборот за заштита во рок од три месеци од денот на доставувањето на потполната документација.

Врз основа на ваквата правна состојба по предметот, Судот утврди дека во конкретниот случај се работи за одредби кои регулираат односи и ситуации кај кои не може да дојде до примена на уставно загарантираното право на жалба. Имено, иако ЗАМП има карактер на професионално, еснафско здружение кое врши јавни овластувања делегирани врз основа на закон, а кои се однесуваат на прашањето на колективно остварување на авторските права, сепак во конкретниот случај се работи за прашања кои произлегуваат од самата природа на колективното остварување на авторските права. Така, согласно член 148 од Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/1996; 3/1998; 98/2002), Здружението го остварува авторското право врз основа на договор со авторот, при што во ставот 4 од овој член е утврдено дека правата кои се остваруваат колективно, надлежното здружение ги остварува по сила на закон и независно дали е склучен договор со авторот.

Во конкретниот случај се работи за прашања кои се однесуваат на дополнителна пресметка или исправка на пресметката на надоместокот, како и за барања за измена на категоризација на делото. Тоа се прашања кои произлегуваат од договорот за застапништво кој авторот го има со ЗАМП и како такви се од интерен карактер уредувајќи односи меѓу авторот или носителот на авторското право и Здружението.

Оттука, поаѓајќи од становиштето дека прашањата кои ги уредуваат оспорените одредби се прашања кои произлегуваат од застапничкиот однос кој постои меѓу авторот и Здружението, а кој се од граѓанско-правен каракер, Судот утврди дека ваквиот однос не може да се доведе во корелација со правото на жалба, на начин како што е тоа уредено со Уставот на Република Македонија и не во рамки на самото Здружение. Тоа се прашања кои не произлегуваат од

јавно-правниот карактер на Здружението, ниту се јавни овластувањата кои Здружението ги врши. Оттука, со оглед на приватно - правниот карактер на овластувањето на Здружението во однос на дополнителната пресметка или исправката на пресметката на авторскиот надоместок, односно измената на категоризацијата, како нешто што произлегува од граѓанско-правната релација што постои меѓу авторот и Здружението, верификувана врз основа на склучениот договор кој го имаат, Судот утврди дека не може да се инсистира на постоење двостепеност на оваа постапка која се спроведува во рамки на Здружението. Уште повеќе што самото прашање на дополнителна пресметка или исправка на пресметката се прашања од техничка природа кои се решаваат во рамки на стручно-административните служби на Здружението.

Врз основа на изнесеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за повреда на правото на жалба по барањата за дополнителна пресметка или исправка на пресметката, како и по барањата за измена на категоризација на авторски дела. Прашањата кои ги уредуваат оспорените одредби не се од таков карактер кој би налагал постапувањето на Здружението да има јавно-правен карактер, туку се работи за односи кои произлегуваат од застапничкиот однос кој постои меѓу авторот и Здружението.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.116/2003)

# 44.

**- Правна заштита на сопственоста**

*- Legal protection of property*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр.48/2000).

2. Трајко Јовев од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од Законот означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, со оспорената законска одредба биле изменети формулациите на ставовите 1 и 2 од членот 48 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/1998), со што се давала можност на мнозинскиот број сопственици на становите, по пат на надгласување на останатите сопственици на становите во зградата, да остваруваат права во делот на заедничките простории и деловите во станбената зграда што служат на зградата во целина.

Со ваквата законска определба спротивно на членот 30 од Уставот, се нарушувало правото на сопственост на помалиот број сопственици, кои имале еднакво право на сопственост како и мнозинскиот број сопственици.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување, во ставот 1 и 2 од членот 48 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/1998), зборот "сопствениците" се заменува со зборовите "мнозинството сопственици".

Со овие измени, одредбите од ставот 1 и 2 од членот 48 од Законот предвидуваат дека поправките и преправките на заедничките простории и делови во станбената зграда што служат на зградата како целина, како и преправките на зградата, се вршат врз основа на согласност на мнозинството сопственици на сите станови на зградата, односно на влезот на зградата.

Ако мнозинството сопственици на станбената зграда не се согласат по предлог на заинтересираниот сопственик, за поправките и преправките, на заедничките простории и делови во станбената зграда што служат на зградата како целина, како и преправките на зградата, ќе одлучи надлежниот суд во вонпроцесна постапка.

4. Разгледувајќи ја иницијативата Судот утврди дека со Решение У.бр.197/2001 од 13 февруари 2002 година не повел постапка за оценување на уставноста на одредбата од членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр.48/2000).

Ова затоа што со оспорената законска одредба не се повредува сопственоста и правата што произлегуваат од неа бидејќи станува збор за етажни сопственици врз заеднички простории кои и служат на зградата како целина, за што важи принципот на мнозинско одлучување.

Согласно членот 28 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а не постојат основи за поинакво одучување.

Со иницијативата се оспорува одредбата од Законот од истите причини кои веќе биле ценети со наведеното решение на Судот. Со оглед на тоа што Судот не повел постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот, а нема основи за поинакво одлучување по однос на наводите во оваа иницијатива, согласно членот 28 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на

Република Македонија, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.177/2004)

# 45.

**- Закон за денационализација (надомест за одземен имот на кој постојат објекти од јавен интерес)**

*- Law on Denationalisation (compensation for a taken-away property on which there are facilities of public interest)*

**- Определбата во Законот за денационализација дека објектите од јавен интерес не се враќаат во сопственост на барателите во постапката за денационализација не е во несогласност со Уставот, бидејќи јавниот интерес е утврден со Законот за експропријација и други закони.**

*- The determination in the Law on Denationalisation that facilities of public interest are not restored to the ownership of the requesters in the denationalisation procedure is not in contradiction with the Constitution, given that public interest is defined in the Law on Expropriation and in other laws.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 23 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 точка 3 во делот "и други објекти од јавен интерес" од Законот за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1998 и 31/2000),

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 точка 1 во делот "и други објекти од комунална инфраструктура" од Законот за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1998 и 31/2000).

3. Снежана Андреевска, адвокат од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата и дополнувањето на иницијативата со примена на оспорените одредби од Законот граѓаните биле ставени во нерамноправна положба од причини што на органот за денационализација му се давало дискреционо право сам да го толкува пошироко значењето на терминот "и други објекти од комунална инфраструктура" и "и други објекти од јавен интерес", па со примена на ова правило подносителите на барањата ги одбива и не им го враќа имотот иако тој на лице место постоел и претставувал "градежно неизградено земјиште" за кое согласно ставот 3 на истиот член од законот според урбанистичкиот план било предвидена изградба на објекти од точките 1 и 2 на овој член. Со тоа, се наведува понатаму во иницијативата, органот за денационализација имал дискреционо право да одлучува кои се "и други објекти од комунална инфраструктура", а кои се "објекти од јавен интерес" без да има законска основа, што било апсолутно недопуштено.

Со оспорените одредби од Законот се наведува понатаму во иницијативата, се кршел принципот на еднаквост на граѓаните и се посочува и примерот кога на граѓани на кои што сега во јавен интерес им се одзема сопственоста и им се дава надомест по пазарна вредност при реализација на урбанистичкиот план, а на граѓани на кои во постапка за денационализација поради постоење на јавен интерес имотот не им се враќал, туку им се давал надомест со обврзници, при што тој надомест не бил еднаков на пазарната

вредност како во првиот случај, поради што подносителот на иницијативата бара Уставниот суд да ги поништи: член 9 став 1 точка 1 во делот "и на други објекти на комунална инфраструктура" и став 1 точка 3 на член 9 од Законот за денационализација во делот "и други објекти од јавен интерес", затоа што биле во спротивност со членот 9 и членот 30 од Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според член 9 став 1 точка 1 од Законот за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1998 и 31/2000) е определено дека не се враќа во сопственост поради постоење на јавен интерес а се дава надомест за 1. имот кој по одземањето според закон станал добро во општа употреба, и тоа јавни плоштади, улици, сообраќајници, паркови, јавно - сообраќајни површини и други објекти на комунална инфраструктура, а според точката 3 од истиот член од Законот е утврдено дека неизградено градежно земјиште на кое според урбанистичкиот план е предвидена изградба на објекти од точките 1 и 2 на овој член и на други објекти од јавен интерес.

5. Согласно член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 30 од Уставот на Република Македонија се гарантира правото на сопственост и правото на наследување; сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата; никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон; во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопстеноста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Со членот 1 од Законот за денационализација ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1998 и 31/2000) се определуваат условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен во корист на државата (во натамошниот текст: денационализација).

Според член 1-а од Законот се враќа имот, односно се дава надомест за имот на физички лица и на верски храмови, манастири и вакафи одземени по 2 август 1944 година:

1) врз основа на прописите со кои е вршено општо одземање и ограничување на сопственоста;

2) врз основа на прописите за одземање на имот заради остварување на општокорисни цели, како и имот експроприран заради остварување на општо корисни цели, односно општ интерес ако не се исполнети условите за враќање на имотот според одредбите за експрорпијација и

3) без правна основа.

Согласно член 3 став 1 од Законот предмет на денационализација е и имотот што државата го презела како голем имот, односно како вишок на имот за предавање на управување согласно со членот 6 ставотите 1 и 2 од Законот за постапување со имот кој што сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата и имотот кој им е одземен од страна на окупаторот и неговите помагачи ("Службен лист на ФНРЈ" бр.36/1945), односно членовите 3, 5, 10 и 11 од Законот за потврда и измени на Законот за постапување со имот кој што сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата и имотот кој им е одземен од страна на окупаторот и неговите помагачи ("Службен лист на ФНРЈ" бр.64/1946).

Согласно ставот 2 на член 3 од Законот предмет на денационализација е и имотот отстапен со изјава на волја дадена под закана и присилба и тоа за земјиште до денот на влегувањето во сила на прописите за аграрна реформа и колонизација, за стопанските објекти до денот на влегувањето во сила на прописите за национализација на приватните стопански претпријатија и за згради и делови од згради до денот на влегувањето во сила на прописите за национализација на наемните згради и градежното земјиште.

Според член 110 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70 /1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Понатаму, Судот утврди дека оспорената одредба од член 9 став 1 точка 1 во делот "и други објекти од комунална инфраструктура" од Законот за денационализација била предмет на оценување од страна на Уставниот суд на Република Македонија, кој со решение У.бр.120/1998 од 24 декември 1998 година за неповедување на постапка за оценување на уставноста на одредбата. Притоа, Судот оценил дека законодавецот не се впуштил во определување на терминот "и други објекти на комунална инфраструктура" со оглед на тоа што во членовите 3 и 8 од Законот за комунални дејности се наброени објектите на комунална инфраструктура и таксативно се наброени комуналните дејности и со оваа оспорена одредба не се повредува гаранцијата на правото на сопственост надвор од уставно утврдените рамки, поради што не го постави прашањето за согласноста на член 9 став 1 во делот "и други објекти од комунална инфраструктура" од Законот со член 30 од Уставот на Република Македонија.

6. По однос на наводите во иницијативата дека и со оспорената точка 3 на членот 9 од Законот за денационализација во однос на формулацијата "и други објекти од јавен интерес", на органот за денационализација му е дадено огромно дискреционо право да одлучува кои се тие објекти од јавен интерес, Судот исто така утврди дека законодавецот не се впуштил во определување на терминот "и други објекти од јавен интерес" бидејќи јавниот интерес е утврден со Законот за експропријација.

Имено, согласно член 2 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/1995 и 20/1998) јавен интерес утврден со овој закон е уредувањето, рационалното користење и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредување на животната средина и на природата со изградба на објекти и изведување на работи предвидени со актите за планирање на просторот и тоа:

- изградба на железнички пруги, патишта, мостови, аеродроми и придружни објекти и постројки;
- изградба на централи за производство на електрична енергија, објекти, постројки и водови што се наменети за пренос и дистрибуција на таа енергија;
- изградба на објекти и постројки за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај, постројки за радио и телевизиски врски и информациони системи;
- изградба на објекти за одбраната и цивилната заштита;

- изградба на гранични премини;
- изградба на објекти и постројки за истражување и експлоатација на рудни и други природни богатства;
- изградба на водостопански објекти и постројки;
- изградба на улици, плоштади, паркинг плацеви, паркови и скверови;
- изградба на депонии, пречистителни станици и други објекти за заштита на природата и животната средина;
- изградба на гасоводи, нафтоводи и други водови;
- изградба на водовод, канализација, топлификација, гробишта и други комунални објекти;
- изградба на објекти за образованието, воспитанието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и спортот кога дејноста се врши како јавна служба и
- изградба на населби при големи природни непогоди (земјотреси, поплави, пожари и лизгање на земјиште) и преселување на населби (потопување, еколошки причини и изградба на комплексни објекти).

Јавен интерес за изградба на објекти и за изведување на други работи може да се утврди и со друг закон.

Во ставот 3 од членот 30 од Уставот на Република Македонија е определено дека јавниот интерес се утврдува со закон.

Ова е од особена важност за обезбедување на сигурноста на сопственоста од можно широко поставување на рамки на одземањето или ограничувањето на сопственоста.

Судот, исто така, оцени дека утврдувањето на јавниот интерес предвиден во член 30 од Уставот, се разработува со одредбите од членот 2 од Законот за експропријација, врз основа на член 8 од Уставот, според кој една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е и уредувањето и хуманизација на простоот и заштита и унапредување на животната средина и на природата, а оваа темелна вредност на уставниот поредок се обезбедува во основа со планирањето на просторот и изградба на објекти и изведување на работи на така планираниот простор.

Тргнувајќи од изнесеното произлегува дека во ставот 1 на овој член од Законот таксативно се наброени објектите односно работите од јавен интерес. Секое таксативно набројување крие во

себе можност да биде испуштен некој значаен објект или работа, па во ставот 2 од истиот член е предвидено дека јавниот интерес може да се утврди и со посебен закон.

Оттука, органите за денационализација не можат да го прошират списокот на објекти од јавен интерес како што се наведува во иницијативата, туку при такво одлучување мораат да се движат во рамките на законот со кој е утврден јавниот интерес.

Од изнесеното произлегува дека јавниот интерес не се утврдува со Законот за денационализација, туку се упатува на веќе утврден јавен интерес со Законот за експропријација и со други закони.

Друго е прашањето, како што се наведува и во мислењето на министерството за финансии дали во примената на овие одредби во имплементација на Законот за денационализација постојат одредени недоследности, при што странките во постапката за денационализација можат да ги штитат своите имотни права и интереси со примена на сите правни средства предвидени со Законот, но тоа не дава основа за прифаќање на тврдењето дека оспорената одредба дава простор за дискрециона примена и дека е спротивна на Уставот.

Според Судот, не може да се прифати делот од иницијативата за повреда на принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот со образложение дека доколку имотот кој се враќа постои, а не е реализирана целта за која е одземен, бидејќи голем број на учесници во постапката за денационализација се ставаат во поинаква положба со другите носители на правото на сопственост во остварување на нивните права во идна постапка за експропријација. Ова поради тоа што предвидената намена на земјиштето за реализација на јавен интерес утврден со закон и испланиран со урбанистичкиот план, во денационализацијата претставува само законска пречка за враќање на земјиштето во сопственост на поранешниот сопственик од кој во поранешен период му било одземено со присилни прописи, но токму поради тоа со Законот за денационализација се дозволува правото на надомест во вакви случаи. Значи, овој имот и покрај тоа што постои не се враќа заради наведениот јавен интерес, што не може да се поистовети со други случаи како што се наведува во иницијативата. Имено, со Законот само се предвидува опцијата на надоместување во

денационализација кај предметните имоти каде постои утврден јавен интерес, а сепак тие имоти се предмет на денационализација.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.21/2004)

# 46.

**- Закон за денационализација (висина на надоместок за имот кој не се враќа)**

*- Law on Denationalisation (amount of compensation for a property that is not restored)*

**- Во случајот на денационализација не станува збор за одземање или ограничување на сопственоста, туку за враќање на сопственоста врз имот. Определувањето надоместок за имот кој не може физички да се врати, според неговата вредност во времето на одземањето, дури и кога тој не би соодветствувал на претпоставената пазарна вредност на тој имот, не може да се смета за арбитрерно и произволно, туку е израз на волјата на законодавецот да ги обештети поранешните сопственици, дури и во случај кога нивниот имот престанал да постои. Овластувањето на Владата на Република Македонија со уредба да изврши процена и да го утврди надоместокот за денационализираниот имот според критериумот утврден во законот е во функција на извршување на законот.**

*- In the case of denationalisation it is not about taking away or restricting ownership, but about restoring the ownership over a property. The determination of a compensation for a property which physically cannot be restored, according to its value at the time it was taken away, even if it would not correspond with the supposed market value of the property, may not be considered to be arbitrary and unfounded, but an expression of the will of the legislator to indemnify former owners, even in case when their property has ceased to exist. The authorisation of the Government of the Republic of Macedonia with a regulation to make an assessment and to determine the compensation for the property denationalised under the criterion defined in the law is in the function of enforcement of the law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 31 став 2 од Законот за денационализација ("Службен весник на Република Македонија"; бр.20/ 1998, 31/2000, 42/ 2003).

2. Томислав Спасев од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законската одредба означена во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата, оспорената одредба не била во согласност со членот 30 од Уставот на Република Македонија, од причина што со актот за определување јавен интерес над имот предмет на денационализација се вршело ограничување на сопственоста, но не на начин како што било предвидено во оваа

уставна одредба, т.е. со праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност, туку надомест утврден со Уредба на Владата на Република Македонија. Според него, овој надоместок не можел да биде предмет на уредување со подзаконски акт донесен од Владата, затоа што со оспорената одредба се повредувале имотните права на граѓаните.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот 31 став 1 од Законот за денационализација, надомест се дава за имот кој не се враќа, како и кога имотот не се враќа затоа што престанал да постои. Според оспорениот став 2 од овој член, надомест во смисла на став 1 од овој член се определува според состојбата на имотот во моментот на одземањето, согласно со Уредбата за процена на вредноста и утврдување надомест за денационализиран имот што ја донесува Владата на Република Македонија.

4. Правната заштита на сопственоста, утврдена во членот 8 став 1 алинеја 6 од Уставот на Република Македонија, претставува една од темелите вредности на уставниот поредок.

Согласно членот 30 од Уставот на Република Македонија, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и заедницата.

Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Според член 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Со Законот за денационализација се определуваат условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен во корист на државата. Денационализацијата преставува мерка на државата, изразена преку законски акт со која се враќа во сопственост некој

претходно одземен имот, односно се враќа правото на сопственост во првобитна состојба, при што доколку враќањето е невозможно (поради тоа што на тој имот во меѓувреме бил утврден јавен интерес или тој воопшто не може да се врати поради тоа што престанал да постои), државата обезбедува надомест.

Оспорената одредба од Законот ги регулира ситуациите кога предмет на денационализација е имот кој не се враќа, како и кога не може да се врати поради тоа што престанал да постои. Во таков случај Законот предвидел дека на сопственикот му следува право на надомест. Ставот 2 од членот 31 од Законот утврдува на кој начин ќе се определи висината на овој надоместок: "надомест се определува според состојбата на имотот во моментот на одземањето, согласно со Уредбата за процена на вредноста и утврдување надомест за денационализиран имот што ја донесува Владата на Република Македонија". Тоа значи дека во случаи кога одземениот имот не се враќа или не може да се врати поради тоа што престанал да постои, сопственикот има право на надомест кој се определува според состојбата на имотот во моментот на одземањето, при што Уредбата на Владата на Република Македонија е правниот инструмент кој ја утврдува методологијата на кој начин ќе се изврши проценка на вредноста на имотот во моментот на одземањето. Тоа значи дека критериум на законодавецот при утврдување на висината на надоместокот кој се дава како компензација за одземениот имот што не може да се врати не е пазарната вредност на имотот, туку вредноста утврдена според состојбата во која се наоѓал пред метниот имот во моментот на одземањето.

Од друга страна пак, одредбата од членот 30 од Уставот на Република Македонија ги регулира ситуациите на одземање (експропријација), односно ограничување на сопственоста и наметнува обврска на државата ваквото ограничување да го компензира со праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на предметниот имот. Според мислењето на Судот, во случајот на денационализацијата се работи за обратен процес. Тука државата не одзема, ниту ограничува имот, односно сопственост над некој имот. Напротив, предмет на денационализацијата е враќање во сопственост. Оттука, според мислењето на Судот, одредбата од членот 30 од Уставот воопшто не може да се доведе во корелација со прашањето на денационализација, затоа што таа се однесува на праведен надоместок во случаи на експропријација или ограничување на сопственоста. Во случајот на денационализацијата не станува збор за

одземање или ограничување на сопственоста, туку напротив, за враќање на сопственоста врз имот од причини на историски промени на политичкиот систем во Република Македонија. Во тој контекст, определувањето надоместок за имот кој не може физички да се врати, според неговата вредност во времето на одземањето, дури и кога тој не би соодветствувал на претпоставената пазарна вредност на тој имот, не може да се смета за арбитрерно и произволно, туку е израз на волјата на законодавецот да ги обештети поранешните сопственици, дури и во случај кога нивниот имот престанал да постои. Оттука, о властувањето на Владата на Република Македонија со уредба да изврши процена и да го утврди надоместокот за денационализираниот имот според критериумот утврден во законот, е во функција на извршување на Законот и претставува овластување кое произлегува од членот 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија.

Врз основа на изнесеното, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласност на оспорената одредба од Законот за денационализација со членот 30 и членот 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова - Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.165/2003)

# 47.

**- Правилник за заштита на авторските права и распределба на авторските надоместоци**

*- Book of Rules on the protection of copyrights and distribution of copyright fees*

**- Не е во несогласност со Законот за авторското право и сродните права со Правилник да е предвидено авторското право да се остварува преку полномошно.**
**Ако податоците од пријавата на делото што ги дал авторот не се во согласност со податоците од програмите, распределбата на надоместокот ќе се врши врз основа на податоците од програмите што се сметаат за веродостојни (програмите на радио, ТВ). Ваквата одредба уредува прашања во врска со начинот и висината на распределбата на авторскиот надоместок, односно регулира прашања не од суштинска, туку од техничка природа.**

*-It is in accordance with the Law on Copyright and Related Rights that a Book of Rules provides for the copyright to be realised by means of a power of attorney.*
*If the data in the registration form of the deed given by the author are not in accordance with the data in the programmes, the distribution of the fee shall be made on the basis of the data in the programmes considered to be credible (programmes on the radio, TV). This provision governs issues in connection with the manner and amount of distribution of the copyright fee, that is, governs issues of a technical rather than essential nature.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 4 став 1 и член 44 од Правилникот за заштита на авторските права и распределба на авторските надоместоци ("Службен весник на Република Македонија" бр.1/2000).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на членот 40 став 1 од Правилникот означен во точката 1 од ова решение.

3. Славе Димитров од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените одредби од Правилникот биле несогласни со член 148 став 1 од Законот за авторското право и за сродните права ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/1996, 3/1998 и 98/2002), затоа што овој закон предвидувал здружението да го остварува авторското право врз основа на договор со авторот, а според оспорените одредби авторските права се остварувале, односно се штителе со пријавување на делата или врз основа на дадено полномошно од страна на авторите и носителите на авторските права.

Поточно, подносителот на иницијативата смета дека авторското право треба да се реализира со договор, како што предвидува Законот, а не со полномошно дадено од авторот на делото, како што предвидува оспорениот правилник.

Оспорените одредби, како такви, биле несогласни и со членот 51 од Уставот според кој законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, како и тоа дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Одредбите од членовите 40 и 44 од Правилникот не се оспоруваат од аспект на нивната содржина, туку од аспект на нивната примена во практиката. Имено, Здружението за заштита на авторските музички права при повторното изведување на делото не ги презентирало податоците за авторот на делото (кои претходно при првото изведување авторот ги доставил), поради што делото добивало награда од само 1 поен.

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 4 став 1 од Правилникот, здружението за заштита на авторски музички права ги штити авторските права на авторите и носителите на авторски права кои со пријавување на своите дела или врз основа на полномошно му ја доверуваат заштитата на своите права.

Во членот 40 став 1 од Правилникот е предвидено дека јавно издадените дела со текст или без текст изведени во репартиционата класа 100) Радио се поентираат како: 101) Дела кои не се пријавени, односно за кои не постои документаицијa за секоја минута по 1 поен.

Според член 44 став 1 од Правилникот ако податоците од пријавата на делото што ги дал авторот не се во согласност со податоците во програмите (траење, изведувачки состави и сл.) распределбата на надоместокот се врши врз основа на податоците од програмите што се сметаат како веродостојни (програмите на радио, ТВ). Ако за изведеното дело нема податоци за изведувачкиот состав ниту во пријавата за композиторот, ни во програмата, делото ќе се поентира според траењето, по почетната група на категоријата во која е распоредено.

5. Согласно член 148 од Законот за авторските права и други сродни права здружението го остварува авторското право врз основа на договор со авторот.

Согласно ставот 2 на овој член од Законот, договорот од став 1 ги содржи особено: овластувањето за остварување на правата, видот на делото, правото што се остварува, времетраењето на договорот и посебните права во случај на неостварување на договорот.

Од овие законски одредби произлегува дека авторот го остварува авторското право преку здружението, врз основа на договор кој треба да содржи овластување од авторот, видот на делото, идентификација на правото што се остварува и времетрањето на договорот.

Од изнесеното се гледа дека за реализирање на авторското право, законодавецот употребува општ поим "договор".

Страните се тие кои ќе го определат видот на договорот со кој ќе ги регулираат своите односи. Во тој контекст, во оспорениот Правилник е прецизирано дека остварувањето на авторското право ќе се врши "со пријавување на своите дела или врз полномошно", што значи преку договор за полномоштво.

Имено, полномоштвото (кое спаѓа во договорите за услуга) претставува договор со кој едно лице – властодавач овластува друго лице – полномошник во негово име и за негова

сметка да врши или изврши одредени дејствија, а полномошникот се обврзува тие дејствија да ги изврши со надомест или бесплатно. Полномоштвото, значи е еден вид застапништво, и тоа волево застапништво, за разлика од законското, статутарното или судското застапништво кои настануваат врз основа на закон, статут на одредено правно лице или со одлука на суд.

Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај се работи за законско застапништво (настанува по сила на закон), кога властодавачот – авторот на определено дело го пријавува во ЗАМП ("со пријавување своите дела"), или за договор за полномоштво кога авторот склучува договор во писмена форма со ЗАМП ("врз полномошно"). Со овие договори авторот го овластува полномошникот – ЗАМП, во негово име, од корисникот на неговите дела да ги прибира и нему (за негова сметка) да му ги доставува прибраните тантиеми на законски објавените несценски дела. Притоа, полномошникот се обврзува тие дејствија да ги изврши со надомест, односно за провизија од 30% што ги издвојува од прибраните средства од корисникот на делото.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека одредбата од членот 4 став 1 од Правилникот, која предвидува авторското право да се остварува преку полномошно е согласна со членот 148 став 1 од Законот за авторското право и сродните права, односно дека не може основано да се постави прашањето за нејзината законитост од овој аспект.

Во однос на согласноста на оваа одредба од Правилникот со член 51 од Уставот според кој во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите и дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите, подносителот на иницијативата ниту во неа, ни во дополнителната иницијатива не ги наведе причините поради кои ја оспорува уставноста на овие членови од Правилникот, а Судот исто така смета дека оспорената одредба од член 4 став 1 нема допирна точка со наведениот член од Уставот.

Што се однесува до законитоста на оспорената одредба од членот 44 од Правилникот, според која ако податоците од пријавата на делото што ги дал авторот не се во согласност со податоците од програмите (траење, изведувачки состав и сл.), распределбата на надоместокот ќе се врши врз основа на податоците од програмите што се сметаат за веродостојни (програмите на радио, ТВ) и според кои доколку за изведеното дело нема податоци за

изведувачкиот состав ниту во пријавата на композиторот, ни во програмата, делото ќе се поентира според траењето, по почетната група на категоријата во која е распоредено, Судот оцени дека оваа норма регулира прашања во врска со начинот и висината на распределбата на авторскиот надоместок, односно регулира прашања не од суштинска, туку од техничка природа, поради што не може да се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и со Законот.

6. Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Со оглед на тоа дека Судот со решение У.бр.112/2001 од 20 февруари 2002 година, меѓу другото, не повел постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 40 од Правилникот, а нема основи за поинакво одлучување, одлучи како во точката 2 од ова решение.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.117/2003)

# 48.

**- Закон за договорен залог**

*- Law on Contractual Security*

**- Со одредба во кој е утврден рок за поднесување на тужба за побивање на записниците за реализација на залогот не се задира во правото на заложниот должник или трето лице да бара ништавност на договорите.**

**Со одредба со која законодавецот го уредил прашањето за тоа дека на веќе воспоставени односи и преземени дејствија ќе се примени законот кој бил во сила во времето на настанувањето на правните односи, а на веќе воспоставени односи од кои не произлегле никакви правни дејствија ќе се промени постојниот закон не се доведува во прашање принципот на забрана на повратно дејство на законите.**

*- The provision in which there is a definition of a time limit for the submittal of a lawsuit to contest the minutes for the realisation of the security does not infringe upon the right of the security debtor or a third person to request invalidity of the contracts.*
*The provision with which the legislator has regulated that the law that was in force at the time the legal relations were established shall apply to already established relations and undertaken actions, while the existing law shall apply to already established relations from which no legal actions have resulted, does not question the principle of prohibition of a retroactive effect of the laws.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 67 став 3 и член 86 од Законот за договорен залог ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2003).

2. Васил Велковски од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување

постапка за оценување на уставноста на член 67 став 3 и член 86 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со наведениот закон била дадена можност реализацијата на хипотека, односно на залог да се врши и преку нотар, ако тоа странките го договориле или ако воопшто не договориле пред кој субјект, односно орган ќе се врши реализација на залогот, па во тој случај изборот му припаѓа на хипотекарниот доверител. Во постапката пред нотар, хипотекарниот должник нема правни средства да ги заштитува своите права во случај кога долгот не постои или кога договорот за хипотека е ништовен или кога долгот е делумно намирен или кога не се заснова на хипотека и слично.

Единствено правно средство што му стои на располагање на хипотекарниот должник е тужбата за побивање на актите врз основа на кои е извршена реализација на предметот на залогот (член 67). Оваа тужба треба да се поднесе во рок од 15 дена. Ако во тој случај судот издаде времена мерка стекнувањето на правото за сопственост врз предметот на залогот се одлага до денот кој судот го определил со привремена мерка. Доколку тужбата се изјави по истекот на 15 дена од денот на одржаното јавно наддавање на кое е продаден залогот, односно од денот кога е составен записот врз основа на кој заложниот доверител согласно член 65 став 5 стекнува право да стане сопственик на залогот, односно од денот на потпишувањето на записникот за непосредна спогодба за продажба на залогот е без правно дејство во однос на новиот соптвеник кој го стекнал правото на сопственост врз предмет на залогот.

Според подносителот на иницијативата, решението во член 67 став 3 од Законот во однос на правното дејство на пресудата што ќе биде донесено по тужбата е спротивно на Уставот, бидејќи ги става во нерамноправна положба граѓаните како купувачи на јавна лицитација или како купувачи на недвижност оптоварена со хипотека и граѓаните кои купуваат недвижности во правниот промет. Ова од причина што и во случај кога продажбата е ништовна, спротивна на законот, а извшена од страна на нотар, реализацијата на хипотеката е правно важна иако не е заснована хипотека или хипотеката е ништовна, или договорот за хипотека е ништовен или предметот на хипотеката не е на хипотекарниот должник, или постапката е грубо повредена или слично. Во сите овие случаи останува во важност продажбата и тогаш кога е ништовна. Ова решение е спротивно на решенијата содржани во Законот за облигационите односи по однос

на правните последици од ништовноста на правната работа. Со оваа одредба во привилегирана положба се става еден мал број на купувачи во однос на сите други купувачи на недвижност чии правни работи можат да бидат поинакви и во таков случај ги трпат последиците од ништовноста на правната работа.

Имајќи го предвид наведеното подносителот смета дека оваа одредба е спротивна на член 9 од Уставот.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека со Законот за договорен залог е предвидена ретроактивна важност на овој закон во однос на реализацијата на залогот. Така, според член 86 доколку постапката за реализација на залогот започнала пред денот на влегувањето во сила на овој закон се завршува според досегашните прописи. Доколку постапката за реализација не е започната, таа ќе се реализира според одредбите на Законот за договорен залог. Договорен залог и договорните хипотеки се засновани и според одредби на Законот за извршната постапка и според одредби на Законот за договорна хипотека. Според одредбата од член 86 став 2 Законот за договорен залог ќе се примени и на реализација на оние хипотеки што се засновани пред неговото влегување во сила ако таквата реализација не е започната до денот на влегувањето во сила на одредбата.

Оттаму, според подносителот на иницијативата, очигледно се работело за повратно дејство на Законот по однос на реализација на хипотеката или залогот што е склучен пред неговото влегување во сила што било спротивно на член 52 од Уставот, освен во случај кога тоа е поповолно за граѓаните. Законот за договорен залог предвидува можност реализацијата на залогот, односно хипотеката да се изврши преку нотар или преку регистрирана организација за промет на недвижности преку берза и слично. Овие начини на реализација не беа предвидени со Законот за извршната постапка, ниту, пак, со Законот за договорна хипотека. Овие начини на реализација можат да бидат и понеповолни за хипотекарниот должник.

3. Судот на седницата утврди дека со Законот за договорен залог ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2003) се уредува начинот, условите и постапката за засновање, постоење, реализација и престанување на договорното заложно право врз подвижни ствари (рачен залог) и врз недвижности (хипотека) (член 1).

Со залогот се обезбедуваат парични и друг вид побарувања, чија вредност може да се изрази во пари што доверителот ги има во однос на својот должник од одреден облигационен однос (член 2 став 1).

Ако побарувањата обезбедени со залог не бидат исполнети во рокот на нивното пристигнување, заложниот доверител може да ги намири од вредноста на предметот на залогот или под услови и начини предвидени со овој закон за да се стекне со право на сопственост врз предметот на залогот (член 2 став 2).

Според член 10 став 1 од наведениот закон предметот на залогот мора да е во сопственост на заложниот должник и да е во правен промет. По исклучок предмет на залогот може да биде и предмет што не е во сопственост на заложниот должник, ако тој врз него во моментот на заснова̀њето на залогот има стекнато право на залог (надзалог).

Предмет на рачниот залог може да биде подвижна ствар хартија од вредност, одредено имотно побарување или друго право, а предмет на хипотеката само одредена недвижност, односно ствар изедначена со недвижност (член 4).

Рачниот залог може да се заснова со предавањето на предметот во владение (владетелскиот залог) или без негово предавање во владение (невладетелски залог), а хипотеката се заснова само како невладетелска (член 3).

Според член 17 од законот, правото на хипотека се стекнува со склучување на договорот за хипотека и со запишување на хипотека во јавна книга на начин и под услови пропишани со закон.

Во член 21 став 1 од Законот е предвидено дека договорот за залог се склучува во писмена форма освен договорот за владетелски залог кој може да биде склучен во која било форма. Според ставот 2 на овој член, договорот за залог што не е склучен во писмена форма не произведува правно дејство.

Во членот 22 од Законот е регулирано прашањето кога договорот за залог има својство на извршна исправа, а во членот 23 се утврдени битните елементи што треба да ги содржи договорот за залог.

Во Главата V (членовите 59 - 82) од Законот се уредени прашањата кои се однесуваат на реализација на залогот: начинот на продажба на залогот, субјектот што ќе ја изврши реализацијата на залогот, како и според кои закони во зависност од овластените субјекти за реализација ќе се спроведе реализацијата на залогот.

Во членот 65 од Законот, пак, е регулирано дека кога во договорот за залог не е договорен начинот на продажба, нотарот продажбата ќе се изврши со усно јавно наддавање во местото и просторот наведени во огласот за продажба.

Во став 5 на член 65 од Законот е предвидено дека ако наддавањето не успеало, ниту продажбата е извршена со непосредна спогодба во рок од три месеци од денот на добиеното овластување за продажба, се смета дека заложниот доверител станал сопственик на заложниот предмет за цената која одговара на износот на обезбеденото побарување зголемена со трошоците и каматите, освен ако заложниот доверител во рок од 15 дена од денот на исполнувањето на условите за стекнување на сопственоста преку нотар го извести заложникот должник дека не сака правото на сопственост врз заложниот предмет да премине врз него. Правото на сопственост не се пренесува на заложниот доверител и кога врз ист предмет постои право на залог за повеќе заложни доверители.

Според член 66 од Законот, записникот за извршената продажба на заложниот предмет со наддавање, записникот за стекнување на правото на сопственост врз заложниот предмет под условите предвидени со овој закон, како и со непосредна спогодба за продажба на заложниот предмет составено во вид на извршна исправа претставуваат правна основа за стекнување на правото на сопственоста врз заложниот предмет.

Во членот 67 став 1 од Законот е предвидено ако заложниот должник или трето лице има приговор на реализацијата на залогот, своето право може да го оствари со тужба за побивање на актите (записниците) врз основа на кои е извршена реализација на предметот на залогот.

Во ставот 2 на овој член е предвидено ако судот по поднесената тужба за побивање на актите (записниците) за извршената реализација на залогот издаде привремена мерка во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на тужбата, се одлага стекнувањето на правото на сопственост врз предметот на залогот до

денот кој судот го одредил со привремената мерка. Ако тужителот го изгуби спорот одговара и за надомест на штета на новиот сопственик.

Во оспорениот став 3 на член 67 е предвидено дека тужбата од ставот 1 на овој член изјавена по истекот на 15 дена сметано од денот на одржаното јавно наддавање на кое е продаден залогот, односно од денот кога е составен записникот врз основа на кој заложникот доверител стекнува право да стане сопственик на залогот согласно со членот 65 став 5 на овој закон, односно од денот на потпишувањето на записникот за непосредна спогодба за продажба на залогот, е без правно дејство во однос на новиот сопственик кој го стекнал правото на сопственост врз предметот на залогот.

Од наведените законски одредби произлегува дека залогот по својата правна природа претставува посебен вид стварно право врз туѓа ствар, односно спаѓа во категоријата на изведени стварни права. За настанување на ова изведено стварно право треба претходно да постои одредена ствар врз која некој друг правен субјект има право на сопственост како основно стварно право или, попрецизно во вакви случаи имаме состојба кога врз ист објект постојат две стварни права.

Првото е правото на сопственост на објектот од кое право за неговиот носител произлегуваат две стварно правни овластувања стварта слободно да се користи и со стварта слободно да се располага.

Второто право засновано врз истиот објект е правото на залог како изведено стварно право од правото на сопственост кое за разлика од правото на сопственост е ограничено во своето дејство и се протега само врз располагањето со стварта како овластување во рамките на правото на сопственост, а не и на користење на таа ствар. Попрецизно, сопственикот на стварта и по конституирањето на правото на залог го задржува правото истата да ја користи за свои потреби, освен кога постои владетелски залог. Кај овој залог правото на користење до крајот на неговото постоење е во своевидно мирување. Тоа од причини што предметот на залогот е излезен од владение на неговиот сопственик и преминат во владение на заложникот доверител кој без согласност на сопственикот не смее да го користи.

За разлика од правото на користење кое произлегува од правото на сопственост, сопственикот на ствaрта што е предмет на залогот е ограничен во правото на располагање и таа ограниченост се состои во тоа што при исполнување на условите предвидени во законот и договор за залог и во согласност со нив со предметот на залогот наместо сопственикот располага заложниот доверител.

Целта на ваквото ограничување е преку прометно остварување на вредноста на заложената ствар да се обезбеди намирување на облигационото побарување на заложниот доверител што за него произлегува од основниот облигационен однос со својот должник, чија обврска е зајакната со конституираното право на залог на доверителот врз заложената ствар во сопственост на должникот или друго лице како заложен должник.

При заклучување на договорот за залог договорните страни можат да изберат еден од комерцијалните начини на продажба на залогот и овластениот субјект кој ќе изврши реализација на залогот. Доколку тоа не го направат, заложниот доверител има право сам да избере овластен субјект (нотар, суд, агенција за продажба на подвижни ствари и недвижности, берза и други субјекти предвидени со Законот за договорен залог) кој ќе ја изврши реализацијата.

Со цел да ги заштити интересите на заложниот должник или трети лица во постапката за реализација на залогот, законодавецот во член 67 став 1 утврдил право овие лица со тужба да ги побиваат актите (записниците) за извршената реализација на залогот. Притоа, законодавецот во овој став не утврдил од кога почнува да тече рокот за тужба ниту утврдил дека тој рок е 15 дена.

Рокот кој изнесува 15 дена и од кога тој почнува да тече може да се утврди од оспорениот став 3 на член 67, според кој по протек на овој рок тужбата е без правно дејство во однос на новиот сопственик кој го стекнал правото на сопственост врз предметот на залогот.

Од анализата на членот 67 произлегува дека законодавецот утврдил преклузивен рок за поднесување на тужба за побивање на актите (записниците) за реализација на договорот за залог. По протекот на тој рок заложниот должник или трето лице не може со тужба да ги побиваат записниците за реализација на залогот.

Тоа во суштина значи дека по протек на преклузивниот рок заложниот доверител или трето лице се стекнува со право на сопственост врз предметот кој произлегол од реализација на залогот ослободен од сите заложни побарувања со што се овозможува побрза реализација на залогот и заштита на новиот сопственик од една страна и поднесување на неосновани и ненавремени тужби од друга страна во постапката за реализација.

Оттука, според мислењето на Судот, со оспорената одредба во кој е утврден рок за поднесување на тужба за побивање на записниците за реализација на залогот не се задира во правото на заложниот должник или трето лице да бара ништовност на договорот или поточно речено пропуштањето на рокот утврден со оспорената одредба во никој случај не значи губење на правото во секое време согласно законот да се поднесе тужба и да се бара Судот да донесе пресуда со која држателот ќе се задолжи да ја поврати индивидуално определената ствар, при што сопственикот мора да докаже дека врз стварта чии поврат бара полага право на сопственост.

Имајќи ги предвид начелото на еднаквост, анализата на Законот за договорен залог, како и начелото според кое учесниците во прометот слободно ги уредуват облигационите односи во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи, утврдено во Законот за облигационите односи, наспроти содржината на член 67 став 3, Судот смета дека наводите во иницијативата според кои со оспорената одредба се ставени во привилегирана положба граѓаните кои ќе се стекнат со право на сопственост на предмет кој произлегол од реализација на договорот за залог, не се основани. Ова во прв ред поаѓајќи од фактот што и за овие граѓани се применуваат законските норми за поднесување тужба за ништовност на договорите, а кое право не застарува, како и правото на поднесување на сопственичка тужба.

Според тоа, Судот смета дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со начелото на еднаквост.

4. Судот, понатаму утврди дека според член 86 став 1 од Законот за договорен залог, постапките за реализација на залогот, односно хипотеката започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон се завршуваат според досегашните прописи.

Постапките за реализација на залог, односно хипотека кои не се започнати ќе се реализираат според одредбите на овој закон.

Во став 3 на член 86 е предвидено дека во случај кога се уште не е преземено ниту едно фактичко дејствие по донесеното решение за извршување, на барање на заложниот доверител постапката може да започне и да се води по одредбите на овој закон.

Според член 52 став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок кога тоа е поповолно за граѓаните.

Од наведената уставна одредба произлегува дека принципот на забрана на повратно дејство на законите и другите прописи треба да претставува брана против такви промени во правниот систем кои значат нарушување на веќе воспоставени и завршени правни односи.

Во правната теорија по однос на прашањето за судирот на законите околу нивното временско важење се применува максимата темпус регит ацтум што значи дека на одреден правен однос или одредена правна состојба се применува прописот кој важел во време на неговото настанување.

Меѓутоа, во поново време се смета дека ова правило повеќе не одговара на современите односи и тоа треба да се применува само во ограничен обем водејќи сметка за условите и околностите кои довеле до промена на законот, па оттука денес ова правило често се ограничува со клаузулата ребус сиц стантибус.

Според оваа клаузула во облигациното право секоја од договорните страни може од другата страна да бара нивниот меѓусебен договор да се измени или раскине ако без нејзина вина настанале такви состојби кои не можеле да се предвидат и поради кои исполнувањето на договорот е претерано отежнато.

Оправданоста од примената на оваа клаузула произлегува од фактот што договрните страни при заклучување на договорот ги имале во вид постојните околности, како и околностите кои според едно разумно предвидување може подоцна да настапат до денот на достасаноста на обврските од договорот, па оттаму и прилагодувањето на содржината на договорот и целта на неговото исполнување.

Целта на оваа клаузула е прилагодување на обврските од договорот според дополнително изменетите околности.

Според тоа, основен индикатор за оцена дали законот има повратно дејство треба да биде фактот дали тој се протега на односи, односно правни ситуации што настнале пред, или по неговото влегување во сила.

Во таа смисла прашањето за постоење повратно дејство на законот може да биде поврзано со настанувањето и престанувањето на правните односи, односно правни ситуации или со правни односи што траат, односно што настанале пред влегување во сила на законот и што се уште произведуваат правно дејство.

Критериум за утврдување на карактерот на дејството на законот спрема овие односи би било времето на настанувањето на правните дејствија што произлегуваат од нив. Имено, законот би имал повратно дејство доколку неговото дејство би се протегало и врз правните дејствија што настанале односно се прземале пред неговото влегување во сила. Тоа би значело дека влијанието врз правните дејствија од тој однос што настануваат по влегување во сила на законот без оглед на тоа што правниот однос од кои тие извираат настанал пред неговото влегување во сила нема карактер на повратно дејство со оглед на тоа што предмет на дејството на општиот акт овде не е настанување и престанување на правниот однос, туку настанувањето и престанувањето на правните дејствија што извираат од него.

Тргнувајќи од наведеното, Судот смета дека во конкретниов случај со оспорената одредба со која законодавецот го уредил прашањето за тоа дека на веќе воспоставени односи и преземени дејствија ќе се примени законот кој бил во сила во времето на настанување на правни односи, а на веќе воспоставени односи од кои не произлегле никакви правни дејствија ќе се примени постојниот закон, не се доведува во прашање принципот на забрана на повратно дејство на законите.

Воедно, Судот смета дека не може да се постави прашањето за повратно дејство на законот односно на одредбите од член 86 став 3 со која на заложниот доверител му е дадено само можност да бара реализација на договорот за залог според постојниот закон и кога е донесено решение за извршување, меѓутоа не е преземено никакво фактичко дејствие.

Оваа ситуација, според мислењето на Судот, законодавецот ја предвидел како можност, со цел реализацијата на залогот да се изврши побрзо при што заложниот должник не се доведува во понеповолна положба имајќи предвид дека тој веќе знае дека ќе дојде до реализација на залогот поради неисполнување на одредена обврска спрема заложниот доверител.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.208/2003)

**6. Градежно земјиште**

*6. Construction land*

# 49.

**- Критериуми за негово определување**

*- Criteria for its determination*

**- Кога законот, за разлика од поранешните законски решенија, не го утврдил надоместокот за употреба на градежното земјиште и условите и начинот односно критериумите за негово определување, не постои законски основ за понатамошно постоење и примена на одлуките на единиците на локалната самоуправа за собирање на надоместок за употреба на градежното земјиште.**

*- In case when the law, unlike the former legal solutions, has not defined the compensation for the use of construction land and the conditions and manner that is the criteria for its determination, there is no legal basis for further existence and implementation of the decisions of the local self-government units for the collection of compensation for the use of the construction land.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за утврдување на надоместок за употреба на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/1990, 1/1994, 3/1994, 7/1995, 3/1996, 5/1996 и 5/1997).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.87/2004 од 6 октомври 2004 година, по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за согласноста на оспорениот акт со Уставот и со Законот за градежно земјиште.

4. Судот на седницата утврди дека врз основа на членот 44 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на СРМ" бр.10/1979 и 18/1989) Собранието на град Скопје на седница одржана на 8 октомври 1990 година, донело Одлука за утврдување на надоместок за употреба на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје која е објавена со измените и дополнувањата во "Службен гласник на Град Скопје" бр.18/1990, 1/1994, 3/1994, 7/1995, 3/1996, 5/1996 и 5/1997.

Со оваа Одлука е утврден надоместокот за употреба на градежното земјиште на подрачјето на град Скопје, потоа непосредните корисници на градежно земјиште кои плаќаат надоместок, користењето на средствата од надоместокот, начинот на пресметувањето и плаќањето на надоместокот.

5. Согласно членот 117 став 1 од Уставот на Република Македонија, градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа, чија организација се уредува со закон, а според ставот 3, градот Скопје се финансира од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Според членот 17 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/1995), кој согласно членот 96 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) продолжува да се применува до

усогласувањето на посебните закони со кои се уредуваат прашањата од надлежност на општините, но најдоцна до 31 декември 2003 година единиците на локалната самоуправа самостојно донесуваат програма за уредување на градежно земјиште, вршат работи на уредување и употреба на градежното земјиште во согласност со закон и утврдуваат зони и собираат земјишна такса во согласност со закон.

Со членот 6 став 1 точка 6 од Законот за Градот Скопје, ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/1996 и 53/2001), градот Скопје самостојно ги врши работите од значење за градот, меѓу кои донесува и програма за користење на средствата од употреба на градежното земјиште и утврдува зони и собира земјишна такса (градска рента) во согласност со закон.

Судот, исто така, утврди дека Законот за Градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004) кој согласно членот 67, влегол во сила на 17 август 2004 година, а ќе се применува од наредните локални избори, не го предвидел надоместокот за употреба на градежното земјиште имајќи го предвид и делот на одредбите од Законот кои се однесуваат на финансирањето на градот Скопје и општините во градот Скопје каде се утврдени приходите наменети за вршењето на нивните надлежности.

Законот за градежно земјиште ("Службен весник на СРМ" бр.10/1979, 18/1989, 21/1991 и "Службен весник на Република Македонија" бр.71/1996 и 18/1999), престанал да важи со влегувањето во сила на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/2001), меѓутоа поранешниот закон содржел одредби во посебни глави кои се однесувале на уредувањето и на употребата на градежното земјиште, при што надоместокот за употреба на градежното земјиште бил утврден со членот 44 од овој закон, како право на собранието на општината со свои одлуки да го определува во однос на висината, роковите за плаќање и начинот на пресметување, а воедно и како обврска надоместокот да го плаќаат непосредните корисници на земјиштето.

Законот за градежно земјиште од 2001 година концепциски е поставен на поинакви основи од претходниот закон. Имено, за разлика од поранешниот закон според кој градежното земјиште единствено било на Републиката, според постојниот закон градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија и на домашни физички и правни лица под услови утврдени со овој и друг закон. Носителот на правото на сопственост

на градежното земјиште може земјиштето да го отуѓи и даде под долготраен и краткотраен закуп. Градежното земјиште во сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под концесија и под закуп.

Со оглед на тоа што со Законот е уредено дека градежното земјиште може да биде во сопственост или пак за него да се плаќа закуп и соодветно на таквата законска основа содржи одредби за уредување меѓутоа не содржи одредби за употреба на градежното земјиште, произлегува дека надоместокот за употреба на градежното земјиште и условите и начинот, како и критериумите за негово определување не се утврдени со закон.

Судот, исто така, утврди дека одредбата од членот 13 од Законот за комуналните дејности од 1997 година го уредува прашањето на изградбата и одржувањето на објектите од комуналната инфраструктура кои се финансираат од надоместокот за употреба на градежното земјиште кој според Законот за градежно земјиште од 1979 година го утврдувало собранието односно советот на општината со одлука. Оттука, ниту за оваа законска одредба не може да се прифати дека е правен основ за понатамошно постоење и примена на одлуките на единиците на локалната самоуправа за собирање на надоместок за употреба на градежното земјиште.

Поаѓајќи од тоа што надоместокот за употреба на градежното земјиште не е утврден со закон, Судот утврди дека оспорената одлука е незаконита и е во спротивност со начелото на владеење на правото, утврдено во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.87/2004)

# 50.

**- Оттуѓување на градежно земјиште на локалитет "Француски гробишта"-Скопје**

*- Transfer of a construction land on the site “Francuski grobista” (“French cemetery”) - Skopje*

**- Одредбите од Колективниот договор на ниво на гранка според кои дисциплинската одговорност на работникот се утврдува со овој колективен договор и со колективен договор на ниво на работодавец и формално и суштински не се во согласност со Уставот и со Законот за работните односи. Формално, затоа што во Законот за работните односи личната одговорност на работникот за повреда на работните обврски не е утврдена, односно дефинирана како дисциплинска, а суштински, затоа што оваа одговорност на работникот според Уставот и Законот за работните односи се утврдува и со закон и колективен договор на ниво на Републиката, а не само со колективен договор на ниво на гранка и колективен договор на ниво на работодавец.**
**Исто така, и одредбите од овој колективен договор со кои се утврдуваат дисциплинските мерки јавна опомена, парична казна и престанок на работниот однос, кои што можат да му се изречат на работникот за повреда на работните и други обврски не се во согласност со Уставот и со Законот за работните односи. Ова затоа што Законот за работните односи, за разлика од претходниот, не познава систем на дисциплински мерки за повреда на работната дисциплина, но според овој закон одговорноста на работникот се "санкционира само со престанок на работниот однос со отказ од страна на работодавецот, кој под услови утврдени со Законот отказот може да го замени со парична казна.**

*- The provisions in the Collective Agreement at the level of a branch under which the disciplinary responsibility of a worker is defined with this collective agreement and with the collective agreement at the level of an employer formally and fundamentally are not in accordance with the Constitution and with the Law on Labour Relations. Formally, since personal liability of the worker for breach of working obligations is not determined, that is, defined as disciplinary in the Law on Labour Relations, while fundamentally since this responsibility of the worker under the Constitution and the Law on Labour Relations is defined by both by law and by a collective agreement at the Republican level, and not only by a collective agreement at the level of a branch and a collective agreement at the level of an employer.*
*Also, the provisions in this collective agreement defining disciplinary measures of a public reprimand, fine, and termination of employment, which may be pronounced against the worker as a result of a breach of working and other obligations, are not in accordance with the Constitution and the Law on Labour Relations. The reason being the Law on Labour Relations, unlike the previous one, does not recognise a system of disciplinary measures for a breach of working discipline, but under this law the responsibility of the worker is "sanctioned only with a notice for termination of employment by the employer, who under the terms defined by the Law may replace the notice with a fine.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на: "Одлука за оттуѓување на

градежното земјиште на локалитетот "Француски гробишта" во непосредна близина на Касарната "Илинден" во Скопје за изградба на нова Амбасада на САД во Република Македонија".

2. Здружението за култура на живеење, унапредување и хуманизација на просторот "Урбис" - Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точка 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со Одлука на Владата за оттуѓување на градежното земјиште на локалитетот "Француски гробишта" се повредувале членот 8 алинеја 11, членот 56 и членот 118 од Уставот на Република Македонија, член 8 став 3, членовите 9, 10, 11, 17, 18, 19, 20, 22, 23 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999 и 53/2001). Според наводите во иницијативата оспорениот акт, исто така, не бил во согласнот со Европската конвенција за пределот (Фиренца, 20 октомври 2000 година, "Службен весник на Република Македонија" бр.44/2003), Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство на Европа (Гранада, 3 октомври 1985 година), Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство (Париз, 16 ноември 1972 година) и Европската конвенција за заштита на археолошкото наследство (ревидирана) (Валета, 16 јануари 1992 година).

Од содржината на иницијативата, произлегува дека подносителот најнапред укажува на околноста дека зачувувањето на тврдината Кале и поширокиот простор околу него претставувало императив од национален интерес. Остатоците од средновековната тврдина кои доминирале со просторните и неизградени платоа и падини на ридот Градиште, претставувале споменик на културата и истите се подредувале под поимот "Културен пејзаж", кој законски се заштитува од можни узурпации, на кое Република Македонија била обврзана бидејќи е потписник на меѓународни конвенции и резолуции, односно документи кои што ваквите отворени простори како културни добра ги предвидувале под режимот на културното наследство од највисок ранг.

Според наводите во иницијативата секоја држава според УНЕСКО и Советот на Европа имала должност да обезбеди сигурна трансмисија на културното наследство во неговата автентична состојба за идните генерации. Токму поради тоа, подносителот смета

дека со градењето на дипломатско претставништво би се повределе правата на идните генерации да го поседуваат и уживаат наследството што го оставила историјата и претходните генерации. Ова дотолку повеќе што според подносителот, тој простор поради изградбата на странска амбасада, добива статус на екстериторијалност за што се применуваат други стандарди според меѓународните конвенции за дипломатско-конзуларните работи и односи што ја исклучувало домицилната држава од јурисдикција и го суспендира пристапот на граѓаните на предметниот простор.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека ридот Градиште како целина, заедно со северниот и јужниот дел, како симболична историска силуета на градот Скопје, претставувала сосема друга споменичка категорија - "Културен пејзаж", кој како современ појмовен и типолошки образец во заштитата на културно историското наследство бил дефиниран со актите од страна на УНЕСКО, а потоа проширен и на ниво на Советот на Европа, ИКОМОС, ИКРОМ и други тела. Со овие документи била извршена категоризација на културните пејзажи во три нивоа, од кои највисока категорија е асоцијативниот културен пејзаж, во која, според подносителот, се вбројува сега спорниот локалитет ридот Градиште. Оттука, оспорениот акт не бил во согласност со членот 56 од Уставот на Република Македонија.

Во иницијативата, исто така, се наведува дека оспорената одлука не била во согласност со член 118 од Уставот, бидејќи со истата се повредени Европската конвенција за пределот, Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство на Европа, Европската конвенција за заштита на археолошкото наследство и Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, чии потписник е Република Македонија и како такви се составен дел на внатрешниот правен поредок на Република Македонија. Според подносителот, зоната која ги опфаќала Скопското Кале и ридот Градиште, биле токму таков предел, за кој државата морала да обезбеди посебни мерки на заштита, а не негово оттуѓување со режим на екстериторијалност поради наводниот Договор за оттуѓување на градежното земјиште на локалитетот "Француски гробишта" во непосредна близина на Касарната "Илинден" во Скопје за изградба на нова Амбасада на САД во Република Македонија.

Со иницијативата, исто така, се побива оспорената одлука и поради нејзина несогласност со одредбите од Законот за

просторното и урбанистичко планирање, наведувајќи дека со актуелниот Генерален урбанистички план на град Скопје, на ридот Градиште не била предвидена изградба на дипломатски претставништва. Оттука, никаква одлука за оттуѓување на градежното земјиште на спорниот локалитет, токму на северниот дел на ридот Градиште, не е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Според подносителот на иницијативата, "одлуката за отуѓување" односно доделување на градежно земјиште на спорниот локалитет, за кој не постои Детален урбанистички план донесен од општината во согласност со Генералниот урбанистички план на град Скопје, и за кој со Генерален урбанистички план постои друга намена од онаа за која земјиштето е предадено односно отуѓено, е спорна и значи екстериторијалност, надвор од јурисдикцијата на Република Македонија.

Согласно изнесеното се бара Уставниот суд на Република Македонија, заради разјаснување на фактичката и правната состојба да одржи подготвителна седница на која ќе бидат повикани учесниците во постапката и стручни органи и научни и стручни работници децидно наведени во иницијативата, како и да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука, а потоа и нејзино укинување или поништување. Истовремено, од Судот се бара, доколку има основа да се оцени уставноста и законитоста на "Договорот склучен врз основа на Одлуката", како и Судот да изрече времена мерка.

3. Судот на седницата утврди дека од целокупната писмена документација доставена од Владата на Република Македонија со писмо бр.23-1556/2 од 6 октомври 2004 година, до Уставниот суд на Република Македонија, не може да се прифати тврдењето во иницијативата дека Владата донела одлука со основ и содржина како се наведува во иницијативата. Имено, по извршениот увид во доставената документација Судот утврди дека Владата е во фаза на преземање на претходни, подготвителни дејствија, но конечна одлука не е донесена.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот, како и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Од анализата на цитираната уставна одредба произлегува дека Уставниот суд меѓу другото е надлежен да одлучува за согласноста на подзаконските прописи и колективни договори со Уставот и законите.

Меѓутоа, од извршениот увид во доставената документација, Судот утврди дека Владата на Република Македонија нема донесено акт, односно пропис со содржина наведена во иницијативата, односно "Одлука за отуѓување на градежно земјиште на спорниот локалитет", како што се тврди во иницијативата. Оттука, со оглед на фактот утврден во текот на претходната постапка дека Владата на Република Македонија нема донесено пропис, односно акт за кој се бара уставно судска оцена со сега поднесената иницијатива, во конкретниов случај, не постојат процесни претпоставки за уставно судска расправа, поради што иницијативата согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, се отфрла.

При донесување на својата одлука Судот, исто така, го имаше во вид и барањето во иницијативата предмет на оцена да биде и Договорот склучен врз основа на одлуката. Меѓутоа, од увидот во приложената документација произлегува дека во истата е содржан Договор за условна продажба, склучен на 13 декември 2003 година во кој како странки се јавуваат САД и Владата на Република Македонија преку нејзиното Министерство за транспорт и врски, во кој предмет на продажба е парцелата од приближно единаесет (11,1) ари (4,44 хектари) со надворешниот габарит што се протега меѓу Ул. "Самуилова" на свероисток и Ул. "Лазар Личеноски" на југозапад, што се наоѓа во близина на Француските гробишта во Скопје.

Меѓутоа, според оцена на Судот ниту Договорот може да биде предмет на уставно судска оценка, од причина што истиот нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот, односно не уредува односи на општ начин и за неопределени субјекти, туку напротив договорот по својата форма претставува облигационо правен однос со кој се регулираат права и обврски на две договорни страни и се однесува интер партес, поради што Уставниот суд не е надлежен да одлучува по него. Ова дотолку повеќе што овој договор

има карактер на преддоговор и има темпорален карактер, односно истиот е валиден се до донесување на главен, договор.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.62/2004)

# 51.

**- Овластувања на Министерот за транспорт и врски во однос на градежното земјиште (Закон за градежното земјиште)**

*- Powers of the Minister of Transportation and Communications regarding building terrain (Law on Building Terrain)*

**- Овластувањето на Министерот за транспорт и врски да го пропишува степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште е во функција на операционализација на Законот за градежното земјиште.**
**Не постои повреда на начелото на еднаква правна положба на правните и физичките лица на пазарот во однос на начинот на плаќање на надоместокот за трансформираното право на користење на градежното земјиште во право на сопственост, затоа што различните начини на плаќање на надоместокот зависат од инструментите на плаќање со кои располагаат правните и физичките лица.**

*- The authorisation of the Minister of Transportation and Communications to prescribe the level of arrangement of the building terrain and the manner of calculation of the costs for arrangement of the building terrain is in the function of operationalisation of the Law on Building Terrain.*
*There is no violation of the principle of equal legal position of legal and natural persons on the market in respect of the manner of payment of compensation for the transformed right for use of building terrain into a right to property, since different manners of payment of compensation depend on the payment instruments at the disposal of legal and natural persons.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 42 став 4, член 45 став 2, член 64 и член 66 став 2 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/2001).

2. Панче Докузов од Штип, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, членовите 42 став 4, 45 став 2 и 66 став 2 од Законот не биле согласни со Уставот на Република Македонија, затоа што законодавецот му давал дискреционо право на министерот за транспорт и врски да го пропишува степенот на уреденост на градежното земјиште, да го определува начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и да одлучува по барањето за трансформација

на правото на користење на градежното земјиште во право на сопственост.

Меѓутоа, бидејќи дискреционото право не било право во смисла на член 8 од Уставот, според подносителот на иницијативата актите со кои министерот уредува прашања од оваа област треба да бидат во надлежност на Собранието на Република Македонија, односно да бидат уредени со закон.

Со други зборови, според него, законот не можел на поединецот да му дава дискреционо право да одлучува за работи што се од поширок интерес за Републиката.

Членот 64 од Законот се оспорува од причина што правните лица ги ставал во привилегирана положба во однос на физичките лица, затоа што предвидувал надоместокот за трансформација на правото на користење на градежното земјиште во право на сопственост, покрај со денари и обврзници на Република Македонија издадени за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови или по други основи определени со закон, да можат да го платат и со акции што тие ги издале според нивната номинална вредност при издавањето и со претворање на износот на надоместокот во сопственички удели на Републиката до висината на надоместокот.

Ваквата недореченост на законот, според подносителот на иницијативата ги доведувала во нееднаква положба субјектите на пазарот што било спротивно на членот 55 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 42 став 1 од Законот под уредување на градежно земјиште во смисла на овој закон се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона, електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Ставот 2 на овој член од Законот предвидува дека планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурата од став 1 на овој член се врши според просторните и урбанистичките планови, и актите што ги заменуваат тие планови како и според коефициентот на искористување на земјиштето утврден со плановите.

Во ставот 3 на овој член од Законот е определено дека уредувањето на градежното земјиште од ставот 1 на овој член може

да биде извршено целосно или делумно, што го определува оштината или градот.

Согласно членот 4 на овој член од Законот степенот на уреденост на градежното земјиште поблиску го пропишува министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Исто така, во членот 45 став 2 од Законот е предвидено дека начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште според степенот на уреденост поблиску го пропишува министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Според членот 64 од Законот правните лица покрај средствата определени од член 62 на овој закон, надоместокот на градежно земјиште можат да го платат и со акции што тие ги издале според нивната номинална вредност при издавањето и претворање на износот на надоместот во сопственички удели на Републиката до висината на надоместокот.

Согласно ставот 2 на овој член од Законот, плаќањето на надоместокот од став 1 на овој член можат да го вршат правните лица откако се целосно трансформирани според одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и е завршена постапката за денационализација на градежното земјиште.

Членот 66 став 2 од Законот предвидува дека по барањето за спроведување на трансформацијата на правото на користење на градежното земјиште во право на сопственост, одлучува министерот кој раководи со министерството за транспорт и врски.

4. Согласно член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Во членот 55 став 1 од Уставот е предвидено дека се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно ставот 2 на овој член од Уставот, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и

презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Согласно член 27 алинеја 9 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, министерството за транспорт и врски ги врши работите што се однесуваат на уредување на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката.

Во членот 49 од овој закон, меѓу другото, е предвидено министерот да го претставува министерството, да организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите, да донесува прописи и други акти за кои е овластен и да презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон.

Од наведените одредби произлегува дека уредувањето и химанизацијата на просторот се една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Исто така, од наведените одредби произлегува дека министерството за транспорт и врски, како орган на државната управа ги врши работите што се однесуваат на уредување на просторот и управување со градежното земјиште во сопственост на Републиката и дека министерот, како претставник на министерството е овластен да го пропишува степенот на уреденоста на градежното земјиште, да го определува начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и да одлучува по барањата за трансформација на правото на користење на градежното земјиште во право на сопственост.

Всушност, според оценката на Судот, прописите што министерот ги донесува од оваа област се во функциија на операционализација на Законот за градежното земјиште.

Во врска со прашањето за дискреционото право на кое се повикува подносителот на иницијативата, Судот оцени дека од содржината на оспорените одредби од Законот не произлегува ваков вид на право на министерот да одлучува за која опција ќе се определи при утврдувањето на степенот на уреденоста на градежното земјиште или при утврдувањето на начинот на пресметувањето на трошоците за уредување на градежното земјиште, поради што оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби со Уставот на Република Македонија од овој аспект.

Во однос на прашањето дали постои повреда на начелото на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот, односно помеѓу правните и физичките лица при определувањето на начинот на плаќањето на надоместок за трансформираното право на користење на градежното земјиште во право на сопственост, Судот оцени дека не постои повреда на ова начело, затоа што во случајов станува збор за различни начини за плаќање на надоместокот, во зависност од инструментите на плаќање со кои располагаат правните и физичките лица.

Имено, само правните лица, односно трговските друштва можат да издаваат акции што би ги пренеле на Републиката, односно да запишуваат удели во нејзина корист како замена на ефективното плаќање на надоместокот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.111/2003)

# 52.

**- Правилник за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост**

*- Book of Rules on the level of arrangement of the building terrain and the manner of calculation of costs for the arrangement of the building terrain based on the arrangement level*

**- Со утврдувањето на различна висина на надоместокот за станбени, деловни и други објекти (катни гаражи, спортски покриени објекти, отворени пазаришта) за иста локација и**

**со ист степен на уреденост на земјиштето не се повредува уставниот принцип на еднаквост.**

*- The determination of a different amount of compensation for housing, business and other facilities (multi-floor garages, covered sports facilities, open markets) for the same site and with the same level of arrangement of the land does not violate the constitutional principle of equality.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/2001).

2. Панче Докузов од Штип, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на ова решение.

Подносителот на иницијативата смета дека различното утврдување на висината на надоместокот за станбени, деловни и други објекти (катни гаражи, спортски покриени објекти, отворени пазаришта) за иста локација и степен на уреденост на земјиштето не било во согласност со уставниот принцип на еднаква правна положба на субјектите на пазарот, членовите 8, 9 и 56 од Уставот на Република Македонија, како и со членот 46 од Законот за градежно земјиште.

3. Судот на седницата утврди дека во членот 6 од Правилникот е предвидено дека во услови кога не се реализирани објектите на комуналната инфраструктура согласно степенот на планираната уреденост, трошоците за уредување на градежното

земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е избир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со точно определени коефициенти: за станбени објекти, деловни, јавни и производни објекти и други објекти.

4. Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Според ставот 2 од истиот член е утврдено дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно членот 55 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Според член 55 став 2 од Уставот Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Во членот 8 од Уставот на Република Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени и владеењето на правото, поделбата на државната власт и слободата на пазарот и претприемништвото.

Со Законот за градежното земјиште се уредуваат правата и обврските во поглед на градежното земјиште и уредувањето на тоа земјиште – член 1 од Законот.

Според членот 2 од истиот Закон градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита, на начин и услови утврдени со овој закон.

Според ставот 2 од истиот член од Законот, уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Согласно член 42 од Законот под уредување на градежно земјиште во смисла на овој закон се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна канализација (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела. Притоа, степенот на уреденост на градежното земјиште поблиску го пропишува министерот кој раководои со Министерството за транспорт и врски (став 4 од истиот член).

Ова прашање е уредено со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост, донесен од Министерството за транспорт и врски на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.80/2001).

Судот, исто така, утврди дека членот 46 од Законот го уредува прашањето на надоместокот на трошоците за уредување на градежното земјиште. Така, за целосно уредено градежно земјиште инвеститорот плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување – целосен надоместок. Според ставот 2 од овој член во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, инвеститорот на објектот плаќа надоместок до висина на трошоците за делумното уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Согласно ставот 4 од Законот висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште ја утврдува советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

5. По однос на наводите во иницијативата дека утврдувањето на различна висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште утврдена во оспорениот Правилник, не било во согласност со членот 9 и 55 од Уставот на Република Македонија како и со членот 46 од Законот за градежно земјиште, Судот на седницата оцени дека не може да се постави прашањето за согласност на ваквата различна уреденост на надоместокот во зависност од природата на објектот и дејноста што во истиот ќе се врши, од причина што не е исто дали се работи за станбен, деловен или други објекти. Ова не само поради природата на објектот, туку ваквата различност претпоставува и доведува до различен и поинаков степен на искористеност на комуналната инфраструктура.

Според Судот во конкретниот случај не само што не се работи за објекти со иста намена, поради што и не може да се воспостави идентичен режим на пресметување и наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште, туку токму ваквата различна намена доведува до различен квантитативен и квалитативен степен на искористеност на комуналната инфраструктура. Различните објекти (станбени, деловни и др. објекти) ја користат комуналната инфраструктура во различен капацитет, обем и содржина, што од своја страна ја оправдува различната висин а на надоместокот кој општината го наплаќа за уредувањето на градежното земјиште.

Оттука, Судот смета дека не може да се постави прашањето за повреда на принципот на еднаква правна положба на субјектите на пазарот, дотолку повеќе што во конкретниот случај не се работи за субјекти на правото туку за објекти со различна намена (природа) што ќе се градат и за што се наплаќа надоместок, односно не може да стане збор за повреда на член 8, 9, 55 од Уставот на Република Македонија и член 46 од Законот за градежното земјиште.

Подносителот на иницијативата смета дека оспорениот член 6 од Правилникот бил во спротивност и со посебниот режим при давањето на користење на добра од општ интерес, како што е градежното земјиште (член 56 од Уставот на Република Македонија). Во конкретниот случај Судот смета дека оспорената одредба од Правилникот се однесува на висината на надоместокот на трошоците за уредување на градежното земјиште а не на прашањето за отстапување на градежното земјиште на користење. Отстапувањето на градежното земјиште на користење, односно отуѓувањето е прашање кое е уредено со Законот за градежното земјиште. Оттука Судот смета дека не може да се постави прашањето за согласност на оспорената одредба од Правилникот со членот 56 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.97/2003)

# 53.

**- Уредба за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште сопственост на Република Македонија**

*- Regulation on the manner and procedure to transfer the constructed building terrain owned by the Republic of Macedonia*

**- Определување на крајниот временски период за прифаќање на конкретната понуда на државата за отуѓување на градежното изградено земјиште во нејзина сопственост претставува вршење на права и должности на Владата на Република Македонија утврдени во Устав и закон.**

*- The determination of a final time period for the acceptance of the concrete offer of the state for the transfer of the constructed building terrain owned by it is carrying out of rights and duties of the Government of the Republic of Macedonia defined by the Constitution and law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 јули 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 12 во делот: "најдоцна до 30.09.2004 година" од Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште сопственост на Република

Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2003, 59/2003, 84/ 2003, 20/2004 и 43/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 12 во делот: "најдоцна до 31.03.2004 година" од Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2003, 59/2003 и 84/2003).

Според наводите во иницијативата, со членот 13 став 1 и 4 од Законот за градежното земјиште, кој бил основ за донесување на оспорениот дел од одредбата, Владата на Република Македонија немала законско овластување да го определи крајниот рок во кој градежното изградено земјиште се отуѓува. Оттаму, делот од одредбата се оспорува бидејќи според подносителот на иницијативата роковите можеле да се определуваат само со закон, но не и со подзаконски пропис.

Како пример за законско определување на роковите се посочува на содржината на членот 66 став 4 од Законот за градежното земјиште, според кој било предвидено трансформацијата на правото на користење на градежното земјиште да се спроведе во рок од десет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Оттаму, оспорениот дел од одредбата не бил во согласност со членовите 8 став 1 алинеја 3 и 4, членот 51, 88 и 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија и членот 13 став 4 од Законот за градежното земјиште, поради што се предлага поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста.

3. Судот на седницата утврди дека според содржината на член 12 од Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште сопственост на Република Македонија, кој беше во сила во време на поднесување на иницијативата, градежното изградено земјиште предмет на оваа уредба се отуѓува по цена согласно членот 5 став 1 на оваа уредба најдоцна до 31 март 2004 година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Судот, исто така утврди дека пред поднесувањето на иницијативата, оспорениот дел од одредбата бил предмет на изменување на начин што во основниот текст на Уредбата најнапред било предвидено отуѓувањето на земјиштето по цена утврдена согласно член 5 став 1 од оваа уредба да се направи најдоцна во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, за потоа рокот да биде продолжен до 31 декември 2003 година.

По поднесувањето на иницијативата, оспорениот дел од одредбата бил изменет со член 1 од Уредбата за изменување на Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/2004), на начин што во членот 12, зборовите: "до 31.03.2004 година" се заменуваат со зборовите: "до 30.06.2004 година". Измена на рокот е направена и со член 1 од Уредбата за изменување на Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.43/2004), на начин што во членот 12, зборовите: "до 30.06.2004 година" се заменуваат со зборовите: "до 30.09.2004 година".

Со оглед на тоа што подносителот на иницијативата не го оспорува делот од одредбата по однос на конкретно предвидениот датум, туку генерално ја оспорува суштината на одредбата по однос на овластувањето на Владата на Република Македонија при уредувањето на начинот и постапката за отуѓување на земјиштето да утврди и рокови, измените на Уредбата направени по поднесувањето на иницијативата не се процесна пречка за впуштање на Судот во мериторна оценка, иако датумот во оспорениот дел од одредбата формално правно не егзистира повеќе во правниот систем на државата.

4. Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 88 од Уставот, Владата на Република Македонија е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Согласно член 91 алинеја 5 од Уставот, Владата на Република Македонија, меѓу другото, донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Според содржината на член 36 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000 и 12/2003), со уредба Владата го уредува извршувањето на законите, утврдува начела за внатрешна организација на министерствата и другите органи на државната управа и уредува други односи во согласност со Уставот и со законите.

Во член 13 став 1 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/2001), градежното земјиште во сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под концесија и под закуп. Во ставот 4 од истата одредба е определено дека начинот и постапката на отуѓувањето на земјиштето од став 1 на овој член преку јавно наддавање и со непосредна спогодба, давањето под закуп, висината на посебните трошоци на постапките за отуѓување и давањето под закуп, како и висината на надоместокот ги пропишува Владата на Република Македонија.

Тргнувајќи од наводите во иницијативата за подносителот на иницијативата не е спорно законското овластување на Владата на Република Македонија со Уредба да го уреди начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште сопственост на Република Македонија. Меѓутоа, тој смета дека определувањето на крајниот рок за продажба на земјиштето не може да се направи со уредба туку со закон.

Според Судот определувањето на краен рок, односно временското ограничување за отуѓување на наведеното земјиште под определените услови во Уредбата има законска основа во членот 13 став 1 и 4 од Законот.

Имено, под поимот постапка воопшто се подразбира вкупност на дејствија што учесниците во конкретна постапка ги преземаат со цел да реализираат одредени односи во правото, а преземањето на дејствијата во определен рок или нивното пропуштање може да доведе до остварување или губење на предвидените права. Меѓутоа, во конкретниот случај, со оспорениот дел од одредбата не се уредува конкретна судска или управна постапка, ниту се уредуваат рокови за преземање на дејствија во тие

постапки. Се работи за постапување на овластен надлежен орган насочено кон реализација на понудата на државата за отуѓување на градежното изградено земјиште во нејзина сопственост, спроведување на процесот на трансформација на правото на користење во право на сопственост и за таа цел определување на точен временски период во кој таквата понуда може да биде реализирана. Според тоа државата, односно Владата на Република Македонија преку даденото законско овластување, со оспорениот дел од одредбата го утврдуваат крајниот рок за продажба на земјиштето по цена утврдена во соодветниот Преглед што претставува разработка на законската одредба во функција на нејзино извршување.

Направените измени и дополнувања на Уредбата укажуваат на фактот дека државата во повеќе наврати го менувала утврдениот датум за отуѓување на земјиштето според непроменети цени на земјиштето. Според тоа, оспорениот дел од одредбата не утврдува рокови за преземање на одредени дејствија во конкретна постапка, туку утврдува точно дефиниран временски период за важење на конкретна понуда на државата за отуѓување на земјиштето како елемент на договорот за отуѓување - купопродажба, како еден од видовите облигациони договори. Значи не станува збор за рок во кој е предвидено преземање на конкретно процесно дејствие.

Од друга страна, посочувањето на содржината на членот 66 став 4 од Законот, каде е предвидено трансформацијата на правото на користење на градежното земјиште да се спроведе во рок од десет години од денот на влегувањето во сила на овој закон, според Судот е несоодветно со целта на оспорениот дел од одредбата. Имено, во законската одредба законодавецот определил временска рамка во која очекува да биде реализирана трансформацијата на правото и тука станува збор за период во кој треба да се спроведе постапката на трансформација на правото на користење во право на сопственост. Во оспорениот дел е дадена понуда за продажба на земјиштето под одредени услови со определување на крајниот временски период во кој така определените услови ќе важат. Протекот на определениот рок за отуѓување на земјиштето не значи само по себе дека неговата трансформација нема да продолжи по истекот на тој рок, под истите или под други услови.

Оттука, Владата на Република Македонија, како носител на извршната власт, со оспорениот дел од одредбата врши права и должности утврдени во Уставот и членот 13 став 1 и 4 од Законот за

градежното земјиште, насочени кон уредување на начинот и постапката за продажба на земјиштето со определување на крајниот временски период за прифаќање на конкретната понуда на државата за отуѓување на градежното изградено земјиште во нејзина сопственост. Поради тоа оспорениот дел од одредбата, според Судот, не може да се стави под сомнение по однос на неговата согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и 4 и член 88 од Уставот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова–Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.46/2004)

# 54.

**- Уредба за начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во право на сопственост или право на долготраен закуп**

*- Regulation on the manner and conditions for the transformation of the right to use building terrain owned by the Republic of Macedonia with the right to ownership or right to a long-term lease*

**- Условите и постапката за стекнување на право на сопственост на градежно земјиште можат да се уредуваат единствено со закон, а не и со подзаконски акт со кој може само да се доразработуваат и допрецизираат законските одредби.**
**Престанокот на правната важност на законски одредби што биле основ за донесување на подзаконски акт, повлекува престанок на правната важност на одредбите од тој акт.**

*- The conditions and procedure to gain the right to ownership of a building terrain may be governed only by law, and not by a bylaw with which the legal provisions may only be further worked out and specified.*
*The termination of the legal validity of legal provisions that were the basis for adopting a bylaw, results in termination of the legal validity of the provisions contained in that act.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА насловот во делот "и условите", член 1 во делот "и условите" и членовите 5, 6, 7, 8 и 10 од Уредбата за начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во право на сопственост или право на долготраен закуп ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/2001 и 103/2001).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје со Решение У.бр.45/2004 од 19 мај 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и Законот за градежно земјиште.

4. Судот на седницата утврди дека врз основа на член 66 став 1 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2001) е донесена Уредбата за начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во право на

сопственост или право на долготраен закуп ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/2001 и 103/2001).

Во член 1 од оваа Уредба се пропишуваат начинот и условите под кои се врши трансформација на правото на користење на градежното земјиште, сопственост на Република Македонија во право на сопственост односно право на долготраен закуп.

Во член 5 став 1 од оспорената Уредба е определено дека трансформацијата на градежното земјиште од член 51 став 1 на Законот за градежно земјиште на корисниците по основ на купени станбени и други објекти на земјиште во општествена сопственост, односно сопственост на Република Македонија (со или без дефинирано дворно место), кои платиле надоместок за земјиштето, се спроведува врз основа на договор за трансформација на правото на користење на градежно земјите (во натамошниот текст на оваа уредба: договор), по предлог на сопственикот на објектот.

Според ставот 2 од истиот член сопственикот на објектот, за трансформацијата од став 1 на овој член е должен да ги поднесе следните докази:

- доказ за купопродажба на објектот;
- имотен лист или друг доказ од евиденцијата во катастарот на недвижностите;
- доказ за регулиран (платен) надоместок за користење на градежното земјиште.

Согласно член 6 став 1 од Уредбата трансформацијата на градежното земјиште од член 51 став 2 на Законот за градежно земјиште, на корисниците на градежното земјиште по основ на купени станбени и други објекти на земјиште во општествена сопственост, односно сопственост на Република Македонија (со или без дефинирано дворно место), кои не платиле надоместок за земјиштето, се спроведува врз основа на договор, по предлог на сопственикот на објектот, а во ставот 2 од овој член е определено дека сопственикот на објектот за трансформацијата од став 1 на овој член е должен да ги поднесе следните докази:

- доказ за купопродажба на објектот;
- имотен лист или друг доказ од евиденцијата во катастарот за недвижностите.

Согласно член 7 од Уредбата договорот од член 5 и 6 задолжително се склучува во писмена форма и содржи:

Страни на договорот:

I. Република Македонија односно министерот за транспорт и врски.

II. Физичко или правно лице како предлагач за трансформација на право на користење на градежното земјиште.

- предмет на договорот: трансформација на правото на користење во право на сопственост;
- услови за склучување на договорот: доставување на документација од член 5 и 6 на оваа уредба;
- утврдување на висината на надоместокот (кога надоместокот не е платен);
- начин на плаќање на надоместокот на градежно земјиште;
- услови за раскинување на договорот: неисполнување на обврските од договорот во поглед на плаќањето на висината на надоместокот (неплаќање на две последователни рати) и други причини предвидени со општите одредби од Законот за облигации;
- услов: неможе да се отуѓи земјиштето и објектот додека не се плати целосно надоемстокот;
- утврдена површина на градежно земјиште врз основа на урбанистички план.

Договорот се изготвува во осум (8) еднообразни примероци од кои два за давателот на трансформацијата и еден за Јавниот правобранител на Македонија.

Согласно член 8 од Уредбата на корисниците на градежното земјиште кое им е доделено на трајно користење и изградиле објект, правото на користење се трансформира во право на сопственост врз основа на договор со поднесување на предлог од страна на корисникот.

Корисникот од став 1 на овој член е должен да ги поднесе следните докази:
- доказ за трајно користење на земјиштето;
- имотен лист или друг доказ од евиденцијата во катастарот на недвижностите;

- доказ за регулиран (платен) надоместок за користење на градежното земјиште.

На содржината на договорот од став 1 на овој член, соодветно се применуваат одредбите од член 7 на оваа уредба.

Во членот 10 од Уредбата е определено дека трансформацијата на градежното земјиште од член 55 став 1 на Законот за градежно земјиште, на корисниците на градежното земјиште на кои земјиштето им е доделено по пат на јавно наддавање односно непосредна спогодба (платено), се спроведува врз основа на договор, а по предлог на корисникот.

Корисникот од став 1 на овој член е должен да ги поднесе следните докази:

- доказ за остварено право на користење;
- имотен лист или друг доказ од евиденцијата во катастарот на недвижностите;
- доказ за регулиран (платен) надоместок за користење на градежното земјиште.

На содржината на договорот од став 1 на овој член, соодветно се применуваат одредбите од член 7 на оваа уредба.

На седницата Судот, исто така, утврди дека со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.172/2001 од 10 јули 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2002) се укинати член 51, член 55 став 1, член 66 став 1 во делот "и условите" од Законот за градежното земјиште и член 7 став 1 алинеја 6 од оспорената Уредба.

Во членот 51 од Законот за градежно земјиште било утврдено дека на корисниците на градежното земјиште по основ на купени станбени и други објекти на земјиште во општествена сопственост, односно сопственост на Република Македонија (со или без дефинирано дворно место), кои платиле надоместок за земјиштето, правото на користење на градежно земјиште се трансформира во право на сопственост со денот на влегувањето во сила на овој закон, ако поднесат валидни докази дека надоместокот за земјиштето е платен.

Во случај надоместокот од став 1 на овој член да не е платен, правото на користење се трансформира во право на

сопственост доколку корисникот плати надоместок утврден со овој закон, во спротивно правото на користење се трансформира во право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

На корисниците на градежното земјиште кое им е доделено во општествена сопственост, односно сопственост на Република Македонија на трајно користење и изградиле објект, правото на користење се трансформира во право на сопственост на градежно земјиште, целото или дел од тоа земјиште.

На трансформацијата според ставот 3 на овој член, соодветно се применуваат одредбите од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација, донесена согласно со одредбите на Законот за денационализација.

Во член 55 став 1 од Законот било предвидено дека на корисниците на градежното земјиште на кои земјиштето им е доделено по пат на јавно наддавање, односно непосредна спогодба (платено), правото на користење се трансформира во право на сопственост со денот на влегување во сила на овој закон, со приложување на валидни докази за начинот на плаќање.

5. Согласно член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 8 став 1 од Уставот на Република Македонија темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се и владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, како и правната заштита на сопственоста.

Според член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Во членот 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека Владата на Република Македонија донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Според член 49 од Законот за градежното земјиште носителите на правото на користење на градежно земјиште со денот на влегување во сила на овој закон можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште под услови, начин и постапка утврдени со овој закон.

Оспорената Уредба е донесена врз основа на членот 66 став 1 од Законот во кој е утврдено дека "начинот и условите за трансформација на правото на користење на градежното земјиште сопственост на Република Македонија ги пропишува Владата на Република Македонија". Меѓутоа, со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.172/2001 од 10 јули 2002 година, Судот го укинал овој член во делот "и условите", од причини што условите и постапката за стекнување на право на сопственост на градежно земјиште, согласно уставниот концепт за правата и слободите на граѓаните, можат да се уредуваат единствено со закон, а не и со подзаконски акт со кој може само да се доразработуваат и допрецизираат одделни законски одредби, а во функција на нивно спроведување, односно извршување. Во таа смисла, впрочем, е и уставното овластување на Владата на Република Македонија утврдено во член 91 алинеја 5 од Уставот. Според тоа, Судот утврдил дека наведеното овластување на Владата на Република Македонија не е во согласност со нејзината позиција како носител на извршната власт, поради што оценил дека ставот 1 на член 66 во делот "и условите" не е во согласност со Уставот или поточно со уставниот принцип за поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Од истите причини Судот утврди дека и насловот од Уредбата во делот "и условите" и членот 1 во делот "и условите" веќе не можат да егзистираат поради нивната несогласност со членот 49 и членот 66 став 1 од Законот за градежно земјиште и Уставот на Република Македонија како што е погоре изложено.

Со оглед на тоа што овие одредби од Законот со споменатата одлука на Уставниот суд се отстранети од правниот поредок, Судот утврди дека оспорените одредби во делот "и условите" од насловот на Уредбата и во делот "и условите" во член 1 од Уредбата немаат законска основа, односно се засноваат на одредби од законот кои престанале да важат.

Судот, исто така, утврди дека престанувањето на важењето на законските одредби на кои се засноваат оспорените одредби од членовите 5, 6, 7, 8 и 10 од Уредбата поради нивната несогласност со Уставот имплицира и анулирање, односно престанок

на правната важност од уредбата, поради што оцени дека тие не се во согласност со означените одредби од Уставот и законот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.45/2004)

**7. Работни односи**

*7. Labour relations*

# 55.

**- Право на работа условено со регулирана воената обврска**

*- Right to a job conditioned by a satisfied military obligation*

**- Остварувањето на едно уставно загарантирано право, како што е правото на работа, не може да биде условено со правото на должноста на граѓанинот да ја има регулирано воената обврска.**

*- The realisation of one constitutionally guaranteed right, such as the right to a job, may not be conditioned by the right to the citizen's duty to have satisfied his military obligation.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 декември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 62 став 1 точка 3 од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/1997 и 7/2000 и 89/2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.174/2004 од 20 октомври 2004 година, по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, поведе постапка за оценување на уставноста на член 62 став 1 точка 3 од законот означен во точката 1 од оваа одлука, поради тоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 62 став 1 точка 3 од Законот за шумите е предвидено дека за вршење на работите од шумската полиција може да биде вработено лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос го исполнува и посебниот услов "да ја има регулирано воената обврска".

5. Согласно член 51 од Уставот на Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Според став 2 на овој член секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 9 став 1 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, а според ставот 2 од овој член граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е утврдено и владеењето на правото.

Според член 54 став 1 од Уставот слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според член 32 став 2 од Уставот, секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, а според став 5 на овој член остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Од наведените уставни одредби произлегува дека Уставот меѓу другите основни социјално економски права го утврдил и правото на работа, при што определувањето на содржината на ова право е оставено на уредување со закон и колективен договор.

Тоа значи дека законодавецот има широк простор за уредување на бројни релевантни прашања и односи кои се од значење за остварување на наведеното право, при што автономијата на уредување на сите прашања единствено е ограничена со обврската за почитување на уставните принципи, а пред се на принципот на еднаквост.

Врз основа на уставното овластување за поблиско уредување и остварување на правата на вработените, законодавецот со Законот за шумите за засновање на работен однос за вршење на работите на шумската полиција покрај другото го утврдил и условот лицето да ја има регулирано воената обврска.

Притоа, Судот утврди дека со предвидениот услов кандидатот при засновање на работен однос да ја има регулирано воената обврска се доведува во прашање остварувањето на уставното право на работа и начелото на еднаквост, односно остварувањето на едно уставно загарантирано право, а тоа е правото на работа, кое не може да биде условено со правото и должноста на граѓанинот да ја има регулирано воената обврска.

Според тоа, Судот оцени дека исполнувањето на обврската на едно лице кое се наоѓа во определен статус не може да биде пречка за остварување на право од друг статус, поради што оцени дека членот 62 став 1 точка 3 од Законот за шумите не е во согласност со начелото на еднаквост и начелото на достапност на секое работно место под еднакви услови.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.174/2004)

# 56.

**- Различно вреднување на работното искуство на државните службеници во однос на вработените во стопанството и другите дејности**

*- Different evaluation of the working experience of civil servants in respect of the employees in the economy and other fields*

**- Различното вреднување на работното искуство на државните службеници во однос на вработените во стопанството и другите дејности е согласно со Уставот на Република Македонија.**

*- Different evaluation of the working experience of civil servants in respect of the employees in the economy and other fields is in accordance with the Constitution of the Republic of Macedonia.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 35 став 3 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001,103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004 и 69/2004).

2. Синдикатот на работниците од управата, правосудството и здруженијата на граѓани на Република Македонија, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за

поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителите на иницијативата, оспорената одредба не била согласна со Уставот, затоа што предвидувала само дел од платата по основ на степенот на образование да биде основица за зголемување на платата по основ на минат труд, со што вработените во државните органи биле ставени во нееднаква положба во однос на вработените во стопанството и нестопанството на Република Македонија на кои минатиот труд им се пресметува по 0,5% на нивната нето заработувачка или на основната плата утврдена како неделива категорија, согласно со Законот за работни односи и колективните договори склучени меѓу социјалните партнери на сите нивоа.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 35 став 3 од Законот работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието за соодветната група, за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

4. Согласно член 32 став 3 од Уставот на Република Македонија секој вработен има право на соодветна заработувачка.

Остварувањето на правата на вработените и нивната положба, согласно ставот 5 на овој член од Уставот, се уредуваат со закон и со колективни договори.

Од оваа одредба произлегува дека Уставот упатува правата на вработените и нивниот статус да се уредат со закон.

На еднаков заклучок наведува и одредбата од член 2 од Законот за работните односи според која работниот однос се уредува со овој или со друг закон и колективен договор.

Во случајов тоа е Законот за државните службеници кој како леџ специалис во однос на Законот за работни односи.

Така, во членот 1 од Законот за државните службеници е предвидено дека со овој закон се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници, како и системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници.

Согласно став 1 на член 3 од овој закон, државен службеник е лице кое врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решава управни работи во согласност со Уставот и со закон.

Членот 5 од овој закон предвидува дека системот на плати и надоместоци на плати е уреден со овој закон и се заснова врз начелата на законитост, еднаквост, транспарентност, предвидливост и правичност.

Во тој контекст, со оспорениот став 3 на член 35 од Законот е предвидено дека работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието за соодветната група, за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Со други зборови, Законот за државните службеници предвидел посебни правила од јавно правен карактер кои се разликуваат од оние што важат за вработените во стопанството на кои се применуваат Законот за работните односи и колективните договори.

Во однос на исплатата на платите и другите надоместоци на државните службеници, според Судот постои разлика во смисла што да се врши од Буџетот на Република Македонија кој ги опрелува буџетските рамки и општата политика на јавната потрошувачка наспроти исплатата на платите на вработените во стопанството и другите дејности што се врши од други извори на средства.

Според тоа, решенијата содржани во Законот за државните службеници имаат системски карактер, поради што и нивното наградување и нивните права по основ на работен однос во државен орган произлегуваат од видот и карактерот на работите што ги вршат.

Од тие причини, Судот оцени дека законското решение според кое работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието за соодветната група за секоја година работен стаж, а најмногу до 20% е согласно со член 32 став 3 од Уставот на Република Македонија кој предвидува секој вработен да има право на соодветна заработувачка.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.121/2004)

# 57.

**- Престанување на работниот однос поради структурни реформи**

*- Termination of employment as a result of structural reforms*

**- Не постои повреда на забрана на дискриминација по основ на политичка припадност на работниците на кои им престанал работниот однос поради структурните реформи во јавно претпријатие кога политичката припадност се појавува како случаен факт, а не како решавачки основ.**

*- There is no violation of the prohibition of discrimination on the basis of political affiliation of employees to whom employment has terminated as a result of the structural reforms in a public enterprise when the political affiliation appears as an incidental fact, not as a decisive ground.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и членовите 56 и 70 став 1 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 декември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ ОДБИВААТ барањата на Ванѓа Грамбозова од с. Вељуса Струмица, Перо Петров од с.Водоча Струмица, Кољчо Колев од с. Радово Струмица, Стојан Петров од с. Сушица Струмица, Зоран Трајков од с. Пиперово Струмица, Катерина Манчева, Јадранка Марангозова, Валентина Јончевска, Гоце Ристов, Ѓорѓи Раденовски, Васил Чорев, Дарко Илиев, Магдалена Кицева, Марлена Пиљарова, Велика Бундевска и Владимир Ивановски сите од Струмица, поднесени преку Тања Дедејска адвокат од Струмица за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, а кои се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност.

2. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

3. Наведените граѓани преку полномошникот адвокат Тања Дедејска од Струмица на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 став 1 алинеја 3 од Уставот, а кои се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на политичка припадност повредени со:

1) Решение бр.04-40/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 13 јануари 2004 за престанок на работен однос на работникот Кољчо Колев, потврдено со Одлука бр.02-195/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

2) Решение бр.04-59/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 19 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Стојан Петров потврдено со Одлука бр.02-235/1 од Управниот одбор на ЈП од 13 февруари 2004 година.

3) Решение бр.04-45/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 15 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Катерина Манчева потврдено со Одлука бр.02-236/1 од Управниот одбор на ЈП од 13 февруари 2004 година.

4) Решение бр.04-27/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Јорданка Марангозова потврдено со Одлука бр.02-205/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

5) Решение бр.04-24/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Валентина Јанчевска потврдено со Одлука бр.02-192/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

6) Решение бр.04-20/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 20 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Перо Петров потврдено со Одлука бр.02-234/1 од Управниот одбор на ЈП од 13 февруари 2004 година.

7) Решение бр.04-19/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Гоце Ристов потврдено со Одлука бр.02-202/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

8) Решение бр.04-21/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Ѓорѓи Раденовски потврдено со Одлука бр.02-206/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

9) Решение бр.04-18/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Ванѓа Грамбозова потврдено со Одлука бр.02-197/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

10) Решение бр.04-23/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Васил Чорев потврдено со Одлука бр.02-199/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

11) Решение бр.04-58/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 19 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Дарко Илиев потврдено со Одлука бр.02-237/1 од Управниот одбор на ЈП од 13 февруари 2004 година.

12) Решение бр.04-42/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 14 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Магдалена Кицева потврдено со Одлука бр.02-193/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

13) Решение бр.04-25/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Зоран Трајков потврдено со Одлука бр.02-194/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

14) Решение бр.04-28/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Марлена Пиљафова потврдено со Одлука бр.02-201/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година.

15) Решение бр.04-22/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Велика Бундевска потврдено со Одлука бр.02-196/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година и

16) Решение бр.04-30/1 донесено од директорот на ЈП - Подрачна единица Струмица на 12 јануари 2004 година за престанок на работниот однос на работникот Владимир Ивановски, донесени од директорот на Јавното претпријатие П.Е. Струмица потврдено со Одлука бр.02-198/1 од Управниот одбор на ЈП од 11 февруари 2004 година, како и со Одлуката за утврдување на список на работниците на кои им престанува работниот однос со отказ поради економски, технолшки и структурни промени и правата што им се обезбедуваат, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие на 6 октомври 2003 година.

4. Според наводите во барањето донесените решенија и одлуки за престанок на работниот однос на наведените работници поради економски, технолошки и структурни промени донесени од Подрачната единица на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор - Струмица биле незаконски, неосновани, крајно тенденциозни и дискриминаторски затоа што единствен критериум според кој на работниците им престанал работниот однос било политичко уверување односно припадноста на одредена

политичка партија, а мерило за тоа било кога работникот засновал работен однос.

Исто така во барањето се наведува дека работниците Кољчо Колев, Стојан Петров, Катерина Манчева, Јорданка Марангозова и Гоце Ристов по усвојување на Елаборат за потребите од воведување на економски, структурни и слични промени и усвојување на Програмата за мерките за ублажување на последиците од промените, биле распоредени на други работни места, а за кои се знаело дека ќе бидат укинати. Имено, на местото од каде биле прераспоредени биле донесени други работници кои се согласиле да работат на работни места за кои се бара понизок степен на образование.

Овие наводи подносителите на барањето ги поткрепуваат со фактот што сите подносители односно 15 од нив се членови на ВМРО-ДПМНЕ и дека тој факт му бил познат на директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор - Подрачна единица Струмица, поради што на сите нив им престанал работниот однос.

Воедно во барањето се наведува дека наведените решенија и одлуки не биле во согласност со член 125 и член 134 од Законот за работните односи и со членовите 111 и 112 од Колективниот договор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Понатаму во барањето се наведува дека со Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за организациона поставеност и систематизација на работните места на Јавното претпријатие од 17 септември 2003 година, работните места Раководител на служба за технички работи и Раководител на граничен премин со царински терминал се укинати, за повторно да бидат предвидени со Правилникот за организациона поставеност и систематизација на работните места на Јавното претпријатие од 26 јануари 2004 година, но сега како работни места "шеф". Притоа, за овие работни места се предвидени истите услови што биле и претходно предвидени. Тоа во суштина значи дека само се менува називот на работното место со истите услови.

Со Правилникот од 2003 година во Работната единица Радовиш која работела во состав на Подрачната единица Струмица

на Јавното претпријатие исто така сите се прогласени за технолошки вишок освен работното место Самостоен референт.

Во барањето се наведува дека Јавното претпријатие нема внесено никакви нови технологии во работата ниту се работи за структурни реформи, бидејќи никаде не е наведена квалификационата структура на работниците и не е извршено бодирање на работниците на кои им престанал работниот однос согласно колективниот договор.

5. Судот на седницата утврди дека пред донесување на оспорените решенија и одлуки Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија презело одредени активности. Имено, прво изготвило Елаборат за потребата од воведување на економски и слични промени во Јавното претпријатие, видот на промените и нивното влијание врз работниот однос на работниците.

Во Елаборатот покрај другото е даден преглед на бројот на вработени во Јавното претпријатие од неговото основање 1994 - 2002 година, од кој може да се види дека во периодот од 2000 - 2002 година има рапидно зголемување на вработените во Јавното претпријатие, односно од 479 работници во 2000 година, во 2002 нивниот број изнесува 812.

Понатаму во Елаборатот е даден Преглед на бројот на вработени во Скопје и во подрачните единици; Преглед за потребниот број на вработени, како и Преглед на бројот на работници кои претставуваат технолошки вишок.

Врз основа на направените согледувања Јавното претпријатие изготвило Програма за мерките што ќе ги презема Јавното претпријатие за спречување и ублажување на последиците од економските и структурни промени кои ќе доведат до престанок на работен однос на 310 вработени односно 38,60% од вкупниот број вработени.

Наведените акти Управниот одбор на Јавното претпријатие ги усвоил на 4 јули 2003 година.

Во меѓувреме, на 2 јули 2003 година претставникот на ОО на Синдикатот и претставник на Управниот одбор на Јавното претпријатие склучиле Колективен договор на ЈП за стопанисување

со станбен и деловен простор на Република Македонија во кој, покрај другото, во членовите 106 - 113 се уредени прашањата кои се однесуваат на престанок на работниот однос со отказ поради економски, технолошки и структурални промени.

Во натамошната постапка Судот утврди дека по донесување на наведените акти во Јавното претпријатие Подрачна единица Струмица, а пред донесување на Правилникот за организациона поставеност и систематизација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор работниците Кољчо Колев, Катерина Манчева, Гоце Ристов, Јорданка Марангозова и Стојан Петров биле распоредени од едни на други работни места.

Во образложението на сите решенија за распоредување, а кои се потврдени со одлуки на директорот на Јавното претпријатие се наведува дека согласно одредбите од член 15 од Колективниот договор на Јавното претпријатие, а според потребите на процесот на трудот се очекува на новите работни места работниците да остваруваат подобри резултати.

Судот понатаму утврди дека на 17 септември 2003 година Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија донел Правилник за измена и дополнување на Правилникот за организациона поставеност и систематизација на работните места на Јавното претпријатие со кој се укинати работните места на подносителите на барањето, а меѓу нив и работните места на работниците кои претходно биле распоредени на тие места.

Судот исто така утврди дека на 6 октомври 2003 година Управниот одбор на Јавното претпријатие донел Одлука за утврдување на список на работници на кои им престанува работниот однос со отказ поради економски, технолошки и структурни промени и правата што им се обезбедуваат на овие работници согласно Законот за работните односи.

Во оваа одлука поименично се утврдени работниците на кои ќе им престане работниот однос во ЈП кое опфаќа Дирекција 73; ПЕ Скопје (59), ПЕ Битола (27), ПЕ Куманово (10), ПЕ Гевгелија (19), ПЕ Прилеп (10), ПЕ Струмица (22), ПЕ Кичево (14), ПЕ Штип (7), ПЕ Кавадарци (6), ПЕ Велес (6), ПЕ Охрид (9), ПЕ Струга (22), ПЕ Тетово (11) и ПЕ Кочани (13).

По донесување на наведената одлука  во текот на месец јануари 2004 година, директорот на ПЕ Струмица за 22 работници донел решение за престанок на работниот однос од кои 16 работници се подносители на барањето.

Во решенијата кои се речиси со идентичен текст е наведено на кој работник кој работи на конкретно работно место му престанува работниот однос поради економски, технолошки и структурни промени со денот на конечноста на решението и е наведено правото на еднократен паричен надоместок и неговата висина согласно Законот за работните односи и Колективниот договор.

Во образложенито на секое од решенијата се наведени активностите што ги презело Јавното претпријатие за рационализација на бројот на вработените со намера за спроведување на позначајни промени кои ќе предизвикаат потреба од намалување на бројот на работниците во претпријатието почнувајќи од донесување на Елаборат за потребите од воведување на економски промени, донесување на Програма за мерките што ќе ги презема Јавното претпријатие за спречување и ублажување на последиците како и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за организациона поставеност и систематизација.

Со преземените активности од страна на Јавното претпријатие на 21 работници им престанал работниот однос поради технолошки и структурни реформи од кои 16 работници се подносители на барањето, а 15 од нив се членови на ВМРО-ДПМНЕ.

6. Имајќи ја предвид надлежноста на Уставниот суд утврдена во член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд во конкретниов случај не се впушти во утврдување дали постапката за воведување на технолошки и структурни реформи е спроведена согласно Законот за работните односи и Колективниот договор на Јавното претпријатие, што е во надлежност на друг суд и во друга постапка, туку дали од околностите на случајот и сплетот на околностите во Јавното претпријатие некои или сите работници подносители на барањата биле дискриминирани поради  припадност кон определена политичка партија или поради политичко уверување, односно дали припадноста на лицата кон определена политичка партија била основ за престанувањето на работниот однос.

Во одговор на вака поставеното прашање Судот најпрво оценуваше дали укинувањето на работните места генерално било направено во зависност од тоа кои работници работеле на тие работни места во моментот кога започнал процесот на преструктуирање или укинувањето на работните места е резултат на потребата за преземање на економски и структурни реформи во претпријатието потоа, дали на органите на управување морало да им биде познато дека подносителите на барањето се членови на одредена политичка партија и конечно, во случајот на распоредувањето на работниците Кољчо Колев, Стојан Петров, Катерина Манчева и Јорданка Марангозова кои биле распоредени откако бил донесен Елаборатот во Јавното претпријатие, односно откако отпочнала постапката за економски и структурни реформи, дали постојат разумни причини за распоредувањето и дали органите на управување можеле да знаат дека местата на кои ќе бидат распоредени подоцна ќе бидат укинати.

7. а) Од анализата на презентираните активности Судот утврди дека во Јавното претпријатие во текот на 2001 и 2002 година постоело интензивно вработување, па согласно направените процени и анализи на состојбата во самото јавно претпријатие било оценето дека е потребно да се спроведат економски и структурни промени, кои опфаќаат и укинување на одредени работни места.

За Судот е неспорно дека е право на јавното претпријатие да одлучува за спроведување на економски и структурни промени и да презема мерки за ублажување на последиците од тие промени. Тоа е легитимна одлука на јавното претпријатие и Судот не може да навлегува во тоа дали тоа било економски оправдано или на друг начин корисно за интересите на јавното претпријатие.

Притоа, Судот смета дека е неспорно дека воведувањето на структурни реформи кои доведуваат до укинување на работни места или намалување на бројот на извршителите доведува нужно и до престанок на работниот однос на одредени работници. Тоа во конкретниот случај се 21 работници од кои 15 се членови на ВМРО-ДПМНЕ според нивните изјави и потврда од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

Факт е исто така дека процесот на структурните промени се одвивал на ниво на целото јавно претпријатие и во сите негови организациони единици низ Републиката и тоа врз основа на општи параметри за постигнување на определено ниво на рационализација.

Имајќи го предвид изнесеното, како и содржината на оспорените решенија и одлуки, Судот утврди дека политичката припадност на подносителите на барањето како и на кои било други работници на кои им престанал работниот однос поради структурни промени во јавното претпријатие во овој генерален контекст се појавува како случаен факт, а не како одлучувачки основ за престанок на работниот однос на подносителите на барањето.

Очигледно е дека сите работници на кои им престанал работниот однос биле затечени на работни места кои биле укинати, па оттука наводите во барањето дека укинувањето на работните места во одделни единици е засновано на намерата работниците кои се примени во време на владеење на една политичка партија да бидат отстранети од работа само поради политичката припадност не можат да се поткрепат со разумни и логични тврдења. Ова затоа што ниту може да се тврди дека сите лица вработени во време, како што се наведува, на владеење на една политичка партија се нужно припадници на таа партија ни дека сите лица на кои им престанал работниот однос во јавното претпријатие се исклучиво лица од таа партија.

Оттука, Судот не може да го прифати наводот за генерална дискриминација во процесот на структурните реформи и рационализацијата во јавното претпријатие.

б) Во однос на наводите на барањата дека работниците Кољчо Колев, Стојан Петров, Катерина Манчева, Јорданка Марангозова и Гоце Ристов биле распоредени на други работни места, откако процесот на рационализација бил започнат, а за кои се знаело дека ќе бидат укинати, Судот одржа консултативен разговор на кој присуствуваа наведените работници освен Јорданка Марангозова, како и претставници на Јавното претпријатие и претставник на синдикалната организација.

На консултативниот разговор на поставените прашања овие подносители на барањето истакнаа дека поради фактот што Струмица е мало место и луѓето меѓусебно доволно се познаваат и знаат на која партија припаѓаат, дека поради одредени роднински врски со членови на ВМРО-ДПМНЕ или поради политичка припадност на брачниот другар или поради носење на партиски обележја на митинзите на ВМРО-ДПМНЕ, на работодавецот кој бил од друга политичка партија, морало да му биде познато дека и тие се членови на ВМРО-ДПМНЕ. Притоа тие сметаат дека не постоела никаква

потреба, ни причина за распоредување што покажува дека биле распоредени исклучиво поради нивната политичка припадност, а со цел подоцна да им престане работниот однос.

Подносителите на барањето на консултативниот разговор изјавија дека со своето дејствување или однесување во јавното претпријатие на конкретен начин не ја декларирале својата политичка припадност.

Од друга страна директорот на Јавното претпријатие наведе дека распоредувањето на работниците е направено со цел да се овозможи на соодветни места да се распореди соодветен стручен кадар и да се намалат трошоците на работењето, што било право на работодавецот.

Анализирајќи ги овие искази и наводи Судот утврди дека во рамките на работењето во претпријатието, односно во релациите помеѓу подносителите на барањето и органите на управување, односно директорот на подрачната единица, подносителите на барањето не ја манифестирале нивната партиска припадност или политичко уверување, ниту презеле активности или дејствија со кои тоа би го декларирале. Оваа констатација на Судот неспорно произлегува од изјавите на подносителите на барањето. Оттука, Судот не може да прифати дека на директорот на подрачната единица морало да му биде позната нивната партиска припадност, затоа што не може да се утврди постоење на околности што би биле очигледна основа за тоа.

Притоа, Судот ги ценеше и наводите на подносителите на барањето дека нивната партиска припадност можело да биде лесно препознаена поради нивните брачни или семејни врски односно јавни дејствија надвор од претпријатието, како и меѓусебното познавање на луѓето во мало место како што е Струмица, но истите не можеше да ги прифати затоа што се засновани на определени лични уверувања, а не на околности со кои би се покажало дека раководните органи, односно директорот на подрачната единица на јавното претпријатие бил во положба да знае за таквиот вид врски и активности. Освен тоа семејните и брачните врски и кога би биле познати, не се релевантни за процена на политичките ставови и партиската припадност на поединците.

Врз основа на тоа Судот утврди дека во конкретниов случај не може да се прифати тврдењето за мотивираноста на решенијата односно одлуките за распоредување поради партиска

припадност на подносителите на барањето затоа што не може претходно да се постави елементарниот услов, а тоа е објективното знаење на раководниот кадар за таквата припадност на овие лица.

в) Судот исто така не може да го прифати наводот дека за распоредувањето на работниците немало никаква потреба од аспект на процесот на работењето во подрачната единица на јавното претпријатие што би требало да покаже дека тие распоредувања биле арбитрерни и исклучиво засновани на политичката припадност на работниците. Имено, иако дел од означените распоредувања може да изгледаат нелогични, особено распоредувањето на работните места кои што не функционираат (магационер без магацин), Судот не можеше да ги отфрли причините што за тие распоредувања се наведени во решенијата односно во исказите на директорот на претпријатието.

Судот не може да го оспорува правото на јавното претпријатие односно на раководните работници да донесуваат одлуки од ваков вид според нивната процена за корисноста на таквите мерки за претпријатието.

Во тој контекст разлозите за финансиски заштеди и за подигање на квалификационата структура во извршување на работите на работните места не може да се отфрли како разумен основ за преземените мерки на распоредување, дури и кога Судот би имал поинакво мислење за тоа.

Оттука, со оглед на тоа што за Судот во овој или во вакви предмети не е задача да ја утврдува делотворноста или економската или друга оправданост на мерките, туку да утврди дали тие мерки се арбитрерни како релевантен основ за поставување на прашањето за дискриминација по основ на политичка припадност, оцени дека означените распоредувања не се без рационален основ и дека затоа не можат да се третираат како арбитрерни.

Друго е прашањето дали тие мерки биле целосно во согласност со Законот за работните односи и Колективниот договор на Јавното претпријатие што, како што е веќе нагласено, не е прашање на Уставниот суд.

Врз основа на изнесеното, Судот смета дека во конкретниов случај престанувањето на работниот однос и на овие пет работници што настапил како последица на укинување на работните

места на кои претходно биле распоредени не може да се смета за случај на дискриминација по основ на политичка припадност, односно уверување.

Конечно, за Судот е неспорно дека во времето на распоредувањето на овие работници се уште не бил донесен Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за организациона поставеност и систематизација на јавното претпријатие со кој овие места се укинати (неговото донесување следува после 2 месеци) и дека со оглед на тоа не може објективно да се тврди дека на директорот на подрачната единица на јавното претпријатие уште тогаш му било познато кои места подоцна ќе бидат укинати. Судот прифаќа дека е можно да се прават претпоставки за таа околност, како што тоа го прават подносителите на барањето, врз основа на фактот дека структурните реформи веќе биле започнати но тие не можат да бидат доволни за да се тврди дека означените распоредувања биле авансиран потег за отстранување на подносителите на барањето од претпријатието по основ на нивната политичка припадност, односно политичко уверување.

8. Во однос на наводите во барањето дека во Јавното претпријатие нема внесено никакви технолошки и структурни реформи, дека не е извршено бодирање на работници на кои им престанал работниот однос, дека одредени работни места според новиот Правилник за организациона поставеност и систематизација на работните места на јавното претпријатие од 26 јануари 2004 година се именувани со друг термин иако во суштина се работи за исти работни задачи, се прашања за кои Уставниот суд не е надлежен да одлучува.

9. Судот исто така не е надлежен да одлучува и по однос на наводите во барањето дека оспорените решенија и одлуки не се во согласност со Законот за работните односи и со Колективниот договор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

10. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

11. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.67/2004)

# 58.

**- Организација и ситематизација на работни места**

*- Organisation and systematisation of jobs*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 2 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 10 алинеја 4 од Правилникот за организација и систематизација на работните места на Јавна научна установа "Институт за сточарство" - Скопје.

2. Д-р Симо Георгиев од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точка 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со оспорениот акт бил повреден член 6 став 6 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/1996) и Уставот на Република Македонија.

Имено, според наводите во иницијативата, работите и работните задачи кои според описот ги извршувале дел од соработниците (асистенти) биле децидно наведени во алинејата 4 на членот 10 од оспорениот акт "изработува елаборати и апликативни проекти", а не биле наведени и кај научните работници кои во хиерархијата на звањата согласно Законот стоеле на повисоко рамниште од вработените избрани со соработнички звања. Според тоа, подносителот смета дека со оспорениот акт на научните

работници им е ускратено правото да вршат работи со какви биле овластени асистентите.

Поради изнесените причини, подносителот предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на оспорениот акт и потоа истиот да го поништи.

3. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 10 од Правилникот, за работното место асистент-истражувач описот на работа и работни задачи е:

- учествува во изведувањето на опити во научно-истражувачки проекти;
- врши непосреден надзор во изведувањето на опитите од страна на соработниците - помлади асистенти и лаборантите;
- помага на раководителот во научно-истражувачкиот проект при обработката на податоците за извештаи и научни трудови;
- изработува елаборати и апликативни проекти;
- учествува во смотри и контрола на производните особини на приплоден добиток и др.;
- учествува на конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири преку презентирање на сопствени истражувања;
- активно работи на свое усовршување (докторат); и
- врши и други работи по налог на раководителот на одделението.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот како и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а не постојат основи за поинакво одлучување.

Од причина што оспорениот Правилник, бил предмет на оценување од страна на Уставниот суд и со Решение У.бр.166/2004 од 10 ноември 2004 година, иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈНУ Институт за сточарство, ја отфрлил, бидејќи истиот не претставува пропис во

смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, туку интерен акт, не наоѓа основи за поинакво одлучување, Судот оцени дека во конкретниов случај се исполнети условите да се одлучи согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд.

5. Врз основа на изнесеното се одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.144/2004)

# 59.

**- Дисциплинска постапка**

*- Disciplinary procedure*

**- Одредбата според која со донесувањето на одлука од страна на второстепениот орган, дисциплинската постапка завршува и натамошна заштита во дисциплинска постапка пред орган во Министерството за одбрана не е можна, не содржи забрана за остварување на судска заштита.**

*- The provision under which the disciplinary procedure terminates with the adoption of a decision by a second instance body, and further protection in a disciplinary procedure before a body in the Ministry of Defence is not possible, does not contain prohibition on the realisation of court protection.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 136 став 5 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003 и 71/ 2003).

2.Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите од иницијативата оспорената одредба не била во согласност со член 50 став 2 од Уставот на Република Македонија и гарантираната судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и другите институции што вршат јавни овластувања. Имено, според подносителот на иницијативата, врз основа на оваа уставна одредба било можно да се води управен спор против сите дисциплински мерки што се изрекувале во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност, а тоа право произлегувало и од членот 229 од оспорениот закон. Оттаму, секое воено лице имало право да бара пред суд да се утврди дека повредата на воената дисциплина не ја сторило и дека изречената мерка не ја заслужило. Поради тоа, оспорената одредба не била во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 50 став 2 и член 96 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 136 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, против решението со кое е изречена дисциплинска мерка, односно соопштување на одлуката запишана во книгата за дневен извештај на единицата, военото лице има право на приговор.

Според став 2 од истата одредба, приговорот од став 1 на овој член се поднесува во рок од осум дена од денот на врачувањето,

односно соопштувањето на одлуката со која е изречена дисциплинската мерка.

Според став 3 од истата одредба, по приговорот поднесен против решението за утврдување дисциплинска одговорност одлучува непосредно претпоставениот старешина на старешината кој ја изрекол дисциплинската мерка.

Според став 4 од истата одредба, по приговорот поднесен против решението донесено од началникот на Генералштабот на Армијата одлучува министерот за одбрана, а против решението донесено од министерот за одбрана, одлучува второстепена комисија од член 34 став 3 на овој закон.

Според оспорениот став 5 од истата одредба, решението донесено по приговорот е конечно.

4. Согласно член 50 став 2 од Уставот на Република Македонија, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Според член 2 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, под служба во Армијата се смета вршење воени должности во Армијата.

Во членот 3 од Законот е определено дека служба во Армијата вршат воени и цивилни лица. Воени лица во смисла на овој закон се: воени старешини-офицери и подофицери, професионални војници, војници на служење воен рок, питомци на Воената Академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери и воените обврзници во резервниот состав на Армијата додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска. Цивилни лица во смисла на овој закон се лица на служба во Армијата поставени на должности согласно со актот за формација на Армијата.

Во членовите 121 до 137 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија се уредени прашањата за дисциплинската одговорност на сите опфатени лица во членот 3 од Законот, без разлика во која форма ја вршат службата во Армијата.

Според содржината на оспорената одредба и нејзината поставеност во Законот истата преставува генерална, заедничка одредба за членовите 121 до 137 од Законот и со неа е предвидено својство на конечност за сите можни решенија донесени по повод подесен приговор.

Со вака дадената законска формулација, само се определува дека по донесувањето на одлука од страна на второстепениот орган, дисциплинската постапка завршува и натамошна заштита во дисциплинската постапка, пред орган во Министерството за одбрана не е можна, меѓутоа одредбата не содржи забрана за остварување на судска заштита. Според Судот, законодавецот и не можел да даде натамошна разработка на одредбата од причини што видот на спорот што ќе може да го води заинтересираното лице во крајна линија зависи од неговиот статус и видот на сторената дисциплинска повреда. Притоа треба да се има предвид дека статус на вработени лица имаат само: професионален војник, воен старешина и цивилно лице на служба во Армијата.

Врз основа на изнесената правна и фактичка состојба Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од Законот со членот 50 став 2 од Уставот на Република Македонија.

5. Што се однесува до наводите за сторената повреда на член 8 став 1 алинеја 3, член 92 и член 96 од Уставот, Судот оцени дека нема процесни претпоставки да се впушта во анализа на уставноста на оспорената одредба по однос на наведените уставни одредби од причина што во иницијативата само се наведуваат уставните одредби, без да се наведат причини за оспорување.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр. 22/2004)

# 60.

**- Кадровско пополнување на државната служба**

*- Personnel manning of the state service*

**- Со конечното одлучување за избор на предложените кандидати од страна на генералниот секретар, државниот секретар односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон во кој не се именува генерален, односно државен секретар се запазуваат сите процедурални правила и принципи предвидени согласно Законот за државните службеници.**

*- With the final decision on the selection of the candidates proposed by the Secretary General, Secretary of State, that is, the functionary managing the body under Article 3 paragraph 2 of this Law in which no Secretary General, that is Secretary of State is appointed, all procedural rules and principles envisaged under the Law on Civil Servants are observed.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 12 став 5 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004 и 69/2004).

2. Јанко Бачев од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со оспорениот член од Законот се отстапувало од усвоениот уставен и законски концепт и од одделни уставни гаранции за функционирање и кадровско пополнување на државната служба. Имено член 12 став 5 од Законот за државните службеници и давал можност на комисијата за спроведување на постапката за вработување, врз основа на лично убедување незасновано на никакви критериуми да изготвува потесна листа од тројца кандидати за секое работно место, од која врз основа на определеното дискреционо право, генералниот, односно државниот секретар го врши конечниот избор на кандидатот за вработување, исто така врз основа на свое лично убедување, кое нешто пак можело да доведе до арбитрерност, пристрасност, политички влијанија, битно отежнувајќи ги условите за ангажман во својство на државен службеник, што значело дека севкупно ја нарушувал еднаквоста и рамноправноста на граѓаните под еднакви услови да им биде достапно секое работно место. Оспорениот член од Законот ја нарушувал еднаквоста на граѓаните гарантирана со член 9 став 2 од Уставот, го ограничувал правото од член 23 од Уставот според кое секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции и ја повредувал уставната гаранција за достапност на секое работно место под еднакви услови од член 32 став 2 од Уставот, имплицирајќи правна несигурност, различно применување и интерпретирање и со тоа повреда на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 12 став 5 од Законот за државните службеници, Комисијата од член 11 став 3 на овој закон по правило изготвува листа од тројца кандидати за секое работно место, врз основа на која генералниот секретар, државниот секретар, како и функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон во кој не се именува генерален, односно државен серкетар ќе го врши изборот.

4. Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 23 од Уставот, секој има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Според член 32 став 2 од Уставот, секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, а според став 5 на овој член, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Со Законот за државните службеници (член 1) се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници, како и системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници.

Постапката за вработување на државните службеници е утврдена во членовите 11 и 12 од Законот за државните службеници.

Оспорениот член 12 став 5 од овој закон, се однесува на работата на Комисијата за спроведување постапка за вработување на државен службеник која се формира во органот кој го бара вработувањето и оваа комисија по правило изготвува листа од тројца кандидати за секое работно место врз основа на која генералниот секретар, државниот секретар, како и функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон во кој не се именува генерален односно државен секретар го врши изборот.

Разгледувајќи го оспорениот член од законот, но и целата глава II од Законот која се однесува на вработувањето на државните службеници, произлегува дека целта на  овој закон е развивање на професионална, компетентна и ефикасна државна служба.

Притоа, од особено значење за функционирање на системот на државната служба е постапката за селекција на кандидатите кои треба да ги пополнат работните места во државната служба која треба да биде транспарентна и со јасни правила но и флексибилна за да се исполнат специфичните барања во одделни органи.

Според Законот за државните службеници кандидатите што се пријавиле на јавен оглас и ги исполнуваат условите (општите и посебните, доколку се предвидени за конкретно работно место),

полагаат стручен испит во Агенцијата. Испитот не го полагаат кандидатите за работните места во звања: помлад соработник и помлад референт, кои во државната служба влегуваат со статус државни службеници-приправници. Врз основа на резултатите од испитот, Агенцијата подготвува листа од најмалку 5 (пет) најуспешни кандидати, која ја доставува до Комисијата. Ако стручниот испит го положиле помалку од 5 кандидати Агенцијата повторно го објавува огласот и го спроведува испитот. Доколку и по повторување на постапката не се обезбеди листа со најмалку 5 најуспешни кандидати кои го положиле стручниот испит, Агенцијата може да подготви листа и со помалку од 5 кандидати. Врз основа на понудената листа, Комисијата во органот изготвува потесна листа од 3 кандидати за секое работно место, врз основа на која генералниот, државниот секретар како и функционерот кој раководи со органот во кој не се именува генерален, односно државен секретар го врши изборот на лицето, кое ќе се вработи на соодветното работно место. Против одлуката за извршениот избор, незадоволниот кандидат, односно кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот кога е писмено известен за извршениот избор. Агенцијата одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката за избор на кандидатот за државен службеник, односно се додека истата не се реши нема да се смета дека избраниот кандидат е вработен.

Можноста за поднесување на жалба и примената на начелото на двостепеноста на постапката кое е загарантирано со Устав и во постапката за вработување на државните службеници е од огромно значење за заштитата на правата на незадоволните кандидати и за функционирањето на принципот на еднаков пристап до работните места во државната служба.

Оттука, според мислењето на Судот со конечното одлучување за избор на предложените кандидати од страна на генералниот секретар, државниот секретар, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон во кој не се именува генерален, односно државен секретар се запазуваат сите процедурални правила и принципи предвидени согласно Законот за државните службеници.

Врз основа на изнесеното Судот оцени дека со оспорениот член 12 став 5 од Законот не се повредува уставниот принцип за владеење на правото, ниту пак еднаквоста на граѓаните пред Уставот и пред законите, како и достапноста на секому под

еднакви услови на секое работно место, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот член со Уставот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.122/2004)

# 61.

**- Заклучоци на Владата на Република Македонија за исплата на надоместокот за одвоен живот од семејството, за превоз до и од работа и за закупнината на станови на вработените во органите на државната управа**

*- Conclusions of the Government of the Republic of Macedonia for payment of the compensation for a life away from one’s family, for transportation to and from work and for the lease of apartments of the employees in the bodies of state administration*

**- Согласно уставната положба, Владата на Република Македонија, како носител на извршната власт во рамките на нејзините права и должности утврдени со Уставот и законите не може со свој пропис изворно да уредува односи и прашања што се законска материја, а уште помалку да уреди односи и прашања што се веќе уредени со закон и притоа да се менуваат или суспендираат одделни законски решенија.**

*- Pursuant to the constitutional position, the Government of the Republic of Macedonia, being the holder of the executive branch within its rights and duties defined in the Constitution and the laws may not with its regulation originally regulate relations and issues that are a legal matter, and not even regulate relations and issues that have already been regulated by law and thereby to change or suspend separate legal solutions.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ Заклучоците на Владата на Република Македонија за исплата на надоместокот за одвоен живот од семејството, за превоз до и од работа и за закупнината на станови на вработените во органите на државната управа, донесени на седниците одржани на 13 јануари 2003 и 17 февруари 2003 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со решение У.бр.176/2003 и У.бр.9/2004 од 15 септември 2004 година по повод иницијативите поднесени од Синдикатот на работниците од управата, правосудството и општествените организации и здруженија на граѓаните на Република Македонија - УПОЗ Скопје, Ваит Пајковски од с. Жировница и Камбер Камбероски од с. Горно Косоврасти поведе постапка за оценување на уставноста на Заклучоците на Владата на Република Македонија означени во точката 1 од оваа одлука поради тоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека Владата на Република Македонија на тринаесеттата седница одржана на 13 јануари 2003

година, во врска со воедначување на критериумите за исплата на трошоците (надоместоците) за одвоен живот на семејството, за превоз до и од работа и закупнина на станови на вработените во органите на државната управа (освен за именуваните функционери од Владата и Собранието), заклучила од 1 февруари 2003 година да не се исплаќа ваков надоместок.

Меѓутоа, на осумнаесеттата седница одржана на 17 февруари 2003 година, Владата на Република Македонија заклучила дека Заклучокот донесен на седницата одржана на 13 јануари 2003 година не се однесува на вработените од основното и средното образование, Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана и дека дополнително Министерството за финансии ќе го прецизира режимот на исплата на надоместокот за превоз до и од работно место на останатите корисници и единки-корисници на Буџетот на Република Македонија.

Според мислењето на Владата на Република Македонија, овие заклучоци биле донесени поради определени недоречености на членот 14 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Инаку, од содржината на означените два заклучоци на Владата на Република Македонија произлегува дека тие и суштински и функционално се поврзани и претставуваат една целина, односно еден акт и дека оспорениот заклучок не може да се третира, ниту разгледува како самостоен и независен акт од Заклучокот донесен на седницата на Владата на Република Македонија одржана на 13 јануари 2003 година, поради што Судот утврди дека предмет на уставносудска оцена треба да бидат двата заклучоци, а не само заклучокот што  се оспорува со овие иницијативи.

5. Судот на седницата, исто така, утврди дека, согласно наведените заклучоци на Владата на Република Македонија, на сите вработени во Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и во основното и средното образование од страна на Министерството за финансии им се исплатува надоместок за превоз до и од работното место во висина на стварните трошоци, а истовремено во 2004 година овој надоместок во висина на стварните трошоци им се исплатува и на сите избрани и именувани раководни работници од Владата и Собранието на Република Македонија. На вработените во останатите буџетски корисници и единки - корисници надоместокот за превоз до и од работно место им се исплатувал во

износ од 900,00 денари поради ограничените средства во Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Од наведеното произлегува дека овие заклучоци на Владата на Република Македонија се уште се применуваат, односно дека нивната примена продолжила и по донесувањето на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

6. Во членот 8 од Уставот на Република Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени принципот на владеењето на правото, како и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Според членот 9 став 2 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви пред Уставот и законите.

Според членот 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори, а според членот 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени, исто така, со закон и со колективен договор.

Согласно членот 88 од Уставот, носител на извршната власт во Република Македонија е Владата на Република Македонија, која своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Меѓу надлежностите на Владата на Република Македонија утврдени во членот 91 од Уставот спаѓа и нејзиното право да донесува уредби и други прописи за извршување на законите (алинеја 5 на членот 91 од Уставот).

Со оглед на тоа што во конкретниот случај не се работи за уредба, туку за заклучоци на Владата на Република Македонија пред Судот најнапред се постави прашањето дали означените заклучоци на Владата на Република Македонија по својата форма и содржина претставуваат прописи во смисла на членот 91 алинеја 5 или членот 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија за чија уставност и законитост е надлежен да одлучува Уставниот суд. При одговорот на ова прашање се имаше предвид членот 35 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003) во кој е утврдено дека за извршување на законите, освен уредби со законска сила и уредби

(кои се уставна категорија), Владата донесува и одлуки, упатства, програми, решенија и заклучоци.

Според членот 36 став 7 од Законот, Владата со заклучок зазема ставови по прашањата што ги претресувала на седница, утврдува мислење по предлозите на закони и други прописи и по материјали што до Собранието ги поднеле други овластени предлагачи, одлучува за определени прашања на внатрешната организација и односи на Владата, ги определува задачите на министерствата и органите на државната управа и задачите на своите служби и зазема ставови за прашања од своја надлежност.

Она што не е уредено во Законот, туку во Деловникот за работа на Владата на Република Македонија е прашањето за објавување на актите на Владата на Република Македонија. Така, според членот 98 од Деловникот, уредбите, одлуките и упатствата на Владата се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија". Решенијата се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" доколку така одлучи Владата. Владата може да одлучи да се објават и определени програми и заклучоци.

Наведените деловнички одредби, наспроти Законот за Владата на Република Македонија, прават веќе јасна дистинкција на прописите од другите акти што ги донесува Владата на Република Македонија во остварувањето на нејзините права и должности утврдени со Уставот и со законите и тоа во однос на нивното објавување.

Оттука, ако се има предвид природата на прашањата за кои Владата на Република Македонија согласно Законот и Деловникот може да донесе заклучок, како и тоа дека заклучоците не подлежат на уставната обврска за објавување во "Службен весник на Република Македонија", произлегува дека тие ниту по содржина, ни по форма не претставуваат прописи во смисла на членовите 91 алинеја 5, 52 и 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија.

Затоа, доколку означените заклучоци на Владата на Република Македонија се разгледуваат во контекст на изнесеното произлегува дека тие не ги содржат формалните елементи карактеристични за секој пропис, па затоа гледано од формално-правен аспект не претставуваат пропис во смисла на напред означените уставни одредби.

Меѓутоа, имајќи ја предвид содржината на означените заклучоци на Владата на Република Македонија, односно видот на прашањата за кои таа одлучувала со овие заклучоци, Судот утврди дека правото на надоместок за превоз до и од работа на вработените во органите на државната власт и во јавните установи корисници и единки - корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, како едно од правата за кои се однесуваат заклучоците на Владата на Република Македонија, беше уредено во членот 14 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2003), кој што важеше во времето кога се донесени овие заклучоци на Владата на Република Македонија.

Имено, во членот 14 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година беше утврдено дека надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само на вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км. од работното место, но не повеќе од 900,00 денари месечно, кој се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови.

Во ставот 2 на овој член од Законот беше утврдено дека на вработените на кои во извршувањето на работите од нивното работно место им е неопходно користење на превоз, им припаѓа надоместок во висина на стварните трошоци, а според ставот 3 на истиот член во случаите каде што не постои јавен превоз, односно доколку налага потребата на службата на вработените им следува надоместок во висина на стварните трошоци.

Според ставот 4 на истиот член од наведениот закон, на раководните работници и раководните државни службеници именувани од Владата на Република Македонија кај буџетските корисници, кои живеат во една, а работат во друга општина под определени услови им следуваше надоместок за превоз, исто така, во висина на стварните трошоци за превоз за најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај.

Со одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.151/2003 и У.бр.173/2003 од 17 декември 2003 година ("Службен весник на РМ" бр.28/2003) укинат е член 14 став 4 во делот "од Владата на Република Македонија" од тој закон.

Во членот 12 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/2003) утврдено е дека на вработените на кои во извршувањето на работите од нивното работно место им е неопходно користење на превоз им припаѓа надоместок во висина на вистинските трошоци. Во случаите каде што не постои јавен превоз, на вработените им следува надоместок во висина на вистинските трошоци за превоз.

Освен правото на надоместок за превоз до и од работно место, со закон е утврдено и уредено правото и на другите надоместоци на кои се однесуваат напред означените заклучоци на Владата на Република Македонија (правото на надоместок на трошоци за одвоен живот и правото на надоместок за закупнина на стан). Така на пример, согласно член 52 став 2 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004 и 69/2004), државниот службеник, покрај другите надоместоци утврдени во овој член, има право и на надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството чија висина секоја година се утврдува во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија. Понатаму, во членовите 11 и 12 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година беше регулирано правото на надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството на раководните работници и раководните државни службеници именувани од Владата на Република Македонија кај буџетските корисници, како и правото на надоместок за закупнина на стан на лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со закон. Соодветни одредби за наведените две права се содржани и во членовите 9 и 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби, од една страна, како и содржината на означените заклучоци на Владата на Република Македонија, од друга страна, несомнено произлегува дека со овие заклучоци Владата на Република Македонија одлучувала во врска со остварувањето на права од работен однос на вработените во државните органи и во јавните установи кои се корисници и единки-корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, а кои се веќе утврдени со закон. Оттука, заклучоците на Владата на Република Македонија, и покрај тоа што не содржат формално-правни елементи на пропис поради што и не се објавени во "Службен весник на Република Македонија", по својата содржина и дејство според

мислењето на Судот претставуваат пропис и се подобни за уставно судска оцена. Ова дотолку повеќе што тие се уште опстојуваат во правниот поредок на Република Македонија, односно се применуваат.

Имено, од содржината на Заклучоците на Владата на Република Македонија јасно произлегува дека со нив само се утврдува на кои лица нема, а на кои ќе им се исплатува надоместок за одвоен живот, надоместок за закупнина на стан, како и до која висина ќе се исплатува надоместокот за превоз до и од работно место на вработените во одделни министерства и јавни установи. Тоа од друга страна значи дека со овие заклучоци не се врши доуредување, односно конкретно разработување на ниедна законска одредба за нејзино извршување, туку Владата на Република Македонија фактички се впуштила во уредување на прашања кои по својот карактер според членот 32 став 5 од Уставот можат да бидат предмет на уредување само на закон и колективен договор, а не и на други прописи, какви што се по содржина и овие заклучоци.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај Владата на Република Македонија со означените заклучоци уредила прашања што се законска материја и кои како такви спаѓаат во надлежност на законодавната власт, Судот оцени дека тие не се во согласност со Уставот на Република Македонија. Ова од причини што согласно уставната позиција на Владата на Република Македонија, како носител на извршната власт, таа во рамките на нејзините права и должности утврдени со Устав и законите не може со свој пропис изворно да уредува односи и прашања што се законска материја, а уште помалку со свој пропис да уреди односи и прашања што се веќе уредени со закон и притоа да се менуваат или суспендираат одделни законски решенија во поглед на субјектите, условите и обемот на правата утврдени во тие законски одредби, како што е случај со овие заклучоци на Владата на Република Македонија.

Имено, наместо со уредба или друг пропис да го уреди извршувањето на членот 14 став 2 и 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година (а сега и на членот 12 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година) Владата на Република Македонија поради определени нивни недоречености, како што самата наведува во мислењето доставено до Судот, со овие заклучоци на поинаков начин уредила прашања кои се веќе уредени со овие закони и на тој начин ги пречекорила своите уставни и законски овластувања, истовремено повредувајќи ги уставните принципи на владеењето на правото и

поделбата на државната власт утврдени во членот 8 алинеја 3 и 4 од Уставот, како и членовите 32 став 5, 34 и 35 став 1 од Уставот.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.176/2003, У.бр.9/2004)

# 62.

**- Закон за штрајкот**

*- Law on Strike*

**- Немањето изречно овластување во Уставот за законско уредување на условите и начинот на остварувањето на правото на штрајк, не претставува пречка со закон да се уредат овие прашања со цел да не се доведе во прашање остварувањето на другите со Устав гарантирани слободи и права.**

*- The lack of an explicit authorisation in the Constitution for legal regulation of the conditions and manner of realisation of the right to strike, is not an obstacle to regulate these issues by law with a view to not questioning the realisation of the other freedoms and rights guaranteed by the Constitution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 март 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на Законот за штрајкот ("Службен лист на СФРЈ" бр.23/1991 и "Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, правото на штрајк било автономно право што се остварувало директно врз основа на Уставот и дека прашањата во врска со правото на штрајк не требало да се уредуваат со закон.

Во тој контекст во иницијативата се наведува дека постоела и терминолошка неусогласеност на постоечкиот Закон за штрајкот со Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека со овој закон штрајкот се дефинира како организиран прекин на работата на работниците заради остварување на економските и социјалните права и интереси по основ на трудот, дека правото на штрајк се остварува под условите утврдени со овој закон и дека работникот слободно одлучува за своето учество во штрајкот.

Понатаму, со овој закон се предвидуваат субјектите што можат да го организираат штрајкот и субјектите што ја донесуваат одлуката за стапување во штрајк (органот на синдикатот на соодветната гранка на дејност).

Исто така, во Законот се уредуваат правата и обврските на штрајкувачкиот одбор во врска со најавувањето, времетраењето на штрајкот и организирањето на истиот во смисла да не се загрозува безбедноста и здравјето на лицата и имотот.

4. Согласно член 38 став 1 од Уставот на Република Македонија се гарантира правото на штрајк.

Ставот 2 на овој член од Уставот предвидува со закон да може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, Судот оцени дека со начелното гарантирање на правото на штрајк, Уставот не само што не ги утврдува условите и начинот на остварувањето на ова право, туку не упатува овие прашања да се уредат со закон.

Оттука, според мислењето на Судот, немањето изречно овластување во овој член од Уставот за законско уредување на условите и начинот за остварувањето на правото на штрајк, не претставува уставна пречка Собранието на Република Македонија, во рамките на неговото овластување утврдено во член 68 став 1 алинеја 2, да донесе закон со кој ќе се уредат овие прашања со цел да не се доведе во прашање остварувањето на другите со Устав гарантирани слободи и права, чие остварување е, исто така, грижа на државата.

Основа за донесување на закон со кој би се уределе условите за остварување на уставно гарантираното право на штрајк индиректно е содржана и во самиот член 38 став 2 од Уставот. Имено, уставното овластување со закон да можат да се ограничат условите за остварувањето на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата, упатува на заклучок дека условите за остварувањето на правото на штрајк прво треба на општ начин да се нормираат за да можат потоа да се ограничат во овие области, затоа што само однапред пропишани општи услови можат да се ограничуваат.

Според Судот, законското уредување на условите и начинот на остварувањето на правото на штрајк е неопходно и поради тоа што при постоење на правна празнина во овој поглед, остварувањето на ова право по обем и содржина може да се злоупотреби до тој степен што може да предизвика штетни последици од поголеми размери, како на заедницата во целина, така и на одделни субјекти, што сигурно во тоа не се состои и суштината на самата уставна гаранција на правото на штрајк. Остварувањето на ова право не треба и не може да биде апсолутно, без ограничување со интересот на државата, и со остварувањето на слободите и правата на другите.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека немањето изречно овластување во Уставот за законско уредување на условите и начинот на остварувањето на правото на штрајк, не претставува пречка со закон да се уредат овие прашања со цел да не се доведе во прашање остварувањето на другите со Устав

гарантирани слободи и права, чие остварување е, исто така, грижа на државата.

При одлучувањето, Судот имаше предвид дека Законот за штрајкот е донесен од Собранието на СФР Југославија и дека согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија постојните сојузни прописи се преземаат како републички со надлежностите на органите утврдени во Уставот на Република Македонија.

Врз основа на оваа одредба, Законот за штрајкот е преземен како републички закон.

Независно од фактот што во Законот, како последица на времето на неговото донесување, постои терминолошка неусогласеност со Уставот на Република Македонија, Судот оцени дека не е релевантно да интервенира во тој поглед, меѓу другото, и од причина што прашањето за штрајкот е регулирано во повеќе закони на Република Македонија кои овозможуваат непречено остварување на ова право на штрајк.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.113/2003)

# 63.

**- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност (услови за стекнување право на надомест за невработени лица)**

*- Law on Employment and Insurance in Case of Unemployment (conditions to acquire the right to a compensation for unemployed persons)*

**- Законското решение со кое е утврдено право на надомест за невработени лица со најмалку 15 години стаж на осигурување и со над 55 години возраст поради намалените можности за ново вработување на оваа повозрасна категорија лица, е во согласност со уставното начело на социјална правда.**

*- The legal solution defining the right to compensation for unemployed persons having at least 15 years of insurance period and over 55 years of age as a result of the decreased opportunities for new employment of this elderly category of persons is in accordance with the constitutional principle of social justice.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 7 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 71 став 3 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001 и 25/2003).

2. Драги Каранфиловски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 71 став 3 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорената одредба од Законот било пропишано право на надоместок за периодот до ново вработување само на категоријата на невработени лица кои имале над 55 години возраст и најмалку 15 години стаж на

осигурување а не и на невработените лица кои и покрај то ашто немале над 55 години возраст оствариле повеќе од 15 години стаж на осигурување.

Поради тоа оспорената законска одредба била во спротивност со уставната определба за еднаквост на граѓаните во слободите и правата предвидена во членот 9 од Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека во членот 71 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001 и 25/2003) е предвидено дека времето за кое се исплатува паричниот надоместок зависи од времето за кое невработеното лице било осигурано во случај на невработеност.

Според ставот 2, паричниот надоместок на невработеното лице се исплатува:

1) три месеци ако има стаж на осигурување најмалку девет месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци;
2) четири месеци, ако има стаж на осигурување 15 месеци во непрекинато траење или 24 месеци со прекин во последните три години;
3) шест месеци, ако има стаж на осигурување 30 месеци во непрекинато траење или 50 месеци со прекин во последните пет години;
4) седум месеци, ако има над пет до десет години стаж на осигурување;
5) единаесет месеци, ако има над десет до петнаесет години стаж на осигурување и
6) четиринаесет месеци, ако има над 15 години стаж на осигурување.

Со оспорената одредба од ставот 3 на овој член од Законот е предвидено дека на невработено лице кое има над 55 години возраст и најмалку 15години стаж на осигурување, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

4. Според член 1 став 1 од Уставот, Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, согласно член 8 став 1 алинеја 3 и 8 од Уставот.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 32 став 1 од Уставот, помеѓу другото се определува правото на материјална обезбедност за време на привремена невработеност, а според членот 34 од Уставот граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Согласно член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Во членот 51 од Уставот е предвидено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Од цитираните уставни одредби произлегува дека Република Македонија е социјална држава, во која социјалната правда е издигната на ниво на темелна вредност на уставниот поредок, а на сите граѓани им се гарантира еднаквост во слободите и правата пред Уставот и законите. Како начин за обезбедување на социјалната правда Уставот го прокламирал и утврдил правото на материјална обезбедност за време на привремена невработеност. Меѓутоа, под кои услови, во кој обем, за колкаво времетраење и на кој начин ќе се остварува ова право не е домен на уставната регулатива. Тоа е препуштено на уредувањето со закон и со колективните договори. Имено, правото на материјална обезбедност за време на привремена невработеност е регулирано со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Со одредбата од ставот 2 на членот 71 од овој закон е предвидено исплаќање на надоместок на невработено лице, со различно времетраење на периодот за исплаќање на надоместокот кој се движи од три до четиринаесет месеци во зависност од должината на стажот на осигурување, а возраста на невработеното лице не е поставена како ограничување или како услов.

Од анализата на оспорената одредба од ставот 3 на членот 71 од Законот, Судот утврди дека законодавецот не го определил децидно времетраењето на исплатата на паричниот надоместок како кај ставот 2, туку определил за лицето кое има над 55 години возраст и најмалку 15 години стаж на осигурување, исплатата на надоместокот да се врши до неговото вработување или настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

Имено, посебно издвоената одредба во ставот 3, е исклучокот од законското решение во ставот 2 од членот 71 од Законот, и регулира право на надоместок за повозрасна категорија на невработени лица со најмалку 15 години стаж на осигурување. Притоа законот ја определил само долната граница од најмалку 15 години стаж на осигурување кој треба како услов невработеното лице да го исполнува вклучително со условот од над 55 години возраст, за да се оствари правото на надомест по овој основ од Законот.

Имајќи ги предвид изнесените уставни норми и законски решенија, Судот утврди дека од аспект на наводите во иницијативата за оспорената одредба од Законот не може основано да се постави прашањето за согласноста со Уставот на Република Македонија. Ова поради тоа што оспорената одредба еднакво се однесува на невработените граѓани кои ги исполнуваат пропишаните услови на возраст и стаж на осигурување а водено и одредбата претставува поволно законско решение за категоријата на невработени лица со над 55 години возраст и со најмалку 15 години стаж на осигурување, третирана како посебен социјален проблем поради намалените можности за ново вработување за разлика од останатите невработени лица, кое нешто е во корелација и со членот 35 став 1 од Уставот и начелото на социјална правда.

5. Врз основа на погоре изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.180/2003)

# 64.

**- Закон за државните службеници**

*- Law on Civil Servants*

**- Општиот термин "соодветно на стекнатото" не имплицира дали соодветното звање е пониско или повисоко звање од она што го имал генералниот, односно државниот секретар пред неговото именување и законодавецот го поврзува со стекнатото звање што наведените лица го имале пред нивното именување.**
**Уставниот суд не е надлежен да ја оценува меѓусебната согласност на одредби од ист закон.**

*- The general term “appropriate to the acquired one” does not imply whether the appropriate title is lower of higher title than the one possessed by the Secretary General, that is, Secretary of State, prior to his/her appointment and the legislator relates it with the title acquired by the said persons prior to their appointment.*
*The Constitutional Court is not competent to assess the mutual concordance of provisions in the same law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 19 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 32 став 1 во делот: "е соодветно на стекнатото" од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003 и 17/2004).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата во делот за поведување постапка за оценување на меѓусебната согласност на став 5 со ставот 2 од членот 12 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Јанко Бачев од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 12 став 5 и членот 32 став 1 во делот: "е соодветно на стекнатото" од Законот за државните службеници.

Според подносителот на иницијативата Законот содржел повеќе одредби од кои можело да се заклучи дека постапката за селекција на кандидатите, кои треба да се вработат на работни места во државната служба, треба да биде транспарентна, отворена и со јасни правила, со цел да се развие отворен натпревар на кој би се верификувале способностите и професионалните капацитети на потенцијалните државни службеници и да се вработат стручни и квалитетни кадри. Оспорените одредби отстапувале од усвоениот уставен и законски концепт и од уставните гаранции за функционирање и кадровско пополнување на државната служба.

Поточно, со оспорениот член 12 став 5 од Законот, на Комисијата за спроведување на постапка за вработување и се давала можност врз основа на лично убедување и без критериуми да изготви листа од тројца кандидати, а врз основа на дискреционото право генералниот или државниот секретар да изврши конечен избор на кандидат. На овој начин се дерогирале одредбите од членот 12 став 2 од Законот, каде било предвидено Агенцијата за државни службеници да подготви листа од најмалку пет најуспешни кандидати. Постапката требала да заврши со избор на најдобриот и најуспешниот кандидат определен од страна на Агенцијата, а не врз основа на дискреционите права на Комисијата и генералниот односно државниот секретар.

Оспорениот дел од член 32 став 1 од Законот не бил во согласност со уставниот и законски концепт за државната служба затоа што на генералниот односно на државниот секратар му се давала можност и по распоредувањето да го задржи истото звање, без разлика на фактот што пред именувањето бил на работно место со пониско звање.

Оттаму, двете оспорени одредби ја нарушувале еднаквоста на граѓаните пред Уставот и ги ограничувале правата на учество во вршење на јавните функции. Воедно, со одредбите се правела повреда на достапноста на секое работно место под еднакви услови, се имплицирала правна несигурност и истите доведувале до различна интерпретација и примена, со што се повредувало владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

Поради повреда на членот 8 став 1 алинеја 3, членот 9 став 2, членот 23 и членот 32 став 2 од Уставот подносителот на иницијативата предлага Судот да ги поништи или укине оспорените одредби.

4. Судот на седницата утврди дека според содржината на член 11 став 3 од Законот за државните службеници генералниот, државниот секретар, како и функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон во кој не се именува генерален, односно државен секретар, формира Комисија за спроведување на постапка за вработување на државен службеник, составена од пет члена, притоа без да се нарушуваат критериумите пропишани со закон ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Согласно член 12 став 2 Агенцијата подготвува листа од најмалку пет најуспешни кандидати што го положиле стручниот испит, која ја доставува до Комисијата од член 11 став 3 на овој закон.

Согласно оспорениот член 12 став 5 од Законот, Комисијата од член 11 став 3 на овој закон по правило изготвува листа од тројца кандидати за секое работно место, врз основа на која генералниот секретар, државниот секретар, како и функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон во кој не се именува генерален, односно државен секретар ќе го врши изборот.

Согласно член 32 став 1 од Законот, кога генералниот, односно државниот секретар ќе биде разрешен, како и по истекот на

неговиот мандат министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон го распоредува во истиот или во друг орган на работно место и во звање кое е соодветно на стекнатото пред именувањето за генерален, односно државен секретар во рок од 30 дена од денот на разрешувањето, односно истекот на мандатот.

5. Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 23 од Уставот, секој има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Согласно член 32 став 2 од Уставот, секому под еднакви услови му е достапно секое работно место.

Тргнувајќи од изнесените наводи во иницијативата, според Судот, подносителот на иницијативата на погрешен начин ја толкува оспорената законска одредба. Имено, одредбата го користи терминот "е соодветно на стекнатото" и не дефинира дали соодветното звање е пониско или повисоко звање од она што го имал генералниот односно државниот секретар пред неговото именување. Оценувајќи го оспорениот дел во целина со останатиот дел од одредбата произлегува дека стекнатото соодветно звање законодавецот го поврзува со стекнатото звање што генералниот или државниот секретар го имале пред нивното именување.

Впрочем општиот поим "соодветно на стекнатото звање" во себе ги вклучува сите можни звања определени во членот 6 од Законот, а во примената на оспорената одредба стекнатото звање е истоветно со она звање што државниот или генерален секретар го имале пред именувањето.

Со оглед на фактот што подносителот на иницијативата погрешно ја толкува оспорената одредба Судот смета дека не може да се постави прашањето за нејзината несогласност со: член 8 став 1 алинеја 2, член 9 став 2, член 23 и член 32 став 2 од Уставот.

6. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на Уставот со законите и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Тргнувајќи од наводите на подносителот на иницијативата по однос на член 12 став 2 од Законот како и од определената надлежност на Уставниот суд од цитираниот член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, произлегува дека Уставниот суд не е надлежен да ја оценува меѓусебната неусогласеност на одредбите од ист закон.

Оттука, Судот оцени дека нема претпоставки да се впушти во оцена на основаноста на наводите по однос на тоа кој би бил надлежен за конечниот избор на лицето што конкурира за вработување.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.147/2003)

# 65.

**- Закон за работни односи (услови за стекнување право на испратнина)**

*- Law on Labour Relations (conditions to acquire the right to a send-off fee)*

**- Кога со закон е определено право на испратнина на работникот во зависност од работниот стаж поминат кај работодавецот кај кого му престанал работниот однос не се повредува уставното начело на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.**

*- The law defining the right to a send-off fee for the worker depending on the years of work with the employer where his/her employment has terminated does not violate the constitutional principle of equality of citizens before the Constitution and laws.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 130 став 1 точка 3 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 14/1995, 53/1997, 21/1998, 25/2000, 50/2001, 25/2003 и 40/2003).

2. Станка Митева од Радовиш на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од Законот означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорената законска одредба граѓаните биле доведени во нерамноправна положба спротивно на членот 9 од Уставот на Република Македонија, поради тоа што со неа се предвидувало работниците кои оствариле ист работен стаж да не добиваат еднаква испратнина од последниот работодавец каде им престанал работниот однос поради технолошки вишок, бидејќи работодавецот не бил должен во пресметувањето на

висината на испратнината да го вклучи и работниот стаж на работникот остварен кај други работодавци.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 130 став 1 од Законот за работни односи, ако на работникот му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, работодавецот е должен да му обезбеди едно од наведените права, меѓу кои во точката 3 е предвиден еднократен надомест во вид на испратнина во висина на едномесечна плата на работникот до три, односно за секои три години работен стаж наполнет кај работодавецот кај кого му престанува работниот однос, а најмногу осум месечни плати остварени во претходниот месец од денот на престанокот на работниот однос на работникот, што се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

4. Според членот 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно членот 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност, а според ставот 5 остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и колективни договори.

Во членот 58 став 1 од Уставот е определено дека сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето.

Поаѓајќи од основите на економските односи со кои се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, кои се утврдени со Уставот и имајќи го предвид уставното начело дека сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето, произлегува и определбата во Законот за работни односи дека работниот однос е доброволен, договорен однос помеѓу работникот и работодавецот.

Според тоа за работодавецот од една страна и работникот од друга страна настануваат права и обврски од моментот на склучувањето на тој договор.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека со оспорената одредба од Законот за работни односи со која се предвидува дека работникот на кој поради економски, технолошки,

структурални или слични промени ќе му престане работниот однос има право на испратнина во зависност од работниот стаж поминат кај работодавецот кај кого му престанува работниот однос, не се нарушува начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, утврдено во членот 9 од Уставот на Република Македонија. Имено, врз основа на оспорената законска одредба работодавецот е должен да им исплати испратнина во одредена висина, за она време и на оние работници кои учествувале во создавањето на капиталот без оглед на стажот поминат кај друг работодавец, што е во согласност со основите на општествено-економскиот систем и уставниот поредок утврден со Уставот на Република Македонија. Воедно правото на испратнина кое е предвидено со Законот важи и се однесува еднакво за сите граѓани кои ги исполниле условите пропишани со Законот.

Со оглед на наведеното Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од Законот со Уставот, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.11/2004)

# 66.

**- Закон за државните службеници**

*- Law on Civil Servants*

**- Право на законодавецот е да пропише определени критериуми за вршење на професијата државен службеник, заради обезбедување и заштита на професионалното функционирање на органите во кои државните службеници ги вршат надлежностите пропишани со закон.**

*- It is the right of the legislator to stipulate certain criteria for the performance of the profession of a civil servant, aimed at ensuring and protecting the professional functioning of the bodies in which civil servants perform the competences defined by law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 20 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 81 во делот "ако е осуден за кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за државен службеник и за вршење на службата во органот од член 3 од овој закон, со денот на врачувањето на правосилната пресуда" - од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003,17/2004 и 69/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на делот од одредбата на Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, со оспорената одредба од Законот било предвидено автоматски, по сила на самиот закон да му престане работниот однос на државниот службеник како правна последица од осуда за сторено кривично дело, а не како конкретна казна односно забрана што судот ја изрекол со своја одлука.

Со оглед на тоа што со оспорената законска одредба било предвидено правните последици од осудата да настапат по сила на законот, а не како конкретна казна (забрана) што судот ја изрекол во

рамките на видовите на казни односно санкции предвидени со Кривичниот законик, подносителот на иницијативата смета дека таа е во спротивност со членот 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, со кој е предвидено дека лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, и во спротивност со други одредби од Уставот (членот 8 став 1 алинеи 3 и 4, членот 9, членот 14 став 1, членот 51 став 1 и членот 98 став 1 и 2).

3. Судот на седницата утврди дека Законот за државните службеници во делот на одредбите кои се однесуваат на престанок на вработувањето, во членот 81 предвидел дека на државниот службеник му престанува вработувањето ако е осуден за кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за државен службеник и за вршење на службата во органот од членот 3 од овој закон, со денот на врачувањето на правосилната пресуда ако биде оценет со оцената "не задоволува" двапати последователно или во последните пет години најмалку трипати и во други случаи утврдени со закон.

4. Согласно членот 8 став 1 алинеја 1 и 3 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се предвидени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, и владеењето на правото.

Според членот 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Според член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Уставот на Република Македонија во делот на одредбите кои се однесуваат на економските, социјалните и културните права, во членот 32 став 1 утврдил дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност. Според ставот 2 од овој член од Уставот, секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, а во ставот 5 е предвидено дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Законот за државните службеници во членот 1 определил дека предмет на уредување на овој закон се статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници како и системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници.

Согласно членот 3 став 1 и 2 од овој Закон, државен службеник е лице кое врши стручни, нормативно правни, извршни, управно-надзорни работи и решава управни работи во согласност со Уставот и со закон. Државен службеник е лице вработено во органите на државната управа, во органите на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и стручните служби на: Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, судовите, Републичкиот судски совет, Народниот правобранител, Јавното обвинителство, Агенцијата за државни службеници и Државниот завод за ревизија.

Согласно членот 4 од Законот, за прашањата што не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, а се однесуваат на државните службеници, се применуваат општите прописи за работните односи.

Поаѓајќи од изнесените уставни и законски норми, во оцената на уставноста на оспорената одредба од членот 81 од Законот за државните службеници, Судот утврди дека таа не е во несогласност со Уставот кога како посебна причина за престанок на работниот однос на државниот службеник ја предвидел конкретната состојба предизвикана од самиот вработен како сторител на кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за државен службеник и за вршење на службата во органот од членот 3 на овој закон, со денот кога на тоа лице му е врачена правосилната пресуда.

Ова поради тоа што со оспорената законска одредба јасно е утврден причинскиот однос на забраната на вработениот да продолжи да биде во работен однос поради постоење на правосилна судска пресуда со која е утврдено дека државниот службеник сторил такво кривично дело со кое ја злоупотребил својата положба при вршењето на службената должност или друго кривично дело кое го прави недостен за државен службеник.

Имено, оспорената законска одредба прецизно утврдува дека за престанок на работниот однос на државниот службеник првенствено се поаѓа од постоење на правосилна пресуда на судот со која е осудено лицето кое е во работен однос како државен службеник за кривично дело во врска со службената должност, а не препушта на претпоставки за сторено кривично дело.

Судот утврди дека оспорената одредба од членот 81 од Законот за државните службеници регулира одредена состојба како причина за престанок на работниот однос на државниот службеник што е право на законодавецот со закон да пропише извесни критериуми инкорпорирани во оваа професија, заради обезбедување и заштита на професионалното функционирање на органите во кои државните службеници ги вршат надлежностите пропишани со закон.

Оттука, според Судот,за оспорената одредба не може да се постави прашањето за несогласност со Уставот, од причините кои се изнесени во иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот  Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.95/2004)

## 8. Локална самоуправа

*8. Local self-government*

# 67.

**- Жалба против првостепеното решение на градоначалникот**

*- Appeal against a first instance resolution of a Mayor*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членот 28 алинеја 1 и членот 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 63 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорениот член од Законот било предвидено дека за решавање на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица, градоначалникот донесува решенија, но не било предвидено кој орган одлучувал по евентуално поднесена жалба против првостепеното решение на градоначалникот.

Со оглед на тоа што оспорената законска одредба го исклучувала правото на жалба против решението на градоначалникот кое има карактер на управен акт, произлегувало дека оспорената одредба била во несогласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 15 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека Законот, во главата VII - "Акти на органите на општините", го предвидел членот 62 кој се однесува на прописите што Советот на општината ги донесува, и членот 63 кој се однесува на актите на градоначалникот на општината.

Во оспорениот член 63 од Законот, е предвидено дека за решавање на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица, градоначалникот донесува решенија.

4. Согласно членот 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија, меѓу другото, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно членот 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот утврди дека нема надлежност да одлучува по иницијативата со која се оспорува членот 63 од Законот за локална самоуправа затоа што не регулирал прашања кои според подносителот на иницијативата требале да бидат регулирани, со оглед на тоа што Судот е надлежен да одлучува за она што оспорениот акт содржи, а не што би требало да содржи.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.153/2004)

# 68.

**- Право на избор за член на совет или градоначалник**

*- Right to be elected a council member or mayor*

**- Полнолетно и деловно способно лице кое е државјанин на Република Македонија може да има право да биде избрано за член на советот или градоначалник под услов да не се наоѓа на издржување на казната затвор за сторено кривично дело.**

*- A person who is an adult and has civil capacity and who is a citizen of the Republic of Macedonia may have the right to be elected a council member or mayor if he/she is not serving a prison sentence for a committed criminal offence.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 3 став 2 во делот: "не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело", од Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/1996, 56/1996, 12/2003, 35/2004 и 42/2004-исправка).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување

постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата, со оспорената законска одредба се предвидувало забрана за избор на лице за член на совет и градоначалник ако лицето се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

Од причина што со ваквото законско решение се ограничувале слободите и правата на граѓаните, оспорената законска одредба била во спротивност со член 8 став 1 алинеја 5 од Уставот, во која се утврдува една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, односно политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори. Според подносителот на иницијативата исто така оспорената законска одредба не била во согласност и со членовите 9, 22, 23 и 54 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Според наводите во иницијативата, Уставот не правел разлика меѓу активното и пасивното избирачко право, што подразбирало дека со исполнувањето на утврдените услови граѓанинот стекнува право да избира и да биде избран. При тоа, Уставот не предвидувал никакви посебни услови за стекнување на пасивното избирачко право. Со оглед на тоа што Уставот ги утврдил основните изборни принципи, според подносителот, правна претпоставка е дека изборните закони мора да бидат во согласност со Уставот (член 8 став 1 алинеја 3 и член 51), што значи дека тие не можеле да содржат ограничување ниту на активното, ни на пасивното избирачко право, поради што произлегувало дека оспорената одредба е неуставна.

Поради изнесените причини, предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот за локалните избори.

3. Судот на седницата утврди дека Законот за локалните избори со одредбата од членот 3 став 2 предвидува дека право да биде избран за член на совет и градоначалник има секој државјанин на Република Македонија кој:

- наполнил 18 години живот;
- има деловна способност;

- не се наоѓа на издржување на казна затвор за сторено кривично дело; и

- е со постојано живеалиште во општина и градот Скопје, каде што се врши изборот.

4. Според член 9 од Уставот на Република Македонија граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Според член 22 од Уставот, секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право кое е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање, а избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

Според член 23 од Уставот секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Во Главата V од Уставот на Република Македонија во членовите 114 - 117, се содржани одредбите за локалната самоуправа, односно принципите на демократската локална самоуправа, што се согледува преку фактот што локалната самоуправа претставува уставна категорија. Локалната самоуправа има уставна положба и со Уставот загарантирана самостојност и самоуправност во политичкиот систем на Република Македонија. Правото на локалната самоуправа е несомнено политичко право на граѓаните кое ним им овозможува непосредно или преку избрани претставнички органи да одлучуваат за работите од локално значење во единиците на локалната самоуправа.

Во членот 114 став 1 и 2 од Уставот е утврдено дека на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа, а единици на локалната самоуправа се општините. Согласно Амандман XVI точка 1 со кој е заменет ставот 5 на член 114, локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Законите за локално финансирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните

пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Согласно Амандманот XVII со точката 1, со кој е заменет ставот 1 на членот 115 од Уставот, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштита на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Во однос на изнесените уставно определени надлежности со Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) треба да се има предвид дека органите на општините - советот на општината и градоначалникот имаат посебни надлежности во функционирањето на локалната самоуправа во општината. Имено, советот на општината е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината. Членовите на советот во остварувањето на својата функција имаат определени права и должности. Така, членовите на советот имаат право и должност да присуствуваат и учествуваат во работата на советот и неговите постојани или привремени комисии, како и право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот. Членовите на советот уживаат имунитет и истите не можат да бидат повикани на кривична одговорност или да бидат притворени за искажаното мислење или за гласање во советот. Постои можност на одземање на мандатот на член на советот, доколку тој неоправдано отсуствува од три седници на советот по ред.

Поаѓајќи од фактот што функционалната вредност на локалната самоуправа се изразува исклучиво низ степенот на остварување на надлежностите, аналогно на тоа произлегува и потребата од непречено делување на секој член на советот, односно градоначалник, заради реализација на функциите што се во нивна надлежност.

Имајќи го во вид изнесеното, работењето и функционирањето на локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија и зачувување, односно вградување

на принципите врз кои таа се организира и функционира, бара неопходно присуство на лицата кои ги сочинуваат органите на општината - членовите на советот на општината и градоначалникот, за тие да ја вршат непосредно својата функција, односно правата и обврските што произлегуваат од истата.

Оттука, оспорената законска одредба според која полнолетно и деловно способно лице кое е државјанин на Република Македонија и е со постојано живеалиште во општината може да има право да биде избрано за член на советот или градоначалник под услов да не се наоѓа на издржување на казната затвор за сторено кривично дело, е во согласност со Уставот, од причина што ваквата законска определба е во духот на една од темелните вредности на Уставот - правото на граѓаните на локална самоуправа.

Имајќи предвид дека со Законот за локалните избори, се уредуваат постапката и условите за избор на членови на советот на единиците на локалната самоуправа, и дека во случајов со оспорената законска одредба е предвиден услов кој не е во спротивност со определбите на Уставот, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за уставноста на оспорената одредба од Законот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.136/2004)

# 69.

**- Надоместок на членовите на органите за спроведување на изборите**

*- Compensation of the members of bodies for the conduct of elections*

**- Законското овластување на министерот за финансии за утврдување на критериуми за висината на надоместоците нема уставна основа, бидејќи Законот за локалните избори не содржи никакви критериуми за утврдување на висината на надоместокот на членовите на органите за спроведување на изборите.**

*- The legal authorisation of the Minister of Finance to determine criteria as to the amount of compensations is not constitutionally founded, since the Law on Local Elections does not contain any criteria for the determination of the amount of compensation of the members of the bodies for the conduct of elections.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 декември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 13 став 2 во делот: "чија висина се утврдува врз основа на критериумите утврдени од страна на министерот за финансии" од Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/1996, 48/1996 - исправка, 56/1996-исправка, 12/2003, 35/2004, 42/2004 - исправка, 52/2004 и 60/2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.135/2004 од 27 октомври 2004 година по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје поведе постапка за оценување на уставноста на одредбата означена во точката 1 од оваа одлука поради тоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според член 13 став 2 од Законот за локалните избори, членовите на органите за спроведување на изборите за извршената работа имаат право на надоместок, чија висина се утврдува врз основа на критериумите утврдени од страна на министерот за финансии.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 4 од Уставот, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законите и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), министерот, меѓу другото, донесува правилници за извршување на законите кога за тоа е овластен со закон. Според член 56 став 1 од овој закон, со правилник се утврдуваат и разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување, а според член 64 став 1 од овој закон, со актите кои ги донесува министерот не може за граѓаните и правните лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи.

Тргнувајќи од наведените уставни и законски одредби, а имајќи ја предвид содржината на оспорениот дел од одредбата,

според мислење на Судот, овластувањето на министерот за финансии за утврдување на критериумите за висината на надоместокот на членовите на органите за спроведување на изборите, нема уставна основа, од причина што во Законот за локалните избори не се содржани никакви критериуми во однос на тие прашања.

Според Судот, ова овластување отстапува и од општиот принцип на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска. Ваквата законска определба не може да се толкува како разработка на конкретна законска норма во функција на нејзино извршување. Исто така, во примената на утврдените критериуми за висината на надоместокот на членовите на органите за спроведување на изборите се создава можност за арбитрерност на извршната власт.

Фактот што министерот за финансии е надлежен за работите од областа на финансиите, не може да биде основ за навлегување во законодавната власт.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски,Махмут Јусуфи,Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.135/2004)

# 70.

**- Одлука за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на територијата на општина Велес, Совет на општина Велес**

- Decision to determine a compensation for the use of building terrain on the territory of the municipality of Veles, Council of the Municipality of Veles

**- Општините не можат да носат одлуки за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште во услови кога таков надоместок не е утврден со закон.**

*- Municipalities may not take decisions for the determination of a compensation for the use of building terrain in conditions when such compensation is not defined by law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 март 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на територијата на општина Велес, донесена од Советот на општина Велес на 26 мај 2000 година и на 25 април 2001 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на трговското друштво за производство и обработка на тутун "СОКОМАК БИТОЛА" – АД Битола, со решение У.бр. 193/2002 од 26 март 2003 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и со законите.

4. Судот на седницата утврди дека врз основа на член 17 точка 4 од Законот за локалната самоуправа и членовите 44 и 45 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/1979, 18/1989 и 21/1991), Советот на општината Велес донел Одлука за утврдување надоместок за употреба на

градежно земјиште на територијата на општина Велес, со која се утврдува обврска за плаќање на надоместок за употреба на градежното земјиште на подрачјето на општина Велес, висината и роковите на плаќање и начинот на пресметување на овој надоместок.

5. Согласно член 11 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци и такси утврдени со закон.

Според член 17 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/1995), кој согласно член 96 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), продолжува да се применува до усогласувањето на посебните закони со кои се уредуваат прашањата од надлежност на општините, но најдоцна до 31 декември 2003 година, единиците на локалната самоуправа самостојно донесуваат програма за уредување на градежното земјиште, вршат работи на уредување и употреба на градежното земјиште во согласност со закон и утврдуваат зони и собираат земјишна такса во согласност со закон.

Од наведеното произлегува дека единиците на локалната самоуправа вршат работи на уредување и употреба на градежното земјиште и утврдуваат зони и собираат земјишна такса во согласност со закон.

Во членот 13 од Законот за комуналните дејности од 1997 година, меѓу другото е уредено дека изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура се финансира од надоместок за употреба на градежно земјиште во висина од 50 % од вкупно прибраните средства по оваа основа.

Очигледно е дека наведената одредба од Законот за комунални дејности не може да биде основ за воведување на надоместок за употреба на градежно змејиште, туку ова е норма со која се утврдува дека изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура се финансираат од надоместокот за употреба на градежното земјиште кој во тоа време согласно Законот за градежно земјиште го утврдуваше собранието, односно советот на општината со одлука.

Имено, Законот за градежното земјиште кој престана да важи содржеше посебни глави кои се однесуваа на уредувањето и на употребата на градежното земјиште.

Така, во делот од овој закон кој се однесуваше на употребата на градежното земјиште, односно во членот 44 беше утврдено дека собранието, односно советот на општината може да утврди надоместок за употреба на градежното земјиште според обемот и степенот на опременоста со комунални објекти и инсталации. Со одлука се утврдува висината, роковите на плаќањето и начинот на пресметувањето на надоместокот. Надоместокот го плаќа непосредниот корисник на земјиштето, а како непосреден корисник се смета носителот на правото на користење на недвижности и нивниот сопственик.

Оттука произлегува дека надоместокот за употреба на градежното земјиште беше утврден со Законот за градежното земјиште.

Законот за градежното земјиште од 2001 година концепциски е поставен на сосема поинакви основи од претходниот закон. Имено, за разлика од поранешниот закон, според кој градежното земјиште единствено беше на Републиката, според постојниот закон градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија и на домашни физички и правни лица под услови утврдени со овој и друг закон. Носителот на правото на сопственост на градежното земјиште може земјиштето да го отуѓи и даде под долготраен и краткотраен закуп. Градежното земјиште во сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под концесија и под закуп.

Врз основа на изнесеното, произлегува дека според постојниот Закон за градежно земјиште, градежното земјиште може да биде во сопственост или пак за него да се плаќа закуп. Оттука, овој закон содржи одредби за уредувањето на градежното земјиште, меѓутоа не содржи одредби за употреба на градежното земјиште. Имено, ако се има предвид дека според Законот, градежното земјиште е во сопственост или, пак, за него се плаќа закуп, надоместокот за употреба на градежното земјиште не е уреден со овој закон, иако трансформацијата на градежното земјиште не е завршена.

Тргнувајќи од фактот дека надоместокот за употреба на градежното земјиште не е утврден со закон, Судот оцени дека оспорената одлука не е во согласност со Законот за градежно земјиште и со Законот за локалната самоуправа.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.193/2002)

# 71.

**- Одлука за утврдување на максимално дозволена висина на објектите во Охрид, Совет на општина Охрид**

*- Decision to determine the maximum allowed height of the buildings in Ohrid, Council of the Municipality of Ohrid*

**- Со донесување на одлука за утврдување на максимално дозволена висина на објекти, Советот на општината презема надлежност за која нема законско овластување и уредува прашања од доменот на стандардите и нормативите за уредување на просторот, кои не се негов предмет на уредување.**

*- By taking the decision to determine the maximum allowed height of buildings, the Council of the municipality undertakes a competence for which it does not have legal authorisation and regulates issues from the sphere of standards and norms for the regulation of space, which are not its object of regulation.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 март 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за утврдување на максимално дозволена висина на објектите во Охрид бр.07-408/10 од 22 мај 2003 година, донесена од Советот на општина Охрид, ("Службен гласник на општина Охрид" бр.3/2003).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијативите на д-р Никола Наумов, градоначалник на општина Охрид и на Божо Илоски од Охрид, со решение У.бр.110/2003 и У.бр.1/2004 од 4 февруари 2004 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4. Судот на седницата утврди дека врз основа на членот 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Советот на општина Охрид на седница одржана на 22 мај 2003 година, донел Одлука за утврдување на максимално дозволена висина на објектите во Охрид.

Според членот 1 од оваа одлука, максимално дозволената висина на објектите во Охрид, при планирањето на просторот /урбанизација/ во рамките на постоечките стандарди и нормативи, утврдени со закон или подзаконски акти од државните органи, не може да ги надмине висините утврдени со оваа одлука.

Во членот 2 е определено дека во Стариот дел на градот каде се предвидува изградба на семејна куќа, најголемата висина до венецот не може да биде повисока од 9 м. Во Централното градско

подрачје и Втора урбана единица во висина на објектите до венецот не можат да бидат повисоки од 13,5 м. Во урбаните единици што се наоѓаат на десната страна од Булеварот Туристичка, гледана во правец Охрид – Подмоље висината на објектите, ако другите параметри тоа го дозволуваат, да изнесува 18 м до венецот.

Според членот 3 од Одлуката, при планирањето на просторот што е предмет на урбанизација, изготвувачот е должен согласно постоечките стандарди и нормативи, да обезбеди простор за паркирање и хортикултура најмалку во големина утврдена со постојните нормативи а потоа да ја утврди максималната висина на објектот во согласност со определбата од член 2 на оваа одлука.

Во членот 4 е уредено дека Општината Охрид при изготвувањето на проектната задача што ќе ја достави до изготвувачот на урбанистичкото решение е должен да ги почитува одредбите на оваа одлука по однос на утврдените висини.

При конечното усвојување на Одлуката за урбанизација на проектот, висините во предложената одлука не можат да бидат повисоки од утврдените.

Согласно членот 5, оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во службен гласник на општината Охрид.

5. Судот во оценка на уставноста и законитоста на оспорената Одлука, утврди дека Советот на општината Охрид ја донел Одлуката за утврдување на максимално дозволената висина на објектите во Охрид, врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002). Меѓутоа, според оваа законска одредба не произлегува надлежност и овластување на Советот за донесување на оспорената Одлука и за уредување на прашањето кое се третира во Одлуката.

Согласно членот 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002), предмет на уредување со овој закон, меѓу другото, се планирањето на просторот, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесување на плановите и утврдувањето на условите за градба.

Во делот на одредбите од Законот кои се однесуваат на планирање на просторот, со членот 7 е предвидено дека во зависност

од просторот кој е предмет на планирање се донесуваат следниве планови: 1. Просторни планови, во кои е предвиден просторен план на Републиката; и 2. Урбанистички планови, во кои се предвидени генерален урбанистички план, детален урбанистички план и урбанистичка документација за населено место во општината.

Доколку за населено место во општината нема урбанистичка документација, до нејзиното донесување, согласно членот 25 од Законот, изградбата може да се врши под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината. Општиот акт се донесува по претходна согласност на Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Исто така, Судот утврди дека Министерството за транспорт и врски со акт број 19-5031 од 26 мај 2003 година ја известило општината Охрид дека не дава согласност за донесување на Одлуката.

Од анализата на одредбите на оспорената Одлука од аспект на изнесените одредби од членот 7 и членот 25 од Законот, произ-легува дека Одлуката содржи норми за начинот и условите за планирање на просторот и покрај тоа што не се однесува исклучиво за определено населено место во оштината каде нема урбанистичка документација и нема согласност од надлежното министерство за донесување на Одлу-ката, бидејќи не претставува акт во смисла на членот 25 од Законот. Исто така, иако е неспорно дека урбанис-тичките планови од член 7 став 2 се донесуваат согласно Законот со одлуки на општините, тие не може да ги пропишуваат техничките услови за изработка на плановите и да го планираат начинот на остварување на правото на градење, ниту имаат законско овласту-вање да пропишуваат услови или постапка за тоа. Ова поради тоа што според членот 16 од наведениот Закон, изработувањето на сите урбанистички планови го врши правно лице овластено од министерот надлежен за работите на уредувањето на просторот ако во редовен рабо-тен однос има најмалку три овластени лица со лиценца за изработка на урбанистички планови. По исклучок, овластување за изработка на урбанистички пла-нови, освен генерален урбанистички план, може да добие правно лице кое во редовен работен однос има најмалку едно овластено лице со лиценца за изработка на урбанистички планови. Носител на изработување на урбанистички планови може да биде дипломиран архитект кој поседува лиценца за вршење на оваа дејност и кој е должен во тимот да вклучи стручни лица од различни области со најмалку VII степен на стручна

подготовка. За добивање на лиценца се полага испит пред комисија што ја определува министерот над-лежен за работите на уредување на просторот кој воедно го пропишува и начинот и програмата за полагање на испитот за добивање на лиценца.

Во членот 21-а од Законот е утврдено дека при изработување на урбанистичките планови од членот 7 став 2, општите акти од членот 25 и урбанистичкиот проект од член 32 на овој закон, задол-жително се при-менуваат нормативите и стандардите за уредување на просто-рот. Со стандардите и нормативите се утврду-ваат основите за пораци-онално планирање, уредување и користење на просторот, создавање услови за хумано живеење и работа на граѓаните во населените места и во подрачјата предвидени за градба. Овие стан-дарди и нормативи ги донесува министерот надлежен за работите на уредување на просторот.

Врз основа на членот 21-а од Законот, министерот за тран-спорт и врски донел Правилник за стандардите и нормативите за уредување на просторот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/2002 и 50/2003).

Во делот на одредбите од Правилникот со кои се уре-дени урбанистичките стандарди и нормативи, со членот 24 е предвидено дека при планирање на максималната височина на содржините на урбанистич-киот план се утврдува максимална височина во метри. Ако се работи за урбани модули лоцирани на терен во пад (над 10% косина), утврдувањето на височината се врши со назначување на апсолутна кота до која може да се реализира изградбата на објектите, поврзани со визурата на соседните објекти и содржини од погорните урбани модули, односно се назначува котата на слемето. Височината на објект се опреде-лува од нивото на тротоарот односно сообраќајни-цата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот (за рамни терени), односно до слемето на објектот (за коси терени). При планирањето, максималната височина на новопредвидените семејни куќи може да изнесува 10,20 метри, а кај куќите со внатрешен двор може да изнесува 7,20 метри. Максималната височина на новопредвидените станбени објекти – структури изнесува 19,20 метри, а кај куќи поврзани во блок (максимум 6 куќи во низа) изнесува 13,20 метри. При утврдувањето на максималната височина на објектите, едно ниво во станбените објекти е со максимална височина (конструктивна височина) 3 метри. За станбените објекти котата на првото ниво во однос на теренот изнесува максимум 1,20 метри.

Исто така, со одредбите од Правилникот се опфатени стандарди и нормативи од различни аспекти за уредување на просторот кои се применуваат при изработувањето и спроведувањето на плановите и актите за планирање на просторот предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

6. Врз основа на изнесеното, Судот утврди дека со Законот за просторно и урбанистичко планирање, покрај тоа што се уредени прашањата за видовите и содржината на плановите и актите за плани-рање на просторот и постапката за нивно донесување, пропишани се и начинот и условите под кои правно или физичко лице може да биде овластено за нивна изработка. Меѓутоа, со законот децидно е определено дека при изработката на плановите, овластеното лице кое ги изготвува плановите, задолжително треба да ги применува стандардите и нормати-вите за уредување на просторот, кои ги донесува ресорниот министер надлежен за работите на уредување на просторот. Оттука, овие стандар-ди и нормативи кои врз основа на законското овластување се донесени со Правилникот на надлежниот министер, еднакво треба да се применуваат од лицата кои ги изработуваат плановите и актите за планирање на просторот.

Со оглед на тоа, со донесувањето на оспорената Одлука за утврдување на максимално дозволена висина на објектите во Охрид, според Судот Советот на општината Охрид презел надлежност за која нема законско овластување и уредувал прашања од доменот на стандардите и нормати-вите за уредување на просторот, кои не се негов предмет на уредување.

Поради наведеното Судот утврди дека оспорената Одлука не е во согласност со одредбите од член 7, член 25 и член 21-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање и се повредува уставниот принцип на владеење на правото, утврден во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.110/2003 и У.бр.1/2004)

# 72.

**- Одлука за определување на месечен паушал на членовите на Советот на општина Блатец, Совет на општина Блатец**

*- Decision for the determination of a monthly lump sum of the members of the Council of the Municipality of Blatec, Council of the Municipality of Blatec*

**- Членовите на советот на општината имаат право на надоместок за присуство на седница и надоместок на патни и дневни трошоци, но не и на месечен паушален надоместок.**

*- The members of the municipal council have the right to a compensation for their attendance of sessions and compensation for travel and daily expenses, but not to a monthly lump sum.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 5 мај 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за определување на месечен паушал на членовите на Советот на општина Блатец, донесена од Советот на општина Блатец под бр.07-144/1 од 26 август 2003 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијативата на Бранко Јанкулов, градоначалник на општина

Блатец, со Решение У.бр.155/2003 од 24 март 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и закон.

4. Судот на седницата утврди дека врз основа на членот 45 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на општина Блатец на седница одржана на 26 август 2003 година ја донел Одлуката под бр.07-144/1 за определување месечен паушал на членовите на Советот на општина Блатец.

Според членот 1 од оваа одлука, на членовите на Советот на општина Блатец им се определува месечен паушал во висина од 2000,00 денари, а според членот 2, Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Блатец".

5. Согласно одредбите од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), како органи на општината се предвидени советот и градоначалникот. Советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината и членовите на советот се избираат на избори со тајно гласање на граѓаните, за време од четири години.

Според членот 45 од овој Закон, членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци, во рамките утврдени со закон.

Со членот 100 од овој закон е предвидено дека до донесувањето на законот од членот 45, членовите на советот ќе примаат надоместок за присуство на седница на советот без оглед на нејзиното времетраење, најмногу до 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а надоместоците за патните и дневните трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Од наведените законски одредби Судот утврди дека со Законот за локална самоуправа се предвидува право на членовите на советот да примаат надоместокок за присуство на седница ограничувајќи го горниот лимит најмногу до 30% од просечната нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, и го предвидува правото на советниците на надоместок на патни и

дневни трошоци, кои до донесувањето на посебниот закон ќе им се исплатува според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Имајќи ја предвид содржината на оспорената одлука и изнесените одредби од Законот за локална самоуправа, произлегува дека членовите на Советот на општина Блатец имаат право на надоместок за присуство на седница и надоместок на патни и дневни трошоци, а не месечен паушален надоместок, поради што Судот утврди дека оспорената Одлука не е во согласност со законот.

Воедно, Судот утврди дека поради тоа што со оспорената Одлука е предвидено таа да влезе во сила со денот на донесувањето, а не по објавувањето во Службен гласник на општината, одлуката не е во согласност и со членот 52 став 1 од Уставот, според кој законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.155/2003)

# 73.

**- Статут на општина Кисела Вода**

*- Statute of the Municipality of Kisela Voda*

**- Контролата која Општината ја врши врз трошењето на средствата што ќе му бидат пренесени на обликот на месната самоуправа за извршување на делегираните надлежности не е во спротивност со Законот за локалната самоуправа и не ја нарушува самостојноста на обликот на месната самоуправа.**

*- The control that the Municipality exercises on the expenditure of the funds that will be transferred to the form of the neighbourhood self-government for the performance of the delegated competences is not in contradiction with the Law on Local Self-Government and does not violate the autonomy of the form of neighbourhood self-government.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на законитоста на членовите: 97 и 110 од Статутот на општина Кисела Вода - Скопје ("Службен гласник на Град Скопје бр.13/2002).

2. Заедницата на месни заедници од подрачјето на општина Кисела Вода-Скопје, застапувана преку адвокат Дафинка Ивановска од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на одредбите од Статутот на општина Кисела Вода - Скопје, означени во точката 1 од ова решение.

Подносителот на иницијативата врз основа на содржината на членот 86 од Законот за локалната самоуправа смета дека првооспорената одредба од Статутот и давала овластување на општинската администрација да врши незаконска контрола над работата на обликот на месна самоуправа. Според подносителот на иницијативата, споменатата законска одредба давала можност за надзор од страна на градоначалникот само по однос на делегираните работи и пренесените средства, а со статутарната одредба се овозможувала целосна контрола над работата на обликот на месната самоуправа. Понатаму, одредбите од Законот не давале можност Советот на општината со Статут да ја определи општинската администрација како субјект на надзор над трошењето на средства во

месната самоуправа, бидејќи градоначалникот со решение за делегирање на надлежностите го определувал субјектот на надзор.

Оттаму, според подносителот на иницијативата членот 97 став 2 бил спротивен на членот 96 од Статутот на општината Кисела Вода, како и на членот 86 од Законот за локалната самоуправа.

Несогласноста на оспорениот член 110 од Статутот со членот 103 од Законот за локалната самоуправа, подносителот на иницијативата ја согледува во фактот што статутарната одредба давала можност за продолжување со работа до наредните локални избори, само за месните заедници, но не и за нивните органи. Ова од причина што за разлика од законската одредба, статутарната одредба пропуштила да ги внесе зборовите: "односно нивните органи".

Оттаму, незаконското преточување на одредбата можело да доведе до правен хаос во месната самоуправа и до меѓувремено нелегитимно спроведување на избори на органите на локалната самоуправа.

Со иницијативата се предлага Судот да ги укине оспорените одредби.

3. Судот на седницата утврди дека според содржината на член 97 став 1 од Статутот на општина Кисела Вода, општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Според содржината на ставот 2 на член 97 од Статутот, контрола врз трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

Според содржината на член 110 од Статутот постојните месни заедници продолжуваат со работа со истите надлежности, права и обврски до наредните избори.

4. Согласно член 31 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), органи на општината се: советот и градоначалникот.

Според член 50 став 1 алинеја 13 и 16 од Законот, градоначалникот раководи со општинската администрација и врши други работи утврдени со закон и со статут.

Според член 57 став 1 од Законот, за извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

Во членот 60 од Законот се определени обврските и работите што ги врши општинската администрација, со тоа што во ставот 8 од истата одредба е определено дека општинската администрација врши и други работи што ќе ѝ ги определи советот и градоначалникот.

Според член 86 став 1 од Законот, градоначалникот може на претседателот на советот на урбаната, односно месната заедица да му делегира вршење на определени работи од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на начин утврден со статут. Според ставот 2 од истата одредба со решението од ставот 1 на овој член се утврдуваат и средствата за вршење на работите од ставот 1 на овој член, како и начинот на вршење надзор над нивното извршување.

Во членот 96 став 1 од Статутот е предвидено дека градоначалникот на општината со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа. Според став 2 од истата одредба, средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста, а според ставот 3 со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Тргнувајќи од содржината на оспорениот член 97 став 1 од Статутот произлегува дека општинската администрација врши стручни, административно - технички и сметководствено-финансиски работи на органот на обликот на месната самоуправа. Притоа, вршењето на наведените работи, според Судот, не може да се прифати како целосна контрола над работењето на органот на обликот на месната самоуправа, како што тврди подносителот на иницијативата, бидејќи ставот 2 од истата одредба ја лоцирал и ја ограничил контролата врз трошењето на средствата само по однос на

оние средства што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности.

Врз основа на содржината на цитираните одредби од Законот произлегува дека општинската администрација е служба што врши работи како за Советот на општината, така и за градоначалникот. Оттука, не може да се прифати како основан наводот од иницијативата дека Советот на општината со оспорената одредба од Статутот ја определил општинската администрација како субјектот на надзор врз трошењето на средствата во месната самоуправа, со што се оневозможувал градоначалникот да го определи субјектот на надзорот. Впрочем, самиот подносител на иницијативата упатува на членот 96 од Статутот во кој е определено дека градоначалникот на општината со решението за делегирање на надлежноста го определува органот и начинот на вршење на надзор.

Со оглед на тоа што финансиската контролата и надзорот врз работата на месната самоуправа со оспорената одредба се ограничени само по однос на делегираните надлежности и средствата обезбедени за извршување на тие надлежности, не се задира во самостојноста на месната самоуправа, па оттука становиштето на Судот изразено во постапката по предметот У.бр.180/1996, на кој се упатува со иницијативата, во конкретниот случај не може да најде примена.

Што се однесува до наводот на подносителот на иницијативата за несогласност на оспорената одредба со членот 96 од Статутот на општината Кисела Вода, согласно член 110 до Уставот на Република Македонија, Уставниот суд не е надлежен да ја цени меѓусебната согласност на одредбите од ист пропис.

Врз основа на изнесеното произлегува дека оспорениот член 97 од Статутот не отстапува од законското решение содржано во членот 86 од Законот за локалната самоуправа, поради што не може да се постави прашањето за неговата законитост.

5. Согласно член 103 од Законот за локалната самоуправа постојните месни заедници односно нивните органи продолжуваат со работа со истите надлежности, права и обврски до наредните избори.

Во второосporениот член 110 од Статутот евидентно е отсуството на формулацијата "односно нивните органи" за разлика од членот 103 од Законот каде ваквата формулација постои во целината

на одредбата. Меѓутоа, овој факт според Судот не е од такво влијание за да ја доведе под сомнение согласноста на оспорената одредба по однос на законската одредба.

Ова од причини што постојните месни заедници своето функционирање го остваруваат преку своите органи, без оглед дали тие органи се внесени во сега оспорената статутарна одредба и без оглед на моменталната состојба во општината Кисела Вода. Од друга страна, според становиштето на Судот изразено во предметот У.бр.89/1994, за остварувањ е на правото на граѓаните на месна самоуправа не е услов донесувањето на закон со кој би се уредиле облиците и начините на неговото остварување. Тоа значи дека граѓаните во општината се слободни, во рамките на утврдените права од локално значење и без чекање на решенија утврдени со закон или со акти на општината, да ги основаат и да ги остваруваат облиците на месна самоуправа. Граѓаните во месните заедници имаат право, непосредно врз основа на Уставот да организираат и спроведат избори за советите на месните заедници како еден од можните облици на остварување на месната самоуправа, а општината нема право непосредно врз основа на Уставот да ги ограничува граѓаните во основањето и остварувањето на облиците на месна самоуправа.

Оттука, оспорениот член 110 од Стаутот не би можел да се проблематизира по однос на неговата согласност со членот 103 од Законот за локалната самопурава.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.159/2003)

# 74.

**- Статут на општина Крушево, донесен од Советот на општина Крушево**

*- Statute of the municipality of Krusevo, adopted by the Council of the municipality of Krusevo*

**- Не е согласно со Законот за локалната самоуправа на советот на општината да му се дава можност да не го потврди прописот или да не расправа по него во определениот рок, а да се задолжува градоначалникот без став на советот да го објави прописот и едновремено да поднесе иницијатива за оценување на неговата уставност и законитост.**

*- It is not in accordance with the Law on Local Self-Government to give the municipal council a possibility not to confirm the regulation or not to debate on it within the time limit defined, and to task the mayor without the stance of the council to announce the regulation and at the same time to submit an initiative for the assessment of its constitutionality and legality.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 44 став 4 од Статутот на општина Крушево, донесен од Советот на општина Крушево на седницата од 23 јуни 2003 година ("Службен гласник на општина Крушево" бр.29/2003).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на градоначалникот на општина Крушево со решение У.бр.33/2004 од 16 јуни 2004 година поведе постапка за оценување на законитоста на статутот означен во точката 1 од оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002).

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 44 став 4 од Статутот ако Советот го потврди прописот или не расправа во рок од став 3 на овој член, градоначалникот е должен да го објави прописот и едновремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

5. Согласно Амандманот XVI од Уставот на Република Македонија локалната самоуправа се уредува со закон.

Согласно став 1 на член 7 од Законот за локалната самоуправа општината го уредува вршењето на своите надлежности со статут и со други прописи.

Во членот 36 од Законот е предвидено дека советот го донесува статутот на општината и други прописи.

Во членот 50 став 1 точка 2 од Законот е предвидено дека градоначалникот ја контролира законитоста на прописите на советот.

Според член 51 став 1 од Законот ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување во кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Согласно ставот 2 на овој член од Законот советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 да го разгледа решението и да одлучи по него.

Според ставот 3 на овој член од Законот ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и едновремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

Од наведените законски одредби произлегува дека Законот за локалната самоуправа упатува со статутот на општината да се утврдат нејзините надлежности; дека овој закон го овластува градоначалникот да ја контролира законитоста на прописите што ги донесува советот; дека градоначалникот е овластен со решение да го запре објавувањето на прописот ако оцени дека истиот е несогласен со Уставот и законите и дека советот е должен во рок од 15 дена од донесувањето на решението со кое градоначалникот го запрел објавувањето на прописот, да го разгледа тоа решение во контекст на прописот и да одлучи по него.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот утврди дека оспорената одредба од Статутот, му дава можност на советот да не го потврди прописот или да не расправа по него во определениот рок, а го задолжува градоначалникот и без став на советот да го објави прописот и едновремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на неговата уставност и законитост пред Уставниот суд на Република Македонија, поради што оцени дека истата е несогласна со Законот за локалната самоуправа.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.33/2004)

# 75.

**- Одлука за платите, надоместоците и другите материјални трошоци на градоначалникот и функционерите избрани од Советот на општина Ѓорче Петров**

*- Decision on the salaries, compensations and other material expenses of the mayor and the functionaries elected by the Council of the Municipality of Gorce Petrov*

**- Секретарот на општината не спаѓа во избрани, односно именувани функционери, туку има статус на државен службеник на кого соодветно се применуваат одредбите од Законот за државни службеници, поради што единицата на локалната самоуправа не може самостојно да му ја утврдува висината на платата и надоместокот на плата.**

*- The Secretary of the municipality is not among the rank of the elected, that is, appointed functionaries, but has the status of a civil servant and the provisions of the Law on Civil Servants apply to him accordingly, as a result of which the local self-government unit may not autonomously determine his salary and the compensation of his salary.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за платите, надоместоците и другите материјални трошоци на градоначалникот и функционерите избрани од Советот на општина Ѓорче Петров бр.08-46/1 донесена од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Ѓорче Петров на седницата одржана на 22 јануари 2001 година ("Службен гласник на град Скопје" бр.3/2001).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Јовица Јоревски од Скопје со Решение У.бр.112/2004 од 8 јули 2004 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и со закон.

4. Судот на седницата утврди дека со Одлуката се предвидува градоначалникот на општината и функционерите што ги избрал Советот на општината (претседавач на советот и секретар на општината) да имаат статус на функционери и како такви да имаат плата, надоместоци на плата и други трошоци во месечен износ како функционери избрани од советот.

Притоа со Одлуката се предвидува градоначалникот и функционерите што ги избира Советот на општината да остваруваат плата и по престанување на функцијата за време од една година; надоместоци на определени материјални трошоци (дневници за службени патувања во земјата и странство); надоместоци на трошоци за користење на автомобил во лична сопственост; надоместок за користење на годишен одмор; испратнина при заминување во пензија; трошоци за погреб и сл.

Со последниот член 15 од Одлуката е предвидено таа да влезе во сила со денот на донесувањето, а да се применува од 1 јануари 2001 година.

5. Согласно член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Согласно член 52 став 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), платата и надоместоците на градоначалникот како и надоместокот на член на советот кој го заменува градоначалникот се уредуваат со закон.

Што се однесува до платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, овие прашања се уредени со истоимениот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/1990, 38/1991 и 29/1997). Имено, согласно член 1 од овој закон овие носители на функции имаат право на плата во месечен износ, а согласно член 27 од Законот, имаат право на надоместоци на определени материјални трошоци за: дневница за службено патување во земјата и странство; надоместок поради одвоен живот од семејството; надоместок за користење на годишен одмор и испратнина при заминување во пензија.

Согласно член 17-в од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините и за градоначалникот на град Скопје изнесува од 2,70 до 3,70 и се определува според бројот на жителите на општините.

Согласно член 19 став 1 од овој закон пратеник кој за време на вршењето на пратеничката функција остварувал личен доход или надоместок во месечен износ, може да остварува личен доход по престанувањето на функцијата за време до една година. Оваа одредба соодветно се применува и на другите избрани и именувани лица во Републиката.

Со оглед на тоа што прашањата во врска со платата и другите материјални трошоци на градоначалникот се уредени со наведениот закон, Судот утврди дека општината нема законски основ со своја одлука да ги уредува овие прашања.

Што се однесува до прашањето за статусот на секретарот на општината, согласно член 58 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), вработените во општинската администрација кои вршат стручни,

нормативноправни, управнонадзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

Согласно ставот 2 на член 58 од овој закон, за вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоците на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003 и 40/2003).

Согласно член 33 став 1 од Законот за државните службеници, државниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон.

Со оглед на тоа што со новиот Закон за локална самоуправа не е предвидена функцијата секретар на совет на општина, произлегува дека секретарот не спаѓа во избрани, односно именувани функционери, туку е со статус на државен службеник на кого соодветно се применуваат одредбите од Законот за државни службеници. Според членот 100 од преодните и завршните одредби од Законот за локалната самоуправа, секретарите продолжуваат да ги вршат работите и да ја примаат платата која ја примале до завршување на мандатот за кој се избрани.

Според Судот, единицата на локалната самоуправа не може самостојно да ја утврдува висината на платата и надоместокот на плата и на секретарот на советот на општината,како што тоа е направено во оспорената одредба.

Од наведените причини Судот утврди дека оспорената одлука е несогласна со означените уставни и законски одредби.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.112/2004)

# 76.

**- Закон за локалната самоуправа**

*- Law on Local Self-Government*

**- Одредбата од Законот која предвидува дека во општините службен јазик, покрај македонскиот и неговото кирилско писмо, е и јазикот и писмото кој го користат најмалку 20% од жителите на општината е согласна со Уставот на Република Македонија.**

*- The provision in the Law stipulating that an official language in the municipalities, in addition to the Macedonia and its Cyrillic alphabet, is also the language and the alphabet that is used by at least 20% of the inhabitants in the municipality is in accordance with the Constitution of the Republic of Macedonia.*

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), на седницата одржана на 22 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 89 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002).

2. Мухамед Халили од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 89 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата членот 89 од Законот бил несогласен со точка 1 став 2 од Амандманот В од Уставот на Република Македонија, затоа што овој дел од Амандманот не бил пренесен во него. Имено, со Амандманот V од Уставот на Република Македонија се нормативизирала ограничена службена употреба на втор службен јазик на етничка заедница што во рамките на Републиката претставувало бројка од 20% од вкупното население како резултат од преговорите кои биле водени меѓу четирите главни политички партии во Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот 89 од Законот во општините службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

4. Согласно Амандман V точка 1 став 1 од Уставот на Република Македонија на целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Согласно ставот 2 на точката 1 од овој амандман друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните е исто така службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член.

Од наведените амандмански одредби произлегува дека Уставот начелно предвидува на целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Меѓутоа, како службен јазик, покрај македонскиот, Уставот предвидува и друг јазик под услов истиот да го зборуваат најмалку 20% од граѓаните.

Од главата XIV од Законот за локалната самоуправа насловена како "Службени јазици во општината" се гледа дека станува збор за множина, односно и за други службени јазици покрај македонскиот јазик.

Понатаму, оспорениот член 89 од Законот, кој спаѓа во подглавата "Службен јазик" предвидува дека во општините службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Ова е начелна норма која содржински се совпаѓа со Амандманот V точка 1 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Исто така, во наредниот член 90 кој спаѓа во подглавата "Службени јазици во општината" се предвидува дека во општините службен јазик покрај македонскиот и неговото кирилско писмо е и јазикот и писмото кој го користат најмалку 20% од жителите на општината.

Оваа законска одредба суштински се совпаѓа со одредбата од Амандман V точка 1 став 2 од Уставот според која, во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмата што ги користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Од содржините на наведените одредби се гледа дека законодавецот е јасен во смисла што другиот јазик не е предвиден како можност туку како императив условен со процент од најмалку 20% од граѓаните да го зборуваат истиот.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека во случајов не станува збор за ограничена службена употреба на втор службен јазик на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, поради што не може основано да се постави прашањето за уставноста на одредбата од членот 89 од Законот за локалната самоуправа.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.120/2004)

## 9. Урбанизам

*9. Urban planning*

# 77.

### - Постапка за донесување на Детален урбанистички план

*- Procedure to adopt a Detailed Urban Plan*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за поширокото централно градско подрачје Охрид со измени и дополнувања во МЗ 10 Центар - дел, МЗ 11 Стар Град дел, МЗ 6 Кошишта и крајбрежниот појас од мостот Студенчишта до Канео, бр.08-579 од 13 април 1995 година, ("Службен гласник на Општина Охрид" бр.1/1995) донесена од Собранието на Општина Охрид.

2. Миле и Наум Христоски, двајцата од Охрид, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителите на иницијативата во постапката за донесување на Детален урбанистички план за поширокото централно

градско подрачје Охрид со измени и дополнувања во МЗ 10 Центар - дел, МЗ 11 Стар Град - дел, МЗ 6 Кошишта и крајбрежниот појас од мостот Студенчишта до Канео, не биле доследно испочитувани одредбите од член 31, 32, 33 и 35 од Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање ("Службен весник на СРМ" бр.38/1995, 18/1989, 38/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.62/1993). Имено, подносителите во иинцијативата наведуваат дека по завршувањето на јавниот увид и јавната расправа по нацртот на урбанистичкото решение за деталниот урбанистички план на оспорената одлука, била извршена измена на нацртот на КП.бр.16333/2 КО Охрид на начин што на нацрт на планот кој што бил ставен на јавен увид и на јавна расправа пред граѓаните и другите заинтересирани субјекти, КП.бр.16333/2 КО Охрид претставувала дел од пат, а во предлог на планот што бил доставен на усвојување на седница на Собранието на општината Охрид за КП.бр.16333/2 била предвидена можност - локација за градба на градежен објект. По вака несоодветниот предлог на план Собранието на општината Охрид ја донело сега оспорената одлука за усвојување на Деталниот урбанистички план за поширокото централно градско подрачје Охрид со измени и дополнувања во МЗ 10 Центар - дел, МЗ 11 Стар Град дел, МЗ 6 Кошишта и крајбрежниот појас од мостот Студенчишта до Канео. Со ваквата одлука сега за КП.бр.16333/2 КО Охрид постоело урбанистичко решение кое не постоело и не било предвидено со нацрт на планот кој како таков бил ставен на јавен увид и јавна расправа.

Исто така, во иницијативата се наведува дека за објектот на Кп.бр.16333/2 КО Охрид било поднесено барање за издавање услови за градба, односно одобрение за градба, и со тој објект кој "наводно" требал да се гради ќе се попречел влезот на објектот на подносителите на иницијативата, како и дека ќе се нарушело архитектонското решение на нивната куќа.

Од причина што вака донесената одлука не била во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и членовите 31, 32, 33 и 35 од Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање ("Службен весник на СРМ" бр.38/1985, 18/1989, 38/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.62/1993) подносителите предлагаат да Судот поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука.

3. Судот на седницата утврди дека Собранието на општина Охрид донесе Одлука за усвојување на Деталниот урбанистички план за поширокото централно и градско подрачје Охрид со измени и дополнувања во МЗ 10 Центар - дел, МЗ 11 Стар Град - дел, МЗ 6 Кошишта и крајбрежниот појас од мостот Студенчишта до Канео бр.08-579 од 13 април 1995 година објавена во "Службен гласник на Општината Охрид" бр.1/1995.

4. Согласно член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на прописите и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Со иницијативата подносителите ја оспоруваат Одлуката на Собранието на општина Охрид бр.08-579 од 13 април 1995 година, за усвојување на Деталниот урбанистички план за поширокото централно градско подрачје Охрид со измени и дополнувања во МЗ 10 Центар - дел, МЗ 11 Стар Град дел, МЗ 6 Кошишта и крајбрежниот појас од мостот Студенчишта до Канео, поради тоа што постапката на донесување на оспорената одлука била водена спротивно на одредбите од Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање, поточно дека била извршена измена на нацртот на планот за КП.бр.16333/2 која преставува пат, а во предлогот на планот врз основа на кој била донесена сега оспорената одлука истата преставувала локација за градба на градежен објект, а кое нешто не произлегувало од забелешките дадени на јавната расправа.

Уставниот суд во фаза на претходна постапка изврши увид во предметот на Уставниот суд У.бр.256/1995, во кој биле содржани актите кои претходеле на постапката на донесување на оспорената одлука и врз основа на истите всушност Уставниот суд ја оценувал законитоста на постапката за донесување на сега оспорената одлука, па наоѓајќи дека во конкретниов случај не може да се постави прашањето за несогласност на Одлуката со Законот, со решение У.бр.256/1995 од 17 јануари 1996 година Уставниот суд не повел постапка за нејзина оценка со Законот. Притоа, причините поради кои Судот не повел постапка за оценување на законитоста на оспорената Одлука, меѓу другото биле: "Од цитираната одредба на

член 33 од Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање, произлегува дека забелешките по предлог планот што ќе бидат дадени од граѓаните на јавната расправа не мора да бидат прифатени, но образложението за нивното неприфаќање е задолжително, односно составен дел на постапката за донесување на урбанистичкиот план.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај, надлежниот орган дал образложение за неприфатените забелешки по предлог-планот (бр.08-351 од 13.04.1994 година), Судот оцени дека не може да се постави прашањето за законитоста на оспорената одлука од овој аспект.

Во конкретниов случај, Судот утврди дека графичкиот приказ е согласен со текстуалниот дел на Планот, поради што не може да се поставува прашањето за согласноста на оспорената одлука за усвојување на деталниот урбанистички план со Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање".

Оттука, несомнено произлегува дека Судот во оваа постапка во целост ја оценувал законитоста на постапката на донесување на сега оспорената одлука, кое нешто е во надлежност на Уставниот суд.

Судот, исто така, со решение У.бр.75/1996 од 8 мај 1996 годин, а согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд, ја отфрлил иницијативата за преиспитување на решението У.бр.256/1995 од 17 јануари 1996 година, наоѓајќи дека во конкретниот случај нема основи за поинакво одлучување.

Оттука, Судот оцени дека бидејќи оспорената одлука, веќе била предмет на оцена пред Уставниот суд, а не постојат основи за поинакво одлучување, согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд, иницијативата треба да се отфрли.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.78/2003)

# 78.

**- Генерален урбанистички план**

*- General Urban Plan*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 2 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 9 став 1 од потточката 9.3.14 "спортско-рекреативни центри" од Генералниот урбанистички план на град Скопје, донесен од Советот на градот Скопје со Одлука бр.09-1567/1 од 26 јуни 2002 година ("Службен гласник на град Скопје" бр.8/2002).

2. Имер Селмани од Сарај на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точка 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со оспорениот дел од Генералниот урбанистички план на град Скопје, градот преземал дејствија за урбанистичко уредување на територија која не припаѓа под надлежност на градот Скопје, а тоа биле спортско-рекреативниот центар Сарај и Езерото Матка и дека истите биле територија на општина Сарај за која согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за територијална поделба на Република Македонија право на просторот и усвојување на урбанистички план за територијата на општина Сарај исклучиво има Советот на општина Сарај.

Со оспорениот Генерален урбанистички план, се наведува понатаму во иницијативата, градот Скопје си ја проширил надлежноста во делот на урбанистичкото уредување на територија која законски влегувала во границите на општина Сарај, а кое нешто било утврдено со Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа од 1996 година.

Според подносителот на иницијативата оспорениот генерален урбанистички план бил спротивен на членовите 115 и 116 од Уставот на Република Македонија, Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, како и на членовите 1, 2, 3, 9, 22 став 1 точка 1 и член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002).

3. Судот на седницата утврди дека во точката 9 градско зеленило, спорт и рекреација, став 1 од потточката 9.3.14 "спортско - рекреативни центри" од Генералниот урбанистички план на град Скопје е предвидено дека спортско-рекреативните центри се наоѓаат главно надвор од опфатот на планот, но со оглед на тоа што истите се во функција на градот, тие се третирани во планскиот период. Такви се спортско-рекреативните центри: Сарај, езерото Матка, Хиподром, Камник и езерото Треска.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот како и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а не постојат основи за поинакво одлучување.

Од причина што оспорениот дел од Генералниот урбанистички план на градот Скопје, бил предмет на оценување по однос на истите наводи како и во сега поднесената иницијатива Уставниот суд со Решение У.бр.29/2004 од 17 ноември 2004 година, ја отфрлил иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точката 9 став 1 од потточката 9.3.14 "спортско-рекреативни центри" од Генералниот урбанистички план на

град Скопје, донесен од Советот на градот Скопје со Одлука бр.09-1567/1 од 26 јуни 2002 година ("Службен гласник на град Скопје" бр.8/2002), бидејќи не е надлежен да одлучува за меѓусебната согласност на урбанистичките планови помеѓу градот Скопје и општините, Судот оцени дека и во конкретниов случај не постојат основи за поинакво одлучување. Според тоа, исполнети се условите Судот да ја отфрли иницијативата согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.47/2004)

# 79.

**- Согласност на органот за природните реткости**

*- Approval from the body for natural rarities*

**- Деталните урбанистички планови на општините Охрид, Струга, Ресен и Дојран мора да имаат согласност од органот надлежен за заштита на природните реткости**

*- Detailed urban plans of the municipalities Ohrid, Struga, Resen and Dojran must be approved by the body competent for the protection of natural rarities.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување измена и дополна на Детален урбанистички план за "Крајбрежје" Струга бр.07-653/12 донесена од Советот на општина Струга на 26 април 2004 година ("Службен гласник на општина Струга" бр.35/2004).

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.97/2004 од 27 октомври 2004 година, по иницијатива на Никола Стефановски од Струга, поведе постапка за оценување на законитоста на актот означен во точкаа 1 од оваа одлука поради тоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со член 9 став 2 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

5. Судот на седницата утврди дека според член 1 од оспорениот акт, со оваа одлука се донесува измена и дополна на Детален урбанистички план за "Крајбрежје"-Струга.

Според членот 2, Деталниот урбанистички план содржи: графички дел, текстуален дел, стручна ревизија, одговор на стручна ревизија и извештај од стручна консултација.

Согласно член 3, извештајот од стручната консултација е составен дел од Одлуката.

Членот 4 уредува дека Деталниот урбанистички план за "Крајбрежје"-Струга ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски ПЕ Струга.

Според член 5, деталниот урбанистички план за "Крајбрежје" - Струга, се заверува со печат и потпис од Градоначалникот на општина Струга со назначување на бројот и датумот на седницата на која е донесен.

Согласно член 6, Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струга".

Врз основа на приложената документација што претходела на донесувањето на оспорениот акт, Судот констатира дека постапката за донесување на оспорениот акт е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

6. Со Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро ("Службен весник на Република Македонија" бр.45/1977, 8/1980, 51/1988, 10/1990 и 62/1993), Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро - нивните води, крајбрежја, извори и водотеци се прогласени за споменици на природата од особено значење за заедницата и се ставени под посебна заштита.

За заштита на езерата како добра од општ интерес кои се користат за задоволување на општи и поединечни потреби, Законот предвидел низа превентивни и други мерки.

Членот 9 од овој закон кој што е во делот што предвидува мерки за заштита, е утврдено дека градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата можат да се изведуваат само под услови и на начин утврдени со просторните планови на регионите, просторните планови на општините Охрид, Струга, Ресен и Гевгелија, урбанистичките планови на населените места и урбанистичките планови на подрачјата со специјална намена, како и со прописите за спроведување на овие планови.

Според ставот 2 на овој член од Законот, плановите од став 1 на овој член се донесуваат по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Од наведената законска одредба произлегува дека при донесувањето на урбанистичките планови кои предвидуваат градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата, а кои се под посебна заштита, мора претходно да се прибави мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Со оглед на тоа што при донесувањето на Одлуката за донесување измена и дополна на Детален урбанистички план за "Крајбрежје" Струга, не е ниту побарана ни добиена согласност од органот надлежен за заштита на природните реткости, Судот оцени

дека оспорениот акт не е во согласност со членот 9 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.97/2004)

# 80.

**- Генерален урбанистички план на град Скопје**

*- General urban plan for the City of Skopje*

**- Законската определба за измена на правосилно решение со кое поради повреда на Законот или општ акт на Фондот било одлучено на штета на странката во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, претставува поволно законско решение за граѓаните кое не е во несогласност со Уставот.**

*- The legal determination to change an effective resolution with which as a result of a violation of the Law or a general act of the Fund it has been decided to the detriment of the party in the realisation of the rights from the pension and disability insurance, is a favourable legal solution for the citizens which is not in contradiction with the Constitution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 9 став 1 од потточката 9.3.14 "спортско-рекреативни центри" од Генералниот урбанистички план на град Скопје, донесен од Советот на градот Скопје со Одлука бр.09-1567/1 од 26 јуни 2002 година ("Службен гласник на град Скопје" бр.8/2002).

2. Имер Селмани од Сарај на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорениот дел од Генералниот урбанистички план на град Скопје, градот преземал дејствија за урбанистичко уредување на територија која не припаѓа под надлежност на градот Скопје, а тоа биле спортско-рекретивниот центар Сарај и Езерото Матка и дека истите биле територија на општина Сарај за која согласно Законот за просторно и урбанистичко уредување и Законот за територијална поделба на Република Македонија право на просторот и усвојување на урбанистички план за територијата на општина Сарај исклучиво има Советот на општина Сарај.

Со оспорениот Генерален урбанистички план, се наведува понатаму во иницијативата, градот Скопје си ја проширил надлежноста во делот на урбанистичко уредување на територија која законски влегувала во границите на општина Сарај, а кое нешто било утврдено со Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа од 1996 година.

Оспорениот Генерален урбанистички план според подносителот на иницијативата бил спротивен на членовите 115 и 116

од Уставот на Република Македонија, Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, како и на членовите 1, 2, 3, 9, 22 став 1 точка 1 и 50 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002).

3. Судот на седницата утврди дека во точката 9 градско зеленило, спорт и рекреација, став 1 од потточката 9.3.14 спортско-рекреативни центри од Генералниот урбанистички план на град Скопје е предвидено дека спортско-рекреативните центри се наоѓаат главно надвор од опфатот на планот, но со оглед на што дека се во функција на градот, истите се третирани во планскиот период. Такви се спортско-рекреативните центри: Сарај, езерото Матка, Хиподром, Камник и езерото Треска.

4. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е утврдено и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Согласно член 115 став 1 од Уставот на Република Македонија во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Согласно ставот 2 од истиот член од Уставот општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Според член 116 од Уставот на Република Македонија територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините се утврдуваат со закон.

Согласно член 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) општината има свое подрачје и име, утврдени со закон.

Согласно член 22 став 1 алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа, општините меѓу другото, се надлежни и за вршење на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.

Согласно член 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, генерален урбанистички план се донесува за подрачје на населено место, стопански комплекс и за други подрачја предвидени за градба.

Генералниот урбанистички план содржи синтезен графички приказ на планските решенија во границата на урбаното подрачје со билансни показатели за урбаните единици и блокови и за инфраструктурата. Синтезниот графички приказ содржи: граница на урбаното подрачје, намена на земјиштето на урбаните блокови, решенија на генерални водови и објекти на сообраќајна и друга инфраструктура. Билансните показатели содржат: податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно со соодветните стандарди и нормативи. Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со просторниот план.

Документацијата на генералниот урбанистички план за постојната состојба и проекциите претставува документациона основа на планот, која заедно со нацртот на планот се доставува на стручна ревизија според членот 19 од овој закон.

Според член 22 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко уредување ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002) градот Скопје донесува генерален урбанистички план на град Скопје.

Според наводите од иницијативата подносителот го оспорува текстуалниот дел на генералниот урбанистички план од причини што "Спортско рекреативните центри Сарај" и езерото "Матка" според Законот за територијална поделба ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/1996) припаѓале на општина Сарај, а градот Скопје си ја проширил надлежноста во делот на урбанистичкото уредување на територијата која законски влегувала во границите на општината Сарај.

Судот утврди дека Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија е донесен од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11 август 2004 година и е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004 година. Овој закон влегол во сила на 17 август 2004 година.

Согласно член 10 точка в) од овој закон општини во град Скопје се: Општина Аеродром; Општина Бутел; Општина Гази Баба; Општина Ѓорче Петров; Општина Карпош; Општина Кисела Вода; Општина Сарај; Општина Центар; Општина Чаир и Општина Шуто Оризари, сите со седиште во градот Скопје.

Според член 7 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004) подрачјето на градот Скопје, го сочинуваат подрачјата на општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, во границите утврдени со овој закон.

Од наведените законски одредби произлегува дека општината Сарај влегува во составот на општините на градот Скопје.

Според член 10 точка 4 од Законот за градот Скопје меѓу другите надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење на градот Скопје е утврдено и одржувањето и користењето на градските паркови, парк - шумите на подрачјето на градот Скопје, водните и спортско - рекреативни зони, утврдени со Генералниот урбанистички план и други заштитени подрачја во согласност со закон.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Од наводите во иницијативата произлегува дека од Уставниот суд на Република Македонија се бара да го поништи делот од текстот на Генералниот урбанистички план на град Скопје и тоа поднасловот "спортско - рекреативни центри", затоа што истиот според планот припаѓал под надлежност на општина Сарај и затоа што бил во спротивност со Законот за територијална поделба.

Имајќи го предвид фактот дека со иницијативата не се бара оценување на законитоста на постапката за донесување на оспорениот Генерален урбанистички план, туку од Уставниот суд се бара да го поништи делот од текстот на Генералниот урбанистички план означен во рефератот, Судот утврди дека согласно членот 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија не е надлежен да одлучува за меѓусебната согласност на урбанистичките планови помеѓу градот Скопје и општините.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.29/2004)

# 81.

**- Постапка за донесување на Детален урбанистички план**

*- Procedure to adopt a Detailed Urban Plan*

**- Не може да се постави прашањето за согласноста на детален урбанистички план со членот 18 став 4 и членот 22 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, доколку во постапката во која тој е донесен е изготвен извештај од јавната анкета, со образложение за неприфатените забелешки и надлежното**

**министерство дало согласност на предлогот на деталниот урбанистички план.**
**Судот не е надлежен да ја оценува согласноста на детален урбанистички план со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.**

*- The accordance of a detailed urban plan with Article 18 paragraph 4 and Article 22 paragraph 6 of the Law on Spatial and Urban Planning may not be questioned, in case in the procedure in which it was adopted a report of the public polls was prepared, with an explanation of the observations that were not accepted and the competent Ministry gave its approval as to the proposal of the detailed urban plan.*
*The Court is not competent to assess the agreement of a detailed urban plan with the Book of Rules for Standards and Norms for Spatial Arrangement.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на законитоста на Одлуката за донесување Детален урбанистички план за дел од Централното градско подрачје урбан модул ЦЕ 2003-2008 Охрид, бр.07-222/5 од 19 март 2004 година, донесена од Советот на општина Охрид.

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата во делот на барањето за оценување на согласноста на одлуката означена во точката 1 од ова решение со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002 и 50/2003).

3. Клементина Николовска од Охрид на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, како и за оценување на нејзината согласност со Правилникот означен во точката 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата Деталниот урбанистички план донесен со оспорената одлука бил во спротивност со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот. Како причини за тоа се наведува дека при донесувањето на овој детален урбанистички план не бил изготвен извештај за јавната анкета, со образложение за неприфатените забелешки, поради што не бил испочитуван членот 18 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Повикувајќи се на членот 21-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање подносителката на иницијативата наведува дека доносителот на деталниот урбанистички план не ги почитувал ниту членовите 14, 16 и 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот. Исто така, не бил почитуван ни членот 22 став 6 од Законот затоа што по предлогот на Деталниот урбанистички план не била побарана согласност од министерството надлежно за работите за уредување на просторот, како што се предвидувало во членот 22 став 6 од Законот.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 1 од оспорената одлука, со неа се донесува Детален урбанистички план за дел од Централното градско подрачје урбан модул ЦЕ 2003-2008 Охрид.

Во членот 2 од оваа одлука е утврдено дека со Деталниот урбанистички план од членот 1 се опфаќа простор со површина од 1,02 ха, и се опишуваат границите на тој простор.

Според членот 3 од Одлуката, Деталниот урбанистички план содржи: Документациона основа, План за уредување на просторот, Основни параметри за уредување на просторот и Графични прилози.

Според членот 4 од Одлуката, Деталниот урбанистички план се заверува со потпис на претседателот на Советот на општината Охрид. Во членот 5 се утврдува дека овој план се чува и следи во Секторот за урбанистичко планирање и заштита на

животната средина на општината Охрид, а реализацијата е во надлежност на Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Охрид.

Според членот 6 од Одлуката, оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Охрид".

5. Врз основа на прибавената документација, Судот на седницата утврди дека Деталниот урбанистички план за дел од Централното градско подрачје урбан модел ЦЕ 2003-2008 Охрид е донесен во постапка утврдена во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Имено, овој план бил изработен како нацрт и предлог на план.

На Нацртот на планот, пред организирањето на јавната анкета била извршена стручна ревизија од страна на ДОО "ИН-ПУМА" Скопје во јули 2003 година, по која изработувачот на планот доставил одговор, исто така во јули 2003 година.

По Нацрт на планот, Министерството за транспорт и врски со допис бр.13-8631 од 31 јули 2003 година дало стручно мислење, а свое мислење дал и Заводот за заштита на споменици на културата и Народниот музеј Охрид од 30 јули 2003 година.

Нацртот на планот, во кој биле вградени сугестиите и забелешките од стручната ревизија и стручните мислења, бил утврден од Секторот на планирање при општина Охрид со записник бр.22-1337/2 од 29 септември 2003 година.

За организирање на јавната анкета по Нацртот на планот, градоначалникот на општина Охрид донел решение бр.08-1337 од 30 септември 2003 година. Според ова решение јавната анкета траела од 1 октомври 2003 до 15 октомври 2003 година, а соопштението за јавната анкета било објавено во печатен медиум.

Извештајот за јавната анкета, со образложение за неприфатените забелешки е изготвен под бр.22-1470 од 27 октомври 2003 година. Од извештајот и известувањето за постапување по извештајот видно е дека во текот на јавната анкета биле доставени 8 анкетни листови, од кои забелешките по 7 анкетни листови не се

прифатени, а по еден анкетен лист делумно се прифатени, делумно не. Меѓу неприфатените забелешки се и трите забелешки поднесени од подносителката на оваа иницијатива, а неприфаќањето е образложено во извештајот.

По завршување на јавната анкета и извршената стручна консултација одржана на 13 октомври 2003 година, Предлогот на планот бил изготвен од ДОО "Пологпроект - ПРО" - Гостивар.

Министерството за транспорт и врски дало согласност на Предлогот на планот со акт под бр.13-12204 од 5 ноември 2003 година.

6. Постапката за донесување на деталните урбанистички планови е утврдена во Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002).

Во членот 18 став 4 од Законот, а во однос на кој се оспорува законитоста на Одлуката, е предвидено дека извештај за јавната анкета за плановите од членот 17 став 5 од Законот, меѓу кои се и деталните урбанистички планови, со образложение за неприфатените забелешки, изработува општината, односно градот Скопје.

Во членот 21-а став 1 од Законот е утврдено дека при изработување на просторен и урбанистички план задолжително се применуваат нормативи и стандарди за планирање на просторот од различни области вклучени во интегралното планирање на просторот.

Овие нормативи и стандарди, според ставот 2 на истиот член од Законот, ги донесува министерот надлежен за работите на урбанизмот, по претходно прибавено мислење од министерствата надлежни за соодветните области.

Според членот 22 став 6 од Законот, деталните урбанистички планови се донесуваат по издавањето согласност на предлогот на планот од страна на министерството надлежно за работите на уредувањето на просторот.

Разгледувајќи ја оспорената одлука во однос на членовите 18 став 4 и 22 став 6 од Законот, притоа имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба, Судот утврди дека наводите во

иницијативата според кои деталниот урбанистички план донесен со оваа одлука не е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, затоа што не бил изготвен извештај од јавната анкета, со образложение за неприфатените забелешки и дека не е прибавена согласност на предлогот на Деталниот урбанистички план од надлежното министерство, се неосновани и како такви не претставуваат основ за изразување на сомневање во законитоста на овој детален урбанистички план. Имено, од приложената документација Судот утврди дека Извештајот за јавната анкета, со образложение за неприфатените забелешки е изготвен под бр.22-1470 од 27 октомври 2003 година, а Министерството за транспорт и врски дало согласност на Предлогот на Деталниот урбанистички план со акт бр.13-12204 од 5 ноември 2003 година.

Во врска со наводите во иницијативата дека овој детален урбанистички план не бил во согласност и со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, кои според член 21-а од Законот задолжително се применуваат при изработување на деталните урбанистички планови, Судот утврди дека согласно член 110 од Уставот не е надлежен да ја оценува согласноста на деталниот урбанистички план со тој правилник, односно да ја оценува примената на стандардите и нормативите утврдени во истиот. Поради тоа, иницијативата во тој дел согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ја отфрли.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.148/2004)

# 82.

**- Дополнително вклопување на објект во урбанистички план**

*- Additional inclusion of a building into an urban plan*

**- Законската одредба со која се предвидува дека градителот на градежниот објект изграден без одобрение за градба може да стекне сопственост на таков објект, односно градбата да се легализира, доколку објектот се вклопува во урбанистичкиот план автоматски само по себе не е во спротивност со Уставот.**
**Тоа оттаму што целта на законодавецот преку оваа одредба е да се постигне правична рамнотежа меѓу општите интереси на заедницата и обезбедување на основните права на поединецот, односно граѓанинот, во конкретниот случај правото на дом, кое спаѓа во сферата на социјалната сигурност на граѓаните, за која Републиката има уставна обврска да се грижи.**

*- The legal provision stipulating that the constructor of the building constructed without a construction permit may gain the ownership over such a building, that is, the building may be legalised, in case the building fits into the urban plan automatically by itself is not in contradiction with the Constitution.*
*The reason being that with this provision the aim of the legislator is to achieve a just balance between the general interests of the community and the provision of fundamental rights of the individual, that is, citizen, which in this specific case is the right to a home, which belongs to the sphere of social security of citizens, for which the Republic has a constitutional obligation to take care of.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 121 од Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001).

2. Д-р Маргарита Шијакова од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 121 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член од Законот со кој се предвидува граѓанинот - градител на градежен објект изграден без одобрение за градба, до легализацијата или рушењето на тој објект да ужива судска заштита која му припаѓа на сопственик, а доколку таквиот објект се легализира со вклопување во урбанистичкиот план да може да стекне сопственост на таков објект, не бил во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и со членот 9 од Уставот.

Притоа, како причини и аргументи за неуставноста на оспорениот член од Законот во иницијативата единствено се наведува противречноста на овој член со одредби од Законот за просторно и урбанистичко планирање и другите одредби од самиот Закон за сопственост и други стварни права.

Така, споредувајќи ја оспорената одредба со членовите 43, 44 и 45 од Законот за просторно и урбанистичко планирање подносителката на иницијативата изведува заклучок дека меѓу тие одредби и оспорената одредба постоела противречност која се изразувала најпрво во тоа што градбата без одобрение според одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање имала третман на граѓански деликт за кој била предвидена и соодветна казна, а од друга страна, сопствениците на таквите градби според оспорениот член не само што се ослободувале од секаква одговор-

ност, туку уживале и судска заштита како сопственик, а со легализација на објектите се стекнувале и со право на сопственост на тие објекти. Од наведеното произлегувало дека проблемот на т.н. дива градба во овие два закона се третирал на сосема различен начин, од граѓански деликт, кој претставува форма на неправо, преку легализација таквата дива градба се претварала во право. Оспорениот член бил пандан на кривичноправниот институт - амнестија.

Оттука, подносителката заклучува дека за да се обезбеди владеење на правото проблемот на дивите градби мора да има еднаков третман во двата закони.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека оспорениот член 121 од Законот отстапувал не само од одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање, туку и од членот 112 од истиот закон, затоа што во овој член легализацијата, како основ за стекнување на сопственост не била предвидена, ниту, пак, нејзината постапка била уредна со закон. Имено, и помеѓу членовите 112 и 121 од Законот постоела одредена противречност која се состоела во тоа што легалните начини на стекнување на сопственост утврдени во членот 112, со оспорениот член 121 се проширувале со нов основ за стекнување на сопственост, што исто така не било во согласност со принципот на владеењето на правото.

Со оглед на тоа што важењето на оспорениот член 121 од Законот не било временски ограничено, тоа според наводите во иницијативата значело дека секој објект што бил изграден без одобрение со било кој урбанистички план можел да биде легализиран и да стане сопственост на оној кој го изградил. Тоа во крајна линија доведувало до поттикнување на т.н. диви градби и до пасивизирање на надлежните служби да дејствуваат во правец на нивно сузбивање и рушење, како што било предвидено во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Поради различниот третман на објектите изградени без одобрение во посочените два закони, во иницијативата се наведува и тоа дека со оспорениот член 121 од Законот истовремено се создавала и нерамноправност меѓу граѓаните. Ова од причини што одредени граѓани сопственоста на објектите изградени без одобрение ја губеле со рушење на тие објекти, а додека други граѓани токму според оспорениот член можеле да се стекнат со право на сопственост на објекти кои исто така биле изградени без одобрение, иако и едните и другите претходно биле должни да исполнат одредени усло-

ви како што е прибавување на услови за градба (градежна дозвола) и навремено да ги платат обврските кон државата.

Нееднаквоста на граѓаните се создавала и поради противречноста на оспорениот член 121 со членот 124 од истиот закон, затоа што условите од овој член за стекнување право на сопственост по основ на одржувачка биле многу потешки отколку условите предвидени во оспорениот член, иако и едните и другите граѓани се наоѓале во иста правна положба на владетели на недвижност.

Поради сите напред наведени причини, во иницијативата се предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 121 од Законот во однос на членот 8 став 3 и член 9 од Уставот, а потоа и да го укине.

3. Судот на седницата утврди дека според ставот 1 на членот 121 од Законот, на градежен објект изграден без одобрение за градење градителот со самата градба не стекнува сопственост, а до легализација или рушење на тој објект врз основа на одлука на надлежен орган ужива соодветна судска заштита која му припаѓа на сопственик, ако со закон поинаку не е определено.

Според ставот 2 на истиот член од Законот, градителот на објектот од став 1 на овој член кој гради на свое или туѓо земјиште под услови утврдени во овој закон, може да стекне сопственост на таков објект, односно градбата да се легализира, доколку објектот се вклопува во урбанистичкиот план, а градбата се потврди со одобрение за градење од надлежен орган и се запише во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Според ставот 3 на членот 121 од Законот, ако за земјиштето каде што е изграден градежен објект без одобрение за градење не постои урбанистички план, а надлежниот орган утврди дека поминале десет години од изградбата на објектот и ја потврди градбата со одобрение за градење, градителот стекнува сопственост со упис во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, ако со посебен закон поинаку не е предвидено.

4. Според членот 8 од Уставот на Република Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, е и принципот на владеењето на правото, како и правната заштита на сопственоста, хуманизмот и социјалната правда.

Во делот за основните слободи и права на човекот и граѓанинот во членот 9 став 1 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека граѓаните во Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. Според став 2 на овој член, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во членот 30 став 1 од Уставот, меѓу другото, се гарантира и правото на сопственост, која според ставот 2 на истиот член создава права и обврски и треба да служи на поединецот и на заедницата.

Според членот 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи, освен за социјалната заштита и за социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Стекнувањето и заштитата на правото на сопственост посебно е уредено во Глава IV од Законот за сопственост и други стварни права.

Според членот 112 став 1 од Законот, кој што е и прв член на Глава IV, правото на сопственост се стекнува според закон врз основа на правна работа и со наследување. Според ставот 2 на овој член, правото на сопственост се стекнува и со одлука на надлежен државен орган, на начин и под услови утврдени со закон.

Понатаму, во членот 113 од Законот се утврдени сите можни начини на стекнување на правото на сопственост според закон и тоа: со создавање нова ствар, со мешање и спојување, со градење на земјиште, со одржување, со одвојување на плодовите, со стекнување сопственост од несопственик, со окупација, со припојување и таложење, со промена на корито на водотек и создвање на остров и во други случаи определени со закон.

Во однос на стекнувањето на правото на сопственост со градење на земјиште, во натамошните членови од Законот се утврдува во кои случаи и под кои услови градителот на градежниот објект може да се стекне со право на сопственост и тоа: со градење на сопствено или на туѓо земјиште, со согласност или без согласност на сопственикот на земјиштето, според членовите од 116 до 119 од Законот, со градење врз основа на туѓо право на градење според член 120, со градење без одобрение за градба според член 121, кој е и

оспорен, со доградба и надградба според член 122 и со пречекорување на меѓа при градење според членот 123 од Законот.

Од наведените и другите одредби на Законот за сопственост и други стварни права произлегува дека законодавецот во рамките на целосното уредување на правото на сопственост, кое е и уставно загарантирано право, меѓу другите прашања поврзани со остварувањето на ова право, посебно ги уредил и правните основи и услови за стекнување на правото на сопственост. Оттука, можноста за стекнување право на сопственост на градежен објект изграден без одобрение за градба, а под услови утврдени во став 2 и 3 на член 121 од Законот, кој се оспорува со оваа иницијатива, претставува само еден од законските основи на стекнување право на сопственост, што законодавецот согласно неговото уставно право и овластување го утврдил во овој Закон.

Тргнувајќи од причините поради кои во иницијативата се оспорува уставноста на членот 121 од Законот може да се констатира дека со овој член од Законот точно е дека едно неправо, односно законско недозволено дејствие, како што е изградбата на градежен објект без одобрение  станува право, односно право на сопственост на вака изградениот објект. Меѓутоа, според мислењето на Судот, ова не значи дека поради тоа оспорената одредба автоматски сама за себе е во спротивност со принципот на владеењето на правото и еднаквоста на граѓаните, од чиј аспект се оспорува нејзината уставност.

Имено, според Судот државата има уставно овластување да ја утврдува својата политика во одделни области на општественото живеење и за спроведување на таа политика да утврдува соодветни мерки. Во рамките на ова овластување, право е на државата да преоценува дали една мерка, врз основа на разгледување на одредени факти и околности и последиците кои таа може да ги предизвика, ќе ја ревидира, односно замени со друга мерка, која исто така треба да биде во функција на легитимни цели од јавен или општ интерес.

Следствено на тоа, Судот смета дека примарната цел на законодавецот со оспорената одредба не е да ги охрабри граѓаните да не ги почитуваат одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и да не се рушат објектите изградени без одобрение, како што смета подносителката на оваа иницијатива, туку легитимната цел на оваа законска одредба е да се изнајде баланс, односно

постигне правична рамнотежа меѓу општите интереси на заедницата и барањата за заштита на основните права на поединецот, односно граѓанинот. Сигурно е дека таквата рамнотежа во случајот со изградените објекти без одобрение не може да се постигне доколку во секој случај и по секоја цена објектот изграден без одобрение се руши, а при тоа да не се води сметка за социјалната положба на граѓаните во која тие ќе се најдат по рушењето на таквите објекти, како и за причините кои придонеле за т.н дива градба односно изградба на објекти без одобрение како реална состојба која во Република Македонија е присутна со години наназад.

Тргнувајќи од ваквата цел на законодавецот, Судот смета дека легализацијата на градежниот објект изграден без одобрение за градба, односно неговото вклопување во урбанистичкиот план што како услов за стекнување право на сопственост се предвидува со оспорената законска одредба, е разумна и прифатлива мерка и својата оправданост ја има во целта, односно политиката на државата и во случаите кога објектот е изграден без одобрение за градба, а во меѓувреме тој не е срушен, со неговата легализација, односно вклопување во урбанистичкиот план, на граѓанинот да му се обезбеди правото на домување, кое спаѓа во сферата на социјалната сигурност на граѓаните, за која, пак, Републиката, согласно член 35 став 1 од Уставот, има и уставна обврска да се грижи.

Според тоа, легализацијата на објектот изграден без одобрение за градба, како правна мерка, која е јасно и прецизно формулирана во оспорената законска одредба, а заради обезбедување на наведените цели, според мислењето на Судот не може да се проблематизира од уставно правен аспект, односно не е во несогласност ниту со принципот на владеењето на правото, ниту со начелото на еднаквост на граѓаните. Ова и од причини што со оваа законска одредба не се суспендира примената на Законот за просторно и урбанистичко планирање, па затоа и евентуалната фактичка, а не правна нееднаквост на граѓаните при стекнување право на сопственост на нивниот објект изграден без одобрение би произлегувала од примената на одредбите од овој закон, а не од ставовите 2 и 3 од оспорениот член на Законот за сопственост и други стварни права. Имено, овие одредби еднакво се однесуваат за сите градежни објекти изградени без одобрение доколку тие не се срушат, туку според прописите за просторно и урбанистичко планирање се вклопат во урбанистичкиот план и се потврдат со одобрение за градба, кои што услови, покрај останатите, мора да бидат исполнети за стекнување право на сопственост. Меѓутоа, од друга страна, овие законски одредби не ги

ослободуваат надлежните државни органи од обврската за доследно спроведување и почитување на прописите за градење на градежни објекти.

Судот утврди дека се неосновани наводите во иницијативата според кои согласно ставот 1 на оспорениот член од Законот, градителот на градежен објект изграден без одобрение, исто така, се третирал како сопственик, затоа што според овој став тој до легализација или рушење на објектот уживал соодветна судска заштита како сопственик.

Според мислењето на Судот, подносителот на иницијативата оваа одредба погрешно ја сфаќа, односно толкува. Имено, судската заштита на градителот предвидена со оваа законска одредба се однесува само во однос на заштитата на објектот од трети лица и тоа како инвестиционен влог што градителот го има во владение, а не на заштита на неговото право на сопственост на тој објект, како што смета подносителот. Впрочем, од ставовите 2 и 3 на овој член од Законот јасно произлегува дека до легализација, односно вклопување во урбанистичкиот план, градителот на градежен објект изграден без одобрение не се стекнува со право на сопственост на тој објект, туку го има само во владение.

5. Врз основа на изнесеното, Судот утврди дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорената законска одредба со Уставот и поради тоа одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.184/2003)

# 83.

**- Детален урбанистички план за населба "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) општина Кичево, Совет на општина Кичево**

*- Detailed urban plan for the settlement "Kutlabica 2" for part (Block 1) Municipality of Kicevo, Council of the Municipality of Kicevo*

**- Не може да се постави прашањето за законитоста на постапката при донесувањето на детален урбанистички план во ситуација кога претходно била извршена стручна ревизија, организирана стручна расправа и јавна анкета и ако по дадените забелешки на граѓаните, советот на општината изготвил извештај со образложение за нивното прифаќање, односно неприфаќање.**

*- The legality of the procedure for adopting a detailed urban plan may not be challenged if there has been a previous expert revision, expert debate and public polls, and if following the citizens' observations the council of the municipality prepared a report explaining their acceptance, that is, non-acceptance.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на законитоста на Одлуката за донесување измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план за населба "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) општина Кичево, донесена од Советот на општина Кичево, на седницата одржана на 25 јуни 2003 година.

2. Мирко Грковски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот план не бил донесен во постапка согласна со Законот за просторното и урбанистичкото планирање, затоа што не бил изготвен Извештај за прифатените, односно неприфатените забелешки на Планот и што после јавната анкета, во Планот биле направени измени кои не содејствувале со неговата содржина што била прикажана на јавниот увид.

Притоа, подносителот на иницијативата посочува вцртување на три нови куќи на раскрсницата на регионалниот пат Кичево - Македонски Брод со што, според него, бил избиршан зелениот појас на катастарската парцела бр.427.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 1 од Одлуката се констатира дека се вршат измени на Деталниот урбанистички план за населба "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) - Општина Кичево.

Членот 2 од Одлуката ја определува содржината на Планот: текстуално образложение, графички прилози, стручна ревизија, стручно мислење, извештај по јавната анкета, согласност на предлог-измените на планот, издадена од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот - Кичево.

Со членот 3 од Одлуката се регулира начинот на заверката на Планот (оригинални графички прилози на хамер и фолија со потпис и печат на доносителот).

4. Согласно член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Согласно член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, општините се надлежни за урбанистичкото планирање (урбано и рурално), издавањето на одобрението за градење на

објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.

Во членот 22 став 3 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање, е предвидено дека општината донесува урбанистички планови од член 7 алинеи 1, 2 и 3 на овој закон, а тоа значи дека општината ги донесува генералните и деталните планови и урбанистичка документација за населено место.

Според членот 18 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање, јавната анкета се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 10 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата.

Согласно ставот 2 на овој член од Законот, за времето и местото каде ќе биде изложен планот, задолжително се објавува соопштение во јавните гласила.

Извештајот за стручната расправа и јавната анкета со образложение за неприфатените забелешки, го изработува општината, односно Градот Скопје (член 18 став 4).

Членот 19 став 1 и став 2 од Законот предвидува дека пред организирањето на стручната расправа и јавната анкета се врши стручна ревизија, која што ја врши стручно научна институција или комисија што ја определува министерот за транспорт и врски.

Врз основа на овие уставни и законски одредби Советот на општина Кичево ја донел оспорената Одлука за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за населба "Катлабица 2" за дел (Блок 1) - Општина Кичево.

Во контекст на наведените уставни и законски одредби постапката при донесувањето на Одлуката, течела на следниов начин:

На 17 февруари 2003 година градоначалникот на општина Кичево, согласно член 17 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (според кој по нацртот на деталниот урбанистички план и урбанистичката документација за населено место во општината се спроведува јавна анкета), донел одлука за

организирање на јавна анкта по нацрт-измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) - општина Кичево.

Истиот ден, на 17 февруари 2003 година преку Радио - Кичево било објавено соопштение дека просторот опфатен со Деталниот урбанистички план "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) - Кичево, го опфаќа просторот во следните граници: од исток: Ул. 11-ти септември; од запад: Магистрален пат М4 - Скопје - Кичево - Охрид; од југ: Регионален пат Кичево - Македонски Брод и од север: КП.4150 и 4076.

Понатаму, според соопштението Нацртот на Деталниот урбанистички план ќе биде изложен во просторијата бр. 23 во административната зграда на ЕЛС - општина Кичево, во рок од 10 дена од денот на објавувањето на соопштението т.е. од 17 февруари до 28 февруари 2003 година секој работен ден од 7,30 до 15,00 часот и дека во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставaт писмени забелешки на анкетните листови.

5. Министерството за транспорт и врски на Република Македонија - Сектор за уредување на просторот - Подрачна единица Кичево на 19 мај 2003 година дало согласност на Предлог Деталниот урбанистички план за "Кутлабица 2" (Блок 1) - Кичево, врз основа на: Предлог - планот изготвен од ДООЕЛ "Перкан Проект" - Прилеп со тех.бр.20/2003 од април 2003 година; Стручната ревизија на Нацрт-планот изработена од ИН-Пума - Скопје од декември 2002 година; Стручното мислење од Министерството за транспорт и врски бр.13-15684 од 10 јануари 2003 година со Извештај од изработувачот на планот бр.07-7/1 од 13 февруари 2003 година; Одлуката за организирање на јавна анкета по нацрт-планот бр.08-162/1 од 17 февруари 2003 година и Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Кичево за 2003 година.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека постапката за давање согласност за измена на Деталниот урбанистички план за населба "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) општина Кичево, се остварувало во рамките на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Инаку, од увидот во Анкетниот лист бр. 3 на Мирко Грковски (подносителот на иницијативата) се гледа дека тој

предложил да се изврши корекција на неговата куќа во смисла што градежно нивелационата линија да се вцрта од северната страна на неговата КП.бр.4247/3.

Овој предлог му бил усвоен со тоа што е извршена парцелација од северната страна према катастарската скица 12-11/308 од 7 мај 2002 година.

Вториот предлог (барање) му бил дел од земјиштето западно од неговата парцела да се приклучи кон неговиот дел.

Овој предлог не бил прифатен од причина што бараното место за докомплетирање е приватна сопственост.

Исто така, од Анкетниот лист бр. 7 на Стојмир Ширгоски се гледа дека тој барал да се предвидат пет самостојни објекти со околу 400 м2 површина поединечно заедно со пристап до источниот сосед со намалување на зеленилото од јужната страна на парцелата.

Барањето му било прифатено според прописите.

Врз основа на ова барање дошло до вцртување на три згради на зеленилото од јужната страна, за што подносителот на иницијативата тврди дека не биле содржани во предлог - планот (тие не можеле да бидат содржани бидејќи се вцртани дополнително врз основа на усвоеното барање од јавната анкета).

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека постапката при донесувањето на Одлуката за измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план за населба "Кутлабица 2" за дел (Блок 1) општина Кичево се остварувало во рамките на Законот за просторното и урбанистичкото планирање, поради што оцени дека не може основано да се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и со Законот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.140/2003)

# 84.

**- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за донесување на деталниот урбанистички план за Градска четврт "Тасино Чешмиче II" - Скопје, Совет на општина Центар**

*- Decision to change and supplement the Decision on the adoption of the detailed urban plan for the city quarter “Tasino Cesmice II” – Skopje, Council of the Municipality of Centar*

**- Актот за изменување и дополнување на урбанистички план кој е донесен во постапка и од надлежен орган утврдени со закон кој што важел во времето на спроведување на постапката за изменување и дополнување на планот е во согласност со Уставот и со закон.**
**Уставниот суд не е надлежен да оценува дали при изменувањата и дополнувањата на урбанистичките планови биле доследно почитувани или нормативите и стандардите за уредување на просторот.**

*- The act on changing and supplementing an urban plan which has been adopted in a procedure and by a competent body defined by law which was valid at the time of the conduct of the procedure for changing and supplementing the plan is in accordance with the Constitution and law.*
*The Constitutional Court is not competent to assess whether the norms and standards for arrangement of space have been consistently observed in the changes and supplements to the urban plans.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 31 март 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт "Тасино Чешмиче II" - Скопје, бр.07-205/1, донесена од Советот на општина Центар на 5 февруари 2003 година ("Службен гласник на град Скопје" бр.2/2003).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата во делот на барањето за оценување на согласноста на одлуката означена во точката 1 од ова решение со Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002, 50/2003) и Правилникот за поблиската содржина и начинот на графичка обработка на плановите и постапката за донесување на урбанистички планови ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002).

3. Борис Цветановски и Стојан Петровски од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од ова решение, како и за оценување на согласноста на истата одлука со Правилниците означени во точката 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата и нејзините две дополнувања, со оспорената одлука на КП.бр.2448 се предвидувало маркица за изградба на нов објект покрај веќе постојниот, кој бил изграден со градежна дозвола издадена под бр.11-7554 од 26 јануари 1989 година. Вкупната површина на оваа градежна парцела изнесувала 250 м2, а за двата објекти била потребна градежна површина од најмалку 800 м2. Во иницијативата се наведува и тоа дека растојанието меѓу новиот објект кој бил предвиден да се гради на урбанистичката парцела бр.8.5 и соседниот изграден објект на урбанистичката парцела бр.8.6 изнесувало 90 см.

Во иницијативата понатаму се наведува дека предвидувањето на ваква мала површина да се градат два станбени објекти било спротивно на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и на Правилникот за поблиската содржина и начинот на графичка обработка на плановите. Истовремено тоа значело и непочитување на Законот за просторно и урбанистичко

планирање, како и повреда на членот 8 став 1 алинеите 3, 6 и 10 од Уставот на Република Македонија.

За наведените неправилности во Планот, подносителите на иницијативата кои биле и први соседи на урбанистичката парцела бр. 8.5, во текот на јавната анкета и по донесувањето на планот приговарале до надлежните општински и републички органи, бидејќи со евентуалната изградба на ново предвидениот објект ќе им биле нарушени елементарните услови за користење на нивните станбени објекти, со оглед на тоа дека до нив не можело да допира сончева светлина.

Поради наведените причини, подносителите на иницијативата бараат Судот да го поништи Деталниот урбанистички план во урбаниот модул бр.8.5, а до донесувањето на конечната одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземани заради изградба на станбениот објект предвиден на овој урбан модул, со цел да се спречи настанување на тешко отстранливи последици.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 1 од оспорената одлука е утврдено дека со оваа одлука се донесуваат измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план за Градска четврт "Тасино Чешмиче II" - Скопје и дека овие измени и дополнувања ги почитува определбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за поблиска содржина и начин на графичка обработка на плановите и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.

Според членот 2 од Одлуката, просторот за кој се донесуваат измените и дополнувањата на овој Детален урбанистички план е со површина од 23,12 ха и е во рамките на границите кои се детално опишани во овој член од Одлуката.

Според членот 3 од Одлуката, составен дел на оваа одлука се: Текстуалниот дел на планот, Графичките прилози, Параметрите за уредување на просторот и Извештајот од јавната анкета со осврт од Стручната консултација.

Согласно членот 4 од Одлуката, Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот и со потпис на претседавачот на Советот на општина Центар.

Според членот 5 од Одлуката, Одделението за урбанизам на општината во рок од 60 дена од донесувањето на планот ќе обезбеди комплетна документација за остварување на планскиот документ.

Според членот 6 од Одлуката, Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува и за неговата реализација се грижи Одделението за урбанизам на Општината.

И во членот 7 од Одлуката се утврдува дека таа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на град Скопје".

5. Судот на седницата, исто така, а врз основа на документацијата доставена од Советот на општината Центар, го утврди следното:

Изработката на измените и дополнувањата на овој детален урбанистички план се вклопува во рамките на Програмата за уредување на градежното земјиште на општина Центар за 2002 година.

Нацртот на планот е изготвен од Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА, со технички број 45/2002 година. Главниот архитект на град Скопје по изработениот нацрт план дал свое стручно мислење со акт бр.18а-1371/1 од 12 јуни 2002 година.

Стручната ревизија на Нацрт планот била изготвена од АД "ЗУАС" - Скопје во јуни 2003 година, а изготвувачот на планот дал одговор на стручната ревизија.

Министерството за транспорт и врски под бр.13-7968 од 17 јуни 2002 година дало стручно мислење по нацртот на планот.

Нацртот на планот е утврден со Заклучок бр.18-824/3 од 19 јуни 2002 година на Одделението за урбанизам на општина Центар.

Градоначалникот на општина Центар под бр.08-824/3 од 19 јуни 2002 година донел Одлука за организирање на јавна анкета по нацртот на планот. Соопштението за организирање на јавната анкета, која траела 10 дена, е објавено во "Утрински весник" и "Дневник" од 21 јуни 2002 година.

На 28 јуни 2002 година била одржана стручна консултација по Нацртот на планот со претставници од: Министерството за транспорт и врски; Канцеларијата на главниот архитект на град Скопје; АД "Македонски телекомуникации"; ЕСМ "Електродистрибуција" Скопје; ЈП "Комунална хигиена"; ЈП "Паркови и зеленило"; ЈП "Водовод и канализација"; изготвувачот на планот и стручната служба на општината Центар.

Извештајот од јавната анкета по Нацртот на планот е изготвен под бр.18-824 од 17 ноември 2002 година од стручната комисија, формирана од градоначалникот на општина Центар.

Од Извештајот на Комисијата се гледа дека во текот на јавната анкета по Нацртот на планот биле поднесени вкупно 33 забелешки, од кои некои се прифатени, а некои не и за истите е дадено стручно образложение. Од извештајот исто така се гледа дека подносителите на оваа иницијатива учествувале во јавната анкета, но нивните приговори, односно забелешки во однос на објектот предвиден на КП.2448 (во кој дел и се оспорува овој план) не биле прифатени.

Имено, подносителите на оваа иницијатива, како и други четворица граѓани, барале спорниот објект да се избрише од планот, а наспроти нив сопственикот на оваа парцела во јавната анкета истакнал две барања и тоа: во урбанистичката парцела 8.5 да се потврди постојниот објект и ако е можно да се оформат две урбанистички парцели, со цел да се задржи постојниот и ново предвидениот објект.

Барањата и на едните и на другите не се прифатени со образложение дека "Големината на парцелата не овозможува да се потврди постојниот објект, според важечките стандарди и нормативи, урбанистичкото решение на парцелата било преземено до измената и дополнувањата на планот во 1997 година, а се почитува текстот од Извештајот од јавната анкета од 1997 година по забелешка бр.7 и дека просторот претставува една катастарска парцела, со минимална површина според правилникот за стандарди и нормативи" .

На Предлогот за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план, во кој претходно биле вградени сугестиите и забелешките од стручната ревизија, како и прифатените барања на граѓаните од јавната анкета, Министерството за транспорт и врски има издадено согласност под бр.13-13534 од 27 ноември 2002 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Планот бил разгледан на седницата на Советот на општина Центар одржана на 5 февруари 2003 година, кога е донесена и Одлуката.

6. При оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука, Судот ги имаше предвид следните уставни и законски одредби:

Во членот 8 став 1 алинеите 3, 6 и 10 од Уставот на Република Македонија, на кои се повикуваат подносителите на оваа иницијатива, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени принципот на владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Според членот 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002) кој што важел во време кога е донесена оспорената одлука, просторното и урбанистичко планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови кои меѓусебно се усогласуваат.

Според членот 7 од Законот, во зависност од просторот кој е предмет на планирање, покрај другите планови, се донесува и детален урбанистички план.

Согласно членот 11 од Законот, деталниот урбанистички план се донесува за одделни делови на населените места и други подрачја за кои е донесен генерален урбанистички план и содржи синтензен графички приказ на планските решенија во границите на урбаното подрачје со билансни показатели за урбаните модули и инфраструктурата. Синтезниот графички приказ содржи: граница на урбаното подрачје, намена на земјиштето на урбаните модули со градежни парцели, површини за изградба на објекти определени со градежни линии и максимална висина, сообраќајна мрежа и др. Билансните показатели содржат: податоци за површините, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните модули согласно со соодветните стандарди и нормативи.

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање се утврдени и субјектите кои можат да ги изработуваат урбанистичките

планови, а исто така се утврдени и нивните обврски, односно задолженија при изработувањето на овие планови. Во овој контекст значаен е членот 21-а од Законот според кој при изработувањето на урбанистичките планови, во кои спаѓа и деталниот урбанистички план, задолжително се применуваат нормативи и стандарди за уредување на просторот, кои ги донесува министерот надлежен за работите на уредувањето на просторот.

Во членот 20 став 1 од Законот е утврдено дека измените и дополнувањата на плановите од член 7 на овој закон се вршат по иста постапка пропишана за нивно донесување, доколку со овој закон не е поинаку уредено. Постапката за донесување на плановите е уредена со членовите од 17 до 22 од Законот.

Така, од содржината на членот 17 од Законот, која се однесува и на деталните урбанистички планови, произлегува дека тие се изработуваат како нацрт и предлог на план.

По нацртот на деталниот урбанистички план се спроведува јавна анкета која ја организира општината. Одлуката за јавната анкета ја донесува градоначалникот на општината, по утврдувањето на нацртот на планот од страна на општинската администрација.

Според член 18 од Законот, јавната анкета се спроведува со излагање на планот на јавно место најдоцна 10 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје доставуваат писмени забелешки на анкетни листови, до организаторот на анкетата.

За времето и местото каде ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила. За јавната анкета се изготвува извештај, со образложение за неприфатените забелешки.

Пред организирање на јавна анкета, по нацртот на деталните урбанистички планови, согласно член 19 од Законот се врши стручна ревизија од страна на правно лице кое има добиено овластување, а што ќе го определи градоначалникот на општината.

Според член 22 став 6 од Законот, деталните урбанистички планови се донесуваат по издавањето согласност на

предлогот на планот од страна на министерството надлежно за работите на уредувањето на просторот.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби, од една страна, и утврдената фактичка состојба, од друга страна, Судот утврди дека Одлуката целосно, а тоа значи и во оспорениот дел, е донесена во постапка пропишана со Законот за просторно и урбанистичко планирање, поради што не го постави прашањето за нејзината согласност ниту со овој закон, ни со членовите од Уставот во однос на кои се оспорува нејзината уставност.

Во однос на наводите во иницијативата дека во оспорениот дел на Одлуката спротивно на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002 и 50/2003) и Правилникот за поблиската содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002) било предвидено изградба на два станбени објект, Судот утврди дека овие наводи се неосновани.

Имено, од утврдената фактичка состојба произлегува дека на урбанистичката парцела 8.5 со овие измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план е предвидена изградба само на еден објект, со тоа што постојниот објект кој што бил изграден според планот кој што важел во времето на изградбата сега не се предвидува. Според одговорот добиен од Советот на општината Центар, при оваа и другите измени и дополнувања во графичкиот дел на овој детален урбанистички план, биле почитувани стандардите и нормативите за уредување на просторот.

Но, независно од тоа дали при овие измени и дополнувања на планот биле почитувани или не соодветните нормативи и стандарди за уредување на просторот, на чие непочитување се укажува во иницијативата, е прашање што излегува од доменот на надлежноста на Уставниот суд. Ова затоа што во случај Судот да се впушти во оценка и на овие наводи, тогаш тоа во суштина би значело оценување на меѓусебната усогласеност на овој план со горе означениот правилник, а со оглед дека се работи за прописи од ист правен ранг, согласно член 110 од Уставот Судот не е надлежен да одлучува за тоа.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.167/2003)

# 85.

**- Одлука за изменување и дополнување на детален урбанистички план на дел од Месна заедница "Железара" - домување локалитет "А" Скопје, Совет на општина Гази Баба**

*- Decision to change and supplement a detailed urban plan of part of the local community “Zelezara” – housing site “A” Skopje, Council of the Municipality of Gazi Baba*

**- Не може да се постави прашањето за согласноста на деталниот урбанистички план со законот, бидејќи јавната анкета траела 10 дена како што предвидува Законот за просторно и урбанистичко планирање, а за спроведувањето на јавната анкета граѓаните биле известени преку средствата за јавно информирање.**

*- The concordance of the detailed urban plan with the law may not be challenged, since the public poll lasted for 10 days as defined by the Law on Spatial and Urban Planning, and the citizens were informed of the public poll being conducted through the public media.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 31 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план на дел од Месна заедница "Железара" - домување локалитет "А" Скопје, бр.07-226/1 донесена од Советот на општина Гази Баба на 18 април 2003 година.

2. Ѓорче Андонов и група граѓани од општина Гази Баба, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата како и во дополнувањето на иницијативата се наведува дека: информацијата за јавната расправа во врска со урбанистичкиот план, стасала до многу мал број граѓани на месната заедница; самиот јавен увид бил сосема формален поради кусиот период на јавниот увид; поставените забелешки од страна на малиот број присутни граѓани на јавниот увид не биле целосно, во писмена форма и благовремено доставени до Советот на општината Гази Баба; на седницата на Советот, одржана на 18 април 2003 година на која се усвоил урбанистичкиот план, заинтересираните граѓани не биле поканети; советниците членови на Советот на општината Гази Баба, особено оние избрани во месната заедница "Железара", својата задача заштита на интересите на граѓаните не ја извршиле адекватно; иницијаторите располагале со сознанија дека поединци успешно влијаеле на урбанистите и како резултат на претходно изнесените процедурални пропусти, бил усвоен Урбанистичкиот план кој, наместо да ги подобрува урбанистичките состојби во месната заедница, истите ги усложнувал и предизвикувал соседски расправии, интервенции на полицијата, па и физички пресметки.

3. Судот на седницата, врз основа на доставената документација од Советот на општина Гази Баба, констатира дека донесувањето на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план било планирано во Програмата за уредување на градежно земјиште за Општина Гази Баба за 2001 и 2002 година.

По изготвувањето на Нацртот на планот била добиена Стручна ревизија од Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови, Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски и Стручно мислење од главниот архитект на Град Скопје.

По утврдувањето на текстот на Нацртот, градоначалникот на општината донел Одлука за организирање на јавна анкета и истата била објавена во "Службен гласник на Град Скопје" и во дневниот весник "Вечер", а соопштение било доставено и до Месната заедница "Железара".

По организираната јавна анкета која била одржана во Месната заедница "Железара" во времето од 27 мај 2002 до 7 јуни 2002 година, од страна на Месната заедница до Советот на општината Гази Баба биле доставени сите анкетни листови преку кои биле давани забелешки по Нацрт-планот. По разгледувањето на анкетните листови, односно по нивното прифаќање или одбивање, била побарана и дадена согласност од Министерството за транспорт и врски.

Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од МЗ "Железара" - домување локалитет "А" - Скопје била донесена едногласно од страна на Советот на Општината на седницата одржана на 18 април 2003 година под бр.07-226/1 и објавена во "Службен гласник на Град Скопје" бр.6/2003.

4. Подносителите на иницијативата особено приговараат на околноста дека јавната анкета по нацртот на урбанистичкиот план била формална и дека граѓаните не биле доволно информирани.

Според добиената документација, евидентно е дека јавната анкета траела од 27 мај 2002 до 7 јуни 2002 година, односно 10 дена како што предвидува и член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Освен тоа, за спроведувањето на јавната анкета граѓаните биле известени преку дневниот весник "Вечер", а било доставено и соопштение до Месната заедница "Железара".

За спроведената јавна анкета има извештај, според кој во предвидениот рок се поднесени 29 анкетни листови со писмени забелешки од заинтересираните граѓани и правни лица.

5. Врз основа на изнесеното Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената Одлука со Законот за просторно и урбанистичко планирање поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.174/2003)

# 86.

**- Одлука за донесување на измена и дополна на Деталниот урбанистички план за МЗ "III-та МУБ" - Куманово - Ул. "15-ти Мај", Совет на општина Куманово**

*- Decision to adopt a change and supplement to the Detailed Urban Plan for the local community “III-ta MUB” – Kumanovo – St. “15-ti Maj”, Council of the Municipality of Kumanovo*

**- Измените и дополнувањата на деталните урбанистички планови се вршат во иста постапка пропишана за нивно донесување.**
**Не постои законска обврска за доносителот на планот да ги известува граѓаните од конкретното подрачје опфатено со планот дека планот е донесен. Со цел да се обезбеди учество на заинтересираните граѓани од тоа подрачје во**

**постапката за донесување на планот законот пропишува обврска за организирање на јавна анкета по нацртот на планот.**

*- Changes and supplements to detailed urban plans are made in the same procedure that is prescribed for their adoption.*
*There is no legal obligation for the adopter of the plan to inform the citizens from the specific area covered in the plan that the plan has been adopted. With a view to ensuring participation of the interested citizens from the area concerned in the procedure for adoption of the plan, the law prescribes an obligation for organising a public poll regarding the draft-plan.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на измена и дополна на Деталниот урбанистички план за МЗ "III-та МУБ" - Куманово - Ул. "15-ти Мај", бр.07-1139/1, донесена од Советот на општина Куманово на 12 мај 2000 година ("Службен гласник на општина Куманово" бр.4/2000).

2. Благе Стојановски од Куманово на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека со оспорената одлука, соседниот објект што се водел на куќниот број 13 се предвидувал како лепенка со објектот на подносителот на иницијативата и со тоа му се затворал прозорецот од неговата источна страна кој постоел повеќе

од десет години. При овие измени и дополнувања на планот не се почитувала правосилната судска одлука со која било одбиено тужбеното барање на соседот на подносителот на иницијативата за затворање на прозорецот кон неговата куќа.

Подносителот на иницијативата наведува и тоа дека не бил известен за донесување на оспорената одлука и дека измената на урбанистичкиот план била издејствувана по барање на неговиот сосед, кој бил советник во Советот на општина Куманово.

Со вака донесената одлука според подносителот на иницијативата бил повреден принципот на правната заштита на сопственоста, утврден како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија во членот 8 став 1 алинеја 6 од Уставот, како и членот 11 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, со оглед дека на тоа што во конкретниот случај не биле исполнети архитектонско-урбанистичките услови.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 1, со оспорената одлука се донесуваат измена и дополна на Деталниот урбанистички план за Месната заедница "III МУБ - Куманово" - Ул. "15-ти Мај".

Според членот 2 од оваа одлука, составен дел на измената и дополната на планот се: текстуален дел, одредби за спроведување на Деталниот урбанистички план и Графички дел во М = 1 : 1000, со сите фази одредени со Законот.

Во членот 3 став 1 од Одлуката е утврдено дека документацијата од членот 2 на оваа одлука ја потпишува градоначалникот на општината Куманово, со назначување на бројот и датата на седницата на која е донесена и се заверува со печатот на градоначалникот. Во ставот 2 на овој член е утврдено дека еден примерок од документацијата останува во архивата на Канцеларијата на главниот архитект на град Куманово, а останатите примероци се предаваат на реализација на подрачната единица на Министерството за урбанизам и градежништво - Куманово.

Во членот 4 од Одлуката е утврдено дека таа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Куманово".

4. Судот на седницата, исто така, врз основа на прибавената документација во врска со постапката во која е донесена оспорената одлука ја утврди следната фактичка состојба:

а) Согласно Програмата за изработка на урбанистички планови за 2000 година, главниот архитект на општина Куманово покренал иницијатива за изработка на нацрт урбанистички планови за повеќе месни заедници во Куманово, меѓу кои и за Месната заедница "III МУБ" Ул. "15-ти Мај".

б) Нацртот на планот е изработен од страна на ДОО "Простор" - Куманово, а стручната ревизија е извршена од Архитектонскиот факултет - Скопје, под бр.05-152/1 од 30 март 2000 година.

в) Заклучокот за организирање на јавната анкета бил донесен на седницата на Советот на општина Куманово одржана на 30 март 2000 година.

г) Јавната анкета се организирала во периодот од 1 април до 16 април 2000 година, а за таа цел Нацрт-измените и дополнувањата на планот бил истакнат во општинските витрини на градскиот плоштад во Куманово, што било наведено и во соопштението објавено на сите локални телевизии и локалниот печат.

д) Според Извештајот од спроведената јавна анкета во текот на јавната анкета до Канцеларијата на главниот архитект на град Куманово не пристигнале никакви забелешки и предлози.

ѓ) По Нацртот на измените и дополнувањата на планот главниот архитект на град Куманово дал стручно мислење под бр.23-491/3 од 17 март 2000 година.

е) Предлогот на планот бил изготвен од ДОО "Простор" Куманово со тех. бр.12/00/6.

ж) Согласно член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Министерството за урбанизам и градежништво под бр.10-4427 од 14 јуни 2000 година дало согласност за спроведување на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план за Месната заедница "III МУБ" Ул. "15-ти Мај" - Куманово, извршени со оспорената одлука.

5. Според член 8 став 1 алинеите 6 и 10 од Уставот на Република Македонија, правната заштита на сопственоста и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според членот 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997 и 18/1999), кој што важел во времето на донесување на оспорената одлука, а на кој член се повикува подносителот на иницијативата, деталниот урбанистички план содржи особено: план на намена на просторот и објектите, план на градежни парцели и површини за изградба на објекти определени со регулациони и градежни линии, максимална висина на објектите и други поблиски услови за изградба. Според овој член од Законот, исто така, деталниот урбанистички план мора да содржи и одредби за спроведување на планот, билансни показатели и соодветни графички прикази.

Според член 21-а од наведениот закон, при изработување на просторен и урбанистички план задолжително се применуваат урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот, кои ги донесува министерот надлежен за работите на урбанизмот.

Во однос на постапката за донесување на деталните урбанистички планови овој закон пропишува неколку правила и тоа:

Во членот 17 од Законот е утврдено дека деталните урбанистички планови, како и сите други урбанистички планови, се изработуваат како нацрт и предлог на план.

По нацртот на деталниот урбанистички план се организира јавна анкета, која согласно член 18 од Законот се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 15 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата.

За времето и местото на кое ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила.

За јавната анкета се изготвува извештај, со образложение за неприфатените забелешки кој се доставува заедно со предлогот на планот на усвојување.

Во членот 20 од Законот е утврдено дека измените и дополнувањата на урбанистичките планови се врши по иста постапка пропишана за нивно донесување, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Според член 22 став 6 и 7 од Законот, урбанистичките планови можат да се спроведуваат по издавањето на согласност од министерството надлежно за работите на урбанизмот, а плановите за кои не е издадена согласност, се сметаат дека не се донесени.

Од содржината на наведените и другите одредби од Законот јасно произлегува дека во функција на операционализација на уставно утврдената темелна вредност за уредувањето на просторот, вклучувајќи го и неговото урбанистичко планирање, планирањето на просторот се обезбедува преку изработување и донесување на урбанистички планови на начин и постапка утврдена со закон.

Имајќи го предвид наведеното, како и тоа дека предметните измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план за МЗ "III МУБ" - Куманово, Ул. "15-ти Мај", се изработени во две фази, прво како нацрт, а потоа и како предлог на план, дека по нацртот на планот била организирана јавна анкета, која траела 15 дена од излагањето на планот на јавно место, за што било објавено и соопштение во јавните гласила и дека Министерството за транспорт и врски дало согласност за спроведување на овие измени и дополнувања на планот, Судот утврди дека оспорената одлука е донесена во постапка пропишана со Законот за просторно и урбанистичко планирање, поради што оцени дека неможе да се постави прашањето за нејзината согласност ниту со овој закон, ни со Уставот на Република Македонија.

Во однос на наводите во иницијативата дека подносителот не бил посебно известен за донесување на оспорената одлука, според Судот тие не претставуваат основ за изразување сомневање во нејзината уставност и законитост, затоа што од Законот за просторно и урбанистичко планирање не произлегува обврска доносителот на планот за тоа поединечно да ги известува граѓаните од конкретното подрачје опфатено со планот. Она што е

задолжително според овој закон е спроведување на јавна анкета по нацртот на планот (која во конкретниот случај била спроведена), а со цел заинтересираните граѓани од тоа подрачје да можат преку давање на свои забелешки и предлози да учествуваат во донесувањето на планот, а истовремено и да ги заштитат своите права и правни интереси.

Со оглед на тоа што подносителот на иницијативата не учествувал во јавната анкета, според Судот, тој своите права и правни интереси на кои укажува во иницијативата може да ги остварува и заштитува во друга постапка и пред други органи, а не во постапката за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука пред овој суд. Ова од причини што планирањето, рационалното уредување и користење на просторот, како и создавање услови за хумано живеење и работа на граѓаните, како цели на просторното и урбанистичко планирање, се врши врз основа на стандардите и нормативите за уредување на просторот утврдени со соодветен правилник донесен од министерот надлежен за урбанизам, а Уставниот суд не е надлежен да оценува дали во конкретниот случај, како и во сите други, овие стандарди и нормативи биле доследно почитувани или не. За тоа се надлежни изработувачите на плановите, стручно-научните институции овластени за вршење на стручна ревизија и органот на државната управа надлежен за работите на урбанизам, кој во постапката за давање на согласност, меѓу другото, оценува дали плановите се изработени согласно утврдените стандарди и нормативи за планирање на просторот, односно дали во нив се содржани и услови за спречување на архитектонски бариери, како еден од елементите утврден во членот 11 став 2 од Законот, кој посебно се акцентира во иницијативата.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.80/2003)

# 87.

**- Одлуки за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на детални урбанистички планови донесени од Советот на општина Кисела Вода (поведување на постапка)**

*- Decisions to change and supplement the provisions for enforcement of detailed urban plans adopted by the Council of the Municipality of Kisela Voda (initiation of a procedure)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 и член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на:

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. Острово (УЕ 19а и 19б Аеродром) бр.07-44/4-3 донесена од Советот на општина Кисела Вода, на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "Бирарија" бр.07-44/4-4 донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "Вардар" УЕ 66 бр.07-44/4-5 донесена од Советот на општина Кисела

Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за Реонски центар Аеродром бр.07-44/4-7, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за УЕ 19а 19б (нас. "Јане Сандански") Аеродром бр.07-44/4-8, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за УЕ 18 Аеродром (стар дел) бр.07-44/4-10, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за УЕ 19Ц нас. "Ново Лисиче" (Аеродром) бр.07-44/4-11, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. "11 Октомври" - бараки бр.07-44/4-13, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. "Пинтија" бр.07-44/4-14, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. "Лисиче" - бараки бр.07-44/4-16 донесена од Советот на општина Кисела Вода

на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "11 Октомври" тврда градба бр.07-44/4-18, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000 и

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план на нас. "Горно Лисиче" бр.07-44/4-19, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "Вардар" бр.07-44/4-6 (07-53/11) донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000.

3. Снежана Лешкоска и Славица Бунтевска-Стојанова од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуките означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените одлуки не биле во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, затоа што со нив била извршена измена и дополнување само на одредбите за спроведување на плановите, а не и на графичките прилози на деталните урбанистички планови поради што постоела неусогласеност меѓу овие делови од плановите.

4. Судот на седницата утврди дека оспорените одлуки за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови се донесени на ист датум 28 март 2000 година, имаат различен деловоден број и секоја од нив се однесува за конкретна месна заедница, населба или урбана единица.

Понатаму, Судот утврди дека секоја од оспорените одлуки има по 3 члена. Со првиот член фактички се констатира дека се извршени измени и дополнувања на одредбите за спроведување на

Деталниот урбанистички план за соодветната месна заедница, населба или урбана единица.

Со членот 2, во секоја од одлуките е утврдено дека текстуалниот дел на одредбите за спроведување на плановите е составен дел на Одлуките кој не се објавува, а се чува во Министерството за урбанизам и градежништво - Подрачна единица Кисела Вода.

Со членот 3, пак, на секоја од одлуките е предвидено дека одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на град Скопје".

Понатаму, Судот утврди дека според текстуалниот дел на секоја поединечна одлука, во зависност од месната заедница, урбаната единица или населбата се уредуваат прашања за коефицинетот на искористување на земјиштето (кое за станбени објекти и комплекси може да изнесува 1,5, за станбено деловни или комплекси до 1,8 во зоните со деловна содржина и индустрија до 2,5 и во централните градски подрачја до 3,0), можноста да се изврши одделување на предвидените двокуќи со спогодба на сопствениците, можност за огранување на урбанистичките парцели наменети за живеење и висината на оградите; можноста во урбанистичкиот план да се применуваат и предвидат три групи на паркиралишта чиј број се определува во зависност од големината на станбениот или деловниот објект; стандардите и нормативите за објектите за домување и јавните објекти, одредби со кои се утврдуваат случаите во кои делови објектот може да отстапува од градежната линија во вертикална и вон вертикална рамнина, можност од надградба на колективните објекти и можноста за формирање на мансардни станови.

Судот, исто така, утврди дека нацрт-одлуките за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за месните заедници, населби или урбани единици се изготвени од Подрачната единица на Министерството за урбанизам и градежништво, а нивни предлагач бил повереникот на Владата кој што ги вршел работите на градоначалник на општината.

По предметните нацрт-одлуки е дадено позитивно мислење од главниот архитект на Град Скопје под бр.18а 458/1 од 27 март 2000 година.

Стручната ревизија на Нацртот на одлуките е извршена од страна на Институтот за просторно планирање, урбанизам, сообраќај и екологија на Македонија ‘’ИН-ПУМА’’ Скопје, кој има овластување за вршење на стручна ревизија.

Судот, исто така, утврди дека со Заклучок бр.07-32/3 од 7 март 2000 година, Советот на општина Кисела Вода ги усвоил Нацрт-одлуките за изменување и дополнување на Одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за Црниче У.Е. 61, нас. Драчево, нас. Острово (У.Е. 19-а и 19-б - Аеродром), МЗ Бирарија, МЗ Вардар У.Е.66, МЗ Вардар, Реонски центар Аеродром, У.Е. 19-а и 19-б (нас. Јане Сандански) - Аеродром, Југоисточна индустриска зона, У.Е. 18 Аеродром (стар дел), У.Е. 19-Ц нас. Ново Лисиче (Аеродром), МЗ Цветан Димов II, нас. 11 Октомври-бараки, нас. Пинтија, нас. Мите Богоевски, нас. Лисиче-бараки, МЗ Цветан Димов-Славија, МЗ 11 Октомври (тврда градба) и нас. Горно Лисиче.

Во врска со нацрт-одлуките, Советот заклучил да се спроведе јавна анкета која ќе трае 15 дена од денот на објавувањето во јавните гласила.

Соопштението за организирање јавна анкета било објавено во весникот "Дневник" од 11 март 2000 година во кој, меѓу другото, било предвидено дека јавната анкета ќе се спроведе со излагање на нацрт - одлуката во просториите на месните заедници и ќе трае 15 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица доставуваат писмени забелешки на анкетни листови.

За спроведување на јавната анкета за секоја нацрт одлука бил составен извештај во кој е констатирано дека не е поднесен приговор, односно забелешка на ниеден анкетен лист и дека по нацртот треба да продолжи постапката за усвојување на предлог – одлука.

Предлог – одлуките за секое изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за наведените месни заедници бил разгледан на седницата на Советот одржана на 28 март 2000 година, кога се донесени и одлуките, кои потоа се објавени во ‘’Службен гласник на град Скопје’’ бр.8/2000.

На 30 март 2000 година, Министерството за урбанизам и градежништво издало согласност за спроведување на измените и

дополнувањата на Одредбите за реализација на деталните урбанистички планови, извршени со соодветните одлуки.

5. При оценувањето на уставноста и законитоста на оспорените одлуки Судот ги имаше предвид одредбите од член 8 и член 52 од Уставот на Република Македонија, како и одредбите од Законот за просторното и урбанистичкото планирање кои што важеле во времето на нивното донесување, а во однос на кои едновремено се оспоруваат и овие одлуки.

Имено, во член 8 од Уставот на Република Македонија меѓу темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени и принципот на владеењето на правото, како и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата на унапредувањето на животната средина и на природата.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Според член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/1996, 28/1997 и 18/1999), деталниот урбанистички план содржи особено: план на намена на просторот и објектите, план на градежни парцели и површини за изградба на објекти определени со регулациони и градежни линии, максимална висина на објектите и други поблиски услови за изградба. Според овој член од Законот деталниот урбанистички план мора исто така да содржи и одредби за спроведување на планот, билансни показатели и соодветни графички прикази.

Според член 21-а од истиот закон, при изработување на просторен и урбанистички план задолжително се применуваат урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот, кои што ги донесува министерот надлежен за работите на урбанизмот.

Во однос на постапката за донесување на деталните урбанистички планови Законот пропишал неколку правила и тоа :

Во членот 17 од Законот е утврдено дека деталните урбанистички планови, како и сите други урбанистички планови, се изработуваат како нацрт и предлог на план.

По утврдувањето на нацртот на деталниот урбанистички план се спроведува, односно организира јавна анкета, која, пак, согласно член 18 од Законот се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 15 дена (по измените на Законот од 2001 година овој рок е скратен на 10 дена), во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица доставуваат писмени забелешки на анкетни листови, до организаторот на анкетата.

За времето и местото на кое ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила.

За јавната анкета се изготвува извештај со образложение за неприфатените забелешки кој се доставува заедно со предлогот на планот на усвојување.

Во членот 20 од Законот, на кој се повикуваат подносителите на иницијативата, утврдено е дека измените и дополнувањата на урбанистичките планови се врши по иста постапка пропишана за нивно донесување, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Според член 22 став 6 и 7 од Законот, урбанистичките планови можат да се спроведуваат по издавањето согласност од Министерството надлежно за работите на урбанизмот, а плановите за кои не е издадена согласност, се сметаат дека не се донесени.

Тргнувајќи од наведените законски одредби, како и утврдената фактичка состојба, произлегува дека оспорените одлуки со кои се врши изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови како составен дел на планот се донесени по спроведување на севкупна постапка која е пропишана и за донесување на планот.

Меѓутоа, самиот факт дека со оспорените одлуки се вршат измени и дополнувања на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови, а не на планот и дека овие измени и дополнувања се однесуваат само на текстуалниот дел, а не и на графичкиот дел на планот, за Судот е доволен основ за сомневање во нивната согласност со Законот.

Имено, според мислењето на Судот, со оспорените одлуки формално и суштински е повреден Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Формално, најпрво затоа што Законот не познава донесување и изменување на дел на урбанистички план, туку само донесување и изменување на план. Оттука, со оглед дека одредбите за спроведување на планот сами за себе не постојат, туку се дел од деталниот урбанистички план, тие и не може посебно, односно одвоено да се изменуваат и дополнуваат, како што е направено во конкретниот случај, туку може да се вршат измени и доплонување на урбанистичкиот план во тој дел.

Второ, имајќи предвид дека според Законот, деталниот урбанистички план содржи графички и текстуален дел, според Судот не е можно овие делови да се одделуваат, бидејќи по правило нумеричките показатели во текстуалниот дел засегаат и податок во графичкиот дел. Тоа, со други зборови би значело дека при секои изменувања и дополнувања на планот, планот мора содржински да ги има и сите прилози, односно делови на оргиналниот план што се менува и дополнува, што не е така во конкретниот случај.

Како повреди на Законот од суштинска природа што се направени со оспорената одлука, според Судот се следните:

Со текстуалниот дел на оспорените одлуки, кој е нивни составен дел, се навлегува во другите делови, конкретно во графичкиот дел на планот. Ова од причина што параметрите, односно нормативите и стандардите утврдени во текстуалниот дел се практично единствени нумерички параметри кои непосредно се однесуваат на физичките параметри на секоја градба и се уредуваат во графичкиот дел на планот.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај со оспорените одлуки не се извршени измени и на графичкиот дел на деталните урбанистички планови, фактички постои неусогласеност на податоците меѓу текстуалниот и графичкиот дел на планот, односно овие податоци меѓусебно се спротивставени.

Од друга страна, стандардите и параметрите за коефициентот на искористување на земјиштето и процентот на изграденост на локацијата утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот се користат при планирањето и важат за изготвувачот на планот, а не за органите што го спроведуваат планот, поради што тие и не можат да бидат предмет на уредување со одредбите за спроведување на планот.

Понатаму, со текстуалниот дел на оспорените одлуки всушност се врши делегирање на правото на планирање од Советот на општината Кисела Вода, на подрачната единица на Министерството за урбанизам бидејќи се допушта планираните габарити на објектите, во графичките прилози на планот да се менуваат со урбанистички проект, а се допушта и бројот на објекти на една парцела да се планира со урбанистички проект, наместо со планот. Тоа практично значи дека на овој начин се утврдуваат нови услови за градба кои не се содржани во ниеден дел од деталниот урбанистички план, односно ниту во неговиот текстуален, ни графички дел, што од друга страна пак значи да се гради надвор од уставните и законските рамки за планирање на просторот.

Со оглед на тоа што со оспорените одлуки, преку изменување и дополнување само на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за соодветните месни заедници, населби или урбанистички единици се овозможува органот на управата надлежен за работите на урбанизмот при издавање на услови за градба да врши измена на урбанистички план надвор од законски утврдената постапката, Судот смета дека индиректно се повредуваат и уставно утврдените темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, како што се принципот на владеењето на правото, уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, што се операционализира и остварува на начин и постапка утврдени во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Понатаму, околноста што оспорените одлуки влегле во сила со денот на донесувањето, а не по нивното објавување, според Судот претставува уште еден основ за сомневање за нивната согласност со Уставот.

6. Имајќи ги предвид наведените причини пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на оспорените одлуки со Уставот и со одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање кои важеле во времето на нивното донесување.

7. Судот на седницата утврди дека со Одлука У.бр.8/2003 од 2 јули 2003 година ја укинал Одлуката за измена и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "Вардар" бр.07-53/11 донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година.

Во постапката по оваа иницијатива Судот утврди дека освен наведениот број укинатата одлука има и број 07-44/4-6 под кој број сега се оспорува.

Бидејќи се работи за идентична одлука со два броја, Судот одлучи иницијативата во делот со која се оспорува одлуката под број 07-44/4-6 да ја отфрли согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија.

Судот утврди дека и другите оспорени одлуки имаат по два различни броја.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.170/2003)

# 88.

**- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I - Кисела Вода, Совет на општина Кисела Вода**

*- Decision to change and supplement the Decision on the adoption of the Detailed Urban Plan for the settlement of Crnice I – Kisela Voda, Council of the Municipality of Kisela Voda*

**- Одлука за изменување и дополнување на деталниот урбанистички план не е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање ако измените не се предвидени во нацрт-планот и не се резултат на јавната анкета, туку се резултат на заклучок на советот на општината.**

*- A decision to change and supplement the detailed urban plan is not in accordance with the Law on Spatial and Urban Planning if the changes are not envisaged in the draft-plan and are not the result of the public poll, but are the result of a conclusion of the Council of the Municipality.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I - Кисела Вода бр. 07-97/1, донесена од Советот на општина Кисела Вода - Скопје на 30 септември 2003 година ("Службен гласник на град Скопје" бр.12/2003).

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Месната заедница "Црниче"-Скопје, Еколошкото друштво "Црниче"-Скопје Здружението на борците на Македонија - огранок Црниче и 109 граѓани потписници на иницијативата; Јордан Ралуповски и Петар Караманов од Скопје и Даница Сиколова, Бранислав Синколов, Сузана Бачовска и Анета Петрова од Скопје, со Решение У.бр.199/2003 и У.бр.44/2004 од 30 јуни 2004 година поведе постапка за оценување на законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што основано се постави прашањето за согласноста на оспорената одлука со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

5. Судот на седницата утврди дека оспорената одлука е донесена на 30 септември 2003 година од Советот на општина Кисела Вода под бр.07-97/1.

Со оваа одлука според член 1 се врши измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче 1 - Кисела Вода со цел да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Документацијата е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за поблиска содржина и начин на графичка обработка на плановите и Правилникот за стандардите и нормативите за планирање на просторот.

Во член 2 од Одлуката е дефиниран опфатот на Деталниот урбанистички план во вкупна површина од 19,98 ха.

Согласно Генералниот урбанистички план на град Скопје, на предметниот локалитет се предвидува зона домување, а со предложеното решение се задржува оваа намена. Предвидено е зона за услужни дејности. Понатаму со планот се врши усогласување на изградените објекти со основните параметри на урбанистичкото, сообраќајното решение и инфраструктурата.

Во членот 3 од Одлуката е предвидено што содржи Деталниот урбанистички план (планиран развој, одредби за спроведување на планот, графички дел). Во овој член е предвидено дека текстуалниот и графичкиот дел и одредбите за реализација се составен дел на оваа одлука.

Во член 5 од Одлуката е предвидено дека Одделението за урбанизам во рок од 60 дена од денот на донесување на Одлуката ќе обезбеди комплетна документација за остварување на планскиот документ.

Во член 6 е предвидено дека измените и дополнувањата на деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува и за

негова реализација се грижи Одделението за урбанизам на општината.

Според член 7, оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на град Скопје.

6. Судот понатаму утврди дека пред донесување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче И надлежните органи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002) се презел следните дејствија:

На 5 јуни 2001 година градоначалникот на општина Кисела Вода поднел барање до главниот архитект на град Скопје за покренување на иницијатива за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче. Врз основа на наведеното барање, а согласно член 52 точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа главниот архитект на град Скопје со акт бр.18а - 973/1 од 20 јуни 2001 година повел иницијатива да се пристапи кон измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за просторот на населба Црниче, односно УЕ 61.

Врз основа на член 19 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, општината Кисела Вода на Институтот за просторна организација на човековата средина при Архитектонскиот факултет од Скопје му доверила да изврши стручна ревизија на нацрт на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I - Кисела Вода, кој бил изработен од ИН - ПУМА - Институт за урбанизам, сообраќај и екологија.

Овој институт во април 2002 година, во врска со измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план, а по повод стручната ревизија изготвил одговор на стручната ревизија.

На 10 мај 2002 година, Министерството за транспорт и врски дало стручно мислење по Нацрт-планот во кое се содржани одредени забелешки и сугестии кои требало да се вградат во нацрт планот по што согласно законската регулатива би се пристапило кон донесување на планот.

На 23 септември 2002 година, главниот архитект на град Скопје по разгледување на доставениот Нацрт-план за измена и

дополнување на Деталниот урбанистички план изготвен од ИН-ПУМА дал стручно мислење. Во ова мислење се наведува дека Нацрт-планот во целост е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план, барањето во Програмата за содржината на планот и Правилникот за стандардите и нормативите, па согласно тоа општината може да отпочне со постапка за донесување на нацрт-планот.

По разгледување на изготвениот материјал во врска со Нацрт-одлуката, а врз основа на Записникот за утврдување на текстот на Нацрт-одлуката за измена на Деталниот урбанистички план за Црниче, Одделението за урбанизам, комунални работи и инфраструктура, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на општина Кисела Вода на 2 октомври 2002 година донело Заклучок со кој се утврдува текстот на Нацрт одлуката за измена на планот.

Утврдениот текст на Нацрт-планот бил доставен до градоначалникот на општина Кисела Вода заради донесување одлука за организирање на јавна анкета.

На 2 октомври 2002 година, градоначалникот на општина Кисела Вода донел одлука за организирање на јавна анкета во која е утврдено дека соопштението за организирање на јавна анкета ќе биде објавено во дневниот печат, а анкетата ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на соопштението. Соопштението за спроведување на јавната анкета со податоци за местото и времето на траење на јавната анкета било објавено во "Утрински весник" на 4 октомври 2002 година.

Од извештајот на комисијата за спроведената јавна анкета е констатирано дека по Нацрт-одлуката е спроведена јавна анкета и во наведениот извештај е презентирано кој приговор е прифатен а кој не.

Притоа за одбележување е дека комисијата донела Заклучок во кој се наведува дека "се задолжува изготвувачот на планот да ги вгради измените по прифатените приговори и сугестии од комисијата и стручната консултација" (стручната консултација по Нацрт-планот била одржана на 14 ноември 2002 година) и како таков планот да биде доставен со предлог одлука на усвојување на Советот на општина Кисела Вода.

На 9 јуни 2003 година изготвено е Известување по извештајот за спроведената јавна анкета во кое се наведува дека забелешките од спроведената јавна анкета кои комисијата ги прифатила изготвувачот на планот ИН-ПУМА ги вградил во целост.

Врз основа на наведеното, Министерството за транспорт и врски на 17 јуни 2003 година под бр.13-6152 дало согласност на Предлог планот за измена на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I општина Кисела Вода.

На 30 септември 2003 година Советот на општина Кисела Вода донел Заклучок во кој е предвидено:

1. "Се усвојува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I - Кисела Вода со следното дополнување:

- Да се даде можност со Предлог- Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за населба Црниче I Кисела Вода, за максимална висина на маркиците водејќи притоа сметка на процентот на изграденоста и коефициентот на искористеноста, односно објектите кои имаат висина 8,5 да им се даде 10 м. висина. Горенаведеното да се спроведе во графичкиот план односно синтезен приказ".

7. Во натамошната постапка, а за целосно согледување на фактичката состојба Судот изврши увид во Нацрт-планот и Предлог-планот при што е направена споредба во смисла што било презентирано на увидот и што е усвоено со планот. Извршен е исто така увид во анкетните листови на граѓаните.

Притоа, Судот констатира дека во Нацрт-планот објектите 01.012 и 01.013 биле предвидени како објекти за вршење на услужни дејности со висина од 4,5 м.

Во врска со овие објекти поднесен е приговор бр.56 од Хаџи Стефан Костов и Прохирја Пешиќ со кој подносителите бараат објектите да се пренаменат во станбено деловни и да се намали градежната линија.

Овој приговор односно, барање е прифатено и во Предлог - планот овие објекти се предвидени како станбено деловни објекти со висина од 7,50 м.

Објектите означени под шифра 01.02; 01.021; 01.022 и 01.023 во Нацрт-планот биле предвидени со висина од 8,50 и со таа висина биле усвоени во Предлог-планот.

Понатаму, Судот утврди дека подносителите на иницијативата Петар Караманов и Јордан Ралуповски како и Златко Цветковски поднеле приговор на Нацрт-планот Анкетен лист 61 и 69.

Имено, подносителите на приговорот барале: да не се легализира втор објект во една урбана парцела, а тоа е објект 02.081 кој бил предвиден во Нацрт планот; да се овозможи рамноправна поделба на сите сопственици за поделба на дворните места; процентот на искористеност да се третира еднакво за сите сопственици и да се преиспита предлогот за внесување нови објекти во постојниот зелен појас.

Во извештајот од јавната анкета, а и во Предлог-планот по однос на првото барање е позитивно одговорено во смисла на тоа што објектот 02-081 не е предвиден.

Во однос на другите барања во извештајот се наведува дека се задржува постојната парцелација согласно важечкиот детален урбанистички план и дека решението за новоградби се совпаѓа со стручното мислење на Министерството за транспорт и врски.

Од увидот извршен во изводот на Генералниот урбанистички план на град Скопје, Судот утврди дека на предметниот локалитет се предвидува зона домување.

По однос на подносителите на иницијативата Даница Сиколова, Бранислав Синколов, Сузана Бачовска и Анета Петрова Судот утврди дека тие се сопственици на објекти означени под шифра 01.132; 01.13 и 01.14 и дека тие на 1 април 2003 година поднеле приговор - Анкетен лист бр.5/1997 со барање да се почитува катастарската сопственост во формирање на површините за градба, што било прифатено од комисијата, имајќи ја предвид катастарската сопственост и приложените документи.

Меѓутоа, пред поднесување на приговорот, односно барањето на горенаведените лица, на 6 ноември 2002 година Александар Стојановски и Арсена Антова поднеле барање - Анкетен лист бр.08-5/374 во планот да се предвиди површина за градба на

КП.468/1 која е нивна сопственост. Барањето било прифатено и во Предлог-планот е предвиден објект 01.131.

8. Од увидот извршен во Нацрт-планот кој бил изложен на јавен увид и Предлог-планот кој е усвоен на седница на Советот на општина Кисела Вода, Судот утврди дека на поголем број на објекти, односно на повеќе од 40 објекти кои во Нацрт-планот биле предвидени во висина од 8,50, во Предлог-планот се усвоени со висина од 10 м.

Од наведеното, според мислењето на Судот произлегува дека зголемувањето на висината на над 40 објекти во Предлог-планот не произлегло од јавната анкета, туку тоа е резултат на Заклучокот на Советот на општината кој е имплементиран во графичкиот приказ.

9. Согласно член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, општините се надлежни за урбанистичкото планирање (урбано и рурално), издавањето на одобрението за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.

Според членот 22 став 3 од Законот за просторното и урбанистичкото планирање, општината донесува урбанистички планови од член 7 алинеи 1, 2 и 3 на овој закон, а тоа значи дека општината ги донесува: генералните и деталните планови и урбанистичка документација за населено место во општината.

Според член 17 став 7 и член 18 од Законот, градоначалникот на општината по утврдување на нацрт-планот од општинската администрација донесува одлука за организирање на јавна анкета по нацрт детален урбанистички план, а јавната анкета се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 10 дена во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата.

За времето и местото каде ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила, а извештајот со образложение за неприфатените забелешки го изработува општината.

Членот 19 став 1 и став 2 од Законот предвидува дека пред организирањето на стручната расправа и јавната анкета се врши

стручна ревизија, која што ја врши стручно научна институција или комисија што ја определува, односно формира министерот надлежен за работите на уредување на просторот.

Според член 22 став 6 од Законот, општината го донесува Деталниот урбанистички план по издавање согласност на предлог планот од страна на министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Од наведеното според мислењето на Судот произлегува дека планирањето на просторот кое се врши во постапка и од надлежни органи има за цел задржување или менување на постојната состојба на просторот во постапка во која треба да бидат изразени и потребите на граѓаните што е концепт на законот, заради што и се спроведува јавната анкета. Секакво друго постапување и менување на планот надвор од она што е предвидено во нацрт планот и што не е резултат на јавната анкета во суштина ја обесмислува и ја обезличува целта на јавната анкета.

Оттука, Судот смета дека ако при разгледување на Предлог-планот во општината односно градот Скопје се дадат нови предлози кои не биле дадени во постапката на разгледување на Нацрт-планот, Предлогот на планот се враќа во фаза на Нацрт на план и се организира нова стручна расправа или јавна анкета на Нацрт-планот.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба и законската регулатива за постапката за донесување на деталните урбанистички планови, Судот оцени дека оспорената одлука не е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, бидејќи висината на објектите предвидена во Предлог планот не е резултат на јавната анкета, туку тоа е резултат на заклучокот на Советот на општината.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 и 2 од оваа одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.199/2003 У. бр 44/2004)

# 89.

**- Одлука за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од "Стара железничка станица", Совет на општина Центар**

*- Decision to change and supplement the Detailed Urban Plan for part of “Stara zeleznicka stanica” (‘Old railway station”), Council of the Municipality of Centar*

**- Не може да се постави прашањето за законитоста на постапката при донесувањето на урбанистичкиот план ако била организирана стручна расправа и спроведена јавна анкета по него.**

*-There may not be questioned the legality of the procedure when adopting the urban plan if there was an expert debate organised and a public poll was conducted in connection with it.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 21 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување законитоста на Одлуката за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од "Стара железничка станица", донесена од Советот на општина Центар на 21 ноември 2003 година, бр.07-1965/1 ("Службен гласник на град Скопје" бр.13/2003).

2. Советот на синдикалната организација и вработените во Македонски железници - ЗДЖ "Железничар" од Скопје, на

Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот детален урбанистички план бил донесен во постапка спротивна на Законот за просторно и урбанистичко планирање, затоа што Планот бил донесен без стручна расправа и без спроведена јавна анкета по истиот.

3. Судот на седницата утврди дека на 21 октомври 2003 година, Одделението за урбанизам на општина Центар со Заклучок бр.18-1769/3 го утврдило нацртот на измени и дополни на Деталниот урбанистички план за дел од "Стара железничка станица" - Скопје.

Истиот ден, градоначалникот на општина Центар донел одлука за организирање јавна анкета бр.08-1769/4.

На 23 и 24 октомври 2003 година, во дневните весници "Дневник" и "Утрински весник" било објавено соопштение за спроведување на јавна анкета граѓаните и правните лица од тој простор се известени дека Нацртот на измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план за дел од "Стара железничка станица" - Скопје ќе биде изложен во просториите на Месната заедница "Мито Хаџи Василев - Јасмин" во периодот од 24 октомври до 4 ноември 2003 година, односно во рок од 10 дена од објавувањето на соопштението.

Во периодот додека траела јавната анкета, заинтересираните граѓани доставувале забелешки на Планот.

По завршувањето на јавната анкета, Стручната комисија, формирана од градоначалникот на општина Центар, подготвила Извештај за прифатените, односно неприфатените забелешки на граѓаните по нацрт Планот.

Исто така, Судот утврди дека по Планот била извршена и стручна консултација, од која се гледа дека откако проектантот ги образложил планските решенија и причините поради кои се врши измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од "Стара железничка станица" - Скопје, секој од наведените учесници се изјаснил за преземање на одредени дејствија во рамки на своите надлежности.

4. Во членот 17 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, меѓу другото, е предвидено дека по нацртот на урбанистичкиот план се организира стручна расправа со учество на претставници на органите и организациите од подрачјето опфатено со планот.

Согласно ставот 3 на овој член од Законот по нацртот на деталниот урбанистички план се спроведува јавна анкета.

Согласно ставот 5 на овој член од Законот јавната анкета по деталниот урбанистички план ја организира општината односно градот Скопје.

Во ставот 1 на член 18 од Законот е предвидено дека јавната анкета се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 10 дена во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата.

Согласно член 18 став 5 од Законот, извештајот од стручната расправа и јавната анкета по деталниот урбанистички план, со образложение за неприфатените забелешки го изготвува општината односно градот Скопје.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека оспорениот Детален урбанистички план за дел од "Стара железничка станица" бил донесен во законски предвидената постапка во која, меѓу другите дејствија, била организирана и стручна расправа и била спроведена јавна анкета, поради што не може основано да се постави прашањето за законитоста на постапката при неговото донесување.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.204/2003)

# 90.

**- Одлуки за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на детални урбанистички планови донесени од Советот на општина Кисела Вода**

*- Decisions to change and supplement the provisions for the implementation of detailed urban plans adopted by the Council of the Municipality of Kisela Voda*

**- Со одлуки со кои се вршат измени и дополнувања на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови не може да се врши измена на планот, затоа што преку изменување и дополнување само на одредбите за спроведување на плановите се овозможува органот на управата надлежен за работите на урбанизмот при издавање на услови за градба да врши измена на планот надвор од законски утврдената постапка.**

*- Decisions which change and supplement the provisions for the implementation of detailed urban plans may not change the plan, since the change and supplement only of the provisions for the implementation of the plans enables the body of administration competent for the urban planning matters when issuing conditions for construction to make a change in the plan outside the procedure defined by law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и член 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Слу×бен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ:

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. Острово (УЕ 19а и 19б Аеродром) бр.07-44/4-3 донесена од Советот на општина Кисела Вода, на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "Бирарија" бр.07-44/4-4 донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "Вардар" УЕ 66 бр.07-44/4-5 донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за Реонски центар Аеродром бр.07-44/4-7, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за УЕ 19а 19б (нас. "Јане Сандански") Аеродром бр.07-44/4-8, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за УЕ 18 Аеродром (стар дел) бр.07-44/4-10, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за УЕ 19Ц нас.

"Ново Лисиче" (Аеродром) бр.07-44/4-11, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. "11 Октомври" - бараки бр.07-44/4-13, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. "Пинтија" бр.07-44/4-14, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за нас. "Лисиче" - бараки бр.07-44/4-16 донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план за месна заедница "11 Октомври" тврда градба бр.07-44/4-18, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000 и

- Одлуката за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на Деталниот урбанистички план на нас. "Горно Лисиче" бр.07-44/4-19, донесена од Советот на општина Кисела Вода на 28 март 2000 година, а објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр.8/2000;

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива од Снежана Лешкоска и Славица Бунтевска-Стојанова од Скопје со решение У.бр.170/2003 од 16 јуни 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуките означени во точката 1 од оваа одлука..

Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4. Судот на седницата утврди дека оспорените одлуки за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови се донесени на ист датум 28 март 2000 година, имаат различен деловоден број и секоја од нив се однесува за конкретна месна заедница, населба или урбана единица.

Понатаму, Судот утврди дека секоја од оспорените одлуки има по 3 члена. Со првиот член фактички се констатира дека се извршени измени и дополнувања на одредбите за спроведување на деталниот урбанистички план за соодветната месна заедница, населба или урбана единица.

Со членот 2, во секоја од одлуките е утврдено дека текстуалниот дел на одредбите за спроведување на плановите е составен дел на Одлуките кој не се објавува, а се чува во Министерството за урбанизам и градежништво - Подрачна единица Кисела Вода.

Со членот 3, на секоја од одлуките, пак, е предвидено дека одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на град Скопје".

Понатаму, Судот утврди дека според текстуалниот дел на секоја поединечна одлука, во зависност од месната заедница, урбаната единица или населбата се уредуваат прашања за коефицинетот на искористување на земјиштето (кое за станбени објекти и комплекси може да изнесува 1,5, за станбено деловни или комплекси до 1,8 во зоните со деловна содржина и индустрија до 2,5 и во централните градски подрачја до 3,0), можноста да се изврши одделување на предвидените двокуќи со спогодба на сопствениците, можност за оградување на урбанистичките парцели наменети за живеење и висината на оградите; можноста во урбанистичкиот план да се применуваат и предвидат три групи на паркиралишта чиј број се определува во зависност од големината на станбениот или деловниот објект; стандардите и нормативите за објектите за домување и јавните објекти; одредби со кои се утврдуваат случаите во кои делови објектот може да отстапува од градежната линија во вертикална и вон вертикална рамнина; можност од надградба на колективните објекти и можноста за формирање на мансардни станови.

Судот, исто така, утврди дека нацрт-одлуките за изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за месните заедници, населби или урбани единици се изготвени од Подрачната единица на Министерството за урбанизам и градежништво, а нивни предлагач бил повереникот на Владата кој што ги вршел работите на градоначалник на општината.

По предметните нацрт-одлуки е дадено позитивно мислење од главниот архитект на град Скопје под бр.18а 458/1 од 27 март 2000 година.

Стручната ревизија на нацртот на одлуките е извршена од страна на Институтот за просторно планирање, урбанизам, сообраќај и екологија на Македонија ‘’ИН-ПУМА’’ Скопје, кој има овластување за вршење на стручна ревизија.

Судот, исто така, утврди дека со Заклучок бр.07-32/3 од 7 март 2000 година, Советот на општина Кисела Вода ги усвоил Нацрт-одлуките за изменување и дополнување на Одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за Црниче У.Е. 61, нас. Драчево, нас. Острово (У.Е. 19-а и 19-б - Аеродром), МЗ Бирарија, МЗ Вардар У.Е.66, МЗ Вардар, Реонски центар Аеродром, У.Е. 19-а и 19-б (нас. Јане Сандански) - Аеродром, Југоисточна индустриска зона, У.Е. 18 Аеродром (стар дел), У.Е. 19-Ц нас. Ново Лисиче (Аеродром), МЗ Цветан Димов I, нас. 11 Октомври-бараки, нас. Пинтија, нас. Мите Богоевски, нас. Лисиче-бараки, МЗ Цветан Димов-Славија, МЗ 11 Октомври (тврда градба) и нас. Горно Лисиче.

Во врска со нацрт-одлуките, Советот заклучил да се спроведе јавна анкета која ќе трае 15 дена од денот на објавувањето во јавните гласила.

Соопштението за организирање јавна анкета било објавено во весникот "Дневник" од 11 март 2000 година во кој, меѓу другото, било предвидено дека јавната анкета ќе се спроведе со излагање на нацрт - одлуката во просториите на месните заедници и ќе трае 15 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица доставуваат писмени забелешки на анкетни листови.

За спроведување на јавната анкета за секоја нацрт одлука бил составен извештај во кој е констатирано дека не е поднесен приговор, односно забелешка на ниеден анкетен лист и дека по

нацртот треба да продолжи постапката за усвојување на предлог – одлука.

Предлог – одлуките за секое изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за наведените месни заедници биле разгледани на седницата на Советот одржана на 28 март 2000 година, кога се донесени и одлуките, кои потоа се објавени во ‘’Службен гласник на град Скопје’’ бр.8/2000.

На 30 март 2000 година, Министерството за урбанизам и градежништво издало согласност за спроведување на измените и дополнувањата на одредбите за реализација на деталните урбанистички планови, извршени со соодветните одлуки.

5. При оценувањето на уставноста и законитоста на оспорените одлуки Судот ги имаше предвид одредбите од член 8 и член 52 од Уставот на Република Македонија, како и одредбите од Законот за просторното и урбанистичкото планирање кои што важеле во времето на нивното донесување, а во однос на кои едновремено се оспоруваат и овие одлуки.

Имено, во член 8 од Уставот на Република Македонија меѓу темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени и принципот на владеењето на правото, како и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Според член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/1996, 28/1997 и 18/1999), деталниот урбанистички план содржи особено: план на намена на просторот и објектите, план на градежни парцели и површини за изградба на објекти определени со регулациони и градежни линии, максимална висина на објектите и други поблиски услови за изградба. Според овој член од Законот деталниот урбанистички план, исто така, мора да содржи и одредби за спроведување на планот, билансни показатели и соодветни графички прикази.

Според член 21-а од истиот закон, при изработување на просторен и урбанистички план задолжително се применуваат урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот, кои што ги донесува министерот надлежен за работите на урбанизмот.

Во однос на постапката за донесување на деталните урбанистички планови Законот пропишал неколку правила и тоа :

Во членот 17 од Законот е утврдено дека деталните урбанистички планови, како и сите други урбанистички планови, се изработуваат како нацрт и предлог на план.

По утврдувањето на нацртот на деталниот урбанистички план се спроведува, односно организира јавна анкета, која, пак, согласно член 18 од Законот се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 15 дена (по измените на Законот од 2001 година овој рок е скратен на 10 дена), во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица доставуваат писмени забелешки на анкетни листови, до организаторот на анкетата.

За времето и местото на кое ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила.

За јавната анкета се изготвува извештај со образложение за неприфатените забелешки кој се доставува заедно со предлогот на планот на усвојување.

Во членот 20 од Законот, е утврдено дека измените и дополнувањата на урбанистичките план ови се врши по иста постапка пропишана за нивно донесување, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Според член 22 став 6 и 7 од Законот, урбанистичките планови можат да се спроведуваат по издавањето согласност од Министерството надлежно за работите на урбанизмот, а плановите за кои не е издадена согласност, се сметаат дека не се донесени.

Тргнувајќи од наведените законски одредби, како и утврдената фактичка состојба, произлегува дека оспорените одлуки со кои се врши изменување и дополнување на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови како составен дел

на планот се донесени по спроведување на севкупна постапка која е пропишана и за донесување на планот.

Меѓутоа, самиот факт што со оспорените одлуки се вршат измени и дополнувања на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови, а не на планот и дека овие измени и дополнувања се однесуваат само на текстуалниот дел, а не и на графичкиот дел на планот, за Судот е доволен основ да утврди дека тие не се во согласност со Законот.

Имено, според мислењето на Судот, со оспорените одлуки формално и суштински е повреден Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Формално, најпрво затоа што Законот не познава донесување и изменување на дел на урбанистички план, туку само донесување и изменување на план. Оттука, со оглед на тоа што одредбите за спроведување на планот сами за себе не постојат, туку се дел од деталниот урбанистички план, тие и не може посебно, односно одвоено да се изменуваат и дополнуваат, како што е направено во конкретниот случај, туку може да се вршат измени и дополнување на урбанистичкиот план во тој дел.

Второ, имајќи предвид дека според Законот, деталниот урбанистички план содржи графички и текстуален дел, според Судот не е можно овие делови да се одделуваат, бидејќи по правило нумеричките показатели во текстуалниот дел засегаат и податок во графичкиот дел. Тоа, со други зборови, би значело дека при секое изменување и дополнување на планот, планот мора содржински да ги има и сите прилози, односно делови на оргиналниот план што се менува и дополнува, што не е така во конкретниот случај.

Како повреди на Законот од суштинска природа што се направени со оспорената одлука, според Судот се следните:

Со текстуалниот дел на оспорените одлуки, кој е нивни составен дел, се навлегува во другите делови, конкретно во графичкиот дел на планот. Ова од причина што параметрите, односно нормативите и стандардите утврдени во текстуалниот дел се практично единствени нумерички параметри кои непосредно се однесуваат на физичките параметри на секоја градба и се уредуваат во графичкиот дел на планот.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај со оспорените одлуки не се извршени измени и на графичкиот дел на деталните урбанистички планови, фактички постои неусогласеност на податоците меѓу текстуалниот и графичкиот дел на планот, односно овие податоци меѓусебно се спротивставени.

Од друга страна, стандардите и параметрите за коефициентот на искористување на земјиштето и процентот на изграденост на локацијата утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот се користат при планирањето и важат за изготвувачот на планот, а не за органите што го спроведуваат планот, поради што тие и не можат да бидат предмет на уредување со одредбите за спроведување на планот.

Понатаму, со текстуалниот дел на оспорените одлуки всушност се врши делегирање на правото на планирање од Советот на општината Кисела Вода, на подрачната единица на Министерството за урбанизам бидејќи се допушта планираните габарити на објектите, во графичките прилози на планот да се менуваат со урбанистички проект, а се допушта и бројот на објекти на една парцела да се планира со урбанистички проект, наместо со планот. Тоа практично значи дека на овој начин се утврдуваат нови услови за градба кои не се содржани во ниеден дел од деталниот урбанистички план, односно ниту во неговиот текстуален, ни графички дел, што од друга страна пак значи да се гради надвор од уставните и законските рамки за планирање на просторот.

Со оглед на тоа што со оспорените одлуки, преку изменување и дополнување само на одредбите за спроведување на деталните урбанистички планови за соодветните месни заедници, населби или урбанистички единици се овозможува органот на управата надлежен за работите на урбанизмот при издавање на услови за градба да врши измена на урбанистички план надвор од законски утврдената постапката, Судот оцени дека индиректно се повредуваат и уставно утврдените темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, како што се принципот на владеењето на правото, уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, што се операционализира и остварува на начин и постапка утврдени во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Понатаму, околноста што оспорените одлуки влегле во сила со денот на донесувањето, а не по нивното објавување, според

Судот претставува уште еден основ за нивната несогласност со Уставот.

6. Имајќи ги предвид наведените причини Судот оцени дека оспорените одлуки не се во согласност со Уставот и со одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање кои важеле во време на нивното донесување.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.170/2003)

# 91.

**- Одлука за донесување на измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбаната единица 4 – исток, општина Струга**

*- Decision to adopt a change and supplement to the Detailed Urban Plan for the urban unit 4 – east -, Municipality of Struga*

**- Судот нема да поведе постапка за оценување на законитоста на одлука за донесување на измена и дополнување на деталем урбанистички план доколку е донесена во постапка пропишана со Законот за просторното и урбанистичкото планирање.**

*- The court shall not initiate a procedure for assessment of the legality of a decision for adopting a change and supplement to a detailed urban plan in case it has been adopted in a procedure prescribed by the Law on Spatial and Urban Planning.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членот 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на законитоста на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбаната единица 4 – исток, општина Струга ("Службен гласник на општина Струга" ; бр.20/2003), донесена од Советот на општина Струга под бр.07-377/8 од 14 март 2003 година.

2. Сами Алими и Фикри Алими од Струга, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за оценување на законитоста на Одлуката означена во точката 1 од ова решение. Според наводите во иницијативата постапката за донесување на Деталниот урбанистички план за урбаната единица - 4 на град Струга, била спроведена спротивно на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Ова поради тоа што Нацртот на планот кој бил изложен на јавен увид пред граѓаните, предвидувал паркиралиште со капацитет од повеќе возила непосредно до станбените објекти на подносителите на иницијативата и во анкетната постапка и на стручната расправа не било расправно за бришење на предвидениот паркинг, меѓутоа по донесувањето на планот за предметното подрачје, паркингот не бил предвиден. Незадоволни од вака испланираниот простор во кој не бил содржан паркингот за возила, подносителите на иницијативата сметаат дека Д еталниот урбанистички план за урбаната единица - 4 на град Струга, бил донесен во постапка спротивно на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање и предлагаат Судот да поведе постапка за оценка на законитоста на Одлуката на Советот на општината Струга, со која планот бил донесен.

3. Судот на седницата утврди дека според содржината на оспорената Одлука во членот 1 се определува дека се врши изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбаната единица – 4 исток, во општина Струга, а во членот 2 е определено дека планот содржи графички дел, текстуален дел, стручна ревизија и одговор на стручната ревизија, извештај од стручна консултација и извештај од јавна анкета за постапување по забелешките.

Со членот 3, е определен просторот, површината и границите кои ги опфаќа планот, а според членот 4, извештајот од стручната консултација и извештајот од јавната анекта се составен дел на Одлуката. Според членот 5, измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план за урбаната единица – 4 исток во општина Струга, ќе ги спроведува Министерството за транспорт и врски – подрачната единица во Струга, врз основа на согласноста на Предлог-планот бр.13-426 од 27 јануари 2003 година издадена од Министерството за транспорт и врски. Во членот 6 е утврдено дека планот се заверува со потпис и печат од градоначалникот на општината Струга.

Според членот 7 од Одлуката, оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струга".

4. Согласно членот 8 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002), во членот 1 утврдил дека со овој закон меѓу другото, се уредува планирањето на просторот, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесување на плановите и утврдувањето на услови за градба.

Со иницијативата подносителите ја оспоруваат Одлуката на Советот на општина Струга, за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбаната единица – 4 - исток, во општина Струга, поради тоа што постапката за планирање на просторот со наведените измени и дополнувања на планот била водена спротивно на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Оттука, Судот се впушти во преиспитување на законитоста на оспорената Одлука од аспект на постапката за нејзино донесување, во која всушност и се остварува заштитата на правата и интересите на заинтересираните страни.

Судот утврди дека врз основа на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002) била спроведена постапката за измени и дополнувања на планот и била донесена оспорената Одлука.

Нацртот на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план - урбана единица – 4 - исток во општина Струга, со технички бр.188/2002 бил изготвен од ИН-ПУМА - Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, и на истиот била извршена стручна ревизија во јули 2002 година од Јавното претпријатие на Република Македонија за просторни и урбанистички планови. ИН - ПУМА-Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија, како изработувач на планот дал одговор на стручната ревизија во јули 2002 година.

Ова е во согласност со членот 19 од Законот според кој пред организирањето на јавна анкета за нацртот на деталниот урбанистички план, се врши стручна ревизија од страна на стручно-научна институција или комисија што ја определува министерот надлежен за работите на уредувањето на просторот. Изработувачот на планот задолжително дава извештај за постапувањето по стручната ревизија.

Министерството за транспорт и врски дало стручно мислење под бр.13-13103 од 29 октомври 2002 година, на општината Струга, по однос на Нацртот на измените и дополнувањата на планот, со кое се упатува по вградувањето на сугестиите и забелешките од стручната ревизија и стручното мислење на ова министерство, дека може да се пристапи кон дејствијата во постапката за усвојување на планот. Ова стручно мислење е дадено врз основа на членот 11 став 3 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистичките планови, ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2002) донесен од министерот за транспорт и врски.

Исто така, Судот утврди дека по утврдувањето на текстот на Нацрт-планот со заклучок бр.23-1253/1 од 25 октомври 2002 година градоначалникот на општина Струга донел Одлука бр.08-1254/1 од 25 октомври 2002година за организирање на јавна анкета по Нацртот на Деталниот урбанистички план за урбана единица-4-исток, во општина Струга, во која било утврдено дека соопштението за организирање на јавна анкета ќе се објави во јавно гласило, анектата ќе трае 10 дена од денот на објавување на соопштението, а ќе се спроведе во период од 30 октомври 2002 година до 8 ноември 2002 година. Главниот архитект на град Струга ќе дава стручни објаснувања во определени денови во работното време, Нацртот на планот ќе биде изложен на јавно место и заинтересираните лица ќе можат да ги даваат своите забелешки на анкетни листови. Соопштението бр.23-1255/1 од 25 октомври 2002 година за спроведување на јавната анкета, со

податоците за местото и времето на траењето на јавната анкета, било објавувано во редовните програми на Радио Струга-Струга и ДИ-ЏЕЈ-Радио Струга, секој ден од 30 октомври до 8 ноември 2002 година, според потврдите на овие јавни гласила.

Ова е во согласност со членот 17 став 7 и членот 18 од Законот, според кои градоначаникот на општината по утврдувањето на нацрт-планот од општинската администрација, донесува Одлука за организирање на јавна анкета по нацртот на деталниот урбанистички план, а јавната анкета се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 10 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата. За времето и местото каде ќе биде изложен планот, задолжително се објавува соопштение во јавните гласила, а извештај со образложение за неприфатените забелешки изработува општината.

Исто така, во текот на спроведувањето на јавната анкета, Советот на општината Струга на 6 ноември 2002 година одржал стручни консултации по Нацртот на планот, за предметното подрачје и за измени на плановите за други подрачја, со претставници од повеќе институции кои со мислењата од областа на својот делокруг на работење би придонеле во однос на планирањето и уредувањето на просторот.

Од списите за спроведената јавна анкета, Судот утврди дека биле поднесени поголем број анкетни листови со забелешки на заинтересираните лица за предвидените содржини во Нацрт-планот. Во Извештајот бр.23-1307/2 од 12 ноември 2002 година од Комисијата на општината за разгледување на забелешките се дадени одговори (за прифаќање или за неприфаќање) на приговорите во 101 анкетен лист. По однос на приговорот на Сами Алими од Струга (еден од подносителите на иницијативата) во анкетниот лист бр.69, во кој меѓу другото било изразено барање за опстојување на предвидениот паркинг простор во планот независно од градбите на земјиштето, Комисијата не го прифатила барањето од причини што го удоволила барањето во приговорот на друго лице поднесен во анкетниот лист бр.1, односно прифатила задржување на постојниот објект на земјиштето на кое се предвидувал паркингот.

По однос на овој дел од постапката и начинот на кој таа била спроведена Судот оцени дека е во согласност со одредбите од Законот. Од аспект на прашањата кои се однесуваат за причините поради кои одредени содржини во текот на постапката за донесување

на планот се задржуваат или не се задржуваат и за целисходноста на планирањето на просторот, истите не можат да бидат предмет на оценка од страна на Уставниот суд. Имено, самото планирање на просторот кое се врши во постапка и од надлежни органи согласно со закон, по својата суштина е задржување или менување на постојната состојба на просторот според урбанистичките потреби кои не се изолирани од потребите на граѓаните изразени во јавната анкета, заради која цел истата се спроведува.

Исто така, во текот на постапката бил изготвен Предлог-план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за урбана единица-4-исток, во општина Струга, со тех. бр. 188/2002 од јануари 2003 година, за кој била дадена согласност бр.13-426 од 27 јануари 2003 година од страна на Министерството за транспорт и врски. По оваа фаза на постапката Советот на општината Струга ја донел оспорената Одлука бр.07-377/8 од 14 март 2003 година, објавена во "Службен гласник на општина Струга" бр.20/2003.

Ова е во согласност со членот 22 став 3 и 6 од Законот, според кои општината го донесува деталниот урбанистички план по издавање на согласност на предлогот на планот од страна на министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Поаѓајќи од изложената фактичка и правна состојба Судот оцени дека постапката за измени и дополнувања на Деталниот урбанистички план за урбана единица-4-исток, во општина Струга, била целосно спроведена согласно одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање, па со оглед на тоа за оспорената Одлука не може основано да се постави прашањето за несогласност со законот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.142/2003)

**10. Образование и култура**

*10. Education and culture*

# 92.

**- Процесни пречки за одлучување**

*- Trial obstructions for decision-making*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеи 1 и 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 12 јануари 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 4, 7, 8, 9 став 4, 20, 27, 28, 29, 30, 31, 34, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 55, 56, 59, 61 и 63 од Законот за заштита на спомениците на културата ("Службен весник на СРМ" бр.24/1973) и на Решението на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје бр.231 од 10 април 1967 година и анекс на решение бр.1002/4-2 од 8 февруари 1985 година.

2. Сашо Кузмановски и Трајко Јовев од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите од законот како и на Решението означени во точката 1 од ова решение.

Според подносителите на иницијативата, оспорените одредби од Законот ја ограничувале сопственоста и правата што произлегуваат од неа на имателите на недвижности во својство на

споменици на културата. Категориите "општествена сопственост" и "посебен општествен интерес" биле категории кои Уставот не ги предвидувал, туку Уставот зборувал за јавен интерес утврден со закон. Притоа, не се работело само за терминолошка, туку и за суштествена неусогласеност која подразбирала и друг режим на односи во оваа сфера, со ингеренции на други субјекти поточно на државата, а не на општината, односно заводите основани од општината и од градот Скопје. Имено, само Републиката го поттикнувала, помагала и штитела развојот на науката, уметноста и културата, а не и општините и градот, преку заводите основани од нивна страна. Поради тоа, оспорените одредби од Законот не биле во согласност со член 30, член 47 и член 51 став 2 од Уставот.

Оспореното решение не предвидувало право на жалба иако за голем број граѓани непосредно и посредно од него произлегувало ограничување на одредени права, што не било во согласност со член 15 од Уставот. Иако оспореното решение било поединечен акт, бидејќи со него за споменик на културата се прогласувало земјоделско земјиште во една населба (Злокуќани) која сама по себе не претставувала споменик на културата, подносителот на иницијативата смета дека Уставниот суд е надлежен да одлучува за неговата уставност.

3. Судот на седницата утврди дека Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 19 март 2004 година, го донесе Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/2004) со кој на битно поинаков начин се уредени прашањата од областа на заштитата на културното наследство.

Според членот 183 од овој закон, со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за заштита на споменициите на културата ("Службен весник на СРМ" бр.24/1973 и 42/1976 и "Службен весник на Република Македонија" бр.12/1993).

Според членот 184 од овој закон, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2005 година.

4. Согласно член 28 алинеи 1 и 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето и ако постојат процесни пречки за одлучување на Судот по иницијативата.

Со оглед на тоа што од 1 јануари 2005 година почнува да се применува Законот за заштита на културното наследство, а на истиот датум престанува да важи Законот за заштита на спомениците на културата, Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување на Судот.

5. Во врска со Решението на Заводот за заштита на спомениците на културата на Град Скопје бр.231 од 10 април 1967 година и Анекс-решението бр.1002-4/2 од 8 февруари 1985 година, Судот оцени дека тие се поединечни акти за кои Уставниот суд не е надлежен да одлучува.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.224/1998)

# 93.

**- Упатни норми**

*- Reference norms*

**- Согласно со Уставот е законот да содржи упатни норми со кои статусот на затекнатите студенти да се решава согласно друг закон**

*- It is in accordance with the Constitution that the law contains reference norms with which the status of the current students will be decided pursuant to another law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 5 од Законот за основање на Државен универзитет во Тетово ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/2004).

2. Васко Костески од Битола на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 5 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член 5 од Законот за основање на Државен универзитет во Тетово не бил во согласност со одредбите од членовите 8 став 1 точка 3, 44 став 2, 45 и 46 став 2 од Уставот на Република Македонија.

Во иницијативата се наведува дека зборовите "затекнати студенти од Универзитетот во Тетово, организиран како граѓанска иницијатива" биле неиздржани и директно биле во спротивност со членот 46 ставот 2 од Уставот, со кои било предвидено дека условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот се уредуваат со закон.

Имајќи го предвид фактот, се наведува понатаму во иницијативата, дека до донесувањето на оспорениот закон нема донесено некој друг закон за основање на друг Универзитет во Тетово не може да стане збор за некакви затекнати студенти, а уште помалку да стане збор за универзитет организиран како граѓанска иницијатива, што е непознато и спротивно и на членот 45 од Уставот каде е дадена можност дека "граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон да основаат приватни образовни установи во сите степени на образование, освен во основното образование". Одредбите од оспорениот член 5 од Законот го нарушуваат и принципот на достапност на секого под еднакви услови од член 44 став 2 од

Уставот, така што одреден број граѓани се ставаат во привилегирана позиција во однос на најголемиот број граѓани кои примерно ја почитуваат и уставната и законската регулатива.

Според подносителот на иницијативата оспорените одредби од член 5 од Законот за основање на Државен универзитет во Тетово биле во спротивност со повеќе одредби од Уставот и истите дополнително го нарушуваат и владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Затоа, предлага Уставниот суд да ја прифати иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 5 од Законот за основање на Државен универзитет во Тетово и истиот да го поништи како спротивен на Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 5 од Законот за основање на државен Универзитет во Тетово ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/2004), е предвидено дека статусот на затекнатите студенти од Универзитетот во Тетово, организиран како граѓанска иницијатива, ќе се решава согласно со членот 198 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/2000 и 49/2003) и Статутот на Универзитетот.

4. Согласно член 110 алинеја 1 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Според членот 8 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, како и владеењето на правото.

Според член 44 став 1 од Уставот, секој има право на образование, а во ставот 2 е утврдено дека образованието е достапно на секого под еднакви услови.

Согласно член 45 од Уставот на Република Македонија граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование.

Согласно член 46 од Уставот на универзитетот му се гарантира автономија. Според ставот 2 на овој член условите за основање, вршење и престанок на дејноста на универзитетот се уредуваат со закон.

Од наведените уставни одредби произлегува дека Уставот само ја гарантира автономијата на универзитетот, а при тоа не ја дефинира нејзината содржина, што укажува дека треба да се дефинира со закон.

Законот за основање на Државен универзитет во Тетово е донесен на 21 јануари 2004 година, и објавен во Службен весник на Република Македонија бр.8 на 23 февруари 2004 година.

Законот влегол во сила на 3 март 2004 година.

Според членот 1 од Законот се основа Државен универзитет во Тетово (во натамошниот текст: универзитет), како највисока автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа, со следниве високообразовни установи во негов состав:

- Природно-математички факултет;
- Факултет за хуманистички науки и за уметности;
- Економски факултет;
- Правен факултет и
- Центар за политехнички студии, како висока стручна школа.

Според член 2 став 1 од Законот универзитетот има својство на правно лице.

Според член 3 од законот подготовките за почеток со работа на универзитетот ќе ги врши матична комисија, а според ставот 2 на овој член членовите на матичната комисија ќе ги именува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование.

Во ставот 3 од овој член е предвидено дека универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршувањето на процедурата водена од страна на матичната комисија.

Согласно оспорениот член 5 од Законот статусот на затекнатите студенти од универзитетот во Тетово, организиран како

граѓанска иницијатива, ќе се решава согласно со членот 198 од Законот за високото образование и Статутот на универзитетот.

Членот 198 од Законот за високото образование е поместен во главата четиринаесетта во преодните и завршните одредби, според кој лицата кои согласно со закон ги исполнувале условите за запишување до дипломски студии, а посетувале настава до влегувањето во сила на овој закон, надвор од јавни високообразовни установи во различни форми на граѓански иницијативи во Република Македонија, организирани заклучно со 15 август 2000 година можат согласно со одредбите од овој закон и статутот на соодветната високообразовна установа:

- да ги продолжат своите студии на прва година од тие студии на соодветните високообразовни установи;

- да побараат проверка на своите знаења и врз основа на покажаните резултати да запишат студии на соодветната година или

- врз основа на покажаните резултати од проверката на стекнатото знаење да ги остварат другите свои права.

Согласно ставот 2 од овој член од Законот правата од ставот 1 на овој член се остваруваат на соодветните високообразовни установи согласно со одредбите на овој закон и нивните акти за внатрешна евалуација. Овие права можат да се остварат по лично барање, поднесено до соодветната високообразовна установа најдоцна до 31 декември 2005 година.

Од анализата на оспорениот член 5 од Законот за основање на Државен универзитет во Тетово, произлегува дека тој член всушност упатува статусот на затекнатите студенти од универзитетот во Тетово, организиран како граѓанска иницијатива да се решава согласно членот 198 од Законот за високото образование.

Со оглед на тоа што оспорениот член 5 од Законот е упатна норма, која значи дека затекнатите студенти можат согласно одредбите од Законот за високото образование и статутот на соодветната високообразовна установа да ги продолжат своите студии на прва година од тие студии на соодветните високообразовните установи, да побараат проверка на своите знаења и врз основа на покажаните резултати да запишат студии на соодветната година или врз основа на покажаните резултати од проверката на стекнатото

знаење да ги остварат другите свои права, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од Законот со членовите 8 став 1 алинеја 3, 44 став 2, 45 и 46 став 2 од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.37/2004)

# 94.

**- Степенот на образованието како услов за остварување на воспитно-образовната дејност**

*- The level of education as a condition to carry out educational activity*

**- Со утврдувањето на степенот на образованието како услов за остварување на воспитно-образовната дејност во основното образование законодавецот се движел во рамките на овластувањето од членот 32 став 5 од Уставот, при што е почитувано и уставното начело на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.**

*- By determining the educational level as a condition for the carrying out of the educational activity in elementary education the legislator remained within the framework of the authorisation under Article 32 paragraph 5 of the Constitution, whereby the constitutional principle of equality of citizens before the Constitution and laws has been observed.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 32 став 2 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/2004 и 82/2004-исправка).

2. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 32 став 3 и 4 и членот 77 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Група од 39 невработени наставници од Прилеп, Наташа Мирческа од Прилеп и група од 20 наставници по одделенска и предметна настава исто така од Прилеп, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативите оспорените одредби на членот 32 став 3, 4 и 5 и членот 77 од Законот не биле во согласност со Уставот, затоа што предвидувале наставник во одделенска и предметна настава да може да биде лице со соодветно високо образование (а не со више како што предвидувал законот до тогаш) со што невработените наставници со више образование не можеле да конкурираат за наставници во одделенска и предметна настава. Поради тоа, овие наставници спротивно на членот 9 од Уставот се ставале во нерамноправна, односно нееднаква положба во однос на другите наставници со завршено високо образование, а пред се во однос на наставниот кадар со завршено више образование кој според членот 77 од Законот продолжува да ги врши работите на работните места на кои се затекнале пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со овие законски одредби се вршело и ограничување на уставно гарантираното право на работа на оваа категорија наставници, што не било во согласност со членот 54 став 1 од Уставот. Од овој аспект посебно се оспорува и членот 32 став 2 од Законот во прво поднесената иницијатива.

Освен со членот 9 и 54 од Уставот, оспорените одредби на членот 32 став 3 и 4 и членот 77 од Законот, според наводите во трето поднесената иницијатива биле во спротивност и со членот 32 став 2 и членот 52 став 4 од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според ставот 2 на членот 32 од Законот (со кој член се менува дотогашниот член 66) воспитувач во подготвителна година може да биде лице со завршено соодветно високо и више образование.

Според членот 32 став 3 од Законот, наставник во одделенска настава може да биде лице со завршено соодветно високо образование.

Во членот 32 став 4 од Законот е предвидено дека наставник по предметна настава може да биде лице кое завршило соодветна еднопредметна или двопредметна група на образование на наставници на факултет, висока школа, факултет за ликовна уметност и факултет за музичка дејност.

Според член 32 став 5 од Законот, наставници по ликовно образование и музичко образование можат да бидат и лица со завршени други оддели и стекната педагошко-психолошка и методска група предмети на факултетот за ликовна уметност и факултетот за музичка уметност.

Согласно членот 77 од Законот постојниот наставен кадар со завршено више образование во одделенска и предметна настава и натаму ги врши работите на работните места на кои е затекнат пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

5. Судот на седницата, исто така, утврди дека со Решение У.бр.186/2004 од 3 ноември 2004 година не поведе постапка за оценување на уставноста на член 32 став 3 и 4 и член 77 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/2004).

Имајќи ги предвид членот 32 став 5 од Уставот и членот 7 од Законот за работните односи, Судот во тоа решение оценил дека Законот за основното образование, во оспорените одредби на членот 32 став 3 и 4, определувајќи ги посебните услови за остварување на воспитно образовната дејност во основното образование, се движел и во рамките на Уставот и во рамките на Законот за работните односи. Во однос на членот 77 од Законот, Судот оценил дека со него не се повредува уставното начело на еднаквост, затоа што станува збор за два вида на кадри: едни кои треба да се вработуваат, а не го исполнуваат законскиот услов за поседување на високо образование за изведување на одделенска или предметна настава и други, кои се вработиле кога како услов за изведување на овој вид настава било предвидено више образование и пред денот на влегувањето во сила на овој закон се затекнале на работните места.

Поради наведеното Судот оценил дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на член 32 став 3 и 4 и член 77 од Законот.

6. Во членот 9 од Уставот е утврдено дека граѓаните во Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според членот 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според членот 54 став 1 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничуваат само во случаи утврдени со Уставот.

Разгледувајќи ги оспорените ставови 2 и 5 на членот 32 од Законот, чија уставност за прв пат се оспорува во однос на наведените членови од Уставот со првоподнесената иницијатива, Судот утврди дека и овие одредби на член 32 од Законот се однесуваат на посебните услови за остварување на воспитно-образовната дејност во основното образование, кои законодавецот има право да ги утврдува согласно член 32 став 5 од Уставот.

Со оглед на тоа што со овие одредби се создаваат правни претпоставки за остварување, а не за ограничување на правото на работа и што условите во поглед на стручната подготовка утврдени во нив еднакво се однесуваат за сите граѓани, односно не се дискриминаторски по ниеден основ утврден во членот 9 од Уставот, Судот оцени дека со овие законски одредби не се повредува начелото на еднаквост на граѓаните, ниту, пак, се врши ограничување на слободите и правата во смисла на значењето на членот 54 став 1 од Уставот, како што сметаат подносителите на оваа иницијатива.

Од тие причини Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста на членот 32 став 2 и 5 од Законот со означените одредби од Уставот.

7. Имајќи предвид дека оспорените одредби на став 3 и 4 на членот 32 и член 77 од Законот веќе биле предмет на уставносудска оцена и Судот со Решение У.бр.186/2004 од 3 ноември не повел постапка за оценување на нивната уставност, а не наоѓајќи основи за поинакво одлучување по повод овие иницијативи, согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, одлучи истите да ги отфрли.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.180/2004)

# 95.

**- Оспорениот акт нема карактер на пропис**

*- The act disputed does not have the character of a regulation*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија член 28 алинеја 1 и 3 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Спогодбата помеѓу Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) и Министерството за образование и наука постигната на ден 22 јуни 2004 година.

2. Мирјана Попова од Делчево, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Спогодбата означена во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата на ден 22 јуни 2004 година постигната е Спогодба помеѓу Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК), заведена под бр.0301-36/1 од 22 јуни 2004 година и Министерството за образование и наука заведена под бр.07-3113/1 од 22 јуни 2004 година, како социјални партнери, со која се имаат согласено меѓу другото и за тоа сметководствените работи за училиштата да се извршуваат од страна на трговско друштво за сметководствено-финансиски работи и консалтинг, кое што ќе го формираат работниците кои работеле како сметководители, а на кои им престана работниот однос поради технолошки вишок.

Потоа е предвидено трговското друштво кое ќе се формира да склучи договор за работа со преземените работници (отпуштените работници) за период од најмалку 5 години и е наложено оние работници - сметководители кои ќе потпишат договори за работа со трговското друштво да дадат изјава дека за тоа нема да поведат судски спорови.

Со таквата спогодба, смета подносителот на иницијативата, од страна на потписниците се суспендирани

одредбите од Законот за работните односи од член 134 и 142 и соодветните членови од колективните договори со кои е регулиран "престанокот на работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални и слични промени.

Имено, со тие одредби е пропишана целата постапка како се прогласувале работниците за технолошки вишок во случај кога за нив престанала потребата за работа и кои права им следувале, што не било случај и со потребата од работа за сметководителите во училиштата. Потребата од работа за сметководителите во училиштата не престанала и не бил намален обемот на работите и работните задачи и смета дека тие работи и работни задачи никогаш нема да престанат да се извршуваат.

Подносителот на иницијативата напоменува дека согласно Законот за работни односи и колективните договори не била спроведена никаква постапка за прогласување на технолошки вишок, но во согласност со напред споменатата спогодба на сите сметководители со решенија им престанал работниот однос поради технолошки вишок.

Потоа, според подносителот на иницијативата суспендирани се и членовите од 143 до 147 од Законот за работни односи од Глава 8 - Заштита на правата на работниците, бидејќи им се одземало правото за барање заштита на поединечните права од работен однос кај работодавецот и другите надлежни органи: надлежниот суд, синдикатот, инспекциските органи и други органи.

Според наводите во иницијативата во уводот на Спогодбата е наведено дека таа е постигната врз основа на членовите 125 и 139 од Законот за работни односи, кое нешто било неосновано и незаконито.

Имено, во член 125 било регулирано дека престанок на работниот однос на работникот задолжително се дава во писмена форма со образложение за причините за отказот, а во член 139 биле утврдени правата кои е должен да му ги обезбеди работодавецот на работникот при престанок на работниот однос поради технолошки вишок, што значи дека постигнатата спогодба немала законска основа и како таква не можела да произведува правни дејства и од Уставниот суд треба да биде поништена.

Што се однесува до задолжението дадено во спогодбата самите работници да формираат трговско друштво, постапката за формирање на трговски друштва била регулирана со Законот за трговски друштва и никој надвор од тој закон не можел да наложува на друг да формира трговско друштво или да му го одземе тоа право. Ваквото задолжение за формирање на трговско друштво смета подносителот на иницијативата, е во спротивност со член 32 од Уставот на Република Македонија, каде што било предвидено дека секој има право на работа, слободен избор на вработување итн.

Врз основа на изнесеното подносителот на иницијативата му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја прифати оваа иницијатива и согласно Уставот на Република Македонија да ја поништи Спогодбата постигната помеѓу Самостојниот синдикат за образование, наука и култура и Министерството за образование и наука заведени под напред наведените броеви и датуми.

3. Судот на седницата утврди дека Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) и Министерството за образование и наука по преговорите водени за ублажување на последиците од престанок на работниот однос на сметководителите - книговодителите во основните и средните училишта поради економски, технолошки, структурални или слични промени, согласно член 125 и 139 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/2003) на ден 22 јуни 2004 година ја постигнале Спогодбата од точката 1 на ова решение.

Според точката 1 од Спогодбата социјалните партнери се согласиле да ги преземат сите мерки и активности во рамките на своите надлежности, со цел на сметководителите - книговодителите на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, да им се обезбеди:

а) вработување кај друг работодавец без огласување на работното место (член 10, од Законот за работни односи),
б) еднократен надомест во вид на испратнина (член 139, став 1, точка 3 од Законот за работни односи),

Со спогодбата е утврдено дека мерките и активностите од ставот 1 на спогодбата се спроведуваат согласно Закон, Колективен договор и Спогодбата.

Со точката 2 од Спогодбата е предвидено дека социјалните партнери се согласиле сите сметководствени услуги за училиштата да се извршуваат од страна на трговско друштво за сметководствено-финансиски, консалтинг и други слични услуги, согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Трговското друштво го формираат сметководителите - книговодителите во училиштата на кои им престанува работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени.

Според точката 3 од Спогодбата, трговското друштво формирано од работниците од точката 2 на оваа Спогодба, од училиштата ќе добие без надомест користење на средства и опрема со кои сега работат, како и соодветни просторни услови во период од 5 години.

За начинот, времето и условите за користење на средствата, опремата и просториите, училиштата и трговското друштво склучуваат посебни договори.

Според Спогодбата, за извршување на сметководствените услуги од страна на трговското друштво, Министерството за образование и наука преку училиштата ќе финансира по 6.000,00 денари месечно за буџетска и донаторска сметка на училиштето.

Трговското друштво е должно да склучи договори за работа со преземените работници за период од најмалку 5 години.

Согласно Спогодбата, училиштата за користење на услугите на трговското друштво склучуваат посебен Договор за трансферирање на финансиските средства од Министерството за образование и наука.

Во точката 5 од Спогодбата е определено дека финансирањето од точка 4, став 1, Министерството за образование и наука го врши континуирано и на крајот, според точката 6 од Спогодбата, сметководителите - книговодителите што го формираат трговското друштво од точка 2 потпишуваат договори за работа со трговското друштво и изјава дека за тоа нема да поведат судски спорови.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, меѓу другото, одлучува и за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 и 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето или ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Имајќи ја предвид содржината на оспорената Спогодба Судот оцени дека таа не претставува пропис, во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со неа се уредуваат меѓусебни односи помеѓу два субјекти. Всушност, Спогодбата претставува акт кој има правно дејство само за субјектите кои ја склучиле и за поименично наведените работници, а не и за неограничен број на субјекти и сите граѓани, поради што, Уставниот суд не е надлежен да ја оцени нејзината уставност и законитост.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.142/2004)

# 96.

**- Состав на наставно-научен совет**

*- Composition of an academic council*

**- Составот на наставно-научниот совет на факултетот е прашање уредено со закон кое не може со статутот на факултетот поинаку да се уредува.**

*- The composition of the academic council at the faculty is an issue regulated by law, which may not be regulated differently by the statute of the faculty.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 32 став 2 во делот: "и лица во наставно-научни звања од други факултети кои изведуваат настава на Факултетот, по еден претставник на соработниците од секоја катедра на Факултетот и пет претставници на студентите" - од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, донесен на 22 октомври 2003 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У.бр.111/2004 од 6 октомври 2004 година, по иницијатива на Ѓорѓи Митрески од Скопје, поведе постапка за оценување на законитоста на одредбата од Статутот означен во точката 1 од оваа одлука, поради тоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Законот за високото образование.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 32 став 1 од Статутот на Стоматолошкиот факултет, Наставно-научниот совет е највисок орган на управување и стручен орган на Факултетот.

Според ставот 2 од овој член од Статутот, Наставно-научниот совет го сочинуваат избраните редовни и вонредни професори и доценти на Факултетот и лица во наставно научни звања од други факултети кои изведуваат настава на Факултетот, по еден

претставник на соработниците од секоја катедра на Факултетот и пет претставници на студентите.

5. Според членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е владеењето на правото.

Согласно членот 46 од Уставот, на универзитетот му се гарантира автономија, а условите за основање, вршење и престанок на дејноста на универзитетот се уредуваат со закон.

Според членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со членот 58 од Уставот е утврдено дека сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето, а учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/2000 и 49/2003) во членот 1 определил дека предмет на уредување на овој закон се условите и постапката за основање, финансирање и престанок на високообразовните установи и се утврдуваат основите на организација, управување, развој и за вршење на високообразовната дејност.

Според членот 10 став 1 од Законот, високообразовните установи ја вршат својата дејност врз принципот на академската автономија, а според став 3 од овој член, автономијата на универзитетот вклучува академска слобода на високообразовните установи, автономија на управувањето со високообразовните установи и неприкосновеност на автономијата.

Основен акт на вискообразовната установа е статутот, со кој согласно членот 8 од Законот, се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работата и одлучување на нејзините органи, други прашања од значење за нејзината дејност и работење, за кои со овој закон е предвидено да се уредуваат со статут, како и други односи во согласност со остварувањето на нејзината

автономија. Статутот го донесува органот на управување на високообразовната установа.

Според членот 73 од Законот, како органи на факултетот се определени наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

Со членот 74 став 1 од Законот е пропишано дека наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот, а според одредбата од ставот 4, наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите.

Оттука, составот на наставно-научниот совет на факултетот е прашање уредено со закон.

Со ставот 5 од наведениот член од Законот, не се уредува составот, туку се овозможува во рамките на работењето на наставно-научниот совет на факултетот (составен од членови од редот на избраните професори и доценти од факултетот), да учествуваат и претставници од соработниците и студентите при што времето за кое тие соработници и студенти се избираат се утврдува со статутот на високообразовната установа, кој го донесува наставно-научниот совет.

Имајќи ја предвид содржината на членот 32 став 2 од Статутот на Стоматолошкиот факултет, Судот утврди дека одредбата во оспорениот дел предвидува лица во наставно-научни звања од други факултети кои изведуваат настава на Стоматолошкиот факултет, како и претставници на соработниците и студентите, да го сочинуваат составот на наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, покрај неговите избрани редовни и вонредни професори и доценти, што не е во согласност со членот 74 од Законот за високото образование.

Со оглед на тоа што стоматолошкиот клинички центар не е друг факултет во смисла на оспорената статутарна одредба, туку фактички претставува наставно-научна база на стручниот кадар кој врши високообразовна дејност на Стоматолошкиот факултет, а со тоа овој стручен кадар има основ за учество во наставно-научниот совет и управувањето на Факултетот, упатува на потребата од прецизно и недвосмислено статутарно уредување на прашањата согласно со закон, што според Судот не е извршено со оспорената одредба од Статутот на Факултетот.

Воедно, Законот со одредбите од членот 147 го уредил прашањето на правото на вршење дејност во друга високообразовна установа. Според ставот 1 од овој член од Законот, лице од една високообразовна установа може да врши високообразовна дејност во друга високообразовна установа во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно - научна област, врз основа на дозвола од високообразовната установа во која е избрано. Со одредбите од ставот 2 и 3 од овој член е определено дека лицето од ставот 1 може да врши високообразовна дејност во обем утврден со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на дејност, а условите под кои се остварува правото од ставот 2 на овој член се уредува со статутот на високообразовната установа.

Оттука, произлегува дека како членови во составот на наставно-научниот совет во другата установа, овие лица не само што би го донесувале статутот на факултетот со кој соработуваат и би ги нормирале условите како и други статутарни прашања за сопственото работење во оваа друга високообразовна установа, туку преку овој највисок орган на управување непосредно би влијаеле и на суштинските прашања кои се предмет на статутот на факултетот, а со тоа и на неговото автономно и самостојно управување.

Поради наведените причини Судот утврди дека оспорената статутарна одредба не е во согласност со членот 74 од Законот за високото образование.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.111/2004)

# 97.

**- Услови за изведување на воспитно образовната дејност**

*- Conditions for realising the educational activity*

**- Законодавецот е овластен да ги определува посебните услови што треба да ги исполнува лицето кое изведува воспитно-образовна дејност во основното образование.**

*- The legislator is authorised to define the special conditions that should be met by the person realising educational activity in elementary education.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 32 став 3 и 4 и член 77 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/2004).

2. Љупчо Василевски од Битола и Регионалната синдикална организација од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативите оспорените одредби од Законот биле несогласни со Уставот на Република Македонија,

затоа што предвидувале наставник по предметна настава да може да биде лице со високо образование (а не со више како што предвидувал законот до тогаш), со што невработените наставници со више образование не можеле да конкурираат за наставници во одделенска и предметна настава.

Одредбата од членот 77 од Законот се оспорува затоа што предвидувала постојниот наставен кадар со завршено више образование и натаму без ограничување со рок да ги врши работите и работните задачи на местата на кои се затекнале пред денот на влегувањето во сила на овој закон со што, исто така, се повредувало начелото на еднаквост во смисла на член 32 став 2 од Уставот според кој секому под еднакви услови му е достапно секое работно место.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 32 став 3 од Законот, наставник во одделенска настава може да биде лице со завршено соодветно високо образование.

Со членот 32 став 4 од Законот е предвидено дека наставник по предметна настава може да биде лице кое завршило соодветна еднопредметна или двопредметна група на образование на наставници на факултет, висока школа, факултет за ликовна уметност и Факултет за музичка дејност.

Согласно членот 77 од Законот постојниот наставен кадар со завршено више образование во одделенска и предметна настава и натаму ги врши работите на работните места на кои е затекнат пред денот на влегувањето во сила на овој закон

4. Согласно член 32 став 5 од Уставот остварувањето на правата на вработените се уредуваат со закон и со колективени договори.

Од оваа одредба произлегува дека Уставот со упатна норма му препушта на законодавецот самостојно да ги определи условите и начинот на спроведувањето (изведувањето) на одделенска и предметна настава во основното образование.

Така, согласно член 7 од Законот за работни односи работен однос може да заснова секое лице кое ги исполнува општите услови утврдени со овој или друг закон и посебните услови утврдени со закон, колективен договор и акт на работодавецот.

Од содржината на оваа одредба произлегува дека посебните услови за вработување (степенот на образование) можат да бидат утврдени со закон, колективен договор или да ги утврди работодавецот.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека во конкретниов случај, Законот за основното образование определувајќи ги посебните услови за остварување на воспитно образовната дејност во основното образование се движел и во рамките на Уставот и во рамките на Законот за работните односи, поради што не може основано да се постави прашањето за неговата уставност.

Согласно член 32 став 2 од Уставот на Република Македонија секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Согласно член 9 став 2 од Уставот граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Од содржината на наведените одредби произлегува дека Уставот го гарантира начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите и еднаквост при нивното вработување во смисла на достапноста на работното место секому под еднакви услови.

Имајќи ја предвид содржината на одредбата од членот 77 од овој закон според која постојниот наставен кадар со завршено више образование по одделенска настава и предметна настава и натаму ги врши работите на работното место на кои е затекнат пред денот на влегувањето во сила на овој закон, Судот оцени дека истата е согласна со Уставот на Република Македонија, односно дека со неа не се повредува начелото на еднаквост загарантирано со Уставот.

Имено, оваа одредба од Законот има карактер на преодна и завршна одредба и го решава прашањето на преминувањето од постоечките правни норми на новите правни норми во смисла што од сега па натаму за изведување на одделенска или еднопредметна настава е потребно образовниот кадар да поседува високо образование

Според Судот, со оваа норма не се повредува уставното начело на еднаквост, затоа што станува збор за два вида на кадри:

- едни кои треба да се вработат, а поседуваат више образование, односно не го исполнуваат законскиот услов за поседување на високо образование за изведување на одделенска или предметна настава и

- други кадри кои изведуваат одделенска и предметна настава со више образование, кои се вработиле кога како услов за изведување на ваков вид настава било предвидено вишето образование и кои во моментов кога е донесен Законот за измени се затечени пред денот на влегувањето во сила на истиот.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на одредбите од член 32 став 3 и 4 и член 77 од оспорениот закон.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.186/2004)

# 98.

**- Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност**

*- Book of Rules for the norms and standards for the establishment of higher educational institutions for the performance of higher educational activity*

**- Определувањето нормативи и стандарди од страна на Владата на Република Македонија за бројот на студенти за формирање на една група за предавања на факултетите од областа на стручно-уметничките наставни предмети, по кои**

**се изведува индивидуална настава, не претставува повреда на автономијата на Универзитетот.**
**Со поимот "најмногу 5 студенти" се утврдува максималниот број студенти од кои може да се формира група за предавања. Тоа не налага задолжително изведување на наставата во група, доколку спецификата на наставниот стручно-уметнички предмет бара изведување на индивидуална настава.**

*- The determination of norms and standards by the Government of the Republic of Macedonia as to the number of students for the set up of one group for lectures at the faculties from the field of vocational-artistic subjects of instruction is not a violation of the autonomy of the University.*
*The notion “5 students at the most” defines the maximum number of students that may form a group for lectures. That does not impose a compulsory performance of the instruction in a group, in case the specifics of the vocational-artistic subject of instruction requires performance of an individual instruction.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членот 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 18 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 11 алинеја 1 од Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.33/2003).

2. Гоце Коларовски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите на подносителот на иницијативата, со оспорената одредба било определено дека норматив за бројот на редовните студенти во една група за предавања изнесува најмногу 5 студенти на факултетите од областа на уметностите за стручно-уметничките наставни предмети по кои се изведува индивидуална настава.

Вака предвидениот норматив ја укинувал индивидуалната настава како начин на изведување на наставнообразовниот процес, со што директно се повредувала автономијата на универзитетот гарантирана во членот 46 од Уставот. Владата на Република Македонија со донесување на наведениот акт вршела директно влијание врз начинот на едукацијата на кадрите од областа на уметностите, а воедно се потенцира дека индивидуалната настава била запазена во пониските степени на образование (основни и средни училишта), но тоа не било случај и со високото образование.

Поимот индивидуална настава единствено можел да се сфати како работа на наставникот само со поединечен студент, но не и како работа на наставникот со група од 2, 3, 4 или пак 5 студенти, а кое нешто произлегувало од специфичноста на наставните предмети од областа на музичката уметност како што се: изучување на одделни инструменти, соло-пеење, композиција и диригирање.

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Интерунивер- зитетската конференција во Предлог-Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност предвидела норматив од еден студент во групат а за индивидуална настава од областа на предметите опфатени на Факултетот за музичка уметност, меѓутоа наспроти таквиот предлог Владата на Република Македонија со оспорената одредба предвидела норматив од најмногу 5 студенти.

На тој начин се повредувала автономијата на Универзитетот и гаранцијата на творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, санкционирани во членот 10 став 2 од Законот за високото образование.

Исто така била сторена и повреда на членот 11 алинеја 2 и 3 од Законот, кој го уредувал принципот на академска слобода, слободата на утврдувањето на облиците и видовите на наставнообразовните дејности, како и исклучивата надлежност на Универзитетот да ги утврди видот, начинот и методот на наставата. Инаку, Факултетот за музичка уметност во студиските програми што ги применувал предвидел како ќе ја изведува колективната, групната или индивидуалната настава.

Од изнесените причини се предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одредба и истата да ја поништи.

3. Уставниот суд на Република Македонија на седницата утврди дека според член 1 од Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност се утврдуваат нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовната дејност во Република Македонија.

Во членот 2 од Правилникот се определени нормативите и стандардите за основање на високообразовните установи за вршење на високообразовната дејност. Во став 2 алинеја 1 како норматив е определен и нормативот за големината на групата за редовни студенти.

Според член 10 став 1 алинеја 8 од Правилникот, во една група се определува 1 студент како максимален број на студенти за вежби за стручно-уметнички наставни предмети по кои се изведуваат индивидуални вежби на факултетите од областа на уметностите.

Според содржината на оспорениот член 11 алинеја 1 од Правилникот, нормативот за бројот на редовните студенти во една група за предавања изнесува најмногу 5 студенти на факултетите од областа на уметностите за стручно-уметничките наставни предмети по кои се изведува индивидуална настава.

4. Согласно член 46 од Уставот, на универзитетот му се гарантира автономија, а условите, вршењето и престанокот на дејноста на универзитетот се уредуваат со закон.

Според член 10 став 1 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/2000

и 49/ 2003), високообразовните установи ја вршат својата дејност врз принципот на академската автономија.

Според член 10 став 2 од Законот, со автономијата на високообразовните установи се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската зедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

Според член 11 алинеја 2 и 3 од Законот, академската слобода помеѓу другото опфаќа: слобода на студирањето, на утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности на проверка на знаењата на студентите, подготвување и утврдување на студиските програми и содржина на одделните предмети, како и подготвување на учебници и други учебни помагала.

Во членот 35 став 1 од Законот се определени општите услови за основање на факултет, односно висока стручна школа.

Според член 35 став 2 од Законот, условите од ставот 1 на овој член како нормативи и стандарди за основање на високообразовна установа за вршење на високообразовна дејност поблиску се утврдуваат во Правилник за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност, кој на предлог на Интеруниверзитетската конференција го донесува Владата на Република Македонија.

5. Од анализата на содржината на членот 35 став 2 од Законот произлегува дека оваа одредба претставува законски основ и овластување за Владата на Република Македонија да го донесе Правилникот за нормативи и стандарди, во кој е содржана и оспорената одредба, предмет на уставносудска оценка.

Од наводите во иницијативата јасно произлегува дека со иницијативата не се оспорува овластувањето на Владата за донесување на Правилникот. Меѓутоа, од иницијативата и останатата документација приложена кон неа произлегува дека подносителот на иницијативата укажува на разликите што постоеле при определувањето на нормативите и стандардите помеѓу Интеруниверзитетската конференција како подносител на предлогот за донесување на Правилникот и Владата на Република Македонија

како доносител на Правилникот, но постапката за донесување на Правилникот не се оспорува со иницијативата.

Притоа, посебно се потенцира дека како норматив за бројот на студентите на факултетите од областа на стручно-уметничките наставни предмети, по кои се изведува индивидуална настава, се предлагал норматив од 1 студент, но Владата се определила за норматив од најмногу 5 студенти.

Определба на Владата на Република Македонија е преточена во оспорената одредба од Правилникот. По оцена на Судот ваквата определба не значи повреда на автономијата на универзитетот гарантирана во членот 46 став 1 од Уставот. Ова особено ако се има предвид дека според содржината на ставот 2 од истата одредба условите, вршењето и престанокот на дејноста на универзитетот се уредуваат со закон, што значи дека автономијата на универзитетот не е апсолутна категорија која се исцрпува само со наведената уставна одредба. Материјата по однос на тоа што претставува автономија на универзитетот и кои се елементите на автономијата на универзитетот, Уставот препушта да биде предмет на уредување со закон (член 46 став 2 од Уставот).

Поаѓајќи од содржината на наведената уставна одредба, законодавецот се определил нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност, на предлог на Интеруниверзитетската конференција да бидат определени од страна на Владата на Република Македонија.

Оттука, не може да се прифатат како основани наводите на подносителот на инииицијативата дека оспорената одредба од Правилникот не е во согласност со членот 46 од Уставот.

6. Според Судот, подносителот на иницијативата оспорената одредба ја толкува на начин што не е соодветен на нејзината цел и содржина. Оспорениот член 11 алинеја 1 од Правилникот е само еден од нормативите и стандардите предвидени како минимални услови за основање на високообразовна установа и за вршење на високообразовна дејност, согласно член 1 од Правилникот и воедно претставува норматив за формирање на групата за редовни студенти за предавање, според целината на членот 11 од Правилникот.

Од друга страна поимот "група од најмогу 5 студенти" во себе опфаќа и индивидуа или еден студент, односно група од двајца студенти, тројца или пак четворица, но таа група во никој случај не може да биде поголема од 5 студенти, а доколку бројот на студентите е поголем од пет ќе се формираат и други групи. Оттука, поимот "најмногу 5 студенти" е употребен заради утврдувањето на максималниот број на студенти од кои може да се формира група за предавања, меѓутоа тоа истовремено не значи нужно изведување на наставата во група, ако спецификата на наставниот стручно-уметнички предмет неминовно бара изведување на индивидуална на става. Оспорената одредба има за цел да уреди кога ќе се формира група за редовна настава, а дали наставата ќе се изведува групн о или инидивидуално зависи од наставниот предмет.

Оттука, произлегува дека фактот што Владата на Република Македонија во оспорената одредба го определила максималниот број на студенти за формирање на една група за изведување на редовна настава, не зна чи дека навлегува во процесот или пак во начинот на изведувањето и споведувањето на наставата, кој пак процес е во доменот на секој факултет поединечно. Со определувањето на максималниот број за формирање на група оставена е целосна слобода на конкретен факултет или пак универзитетот, согласно студиските програми, да го утврди видот и начинот на наставата, што е на линија на задоволување и на потребите за изведување на индивидуалната настава.

Од друга страна, Правилникот прави разграничување на група за вежби и група за предавања. Можноста за спроведување на индивидуалната настава, во зависност од природата на стручно-уметничкиот предмет, е предвидена за изведување на индивидуалните вежби и тоа само со еден студент, според содржината на членот 10 став 1 алинеја 8 од Правилникот.

Врз основа на изнесеното Судот не ги прифати и наводите од иницијативата за повреда на членовите 10 став 2 и 11 алинеја 2 и 3 од Законот за високото образование, во кои се гарантира автономијата на универзитетот и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, принципот на академска слобода, слободата на утврдувањето на облиците и видовите на наставнообразовните дејности, како и исклучивата надлежност на универзитетот да ги утврди видот и начинот на наставата.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи,Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.129/2003)

# 99.

**- Закон за основното образование (именување и разрешување на директори)**

*- Law on Elementary Education (appointment and discharge of principals)*

**- Овластувањето на министерот за образование да именува и разрешува директори на основни училишта нема карактер на дискреционо право со оглед на тоа што во самиот закон истовремено се утврдени постапката и условите, односно случаите во кои министерот може да го користи тоа овластување.**

*- The authorisation of the Minister of Education to appoint and discharge principals of elementary schools does not have the character of a discretionary right given that the law itself defines the procedure and the conditions, that is, the cases in which the Minister may use this authorisation.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 98 став 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003 и 42/2003).

2. Сакип Велиу од Дебар на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 115 став 5 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, овој член од Законот за основното образование содржел дискреционо право на министерот за образование, затоа што му овозможувал да именува, а и да разрешува директори на основни училишта без да постојат правни основи и причини за разрешувањето, како што било во случај и со неговото предвремено разрешување од директор.

Поради ваквиот карактер на овластувањето на министерот, оспорената одредба од Законот не обезбедувала правна заштита и сигурност при вработувањето, односно со неа се ограничувале правата утврдени во членот 32 став 1 од Уставот. Поради тоа, во иницијативата се предлага таа, како противуставна да биде укината, а именувањето и разрешувањето на директорите на основните училишта да не се врши од страна на министерот, туку согласно пропишана процедура со закон и други акти.

3. Судот на седницата утврди дека членот 115 став 5 од Законот за основно образование, чија уставност се оспорува во иницијативата ниту во изворниот ни во пречистениот текст на Законот не одговара на содржината на која се укажува во иницијативата. Одредбата според која министерот за образование е овластен да го именува и разрешува директорот на основното училиште, а која фактички се оспорува со иницијативата е содржана во членот 98 став 5 од изворниот текст, односно во членот 111 став 5 од пречистениот текст на Законот.

Од тие причини како предмет на уставно судска оцена во постапката пред Судот се смета членот 98 став 5 од Законот за

основното образование, а не член 115 став 5, кој што е наведен во иницијативата.

4. Судот на седницата утврди дека ставот 5 на член 98 од Законот во времето на поднесување на иницијативата гласел:

"Директорот на основното училиште се именува и разрешува од министерот. За именување на директор мислење дава Бирото за развој на образованието и училишниот одбор".

Судот утврди дека во меѓувреме членот 98 во целост е изменет со членот 59 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/2004). Според овие измени и дополнувања на Законот, директорот на основното училиште, наместо министерот за образование, го именува и разрешува градоначалникот на општината, согласно со овој закон (тоа е утврдено во ставот 10 од изменетиот член 98).

Судот, исто така, утврди дека според членот 79 од напред означениот закон, членот 59 и другите наведени членови во ставот 2 на членот 79 од овој закон, ќе се применуваат од денот на конституирањето на советите на општините и на градот Скопје и изборот на градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје по спроведувањето на првите наредни локални избори согласно со Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/1996, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).

Тргнувајќи од тоа дека примената на членот 59 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/2004) не е предвидена со денот на неговото влегување во сила, туку е пролонгирана до денот на конституирањето на советите на општините и градот Скопје и до изборот на градоначалниците по спроведувањето на првите наредни локални избори, според мислењето на Судот се дотогаш во примена и како дел од правниот поредок на Република Македонија останува и членот 98 од Законот пред неговите изменувања извршени со означениот закон. Поради тоа, Судот утврди дека во конкретниот случај не постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата во смисла на членот 28 од Деловникот, па затоа и се впушти во оцена на оспорениот став 5 од членот 98 од Законот, пред овие негови изменувања.

5. Според членот 8 алинеја 1 и 3 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, како и принципот на владеењето на правото.

Согласно член 32 став 1 и 2 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработувањето, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност, и секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Според ставот 5 на овој член од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Според членот 58 став 1 од Уставот, сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето, а според ставот 2, учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Согласно наведеното уставно овластување, управувањето и раководењето во основното училиште, кое се основа како јавна установа се уредени во посебна глава во Законот за основно образование ("Службен весник на Република Македонија" ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004). Во рамките на оваа глава е и членот 98, чиј став 5 се оспорува со оваа иницијатива. Според ставот 1 на овој член од Законот, директорот е раководен орган на основното училиште, а според ставот 2, за директор може да биде именувано лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и условите за учител, наставник, педагог или психолог и има пет години работно искуство во воспитно образовната дејност. Според ставот 3 на овој член мандатот на директорот трае четири години. Според оспорениот став 5 од овој член на Законот, директорот на основното училиште се именува и разрешува од министерот. За именување на директор мислење дава Бирото за развој на образованието и училишниот одбор.

Освен статусот и условите за именување на директорот, во членот 100 од Законот децидно се утврдени и случаите во кои директорот на основното училиште може да биде разрешен, со тоа

што во овој член е предвидена можност тој да биде разрешен и во други случаи предвидени со закон.

Разгледувајќи ја оспорената законска одредба во однос на напред означените законски одредби во кои се утврдуваат постапката и условите под кои едно лице може да биде именувано за директор на основното училиште, како и во кои случаи директорот може да биде разрешен, според мислењето на Судот во конкретниот случај не станува збор за дискреционо право на министерот за образование, како што се тврди со иницијативата, со оглед на тоа што за неговото овластување утврдено во оспорената одредба законодавецот истовремено ги предвидел постапката и условите, односно случаите во кои министерот може да го користи тоа овластување. Тоа, со други зборови значи дека законското овластување на министерот за образование да именува и разрешува директор на основно училише не е неограничено, туку напротив тоа е дозволено само во постапка, под услови и во случаи утврдени во самиот закон. Сите овие елементи се доволна гаранција за заштита на правата на граѓаните од евентуално самоволно и арбитрерно одлучување на министерот при именување и разрешување на директор на основното училиште, на што тие имаат право според принципот на владеењето на правото, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Со оглед на изнесеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на членот 98 став 5 од Законот за основното образование со членот 8 алинеја 1 и 3 и членот 32 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.90/2003)

**11. Кривично право**

*11. Criminal law*

# 100.

**- Двостепеност во одлучувањето**

*- Two instances in decision-making*

**- Предвидувањето по жалбите против решенијата на инспекторите со кои на трговецот привремено му се забранува вршење на дејноста во рок од 30, односно 90 дена, да одлучува министерот за економија е во духот на уставната интенција за гаранција на начелото на двостепеност во одлучувањето, во смисла што во втор степен одлучува друг орган на управата кој не учествува во донесувањето на првостепеното решение.**

*- The foreseeing that the Minister of Economy decide upon the appeals against the resolutions passed by the inspectors whereby the businessman is rendered an interim prohibition to perform an activity within a period of 30 days, that is 90 days, is in the spirit of the constitutional intention to guarantee the principle of two instances in the decision-making, in the sense that in the second instance another body of state administration takes part which does not participate in the passing of the first instance resolution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на členovите 131 став 3, 132 став 2, 133 став 3, 134 став 6 и 135 став 4 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2004).

2. Манчо Манчев од Кавадарци, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените одредби од Законот за заштита на потрошувачите биле несогласни со Уставот, затоа што со овластувањето на министерот за економија да одлучува по жалба против решенијата на инспекторите со кои на трговецот привремено му се забранува продажба на производите, односно вршење на дејноста, се повредувало начелото на двостепеност во одлучувањето, загарантирано со Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека со одредбите од член 131 став 3, член 132 став 2, член 131 став 3, член 134 став 6 и член 135 став 4 од Законот се предвидува можност против решенијата на инспекторите со кои привремено се забранува продажба на производите, односно се забранува вршење на дејноста во траење од 90 дена, да се изјави жалба до министерот за економија.

4. Согласно член 15 од Уставот на Република Македонија се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организации и други институции што вршат јавни овластувања.

Според Судот, смислата на оваа уставна одредба е да се обезбеди двостепеност во одлучувањето, со тоа што по жалбата треба да одлучува друг повисок орган од органот што одлучувал во прв степен, во што се состои и деволутивното дејство на жалбата.

Законот за заштита на потрошувачите предвидува дека со него се уредува заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот за остварувањето на оваа заштита, условите за трговското работење што се од значење за остварувањето на заштитата на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на

потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите.

Притоа, Законот предвидува право на потрошувачот да биде информиран за условите на продажбата на производите и давањето на услуги; правото на рекламирањето на производите и услугите; општа безбедност на производите и одговорност во врска со тоа; посебни определби за потрошувачките договори; прашања сврзани со давање на јавни услуги на потрошувачите и прашања сврзани со надзорот врз спроведувањето на законот.

Во тој контекст, законодавецот ги овластува инспекторите, доколку утврдат неправилности при спроведувањето на надзорот (ако трговецот јасно, читливо и видливо не обележил на производот и на продажното место не истакне натпис дека се работи за продажба на производи со недостаток или грешка, со несоодветна амбалажа; ако процентот на снижувањето на цената што е објавен во распон, не се однесува најмалку на една петтина на сите производи што се на распродажба; ако трговецот не издаде гаранција за квалитетот на производот; ако производителот не се придржува на обврските од гарантниот лист; ако пушти во промет детска играчка која ја загрозува безбедноста и здравјето на децата; ако трговецот јасно и на видно место во продажниот простор не ги истакне продажните услови; ако го условува купувањето на едни со купување и на други производи и сл.), да донесат решение за привремена забрана на продажба на производите и да определат рок за отстранување на неправилностите.

Доколку во определениот рок, трговецот не ги отстрани неправилностите, инспекторите ќе донесат решение за забрана на вршење на дејноста во траење од 90 дена.

Против овие решенија, законодавецот предвидува можност трговецот да изјави жалба до министерот за економија.

Имајќи го предвид изнесеното, во контекст на одредбата од член 15 од Уставот, Судот оцени дека предвидувањето по жалбите против решенијата на инспекторите со кои на трговецот привремено му се забранува вршење на дејноста во рок од 30, односно 90 дена, да одлучува министерот за економија е во духот на уставната интенција за гаранција на начелото на двостепеност во одлучувањето, во смисла што во втор степен одлучува друг орган на управата кој не учествува во донесувањето на првостепеното решение.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.178/2004)

# 101.

**- Надриписарство**

*- Pseudo-expertness*

**- Давањето на стручна и правна помош е уредено со повеќе закони и тоа со надомест или без надомест од страна на овластени лица, а надриписарството односно давањето на стручна и правна помош со надомест од страна на лице кое нема регистрирана дејност за тоа и не е адвокат не е дозволено.**

*- While the provision of professional and legal assistance is regulated by a number of laws and may be given with or without compensation by authorised persons, the pseudo-expertness, that is the provision of professional and legal assistance with compensation by a person who has not registered an activity for that and is not a lawyer is not permitted.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 212 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од актот означен во точката 1 од ова решение. Во иницијативата се наведува дека со оспорениот член се создавала нееднаквост, односно дискриминација меѓу граѓаните по основ на нивната имотна состојба, бидејќи стручната и правната помош во овој случај ќе им била достапна само на онаа категорија граѓани кои имале средства да ги платат услугите на адвокатите, што не било случај пред внесувањето на оспорената одредба во законикот. Оспорената одредба наместо да има позитивен одраз, негативно ќе се одразела врз реалното остварување на слободите и правата на граѓаните, што не било во согласност со интенциите на Уставот на Република Македонија. Со оглед на тоа што стручната и правната помош биле предуслов за остварување скоро на сите слободи и права, со оваа законска одредба се вршело ограничување и на другите права и слободи на граѓаните, а во прв ред на правото да се бара судска заштита. Имено, според ова решение, правото на судска заштита на сите индивидуални права и правни интереси на граѓаните, во случај кога тие не биле способни сами да се застапуваат, ќе им било достапно само на оние кои можеле да платат адвокат, а не и на оние кои немале таква можност, поради што се нарушувала и процесната рамнотежа поради нееднаквата имотна состојба на странките во постапката. Понатаму, во иницијативата се наведува дека адвокатите биле само дел од единствената правна професија и тие имале исто знаење и способности како и другите лица со завршен правен факултет и положен правосуден испит. Со тоа што овие лица не се определиле професионално да се занимаваат со адвокатура, не ги правело помалку квалификувани од адвокатите и тие да даваат стручна и правна помош било на граѓаните или на правните лица во кои се вработени. Со оспорената законска одредба се воспоставувала монополска положба на адвокатурата во давањето и обезбедувањето на стручна и правна помош на граѓаните и правните лица и тоа во сите области и во сите постапки и случаи, без никаков исклучок, што

било крајно рестриктивно и неповолно, бидејќи со неа се вршело ограничување и на сите други права и слободи на граѓаните утврдени во Уставот, кое  пак, не само што немало основ во Уставот, туку било и прекумерно неоправдано и од аспект на членовите 12 став 3 и 53 од Уставот. Освен тоа, употребениот термин "а не е адвокат" во членот 381-а од Кривичниот законик, создавал конфузија и дисхармонија во правниот режим на обезбедување стручна и правна помош воопшто, бидејќи во постојната регулатива, односно во други закони (Законот за парничната постапка, Законот за нотарските работи, Законот за индустриска сопственост и други), биле содржани решенија кои, исто така, се однесувале за давање и обезбедување правна помош, но од лица што не се адвокати. Поради тоа, подносителот на иницијативата смета дека оспорената законска одредба не била во согласност со Уставот во целина, а посебно со членовите 8 став 1 алинеите 1 и 3, 9, 12 став 3, 50, 51, 53, 54 став 1 и 55 од Уставот на Република Македонија, како и со член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Во иницијативата се предлага Судот да изрече времена мерка со која ќе се запре извршувањето на поединечните акти и дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на оспорената законска одредба.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 212 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004), по членот 381 се додава нов наслов "Надриписарство" и нов член 381-а, кој што гласи: "Тој што без регистрирана дејност за надомест дава стручна и правна помош на граѓани и правни лица, а не е адвокат, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година".

4. Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, како и принципот на владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија утврдени во членот 8 алинеи 1 и 3 од Уставот.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Согласно член 12 став 3 од Уставот, лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со

причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка.

Членот 50 став 1 од Уставот, утврдува дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а според членот 54 став 1 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Со оспорениот член 212 од Кривичниот законик со кој по членот 381 се додава нов наслов и нов член 381-а, се санкционира давањето на стручна и правна помош за надомест од страна на лица кои немаат регистрирано дејност, а не се ни адвокати.

Оспорениот член всушност определува кога станува збор за надриписарство, а тоа е кога лице дава стручна и правна помош за надомест, а нема регистрирана дејност ниту пак е адвокат.

Оттука недвосмислено произлегува дека стручна и правна помош може да дава за соодветен надомест само лице кое има регистрирано дејност за тоа или е адвокат, со што се овозможува компетентно давање на стручна и правна помош на граѓаните кога тоа им е потребно.

Во врска со наводите содржани во иницијативата дека граѓаните не можеле да ги остварат своите слободи и права доколку немале средства да ги платат услугите на овластените лица за давање на стручна и правна помош треба да се има предвид дека законодавството на Република Македонија го познава и го регулира институтот "сиромашко право", па на граѓаните кои не се во можност да ги платат судските трошоци без притоа да се доведе во прашање нивното нужно издржување или издржувањето на нивното семејство, им се дозволува бесплатна правна помош и се ослободуваат од плаќање на судските трошоци.

Понатаму, во кривичната постапка, бранител може да биде само адвокат (член 63 став 4 од Законот за кривичната постапка). Бранител по службена должност се поставува кога одбраната е задолжителна (член 66 од Законот за кривичната

постапка), односно по барање на обвинетиот му се поставува бранител ако според својата имотна состојба не е во можност да ги поднесува трошоците на одбраната (член 67 од Законот за кривичната постапка). Ако на обвинетиот му бил назначен бранител, а со плаќањето на наградата и на нужните издатоци би било доведено во прашање издржувањето на обвинетиот или издржувањето на лицето кое е должно тој да го издржува, наградата и нужните издатоци паѓаат на терет на буџетските средства. Ова важи и за оштетниот како тужител кога му бил назначен полномошник (член 93 став 1 од Законот за кривичната постапка). Исто така се дозволува ослободување плаќање на судските трошоци ако со нивното плаќање би било доведено во прашање издржувањето на обвинетиот или на лицата што тој ги издржува.

Во парничната постапка, на странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката, судот може на нејзино барање да и определи да ја застапува полномошник, ако е тоа нужно за заштита на нејзините права, при што таа е ослободена од плаќање на фактичките издатоци и наградата на назначениот полномошник (член 158 - 160 од Законот за парничната постапка).

Ваквите законски решенија се во насока на операционализација на членот 7 од Законот за судовите, според кој секој има право на еднаков пристап пред судовите во заштита на неговите права и правно заснованите интереси и дека никому не може да му биде ограничен пристапот пред судовите поради недостиг на материјални средства.

Овие законски решенија упатуваат на заклучокот дека не е основано образложението во поднесената иницијатива дека правото на судска заштита им е достапно само на оние лица кои можат да платат адвокат, а не и на оние кои немаат таква можност.

Врз основа на изнесеното произлегува дека оспорениот член од Кривичниот законик го санкционира надриписарството односно давањето на стручна и правна помош и тоа со надомест, од страна на лице кое нема регистрирана дејнот за тоа и не е адвокат.

Имајќи ги предвид наведените уставни и законски одредби, а особено фактот дека начинот и условите под кои можат да се вршат определени дејности е регулирано со посебни закони, произлегува дека давањето на стручна и правна помош е уредено со

повеќе закони и тоа со надомест или без надомест од страна на овластени лица, а дека надриписарството не е дозволено.

Поради тоа, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорениот член од Кривичниот законик со наведените членови од Уставот, како и со членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, која меѓу другото, во рамките на минималните права, го определува и правото секој обвинет да се брани самиот или со бранител по свој избор, или доколку самиот не располага со средства за бранител, да му се постави по службена должност адвокат кога интересите на правдата тоа го бараат.

5. Со оглед на фактот што Судот оцени дека нема основи за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорениот член од Кривичниот законик, Судот утврди дека нема основи да донесе времена мерка за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на оспорената законска одредба.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.155/2004)

# 102.

**- Закон за кривичната постапка (надомест на трошоци за полномошник кој не е адвокат)**

*- Criminal Procedure Code (compensation of expenses for a proxy who is not a lawyer)*

**- Законската одредба во која е утврдено дека полномошник што не е адвокат нема право на награда, освен надомест на нужните трошоци не е во несогласност со членот 53 од Уставот затоа што од овој член не произлегува дека адвокатурата е единствено надлежна за обезбедување на правна помош.**

*- The legal provision in which it is defined that a proxy who is not a lawyer does not have the right to a reward, except for the necessary expenses, is not in contradiction with Article 53 of the Constitution since from this Article it does not derive that only the legal profession is competent to provide legal assistance.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 5 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 93 став 2 од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/1997 и 44/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 93 став 2 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одредба не била во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 53 од Уставот на Република Македонија. Како аргументи за тоа во иницијативата најпрво се наведува дека оваа одредба немала никаква примена и практична вредност. Во прилог на ова свое тврдење подносителот на иницијативата ги посочува членовите 61 став 2, 63 и 66 од Законот за кривичната постапка за кои смета дека

се во согласност со членот 53 од Уставот, што не било случај со оспорената одредба.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 93 став 2 од Законот, полномошник што не е адвокат нема право на награда, освен на надомест на нужните издатоци.

4. Во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот е утврдено дека темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е принципот на владеењето на правото.

Согласно членот 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Со оглед на тоа што една од причините поради која се оспорува уставноста на оспорената законска одредба е нејзината неприменливост затоа што во одредбите од Законот кои ги наведува подносителот во иницијативата не било предвидено полномошник во кривичната постапка да биде лице кое не е адвокат, Судот при разгледување на оваа иницијатива ги имаше предвид следните одредби од Законот за кривичната постапка.

Во Глава В "Оштетен и приватен тужител" од Законот за кривичната постапка, која ги опфаќа членовите од 48 до 62, е регулирана положбата на оштетениот и приватниот тужител и се утврдуваат процесните дејствија и роковите за нивно преземање во случај кога кривичните дела се гонат по предлог или по приватна тужба, односно кога кривичната постапка се води по предлог или приватна тужба поднесени од оштетениот, односно од приватниот тужител.

Во членот 61 став 1 од Законот е утврдено дека приватниот тужител, оштетениот и оштетениот како тужител, како и нивните законски застапници можат своите законски права во постапката да ги вршат и преку полномошник. Во ставот 2 на истиот член од Законот е утврдено дека на оштетениот како тужител, кога постапката се води по негово барање за кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор во траење над пет години, судот може, по негово барање, да му постави полномошник ако е тоа во интерес на постапката и ако оштетениот како тужител, според својата имотна состојба, не може да ги поднесува трошоците на застапувањето. За барањето одлучува истражниот судија, односно

претседателот на советот, а полномошникот го назначува претседателот на судот од редот на адвокатите.

Во Главата VI, или поконкретно во членот 63 од Законот е утврдено дека секое лице има право на бранител во преткривичната и судската постапка, со тоа што бранител на осомничениот во преткривичната постапка и на обвинетиот според овој член може да биде само адвокат независно од тоа дали одбраната на обвинетиот е задолжителна (член 66) или факултативна.

Од наведените законски одредби произлегува дека Законот за кривичната постапка има различен пристап кога го уредува застапувањето на странките во постапката. Така, кога е во прашање оштетениот, оштетениот како тужител или приватниот тужител, Законот не предвидува нивни полномошник секогаш да е адвокат (со исклучок на членот 61 став 2), за разлика кога се работи за бранителот на осомничениот и на обвинетиот, за кој е предвидено дека мора да биде адвокат.

Овие законски решенија за бранителот и полномошникот нашле свој одраз и во членот 93 од Законот во кој се утврдува кој е должен да ги плати наградата и нужните издатоци на бранителот и на полномошникот на приватниот тужител или на оштетениот, со тоа што во оспорениот став од овој член се утврдува дека полномошникот кој не е адвокат нема право на награда, освен на надомест на нужните трошоци.

Разгледувајќи ја оспорената законска одредба интегрално со напред наведените законски одредби, Судот смета дека подносителот на иницијативата изведува погрешен заклучок дека како полномошник на странките во кривичната постапка може да биде само адвокат, а не и друго лице. Ова затоа што подносителот не го имал предвид членот 61 став 1 од Законот од чија смисла и содржина, според мислењето на Судот, произлегува дека, освен во случајот утврден во ставот 2 на овој член, како полномошник на приватниот тужител, оштетениот и оштетениот како тужител може да биде ополномоштено и друго лице, што не е адвокат, а што зависи од нивната волја.

Со оглед на тоа што оспорената законска одредба е конкретна, јасна, а истовремено и применлива, бидејќи нејзиното утврдување и опстојување има основ во другите одредби на Законот за кривичната постапка, Судот утврди дека со неа не се повредува

принципот на владеењето на правото, поради што и не го постави прашањето за нејзината согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, во однос на кој се оспорува нејзината уставност.

Во врска со наводите во иницијативата дека оспорената одредба не е во согласност и со членот 53 од Уставот, Судот утврди дека и од аспект на овој член од Уставот не може да се доведе во прашање нејзината уставност, затоа што од членот 53 од Уставот, според мислењето на Судот, не произлегува дека адвокатурата е единствено надлежна за обезбедување на правна помош.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.51/2004)

# 103.

**- Кривичен законик (водење на казнената евиденција)**

*- Criminal Code (keeping penal records)*

**- Постоењето на различни законски решенија за исто прашање не обезбедува усогласен сооднос со уставното начело на владеењето на правото.**

*- The existence of different legal solutions for the same issue does not provide a harmonised correlation with the constitutional principle of the rule of law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 јуни 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 423 од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003 и 19/2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по сопствена иницијатива со Решение У.бр.206/2003 од 15 април 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста на членот 423 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 423 од Кривичниот законик е предвидено министерот за правда да донесе упатство за постапување на судовите за водење на казнената евиденција во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој законик. Со одредбата од членот 233 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004), по членот 423 е додаден нов член 423-а, според кој со Судскиот деловник се уредува постапувањето на судовите за водење на казнената евиденција согласно со членот 106 од Кривичниот законик, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

5. Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е владеењето на правото.

Уставот на Република Македонија во членот 98 став 1 и 2 утврдил дека судската власт ја вршат судовите кои се самостојни и

независни и судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Според одредбите од став 3, 4 и 5 од оваа уставна норма, организацијата на судството е единствена, забранети се вонредните судови, а видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Врз основа на оваа уставна одредба е донесен Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/1995, 45/1995 и 64/2003), кој посебно ги уредил прашањата на правосудната и судската управа во единствениот судски систем. Според одредбите на овој закон работите на правосудната управа ги врши министерството за правда во соработка со претседателот на соодветниот суд.

Според членот 78 од овој закон, министерот за правда донесува Судски деловник, по претходно мислење на Врховниот суд на Република Македонија.

Судот, исто така, утврди дека со одредбите од општиот дел од Кривичниот законик е уредено прашањето на казнената евиденција. Според членот 106 став 1 казнената евиденција ја води првостепениот суд надлежен според местото на раѓање на осудениот. Според ставот 2 на истиот член, за лицата родени во странство или за оние чие место на раѓање е непознато како и за правните лица казнената евиденција ја води судот определен со закон.

Со одредбите од ставот 3 и 4 од овој член од Кривичниот законик е пропишан ограничен круг на овластени субјекти на кои можат да им се направат достапни податоците од казнената евиденција. Имено, овие податоци можат да му се дадат на судот и на јавното обвинителство во врска со кривичната постапка што се води против порано осудениот и на надлежните органи што учествуваат во постапката за давање амнестија и помилување. Податоците од казнената евиденција можат на образложено барање да им се дадат на државните органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако за тоа постои оправдан интерес заснован врз закон.

Согласно ставот 5 на овој член, никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност, а според ставот 6 на граѓаните по нивно барање, може да им се дадат податоци за нивната осудуваност или неосудуваност само ако овие податоци им се потребни заради остварувањето на нивните права во странство.

6. Од изнесените уставни и законски определби Судот оцени дека Кривичниот законик со одредбата од членот 423 предвидел министерот за правда со упатство да го уредува прашањето за постапување на судовите за водење на казнената евиденција, меѓутоа со новата одредба од членот 423-а од измените и дополнувањата на овој законик, е предвидено ова прашање да биде предмет на уредување во Судскиот деловник, кој министерот за правда го донесува по претходно мислење на Врховниот суд на Република Македонија.

Поаѓајќи од тоа дека со новото законско решение се поместува уредувањето на прашањето за постапување на судовите за водење на казнената евиденција во Судскиот деловник, за кој во постапката на донесување е вклучено и мислење на Врховниот суд на Република Македонија со што се афирмираат елементите определени со Уставот кои се однесуваат на судството, законското решение во оспорената одредба од членот 423 не ги содржи овие елементи и третира прашање кое е уредено на поинаков начин со наведената одредба од членот 423-а од Кривичниот законик.

Од овие причини како и поради постоењето на различни законски решенија за исто прашање, што не обезбедува усогласен соодност со уставното начело на владеење на правото предвидено во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, Судот утврди дека оспорената одредба од членот 423 од Кривичниот законик не е во согласност со Уставот.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.206/2003)

## 12. Пензиско и инвалидско осигурување

*12. Pension and disability insurance*

# 104.

**- Добивање на дозвола за основање на друштво за управување со пензискиот фонд**

*- Obtaining a permit to set up a company for the management of the pension fund*

**- Забрана за вршење на дејност изречена со правосилна пресуда не е во несогласност со член 14 од Уставот.**
**Потребното уверение дека на лицата кои се членови на органите на раководење и управување на друштвото не им е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во точно определени области нема законска обврска да го прибави лицето кое треба да се именува, туку ова уверение го прибавува заинтересираното правно лице кое учествува на објавениот тендер за добивање дозвола за основање на друштво за управувањето со пензиски фонд.**

*- Prohibition to perform an activity pronounced by an effective judgment is not in contradiction with Article 14 of the Constitution.*
*The person that is to be appointed does not have a legal obligation to obtain the necessary certificate that the persons who are members in the management bodies of the company have not been pronounced a security measure of prohibition to perform a profession, activity or duty in specified areas, but this certificate is to be provided by the interested legal entity taking part in the announced tender for the obtaining of a permit for the set up of a company for the management of the pension fund.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 17 став 3 точка в) и член 29 став 1 точка и) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.29/2002, 85/2003 и 40/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од законот означен во точката 1 од ова решение. Подносителот на иницијативата го наведува членот 60 од Кривичниот законик според кој целта на мерките на безбедност била да се отстранат состојбите или условите што можат да влијаат сторителот во иднина да врши кривични дела и членот 66 став 1 и 2 од истиот законик, според кој судот можел на сторителот на кривично дело да му забрани вршење определена професија или самостојна дејност, на должности или работи сврзани со располагање, користење, управување и ракување со имот или за чување на тој имот, ако ја злоупотребил својата положба, вршењето на дејноста или должноста заради извршување на кривично дело и ако оправдано може да се очекува дека вршењето на таквата дејност ќе ја злоупотреби за вршење кривични дела. Судот го определувал траењето на мерката од став 1, кое не можело да биде пократко од една ниту подолго од десет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката, со тоа што времето поминато во затвор односно во здравствена установа за чување и лекување не се засметувало во времетраењето на оваа мерка. Подносителот на иницијативата заклучува дека постоела само мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност, а не како што било тоа определено во оспорените одредби. Таквата мерка ја изрекувал судот во траење од една до десет години, а не законодавецот како во случајот и тоа трајно. Поради тоа, со оспорените одредби се повредувале членовите 8 став 1 алинеи 3 и 4,

9 став 2, 13 став 1, 14 став 1, 23, 32 став 1 и 2, 54 став 1 и 98 став 1 и 2 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 17 став 3 точка в) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, за член на управен одбор и надзорен одбор може да се именува лице кое, покрај условите предвидени во Законот за трговски друштва го исполнува и условот да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во областите наведени во точката б) на овој став (областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или финансиски услуги).

Според член 29 став 1 точка и) од Законот, во претквалификационата фаза, заинтересираните до Агенцијата доставуваат пријава на тендер потпишана од овластени потписници на сите лица кои би биле основачи, во форма пропишана од Агенцијата како и документација во врска со барањето дозвола за основање на друштво и одобрение за управување со пензиски фонд и тоа, меѓу другото, уверенија дека на лицата кои се членови на органите на раководење и управување на друштвото не им е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или финансиски услуги.

4. Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, а според член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Членот 23 од Уставот, определува дека секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции.

Според член 32 став 1 и 2 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност и секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (член 1 став 1и 2) се уредува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, основање и работење на пензиски фондови и друштва за управување со пензиски фондови, како дел од системот на пензиското и инвалидското осигурување. Пензиските фондови и друштва се основаат со цел да примаат придонеси од осигурениците обврзани врз основа на закон, да ги вложуваат во финансиски инструменти и да вршат распределба на акумулираните средства согласно со закон.

Согласно член 7 став 1 од овој закон, единствена должност на друштвата за управување со пензиски фондови е управување со пензиски фондови, нивно претставување пред трети лица и други дејности поврзани со управувањето со пензиски фондови.

Во членот 17 став 1 и 2 од овој закон е утврдено дека управниот одбор и надзорниот одбор на друштвото се составени од по три члена. Ставот 3 од овој член, утврдува дека за член на управен одбор и надзорен одбор може да се именува лице кое, покрај условите предвидени во Законот за трговски друштва треба да исполнува и други услови меѓу кои да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или финансиски услуги.

Од дикцијата на овој член според Судот произлегува дека основ за овој услов е постоење на правосилна судска пресуда со која поради докажана вина на сторителот на казниво дело му е изречена и соодветна мерка на безбедност во определено траење. Тоа значи дека оспорениот член 17 став 3 точка в) не предвидува нова мерка на безбедност што настапува по сила на закон, како што смета подносителот на иницијативата, туку дека таква мерка веќе постои изречена со правосилна пресуда на надлежен суд.

Во врска со оспорениот член 29 став 1 точка и) од законот, Судот оцени дека потребното уверение дека на лицата кои се членови на органите на раководење и управување на друштвото не им е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во точно определени области е составен дел од документацијата што е потребна да се приложи кон барањето дозвола за основање на друштво и одобрение за управување со пензиски фонд што во претквалификационата фаза од постапката на тендерот ја доставува заинтересираниот субјект до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. За одбележување е дека ова уверение нема законска обврска да го прибави лицето кое треба да се именува за член на управниот одбор или надзорниот одбор, туку уверението го прибавува заинтересираното правно лице кое учествува на објавениот тендер за добивање дозвола за основање на друштво за управување со пензиски фонд.

Оттука, барањето податоци од казнената евиденција за тоа дали на кандидатот за член на управниот одбор и на надзорниот одбор му е изречена мерка на безбедност е во непосредна врска со неговата способност како носител на определена функција да врши должности кои произлегуваат од надлежностите на овие органи, а не во функција на докажување дали лицето е осудувано или не е осудувано.

Врз основа на изнесеното, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорените членови од Законот со наведените одредби од Уставот, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.81/2004)

# 105.

**- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (стекнување право на старосна пензија)**

*- Law on Pension and Disability Benefits (gaining the right to an old-age pension)*

**- Правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните, а во тие рамки и правото на пензиско и инвалидско осигурување, се остварува на начин и под услови утврдени со закон и колективен договор.**
**Право е на законодавецот да ги утврдува условите за стекнување право на старосна пензија, како едно од правата од пензиското осигурување и остварувањето на ова право да го условува со наполнување на определени години на живот и пензиски стаж.**

*- The right to social security and social insurance of citizens, and within these frameworks the right to a pension and disability benefits, is realised in a manner and under conditions defined by law and collective agreement.*
*The legislator has the right to define the conditions for gaining the right to an old-age pension, as one of the rights from the pension benefits and to condition the realisation of this right with certain years of age and accrued time.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 и 11 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000 и 96/2000, 50/2001, 85/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорениот став 1 на член 17 од Законот се повредувале одредбите на член 8 став 1 алинеите 3 и 8, член 34, член 35 став 1 и член 51 од Уставот, затоа што според овој став работникот на кој работниот однос, согласно член 108 став 1 точка 5 од Законот за работните односи, му престанал поради наполнети 40 години пензиски стаж не можел да се стекне со право на старосна пензија. Тоа значело дека работникот во овој случај немал правна и социјална сигурност се додека не наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена).

3. Судот на седницата утврди дека според член 17 став 1 од Законот, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

4. Според член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, а според ставот 1 на член 35 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Од наведените уставни одредби произлегува дека Уставот на Република Македонија само го утврдува правото на социјална сигурност и социјално осигурување, а уредувањето на ова право го препушта на закон и колективен договор. Исто така, Уставот ја прокламира грижата на Републиката за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност.

Врз основа на овие уставни одредби, со Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993; 14/1995; 71/1996, 32/1997; 24/2000; 96/2000; 50/2001 и 85/2003) се уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, основите на капитално финансирано пензиско осигурување, како и посебните услови под кои определени категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување, како дел од социјалното осигурување.

Според членот 3 од овој закон, со задолжителното пензиско и инвалидско осигурување по основа на работа, а врз начелото на социјална праведност и генерациска солидарност се остваруваат права во случај на старост, намалување или губење на работната способност, смрт и телесно оштетување (осигуран случај).

Меѓу правата од пензиското и инвалидското осигурување кои можат да се стекнат под услови утврдени со овој закон, спаѓа и правото на старосна пензија. Согласно член 17 став 1 од Законот, кој е оспорен со иницијативата, правото на старосна пензија осигуреникот го стекнува кога ќе наполни 64 години живот (маж) односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж, со тоа што во ставот 2 на истиот член е предвидена динамиката на реализација на ставот 1 на овој член со постепено зголемување на старосната граница, така што целосната примена на овој став е предвидено да се оствари од 1 јануари 2001 година за маж, а од 1 јануари 2007 година за жена.

Со оспорениот член од Законот, кој е новелиран со членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2000), а со кој закон инаку се извршени покрупни реформи во пензискиот систем, се утврдени нови, односно поинакви услови за стекнување право на старосна пензија во однос на условите што беа утврдени пред овие измени. Имено, со членот 5 од означениот Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, законодавецот го напушти дотогашното решение според кое правото на старосна пензија, меѓу другото, можеше да се остварува и со навршување на пензиски стаж од 35 години (жена), односно 40 години (маж), без оглед на возраста, освен за осигурениците од членовите 30 и 31 од овој закон, чии одредби се од преоден карактер.

Тргнувајќи од тоа дека согласно Уставот, правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните, а во тие рамки и на пензиското и инвалидското осигурување, како дел од социјалното осигурување, се уредува со закон и колективен договор, Судот смета дека е право на законодавецот во оваа сфера да ги утврдува видовите на права, условите за стекнување, висината, начинот на стекнување и користење на правата и други прашања кои се од значење за остварување на социјалната сигурност на граѓаните.

Според тоа, не е спорно дека оспорената одредба во која конкретно и јасно се утврдени условите за стекнување на правото на старосна пензија, како едно од правата утврдени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, е во функција на обезбедување на материјалната и социјалната сигурност во случај на настапување на старост на граѓаните по основ на нивната работа. Од тие причини, според мислењето на Судот не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со членовите од Уставот, во однос на кои со иницијативата се оспорува нејзината уставност.

Наводите во иницијативата дека со оспорената одредба не се обезбедувала социјална сигурност на граѓаните на кои поради наполнување на 40 години пензиски стаж работниот однос им престанал или ќе им престане по сила на закон, а според оваа одредба не можат да се стекнат со право на старосна пензија бидејќи не ја исполнуваат старосната граница, како еден од двата услови предвидени за стекнување на ова право, според мислењето на Судот исто така, не можат да претставуваат основа за поставување на прашањето за нејзината согласност со Уставот. Прво, и најбитно, затоа што законодавецот, како што веќе е изнесено, согласно Уставот има право со закон да ги утврдува условите за стекнување право на старосна пензија преку кое се обезбедува социјалната сигурност на граѓаните и второ, што со членовите 30 и 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2000) е дадена можност, односно правен основ определена категорија осигуреници правото на старосна пензија да го стекнуваат под условите утврдени според прописите кои важеле пред примената на овие измени на Законот. Тоа практично значи дека осигурениците кои на денот на почетокот на примената на означениот Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (според членот 35 од овој закон, членот 5 ќе се применува од 1 септември 2000 година) имале најмалку исполнет

пензиски стаж од 35 години (маж), односно 30 години (жена), правото на старосна пензија според членот 30 од Законот ќе можат да го остварат до 1 септември 2005 година само со навршени 40 години (маж), односно 35 години (жена) пензиски стаж без оглед на возраста. До оваа дата е предвидено под овие услови правото на старосна пензија да можат да го остварат и осигурениците од членот 31 од овој закон.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.201/2003)

# 106.

**- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (измена на правосилно решение)**
*- Law on Pension and Disability Benefits (change of an effective resolution)*

**- Законската можност за измена на правосилно решение со кое поради повреда на Законот или општ акт на Фондот било одлучено на штета на странката во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, претставува поволно законско решение за граѓаните кое не е во несогласност со Уставот.**

*- The legal possibility to change an effective resolution with which as a result of violation of the Law or a general act of the Fund it has been decided to the detriment of the party in the realisation of the rights from the pension and disability benefits, is a favourable legal solution for citizens which is not in contradiction with the Constitution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 19 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 145 став 1 и став 2 во деловите: "или општ акт на Фондот" од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 5/2001, 50/2001 и 85/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 145 став 1 и став 2 во деловите: "или општ акт на Фондот" од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените делови на одредбите од Законот не биле во согласност со членот 34 од Уставот на Република Македонија, според кој граѓаните имале право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор. Од наведената уставна одредба произлегувало дека правата од областа на социјалното осигурување се утврдувале со закон и со колективен договор, а не со општ акт на Фондот, како што било предвидено со наведените одредби од Законот.

Исто така, со иницијативата без образложение се наведува дека со оспорените законски одредби се повредувале членот 8 став 1 алинеја 3 и 4 и членот 51 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 145 став 1 и став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е предвидено правосилното решение, по барање на странката или по службена должност да може да се измени со ново решение, ако со правосилното решение е повреден законот или општ акт на Фондот на штета на странката.

Ако со правосилното решение е повреден законот или општ акт на Фондот на штета на странката, правото по новото решение припаѓа од денот кога се исполнети условите за стекнување со правото.

4. Според член 8 став 1 алинеја 7 од Уставот, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста се едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно членот 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективни договори, а со членот 35 став 1 од Уставот е утврдено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Од наведените уставни одредби, покрај другото, јасно произлегува дека Уставот го прокламира и утврдува општиот принцип на правото на граѓаните на социјална сигурност и социјално осигурување кое е препуштено на уредување со закон и колективен договор. Уставот, исто така ја прокламира грижата на Републиката за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните, која се остварува врз основа на начелото на социјална праведност. Според тоа, прокламацијата на тие уставни принципи произлегува од социјалниот карактер на државата, а видовите на правата од социјалното осигурување, начинот, постапката и условите за остварувањето на овие права на граѓаните се резервирани за законодавната власт која ги уредува релевантните односи од значење за остварување на социјалната сигурност на граѓаните.

Пензиското и инвалидското осигурување како елемент на правото на социјалното осигурување е предмет на уредување со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Според одредбите од овој Закон, правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија кој има својство на правно лице.

Во делот на одредбите од Законот кои се однесуваат на остварувањето, користењето и губењето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, меѓу другото е пропишана постапката за остварување на овие права, од што произлегува дека се применуваат

прописите за општата управна постапка а за правата кои се остваруваат кај работодавец се применуваат прописите од работните односи, ако со овој закон поинаку не е определено.

Според Судот од содржината на законските одредби кои се оспорени со иницијативата во деловите "или општ акт на Фондот", произлегува дека тие одредби се поволно законско решение во остварувањето на правата на граѓаните. Ова поради тоа што тие регулираат можност за измена на правосилното решение со кое поради повреда на законот или општ акт на Фондот, било одлучено на штета на странката, при што со одредбите не е определено дека општиот акт на Фондот пропишувал права и обврски кои можеле да бидат повредени а со тоа е оставена можноста повредата на штета на странката да биде и од аспект на формата и начинот на остварување на правата кои се препуштени да се операционализираат со статутот и другите општи акти на Фондот.

Според членот 163 точка 1 од Законот, Управниот одбор на Фондот донесува статут и други општи акти на Фондот, а според членот 169 точка 2 од Законот е предвидено дека со Статутот на Фондот покрај другото особено се уредува и начинот на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување во согласност со законот. Со оглед на тоа што согласно членот 8 и членот 9 од Законот, Фондот има својство на правно лице што врши дејност од јавен интерес, Судот утврди дека не е во несогласност со Уставот надлежните органи на Фондот да донесуваат статут и други општи акти со кои ќе се уредат во согласност со законот одредени организациони и други технички прашања за начинот на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Оттука, врз основа на правата и обврските утврдени со одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и во рамките на начинот на нивното реализирање кој е операционализиран со статутот како општ акт на Фондот, согласно со законското овластување за тоа во одделни сегменти од материјата на овој вид осигурување, определен е правниот основ за решавање во постапките.

Соодветно тоа е во компетенциите и се одразува во конкретното работење и одлучување на Фондот кој согласно членот 168 од Законот ги врши управните, финансиските, стручните, административните и други работи во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, утврдени со Законот и статутот.

Со оглед на изнесеното а имајќи ги во предвид одредбите од ставот 1 и ставот 2 од членот 145 од Законот, во однос на оспорените делови, Судот смета дека не е содржана законска определба права и обврски од пензиското и инвалидското осигурување да бидат пропишани со "општ акт на Фондот" како што подносителот на иницијативата ги интерпретира овие одредби, поради што не може основано да се постави прашањето за несогласност со нормите од Уставот, посебно за несогласност со членот 34 од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.24/2004)

# 107.

**- Статут на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување**

*- Statute of the Pension and Disability Benefits Fund*

**- Правната помош што ја дава стручната служба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се врши во функција на обезбедување на единствена примена на прописите во постапката на остварувањето на правото кое му припаѓа на осигуреникот.**

*- The legal assistance rendered by the professional service of the Pension and Disability Benefits Fund is carried out in the function of providing a single implementation of the regulations in the procedure for the realisation of the right that belongs to the insured.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 70 точка 17 во делот "дава правна помош на осигурениците и корисниците на пензија" од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.50/1994, 34/1995, 46/1999, 10/2002 и 5/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорената одредба се дозволувало правна помош да даваат и лица кои не се адвокати (во случајов: стручната служба на Фондот која со подзаконски пропис каков што бил оспорениот статут била овластена да дава правна помош на осигурениците и на корисниците на пензија).

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 70 точка 17 од Статутот стручната служба на Фондот обезбедува единствена примена на прописите и дава правна помош на осигурениците и на корисниците на пензија.

Согласно член 50 став 3 од Уставот на Република Македонија граѓанинот има право да биде запознаен со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Во член 168 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 5/2001, 50/2001,

85/2003) меѓу другото, е предвидено дека за вршење на управните, финансиските, стручните, административните и другите работи за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот образува единствена стручна служба која согласно членот 140 на овој закон донесува решенија за правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Членот 136 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување упатува во постапката за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување да се применуваат прописите од Законот за општата управна постапка.

Законот за општа управна постапка предвидува давање помош на неуката странка во остварувањето на материјалните и процесните права во смисла дека службеното лице што ја води постапката е должно да ја предупреди странката на нејзините права во постапката и да и укаже на правните последици од дејствијата што ги преземала или што ги пропуштила (член 14 и член 40).

Во тој контекст, акцентот во точката 17 на членот 70 од Статутот не е ставен во смисла на изготвување на тужби, жалби и барања од страна на стручната служба на Фондот, туку во функција на обезбедување единствена примена на прописите во постапката на остварувањето на правото, односно признавање на она право кое му припаѓа на осигуреникот без оглед на фактот дали таа околност е содржана во барањето.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот смета дека правната помош што ја дава стручната служба на Фондот се врши во правната рамка на надлежностите содржани во Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Законот за општата управна постапка, поради што оцени дека од овој аспект не може да се постави прашањето за уставноста на член 70 точка 17 од Статутот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во однос на одредбите од членовите 160 и 169 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување на чија повреда се повикува подносителот на иницијативата, Судот смета дека наводите се неосновани поради следното.

Согласно членот 163 од Законот управниот одбор на Фондот, меѓу другото, донесува статут и други општи акти на Фондот.

Членот 169 од Законот предвидува дека со Статутот на Фондот се уредува организацијата и начинот на неговото работење; начинот на остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување; правата, обврските и одговорноста на органите на управување на Фондот и други прашања од организациона природа.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека овие одредби всушност претставуваат основ за негово донесување, поради што не може основано да се постави прашањето за неговата законитост од овој аспект.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.25/2004)

# 108.

**- Закон за пензиското и инвалидското осигурување**

*- Law on Pension and Disability Benefits*

**- Законското решение според кое на осигурениците во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија им се определува право на старосна пензија, не значи утврдување и примена на институтот престанок на работниот однос по потреба на службата, туку ја утврдува грижата на државата за социјална заштита и социјално осигурување на граѓаните согласно начелото на социјална праведност.**
**Со предвидувањето на можноста за остварување право на старосна пензија ако му престане**

**работниот однос "по потреба на службата" и определувањето на процентуалниот износ од пензиската основа што треба да ја добива осигуреникот, законодавецот се движел во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера.**

*- The legal solution under which the insured in the Ministry of Defence and those serving in the regular composition of the Army of the Republic of Macedonia are granted the right to an old-age pension does not imply determination and application of the institute termination of employment upon the need of the service, but it defines the care of the state for social security and social insurance of citizens pursuant to the principle of social justice.*

*By envisaging the possibility to realise the right to an old-age pension in case the insured has had his employment terminated "upon the need of the service" and determining the percentage from the pension base that the insured should be obtaining, the legislator remained within the frameworks of his constitutional powers in this sphere.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членовите 95 и 96 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000 и 50/2001).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените одредби од Законот му давале можност на работодавецот, по сопствена волја, да одлучува за престанок на работниот однос на вработените во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија, што ги правело несогласни со член 8 став 1 алинеите 1, 3 и 8, како и со членовите 9, 32 став 1 и 5, 34, 35 став 1 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Едновремено, со иницијативата се бара Судот до донесување на конечна одлука да ги запре од извршување поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорениот закон.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 95 од Законот на осигуреник во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години (маж), односно 50 години живот (жена) ако работниот однос му престане по потреба на службата, може да оствари право на старосна пензија.

Исто така, согласно оспорениот член 96 од Законот на осигурниците во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија им се определува старосна пензија која за 25 години пензиски стаж изнесува 62% од пензиската основа за маж односно 65,6% од пензиската основа за жена и се зголемува за 1,2% од пензиската основа за секоја натамошна наврешена година до 40 години пензиски стаж (маж), односно за по 1,44% од пензиската основа за секоја натамошна наврешена година до 35 години пензиски стаж (жена), така што старосната пензија на може да изнесува повеќе од 80% од пензиската основа.

4. Согласно член 8 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот.

Алинеите 3 и 8 на став 1 од овој член од Уставот го гарантираат принципот на владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Во членот 9 од Уставот е предвидено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Според ставот 2 на овој член граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Членот 51 од Уставот предвидува законите да мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Според ставот 2 на овој член секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Како што се гледа од содржината на наведените одредби, Уставот упатува со закон и со колективен договор да се уредат правата на вработените и нивната положба.

Врз основа на оваа уставна одредба е донесен Законот за работни односи, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за одбрана, Законот за служба во Армијата на Република Македонија и ред други закони што регулираат прашања од оваа област.

Оспорените одредби од членовите 95 и 96 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, спаѓаат во главата ИВ насловена како "Стекнување и остварување на правата на определени категории осигуреници под посебни услови".

Оваа глава се однесува, меѓу другите, и на осигурениците во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија, на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење.

Согласно член 2 од Законот за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.71/2003), кој влезе во сила на 14 ноември 2003 година, дополнет со ставот 4 на член 225 од Законот, е предвидено работниот однос на осигуреникот да престанува по потреба на службата кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или установата или укинување на формациското место, а воениот старешина нема можност да биде поставен на друго формациско место.

Имајќи ја предвид содржината на оваа законска одредба, Судот оцени дека наводот во иницијативата според кој волјата на работодавецот е единствен критериум за престанување на работниот однос по основот "по потреба на службата" не држи, затоа што Законот како критериум за престанување на работниот однос по потреба на службата го предвидува настанувањето на промени во актот за формација во Армијата и едновремената неможност за поставувањето на воениот старешина на друго формациско место.

Понатаму, според мислењето на Судот определбата од оспорените одредби дека на осигурениците во Министерството за одбрана и на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија, како на посебна категорија под посебни услови им се определува право на старосна пензија, не значи утврдувањее и примена на институтот престанок на работниот однос по потреба на службата, кое прашање е уредено со посебен закон, туку ја утврдува грижата на државата за социјална заштита и социјално осигурување на граѓаните согласно начелото на социјална праведност.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека со предвидувањето на можноста за остварување право на старосна пензија ако му престане работниот однос "по потреба на службата" и определувањето на процентуалниот износ од пензиската основа што треба да ја добива осигуреникот, законодавецот се движел во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера, поради што не го постави прашањето за согласноста на одредбите од членовите 95 и 96 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со напред наведените одредби од Уставот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.54/2003)

# 109.

**- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (старосна граница за маж и жена за старосна пензија)**

*- Law on Pension and Disability Benefits (age threshold for men and women for an old-age pension)*

**- Со одредбата според која осигуреникот жена стекнува право на старосна пензија порано од осигуреникот маж во суштина се прокламира принципот на афирмативна акција односно принципот на позитивна дискриминација на жената поради што не може да се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и меѓународните акти.**

*- The provision under which the insured female gains the right to an old-age pension earlier than the insured male essentially proclaims the principle of affirmative action, that is the principle of positive discrimination against women, as a result of which there may not be a question as to its accordance with the Constitution and international acts.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003 и 50/2004).

2. Димитрија Атанасовски од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член не бил во согласност со член 8 став 1 алинеја 1 и 3, член 9 и член 51 од Уставот затоа што граѓаните ги става во нееднаква положба по однос на полот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 17 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж) односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

4. Според член 8 став 1 алинеја 1 и 3 од Уставот, покрај другите темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Во членот 9 од Уставот е утврдено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба, а според ставот 2 на овој член, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 34 од Уставот граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, а според член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална правичност.

Со член 42 став 1 од Уставот е утврдено дека Републиката посебно го заштитува мајчинството, а според ставот 3 од овој член на Уставот мајките имаат право на посебна заштита при работа.

Според член 54 став 1 од Уставот слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според член 54 став 3 од Уставот ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално и социјално потекло, имот или општествена положба.

Според членот 51 од Уставот во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Од наведените уставни одредби, јасно произлегува дека Уставот го прокламира и утврдува општиот принцип на правото на граѓаните на социјална сигурност и социјално осигурување кое е препуштено на уредување со закон и колективен договор. Уставот, исто така, ја прокламира грижата на Републиката за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните, која се остварува врз основа на начелото на социјална правичност, како и посебната заштита на мајките. Според тоа, прокламацијата на тие уставни принципи произлегува од социјалниот карактер на државата, а видовите на правата што се стекнуваат со социјалното осигурување, нивната висина, начин на стекнување и користење се резервирани за законодавната власт, која има широк простор во уредувањето на сите релевантни односи кои се од значење за остварување на социјалната сигурност на граѓаните.

Според тоа посебната општествена заштита на мајката и мајчинството, хуманата популациона политика од аспект на жената односно кон семејството и детето и посебните права и обврски што од тоа произлегуваат е израз на интересот и грижата на општествената заедница за жената со оглед на нејзините биопсихолошки својства.

Во таа смисла заштитата на жената и забраната на сите облици на дискриминација е посебен интерес и на меѓународните правни акти. Така, според член 25 од Универзалната декларација за правата на човекот, мајките и децата имаат право на посебна нега и заштита.

Според член 4 став 2 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената (донесена од Генералното собрание на ООН во 1979 година, која е во сила од 3 септември 1981 година) усвојувањето на посебни мерки од страна на државите членки, вклучувајќи ги и мерките содржани во оваа конвенција, чија цел е заштита на мајчинството не се сметаат за дискриминаторски.

Според член 11 точка 1 алинеја Е од Конвенцијата, елиминирањето на дискриминацијата на жената, покрај другото, содржи и утврдување на право на здравствена заштита и заштита на работа, особено заштита во случај на заминување во пензија.

Имајќи го предвид наведеното, според мислењето на Судот утврдувањето на поповолни услови односно скратувањето на годините на старост на жената работник за остварување на право на старосна пензија е во функција на остварување на еднаквост со мажот, а не дека мажот се става во понеповолна положба односно дека тој е во дискриминирана положба во однос на жената.

Според тоа Судот смета дека со оспорената одредба според која осигуреникот жена стекнува право на старосна пензија порано од осигуреникот маж во суштина се прокламира принципот на афирмативна акција, односно принципот на позитивна дискриминација на жената поради што не може да се постави прашањето за нејзината согласност со наведените уставни одредби и меѓународни правни акти.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.107/2004)

## 13. Социјално-здравствени односи

*13. Social-health relations*

# 110.

**- Утврдување ниво на здравствената заштита на кое ќе се остваруваат одделни видови здравствени услуги**

*- Determination of a level of health care at which certain types of health services will be realised*

**- Согласно член 34 од Уставот, законодавецот има право да ги утврдува видовите на правата од здравственото осигурување, како и обемот, условите и начинот на кои тие се остваруваат, а во тие рамки има право да го утврди и нивото на здравствената заштита на кое ќе се остваруваат одделни видови здравствени услуги.**

*- Pursuant to Article 34 of the Constitution, the legislator has the right to define the types of rights from health insurance, as well as the scope, conditions and manner in which they are realised, and within these frameworks he has the right to define also the level of health care at which certain types of health services will be realised.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 точка б) потточка 3) од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002 и 31/2003).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на член 31 став 2 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.111/2000, 4/2001-исправка, 71/2001, 23/2002 и 55/2004).

3. Владо Маркоски и други од Прилеп на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од ова решение и за оценување на законитоста на одредбите од Правилникот означени во точката 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената законска одредба, во која било предвидено правото на основните здравствени услуги, како што се користење на протези и заботехнички средства да се остварува во специјалистичко-консултативната здравствена заштита, односно овие услуги да можат да ги вршат само лекари специјалисти, не била во согласност со членот 9 став 2 и членот 32 став 1 и 2 од Уставот. Ова од причини што со оваа законска одредба лекарите стоматолози во примарната здравствена заштита се ставале во нерамноправна положба, а истовремено индиректно се оспорувала и нивната диплома, односно оспособеност за работа на наведените стоматолошки услуги. Поради тоа со неа се повредувало начелото на еднаквост на граѓаните утврдено во членот 9 став 2 од Уставот, како и начелото дека секој има право на работа и секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место, утврдено во членот 32 став 1 и 2 од Уставот.

Со оглед на наведеното во иницијативата се предлага Судот да ја оцени уставноста на оспорената законска одредба и истата ја укине.

Во однос на оспорениот член 31 став 2 од Правилникот, во иницијативата не се наведени причините за неговото оспорување, ниту

одредбите од законот што се повредуваат со овој член на Правилникот.

4. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 9 став 1 точка б) потточка 3) од Законот, основните здравствени услуги од членот 8 на овој закон во специјалистичката - консултативна здравствена заштита се: ортопедски и други помагала, помошни и санитарни справи и материјали и заботехнички средства според индикации утврдени со општ акт на фондот на кој министерот за здравство дава согласност.

Според оспорениот член 31 став 2 од Правилникот стоматолошките здравствени услуги од орална хирургија, ортодонција и протетика не спаѓаат во примарната здравствена заштита.

5. Судот на седницата, исто така, утврди дека со Решениие У.бр.74/2001, У.бр.77/2001 и У.бр.78/2001 од 21 ноември 2001 година не повел постапка за оценување на уставноста и законитоста на целината на четири правилници, меѓу кои и на Правилникот чија одредба се оспорува со оваа иницијатива.

Во ова решение Судот изразил мислење дека четирите правилници како целини, чија содржина всушност претставува разработка на правата на граѓаните определени во Законот за здравственото осигурување, како и уредување на начинот и постапката на остварувањето на законските права се во функција на остварувањето на Законот и како такви не излегуваат надвор од законските рамки, поради што утврдил дека не може да се постави прашањето за нивната согласност со членот 34 од Уставот и наведениот закон.

Подоцна, со Решение У.бр.44/2002 од 27 март 2002 година Судот ја отфрлил иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на одделни делови од името (називот) на овој Правилник, потоа на дел од членот 1, 2 и 3, како и на членовите 4 до 97 од истиот Правилник.

Оваа иницијатива била отфрлена од причини што овој Правилник бил предмет на оценување во целина, па и во сега оспорените делови и Судот со решение не повел постапка за оценување на уставноста и законитоста.

6. Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Според член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор.

Во членот 39 став 1 од Уставот е утврдено дека на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Согласно наведените уставни одредби, здравственото осигурување, како дел од социјалното осигурување, кое во Уставот е утврдено како едно од основните права на човекот и граѓанинот, е уредено со Законот за здравственото осигурување чија одредба се оспорува со оваа иницијатива.

Според членот 2 од овој закон, здравственото осигурување се востановува како задолжително и доброволно. Задолжителното здравствено осигурување се востановува за сите граѓани заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци. Со здравствените услуги кои се обезбедуваат согласно овој закон, истовремено се обезбедува и здравствената заштита, односно заштита на здравјето на граѓаните, како право што е посебно гарантирано со Уставот.

Согласно член 8 од Законот, со задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедува право на основни здравствени услуги, кои осигуреното лице може да ги оствари на товар на средствата на фондот за здравствено осигурување доколку истите ги користи под услови утврдени во самиот закон.

Видот и обемот на основните здравствени услуги што произлегуваат од задолжителното здравствено осигурување се утврдени во членот 9 од Законот со позитивно набројување на здравствените услуги на сите нивоа на здравствената заштита: во примарната, во специјалистичко-консултативната и во болничката здравствена заштита. Така, во рамките на основните здравствени услуги утврдени во овој член на Законот, во примарната здравствена заштита, меѓу другите услуги, спаѓа и превенцијата, лекувањето и санирањето на болестите на устата и забите, а во специјалистичко-консултативната здравствена заштита - користењето на протези,

ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и заботехнички средства.

Од наведените законски одредби произлегува дека правото на основни здравствени услуги е едно од правата утврдени со Законот за здравственото осигурување што се обезбедуваат во рамките на задолжителното здравствено осигурување, чиј обем, односно содржина и ниво на остварување се, исто така, утврдени во овој закон и тоа во членот 9, чија одредба се оспорува со оваа иницијатива.

Тргнувајќи од тоа дека согласно член 34 од Уставот, правото на социјално осигурување, а оттука и на здравственото осигурување, како дел на социјалното осигурување, се утврдува со закон, од аспект на Уставот не е спорно правото на законодавецот да ги утврдува видовите на права од здравственото осигурување, содржината, односно обемот на тие права и условите и начинот на кои тие се остваруваат.

Имајќи го предвид наведеното, како и тоа дека во конкретниот случај, со оспорената законска одредба, како впрочем и со целиот член 9 од Законот, се уредува токму содржината, односно обемот на правото на основните здравствени услуги утврдено со овој закон, и се утврдува начинот, односно нивото на здравствената заштита на кое се остваруваат овие здравствени услуги, Судот смета дека законодавецот со оваа одредба не излегол надвор од овластувањето утврдено во членот 34 од Уставот.

Прашањето, пак, дали во конкретниот случај правото на користење протези и на заботехнички средства ќе се остварува во специјалистичко-консултативната, а не во примарната здравствена заштита, поради што и се оспорува уставноста на членот 9 став 1, точка б) потточка 3) од Законот, е прашање што може да се разгледува во контекст на целисходноста, но не и во контекст на уставноста на оспорената законска одредба, затоа што, како што е веќе наведено, оваа одредба, а и другите одредби на членот 9 од Законот се во рамките на овластувањето од членот 34 од Уставот.

Освен тоа, а имајќи предвид дека со иницијативата уставноста на член 9 став 1 точка б) потточка 3) од Законот се оспорува во однос на членот 9 став 2 и членот 32 став 1 и 2 од Уставот, Судот смета дека оваа, а ниту другите одредби од Законот, не може да имплицираат повреда на начелото на еднаквост на граѓаните во врска со правото на работа и достапноста секому, под еднакви услови, на

секое работно место, од причини што со овој закон  се уредуваат прашања  што се однесуваат на остварување на уставното право на социјално, односно здравствено осигурување, а не на правото на работа.

Поради  наведеното,  Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената законска одредба со означените одредби од Уставот.

7. Со оглед на тоа што Правилникот, чија одредба се оспорува со оваа иницијатива веќе бил оценуван во целина, што значи и сега оспорената одредба и Судот со Решение У.бр.74/2001, У.бр.77/2001 и У.бр.78/2001 од 21 ноември 2001 година не повел постапка за оценување на неговата уставност и законитост, а не наоѓајќи основи за поинакво одлучување по оваа иницијатива, согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот одлучи иницијативата во делот со кој се бара оценување на законитоста на членот 31 став 2 од Правилникот да ја отфрли.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот  Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.106/2004)

# 111.

**- Утврдување на старосна граница на посвоителите**

*- Determination of an age threshold for adoptive parents*

**- Согласно Уставот на Република Македонија, Републиката има право да ги определува облиците и условите за заштита на децата.**
**Со оглед на тоа што основната интенција на законодавецот е со институтот посвојување да се обезбеди пред се заштита на потребите, интересите и правата на детето и тоа со можност за создавање на такви односи меѓу посвоителот и посвоеникот какви што настануваат со раѓањето, како замена на биолошкото семејство, Републиката има право да ја утврди и старосната граница на лицата кои можат да бидат посвоители, како еден од условите за посвојување на дете.**

*- Pursuant to the Constitution of the Republic of Macedonia, the Republic has the right to define the forms and conditions for the protection of children.*
*Given that the basic intention of the legislator is with the institute of adoption to provide, first of all, protection of the needs, interests and rights of the child and with the possibility to create such relations between the adoptive parent and the adoptive child as is the case with those existing by giving birth, as a replacement of the biological family, the Republic has the right to define the age threshold of the persons who may become adoptive parents, as one of the conditions for the adoption of a child.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 100-а став 1 во делот "и да не е постаро од 45 години" од Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1992, 9/1996 и 38/2004) и членот 38 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2004).

2. Раде Ненадиќ од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на одредбите од законот означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата членот 100-а став 1 од Законот, во оспорениот дел со кој се ограничувала можноста за посвојување на дете на лица постари од 45 години бил во спротивност со член 9, член 41 и член 54 од Уставот, затоа што со него се правела дискриминација на граѓаните по основ на старосната граница, а истовремено се ограничувало и родителското право, односно правото на човекот слободно да одлучува за создавање на деца. Според подносителот на иницијативата посвојувањето на дете било чин изедначен со создавањето на дете.

Оспорениот член 38 од Законот не бил во согласност со член 52 став 4 од Уставот затоа што според тој член овој закон имал повратно дејство иако не бил поповолен за граѓаните од претходниот закон, односно од Законот што важел до неговото влегување во сила.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 100-а став 1 од Законот, посвоител може да биде лице кое е деловно способно, кое има лични својства за успешно вршење на родителските права и да не е постро од 45 години (оспорен дел).

Според оспорениот член 38 од Законот, постапките за посвојувањето започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

4. Согласно членот 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското

уверување, имотната и општествената положба и граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во членот 41 став 1 од Уставот, на кој подносителот на иницијативата, исто така се повикува, е утврдено дека право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца.

Согласно член 40 став 1 од Уставот, Републиката обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Во ставот 2 на истиот член од Уставот е утврдено дека правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон, а во ставот 3 од овој член од Уставот е утврдено дека Републиката обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа. Освен тоа, според членот 42 став 1 од Уставот, Републиката посебно ги заштитува, покрај мајчинството, децата и малолетните лица.

Согласно уставното овластување, бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, нарушените односи и насилството во бракот и семејството, посвојувањето, старателството и други прашања, се уредени со Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1992, 9/1996 и 38/2004), чии одредби се оспоруваат со оваа иницијатива. Пречистен текст на Законот за семејството е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.83/2004.

Институтот посвојување, како посебен облик на заштита на децата, а особено на децата без родители и без родителска грижа, е уреден во четвртиот дел на овој закон, кој ги опфаќа членовите од 95 до 123.

Според членот 95 став 1 од Законот, со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето (потполно посвојување) или само односи што постојат меѓу родители и деца (непотполно посвојување). Според ставот 2 на овој член од Законот, каков однос ќе се создаде со посвојувањето зависи од волјата на посвоителот, на родителите на детето кое се посвојува, односно на неговиот старател и на самото дете ако е постаро од дванаесет години.

Според членот 97 од Законот, посвојувањето може да се заснова само ако е во согласност со најдобриот интерес на малолетникот. Посвојувањето се засновува пред Комисијата за

засновање на посвојување при Министерството за труд и социјална политика.

Во членовите 100-а, 100-б и 100-в од Законот (со кои се заменува дотогашниот член 100) се утврдени условите за посвојување меѓу кои е и старосната граница на посвоителот. Така, во членот 100-а став 1 е утврдено дека посвоител може да биде лице кое е деловно способно, кое има лични својства за успешно вршење на родителските права и да не е постаро од 45 години. Според ставот 2 на овој член, посвоител може да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот. Според ставот 3, по исклучок од ставот 1 на овој член, како посвоител може да се јави и лице кое е постаро од 45 години, но старосната граница меѓу посвоителот и посвоеникот не смее да биде поголема од 45 години. Според ставот 5 на овој член од Законот, брачни другари можат да се јават како посвоители ако еден од нив не ја надминува горната старосна граница.

Во членот 100-б е утврдено дека кога детето го посвојува брачниот другар на родителот на детето, детето може да биде посвоено без разлика на старосните граници утврдени во членот 100-а на овој закон.

Според членот 100-в од Законот, по исклучок од членот 100-а ставовите 1 и 4 на овој закон како посвоител може да се јави и лице или брачни другари кои ја надминуваат горната граница на старост, доколку се посвојува брат или сестра на детето кое е веќе посвоено.

Од наведените и другите одредби на Законот произлегува дека основната интенција на законодавецот е со институтот посвојување да се обезбеди пред се заштита на потребите, интересите и правата на детето и тоа со можност за создавање на такви односи меѓу посвоителот и посвоеникот какви што настануваат со раѓањето, како замена на биолошкото семејство.

Оттука, ако Републиката согласно Уставот посебно ги заштитува децата и обезбедува посебна заштита на децата без родители и без родителска грижа, а институтот посвојување е само еден од облиците преку кој Републиката ја обезбедува заштитата на децата, според Судот сосема оправдано и основано е таа со закон да ги определува и условите под кои се заснова посвојувањето. Во тие рамки Републиката има право, раководејќи се од определени критериуми и согледувања, да ја определи и старосната граница на

лицата кои можат да бидат посвоители што како посебен услов е утврдена во членот 100-а и другите членови од Законот.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед на тоа што горната старосна граница од 45 години утврдена во оспорениот дел на членот 100-а став 1 од Законот е само еден од условите што треба да ги исполнува лицето кое може да биде посвоител, кој еднакво важи и се однесува за сите, а не за одделни граѓани, Судот утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација на граѓаните по кој било основ од членот 9 на Уставот, поради што оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба на членот 100-а став 1 од Законот со овој член од Уставот.

Прашањето за согласноста на оваа оспорена одредба од Законот не може да се постави ни во однос на членот 41 став 1 од Уставот, затоа што според Судот причините поради кои во иницијативата се оспорува нејзината согласност со овој член од Уставот се неосновани, со оглед на тоа што посвојувањето на дете не може да се изедначува со раѓање, односно создавање на деца во смисла на наведениот член од Уставот, како што смета подносителот на иницијативата.

Разгледувајќи го оспорениот член 38 од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2002) според кој новите правила што се утврдени во овој закон ќе се применуваат на постапките за посвојување кои се започнати пред денот на неговото влегување во сила, Судот утврди дека овој член од Законот нема повратно дејство затоа што не се однесува на односи кои се завршени или настанале пред влегувањето во сила на овој закон. Напротив, овој член се однесува на незавршени односи, конкретно на незавршени постапки за посвојување на дете во кои случаи посвојувањето се уште не е засновано, односно се уште не се востановени односи меѓу посвоителот и посвоеникот.

Од тие причини Судот оцени дека оспорениот член 38 од Законот не е во несогласност со членот 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, во однос на кој се оспорува неговата уставност.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.123/2004)

# 112.

**- Закон за здравственото осигурување (уплата на придонесот за задолжителното здравствено осигурување)**

*- Law on Health Insurance (payment of the contribution for compulsory health insurance)*

**- Редовното уплатување или уплатувањето со задоцнување од најмногу 60 дена на придонесот за задолжителното здравствено осигурување, како услов за остварување на правото на надоместок на плата и на другите права утврдени со Законот за здравственото осигурување, е во согласност со уставните начела на солидарност и еднаквост.**

*- The regular payment, or the payment with a delay of 60 days at the most, of the contribution for compulsory health insurance, as a condition to realise the right to compensation of salary and of the other rights defined by the Law on Health Insurance, is in accordance with the constitutional principles of solidarity and equality.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 15 точка 1 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002 и 31/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 15 точка 1 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Со оглед на тоа што во членот 15 став 1 од Законот остварувањето на правото на надоместок на плата се условувало со уплатување на придонесот за задолжителното здравствено осигурување (редовно или со задоцнување од најмалку 60 дена) подносителот на иницијативата смета дека оваа законска одредба не е во согласност со членот 1 став 1, членот 8 став 1 алинеи 3 и 8, член 9, член 34, член 35 став 1, член 39 став 1 и член 42 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Како причини за оспорување на уставноста на оваа законска одредба подносителот во иницијативата посебно наведува дека Република Македонија според Уставот е социјална држава и дека не е возможно да се зборува за правна, праведна и демократска држава без да се води сметка за двете основни начела на социјалната држава - социјалната правда и солидарноста кои се утврдени како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Понатаму наведува дека со оспорената одредба не се заштитува ниту мајчинството, што е посебна обврска на Републиката утврдена во членот 42 став 1 од Уставот.

Од тие причини предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената законска одредба, а до донесување на конечната одлука, да донесе решение за запирање од извршување на поединечните акти или дејствија што се донесени односно преземени врз основа на таа одредба.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 15 од Законот осигурениците од членовите 13 и 14 од овој закон можат да го остварат правото на надоместок на плата ако ги исполнуваат и следните услови:

1) придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена (оспорена точка);

2) оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија;

4. Според член 1 став 1 од Уставот, Република Македонија, освен што е суверена, самостојна и демократска, таа е и социјална држава.

Во член 8 алинеите 3 и 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени начелото на владеењето на правото и начелата на хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Според член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Според членот 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Со членот 39 став 1 од Уставот, на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Во членот 42 став 1 од Уставот е утврдено дека Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.

Согласно наведените уставни одредби, системот на здравственото осигурување во Република Македонија, како дел од социјалното осигурување, кое во Уставот е утврдено како едно од основните слободи и права на човекот и граѓанинот, е уреден со Законот за здравственото осигурување, чија одредба се оспорува со оваа иницијатива.

Според овој закон здравственото осигурување се востановува како задолжително и доброволно. Задолжителното

осигурување се востановува за сите граѓани на Република Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон (член 2 став 2 од Законот).

Во согласност со начелата на задолжителност и сеопфатност, во членот 5 став 1 од Законот таксативно се утврдени лицата - осигуреници кои подлежат на задолжителното здравствено осигурување, а во ставот 2 на овој член е утврдена можност граѓаните кои не се опфатени со задолжително здравствено осигурување доброволно да пристапат кон него. Освен на овие лица, според членот 6 од Законот, задолжителното здравствено осигурување се обезбедува и на членовите на нивните семејства, ако тие лично не се осигурени по некој основ од членот 5 на овој закон.

Покрај правото на здравствени услуги, во рамките на воспоставеното задолжително здравствено осигурување според членот 12 од Законот на осигурениците им се обезбедува и право на парични надоместоци и тоа: 1) право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и 2) право на надоместок на патни трошоци.

Условите за остварување на правото на надоместок на плата се утврдени во членот 15 од Законот и во таа смисла според оспорената точка 1 од овој член еден од тие услови е придонесот за задолжително здравствено осигурување да е редовно уплатуван или со задоцнување од најмалку 60 дена.

Обврската за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување е утврдена во членот 38 од Законот и на неа подлежат сите осигуреници од членот 5 од Законот кои задолжително се осигуруваат.

Според членот 52 став 1 на Законот, за осигурениците за кои Фондот ќе утврди дека придонесот не е редовно уплатуван или уплатата задоцнувала повеќе од 60 дена, правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица се ускратуваат, освен правото на итна медицинска помош.

Од овие и другите одредби на Законот произлегува дека со задолжително здравствено осигурување по разни основи е

опфатен најширок круг на граѓани со тоа што за граѓаните кои не се опфатени со ова осигурување е утврдена можност тие доброволно да пристапт кон задолжителното здравствено осигурување. На овој начин, според мислењето на Судот, со Законот за здравствено осигурување скоро на секој граѓанин на Република Македонија, во случаите и под услови утврдени со овој закон, му се обезбедува остварување на уставно утврденото право на социјална сигурност и социјално, односно здравствено осигурување, како и правото на здравствена заштита, кои се израз на социјалниот карактер на Република Македонија.

Во функција на остварување на наведените уставни права е и правото на надоместок на плата, за кое станува збор во оспорената законска одредба. Имено, со утврдување на ова право законодавецот, освен здравствена заштита, со овој закон обезбедил и социјална, односно материјална сигурност на осигуреникот, а со тоа и на неговото семејство, во случај кога тој поради болест или повреда не е во состојба да заработува. Меѓутоа, од оспорената и другите наведени законски одредби произлегува дека остварувањето на ова, како и на сите права од задолжителното здравствено осигурување е условено со редовно плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување, со толеранција на задоцнување од најмногу 60 дена. Овој услов произлегува од задолжителноста на здравственото осигурување за сите граѓани опфатени во членот 5 од Законот и е во согласност со начелата на солидарност и еднаквост, врз основа на кои се заснова задолжителното здравствено осигурување.

Начелото на солидарност според Законот во суштина претставува заемен однос помеѓу сите осигуреници во задолжителното здравствено осигурување кој се остварува преку обврската за континуирано плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување во одреден процент според висината на нивната плата, односно утврдената основица и користењето на основните здравствени услуги и други права утврдени во Законот, во случаи кога на осигурениците тоа им е потребно, односно кога ги исполнуваат условите за тоа. Вака сфатено начелото на солидарноста, според Судот, може да се протега само помеѓу осигурениците кои ја измируваат законската обврска за плаќање на придонесот, а не и осигурениците кои воопшто или редовно или подолго време не го плаќаат. Ова од причини што оваа обврска според Законот се однесува на сите осигуреници и што од нејзиното исполнување зависи обезбедувањето на материјалната основа,

односно средства за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување. Во спротивно, секое изедначување на правата на осигурениците без оглед дали тие ја исполниле или не обврската за плаќање на придонесот би било во несогласност со начелото на солидарност, а би се довело во прашање и функционирањето на системот на здравственото осигурување, односно остварувањето на правата од ова осигурување.

Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека редовното уплатување на придонесот за задолжителното здравствено осигурување или со задоцнување од најмногу 60 дена, што како еден од условите за остварување право на надоместок на плата утврден во оспорената одредба еднакво се однесува за сите осигуреници кои можат да го остваруваат тоа право, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената законска одредба со одредбите од Уставот во однос на кои се оспорува нејзината уставност.

Во однос на наводите во иницијативата дека со оспорената одредба од Законот не се заштитувало мајчинството, што е и посебна причина за оспорување на нејзината согласност со членот 42 став 1 од Уставот, Судот смета дека се неосновани, затоа што во членот 14 од Законот како посебен случај во кој осигурениците под условите утврдени во членот 15 од Законот може да го остваруваат правото на надоместок на плата е утврдено отсуството од работа поради бременост, раѓање и мајчинство. Освен ова право, врз основа на бременоста, раѓањето и мајчинството со овој и други закони се предвидени и други права (пример: право на бесплатна здравствена заштита, право на надоместок на плата во случаи на отсутво од работа поради нега на дете до определена возраст и сл.), така што погрешно би било преку една одредба од Законот да се согледува посебната заштита на мајчинството што ја обезбедува Републиката.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.66/2004)

# 113.

**- Закон за здравствената заштита (одредување на работите и задачите што треба да се преземат во услови на штрајк во здравствените организации)**

*- Law on Health Care (definition of the matters and tasks that are to be undertaken in the conditions of a strike in health organisations)*

**- Здравствената организација не може самостојно, со свој акт да ги одредува работите и задачите кои се нужни да се преземат во време на штрајк. Условите под кои правото на штрајк ќе се реализира во здравствените организации може да биде единствено предмет на законско регулирање. Оттука, законската одредба која ги овластува здравствените организации со свој акт да ги одредуваат работите и задачите неопходно потребни за да се отстранат штетните последици кои може да настанат од неукажување здравствена заштита во услови на штрајк не е во согласност со Уставот на Република Македонија.**

*- The health organisation may not autonomously, by its own act, define the matters and tasks that are necessary to be undertaken during a strike. The conditions under which the right to strike shall be realised in health organisations may be subject to a legal regulation only. Hence, the legal provision empowering health organisations with their own act to define the matters and tasks that are vitally important to remove the detrimental consequences that may arise from the failure to provide health care in conditions of a strike is not in accordance with the Constitution of the Republic of Macedonia.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 171-б став 5 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/1991; 46/1993; 55/1995; 41/ 2002; 10/ 2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата означена во точката 1 од оваа одлука, од причини што со оспорената одредба се повредувале неколку уставни одредби и тоа: членот 8 став 1 алинеја 3 и 4, членот 32 став 5 и членовите 38 и 51 од Уставот на Република Македонија.

Имено, со предвидувањето работите и задачите од став 1 на оспорениот член да се утврдуваат со општ акт на здравствената организација во прв ред се повредувал членот 32 став 5 од Уставот на Република Македонија, според кој остварувањето на правата на вработените и нивната положба не може да се уредуваат со општ акт, туку само со закон и колективен договор. Ваквото решение подносителот на иницијативата го врзува и со одредбата од членот 38 од Уставот, според кој само со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата, а не и со општ акт.

4. Судот на седницата утврди дека согласно членот 171-б став 1 од Законот, заради отстранување на штетните последици што можат да настанат од неукажување на здравствена заштита на граѓаните за време на штрајк, органот на управување во

здравствената организација е должен да обезбеди итна медицинска помош и минимална функција на сите организациони делови во процесот на работата. Според оспорениот став 5 од овој член, работите и задачите од ставот 1 на оспорениот член, со општ акт ги утврдува здравствената организација.

5. Согласно членот 8 алинеја 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска претставуваат темелни вредности на уставниот поредок на државата.

Согласно членот 32 став 5 од Уставот на Република Македонија, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно членот 38 од Уставот на Република Македонија, се гарантира правото на штрајк. Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Во членот 39 од Уставот е предвидено дека на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита, при што согласно ставот 2 од овој член, граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.

Согласно членот 3 од Законот за здравствената заштита, секој има право на заштита на здравјето, при што во членот 9 Законот ја дефинира здравствената дејност како дејност од посебен општествен интерес.

Оспорената одредба е поместена во Главата III од Законот за здравствената заштита, која е насловена како "Здравствена заштита во вонредни услови и во услови на штрајк".

Членот 171-а од Законот ги предвидува условите под кои правото на штрајк може да се остварува во рамки на здравствените организации. Така, согласно оваа одредба работниците во здравствените организации правото на штрајк можат да го остварат под услов да не се доведува во опасност животот и здравјето на граѓаните кои бараат здравствена заштита. Тоа значи дека Законот воопшто не го доведува под сомнение правото на штрајк на работниците во здравствените организации, како право загарантирано со Уставот кое произлегува од работниот однос. Како

загарантирано право со Уставот, штрајкот може да се остварува под услов со тоа да не се доведува во опасност животот и здравјето на граѓаните кои бараат здравствена заштита.

Притоа, во неоспорениот дел од одредбата на членот 171-б од Законот е предвидено дека за време на штрајк, органот на управување на здравствената организација е должен да обезбеди две основни функции во организацијата: итна медицинска помош и минимална функција на сите организациони делови во процесот на работата. Причина за обезбедување на овие елементи на здравствената заштита е отстранувањето на можностите од настапување на штетни последици кои би можеле да настанат од неукажување на здравствена заштита на граѓаните за време на штрајк.

Во оспорениот став 5 од овој член, работите и задачите од став 1 на овој член со општ акт ги утврдува здравствената организација.

Судот смета дека Уставот не ја исклучува можноста со закон да се уреди начинот на остварувањето на одделни слободи и права, со цел да не се доведе во прашање остварувањето на другите слободи и права. Во однос на здравствената заштита и во конкретниот случај, Законот го гарантира и предвидува правото на штрајк на здравствените работници, но сепак утврдува дека остварувањето на ова право не смее да биде на штета на други слободи и права на човекот и граѓанинот, што во конкретниот случај е правото на здравствена заштита, односно животот и здравјето на граѓаните кои бараат здравствена заштита.

Врз основа на изнесеното, Судот оцени дека не постои уставна пречка со закон да се уреди начинот на остварувањето на правото на штрајк, односно начинот на однесувањето на субјектите во остварувањето на ова уставно гарантирано право, водејќи притоа смет ка при уредувањето на овие односи да не се доведе во прашање уставната гаранција за остварување не само на правото на штрајк, туку и на другите со Уставот гарантирани слободи и права. Ваквиот став произлегува од обврската на здравствените работници за време на штрајк да обезбедат итна медицинска помош и минимални функции на сите организациони делови во процесот на работата, а со цел отстранување на евентуално штетните после дици кои би можеле да настанат од неукажување на здравствена заштита на сите граѓани за времето додека трае штрајкот.

Здравствената дејност и здравствената заштита спаѓаат во групата дејности кои законот ги дефинира како дејности од посебен општествен интерес со оглед на нивното примарно значење за животот и здравјето на луѓето. Ако се има предвид ваквиот карактер на здравствената заштита, како механизам кој обезбедува остварување и заштита на она што е нераскинливо поврзано со човековото егзистирање, тогаш е јасно зошто законодавецот ја утврдува како дејност од посебен општествен интерес. Оттука, државата презема мерки во насока на создавање и обезбедување услови здравствената заштита да се остварува во секој момент и секаква ситуација, опфаќајќи ја и состојбата на штрајк. Ова, пред се, се однесува на обезбедување едно минимално ниво на здравствена заштита со кое ќе се елиминираат или во најмала рака ќе се сведат на минимум можностите од настапување штетни последици врз животот и здравјето на луѓето во случај на нејзино неукажување. Штрајкот, како легитимно средство на работниците за остварување одредени други права (пред се економски и социјални) претставува организиран прекин на работата кој секако доведува до нарушување на редовниот работен процес. Ваквото нарушување го доведува во прашање потребното ниво на здравствената заштита, при што со оспорената одредба законодавецот ја овластува здравствената организација со општ акт да ги утврди работите и задачите чие извршување е нужно со цел да се отстранат штетните последици од неукажување на здравствена заштита на граѓаните во време на штрајк.

Имајќи ја предвид дикцијата на одредбата од членот 38 од Уставот на Република Македонија, Судот го констатира општиот карактер на уставната гаранција на правото на штрајк за сите работници, па оттука и легитимноста работниците во здравствениот сектор да го остваруваат ова право. Сепак, според мислењето на Судот, утврдувањето на условите под кои ќе се реализира ова право во оваа исклучително значајна сфера за животот и здравјето на луѓето може да биде единствено предмет на законска регулатива, а не на општ акт кој би го донела самата здравствена организација. Судот оцени дека е премногу суптилна и важна здравствената заштита и нејзиното влијание врз животот и здравјето на сите граѓани што не би можело да се смета за прифатливо овластувањето на здравствените организации тие самостојно со свој општ акт да ги утврдат работите и задачите чие вршење е неопходно за отстранување на можните негативни и штетни последици. Судот оцени дека во случајот не станува збор за едноставна

операционализација на законската одредба од ставот 1 на членот 171-б, односно дека општиот акт на организацијата само ќе го доуреди начинот на извршување на она што е веќе дефинирано со самиот закон, туку дека во случајот здравствената организација со општиот акт ги утврдува работите и задачите, односно навлегувајќи во суштината на работата, таа стекнува право самостојно со свој општ акт да утврди што е она што мора да се обезбеди во време на штрајк. Со тоа, се остава простор на здравствените организации тие самите со свој акт да ги утврдуваат, креираат или менуваат веќе дадените услови под кои може да се остварува правото на штрајк во здравствената заштита, а не тоа да се прави врз основа на закон, поради што Судот оцени дека оспорената одредба не е во согласност со напред наведените одредби од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.112/2003)

# 114.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (приватизација на јавните аптеки)**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Health Care (privatisation of public pharmacies)*

**- Природата на дејноста на аптеките и нивната организациона поставеност е различна во однос на стоматолошката здравствена дејност, поради што согласно е со Уставот трансформацијата на различните дејности да се врши на различен начин и под различни услови.**

**Со оглед на тоа што јавните аптеки вршат дејност од јавен интерес и нивната трансформација, односно приватизација се врши со цел за зачувување на здравјето на луѓето, не може да се постави прашањето за уставноста на Законот од аспект на повреда на начелото на слободата на пазарот и претприемништвото.**
**Одлуката на Владата за приватизација на аптеките не претставува пропис донесен во функција на операционализација на Законт, затоа што со неа се утврдува кои аптеки, објекти и простор (сопственост на Република Македонија) ќе бидат предмет на приватизација по пат на продажба и го утврдува начинот на продажбата.**

*- The nature of the activity of pharmacies and their organisational set-up is different in respect of the dental health activity, as a result of which the transformation of different activities taking place in a different way and under different conditions is in accordance with the Constitution.*
*Given that public pharmacies perform an activity of public interest and their transformation, that is, privatisation is aimed at maintaining the people’s health, there may not be a question of constitutionality of the Law from the aspect of violation of the principle of freedom of the market and entrepreneurship.*
*The Government’s Decision on privatisation of pharmacies is not a regulation passed in the function of operationalisation of the Law, since it defines which pharmacies, facilities and space (property of the Republic of Macedonia) will be subject to privatisation by means of a sale and defines the manner of sale.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 14 јули 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на: членовите 200-а, 200-б, 200-в, 200-г, 200-д, 200-ѓ, 200-е, 200-ж, 200-з, 200-ѕ, 200-и, 200-ј и 200-к од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/2004).

2. Панче Докузов од Штип и Фармацевтската комора на Република Македонија, застапувана од Дељо Кадиев од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативите, оспорените одредби од Законот биле несогласни со Уставот затоа што не предвидувале услови под кои ќе се врши трансформацијата; се повредувало начелото на еднаквост во смисла што јавните аптеки што се приватизирале по пат на продажба биле ставени во попривилегирана положба во однос на стоматолошките ординации кои се издавале во закуп; се повредувало начелото на еднаквоста помеѓу вработените во аптеките што се приватизирале по пат на продажба и оние што се трансформирале по пат на закуп; директорите на јавните аптеки имале можност да вршат злоупотреба на својата положба на начин што можеле вработените да ги прераспоредуваат од една во друга аптека (од аптека што се продава во аптека што се издава во закуп); се повредувало начелото на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот, што била загарантирана со Уставот, затоа што јавните аптеки се трансформирале по пат на продажба, а стоматолошките ординации по пат на закуп; се повредувала слободата на пазрот и претприемништвото кои единствено можеле да бидат ограничени со закон во точно определени случаи во Уставот и на Владата на Република Македонија и се давала можност со подзаконски акт да уредува прашања што се законска материја.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 200-а од Законот постојните јавни здравствени организации основани за вршење на фармацевтска дејност во целина или нивни делови, како и делови од постојните здравствени домови и медицински центри во кои се врши фармацевтска дејност (во натамошниот текст: јавни аптеки) можат да се приватизираат и да се организираат, односно да се основаат како приватни здравствени установи за вршење на

фармацевтска дејност (во натамошниот текст: приватни аптеки), врз основа на одлука што Владата на Република Македонија ќе ја донесе по предлог на министерот за здравство.

Приватизацијата на јавните аптеки може да се врши во делови под условите за вршење на фармацевтска дејност, пропишани со овој закон и со друг закон.

Ако приватизацијата на јавните аптеки се врши во делови, деловите во кои се вршат административно правни, финансиски, технички и помошни работи можат да се приватизираат и да се организираат, односно да се основаат како трговски друштва согласно со одредбите на овој закон и Законот за трговските друштва.

Согласно член 200-б од Законот предмет на приватизација е вкупно проценетата вредност на јавната аптека.

Трошоците за процената и за другите дејствија во постапката за приватизација паѓаат на товар на купувачите.

Согласно член 200-в од Законот јавната аптека се приватизира на начин што од вкупно проценетата вредност:

- 5% се отстапува бесплатно на вработените;
- 20% се откупуваат под повластени услови од вработените и
- 75% се продаваат на јавна берзанска аукција.

Согласно член 200-г од Законот делот од уделот во висина од 5% од вкупно проценетата вредност на јавната аптека се отстапува бесплатно на вработените кои тој статус го имале на денот на влегувањето во сила на одлуката од членот 200-а став 1 на овој закон.

Согласно член 200-д од Законот делот од уделот во висина од 20% од вкупно проценетата вредност на јавната аптека може да се откупи под повластени услови со основен попуст од 30% од номиналната проценета вредност на уделот, зголемен за 1% за секоја полна година на работен стаж во јавната аптека од страна на:

- вработените во јавната аптека што се приватизира ако работеле најмалку две години пред денот на влегувањето во сила на одлуката од членот 200-а став 1 на овој закон;

- лицата чиј работен однос престанал во јавната аптека што се приватизира и кои во неа непрекинато работеле најмалку две години и

- пензионираните работници кои во јавната аптека што се приватизира непрекинато работеле најмалку две години.

Износот на купениот удел со попуст од став 1 на овој член од Законот поединечно не може да надмине 30% од уделот што се продава со попуст, но не повеќе од 12.500 евра.

Согласно член 200-ѓ од Законот преостанатиот дел од уделот во висина од 75% од вкупно проценетата вредност на јавната аптека, како и делот од уделот кој нема да биде откупен под повластени услови, се продава по пат на јавна берзанска аукција со почетна продажна цена на уделот која не може да биде пониска од неговата номинална вредност.

Согласно член 200-е од Законот приватизацијата на јавната аптека се смета за реализирана ако биде целосно откупен уделот од членот 200-ѓ на овој закон.

Ако уделот не биде продаден по пат на јавна берзанска аукција во рок од 60 дена од денот на неговата прва понуда јавната аптека може да се издаде под закуп согласно со одредбите на овој закон.

Согласно член 200-ж од Законот плаќањето на уделите од членот 200-в алинеи 2 и 3 од овој закон се врши во готово со денари или со хартии од вредност издадени во Република Македонија.

Согласно член 200-з од Законот процедурите за тргување со уделите издадени од јавна аптека што се приватизира ги определува Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.

Согласно член 200-ѕ од Законот имателите на уделите од членовите 200-г, 200-д и 200-ѓ на овој закон кои го откупиле уделот на јавната аптека склучуваат договор за основање на приватна аптека со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски, како и договор со Министерството за здравство со кој особено го уредуваат начинот на вршењето на дејноста и обврската за континуирано вршење на дејноста.

Основањето на приватната аптека се запишува во судскиот регистар, при што особено се приложува решението од член 93 став 1 на овој закон и договорите од ставот 1 на овој член.

Согласно член 200-и од Законот приватната аптека е должна да ги преземе вработените кои тој статус го имале на денот на влегувањето во сила на одлуката од членот 200-а став 1 на овој закон.

На вработените од став 1 на овој член од Законот не може да им престане работниот однос врз основа на технолошки вишок во рок од една година од денот на уписот на приватната аптека во судскиот регистар.

Согласно член 200-ј од Законот средствата остварени со приватизација на јавните аптеки се приход на Буџетот на Република Македонија.

Согласно член 200-к од Законот објектите и опремата на постојните јавни здравствени организации и просторот и опремата на нивните делови во кои се врши фармацевтска дејност што не се приватизирале според овој закон, како и просторот и опремата на деловите на јавните здравствени организации во кои се врши примарна стоматолошка дејност, можат да се издаваат под закуп под услов да се основа приватна здравствена установа за вршење на соодветната дејност согласно со овој закон.

За вршење на дејноста од став 1 на овој член во јавните здравствени установи под закуп се издаваат просторот и опремата на деловите кои претставуваат организациона, просторна, техничка и функционална целина, во кои се вршат фармацевтска, односно стоматолошка дејност (во натамошниот текст: организациона единица).

Под закуп не можат да се издаваат организациони единици во јавните здравствени установи што вршат стоматолошка здравствена заштита на деца до 14 годишна возраст и итна стоматолошка здравствена заштита.

4. Министерството за здравство на Република Македонија, во одговор на наводите во иницијативите наведе дека трансформацијата се врши на имот што е сопственост на Република

Македонија и дека истата се врши на два начина: по пат на продажба и по пат на закуп.

Во тој контекст наведе дека постојат разлики меѓу аптекарската и стоматолошката дејност поради различната природа на дејноста што ја вршат и организационата поставеност на аптеките во однос на стоматолошката здравствена дејност. Исто така, во одговорот наведе дека се запазува работно правниот статус на вработените во аптеките што се приватизираат или издаваат под закуп и дека постојат три вида на јавни аптеки: а) јавни аптеки чии објекти односно простории се во сопственост на Република Македонија, кои се лоцирани самостојно, односно нивната дејност не се одвива во состав на дејноста на здравствените домови; б) јавни аптеки (кои исто така, се во сопственост на Република Македонија), кои работаат во состав на дејноста на здравствените домови и медицински центри и в) јавни аптеки (исто така, сопственост на Република Македонија) кои дејноста ја вршат во простории земени под закуп чии сопственици се други физички и правни лица.

Во одговорот на Министерството, посебно се нагласува дека ситуацијата во Република Македонија е таква што не се создадени услови за приватизација на дејноста на здравствените домови и медицинските центри.

Од тие причини се предвидува трансформација на простор и опрема во стоматолошката дејност по пат на издавање под закуп, а не со продажба, а приватизацијата по пат на продажба ќе се врши според реално проценетата вредност на просторот и опремата кои се сопственост на Република Македонија и дека проценката на реалната вредност ќе ја вршат специјализирани агенции регистрирани за тоа.

5. Согласно член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Имајќи ја предвид оваа уставна одредба Судот оцени дека со предвидувањето на различните начини на трансформација на аптеките во однос на стоматолошките ординации не се повредува уставното начело на еднаквост.

Ова, затоа што природата на дејноста на аптеките и нивната организациска поставеност е дијаметрално различна во однос на стоматолошката здравствена дејност, па според тоа

согласно е со Уставот трансформацијата на различните дејности да се врши на различен начин и под различни услови.

Согласно член 55 став 1 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Според ставот 2 на овој член од Уставот, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Ставот 3 на овој член од Уставот предвидува слободата на пазарот и претприемништвото да можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Имајќи предвид дека јавните аптеки вршат дејност од јавен интерес и дека нивната трансформација, односно приватизација се врши со цел за зачувување на здравјето на луѓето, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на Законот од аспект на член 55 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Во врска со прашањето дали оспорениот закон ги утврдува условите според кои се врши трансформација на јавните аптеки и стоматолошките ординации, Судот смета дека условите се утврдени.

Имено, условите за приватизацијата зависат и се определуваат според тоа: дали аптеката (сопственост на Република Македонија) е самостојна; дали аптеката (сопственост на Република Македонија) е во состав на некоја здравствена организација; дали аптеката (сопственост на Република Македонија) е под закуп на објект кој е во сопственост на правно или физичко лице.

Во врска со прашањето дали се запазува работно правниот статус на вработените во аптеките што се приватизираат или издаваат под закуп, Судот оцени дека постојат две категории на така наречени повластени лица и тоа:

- лицата кои се во работен однос на денот кога стапува во сила одлуката на Владата. Тие спаѓаат во онаа категорија на која и се отстапува 5% бесплатно од проценетата вредност на аптеката.

- во втората категорија спаѓаат лица кои имаат право на откуп под повластени услови на 20% од проценетата вредност на аптеката доколку:

а) имаат најмалку две години работен стаж пред денот на стапувањето во сила на одлуката на Владата;

б) лица кои се пензионери но имаат најмалку две години работен стаж во аптеката и

в) лица кои не работаат повеќе во таа аптека, но во неа работеле најмалку две години, односно имаат најмалку две години работен стаж во неа.

Според Судот овие лица се затекнале во аптеките што се приватизираат и ја користат поволноста што им ја дава Законот, поради што и во овој случај не може да стане збор за повреда на начелото на еднаквоста загарантирано со Уставот.

Што се однесува до прашањето за приватизацијата на аптеките по пат на одлука на Владата а не со закон, Судот смета дека одлуката на Владата, во случајов, не претставува пропис донесен во функција на операционализација на Законот, туку дека со неа само се утврдува кои аптеки, објекти или простор (сопственост на Република Македонија) ќе бидат предмет на приватизација по пат на продажба и при тоа одлучува за начинот на продажбата (дали тие можат да се продаваат во целина како правно лице или делови, да одлучи или да задолжи надлежен орган за начинот на избор на агенција овластена за проценување на вредноста и да одобри приватизација по пат на продажба).

Тоа, во суштина, според Судот, значи дека одлуката на Владата претставува конкретен поединечен акт за продажба на одредена аптека под условите утврдени во Закон, поради што Уставниот суд не е надлежен за нејзиното оценување.

Во врска со наводите во иницијативата според кои членот 200-г од Законот со својата непрецизна формулација доведувал до забуна, Судот утврди дека отсуството на зборовите "во аптеката што се приватизира", не ја прави одредбата нејасна, затоа што истата гласи "Јавната аптека се приватизира на начин што...

Имено, според Судот законодавецот е јасен, поради што не е потребно додавање на зборовите "во аптеката што се приватизира".

Инаку, ценејќи ги останатите оспорени одредби од Законот, Судот утврди дека со нив се решаваат прашања претежно од техничка природа: определуваат кога ќе се смета дека приватизацијата на аптеката е реализирана; го решаваат прашањето ако уделот не биде продаден по пат на јавна берзанска аукција во рок од 60 дена од денот на неговата прва понуда во смисла што во тој случај аптеката може да се издаде под закуп; начинот на плаќањето на уделите; процедурата за тргувањето со уделите; начинот на склучување на договор со Министерството за здравство за основање на приватна аптека; статусот на вработените во аптеката по нејзината приватизација во смисла што истите остануваат во неа и во рок од една година, од денот на уписот на приватната аптека, да не може да им престане работниот однос врз основа на технолошки вишок; го решава прашањето во врска со средствата остварени со приватизацијата на јавните аптеки во смисла што тие се приход на Буџетот на Република Македонија и оцени дека не може основано да се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.57/2004 и У.бр.92/2004)

# 115.

**- Дописи на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (примена на меѓународни спогодби за социјално осигурување)**

*- Communications of the Health Insurance Fund of the Republic of Macedonia (implementation of international agreements on social insurance)*

**- Фондот за здравствено осигурување има право начинот на издавањето потврда за користење на здравствени услуги на осигурените лица кои привремено престојуваат во земјите со кои Република Македонија има склучено договор за социјално осигурување, да го уреди со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство. Со оглед на тоа што со оспорените дописи се уредуваат прашања кои по својот карактер и значење треба да бидат уредени со правилник, односно со општ акт на фондот, Судот оцени дека тие не се во согласност со Законот за здравстената заштита не само поради тоа што немаат форма на правилник, туку истите се донесени и без согласност на министерот за здравство, каква што е предвидена во Законот.**

*- The Health Insurance Fund is entitled to regulate the manner of issuance of certificates for the use of health services to insured people who are temporarily staying in the countries with which the Republic of Macedonia has concluded an agreement on social insurance, by a general act which is approved by the Minister of Health. Given that the contested communications regulate matters which by their character and importance should be regulated by a book of rules, that is a general act of the fund, the Court has judged that they are not in accordance with the Law on Health Care not only because they do not have the form of a book of rules, but they also have been adopted without the agreement of the Minister of Health, as provided in the Law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ дописите на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија бр.08-8173 од 29 декември 1999 година и бр.08-2439/1 од 3 мај 2001 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" .

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива поднесена од Крсте Велески од Охрид, со Решение У.бр.55/2003 од 19 ноември 2003 година поведе постапка за оценување на законитоста на дописите на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Законот за здравственото осигурување и Законот за организација и работа на органите на државната управа.

4. Судот на седницата утврди дека првооспорениот допис под бр.08-8173/1 од 29 декември 1999 година, насловен како "Појаснување во врска со правата на користење на здравствена заштита во странство", се однесува на примената на спогодбите за социјално осигурување кои Република Македонија ги има потпишано или преземено од поранешната СФРЈ со другите земји договорнички.

Во првиот дел од овој допис се определува времето на важење на потврдите за здравствени услуги во странство што се издаваат во конкретни случаи и тоа: за туристички патувања, за службени патувања, за патувања во врска со стручно усовршување во странство, за лицата вработени во меѓународен транспорт и во случај на групни патувања.

Во вториот дел од дописот се укажува дека овие потврди ќе се издаваат врз основа на претходно утврдена постапка за утврдување на здравствената состојба на осигуреникот, која се состои од следното:

"Осигуреникот се упатува на лекарски преглед во службите за медицина на трудот по местото на живеење каде ќе се издаде медицинска експертиза за неговата здравствена состојба. По добивањето на медицинската експертиза осигуреникот да се јави на Првостепена лекарска комисија, која врз основа на експертизата со свој наод ќе утврди дали постои или не постои пречка за користење на здравствена заштита во странство".

Со второоспорениот допис под бр.08-2439/1 од 3 мај 2001 сите подрачни служби од страна на Фондот се известуваат дека според склучените договори за социјално осигурување со другите земји предвидена е потврда (образец) за правото на користење на здравствени услуги за време на привремен престој во некоја од земјите договорнички, доколку лицето за време на привремен престој во тие држави бара итна медицинска помош, како и дека овие потврди ги издава подрачната служба на Фондот по спроведување на претходна постапка која е наведена во дописот бр.08-8173/1 од 29 декември 1999 година и со време на важење, исто така, утврдено во тој допис.

Понатаму, во овој допис се наведува дека во земјите со кои Република Македонија нема склучено договор за социјално осигурување, осигурените лица имаат право на здравствена заштита само во случај на итност при што по намирување на трошоците за дадената здравствена заштита во странство тие поднесуваат барање за рефундирање на трошоците кои сами ги намириле, што согласно член 27 од Правилникот се врши по оценување на итноста на случајот и на соодветната медицинска документација од страна на лекарските комисии на Фондот.

5. Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, а граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 39 став 1 од Уставот, на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Правото на лекување во странство, за какво што станува збор во конкретниот случај, е утврдено и уредено во еден единствен член, а тоа е членот 30 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000 и 50/2001). Според став 1 на овој член од Законот, осигуреното лице може да користи болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во Републиката, а во земјата во која осигуреникот се упатува постои можност за успешно лекување на тоа заболување. Според ставот 2 на истиот член од Законот, осигуреникот кој е упатен на привремена работа во странство може да користи здравствени услуги во странство во обем утврден со овој закон, а според ставот 3 осигурените лица кои привремено престојуваат во странство можат да користат само итна медицинска помош.

Според став 4 на членот 30 од Законот, начинот на користење на здравствени услуги според ставовите 1, 2 и 3 од овој член и најповолните цени на здравствените услуги во странство ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Од наведената уставна одредба произлегува дека со Уставот на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита во обем и под услови утврдени со закон. Според Законот за здравственото осигурување, осигурените лица освен здравствени услуги во земјата можат да користат здравствени услуги и во странство, со тоа што начинот на користењето на овие услуги е препуштено да се уреди со општ акт на фондот за здравствено осигурување на кој министерот за здравство дава согласност.

Врз основа на законското овластување, Фондот за здравствено осигурување има донесено Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство ("Службен весник на РМ" бр.111/2000).

Во овој Правилник е регулиран начинот на користење на здравствените услуги во странство во сите три ситуации предвидени во членот 30 од Законот и тоа: 1) начинот на користење на болничко лекување во странство, 2) начинот на користење на здравствени услуги на осигурениците кои се упатени на привремена работа во странство и 3) начинот на користење на итна медицинска помош на осигурените лица кои привремено престојуваат во странство.

Во однос на осигурените лица кои се упатени на привремена работа во странство, во членот 22 од Правилникот предвидено е дека овие лица здравствените услуги во странство ги користат врз основа на потврда што ја издава подрачната служба на фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Според членот 23 од Правилникот, потврдата од членот 22 се издава на барање на работодавецот кој кон барањето приложува: 1) решение за упатување на осигуреникот на привремена работа во странство, 2) лекарско мислење за здравствената состојба на осигуреникот што го издава здравствената установа во која се врши дејност на медицина на трудот и 3) согласност за упатување на работници на привремена работа во странство издадена од органот на управата надлежен за работни односи.

Користењето на итна медицинска помош во странство, која согласно член 30 став 3 од Законот може да ја користат само осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, но не по основ на привремена работа на која се упатени, туку по друг основ, е уредено во членот 27 од Правилникот.

Итноста на случајот од ставот 1 на овој член, времетраењето на итноста и здравствените услуги потребни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, според ставот 3 на член 27 од Правилникот ја оценува лекарската комисија на фондот врз основа на медицинската документација на странската здравствена установа.

Здравствените услуги во случај на итна медицинска помош според ставот 6 од овој член од Правилникот, Фондот ги признава во полн износ, намалени за пропишаното учество за лекување во странство.

Ако по завршувањето на итноста осигуреното лице не се врати навреме во земјата и го продолжи лекувањето во странство, за тој период трошоците ќе му се признаат според член 20 од овој правилник (му се признава само дел од трошоците и тоа до висината на утврдената цена за соодветната здравствена услуга од основни те цени на здравствените услуги во земјата, а разликата на цената ја поднесува осигуреното лице).

Од наведените одредби од Правилникот произлегува дека потврда за користење на здравствени услуги во странство што ја издава Фондот е пропишана само за осиг урените лица кои се упатени на привремена работа во странство, а не и за осигурените лица кои привремено престојуваат во странство по друг основ и кои може да користат само итна медицинска помош.

Освен член 27, Правилникот не содржи други посебни одредби кои би ја регулирале постапката, односно начинот на користење на здравствените услуги во случај на потреба од итна медицинска помош на осигурениците кои привремено престојуваат во странство. Меѓутоа, такви одредби се содржани во договорите за социјално осигурување кои Република Македонија ги има склучено или кои ги има преземено од поранешната СФРЈ, а меѓу кои е и Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/1999), на кој се повикува подносителот на иницијативата.

Врз основа на член 27 став 1 од Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Словенија, начинот на спроведување на овој договор е утврден со Административната спогодба склучена меѓу надлежните органи на двете држави договорнички, која е објавена, исто така, во "Службен весник на Република Македонија" бр.13/1999.

Во членот 6 став 1 од Административната спогодба е утврдено дека "за примена на членовите од 12 до 16 од Договорот, подносителот на барањето е должен да му предложи на носителот според местото на престој потврда од надлежниот носител како доказ за правото. Ако подносителот на барањето на поднесе потврда, на барање на носителот според местото на престој кој ја нуди услугата, надлежниот носител може да ја издаде оваа потврда подоцна. Во случаите од член 12 став 1 од Договорот, надлежниот носител е должен дополнително да ја издаде потврдата".

Од напред изнесеното како заклучок произлегува дека потврдите за користење на здравствена заштита за време на привремен престој во странство во случај на потреба од итна медицинска помош се предвидени само во договорите за социјално осигурување што Република Македонија ги склучила со другите земји, или поконкретно во административните спогодби за нивно спроведување. Тоа, од друга страна, значи дека во случај на користење на ова право комплементарно се применуваат Законот за

здравствено осигурување, Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство и договорите за социјално осигурување што Република Македонија ги склучила со другите земји кои се ратификувани и се дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија.

Во ситуација кога со договорите за социјално осигурување склучени меѓу Република Македонија и другите држави, како и со административните спогодби е предвидено надлежниот носител на државите договорнички овие потврди да ги издава само како доказ за користење на правото на итна медицинска помош, а не е утврдена постапката и условите за нивното издавање, ниту, пак, е предвидена можност секоја од државите договорнички тоа да го направи, пред Судот се постави прашањето дали Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, како надлежен носител, има право и овластување да ја пропише постапката и условите за издавање на овие потврди.

Според мислењето на Судот ова право на фондот не е спорно од причина што со меѓународните договори, а конкретно и со Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Словенија, правните прописи што важат во Република Македонија во моментот на склучувањето на договорите не се суспендираат, туку напротив овие договори се однесуваат на сите прописи од соодветната област, како и на сите нивни евентуални изменувања и дополнувања.

Согласно наведеното, Судот смета дека Фондот за здравствено осигурување според член 30 став 4 од Законот за здравственото осигурување има право начинот на издавањето на потврда за користење на здравствени услуги на осигурените лица кои привремено престојуваат во земјите со кои Република Македонија има склучено договор за социјално осигурување, да го уреди со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство. Имено, со овој акт, всушност, би се разработиле одредбите од административните спогодби за спроведување н а овие договори со кои е предвидено издавањето на потврдите и на тој начин тие би се инкорпорирале во правниот поредок на Република Македонија.

Меѓутоа, наместо тоа, Фондот за здравствено осигурување прашањата поврзани со издавањето на потврдата ги уредил со оспорените дописи, од што произлегува дека тие, и покрај тоа што немаат форма, по својата содржина и дејство имаат карактер

на пропис, односно на општ акт од членот 30 став 4 на Законот. Имено, од содржината на оспорените дописи произлегува дека тие содржат одредби кои ја регулираат постапката, односно начинот и условите на издавањето на потврдата во смислана тоа: која документација треба да биде приложена кон барањето за нејзино издавање, времето на важење на потврдата и, што е уште побитно, се предвидува спроведување на претходна постапка во која осигуреникот се упатува на лекарски прегледи и испитување заради добивање лекарско мислење за неговата здравствена состојба. Со овие одредби очигледно е дека се навлегува во остварувањето на правото на итна медицинска помош на осигурените лица кои привремено престојуваат во странство и дека со нив се укажува на определено постапување кое не е утврдено ниту во Законот, ни во член 27 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство. Оттаму, не може да се смета дека со овие дописи, се врши доразработување на член 23 од овој Правилник, бидејќи овој член се однесува за користење на здравствени услуги на осигурените лица кои се упатени на привремена работа во стран ство од членот 30 став 2 од Законот, а не за користење на итна медицинска помош на осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, за кои случаи се однесуваат оспорените дописи.

Со оглед на тоа што со оспорените дописи на фондот фактички се уредуваат прашања кои по својот карактер и значење треба да бидат уредени со правилник, односно со општ акт на фондот како што на тоа упатува член 30 став 4 од Законот за здравственото осигурување, Судот оцени дека тие не се во согласност со наведениот член од Законот. Ова и од причини што оспорените дописи не само што немаат форма на правилник, туку истите се донесени и без согласност на министерот за здравство, каква што согласност е предвидена во истиот член од Законот.

Освен тоа, Судот оцени дека оспорените дописи не се во согласност и со членот 56 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, според кој утврдувањето и разработувањето на одделни одредби од законите заради нивно извршување се врши со правилник.

Имено, со оглед на тоа дека прашањата што се уредуваат во дописите на фондот се во функција на остварување на законско утврденото право на итна медицинска помош на осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, односно во земјите со кои

Република Македонија има склучено договор за социјално осигурување, а кои случаи посебно не се опфатени со Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство, Судот оцени дека со оспорените дописи всушност се врши дополнување на овој правилник, но во форма и постапка спротивна не само на членот 30 став 4 од Законот за здравственото осигурување, туку и на чле нот 56 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој еднакво важи и се однесува и за актите на организациите кои вршат јавни овластувања, каква што организација е и фондот за здравственото осигурување.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.55/2003)

**14. Колективни договори**

*14. Collective agreements*

# 116.

**- Колективен договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана**

*- Collective agreement for the regulation, that is, further regulation of the rights, obligations and responsibilities of being employed in the Ministry of Defence*

**- Министерот за одбрана е овластен со посебен акт да ги утврдува работните места на кои се извршуваат работи што се особено тешки, напорни и штетни по нивното здравје и работно време.**

*- The Minister of Defence is authorised to define, by a separate act, the jobs requiring the performance of matters that are particularly difficult, strenuous and detrimental to their health and working hours.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/92) на седницата одржана на 18 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 34 став 2 од Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и

одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана (" ;Службен весник на Република Македонија" бр.78/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата министерот за одбрана не можел самостојно да ги утврдува работните места на кои се извршуваат особено тешки, напорни и штетни по здравје работи ниту самостојно да утврдува работното време да биде покусо од полното работно време.

Имено, подносителот на иницијативата смета дека овие прашања треба да бидат уредени со закон, поради што ја оспорува законитоста на овој колективен договор во однос на Законот за работните односи.

3. Судот на седницата у тврди дека согласно членот 34 став 2 од оспорениот колективен договор, работните места на кои се извршуваат особено тешки, напорни и штетни по здравје работи, и работното време на истите го утврдува министерот со посебен акт во согласност со закон.

4. Согласно член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Врз основа на оваа уставна одредба е донесен Законот за работни односи и колективните договори од оваа област.

Така, согласно членот 2 од Законот за работните односи под работодавец се подразбира претпријатие и друго правно лице кое врши стопанска дејност, установа или друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единица на локалната самоуправа и друго домашно и странско физичко лице кое вработува работници.

Според член 3 од Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана, работодавец во смисла на овој колективен договор е Министерството претставено од министерот за одбрана.

Наведената одредба Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана, ја прецизира законската одредба со тоа што определува дека работодавец во смисла на овој договор е министерот за одбрана.

Од друга страна согл асно член 32 став 3 од Законот за работните односи одобрение за работа со скратено работно време за работите од став 3 на овој член дава органот на државната управа надлежен за работите на трудот, по претходно прибавено мислење од организацијата за медицина на трудот и од инспекцијата на трудот.

Од наведената одредба, се гледа дека законодавецот таксативно ги набројал особено тешките, напорните и штетните по здравје работи кои се извршуваат со скратено работно време, при што генерално определил дека одобрение за овој вид работа дава органот на државната управа надлежен за работите на трудот (во случајов: министерство за труд и социјална политика) по претходно прибавено мислење од организацијата за медицина на трудот и од инспекцијата на трудот.

Имајќи ги предвид наведените одредби, Судот оцени дека начелно, со Законот за работни односи се определува кои работи се сметаат за особено тешки, напорни и штетни по здравјето и дека со колективен договор (во случајов оспорениот договор) можат да се доуредат правата на работниците и нивната положба.

Така, со оспорениот Колективен договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана, министерот за одбрана и Самостојниот синдикат на вработените во одбрана, согласно со Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и другите правни лица кои вршат нестопански дејности, ги доуределе правата, обврските и одговорностите од работниот однос, обемот и начинот на нивното остварување и други одредби за прашања од интерес на работниците, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните односи.

Во тој контекст, меѓу другото, го уредиле и прашањето за работното време.

Имено, во членот 33 став 1 алинеја 1 од Колективниот договор, предвидле работното време да може да трае пократко од

полното работно време за работници кои работат на особено тешки, напорни и штетни по здравје работи, а чие штетно влијание врз нивното здравје, односно работната способност не може во целост да се отстрани со заштитни мерки во Министерството.

Како такви, се предвидени истите работи што се предвидени и во Законот за работните односи.

Притоа, во оспорениот колективен договор е предвидено дека овие работни места ги утврдува министерот за одбрана со посебен акт, во согласност со закон.

При заземањето став дека Министерот за одбрана е овластен со посебен акт да ги утврдува работните места на кои се извшруваат работи што се особено тешки, напорни и штетни по здравје и работното време на истите, Судот имаше предвид дека општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и другите правни лица кои вршат нестопанска дејност, предвидува почетокот, распоредот и завршетокот на работното време да се уредува покрај со Законот и со актот на органот на државната управа од соодветна област.

Во случајов тоа е актот на министерот за одбрана како што предвидува член 34 став 2 од Колективниот договор за уредување односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана.

Од тие причини, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста и законитоста на членот 34 став 2 од оспорениот колективен договор.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.61/2003)

# 117.

**- Утврдување критериуми за престанок на работниот однос како "технолошки вишок" со Колективен договор на ниво на работодавец (Фонд за здравствено осигурување)**

*- Definition of criteria for termination of employment as a “redundancy” with a Collective Agreement at the level of an employer (Health Insurance Fund)*

**- Прашањата од работен однос, вклучувајќи го и прашањето за престанок на работниот однос во случај на економски, технолошки, структурални или слични промени се уредуваат со закон и колективни договори. Со колективниот договор на Фондот за здравствено осигурување се операционализира законското овластување на работодавецот да утврди објективизирани мерила (критериуми) како основа за утврдување на бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос како технолошки вишок.**
**Предвидувањето претставник на синдикатот, како и работник кој се наоѓа во потешка здравствена состојба, односно инвалид на труд и работник со професионално заболување да имаат приоритет да го задржат работното место е израз на афирмативниот однос на државата кон оваа категорија работници.**

*- The employment issues, including the issue of termination of employment in case of economic, technological, structural, or similar changes are regulated by law and collective agreements. The collective agreement of the Health Insurance Fund operationalises the legal authorisation of the employer to define objective measures (criteria) as a basis for the determination of the number and structure of workers who shall have their employment terminated as a redundancy.*

*The envisagement that a representative of the union, as well as a worker in a more difficult health condition, that is, a disabled worker and a worker with an occupational disease shall have a priority to maintain the job is an expression of the affirmative attitude of the state towards this category of workers.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 18 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 92 и 95 став 1 точка 6 од Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на работниците на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр.04-4198/1 склучен на 26 мај 2003 година.

2. Кире Сотироски од Крушево и Јулијана Димитровска од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од колективниот договор означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителите на иницијативата, оспорениот член 92 од Колективниот договор не бил во согласност со членовите 1 став 1, членот 9 и 32 став 2 од Уставот на Република Македонија, членот 8-а од Законот за работните односи и членот 119 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Според нив, предметната одредба од Колективниот договор утврдувала одредени критериуми врз основа на кои се врши бодирање на работниците на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, а кои во основа не можеле да претставуваат легитимна основа врз која ќе се врши бодирањето и отпуштањето на работниците поради овие причини.

Имено, критериумите "стручна подготовка и квалификација" и " работно искуство" не можеле да претставуваат критериуми за престанок, туку само за засновање на работен однос. "Успешноста во работењето" бил критериум кој оставал голем простор за дискреционо одлучување на работодавецот и можност за самоволие, субјективизам и необјективност во одлучувањето. Критериумите "вкупен работен стаж"и "работен стаж во Фондот"; оставале можност за дискриминација при што се привилегирале оние работници кои имале подолг работен стаж во Фондот одошто оние со подолг вкупен работен стаж. Критериумите "возраст", "здравствена состојба" и "економска социјална состојба" биле во несогласност со членовите 9 став 2 и 32 став 2 од Уставот на Република Македонија, како и со членот 8-а од Законот за работните односи.

Во однос на членот 95 став 1 точка 6 од наведениот колективен договор, подносителите на иницијативата сметаат дека истиот не бил во согласност со членот 8-а од Законот за работните односи, од причина што претставник на синдикатот не можел да има предност и истиот да го задржи работното место пред другите работници кои не се членови на синдикатот.

Подносителите бараат Судот да донесе времена мерка за запирање од извршување на Одлуката за престанок на работниот однос со отказ на работници поради економски и структурални промени во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр.02-6338/3 од 23 јули 2003 година.

3. Судот на седницата утврди дека членот 91 од Колективниот договор ги утврдува критериумите врз основа на кои ќе се утврди бројот на структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени во Фондот за здравствено осигурување, и тоа: стручна подготовка и квалификација; работно искуство; успешноста на работењето; видот и значењето на работното место; вкупен работен стаж и стаж во Фондот, возраст, здравствена состојба и економско-социјална состојба.

Оспорениот член 92 понатаму ги систематизира овие критериуми, предвидувајќи подгрупи во рамките на еден критериум и предвидува нивно соодветно бодирање.

Членот 95 го уредува прашањето како ќе се постапи во случај ако работниците се наоѓаат во иста положба врз основа на

наведените критериуми. Така, доколку по основ на претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат: работничка за време на бременост и со дете до две години; самохран родител, односно посвоител на дете до 7 години; родител со потешко хендикепирано дете; инвалид на трудот и работници со професионално заболување; еден од брачните другари што се вработени кај ист работодавец; претставник на синдикатот; и работник кој е до 5 години пред одење во пензија. Она што е предмет на оспорување со иницијативата е точката 6 од оваа одредба, според која предност да го задржи работното место ќе има претставникот на синдикатот.

4. Согласно член 1 став 1 од Уставот, Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Во членот 9 од Уставот е утврден принципот на еднаквост на граѓаните во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, при што во ставот 2 од овој член е предвидено дека граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Членот 32 од Уставот е поместен во делот кој се однесува на економските, социјалните и културните права, при што го уредува правото на работа. Така, согласно ставот 2 од овој член, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Согласно ставот 5 на овој член, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Основната законска одредба на која се заснова иницијативата е членот 8-а од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1993; 14/1995; 53/1997; 21/1998; 25/2000; 3/2001; 50/2001; 25/2003; 40/2003) донесен со измената на Законот во април 2003 година. Согласно ставот 1 од оваа одредба, работодавецот не смее лицето кое бара вработување (кандидат) или работникот, да го стави во нееднаква правна положба поради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикати, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба или поради други лични околности.

Согласно членот 2 од Законот за работните односи, работниот однос се уредува со овој или со друг закон и колективен договор. Согласно членот 3 став 2, работниот однос може да престане само на начин и под услови утврдени со закон.
Членот 105 од Законот ги уредува начините на престанок на работниот однос, при што меѓу другото предвидува дека работниот однос може да престане и поради економски, технолошки, структурални или слични промени.

Во член 129 став 1 од Законот за работните односи е определено дека структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени се утврдува врз основа на критериумите утврдени со колективниот договор на ниво на работодавец, односно со колективен договор на ниво на гранка, доколку работодавецот има потпишано таков договор. Во ставот 2 од овој член е предвидено дека со колективен договор се утврдуваат условите и критериумите за заштита на инвалидните лица во случај на престанок на работниот однос со отказ во смисла на став 1 од овој член.

Според член 77 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност ("Службен весник на Република Македонија бр.39/1994, 47/2000 и 73/2001), бројот и структурата на работниците на кои им престанува работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени се утврдува врз основа на критериумите: стручна подготовка и квалификација; работно искуство; успешност на работењето; вид и значење на работното место; работен стаж; возраст; здравствена состојба и економско-социјалната состојба. Иста содржина има и членот 110 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија бр.53/1995 и 11/1998).

Во член 79 од Општиот колективен договор, е определено дека со колективен договор на ниво на гранка, односно на ниво на работодавец се утврдуваат и други критериуми и нивно вреднување со бодови, преку кои се утврдува приоритет за задржување на работното место на работниците од член 77.

Според член 112 од Гранковиот колективен договор со колективен договор на ниво на работодавец, се утврдуваат и други критериуми и нивно вреднување со бодови, преку кои се утврдува приоритетот за задржување на работното место на работниците од член 110.

Членот 83 од Законот за работните односи предвидува посебна заштита за работниците кои извршуваат одредени активности во синдикатот. Така, согласно оваа одредба претставник на синдикалната организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба, вклучувајќи го и престанокот на неговиот работен однос поради членство во синдикат или учество во синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците, ако постапува во согласност со закон и колективен договор. Посебната заштита на претставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат.

Во членот 113 од Гранковиот колективен договор е предвидено доколку работниците на кои треба да им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, а врз основа на наведените критериуми, се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место ќе има и, меѓу другото , претставникот на синдикатот (предвидено е приоритет да има и инвалид на трудот и работниците со професионално заболување).

Имајќи ги предвид аргументите врз основа на кои подносителите на иницијативата го засноваат своето наоѓање дека членот 92 од Колективниот договор не е во согласност со наведените уставни и законски одредби, Судот оцени дека не постојат основи да се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одредба. Од анализата на наведените уставни и законски одредби произлегува дека прашањата од работен однос, вклучувајќи го и прашањето за престанок на работниот однос во случај на економски, технолошки, структурални или слични промени се уредуваат со закон и колективни договори (општ, гранков и на ниво на работодавец). Притоа, Законот за работните односи, како и колективните договори во оваа (нестопанска) сфера ги утврдуваат критериумите врз чија основа се утврдува бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос по овој основ. Покрај наведените критериуми утврдени со Закон, може да се утврдат и вреднуваат и други критериуми во зависност од природата и карактерот на работата кај конкретниот работодавец, како и да се

утврдат основи врз кои ќе се определи приоритет за задржување на работниците на работното место (врз основа на членот 79 од Општиот и член от 112 од Колективниот договор на ниво на гранка).

Работниот однос по својата правна природа претставува договорен однос помеѓу работникот и работодавецот. Предвидувањето на определени односи со колективен договор, како и обемот на правата на учесниците во колективното договарање, зависат од волјата на учесниците, при што колективниот договор не може да пропише помали права, ниту пак, да ги менува односите утврдени со закон, но може да ги разработува односите кои се точно определени со закон. Имено, спор ед мислењето на Судот, токму предметната одредба од Колективниот договор на Фондот за здравствено осигурување претставува операционализација на овластувањето на работодавецот да утврди објективизирани мерила (критериуми) како основа за утврдување на бро јот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос како технолошки вишок. Престанок на работниот однос по овој основ, врз основа на оспорената одредба, ќе му биде изречен на оној работник кој добил најмалку бодови во спроведената постапка за прогласување на технолошки вишок. Оттука, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласност на оспорената одредба со членот 9 од Уставот. Ова уште повеќе се однесува на оценувањето на уставноста на одредбата во однос на членот 32 став 2 од Уставот. Оваа одредба се однесува на достапноста на секое работно место секому под еднакви услови. Оспорениот член 92 од Колективниот договор ги предвидува бодовите врз чија основа ќе се вреднуваат работниците, а како основ за престанок на работниот однос. Тој воопшто не се однесува на, ниту го третира прашањето на достапност на работното место. Напротив, утврдената листа к ритериуми соодветно ги вреднува постојните работници и тие не служат како основ за пристап до (достапност на) работното место, туку само како основ за престанок на работниот однос. Тоа, во крајна линија, Уставот оставил да биде регулирано на начин и услови утврдени со закон и колективен договор (член 32 став 5 од Уставот).

Што се однесува до членот 8-а од Законот за работните односи, според мислењето на Судот оваа одредба се однесува на прашањето за достапност, односно пристап на граѓаните до работните места. Во оваа одредба, Законот зборува дека работодавецот не смее кандидатот за работното место, ниту работникот да го стави во нееднаква положба ниту по еден од основите наведени во одредбата. Оваа одредба не се однесува на

прашањето на престанок на работниот однос. Впрочем, оваа одредба е поместена во делот од Законот кој се однесува на условите за засновање на работен однос, а не и на ситуациите кои го решаваат прашањето на престанок на работниот однос.

Што се однесува до ставот на подносителите на иницијативата дека критериумите "вкупен работен стаж" и "работен стаж во Фондот" не биле во согласност со членот 119 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1993; 14/1995; 71/1996; 32/1997; 24/2000; 96/2000; 5/2001; 50/2001; 85/2003) кој утврдува што се смета во стаж на осигурување, според мислењето на Судот подносителите на иницијативата имплицитно бараат Судот да даде толкување на одредбата и да определи што всушност претставува поимот " работен стаж", што не спаѓа во надлежност на Судот. Исто така, не може да се постави прашањето за согласност на овие критериуми со начелото на еднаквост, затоа што се работи за два, по квалитет различни критериуми кои уредуваат различна состојба (стаж остварен во Фондот и вкупен работен стаж остварен кај различни работодавци). Судот оцени дека утврдувањето на критериумот работен стаж во Фондот, покрај утврдениот критериум вкупен работен стаж, не го повредува уставниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, поради тоа што секој работник добива еднаков број бодови за секоја измината година во Фондот, а во интерес на работодавецот е да ги задржи на работа работниците со подолг работен стаж во Фондот кои имаат поголемо работно искуство на конкретни работни места.

Судот, исто така, оцени дека не постојат ниту основи за поведување постапка за оценување на законитоста на членот 95 став 1 точка 6 од Колективниот договор кој се оспорува од аспект на членот 8-а од Законот за работните односи. Ако се анализира дикцијата на членот 83 од Законот за работните односи може да се заклучи дека законодавецот предвидел посебен степен на заштита на работникот кој е вклучен во синдикални активности, а чиј активизам не треба да претставува отежнувачка околност во остварување на неговите права од работен однос. Така, претставникот на синдикатот, не само што не смее да трпи посебни негативни последици од својот синдикален ангажман, туку уште повеќе, законодавецот предвидел еден афирмативен однос кон неговиот синдикален ангажман и предвидел заштитна клаузула која треба да ги оневозможи евентуалните негативни последици кои тој би ги трпел како последица на своето синдикално дејствување или членување. Неоснованоста на

наводите на иницијативата доаѓаат уште повеќе до израз ако се има предвид фактот дека членот 8-а од Законот не се однесува на ситуациите на престанок на работниот однос, туку на засновање и траење на работниот однос.

Ваквиот афирмативен однос може да се забележи и во однос на критериумот " здравствена состојба". Имено, не може да се постави прашањето за согласност на овој критериум со уставниот принцип на еднаквост на граѓаните, од причина што со колективните договори (гранков и на ниво на работодавец) е предвиден релативно "поблаг" однос на работодавецот спрема оние работници кои се наоѓаат во потешка здравствена состојба. Така, не само што е предвидено поголем број бодови да добие работникот кој има професионално заболување во врска со работата, односно инвалидност во врска со работата, во однос на оние работници кои имаат некаква инвалидност настаната од други причини (значи ги преферира работниците кои имаат некакво заболување стекнато како последица на работатата), туку исто така е предвидено приоритет при задржување на работното место да имаат инвалид на трудот и работници со професионално заболување. Со тоа, според мислење на Судот доаѓа до израз социјалниот карактер на државата утврден во членот 1 став 1 од Уставот на Република Македонија, при што државата го изразува својот афирмативен однос спрема оваа категорија работници на начин што предвидува поголем степен на заштита на работниците кои се наоѓаат во полоша здравствена состојба.

5. Со оглед на тоа што не постојат основи Судот да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на предметната одредба, не се исполнети процесните претпоставки Судот да ја запре од извршување наведената одлука на Фондот за здравствено осигурување.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов, со тоа што решението во однос на членот 92 го донесе едногласно, а решението во однос на членот 95 став 1 точка 6 го донесе со мнозинство гласови. (У.бр.163/2003)

# 118.

**- Дисциплински мерки (поведување на постапка)**

*- Disciplinary measures (instigation of a procedure)*

**- Одредбите од Колективниот договор склучен на ниво на гранка со кои се утврдува дека неодговорното однесување на работникот повлекува негова одговорност за сторена повреда на работните обврски утврдени со закон, колективен договор и колективен договор на ниво на работодавец се во согласност со Уставот и со Законот за работните односи.**

*- The provisions in the Collective Agreement concluded at the level of a branch defining that the irresponsible conduct of a worker results in his/her responsibility for a committed violation of working obligations defined by law, collective agreement and a collective agreement at the level of an employer, are in accordance with the Constitution and the Law on Labour Relations.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 18 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 88 став 2, поднасловот "Дисциплински мерки" и член 89, поднасловот "1.Јавна опомена" и член 90 и поднасловот "2. Парична казна" и члeновите 91 и 92 од Колективниот договор за шумарството и дрвната индустрија на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/1994).

2. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на поднасловот "Одговорност за повреда на работните бврски" и член 88 став 1 од колективниот договор означен во точката 1 од ова решение.

3. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од колективниот договор означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека оспорените поднаслови и одредби од овој колективен договор не соодветствувале со одредбите на членовите 109 до 124 од Законот за работните односи, ниту, пак, со членовите 59 до 67 од Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија, затоа што во нив повеќе немало дисциплинска одговорност, ниту дисциплински мерки парична казна, јавна опомена и престанок на работниот однос, туку имало само престанок на работниот однос со отказ, кој може да се замени и со парична казна, согласно член 116 од Законот за работните односи.

Поради тоа, подносителот на иницијативата смета дека со оспорените поднаслови и одредби од означениот колективен договор се повредувал член 8 став 1 алинеја 3, член 32 став 5 и член 51 од Уставот, како и напред наведените членови од Законот за работните односи и Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека во Колективниот договор за шумарството и дрвната индустрија, оспорените поднаслови и членови се утврдени во рамките на делот IX насловен како "Општи обврски на работниците".

Поднасловот "Одговорност за повреда на работните обврски" го опфаќа членот 88 во чиј став 1 е утврдено дека неодговорното однесување повлекува и одговорност на работникот за сторената повреда на работните обврски утврдени со закон, колективен договор и колективен договор на ниво на работодавец. Во ставот 2 на овој член е утврдено дека дисциплинската одговорност на работникот се утврдува со овој колективен договор и колективниот договор на ниво на работодавец.

Поднасловот "Дисциплински мерки" ги опфаќа членовите 89, 90, 91 и 92. Во членот 89 е предвидено дека за повреда на

работните и други обврски на работнкот може да му се изрече една од следните дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна и престанок на работен однос. Мерките од став 1 на овој член може да му се изречат на секој работник без оглед на посебните овластувања или одговорности што ги има тој работник, освен за генералниот директор.

Во членот 91 кој се однесува на јавната опомена, како една од можните дисциплински мерки предвидени во членот 89, е утврдено дека оваа мерка може да се изрече за лесни повреди на работните обврски утврдени со колективниот договор на ниво на претпријатие. Заклучок за објавување на конечната одлука донесува органот кој ја изрекол мерката јавна опомена.

Според членот 91, паричната казна може да се изрече за секоја повреда на работните обврски. Според членот 92 став 1 паричната казна може да се изрече најмногу во висина од 15% од аконтацијата на месечната плата на работникот во траење од еден до шест месеци. Според ставот 2 на овој член аконтацијата на платата на работникот остварена во месецот во кој е изречена одлуката се зема како основа за утврдување на висината на паричната казна.

5. Во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е утврдено начелото – владеење на правото.

Според член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на работниците и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно изречното уставно овластување, содржано во наведениот член од Уставот, со Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1993, 14/1995, 53/1997, 21/1998, 25/2000, 3/2001, 50/2001, 25/2003 и 40/2003), на општ начин е уредено остварувањето на правата, обврските и одговорностите на работникот и работодавецот од работен однос. Освен тоа, правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос, како и начинот на нивното остварување и други прашања од интерес за работниците и работодавците од стопанството и нестопанството (јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност) се уредени и во општите колективни договори склучени на ниво на Републиката.

Определени права, обврски и одговорности од работниот однос на специфичен начин се уредени и со други закони и со колективни договори склучени на ниво на гранка, каков што е и колективниот договор чии одредби се оспоруваат со оваа иницијатива, како и со колективен договор на ниво на работодавец.

Од аспект на причините поради кои се оспоруваат наведените одредби од Колективниот договор од особено значење е членот 4 од Законот за работните односи. Според овој член од Законот, работникот е должен да ги исполнува обврските што произлегуваат од работниот однос, а за повреда на работните обврски и причинетата штета работникот одговара лично според одредбите на закон и колективен договор.

Од овој аспект, исто така, значајни се и одредбите на членовите од 106 до 133 од Законот за работните односи, во кои се утврдуваат основите и условите за престанок на работниот однос, меѓу кои е утврден и престанок на работниот однос со отказ од страна на работодавецот. Така, според членот 111 од Законот, работниот однос на работникот со отказ од страна на работодавецот престанува ако работникот е неспособен да ги извршува работните задачи утврдени со закон, колективен договор и договор за работа или ако ја крши работната дисциплина и работниот ред.

Притоа, во Законот за работните односи  освен што во членот 114 се утврдени условите под кои работниот однос на работникот може да му престане со отказ во случај кога работодавецот не е задоволен од извршување на работните обврски, и што во член 115 се утврдуваат случаите на кршење на работната дисциплина и неисполнување на обврските поради кои работниот однос на работникот, исто така, може да му престане со отказ од страна на работодавецот, не се содржани посебни одредби за тоа кој орган во име на работодавецот и во која постапка  ќе ја утврди неспособноста, односно неисполнувањето на работните обврски на работникот и кршењето на работната дисциплина и работниот ред, какви што се на пример, во член 99, за утврдувањето на штетата што работникот по своја вина ја направил на работодвецот, за која е утврдена материјална одговорност.

Во оваа смисла, Законот за работните односи единствено содржи решение дека одлуката за престанок на работниот однос на раководни работници со отказ, на предлог на работоводниот орган донесува органот на управување, односно работодавецот (член 118) и дека за престанок на работниот однос со отказ на работник со над 25

години работен стаж или со најмалку 20 години непрекината работа кај ист работодавец одлучува органот на управување.

За разлика од Законот, Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија ("Службен весниик на Република Македонија" бр.29/1994 и 87/2001) содржи поконкретни одредби за наведените прашања. Имено, според членот 61 став 1 од овој колективен договор, работниот однос на работникот може да му престане со отказ поради кршење на работната дисциплина или поради неисполнување на обврските од работата доколку кршењето на работната дисциплина или неисполнувањето на обврските од работа е утврдено од страна на работодавецот, односно работоводниот орган или од него определено лице. Според ставот 2 на овој член, на работникот му се овозможува да се изјасни за наводите изнесени како причина за престанок на работниот однос. Освен тоа, во членовите 63 и 64 од овој колективен договор, се утврдени и роковите во кој работодавецот може да ја донесе одлуката за престанок на работниот однос, што, исто така, не е уредено со Законот за работните односи.

Од сето напред наведено, меѓу другото, може да се констатира дека одговорноста на работникот за повреда на работните обврски што произлегуваат од работниот однос начелно е утврдена во членот 4 од Законот за работните односи, а во другите одредби се утврдува дека поради неисполнување на овие обврски, на работникот може да му престане работниот однос со отказ од страна на работодавецот под условите утврдени со закон и колективен договор. Случаите на кршење на работните обврски, како и кршењето на работната дисциплина и работниот ред, поради кои на работникот може да му престане работниот однос со отказ на работодавецот, освен оние што се утврдени во Законот за работните односи, согласно овој закон може да се утврдуваат и со друг закон и со колективен договор.

Разгледувајќи го оспорениот поднаслов "Одговорност за повреда на работните обврски" и членот 88 став 1 од Колективниот договор во контекст на изнесеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на овие одредби со Уставот и со Законот за работните односи, бидејќи одговорноста на работникот е законски утврдена можност, а повредите на работните обврски поради кои на работникот може да му престане работниот однос со отказ, и согласно Уставот и согласно Законот за работните односи,

освен со закон, може да се утврдуваат и со колективен договор, на што се упатува и во овие оспорени одредби од Колективниот договор.

Во однос на оспорениот став 2 на член 88 од овој колективен договор, пред Судот основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и со Законот за работните односи и тоа не само од причините поради кои се оспорува со иницијативата, туку и од други причини.

Имено, според мислењето на Судот, ставот 2 на член 88 од Колективниот договор и формално и суштински е спорен од уставен и законски аспект. Формално, затоа што во Законот за работните односи личната одговорност на работникот за повреда на работните обврски не е утврдена, односно дефинирана како "дисциплинска", а суштински, затоа што во овој став на член 88 се упатува дека оваа одговорност на работникот се утврдува со овој колективен договор и колективниот договор на ниво на работодавецот, а не и со закон и колективен договор на ниво на Републиката, како што произлегува од Уставот и Законот за работните односи во кој е разработена уставната определба за колективните договори. Ова и од причина што ваквата формулација на ставот 2 на членот 88 од Колективниот договор може да биде основа за утврдување на решенија кои не само што не се во функција на доуредување на одговорноста на работниците согласно Законот и Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија, туку и спротивни на нив. Потврда за тоа се веќе наредните членови 89 до 92 од овој колективен договор, кои, исто така, се оспоруваат со оваа иницијатива, а кои немаат основа ниту во Законот за работните односи, ни во Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија.

Имено, со оглед на тоа што во оспорените членови 89 до 92 од Колективниот договор се утврдуваат дисциплински мерки (јавна опомена, парична казна, престанок на работниот однос) кои што можат да му се изречат на работникот за повреда на работните и други обврски, Судот утврди дека и за овие членови, како и за посебно оспорените поднаслови: "Дисциплински мерки", "1. Јавна опомена" и "2. Парична казна", основано може да се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со Законот за работните односи, кој што, за разлика од претходниот Закон за работните односи, не познава систем на дисциплински мерки за повреда на работната дисциплина. Според концепцијата на Законот за работните односи, одговорноста на работникот за кршење на работната дисциплина или за неисполнување на обврските утврдени

со закон, колективен договор и договор за работа се "санкционира" само со престанок на работниот однос со отказ од страна на работодвецот (кој согласно член 116 од Законот отказот може да го замени со парична казна), а не и со изрекување на дисциплински мерки, како што се утврдува во наведените членови од овој колективен договор.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски,Махмут Јусуфи,Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов, со тоа што решението под точката 1 го донесе со мнозинство гласови, а решението под точката 2 едногласно. (У.бр.62/2003)

# 119.

**- Колективен договор на Јавното претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија "Електростопанство на Македонија" Скопје**

*- Collective Agreement of the Public Enterprise for the Production, Transmission and Distribution of Electricity “Elektrostopanstvo na Makedonija” - Skopje*

**- Писмено изразената волја на потписниците на колективниот договор за автоматско продолжување на договорот е услов за продолжување на колективниот договор утврден во самиот договор.**

*- The will of the signatories to the collective agreement, expressed in writing, in connection with automatic extension of the agreement is a condition to extend the collective agreement defined in the agreement itself.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на законитоста на членот 251 став 2 од Колективниот договор на Јавното претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија "Електростопанство на Македонија" Скопје, потпишан од претседателот на Управниот одбор на Јавното претпријатие и претседателот на Самостојниот синдикат на работниците од електростопанството на Македонија на 27 октомври 1998 година.

2. Валентина Јанаќијеска, Марјан Милески, Татјана Калевска, Томица Хлоупек, Горан Стојаноски и Диме Ѓорѓиоски од Кичево и Васко Костески од Битола на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативите се наведува дека според членот 250, овој договор е склучен на определено време од 3 (три) години од денот на потпишувањето, што значи дека овој договор е општ правен акт од темопорален карактер, бидејќи однапред било одредено времето на неговото важење. Според подносителите на иницијативата овој договор престанал да важи на 27 октомври 2001 година, кога истекло времето на важење од 3 (три) години, а потоа не било извршено продолжување на неговото важење согласно Законот за работните односи.

Според членот 251 став 1 од Договорот, важењето на овој договор можело да се продолжи со спогодба на учесниците, која што се склучувала најдоцна 30 дена пред истекот на важноста на договорот. Оваа одредба била во согласност со одредбата од член 95 став 2 од Законот за работните односи. Од истата одредба јасно се гледало дека спогодбата со која се продолжувала важноста на темпоралниот договор се регистрирала кај надлежниот орган од член 92 од Законот за работните односи. Понатамошната анализа на оваа

одредба упатувала на заклучок дека се работи за императивна одредба, со која потполно и прецизно се утврдувал начинот на продолжувањето на темпоралниот општ правен акт.

Спротивно на членот 95 став 2 од Законот за работните односи, со одредбата од членот 251 став 2 од Колективниот договор, се предвидувало автоматско продолжување на договорот како темпорален општ правен акт, доколку потписниците на договорот не покренале постапка за измена и дополнување 30 (триесет) дена пред истекот на важноста на истиот.

Законот за работните односи не дозволувал продолжување на темпорален договор по автоматизам, туку исклучиво и изречно со спогодба, по писмен пат. Општите правни акти од темопорален карактер не можело да се продолжат молкум и по принцип на автоматизам под никаков услов.

Врз основа на изнесеното, подносителите на иницијативата предлагаат Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на законитоста на одредбата од членот 251 став 2 од Колективниот договор.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 250 од Колективниот договор, овој договор се склучува за време од три години од денот на потпишувањето.

Членот 251 став 1 од Колективниот договор утврдува дека важењето на овој договор може да се продолжи со спогодба на учесниците која се склучува најдоцна 30 дена пред да истече важноста на овој договор.

Според оспорениот член 251 став 2 од Колективниот договор, доколку потписниците 30 дена пред истекот не поведат постапка за измена и дополнување на овој договор, важноста на овој договор автоматски се продолжува.

4. Со членовите 84 до 97 од Законот за работните односи е разработена материјата што се однесува на колективните договори и тоа на општите и гранските колективни договори, како и на колективните договори на ниво на работодавец.

Имајќи го предвид карактерот на оспорениот колективен договор, како и наводите содржани во иницијативата, Судот особено

внимание и посвети на законската регулатива што се однесува на колективните договори на ниво на работодавец.

Според членот 85 од Законот, колективен договор се склучува во писмена форма на неопределено или на определено време.

Оттука произлегува дека по својата правна природа, колективниот договор е формален акт кој задолжително се склучува во писмена форма и може да се склучи на неопределено или на определено време.

Согласно членот 90 од Законот, на ниво на работодавец колективен договор склучуваат управниот одбор или друг соодветен орган на управување утврден со закон, односно со статутот на работодавецот, односно работодавецот и синдикатот.

Членот 92 од Законот уредува дека општите и гранските колективни договори и нивните измени и дополнувања се регистрираат во органот на државната управа надлежен за работите на трудот и се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", за разлика од колективниот договор на ниво на работодавец кој се објавува на начин утврден во договорот.

Прашањето за престанок на важењето на колективниот договор е регулирано во членот 95 од Законот. Според овој член од Законот, колективниот договор престанува да важи со истекот на времето за кое е склучен. Важењето на колективниот договор може да се продолжи со спогодба на учесниците, која се склучува најдоцна 30 дена пред да истече важењето на колективниот договор и се регистрира кај надлежниот орган од член 92 на овој закон. Важењето на колективниот договор склучен на неопределено време може да престане со спогодба на учесниците на начин утврден со договор.

Во конкретниот случај, со оспорениот член 251 став 2 од Колективниот договор е изразена волјата на двата потписници на колективниот договор, според која важењето на колективниот договор автоматски се продолжува доколку потписниците на овој договор не поведат постапка за измена и дополнување на овој договор во рок од 30 дена пред истекот на важењето на овој договор.

Оттука произлегува дека писмено изразената волја на потписниците на колективниот договор за автоматско продолжување на договорот е услов за автоматско продолжување на колективниот

договор утврден во самиот колективен договор, поради што Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на членот 251 став 2 од Колективниот договор со одредбите од Законот за работните односи.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.6/2004)

# 120.

**- Дисциплински мерки**

*- Disciplinary measures*

**- Одредбите од Колективниот договор склучен на ниво на гранка со кои се утврдува дека неодговорното однесување на работникот повлекува негова одговорност за сторена повреда на работните обврски утврдени со закон, колективен договор и колективен договор на ниво на работодавец се во согласност со Уставот и со Законот за работните односи.**

*- The provisions in the Collective Agreement concluded at the level of a branch defining that an irresponsible conduct by a worker results in his/her responsibility for a committed violation of working obligations defined by law, collective agreement and collective agreement at the level of an employer, are in accordance with the Constitution and the Law on Labour Relations.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 31 март 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ член 88 став 2, поднасловот "Дисциплински мерки", член 89, поднасловот "1.Јавна опомена", член 90, поднасловот "2. Парична казна" и членовите 91 и 92 од Колективниот договор за шумарството и дрвната индустрија на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/1994).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по поднесена иницијатива од Стамен Филипов од Скопје со решение У.бр.62/2003 од 18 февруари 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од Колективниот договор означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со Законот за работните односи.

4. Судот на седницата утврди дека во Колективниот договор за шумарството и дрвната индустрија, оспорените поднаслови и членови се утврдени во рамките на делот IX насловен како "Општи обврски на работниците".

Поднасловот "Одговорност за повреда на работните обврски" го опфаќа членот 88 во чиј став 1 е утврдено дека неодговорното однесување повлекува и одговорност на работникот за сторената повреда на работните обврски утврдени со закон, колективен договор и колективен договор на ниво на работодавец. Во ставот 2 на овој член е утврдено дека дисциплинската одговорност на работникот се утврдува со овој колективен договор и колективниот договор на ниво на работодавец.

Поднасловот "Дисциплински мерки" ги опфаќа членовите 89, 90, 91 и 92. Во членот 89 е предвидено дека за повреда на работните и други обврски на работникот може да му се изрече една од следните дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна и престанок на работен однос. Мерките од став 1 на овој член може да му се изречат на секој работник без оглед на посебните овластувања или одговорности што ги има тој работник, освен за генералниот директор.

Во членот 91 кој се однесува на јавната опомена, како една од можните дисциплински мерки предвидени во членот 89, е утврдено дека оваа мерка може да се изрече за лесни повреди на работните обврски утврдени со колективниот договор на ниво на претпријатие. Заклучок за објавување на конечната одлука донесува органот кој ја изрекол мерката јавна опомена.

Според членот 91, паричната казна може да се изрече за секоја повреда на работните обврски. Според членот 92 став 1 паричната казна може да се изрече најмногу во висина од 15% од аконтацијата на месечната плата на работникот во траење од еден до шест месеци. Според ставот 2 на овој член аконтацијата на платата на работникот остварена во месецот во кој е изречена одлуката се зема како основа за утврдување на висината на паричната казна.

5. Во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е утврдено начелото – владеење на правото.

Според член 32 став 5 од Уставот, остварувањето на правата на работниците и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно изречното уставно овластување содржано во наведениот член од Уставот, со Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1993, 14/1995, 53/1997, 21/1998, 25/2000, 3/2001, 50/2001, 25/2003 и 40/2003), на општ начин е уредено остварувањето на правата, обврските и одговорностите на работникот и работодавецот од работен однос.

Според членот 4 од овој закон работникот е должен да ги исполнува обврските што произлегуваат од работниот однос, а за повреда на работните обврски и причинетата штета работникот одговара лично според одредбите на закон и колективен договор.

Во членовите од 106 до 133 од Законот се утврдуваат основите и условите за престанок на работниот однос, меѓу кои е утврден и престанок на работниот однос со отказ од страна на работодавецот. Така, според членот 111 од Законот, работниот однос на работникот со отказ од страна на работодавецот престанува ако работникот е неспособен да ги извршува работните задачи утврдени со закон, колективен договор и договор за работа или ако ја крши работната дисциплина и работниот ред.

Притоа, во Законот за работните односи не се содржани посебни одредби за тоа кој орган во име на работодавецот и во која постапка ќе ја утврди неспособ-носта, односно неисполнувањето на работните обврски на работникот и кршењето на работната дисциплина и работниот ред, какви што се на пример, во член 99, за утврдувањето на штетата што работникот по своја вина ја направил на работодвецот, за која е утврдена материјална одговорност.

Во оваа смисла, Законот за работните односи единствено содржи решение дека одлуката за престанок на работниот однос на раководни работници со отказ, на предлог на работоводниот орган донесува органот на управување, односно работодавецот (член 118) и дека за престанок на работниот однос со отказ на работник со над 25 години работен стаж или со најмалку 20 години непрекината работа кај ист работодавец одлучува органот на управување.

За разлика од Законот, Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.29/1994 и 87/2001) содржи поконкретни одредби за наведените прашања. Имено, според членот 61 став 1 од овој колективен договор, работниот однос на работникот може да му престане со отказ поради кршење на работната дисциплина или поради неисполнување на обврските од работата доколку кршењето на работната дисциплина или неисполнувањето на обврските од работа е утврдено од страна на работодавецот, односно работоводниот орган или од него определено лице. Според ставот 2 на овој член, на работникот му се овозможува да се изјасни за наводите изнесени како причина за престанок на работниот однос. Освен тоа, во членовите 63 и 64 од овој колективен договор, се утврдени и роковите во кои работодавецот може да ја донесе одлуката за престанок на работниот однос, што, исто така, не е уредено со Законот за работните односи.

Од сето напред наведено, меѓу другото, може да се констатира дека одговорноста на работникот за повреда на работните обврски што произлегуваат од работниот однос начелно е утврдена во членот 4 од Законот за работните односи, а во другите одредби се утврдува дека поради неисполнување на овие обврски на работникот може да му престане работниот однос со отказ од страна на работодавецот под условите утврдени со закон и колективен договор. Случаите на кршење на работните обврски, како и кршењето на работната дисциплина и работниот ред, поради кои на работникот може да му престане работниот однос со отказ на работодавецот, освен оние што се утврдени во Законот за работните односи, согласно овој закон може да се утврдуваат и со друг закон и со колективен договор.

Разгледувајќи го членот 88 став 2 од Колективниот договор во контекст на изнесеното, Судот оцени дека тој не е во согласност со Уставот и со Законот за работните односи и формално и суштински. Формално, затоа што во Законот за работните односи личната одговорност на работникот за повреда на работните обврски не е утврдена, односно дефинирана како "дисциплинска", а суштински, затоа што во овој став на член 88 се упатува дека оваа одговорност на работникот се утврдува со овој колективен договор и колективниот договор на ниво на работодавецот, а не и со закон и колективен договор на ниво на Републиката, како што произлегува од Уставот и Законот за работните односи во кој е разработена уставната определба за колективните договори.

Во однос на членовите 89 до 92 од Колективниот договор во кои се утврдуваат дисциплинските мерки јавна опомена, парична казна и престанок на работниот однос, кои што можат да му се изречат на работникот за повреда на работните и други обврски, Судот утврди дека истите не се во функција на доуредување на прашањето за одговорноста на работниците согласно Законот за работните односи, кој што, за разлика од претходниот Закон за работните односи, не познава систем на дисциплински мерки за повреда на работната дисциплина. Имено, според концепцијата на Законот за работните односи, одговорноста на работникот за кршење на работ-ната дисциплина или за неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор и договор за работа се "санкционира" само со престанок на работниот однос со отказ од страна на работода-вецот (кој согласно член 116 од Законот отказот може да го замени со парична казна), а не и со изрекување на

дисциплински мерки, како што се утврдува во овие членови од Колективниот договор.

Од тие причини Судот оцени дека членовите 89, 90, 91 и 92, како и поднасловите "Дисциплински мерки", "1. Јавна опомена" и "2. Парична казна" од овој колективен договор не се во согласност со Уставот и Законот за работните односи.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски,Махмут Јусуфи,Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.62/2003)

# 121.

**- Колективен договор на А.Д. за телекомуникации "Македонски телекомуникации " Скопје**

*- Collective Agreement of the telecommunications joint-stock company A.D. “Makedonski telekomunikacii” Skopje*

**- Не може да се постави прашањето за уставноста на одредба која предвидува важење на правниот акт до донесување на нов.**
**Не е во несогласност со Уставот на Република Македонија роковите за остварувањето на правата на работниците од работниот однос да се разликуваат од роковите предвидени во Законот за облигационите односи.**

*- There may not be a question as to the constitutionality of a provision envisaging validity of the legal act until the adoption of a new one.*
*The difference between the time limits for the realisation of the rights of workers from labour relations and the time limits envisaged in the Law on Obligation Relations*

*is not in contradiction with the Constitution of the Republic of Macedonia.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 172 став 4 од Колективниот договор на Акционерското друштво за телекомуникации - Македонски телекомуникации - Скопје, склучен меѓу АД за телекомуникации Македонски телекомуникации и Синдикалната организација на Македонски телекомуникации на 8 март 2002 година.

2. Дејан Кнезовиќ од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата одредбата од член 172 став 4 од Колективниот договор била несогласна со Уставот и со Законот затоа што предвидувала до склучување на нов колективен договор, да важат одредбите од овој договор.

Имено, тој смета дека оваа одредба од Колективниот договор била несогласна со членот 103 став 3 од Законот за работни односи од аспект на престанок на важење на колективниот договор, затоа што според оваа законска одредба важењето на колективниот договор склучен на неопределено време можел да престане со спогодба на учесниците на начин утврден со договор.

Според него, одредбата од член 172 став 4, исто така, била во колизија со општите принципи на правниот систем и слободата на договарањето ако се имало предвид дека согласно член 347 од Законот за облигационите односи, договорните односи на неопределено време можеле да бидат еднострано откажани со соодветен отказен рок, што можело по аналогија да се примени и на

целината на договорното право, а со тоа и на колективното договарање.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот 172 став 4 од Колективниот договор до склучувањето на нов колективен договор важат одредбите од овој договор.

4. Согласно член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закони и со колективни договори.

Согласно член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот, Судот одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Од наведените одредби од Уставот произлегува дека со колективните договори се уредуваат правата на вработените и нивната правна положба и дека овие колективни договори мораат да бидат во согласност со Уставот и законите.

Понатаму, согласно членот 84 од Законот за работни односи со колективен договор, во согласност со закон и со други прописи, се доуредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и на работодвецот од работен однос, како и обемот и начинот на остварување на правата и обврските и другите одредби за прашања од интерес за работниците и работодавецот, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Согласно членот 85 од овој закон, колективниот договор се склучува во писмена форма на неопределено или на определено време.

Одредбата од членот 86 од Законот предвидува дека колективниот договор не може да содржи одредби со кои на работниците им се утврдуваат помали права или понеповолни услови за работа од правата и условите утврдени со закон, а ако содржи такви одредби се применуваат соодветните одредби од законот.

Согласно членот 89 од Законот на ниво на гранка колективен договор склучуваат надлежната организација на синдикатот и надлежната организација на работодавците определени со статутот на организацијата на синдикатот и на организацијата на работодавците.

Во членот 95 став 1 од Законот е предвидено дека колективниот договор престанува да важи со истекот на времето за кое е склучен.

Ставот 3 на овој член од Законот предвидува дека важењето на колективниот договор склучен на неопределено време може да престане со спогодба на учесниците на начин утврден со договорот.

Од наведените одредби од Законот за работни односи произлегува дека: со колективните договори, во согласност со закон, се доуредуваат правата и должностите на работниците од работниот однос; колективните договори се склучуваат на неопределено и определено време; со колективниот договор не може на работниците да им се утврдуваат помали права од оние утврдени со Законот за работни односи и дека колективниот договор склучен на неопределено време може да престане со спогодба на учесниците при што Законот упатува начинот на престанување да се утврди во договорот.

Во конкретниов случај, оспорениот колективен договор е склучен на неопределено време со тоа што истиот го предвидува начинот на неговото престанување, односно предвидува можност учесниците да го откажат важењето на овој договор со тоа што откажувањето треба да се соопшти три месеци однапред.

Оспорената одредба, пак, од членот 172 став 4 од Колективниот договор спаѓа во главата на преодните и завршните одредби со кои, како што е познато се уредува преодниот режим на кој ќе се изврши преоѓањето од постоечките нови правни норми.

Од тие причини, Судот оцени дека одредбата од членот 172 став 4 од Колективниот договор со која се предвидува дека до склучувањето на нов колективен договор важат одредбите од овој договор е согласна со Уставот и со Законот.

Во однос на прашањето покренато во иницијативата дека Колективниот договор е несогласен со членот 347 од Законот за облигационите односи, Судот оцени дека наводите не се основаат поради следното:

Со колективен договор се уредуваат прашања во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос.

Со Законот за облигационите односи се уредуваат основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги.

Посочената одредба, пак, од членот 347 од Законот спаѓа во главата Истек на време, отказ, односно во подглавата Отказ на траен долговен однос.

Така, ставот 1 на член 347 од овој закон предвидува дека ако времето на траењето на долговниот однос не е определено, секоја страна може да го прекине со отказ.

Понатаму во ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член од Законот се уредува начинот и постапката во врска со рокот за давањето отказ за прекинување на долговниот однос.

Имајќи ги предвид наведените одредби за Судот е неспорно дека подносителот на иницијативата ги става под заеднички именител правата на работникот од работниот однос со облигационите односи во прометот на стоки и услуги, па оттука го повикува во игра членот 347 од Законот за облигационите односи поврзувајќи го престанувањето на колективниот договор со роковите за отказ поради траен долговен однос.

Од тие причини, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста и законитоста на одредбата од ставот 4 на член 172 од оспорениот колективен договор.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.41/2004)

# 122.

**- Колективен договор за основно образование (распоредување на наставници кои живеат во град, а работат подолго на село)**

*- Collective Agreement for elementary education (assignment of teachers living in a city, and working for a longer period of time in the country)*

**- Со тоа што со оспорената одредба при распоредување на работник се дава приоритет само на наставници, а не и на други професии како што се стручни работници и воспитувачи, се нарушува начелото на еднаквост и достапност на секое работно место секому под еднакви услови.**

*- The provision contested, which envisages that in the assignment of a worker priority is given only to teachers, and not to other professions as well, such as expert associates and educators, violates the principle of equality and accessibility of each job to each person under the same conditions.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 14 став 1 алинеја 2 во делот "при што приоритет имаат наставници кои живеат во град, а работат подолго на село" од Колективниот договор за основно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/1995).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Ристо Иванов од Стојаково со Решение У.бр.14/2004 од 7 април 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 110 став 1 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на прописите и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во членот 32 став 2 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека секому, под еднакви услови му е достапно секое работно место. Во ставот 5 од истиот член е предвидено дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно уставните одредби остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Во членовите 66 и 67 од Законот за основно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/1995) се утврдени условите за вршење на воспитно-образовната дејност во основното образование и тоа за учители и наставници по одделенска и предметна настава.

Согласно член 27 став 2 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 53/1997, 59/1997, 21/1998, 25/2000, 34/2000, 3/2001, 50/2001, 25/2003 и 40/2003), во случаи утврдени со колективен договор

работникот може да биде распореден на секое работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Според членот 84 од Законот за работните односи со колективниот договор во согласност со закон и со други прописи, се доуредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и на работодавецот од работен однос, како и обемот и начинот на остварување на правата и обврските и другите одредби за прашања од интерес за работниците и работодавецот, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Според член 86 од овој закон, колективен договор не може да содржи одредби со кои на работниците им се утврдуваат помали права или понеповолни услови за работа од правата и условите утврдени со закон, а ако содржи такви одредби се применуваат соодветните одредби од законот.

Во оспорениот член 14 став 1 точка 2 од Колективниот договор за основно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/1995) работникот во текот на траењето на работниот однос, според потребите на процесот на работа може да биде распореден на друго работно место во дејноста кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, квалификација, односно способност, меѓу другото и ако работното место на кое се распоредува работникот е слободно, односно упразнето (при што приоритет имаат наставници кои живеат во град, а работат подолго на село).

Тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно-образовната дејност во основното образование, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми за определување на приоритети, меѓу другото, и при распоредување на работник.

Меѓутоа, разгледувајќи ја оспорената одредба од Колективниот договор, фактот дека приоритет им се дава само на една категорија на работници, а тоа се наставниците, а не и на другите професии како што се стручни работници и воспитувачи, Судот утврди дека со неа одредена категорија на работници се доведува во нееднаква положба што е спротивно на член 9 став 2 и член 32 став 2 од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.14/2004)

# 123.

**- Мирување на правата и обврските од работен однос за функционер на Синдикатот (општ, грански и колективен договор на ниво на работодавец)**

*- Adjournment of the rights and obligations from a labour relation for a functionary of the Union (general, branch, and collective agreement at the level of an employer)*

**- Извршувањето на синдикалната функција не претставува државна, односно јавна функција утврдена со закон, при што условот да се склучи посебен договор за мирување на работното место, до престанокот на функцијата не е ограничувачки услов, туку претставува услов кој дава правна сигурност за работникот и за работодавецот.**

*- The execution of the union function is not a civil, that is, public function defined by law, whereby the condition to conclude a special agreement for adjournment of the job until termination of the function is not a restricting condition, but a condition yielding legal security to the employee and the employer.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членот 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1.НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на:

а) Членот 64 во делот "за што се склучува посебен договор" од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/1994, 30/1996, 47/2000 и 73/2001),

б) Членот 88 во делот "за што се склучува посебен договор" од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/1995 и 11/1998) и

в) Членот 106 став 2 од Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека оспорените одредби од: Општиот колективен договор за нестопанската дејност, Гранковиот колективен договор и Колективниот договор на ниво на работодавец содржеле посебен услов-додаток што не бил содржан во членот 54 од Законот за работните односи. Поточно, со оспорените одредби се предвидувало член на Синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на Синдикатот, чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавецот има право да се врати кај работодавецот на работа и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, за што се склучува посебен договор.

Овој услов не бил предвиден во членот 54 од Законот за работните односи и со додавањето на вака предвидениот услов во оспорените одредби се доведувале во прашање: владеењето на правото, еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите и правото на учество во вршење на јавните функции. Потоа, се одземале или ограничувале правата од работен однос утврдени со Уставот и закон и за работниците се предвидувале помали права и понеповолни услови за работа, од правата и условите утврдени со закон.

Воедно за работодавецот била дадена можност да одбие да го склучи договорот, а такви појави биле присутни во практиката, што било повод за поднесување на иницијативата.

Бидејќи оспорените одредби ги повредувале: член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 23, член 32 став 2 и член 51 од Уставот, како и член 54 од Законот за работните односи, се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од споменатите колективни договори.

3**.** Судот на седницата утврди дека според содржината на член 64 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, член на Синдикатот што е избран, односно именуван во органите на Синдикатот, чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавецот има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да се врати кај работодавецот на работа и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, за што се склучува посебен договор.

Иста содржина има и членот 88 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија.

Согласно член 106 став 1 од Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Министерството за одбрана, член на ССВО кој е избран, односно именуван во органите на Синдикатот, чие вршење бара привремено да престане да работи во Министерството, има право по престанувањето на функцијата да се врати во Министеството на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка.

Во оспорениот став 2 на истата одредба е предвидено дека, за работата од став 1 на овој член се склучува посебен договор во писмена форма.

4. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 23 од Уставот, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции.

Според член 32 став 2 од Уставот, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Според член 37 став 1 од Уставот, заради остварување на економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикат, а синдикатите можат да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации. Според содржината на став 2 од истата одредба, со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на синдикално организирање во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Согласно член 54 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 53/ 1997, 59/1997, 21/1998, 25/2000, 34/2000, 3/2001, 50/2001, 25/2003 и 40/ 2003) работникот кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавецот, има право, во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

5. Од цитираните уставни одредби, како и од целината на уставниот концепт, произлегува дека Уставот не содржи дефиниција ниту критериум од кој би можело да се утврди која функција е државна или јавна, освен што содржи одредби за неспојливост на конкретна функција со вршењето на друга јавна функција или професија или со членувањето во политичка партија. Инаку, во

основа помеѓу јавните функции спаѓаат функциите во трите гранки на власт (законодавна, извршна и судска), односно сите функции со кои се врши власта.

За да се утврди фактот дали изборот односно именувањето на работникот во органите на Синдикатот претставува вршење на државна односно јавна функција утврдена со закон, како што тоа го предвидела цитираната одредба на Закон за работните односи, Судот направи увид во Регистарот на прописи во Република Македонија издаден во 2003 година. Од увидот Судот утврди дека материјата за конституирање, надлежност и функционирање на Синдикатот и неговите органи не претставува законски акти, туку оваа област се регулира со статутарни одредби и други акти, кои по својата правна природа не претставуваат законска материја, а формата на организирање на Синдикатот подлежи на правилата за основање на здруженија на граѓани и фондации.

Синдикатот претставува доброволна, самостојна и интересна организација на вработените во стопанската и нестопанската дејност. Според поставеноста што ја има оваа организација во системот на државата, истата не врши функција на државна власт, па оттука, според оценка на Судот, изборот и именувањето на вработените во органите на Синдикатот не би можело да добие третман на вршење на државна или јавна функција, утврдена со закон, туку истата има третман на функција во рамките на Синдикатот како непрофитна организација.

Тргнувајќи од анализата на содржината на 54 од Законот за работните односи произлегува дека оваа одредба го регулира отсуството од работа поради изборот или именувањето на работникот на државна или јавна функција утврдена со закон, а карактерот на функцијата бара работникот привремено да престане да работи кај работодавецот. По престанокот на функцијата на која бил избран односно именуван работникот има право да се врати на работното место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Оттука, произлегува дека извршувањето на функција во органите на Синдикатот не претставува државна или јавна функција утврдена со закон, туку претставува посебна синдикална функција.

Според тоа, помеѓу изборот и именувањето на државната односно јавната функција во смисла на членот 54 од Законот за работни односи и изборот и именувањето во органите на Синдикатот

во смисла на оспорените одредби, според мислењето на Судот, не може да се стави знак на еднаквост, на начин како што се обидува да го презентира подносителот на иницијативата.

Околноста што оспорените одредби од споменатите колективни договори предвиделе како посебен услов да се склучи договор за ваков случај на отсуство од работа, според мислењето на Судот, не би можела да добие карактер на ограничувачки услов, а при состојба кога не станува збор за државна, односно јавна функција утврдена со закон. Напротив, вака поставениот услов е од императивен карактер, без оставена можност работодавецот или пак работникот да избираат дали таков договор ќе склучат.

Притоа, пристапувањето кон таков договор претставува правна сигурност дека по престанокот на синдикалната функција работодавецот нема да го изгуби работникот, односно дека работникот нема да го изгуби работното место на кое работел пред да биде избран односно именуван во органите на Синдикатот.

Според тоа, несновано е тврдењето во иницијативата дека со оспорените делови од одредбите на колективните договори се создавале помали права и понеповолни услови од правата и условите утврдени со закон.

Од друга страна, доколку во практиката има појави на одбивање на работодавците да склучат таков договор, тоа не може да биде основ за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби од колективните договори. За такви случаи на работниците и работодавците им стојат на располагање други правни механизми.

Со оглед на тоа што извршувањето на синдикалната функција, според мислењето на Судот, не претставува државна односно јавна функција утврдена со закон, а условот да се склучи договор за мирување на работното место, до престанокот на функцијата не е ограничувачки услов, туку напротив претставува услов кој дава правна сигурност како за работникот, така и за работодавецот, пред Судот не се постави прашањето за повреда на членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Работниот однос по својот правен карактер е договорен однос. Според тоа, определбата на учесниците во колективното договарање да предвидат посебен услов да се склучи договор за ваков вид на отсуство од работа, според мислењето на Судот е токму

на линија на владеењето на правото, со правната сигурност како негова компонента.

Понатаму, оспорените делови на одредбите не можат, исто така, да се стават под сомнение и заради повреда на принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, од причина што синдикалната функција, најнапред не е утврдена како таква со закон и воедно еднаквоста подразбира лицата на кои таа функција се однесува да се наоѓаат во иста положба.

Од истите причини не може да се прифати и посочувањето од иницијативата за повреда на членот 23 од Уставот или правото на граѓаните да учествуваат во вршењето на јавните функции.

Конечно, Судот оцени дека нема повреда ниту на членот 32 став 2 од Уставот, од причина што оспорените делови од одредбите, или предвидениот услов да се склучи посебен договор за ваков вид на отсуство од работа, ја прават достапна синдикалната функција за секој работник под еднакви услови.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова–Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.93/2003)

**15. Останато**

*15. Miscellaneous*

# 124.

**- Референдум и граѓанска иницијатива**

*- Referendum and citizen's initiative*

**- Утврдувањето на законски рокови за собирање на потписи е согласно со Уставот на Република Македонија, затоа што тие всушност претставуваат само оптимални рокови за остварување на една конкретна започната иницијатива, а не ограничување на правата на граѓаните и на избирачите да не можат да покренат друга иницијатива или да чекаат да поминат предвидените рокови, ако веќе го собрале предвидениот цензус на потписи утврдени со Уставот.**

*- The definition of legal time limits for the collection of signatures is in accordance with the Constitution of the Republic of Macedonia, since they are only optimal time limits for the realisation of one specific commenced initiative, and not a limitation of the rights of citizens and of voters not to be able to raise another initiative or to wait for the time limits envisaged to expire, if they have already collected the stipulated census of signatures set forth in the Constitution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 66 став 3 и 4 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/1998).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 7 став 3 од Законот за постапката за собирање потписи на избирачи и предлагање за донесување закон, за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/1996).

3. Тодор Петров од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законите означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените законски одредби не биле согласни со Уставот, затоа што со нив временски им се ограничувало правото на избирачите да ја легитимираат својата волја за поддршка на предлогот за донесување на закон за распишување на референдум или за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 66 став 3 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива рокот за собирање потписи за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, е шест месеци од денот на започнувањето со собирање на потписи.

Во ставот 4 на овој член од Законот е предвидено дека рокот за собирање на потписи за предлагање за донесување на закон и за донесување на одлуки и решавање на други прашања што се во надлежност на Собранието е три месеци од денот на започнувањето со собирање на потписи.

5. Согласно член 2 став 2 од Уставот на Република Македонија граѓаните на Република Македонија ја остваруваат власта преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Според членот 71 став 1 од Уставот право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи.

Во членот 73 став 3 од Уставот е предвидено дека Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи.

Ставот 2 на член 74 од Уставот предвидува дека одлуката за менување на границата на Републиката е усвоена на референдум, доколку за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

Согласно член 120 став 3 од Уставот одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави е усвоена, ако на референдум за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

Членот 130 од Уставот предвидува дека предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија може да поднесат претседателот на Републиката, Владата, најмалку 30 пратеници или 150.000 граѓани.

Од содржината на наведените уставни одредби произлегува дека референдумот, како институција, е предвиден како еден од облиците на непосредната демократија и притоа по правило, референдумот има факултативен карактер.

Исклучок, кога референдумот е задолжителен, претставува одредбата од членот 73 став 3 од Уставот според која собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи.

Имајќи ги предвид овие уставни одредби наспроти оспорените законски одредби кои определуваат рок во кој референдумот ќе се спроведува, односно ќе се собираат потписи на избирачи, Судот смета дека тие се согласни со Уставот од причина што определувањето на рокот има цел да ги обврзе органите на одговорно однесување во сите фази на одлучување и што законодавецот на тој начин всушност го утврдува времето во кое може да трае определена активност која, меѓу другото, има и организациска природа што на референдумот му дава легитимен карактер.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на членот 66 став 3 и 4 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива.

6. Судот на седницата, исто така, утврди дека со Решение У.бр.94/1996 не повел постапка за оценување, меѓу другите и на уставноста на член 7 став 3 од Законот за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање за донесување закон, за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/1996).

Ставот 3 на член 7 од Законот бил оспоруван затоа што според подносителот на иницијативата, со него се ограничувало времетраењето на собирањето на потписи што било спротивно на Уставот на Република Македонија.

Неповедувајќи постапка, Судот изразил став според кој утврдените рокови во оспорениот закон претставуваат само оптимални рокови за остварување на една конкретно започната иницијатива, а не ограничување на правата на граѓаните и на избирачите да покренат друга иницијатива или, пак, обврска на покренувачите на конкретната иницијатива, да чекаат да изминат предвидените рокови, ако веќе го собрале потребниот цензус на потписи утврден со Уставот.

7. Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Со оглед на тоа што одредбата од членот 7 став 3 од Законот за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање за донесување закон, за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, била предмет на оценка пред Судот кој оценил дека не може основано да се постави прашањето за нејзината уставност, а нема основи за поинакво одлучување, одлучи како во точката 2 од ова решение.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 и 2 од ова решение.

9. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.146/2004)

# 125.

**- Територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините**

*- Territorial division of the Republic and the areas of municipalities*

**- Територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините како и организацијата на градот Скопје се уредуваат со закон.**

*- The territorial division of the Republic and the areas of the municipalities, as well as the organisation of the City of Skopje are regulated by law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на:

а) . Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004).

б) Законот за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2004).

2. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите во деловите што се однесуваат на согласноста на оспорените закони со Европската повелба за локалната самоуправа, со Законот за локалната самоуправа, начинот на објавувањето на законот, како и барањето за утврдување на елементи за кривично дело "злоупотреба на власт".

3. Ромео Деребан и група граѓани од Струга, Борис Серафимов од Кочани, Тодор Петров од Скопје, Ѓорѓи Наумов од Скопје и Здружението на граѓани "Кичевчани за Кичево" од Кичево, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на законите означени во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата на група граѓани од Струга се наведува дека Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија не бил во согласност со Амандманот XVI на Уставот, бидејќи со овој Амандман се утврдувало потребното мнозинство (број на пратеници и нивна припадност) за донесување на законите за локалното финансирање, локалните избори, општинските граници и за градот Скопје. Меѓутоа, задолжителна одредба за донесување закон за општинските граници немало ниту во овој ни во другите амандмани на Уставот од едноставна причина што тоа не била интенција и приоритет на уставотворецот. Во оваа иницијатива се наведува дека оспорениот закон не бил во согласност со членот 18, а не биле почитувани и применети и членовите 78 и 80 од Законот за локалната самоуправа. Понатаму, подносителите на иницијативата наведуваат дека при донесувањето на оспорениот закон не биле земени предвид резултатите од изјаснувањето на граѓаните на одржаниот референдум во Струга што не било во согласност со член 5 од Европската повелба за локалната самоуправа, според кој границите на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смеат да се менуваат без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање. На крајот во оваа иницијатива е наведено и дека при објавувањето на оспорениот закон на албански јазик во "Службен весник на Република Македонија" имињата на

градовите и населените места биле преведувани на албански јазик така што и овој факт бил еден во долгата низа направени повреди и кршење на Уставот. Поради сите наведени причини, во иницијативата се предлага Судот да ги укине член 10 став 1 точка 30 и член 12 став 1 точка 65 од оспорениот закон.

Во иницијативата на Борис Серафимов се наведува дека Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија бил донесен без организирана јавна расправа, дека не биле почитувани резултатите од непосредното изјаснување на граѓаните, и дека бил спротивен на членот 5 од Европската повелба за локалната самоуправа. На крајот, во оваа иницијатива се бара да се утврдат елементи на кривично дело - злоупотреба на власт - поради кампањата на власта против референдумот.

Со иницијативата на Тодор Петров се оспоруваат Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија и Законот за градот Скопје поради тоа што биле во спротивност со член 8 став 1 алинеи 3, 9 и 11 и член 118 од Уставот, како и со членот 5 од Европската повелба за локалната самоуправа. Во оваа иницијатива се наведува дека наведените закони биле донесени без консултација на локалните власти бидејќи биле отфрлени резултатите од општинските референдуми во 41 општина каде граѓаните со апсолутно мнозинство се изјасниле за непроменливост на општинските граници. Во иницијативата е наведено дека спротивно на уставно утврдените одредби за меѓународните договори, оспорените закони ги менувале одредбите од Европската повелба за локалната самоуправа посебно членовите 1, 5 и 12. Во иницијативата се бара Уставниот суд да ги поништи оспорените закони, и да донесе решение за запирање од извршување на сите поединечни акти и дејствија што се преземаат врз основа на оспорените закони.

Во иницијативата на Ѓорѓи Наумов се наведува дека членовите 10 и 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија не биле во согласност со Уставот, од причини што законот не го почитувал правото на локалните единици на локална самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, а особено не го почитувал правото на непосредно одлучување на граѓаните за промена на границите на општините утврдено со членовите 114 и 115 од Уставот. Оспорениот закон, односно членовите 10 и 11 не биле во согласност и со членот 118 од Уставот, бидејќи со нив се дерогирала

одредбата од членот 5 од Европската повелба за локалната самоуправа. Имено, непочитувањето на правото на граѓаните што се изјасниле на референдум практично значело менување на ратификуван меѓународен договор со закон иако тоа го забранувал Уставот.

Во иницијативата на Здружението на граѓани "Кичевчани за Кичево" се наведува дека со ратификацијата на Европската повелба за локална самоуправа таа станала дел од правниот поредок на Република Македонија, а согласно член 118 од Уставот Собранието не можело со закон да ги менува одредбите од Повелбата. Ова здружение на граѓани смета дека при постоење на Законот за територијална поделба на Република Македонија од 1996 година и ратификуваната Европска повелба за локална самолуправа немало никакви правни можности да се донесе нов закон за територијална поделба. Во поткрепа за таквото мислење се наведува Амандманот XVI на Уставот и членот 12 на Европската повелба кои биле задолжителни за Собранието на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија содржи: I Општи одредби; II Општини во Република Македонија (со име и седиште); III Подрачје на општините и населени места во Република Македонија; IV Организација на месната самоуправа во Република Македонија и V Преодни и завршни одредби.

Законот за градот Скопје содржи: I Општи одредби; II Организација на градот Скопје; III Надлежности на градот Скопје и општините во градот Скопје; IV Органи на градот Скопје и општините во градот Скопје; V Финансирање на градот Скопје и општините во градот Скопје; VI Употреба на јазиците на заедниците во градот Скопје и во општините во градот Скопје; VII Односи и соработка на градот Скопје и општините во градот Скопје и VIII Преодни и завршни одредби.

5. Согласно член 8 став 1 алинеја 9 од Уставот, локалната самоуправа е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Во функција на разработка на локалната самоуправа како темелна вредност, Уставот содржи посебна глава V со која се

утврдува моделот на локалната самоуправа во Република Македонија.

Членот 114 од Уставот утврдува дека на грѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа; единици на локалната самоуправа се општините; во општините можат да се основаат облици на месна самоуправа; општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Согласно Амандманот XVI на Уставот, со кој е заменет ставот 5 на членот 114, локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Законите за локално финансирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Согласно Амандман XVII точка 1 на Уставот, со кој е заменет ставот 1 на членот 115, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Во главата V од Уставот која се однесува на локалната самоуправа е и членот 116 според кој територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините се утврдуваат со закон.

Според член 117 став 1 од Уставот, градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа чија организација се уредува со закон.

Според Амандман XVII точка 2 на Уставот, со кој е заменет ставот 2 на членот 117, во градот Скопје граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од значење за градот Скопје, а особено во областите на

јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Врз основа на наведените уставни одредби произлегува дека наводите во иницијативата, според кои оспорениот закон не бил во согласност со Амандманот XVI на Уставот и со утврденото право на граѓаните непосредно и преку претставници да учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, се неосновани.

Имено, Амандманот XVI на Уставот го уредува прашањето во врска со потребното мнозинство гласови на пратениците, како и за потребното мнозинство гласови од пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија при донесувањето на Законот за локалната самоуправа и на законите за локално финансирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје.

Амандманот XVII на Уставот утврдува дека во единиците на локалната самоуправа и во градот Скопје граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење односно од значење за градот Скопје во точно определени области со можност да учествуваат во одлучувањето и за прашања од други области утврдени со закон.

Меѓутоа, оспорениот Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија е донесен врз основа на член 116 од Уставот, според кој територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините се утврдуваат со закон, а оспорениот Закон за градот Скопје е донесен врз основа на член 117 став 1 од Уставот, според кој градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа чија организација се уредува со закон.

Притоа, Уставот не се впушта во регулирањето на прашањата во врска со територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините, ниту пак во прашањата сврзани за организацијата на градот Скопје, туку недвосмислено упатува овие прашања да се уредат со закон, со што препуштил регулирањето на сите прашања од овие области да биде во исклучива надлежност на

Собранието на Република Македонија како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Оттука, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорените закони со член 8 став 1 алинеја 9 од Уставот, како и со Амандман XVI и Амандман XVII на Уставот.

6. Согласно член 110 алинеја 1 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Според член 8 став 1 алинеја 11 од Уставот, темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, а според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Прифаќајќи го принципот на почитување на општо прифатените норми на меѓународното право, Република Македонија ја декларира својата отвореност и спремност за интеграција во европската и светската заедница.

Од друга страна, меѓународните договори стануваат дел од внатрешниот правен поредок доколку се ратификувани во согласност со Уставот и не можат да се менуваат со закон.

Собранието на Република Македонија на 14 мај 1997 година, донесе Закон со кој ја ратификува Европската повелба за локалната самоуправа донесена во Стразбур на 15 октомври 1985 година. Со оваа ратификација, Европската повелба е дел од внатрешниот правен поредок и не може да биде изменета со закон.

Тргнувајќи од надлежноста на Уставниот суд на Република Македонија утврдена со член 110 од Уставот, Уставниот суд нема надлежност да ја оценува меѓусебната согласност на законите со меѓународните акти. Тоа, дотолку повеќе што прашањето дали во постапката за донесување на оспорените закони, законодавецот ги имал предвид резултатите од изјаснувањето на граѓаните на референдумите во единиците на локалната самоуправа е фактичко прашање за кое Уставниот суд, исто така, не е надлежен да одлучува.

Оттаму, според мислењето на Судот, доколку законодавецот ги немал предвид резултатите од референдумското изјаснување на локално ниво, евентуално може да стане збор за непочитување на Европската повелба за локалната самоуправа а не за нејзино менување со закон, како што се наведува во иницијативите. Притоа, не може да се пренебрегне околноста од образложението на Предлогот на законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија каде децидно е нотирано дека во однос на предлогот за донесување на овој закон се направени корекции врз основа на расправата водена во Собранието на Република Македонија, референдумското изјаснување во општините, забелешките, предлозите и сугестиите од органи на локалната самоуправа и од месни заедници, како и врз основа на анализата на функционалноста во поврзувањето на населените места.

Врз основа на изнесеното иницијативите во однос на согласноста на оспорените закони со Европската повелба, согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, се отфрлаат поради ненадлежност.

7. Во врска со наводите во иницијативите дека оспорениот закон за територијална организација не бил во согласност со одредбите од Законот за локалната самоуправа, Судот оцени дека согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд не е надлежен да ја оценува меѓусебната согласност на законите.

Што се однесува до начинот на објавувањето на законите, Судот оцени дека тоа не е предмет на уредување на овој закон, туку ова прашање е уредено со други закони, поради што иницијативата на група граѓани од Струга во овој дел се отфрла.

Иницијативата на Борис Серафимов од Кочани во делот во кој се бара Судот да утврди елементи за кривично дело "злоупотреба на власт" заради кампањата на власта против референдумот, Судот исто така оцени да ја отфрли поради тоа што Уставниот суд согласно член 110 од Уставот нема надлежност да утврдува елементи на какво било кривично дело, а најмалку на, во Кривичниот законик, непостоечко дело.

8. Со оглед на тоа што Судот одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста на оспорените закони, Судот оцени дека не се исполнети условите од член 27 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за

запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените закони.

9. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

10. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.195/2004)

# 126.

**- Права на претседателот на Република Македонија по престанок на функцијата**

*- Rights of the President of the Republic of Macedonia following the termination of his/her office*

**- Законското уредување на посебните права кои произлегуваат од функцијата претседател на Република Македонија и се остваруваат по престанокот на функцијата под услови пропишани со закон, има уставен основ и не го доведува во прашање принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.**

*- The legal regulation of special rights that derive from the office of a President of the Republic of Macedonia and are realised following the termination of the office under conditions prescribed by law, has a constitutional ground and does not question the principle of equality of citizens before the Constitution and laws.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членовите 4, 5, 10, 12, 13, 14, 15, 16 и 18 од Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/2004).

2. Душко Апостолски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата Уставот на Република Македонија не предвидел за претседателот на Република Македонија, по престанување на функцијата, да врши определени активности поради кои би користел определени права за себе и за своето семејство. Исто така, не постоел уставен основ со закон да се пропишуваат посебните привилегии и права за овие лица, кои не се однесувале за останатите граѓани.

Во иницијативата се наведува дека со оспорените одредби од Законот се регулирале посебни права за одредените лица само поради општествената положба која ја имале. Со тоа се доведувале останатите граѓани во нерамноправна положба што било во спротивност со членот 9 од Уставот, кој се однесува на еднавкоста на слободите и правата на граѓаните независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

3. Судот на седницата утврди дека Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, во членот 4 предвидел дека претседателот на Република Македонија на кого му престанала функцијата согласно со членот 2 став 1 од овој закон има право на

канцелариски простор и најмногу до три стручни лица кои правата од работниот однос ги остваруваат во кабинетот на претседателот на Република Македонија, а се именуваат на предлог на претседателот на кого му престанала функцијата.

Според членот 5 од Законот, претседателот на Република Македонија на кого му престанала функцијата согласно со членот 2 став 1 од овој закон има право на лично обезбедување, како и право на користење на службено возило и возач согласно со прописите што ги донесува министерот за внатрешни работи.

Според членот 10 од Законот, претседателот на Република Македонија на кого му престанала функцијата согласно со членот 2 став 1 од овој закон има право на материјални трошоци за потребите при остварувањето на неговите активности, а средствата се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија во висина до 8% од средствата утврдени во Буџетот за претседателот на Република Македонија.

Судот, исто така, утврди дека Законот, во делот III кој се однесува на "Правата на семејството на претседателот на Република Македонија по престанување на функцијата", во членот 12 предвидел дека во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за времетраење на мандатот, семејството на претседателот има право на месечен паричен надоместок.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член е еднаков со износот на платата што ја прима претседателот на Република Македонија.

Брачниот другар правото од ставот 1 на овој член го користи трајно.

Ако починатиот претседател во моментот на настапувањето на смртта имал само малолетни деца, правото од ставот 1 на овој член неговите малолетни деца го користат до завршувањето на редовното школување, односно до наполнети 26 години возраст.

Според членот 13 од Законот, во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за времетраење на мандатот, неговите деца имаат право на стипендија за школување во земјата или странство до наполнети 26 години возраст, а согласно членот 14, во случај на смрт на претседателот на Република

Македонија за времетраење на мандатот, семејството на претседателот има право на исплата на еднократен паричен надоместок по основ на нематеријална штета чија висина ја утврдува Владата на Република Македонија.

Според членот 15 од Законот во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за времетраење на мандатот, семејството има право на сопственост на градежно неизградено земјиште за изградба на семејна куќа со регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште или право на сопственост на стан.

Ако семејството го користи правото на сопственост на градежно неизградено земјиште од ставот 1 на овој член, до создавање на услови за живеење во семејната куќа, семејството може да користи сместување во недвижност во сопственост на Република Македонија или изнајмена недвижност без надоместок за користење и за тековно одржување на недвижноста, но најдолго за период од три години од денот на предавањето на земјиштето од ставот 1 на овој член во сопственост на семејството.

Средствата за надоместоците од ставот 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

За начинот на остварување на правата утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член, Владата на Република Македонија донесува одлука.

Согласно членот 16 од Законот, во случај на смрт на претседателот на Република Македонија за времетраење на мандатот, семејството на претседтелот може да користи и други права како што се:

- лично обезбедување, користење на службено возило и возач;
- службени простории по потреба при прием на домашни и странски делегации и

- финансиски средства и службена придружба при патувања на член на семејството по повод официјална покана за присуство на манифестација надвор од земјата.

За начинот на остварување на правата од ставот 1 на овој член, Владата на Република Македонија донесува одлука.

Според членот 18 од Законот средствата потребни за остварување на правата утврдени со овој закон се обезбедуваат со Буџетот на Република Македонија.

4. Според членот 68 од Уставот, Собранието на Република Македонија донесува закони.

Во Главата III дел 2 од Уставот, кој се однесува на функцијата и положбата на претседателот на Република Македонија во организацијата на државната власт, не се содржани одредби со кои изречно би се пропишало донесување на закон за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата или непосредно со Уставот би се уредувале прашањата опфатени со тој закон.

Структурата на Уставот на Република Македонија во однос на остварувањето на законодавната власт покажува дека Собранието на Република Македонија има генерално уставно овластување да донесува закони заради уредување на односите во сите области на општествениот живот, како и должност да донесе определени закони. Според тоа, отсуството на изречно уставно овластување за законско уредување на определени прашања не се пречка согласно членот 68 од Уставот, Собранието да донесе закон во оние области и за оние прашања за кои е оценето дека е потребно.

Оттука, оценката со закон да се уредат правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанувањето на функцијата е право на Собранието засновано на уставните овластувања.

Поради тоа, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот Закон со Уставот од аспект на постоењето на уставен основ за негово донесување.

Според членот 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Разгледувајќи ја содржината на оспорените одредби од Законот од аспект на наводите во иницијативата за повреда на принципот на еднаквост, неспорно е дека со Законот, на претседателот на Република Македонија и неговото семејство, по престанокот на  функцијата му се утврдуваат права и положба кои се различни од положбата и правата на другите граѓани, на пример, по престанокот на нивниот работен однос. Меѓутоа, за оценување на одредбите на овој Закон од аспект на принципот на еднаквоста, нужно е да се согледа нивната функција и цели и да се има предвид дека принципот на еднаквост функционира во еднакви услови.

Имено, претседателот на Република Македонија стекнува права утврдени со овој закон по престанок на мандатот за кој е избран и стекнува права утврдени со овој закон во случај на трајна спреченост да ја извршува функцијата за времетраење на мандатот.

Семејството на претседателот на Република Македонија, односно брачниот другар и децата на претседателот, стекнуваат права утврдени со овој закон, во случај на смрт на претседателот по престанокот на мандатот или за времетраење на мандатот, кои се однесуваат на нивните егзистенцијални и социјални потреби.

Оттука, посебните права утврдени со Законот произлегуваат од функцијата претседател на Република Македонија, кои всушност се остваруваат по престанокот на функцијата под услови пропишани со Законот.

Поради тоа, право на законодавецот е да ги утврди и димензионира овие права, бидејќи основот за сите нив произлегува од функцијата претседател на Република Македонија утврдена со Уставот, а се остваруваат по престанокот на функцијата.

Според Судот, интенцијата на оспорените одредби од Законот не е во привилегирањето на одредено лице или лица по престанувањето на функцијата претседател на Република Македонија, туку во уредувањето на статусот и дигнитетот на самата функција, кои се изразуваат преку гарантирање на определена положба на личностите што ја извршувале.

Вршењето на функцијата шеф на држава, заедно со практичните последици поврзани со државничкото искуство  е основ, кој во случајов на оспорениот Закон, го надминува прашањето на

еднаквоста помеѓу граѓаните и го поставува односот на државата кон една државничка функција, па поради тоа Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби од Законот со Уставот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.145/2004)

# 127.

**- Престанок на мандатот на пратеникот по сила на закон**

*- Termination of a deputy's mandate by force of law*

**- Со одредбите на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, според кои мандатот на пратеникот му престанува по сила на законот ако по негово барање му престане членството во партијата или изјави дека преминува во друга политичка партија, се повредуваат принципите на кои се заснова концептот на слободниот мандат на пратениците утврден во Уставот.**
**Според овој концепт односот меѓу граѓаните, како суверени носители на власта и Собранието на Република Македонија како нивни претставнички орган е непосреден, односно се остварува без какво било посредување. Оттука, согласно Уставот граѓаните секогаш, независно од изборниот модел според кој се врши изборот на пратеници, избираат пратеници како свои**

**претставници, а не како претставници на политички партии или други посреднички ентитети, па затоа и мандатот добиен од граѓаните му припаѓа само на пратеникот.**
**Исто така, Уставот на Република Македонија утврдувајќи дека пратеникот во Собранието на Република Македонија одлучува по свое уверување, на пратеникот му остава целосна слобода во одлучувањето и донесувањето на одлуките во Собранието на Република Македонија, што не е случај кај врзаниот, императивниот мандат. Во таа смисла, според концептот на слободниот мандат, на пратеникот не може да му престане мандатот поради причини што може да се поврзат со неговите лични уверувања и неговите постапки засновани на таквите уверувања.**
**Со овие одредби од Законот се врши и директно ограничување на слободата на политичкото здружување и дејствување заради остварување на уверувањата на граѓаните, како и на нивното слободно пристапување и истапување од политички партии утврдено во Уставот.**

*- The provisions in the Law on the Election of Deputies in the Assembly of the Republic of Macedonia, under which the deputy's mandate terminates by force of law if upon his/her request the membership in a party terminates or if he/she states that joins another political party, violate the principles on which is based the concept of a free mandate of deputies defined in the Constitution.*
*Under this concept, the relation between citizens, being the sovereign holders of power, and the Assembly of the Republic of Macedonia, being their representative body, is direct, that is, is realised without any mediation whatsoever. Hence, pursuant to the Constitution, independent of the electoral model on the basis of which the election of deputies is carried out, citizens always elect deputies as their representatives, and not as representatives of political parties or other mediation entities, which means that the mandate given by citizens belongs only to the deputy.*

*Also, the Constitution of the Republic of Macedonia, defining that the deputy in the Assembly of the Republic of Macedonia decides on the basis of his/her own conviction, grants the deputy a complete freedom in the decision-making and in the taking of the decisions of the Assembly of the Republic of Macedonia, which is not the case with the affiliated, imperative mandate. In this sense, under the concept of free mandate, the deputy may not have his/her mandate terminated for reasons that may be connected with his/her personal beliefs and his/her actions based on such beliefs.*
*These provisions in the Law directly limit the freedom of political affiliation and action for the purposes of realising citizens' beliefs, as well as their free joining and breaking off from political parties defined in the Constitution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 декември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 101 став 1 алинеите 4 и 5 и ставот 3 во делот што се однесува за став 1 алинеите 4 и 5 на овој член, од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2002, 50/2002-исправка и 46/2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, со Решение У.бр.186/2002 и У.бр.130/2004 од 24 ноември 2004 година по иницијативите на политичката партија "Демократски сојуз" и на Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Спиро Мавровски и Љупчо Балковски од Скопје, поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од

членот 101 од Законот означени во точката 1 од оваа одлука, поради тоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 101 став 1 алинеите 4 и 5 од Законот, на пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако по негово барање му престане членството во партијата или изјави дека преминува во друга политичка партија.

Според ставот 3 на истиот член од Законот, мандатот на пратеникот му престанува со денот на настапувањето на условите од ставот 1 алинеите 2, 3, 4, 5, 6 и 7, а Собранието тоа го констатира на првата наредна седница.

4. При оценување на уставноста на оспорените законски одредби, Судот ги имаше предвид следните уставни одредби:

Според членот 1 на Уставот на Република Македонија, Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непреносслив.

Според членот 2 од Уставот, во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Граѓаните во Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени политичкиот плурализам и слободните непосредни демократски избори.

Понатаму, во рамките на граѓанските и политичките слободи и права, со членот 16 став 1 од Уставот се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Во членот 20 став 1 од Уставот, на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Според ставот 2 на овој член од Уставот, граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Според членот 23 од Уставот, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Според член 61 став 1 од Уставот, Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Според член 62 став 1 од Уставот, Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници. Според ставот 2 на овој член од Уставот, пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Според член 62 став 3 од Уставот, пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување.

Според член 62 став 4 од Уставот, пратеникот не може да биде отповикан. Според ставот 5 на истиот член од Уставот, начинот и условите за избор на пратениците се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Според член 63 став 1 од Уставот, пратениците во Собранието се избираат за време од четири години. Според ставот 5 на истиот член, со закон се утврдува неспојливоста и неизберливоста на функцијата пратеник во Собранието со вршење на други јавни функции или професии.

Според член 65 став 1 и 2 од Уставот, пратеникот може да поднесе оставка, која ја поднесува лично на седница на Собранието. Според ставот 3 на истиот член, на пратеникот му престанува мандатот кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, а според ставот 4, на пратеникот може да му биде одземен мандатот кога е осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци. Одземањето на мандатот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Од наведените уставни одредби произлегува дека Уставот на Република Македонија, определувајќи се уште во првите членови од основните одредби за граѓански концепт, што јасно произлегува од членот 2, според кој во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните и дека граѓаните власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат

на референдум и други облици на непосредно изјаснување, Собранието на Република Македонија го дефинира како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт.

Утврдувајќи го Собранието како претставнички орган на граѓаните, Уставот во членот 62 став 2, 3 и 4 на недвосмислен начин се определил за концептот на слободен мандат на пратениците, кој што е општо прифатен во современите демократски општества, со следните карактеристики:

Прво, од членот 62 став 2 на Уставот произлегува дека односот меѓу граѓаните, како суверени носители на власта и Собранието на Република Македонија како нивни претставнички орган е непосреден, односно се остварува без какво било посредување. Оттука, согласно Уставот граѓаните секогаш, независно од изборниот модел според кој се врши изборот на пратеници, избираат пратеници како свои претставници, а не како претставници на политички партии или други посреднички ентитети, па затоа и мандатот добиен од граѓаните му припаѓа само на пратеникот.

Второ, според членот 62 став 3 од Уставот, а во врска со член 61 став 1 од Уставот, пратеникот ги претставува сите граѓани на Република Македонија, а не само граѓаните од неговата изборна единица, ниту само оние кои гласале за него.

Трето, пропишувајќи дека пратеникот во Собранието на Република Македонија одлучува по свое уверување, Уставот на пратеникот му остава целосна слобода во одлучувањето и донесувањето на одлуките во Собранието на Република Македонија (што не е случај кај врзаниот, императивниот мандат), што од друга страна подразбира дека слободата на уверувањето на пратеникот не може да се ограничува со ништо и во ниеден случај. Во таа смисла, на пратеникот не може да му престане мандатот поради причини што може да се поврзат со неговите лични уверувања и неговите постапки засновани на таквите уверувања.

Четврто, одредбата од членот 62 став 4 на Уставот за забрана на отповикување на пратеникот се надоврзува само како нужна консеквенца на претходните карактеристики на слободниот мандат, како негова уставно правна гаранција. Имено, според оваа уставна одредба која е својствена на концептот на слободниот пратенички мандат, никој, вклучувајќи ги и граѓаните како извор на пратеничкиот мандат, не може да бара тој мандат да биде прекинат од причини на несогласување со

политичките ставови на пратеникот, па и кога тие се менуваат во текот на траењето на мандатот. Ниту граѓаните, ни кој било друг, не може да се повикуваат на изневерени очекувања ако пратеникот во текот на мандатот ги промени политичките ставови или ветувања што ги презентирал во време на изборот. Слободниот мандат подразбира токму тоа пратеникот да не може да го изгуби мандатот и кога на изборите промовирал едни политички ставови, а за време на мандатот се определил за други. Според тоа, забраната за отповикување на пратеникот има апсолутен карактер во поглед на слободата на неговото уверување и служи како инструмент на концептот на слободен мандат.

Имајќи го предвид ваквиот карактер и суштина на слободниот пратенички мандат и во тој контекст разгледувајќи ги оспорените законски одредби во однос на членот 62 став 2, 3 и 4 од Уставот, во кој јасно е конципиран слободниот мандат на пратениците, Судот оцени дека со оспорените законски одредби, според кои мандатот на пратеникот му престанува по сила на законот и тоа во моментот кога тој ќе ја напушти политичката партија од чија листа на кандидати е избран, се повредуваат принципите со концептот на слободниот претставнички мандат, според кој мандатот на пратеникот не може да му престане не само по волја на суверенот (граѓаните), туку и по волја на друг субјект, како што е во конкретниот случај, по волјата на законодавецот и тоа поради промена на политички став, а следствено на тоа и промена на политичка партија.

Оттука, со оспорените законски одредби освен што се врши ограничување на слободниот и независен мандат на пратениците, според Судот практично се воведува и врзан мандат и тоа врзан не за граѓаните, туку за законодавецот и политичките партии, што не одговара дури ни на концептот на врзан мандат.

Од друга страна, условувајќи го мандатот на пратеникот со неговото членство во политичката партија од чија листа на кандидати е избран, произлегува дека со оспорените законски одредби се напушта непосредниот однос помеѓу граѓаните и пратеникот, како есенцијален за политичкото претставништво и за самиот концепт на слободниот мандат. Со оглед на тоа што со оспорените одредби законодавецот и политичките партии во односите со пратениците се ставаат над електоратот, односно граѓаните, Судот смета дека со нив се доведува во прашање и остварувањето на уставната определба од членот 2 став 1 од Уставот дека суверенитетот во Република Македонија произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Понатаму, со оспорените законски одредби, според Судот се врши и директно ограничување на слободата на политичкото здружување и дејствување заради остварување на уверувањата на граѓаните, па и на пратениците, како и на нивното слободно пристапување и истапување од политичките партии, што е утврдено во членот 20 од Уставот.

Исто така, оспорените одредби од Законот немаат основ ниту во членот 65 од Уставот. Имено, тргнувајќи од тоа дека во овој член од Уставот децидно се утврдени случаите и условите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и не се остава можност со закон да се утврдуваат други услови, Судот смета дека законодавецот без изрично уставно овластување не може да пропишува други, нови услови за престанок на мандатот на пратеник, како што тоа го сторил со оспорените законски одредби.

Поради наведените причини, Судот оцени дека оспорените законски одредби не се во согласност со означените одредби од Уставот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.186/2002 У.бр.130/2004)

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/92), после моето гласање против укинување на оспорените одредби, го изнесувам и писмено го образложувам своето

## *ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ*

на Одлуката У.бр.186/2002 и У.бр.130/2004 од 22 декември 2004 година со која се укинуваат член 101 став (1) алинеите 4 и 5 и ставот (3) во делот што се однесува за став (1) алинеите 4 и 5 на овој член од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2002, 50/2002 и 46/2004)

Уставниот суд на Република Македонија постапувајќи по иницијативите на политичката партија "Демократски сојуз" и Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Спиро Мавровски и Љупчо Балковски сите од Скопје за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, најнапред со Решение од 24 ноември 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста, а потоа, на седницата одржана на 22 декември 2004 година, со мнозинство гласови донесе Одлука со која ги укина член 101 став 1 алинеја 4 и 5 и став 3 во делот што се однесува на став 1 алинеите 4 и 5 на овој член од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, бидејќи оцени дека тие одредби не се во согласност со Уставот на Република Македонија. Изразувајќи несогласност, претходно на Решението за поведување на постапката, а потоа и на Одлуката за укинување на овие одредби од Законот, гласав против и го издвојувам своето мислење, според кое сметам дека оспорените одредби беа во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија и истите не требаше да бидат укинати, односно Уставниот суд не требаше да ја донесе таквата одлука.

Најнапред, сметам дека Судот предметната одлука ја донесе, без притоа, да ги изведе и согледа сите релевантни факти што произлегуваа од природата на прашањето, а беа битни за оценување на уставноста или неуставноста на оспорената одредба, и врз основа на правно издржливи аргументи ќе можеше да се донесе правилна одлука. Останувам во уверување дека ќе беше поисправно доколку Судот постапувајќи по предметот претходно пред да поведе

постапка, да одржеше подготвителна седница, или пак, од кога веќе поведе постапка, пред конечното одлучување, да одржеше јавна расправа, на која ќе се дадеше одговор на бројни прашања, кои инаку, сметам дека и по донесување на оваа одлука ќе бидат присутни и ќе создаваат одделни дилеми.

При мојата определба да гласам против Одлуката за укинување на оспорените одредби, се раководев од општите демократски вредносни принципи и од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Според моето мислење, Уставот на Република Македонија во однос на Собранието на Републиката, како една од основните полуги на организацијата на државната власт и во однос на субјектот што го анимира тој механизам т.е. пратеникот, им посветува големо внимание и во добар дел ги уредува сите релевантни прашања. Покрај тоа што директно ги уредил, предоставил со закон да се уреди начинот и условите за избор  на пратениците. Уставот, исто така, уредува дека Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници, но точниот број, го предоставил за законодавецот, како што не го утврдил ни моделот по кој ќе се избираат пратениците во Собранието. Според тоа, потполно е разбирлива слободата на законодавецот да го утврдува изборниот модел, изборниот процес и изборните техники и да врши нивно прилагодување. Притоа, битно е тој да не  се стави над Уставот.

Според моето мислење, оспорената одредба се движи во уставни рамки и со ништо не го повредува Уставот. Имено, најелемнтарна анализа на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, потврдува дека: во Собранието се избираат 120 пратеника; тие се избираат според пропорционалниот модел; кандидати за пратеници се предлагаат на листа на кандидати; основни носители на предлагањето на канидатските листи се политичките партии; гласањето се врши на гласачко ливче на кое граѓанинот, впрочем не гласа за идниот пратеник, туку само за носителот на листата и слично. Тоа укажува дека оспорената одредба не може изолирано да се посматра, туку во целина на уставниот и законскиот концепт за пратеникот и неговото место, статус и улога во системот. Во согласност со концептот утврден со Законот, кандидатот за пратеник легитимитетот за изборот од листата на кандидати го црпи од политичката партија што го определила, а политичката партија својот легитимитет го докажува на изборите. Изборот на пратеникот е поврзан и условен со припадноста на предлагачот на кандидатската  листа, односно носителот на кандидатската листа. Според тоа, престанокот на мандатот од

оспорената одредба, всушност е начин и услов за избор на пратеникот, за што постои уставен основ и тоа прашање не може да се третира како отповик, ниту да се спротиставува на уставната одредба за отповик (член 62 став 4 од Законот). Напротив, се работи за со закон однапред утврден и познат услов за избор во кој на пратеникот му престанува мандатот ако по негово барање му престане членството во политичката партија, со што го губи основот по кој што е избран или, пак, со изјава дека преминува во друга политичка партија, од која нема основ за неговиот избор. Всушност, пратеникот се откажува од основниот услов за неговиот избор и тука не станува збор за институтот на отповик, ниту пак за престанок на мандатот, за кој одлучува Собранието, туку за случај во кој само се констатира таквиот факт на првата наредна седница на Собранието (член 110 став 3 од Законот). Според тоа, престанокот на мандатот на пратеник пред истекот на времето за кое е избран во случаите опфатени со оспорената одредба, фактички зависи од самиот пратеник, а не од друг субјект, па ниту од Собранието, бидејќи во конкретниот случај се работи за лична волја на пратеникот да му престане членството во партијата или, пак, да премине во друга партија. Во вакви случаеви, како што веќе напред е наведено, Собранието само констатира дека мандатот на пратеникот веќе престанал со денот на настанувањето на овие законски услови. Со други зборови, на пратеникот му биле јасни правилата на играта востановени со закон, како при изборот, така и за време на траење на мандатот, и тој тоа го прифатил. Според тоа, овде не може да станува збор за "врзан" или "слободен" мандат на пратеникот, туку за законски утврден услов за стекнување со мандат односно за "условен" мандат.

Востановувањето на институтот на престанок на мандатот на пратеникот под услови на настапување на одредени законски услови, како што е во оспорената одредба, очигледно е во согласност со пропорционалниот модел на избор на пратениците на Собранието и е во функција на обезбедување на стабилен собраниски состав во времетраење на четири годишниот мандат. Со примената на овие со закон утврдени услови за престанок на мандатот по волја на самиот пратеник (искажана при самиот избор) не значи ограничување на слободата на уверувањето, мислата и јавното изразување на мислата (член 16 став 1 од Уставот), слободата на здружување (член 20 од Уставот), право да се учествува во вршењето на јавни функции (член 23 од Уставот), дотолку повеќе што не постои корелација на овие уставни одредби со оспорената одредба, па ниту истите можат да бидат повредени.

Со укинувањето на оспорените делови од одредбата на член 101 од Законот, не мислам дека ќе се придонесе кон зајакнување и почитување на принципот на уставност и законитост во организирањето на државната власт и правната сигурност во конституирањето на Собранието, како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката, ниту кон почитување на принципот на владеење на правото и воопшто, почитување на Уставот, туку напротив, се создаваат услови за нестабилност на тој систем, а со можноста од промени на политичката припадност во времетраење на мандатот, без да тоа влијае на составот на Собранието, се создаваат услови за т.н. трансфери, кои, според моето мислење, нема да значат зајакнување на темелите на правната држава. Воедно, не мислам дека оспорената одредба не е во согласност со граѓанскиот суверенитет на Република Македонија (член 2 од Уставот), тргнувајќи од фактот дека граѓанинот при изборот гласал за носител на листата за кој верувал дека како за него, така и за другите на таа листа, нема да трансферираат во времетраење на мандатот, а ако тоа го направат, тогаш дека ќе го отстапат пратеничкото место за наредниот од листата. Таквиот начин, според моето мислење, не значи ограничување на слободниот мандат на пратеникот, на што во најголем дел се темели мнозински донесената одлука на Уставниот суд, туку со закон, во рамките на Уставот, создавање на правна сигурност при изборот и конституирањето на Собранието на Република Македонија, како и во вршењето на работите од неговата со Устав утврдена надлежност. (судија на Уставен суд на Република Македнија, д-р Трендафил Ивановски)

# 128.

**- Испитување на јавно мислење**

*- Public opinion polls*

**- Со законски определеното временско ограничување на објавувањето на резултатите од испитувањето на јавното мислење не се повредуваат уставните слободи и права на човекот и граѓанинот.**

*- The legally defined time limit for the announcement of the results from the public opinion polls does not violate the constitutional freedoms and rights of man and citizen.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 52 став 1 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2002 и 46/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата објавувањето на испитувањето на јавното мислење не смеело да има какво било

временско ограничување и пред денот определен за одржување на изборите. Ваквото законско решение било во спротивност со член 16 став 2 од Уставот на Република Македонија со кој се гарантира јавното информирање, слободниот пристап кон информациите, слободата на примена и пренесување на информации.

Според наводите во иницијативата законско временско ограничување на објавувањето на испитувањето на јавното мислење не било предвидено со член 62 став 5 од Уставот, а од друга страна, пак, со ставот 3 од истата законска одредба било предвидено дека испитувања на јавното мислење може да се врши на самиот ден на изборите, а резултатите да бидат објавени најрано непосредно по затворањето на избирачките места.

Поради наведените причини подносителот на иницијативата смета дека со оспорената законска одредба се повредувале членовите 8 став 1 алинеите 1, 3, 5 и 11; 16 став 2; 22; 51; 54 став 1 и 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, поради што предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од законот.

3. Судот на седницата утврди дека во членот 52 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија е предвидено:

(1) Испитувањето на јавното мислење се објавува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите.

(2) Кога се објавува испитување на јавно мислење за кандидатите, политичките партии и групата избирачи во изборната кампања, се наведува името на институцијата или раководителот на институцијата што го извршила истражувањето, датумот, методологијата, големината и структурата на примерокот и името на нарачателот кој го побарал испитувањето.

(3) Испитувањето на јавното мислење може да се врши на самиот ден на изборите, а резултатите да бидат објавени најрано непосредно по затворањето на избирачките места.

4. Согласно член 8 став 1 алинеите 1, 3, 5 и 11 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото

и политичкиот плурализам и слободните, непосредни и демократски избори како и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Согласно член 16 став 2 од Уставот се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Во ставот 3 од истата уставна норма е предвидено дека се гарантира слободниот пристап кон информациите слободата на примање и пренесување на информации.

Членот 22 од Уставот, утврдува дека секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право кое е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање, а избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

Според член 51 од Уставот во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, а според член 54 став 1 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Според член 62 став 5 од Уставот, начинот и условите за избор на пратениците се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Со Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија (член 1) се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Во Главата IV од Законот, во која е содржана оспорената одредба, се регулира времетраењето на изборната кампања, постапката за заштита за време на кампањата, медиумското претставување, испитување на јавното мислење во врска со изборите кои следат, правата и обврските на јавните гласила, одржувањето на предизборни митинзи и местото на нивното одржување.

Во делот од Законот кој се однесува на изборната кампања во членот 47 е уредено дека политичка партија, две или повеќе политички партии заедно, или група избирачи чии листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието, се потврдени од

регионалната изборна комисија, имаат право да организираат изборна кампања (организатори на изборната кампања). Организаторите на изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известувања и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето за кандидати за пратеници.

Од наведените уставни и законски одредби може да се извлече заклучок дека и објавувањето на испитувањето на јавното мислење кое е предвидено во член 52 став 1, исто така, претставува еден вид на политичка пропаганда. Имено, јавното мислење претставува став, односно позиција на јавноста за определено прашање, заедничка психолошко-идеолошка реакција на одобрување или осуда. Јавното мислење ги опфаќа ставовите т.е. мислењата од нормативен карактер за тоа како треба да се реши некое прашање или да се уреди некоја појава. Тоа е облик на колективно расудување на политичката јавност.

Јавното мислење постои не само поради тоа што човекот е мисловно суштество, туку и поради тоа што неговата свест за личните интереси и интересите на нему блиските луѓе има за цел да се прошири и да биде усвоена. Токму поради тоа, со оспорената законска одредба се определува временско ограничување на објавувањето на испитувањето на јавното мислење пред денот на одржувањето на изборите со цел да му се остави простор на граѓанинот - избирач самостојно и слободно да одлучува при изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Имено, тргнувајќи од фактот дека во изборната кампања учествуваат повеќе партии и голем број кандидати за пратеници, нормално е дека организаторите на изборната кампања ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици со цел да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето на кандидати за пратеници. Притоа може да се случи ставот, односно позицијата на јавноста да има големо влијание, односно да биде од суштествено значење за формирањето на конечната одлука на избирачот што е во спротивност со членот 22 од Уставот на Република Македонија. Оттука, со временското ограничување на објавувањето на резултатите од испитувањето на јавното мислење - најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите, целта на законодавецот пред се, е определена од можноста за создавање услови во тој период пред изборите граѓанинот избирач

самостојно, без никакво и ничие влијание, според своите сознанија за кандидатите добиени во текот на изборната кампања, да го остварува избирачкото право. Оттаму со оспорената одредба не се доведуваат во прашање политичкиот плурализам, ниту владеењето на правото како темелни вредности на уставниот поредок на државата, ниту пак, со неа се повредуваат уставните слободи и права на човекот и граѓанинот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.160/2004)

# 129.

**- Дебатни, стручни и научни настапувања**

*- Debating, expert and scholarly appearances*

**- Според Уставот на Република Македонија, слободата на јавното изразување на мислата и слободата на јавен настап се апсолутни и не можат да се ограничуваат ниту со закон, ни со друг пропис.**
**Оттаму, и одредбата од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија со која се предвидува за дебатни, стручни и научни настапувања на адвокатот согласност да дава Управниот одбор на Адвокатската комора не е во согласност со Уставот на Република Македонија затоа што со неа се ограничува остварувањето на овие две слободи гарантирани со членот 16 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.**

*- Under the Constitution of the Republic of Macedonia, the freedom of public expression of thought and the freedom of public appearance are absolute and may not be limited by any law, or another regulation.*
*Hence, the provision in the Statute of the Bar of the Republic of Macedonia envisaging that the Board of Directors of the Bar give approval for debating, expert and scholarly appearances of the lawyer is not in accordance with the Constitution of the Republic of Macedonia, since it limits the realisation of these two freedoms enshrined in Article 16 paragraphs 1 and 2 of the Constitution of the Republic of Macedonia.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и членот 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 декември 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 51 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.97/2002).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијативата поднесена од Лорија Ваневска, адвокат од Скопје со Решение У.бр.205/2003 од 6 октомври 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста на членот 51 став 2 од Статутот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 51 став 2 од Статутот, за дебатни, стручни и научни истапувања согласност дава Управниот одбор на Адвокатската комора.

5. Во членот 8 од Уставот, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и принципот на владеењето на правото.

Во делот на граѓанските и политичките слободи и права, Уставот во членот 16 став 1 и 2, меѓу другото, ја гарантира слободата на јавното изразување на мислата и слободата на јавниот настап.

Понатаму, како релевантен член од Уставот кој што се имаше предвид при оценување на уставноста на оваа одредба од Статутот е членот 54 во кој што, меѓу другото, е утврдено дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот (став 1) и дека ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува и на слободата на јавното изразување на мислата за која станува збор во конкретниот случај (став 4).

Од наведените одредби од Уставот произлегува дека остварувањето на уставно гарантираните слободи на јавно изразување на мислата и јавниот настап не може да се ограничи во ниеден случај, што значи дека овие две слободи Уставот ги определува како апсолутни, без ограничување.

Инаку, смислата на слободата на јавно изразување на мислата и слободата на јавниот настап е секој да може јавно да ги искаже сопствените погледи и мислења за било кое прашање, настан или појава и тоа на сите места кои за тоа се определени и можни, како на пример на организирани советувања, симпозиуми, научни и стручни собири, јавни трибини и слично или преку определени средства за јавно информирање. Слободата на јавно изразување на мислата и на јавниот настап, исто така, не претпоставуваат обврска претходно да се пријави говорот, односно настапот, ниту значи дека некој од некого е должен да бара претходно одобрение за тоа.

Меѓутоа, ваквата апсолутност и неограниченост на овие две слободи не значи дека е дозволено тие да бидат и злоупотребени, на пример, во смисла на нарушување на јавниот ред и мир, повреда на достоинството и интегритетот на личноста, како и доведување во прашање на слободите и правата на другите граѓани.

Имајќи го предвид наведеното Судот утврди дека одредбата од ставот 2 на членот 51 од Статутот не е во согласност со Уставот на Република Македонија, затоа што со самото предвидување дека за дебатни, стручни и научни настапувања на адвокатот согласност дава Управниот одбор однапред се попречува, односно ограничува остварувањето на неговата слобода на јавно изразување на мислата и на јавен настап, гарантирани со членот 16 став 1 и 2 од Уставот. Ова дотолку повеќе што настапувањето на адвокатите на стручни и научни дебати не може да се подведе под вршење на адвокатска дејност во смисла на Законот за адвокатурата, па затоа ваквото нивно настапување не може да се ограничува ниту со закон, ни со Статутот на Адвокатската комора.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.205/2003)

# 130.

**- Регистарскиот суд е надлежен да ги определува дејностите што ќе ги обавува јавното претпријатие**

*- Registry Court is competent to determine activities that will be performed by the public enterprise*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 1 и 2 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 ноември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво - Центар за печат, радио и телевизија Прилеп во целина и посебно členовите 4 и 17 став 3, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие на 9 февруари 2004 година.

2. Љупчо Мурговски од Прилеп на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата Статутот на јавното претпријатие бил во спротивност со Законот за радиодифузна дејност затоа што според член 11 од наведениот закон правно и физичко лице чија дејност е од областа на печатот не може да основа организација и да врши радиодифузна дејност, а радиодифузна организација не може да основа организација и да врши дејност од област на печатот.

Меѓутоа и покрај наведената законска одредба Советот на општина Прилеп дал согласност на Статутот на Јавното претпријатие во кој е предвидено дека покрај радиотелевизија се основа и информативна дејност во печатот, а во член 4, пак, од Статутот се наведени дејностите кои ги врши ова претпријатие.

Членот 17 став 3 од оспорениот статут не бил во согласност со член 32 став 2 од Уставот, затоа што единствено директорот или заменикот како избрано лице има пристап до работно место по завршување на мандатот без јавен оглас, додека за останатите граѓани било нужно да се почитуваат соодветните услови предвидени со Законот за работните односи.

3. Судот на седницата утврди дека врз основа на член 29 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.6/1998) и член 92 од Законот за радиодифузна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1997) на 27 октомври 2000 година општините Прилеп, Витолиште, Тополчани, Долнени и Кривогаштани склучиле Спогодба за преземање на вршење на основачкото право

над Јавната радиодифузно претпријатие од локално ниво - Центар за печат, радио и телевизија Прилеп.

Според оваа спогодба општина Прилеп, каде е лоцирано седиштето на Јавното претпријатие, го презема вршењето на основачките права врз јавното радиодифузно претпријатие од локално ниво - Центар за печат, радио и телевизија - Прилеп.

Понатаму во спогодбата е предвидено дека општина Прилеп по склучување на спогодбата ќе преземе активности за усогласување на работењето на јавното претпријатие според Законот за радиодифузна дејност.

На 26 април 2002 година Советот на општината донел Одлука за усогласување на Центарот за печат, радио и телевизија Прилеп со Закон за радиодифузија и со Законот за јавните претпријатија (бр.07-973/1).

Со оваа одлука се предвидува да се усогласи работењето на наведеното претпријатие со Законот за радиодифузна дејност, Законот за јавните претпријатија, како и да се донесе статут на Јавното претпријатие и да се именуваат органи на Јавното претпријатие.

На 9 февруари 2004 година Управниот одбор на Јавното претпријатие го донел оспорениот статут.

Според член 1 од Статутот на ова јавно претпријатие е предвидено дека со него се определува организацијата, дејноста, средствата за финансирање, органи на претпријатието, актите, постапката за нивно донесување како и други прашања од значење за јавното радиодифузно претпријатие.

Во член 2 став 1 на оспорениот статут е предвидено дека јавното радиодифузно претпријатие се основа за издавачка дејност, создавање и емитување радио и телевизиска програма од интерес на граѓаните на општина Прилеп.

Во оспорениот член 4 од Статутот е предвидено дека јавното радиодифузно претпријатие ги врши следните дејности: издавање весници, издавање на списанија и периодични изданија, издавање на снимени медиуми, друга издавачка дејност, реклами и

пропаганда, други деловни активности што не спомнати на друго место и радио и телевизиски активности.

Понатаму во Статутот е предвидено како се обезбедуваат средства за работа на ова претпријатие, органи на претпријатието, положбата на вработените во јавното претпријатие, актите на јавното претпријатие, правото на синдикално организирање, правото на штрајк како и постапката за изменување и дополнување на статутот на јавното претпријатие.

Во член 17 став 2 од статутот е предвидено дека директорот се именува со мандат од четири години, а во оспорениот член 17 став 3 е предвидено дека, "по истекот на мандатот или по предвремено разрешување се распоредува на работи и работни задачи кои одговарат на неговиот степен на стручна подготовка.

Во натамошната постапка Судот утврди дека Советот на општина Прилеп на 10 март 2004 година дал согласност на Статутот на јавното радиодифузно претпријатие, а на 18 март 2004 година, регистарскиот суд во Битола со решение извршил упис во трговскиот регистар на статутот и органите на управување.

4. Според член 28 алиеја 1 и 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето и ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Имајќи ја предвид содржината на Статутот на јавното претпријатие во целина, а посебно член 4 во кој се утврдени дејностите на ова јавно радиодифузно претпријатие, Судот оцени дека за прашањето кои дејности ќе ги обавува едно јавно претпријатие е надлежност на регистарски суд, а не Уставниот суд на Република Македонија.

Во однос на барањето за оценување на уставноста на член 17 став 3 од Статутот според кој директорот по престанок на мандатот или по предвремено разрешување се распоредува на работи и работни задачи кои одговараат на степенот на неговата стручна подготовка, Судот оцени дека тоа прашање е од интерна природа за кое одлучува самото претпријатие, односно основачот кој го именува директорот и како такво не подлежи на уставносудска заштита.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.91/2004)

# 131.

**- Државна управа (организација и работа)**

*- State administration (organisation and work)*

**- Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Кога одделни органи на управата, освен министерствата, се утврдуваат со други закони, не може да се смета дека предмет на тие закони е уредувањето на системот на организацијата и работата на органите на државната управа и дека поради тоа тие требале да се донесуваат со двотретинско мнозинство.**

*- The organisation and work of bodies of state administration are governed by law, which is adopted by a two-third majority of the votes of the total number of deputies. When certain bodies of administration, except for the ministries, are defined by other laws, it may not be considered that the subject of these laws is the regulation of the system of organisation and work of the bodies of state administration and that because of that they should have been adopted by a two-third majority of the votes.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 ноември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членовите 144, 145, 167, 168, 169, 170, 171, 177, 178 и 181 од Законот за културно наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/2004).

2. Политичката партија "Демократски сојуз" од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите од законот означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, предмет на уредување со оспорените одредби од Законот биле прашања од сферата на организацијата и работата на органите на државната управа, односно тие предвидувале нов орган на државната управа, со својство на правно лице во состав на Министерството за култура, па поради тоа Законот, согласно членот 95 став 3 од Уставот, требало да биде донесен со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието, а не како што бил донесен со обично мнозинство на пратеници во Собранието.

3. Судот на седницата утврди дека Законот за културното наследство во Главата - VI која се однесува на "Организација на заштитата на културното наследство", со членовите 144 и 145 го уредил основањето, статусот и надлежностите на Управата за заштита на културното наследство.

Имено, според одредбата од членот 144, за вршење на управните, стручните и други работи од областа на заштитата на културното наследство се основа Управа за заштита на културното наследство, како орган во состав на Министерството за култура, и со својство на правно лице.

Надлежностите на Управата се определени со членот 145 од Законот.

Во Главата IX од Законот која се однесува на "Инспекцискиот надзор", со членот 167 е предвидено дека инспекцискиот надзор за спроведување на овој закон и другите прописи од областа на заштитата на културното наследство, со исклучок на инспекцискиот надзор во надлежност на Архивот, го врши Управата преку инспектори за културно наследство, а со одредбите од членот 168 се определени овластувањата на инспекторот. Понатаму, со членовите 169, 170 и 171 од Законот, подробно се определени должностите на инспекторот при вршењето на надзорот, потребата од создавање на услови за непречено вршење на инспекцискиот надзор при што јавните установи за заштита и овластените правни лица чие работење е предмет на надзорот се должни да им овозможат увид на инспекторите во документацијата и да им ги дадат потребните податоци и известувања.

Во преодните одредби од Законот, со членот 177 е определено дека Управата почнува со работа со денот на именувањето на директорот, кој Владата на Република Македонија го именува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. Потоа, Управата во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон ги презема и ги распоредува работниците на заводите за заштита на споменициите на културата од членот 178 на овој закон и на одделни установи за заштита на движното културно наследство, во согласност со актите на Управата за организација и систематизација на работните места. Исто така, Управата ја презема нивната документација, архива и други средства за делот на надлежностите на Управата.

Реорганизацијата на заводите за заштита на спомениците на културата е предвидено да започне и да се спроведе, на начин определен согласно со одредбите од членот 178, од денот на примената на овој закон.

Според членот 181 од Законот, прописите чие донесување е предвидено со овој закон, ќе се донесат најдоцна во рок од осум месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Судот, исто така утврди дека Собранието на Република Македонија на седница одржана на 19 март 2004 година, го донело Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на

Република Македонија" бр.20/2004), и од присутните 61 пратеници сите гласале "за" од кои 18 пратеници припаѓале на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

4. Според членот 95 став 1 од Уставот на Република Македонија, државната управа ја сочинуваат министерствата и други органи на управата и организации утврдени со закон.

Во ставот 2 од овој член од Уставот е утврдено дека се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа.

Според ставот 3, организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Наведената уставна норма утврдува постапка за донесување на законите кои се однесуваат на организацијата и работата на државната управа која обврзува на поголем степен на согласност во одлучувањето на Собранието во овој сегмент на државната организација.

Системот на органите на државната управа, во смисла на утврдување на нивната организација во која се содржани видовите, бројот и називите на органите на управата, како и нивната работа односно надлежностите на одделни органи и постапката за нивната работа, веќе се утврдени со закон. Имено, со Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), кој е донесен со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија, е уреден системот на органите на државната управа, а во тие рамки уредена е и организацијата, надлежноста и начинот на работа на Министерството за култура, при што е определено дека во негов состав е Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците на Република Македонија.

Воедно, според основните одредби на овој закон, органите во состав на министерствата можат да се основаат за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството. Органите на државната управа, освен министерствата, можат да се основаат, укинуваат и нивната надлежност да се утврдува со закон. На одделни органи на државната

управа, со законот со кој се основаат може да им се определи својство на правно лице.

Поради изнесеново, Судот оцени дека основа на организацијата на државната управа, во наведената смисла, претставува она што е уредено со Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој може да се донесува и менува само со двотретинско мнозинство, а се друго, без оглед на тоа што исто така се однесува на органите на управата, не претставува систем и може да се уреди со закон кој не мора да биде донесен со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија.

Законот за културното наследство кој ги содржи оспорените одредби, е донесен согласно точките 1 и 2 од Амандманот X од Уставот.

Имено, при одлучувањето на седницата на Собранието присуствувало мнозинство од вкупниот број пратеници и Законот бил усвоен со мнозинство гласови "за" од присутните пратеници, при што имало и потребно мнозинство гласови од пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Поради тоа, Судот утврди дека Законот е донесен во согласност со Уставот и не може да се доведе во прашање уставноста на оспорените одредби кои регулираат нов орган на управа во состав на Министерството за култура, од аспект на причините во иницијативата со кои тие се оспоруваат.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.119/2004)

# 132.

**- Собрание на Република Македонија (избор на пратеници)**

*- Assembly of the Republic of Macedonia (election of deputies)*

**- Одлучувањето, како битен дел од вршењето на пратеничката функција, не е произволен акт или акт на поедини групи, туку најзначајна демократска процедура во работењето на Собранието, која може да се доведе во прашање ако помеѓу избраните пратеници на Собранието се лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор и не можат да придонесат за создавање на кворум односно да присуствуваат во Собранието за да одлучуваат и да ја вршат непосредно претеничката функција.**

*- The decision-making, being an important segment in the performance of the function of a deputy, is not an arbitrary act or an act of individual groups, but the most significant democratic procedure in the work of the Assembly, which may be questioned if among the elected deputies in the Assembly there are persons who are serving a prison sentence and may not contribute to the creation of a quorum, that is, to be present in the Assembly for decision-making and to perform the function of a deputy directly.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 ноември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членот 5 алинеја 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2002 и 46/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, со оспорената законска одредба се ограничувале слободите и правата на граѓаните бидејќи таа предвидувала забрана за лицата кои се наоѓале на извршување казна затвор за сторено кривично дело да бидат избрани за пратеници во Собранието на Република Макеоднија, а такво ограничување не било предвидено со Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со одредбата од членот 5 предвидел дека право да биде избран за пратеник има секој државјанин на Република Македонија кој:

- наполнил 18 години живот;
- има деловна способност и
- не се наоѓа на издржување на казна затвор за сторено кривично дело.

4. Во делот на одредбите од Уставот на Република Македонија кои се однесуваат на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, со членот 9 е определено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба и дека граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Според членот 22 од Уставот избирачкото право е утврдено како право на секој граѓанин со наполнети 18 години живот.

Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Според ставот 3 од овој член од Уставот, избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

Согласно членот 23 од Уставот, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Имајќи ги предвид изнесените уставни одредби произлегува дека Уставот, посебно во овој дел од нормите, не прави разлика меѓу активното избирачко право, односно правото на граѓанинот да избира и пасивното избирачко право, односно правото на граѓанинот да биде избран. Избирачкото право е определено како едно од најбитните политички права кое кореспондира со останатите демократски определби утврдени со Уставот, посебно во делот на организацијата и функционирањето на државната власт.

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката.

Според членот 61 став 2 од Уставот, организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловникот, а според членот 62 став 5, начинот и условите за избор на пратениците се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Со Уставот меѓу другото е утврдено дека Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, тие не можат да бидат отповикани и се избираат за време од четири години. Пратениците согласно членот 64 од Уставот, уживаат имунитет и пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието, ниту може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршењето на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. Собранието, исто така, може да одлучи да се примени имунитет над пратеникот и кога тој самиот не се повикал на него, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник. За време на мандатот пратениците не подлежат на обврска во вооружените сили.

Според членот 65 од Уставот, мандатот на пратеникот ќе му престане кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. Со одредбата од ставот 4 на овој член од Уставот е предвидено дека на пратеникот може да му биде одземен мандатот кога е осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци.

Одземањето на мандатот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Според членот 66 од Уставот, Собранието е во постојано заседание и работи на седници кои ги свикува претседателот на Собранието.

Собранието, во рамките на своите надлежности определени во членот 68 од Уставот, има уставотворна и законодавна функција, односно ги донесува и изменува Уставот и законите, ги утврдува јавните давачки, донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот, ратификува меѓународни договори, донесува одлука за менување на граници на Републиката, распишува референдум, избира Влада на Република Македонија, избира судии на Уставниот суд на Република Македонија, врши избор и разрешување на судии, дава амнестија и врши други работи утврдени со Уставот.

Поаѓајќи од фактот што функционирањето на Собранието се изразува исклучиво низ степенот на остварувањето на надлежностите, соодветно на тоа произлегува и потребата од непречено непосредно делување на секој пратеник посебно во рамките на Собранието како институционализирана демократска и политичка форма заради реализација на јавните функции во негова надлежност. Исто така, заради остварувањето на целината на јавните функции на Собранието, му се гарантирани уставните права на пратеникот како поединец.

Оттука, уставно определените посебни права и обврски на пратениците (имунитет, не подлежат на обрска во вооружените сили итн.) се облик на обезбедување и остварување на јавните и одговорни собраниски функции во услови, кои пред се, фактички би му овозможиле на пратеникот да биде присутен и лично и непосредно да ги врши активностите.

Демократската процедура на одлучување во Собранието се остварува со гласањето на пратениците кое подразбира можност на секој пратеник поединечно да гласа и да ги врши активностите кои произлегуваат од пратеничката функција.

Со Уставот е поставен општиот принцип за донесување на одлуките и тоа под услов на постоење на одреден "кворум" на пратеници во Собранието.

Со Амандманот X, со кој е заменет членот 69 од Уставот, е предвидено дека Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

За законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Со Уставот се определени прашањата за кои Собранието одлучува со квалифицирано мнозинство на пратениците, односно двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Имајќи го предвид изнесеното, произлегува дека одлучувањето, како битен дел од вршењето на пратеничката функција, не е произволен акт или акт на поедини групи, туку најзначајна демократска процедура во работењето на Собранието која може да се доведе во прашање ако помеѓу избраните пратеници на Собранието има лица кои не можат да придонесат за создавање на кворум и да присуствуваат во Собранието, за да одлучуваат и да ја вршат непосредно пратеничката функција.

Оттука, Судот оцени дека оспорената законска одредба, според која полнолетно и деловно способно лице кое е државјанин на Република Македонија може да има право да биде избрано за

пратеник под услов да не се наоѓа на издржување на казна затвор за сторено кривично дело, е во согласност со Уставот, со оглед на тоа што ваквата законска определба ги следи наведените уставни принципи кои се однесуваат на вршењето на пратеничката функција во структурата на овластувањата на Собранието.

Имајќи предвид дека Уставот со одредбата од членот 62 став 5 определил со закон да се уредат начинот и условите за избор на пратеници, а во случајов со оспорената законска одредба е предвиден услов кој не е во спротивност со определбите на Уставот, Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за уставноста на оспорената одредба од Законот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.137/2004)

# 133.

**- Закон за надоместоците на сведоците, вештаците и толкувачите во управната постапка**

*- Law on the Compensation of Witnesses, Forensic Experts and Interpreters in Administrative Procedures*

**- Законот кој што не е усогласен со одредбите на Уставот на Република Македонија во определениот рок и не е адекватен на сегашните општествени односи и потреби на државата е во судир со постојните, втемелени вредносни принципи утврдени со Уставот.**

*- The law that is not harmonised with the provisions in the Constitution of the Republic of Macedonia within the set time limit and is not adequate to the current social relations and needs of the state is in contradiction with the existing, established value principles defined by the Constitution.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Законот за надоместоците на сведоците, вештаците и толкувачите во управната постапка ("Службен весник на СРМ" бр. 19/1966).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија со решение У.бр.78/2004 од 8 јули 2004 година по поднесена иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, поведе постапка за оценување на уставноста на актот означен во точка 1 од оваа одлука поради тоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека Законот за надоместоците на сведоците, вештаците и толкувачите во управната постапка е донесен од Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница на Републичкиот собор и Организационо-политичкиот собор одржана на ден 16 јуни 1966 година. Истиот е објавен во "Службен весник на СРМ" бр.19/1966 година, од 17 јуни 1966 година, а влегол во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Оспорениот закон содржи 23 (дваесет и три) члена, кои се поместени во три глави, од кои I (првата) ги регулира општите одредби, II (втората) прашањата за надоместоците на сведоците, вештаците и толкувачите и III (третата) ја содржи завршната одредба.

5. Според член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е владеењето на правото.

Принципот на владеење на правото и правната држава се два носечки принципи на уставниот поредок. Со појавата на пишаните устави се втемелуваат овие два принципи како основни начела на уставниот поредок. Оттука, утврдувањето на владеењето на правото како основна темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија значи прифаќање на принципите на модерниот конституционализам. Владеењето на правото и на правната држава не оставаат простор за нивно одделување и на теориски и на практичен план.

Воспоставувањето на правен поредок на државата е цивилизациска вредност така што владеењето на правото како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, истовремено значи конституирање на поредок каде што правото ќе биде основ за дејствување на сите и секого, вклучувајќи ја и државата.

Според член 51 став 1 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, а според ставот 2 на овој член, секој е должен да го почитува Уставот и законите.

Според член 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија прогласен на 17 ноември 1991 година, законите што не се во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија ќе се усогласат во рок од една година од денот на прогласувањето на Уставот.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби, како и времето на донесување на сега оспорениот закон (1966 година) и општествените услови во кои истиот е донесен, а притоа имајќи ја во вид еволуцијата на општествените односи и обврската за усогласување на истиот со одредбите од Уставот во рок од една година од денот на прогласувањето на Уставот, Судот утврди дека

оспорениот закон не е во согласност со Уставот на Република Македонија. Имено, имајќи го во вид фактот дека во Република Македонија се вградуваат нови вредносни принципи и нова организациона поставеност на органите на управата, логично се наметнува потребата од усогласување на оспорениот закон со одредбите на Уставот, бидејќи оспорениот закон е донесен во период на федеративно уредена заедница, кога владееле други вредности на социјалистичкото општество. Со оглед на тоа, Законот содржи низа одредби со суштински и терминилошки неусогласености во однос на Уставот.

Тргнувајќи од горенаведените факти, Судот оцени дека сега оспорениот закон со сите негови одредби не е адекватен на сегашните општествени односи и потреби на државата и истиот е во судир со постојните, втемелени вредносни принципи, дотолку повеќе што содржи и терминолошки неусогласености, поради што истиот не е во согласност со Уставот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.78/2004)

# 134.

**- Закон за заштита и спасување**

*- Law on Protection and Rescue*

**- Владата на Република Македонија е овластена да одлучува за обезбедување на материјалните резерви за потребите за заштита и спасување и за висината на надоместокот за настанатата штета предизвикана од природни непогоди, епидемии и сл.**

*- The Government of the Republic of Macedonia is empowered to decide on the provision of material reserves for the needs of protection and rescue and for the amount of the compensation for the damage caused by natural disasters, epidemics, and the like.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 27 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 16 точките 3 и 6 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, оспорените одредби од Законот биле несогласни со Уставот на Република Македонија, затоа што при постоење на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, Владата на Република Македонија не била овластена да донесува одлуки за обезбедување на материјалните резерви за потребите за заштита и спасување, ниту да одлучува за висината на надоместокот за настанатата штета предизвикана од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, затоа што тоа спаѓало во надлежност на Собранието на Република Македонија.

3. Судот на седница утврди дека согласно член 16 точка 3 од Законот во остварувањето на заштитата и спасувањето, Владата на Република Македонија донесува одлука за обезбедување на материјалните резерви за потребите за заштита и спасување.

Судот, исто така, утврди дека согласно член 16 точка 6 од Законот во остварувањето на заштитата и спасувањето, Владата на Република Македонија одлучува за висината на надоместокот за настанатата штета предизвикана од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

4. Согласно член 68 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија одлучува за резервите на Републиката.

Согласно оваа уставна одредба Собранието го донесува Буџетот на Република Македонија и Законот за извршувањето на Буџетот на Република Македонија.

Според членот 22 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија средствата утврдени во Раздел 090012, Програма 12, ставка 428 потставка 428111 - Постојана резерва, можат да се користат за учество во финансирањето на мерките за сузбивање на епидемии, заразни болести и елементарни непогоди.

За користење на средствата од ставот 1 на овој член, на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија.

Согласно членот 23 на овој закон средствата утврдени во раздел 090.02, Програма 12, ставка 428 потставка 428112 - Тековни резерви, се користат за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ во Буџетот.

Во ставот 2 на овој член од Законот е предвидено дека за користење на средствата од ставот 1 на овој член, на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија.

Од содржината на наведените уставни и законски одредби произлегува дека:

- Собранието на Република Македонија одлучува за резервите на Републиката.

- Собранието на Република Македонија, како законодавец, со Законот за извршување на Буџетот предвидел постојаните и тековните резерви да можат да се користат за учество во финанси-

рањето на мерките за сузбивање на епидемии, заразни болести и елементарни непогоди и за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ и

- за користење на овие средства, на предлог на министерот за финансии, одлучува Владата на Република Македонија.

Од изнесеното произлегува дека Владата е овластена да донесува одлука за обезбедување на материјалните резерви за потребите за заштита и спасување и да одлучува за висината на надоместокот за настанатата штета предизвикана од природни непогоди, епидемии и сл.; дека Собранието на Република Македонија донесува републички буџет и завршна сметка, а со Законот за извршување на буџетот ја овластува Владата на Република Македонија да донесува одлуки во врска со користењето на средствата во сузбивањето на епидемии, заразни болести и елементарни непогоди, како и за користењето на тековните резерви за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.154/2004)

# 135.

**- Деловник на Собранието на Република Македонија (одобрување на притвор на пратеник)**

*- Book of Procedures of the Assembly of the Republic of Macedonia (approval of detainment of a deputy)*

**- Тоа што со оспорените одредби од Деловникот не е уредено кој орган е надлежен да поднесе барање за одобрување на притвор на пратеник, односно известувањето до претседателот на Собранието дека пратеникот е притворен, не е во несогласност со Уставот, затоа што со нив се уредува прашањето во врска со процедурата за одобрување на притвор на пратеник, а не кој орган е надлежен да поднесе барање.**

**Фактот дека Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања одлучува по барањето за одобрување на притвор на пратеник во случај кога Собранието не предвидува да одржи седница во рок од 15 дена, не е во несогласност со Уставот, затоа што Собранието сепак го задржува правото да одлучува дали ќе ја потврди или укине одлуката на Комисијата.**

*- The lack of regulation with the contested provisions in the Book of Procedures as to which body is competent to submit a request for approval of a detainment of a deputy, that is, a notification to the Assembly's Speaker that a deputy has been detained, is not in contradiction with the Constitution, since they regulate the issue in connection with the procedure for approval of detainment of a deputy, and not which body is competent to submit a request.*

*The fact that the Commission for Procedural and Mandate-Immunity Issues decides on the request for approval of detainment of a deputy in case when the Assembly does not plan to hold a session within 15 days, is not in contradiction with the Constitution, since the Assembly still withholds the right to decide whether to confirm or repeal the Commission's decision.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 14 јули 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 50 став 2 и 3 и членот 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.60/2002).

2. СЕ ОТФРЛА барањето за заштита на имунитетното право на Љубе Бошковски од Скопје, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Коце Трајановски, координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и адвокатите на Љубе Бошковски, Ставре Џиков од Скопје, Јагнула Куновска од Скопје и Ненад Јаниќевиќ од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа: 1. иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение и 2. барање за заштита на имунитетно право означен во точката 2 од ова решение. Имено, со првата иницијатива се оспоруваат членовите 50 став 2 и 3 и 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија затоа што овие оспорени одредби од Деловникот биле уредени во несогласност со Уставот, Законот за кривичната постапка, Законот за јавно обвинителство и Законот за судовите, од причини што не биле наведени надлежните органи за поднесување барање, односно известување до претседателот на Собранието за одобрување на притвор на пратеник, како и за притвор на пратеник, кога е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години. Понатаму во иницијативата се наведува дека во член 8 алинеја 4 од Уставот била утврдена поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, при што со Уставот и законите не било допуштено мешање на една во друга власт, затоа што власта била поставена како структура на самостојна релативно поделена власт, чии статус, надлежност и односи биле утврдени со Уставот се со цел да го гарантираат остварувањето и заштитата на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот.

Подносителот на иницијативата исто така смета дека првата темелна вредност на уставниот поредок било остварувањето и заштитата од страна на сите државни органи на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот (член 8 алинеја 1 од Уставот), при што тие

можело да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот (член 54 од Уставот), а не и со закон или подзаконски акт. Ваквата непрецизност и правна празнина на овие оспорени одредби од Деловникот создавало правна несигурност, арбитрерност и нивна дискрециона примена, и злоупотреба од страна на претседателот на Собранието, надлежниот основен јавен обвинител и министерството за внатрешни работи, бидејќи наместо истражниот судија при надлежниот основен суд, тие поднесувале до претседателот на Собранието барање за одобрување на притвор на пратеник, односно известувањето дека пратеникот бил притворен. На ваков начин, смета подносителот на иницијативата со изместување на уставна и законска надлежност на јавното обвинителство, судовите и Министерството за внатрешни работи се вршел против уставен и противправен притисок врз судовите како самостојни и независни органи (член 98 став 2 од Уставот), поради што овие оспорени одредби од Деловникот не биле во согласност со членот 8 алинеја 3 и 4 и со членот 12 став 2 од Уставот на Република Македонија, како и со членовите 132 став 2, 151 став 3 и 185 став 1 од Законот за кривичната постапка, од кои произлегувало дека исклучиво единствен надлежен орган што ја оценува основаноста на предлогот на надлежниот основен јавен обвинител за определување на мерката притвор бил истражниот судија на надлежниот основен суд кој предметно постапува по барањето за спроведување на истрага и предлогот за определување на притвор, кои биле поднесени од надлежниот јавен обвинител.

Оспорените одредби од Деловникот не биле во согласност и со одредбите од членовите 8 и 15 од Законот за јавно обвинителство од кои не произлегувало дека надлежниот јавен обвинител имал овластување да поднесува барање до претседателот на Собранието за одобрување на притвор на пратеник.

По однос на оспорените одредби од ставовите 4 и 5 на член 51 од Деловникот на Собранието подносителот на иницијативата смета дека според член 12 став 2 од Уставот никому неможело да му биде ограничена слободата, освен со одлука на Судот и во случаи и во постапката утврдена со закон, според член 34 став 1 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можеле да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот, според член 64 став 3 од Уставот, пратеникот не можел да биде притоврен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години и според член 76 став 1 од Уставот, Собранието основа постојани и повремени работни тела. Од изнесеното, подносителот на иницијативата смета

дека комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања не можела да донесува одлука за одобрување притвор на пратеник ако Собранието не одржува седница, односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок од 15 дена, туку работното тело можело само да усвои извештај во врска со поднесеното барање и да го достави до претседателот на Собранието, кое имало исклучиво надлежност да одлучува за одобрување на притвор на пратеник по претходно поднесено барање од истражен судија на надлежниот основен суд, а за што претходно Собранието согласно член 132 став 2 од Законот за кривичната постапка, по барање на истражниот судија дава одобрение за водење на истрага против пратеникот. Ова значело дека Собранието неможело својата надлежност да ја делегира на комисијата и затоа што согласно член 66 став 1 од Уставот Собранието било во постојано заседание.

Подносителот на иницијативата наведува дека вакви решенија содржеле Уставот на Руска Федерација, Уставот на Република Хрватска и Уставот на поранешна Сојузна Република Југославија како и други европски земји. Оспорените одредби на ставовите 4 и 5 од член 51 од Деловникот на Собранието на Република Македонија според подносителот на иницијативата не се во согласност со напред наведените уставни одредби, за што се бара Уставниот суд да одржи подговителна седница, а по донесување на решение за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да одржи јавна расправа, после која би донел одлука за поништување на оспорените одредби од Деловникот.

Со иницијативата, исто така, се бара Уставниот суд да донесе решение за запирање од извршување на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените одредби од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поради тоа што со нивното извршување би можело да настанат тешко отстранливи последици по личниот интегритет на пратениците во Собранието.

Со второто барање поднесено од адвокатите на Љубе Бошковски се бара заштита на имунитетното право на член 64 од Уставот на Република Македонија на Љубе Бошковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

Подносителите на второто барање исто така како и подносителот на првата иницијатива наведуваат дека основното јавно обвинителство не е надлежно согласно Уставот, Законот за јавно

обвинителство и Законот за кривичната постапка да поднесува барање за одобрување на притвор на пратеник до претседателот на Собранието на Република Македонија туку, такво барање може да поднесе само истражниот судија при надлежниот основен суд, и дека Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања наместо да се прогласи за ненадлежна и да го вратела барањето до Претседателот на Собранието на Република Македонија, таа расправала по барањето на Основниот јавен обвинител (без присуство на пратеникот Љубе Бошковски, кој не бил уредно поканет), а во присуство на министерот за внатрешни работи и основниот јавен обвинител во Скопје и на ден 30.04.2004 година донела одлука со која се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија Љубе Бошковски од страна на надлежен државен орган, согласно член 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а која одлука била потврдена со мислењето на Собранието на 5.05.2004 година, со што било повредено имунитетно право на пратеникот Љубе Бошковски од член 64 став 4 од Уставот и одлуките биле донесени врз основа на ставовите 2 и 3 од член 50 и ставовите 4 и 5 од член 51 од Деловникот, кои биле неуставни и незаконити.

Понатамошниот дел од барањето и текстуално и суштински е исто како и првата иницијатива, а се смета дека одлуките на Комисијата и Собранието со кои му е одземено имунитетното право на пратеникот Љубе Бошковски од член 64 став 3 од Уставот се противуставни и противзаконски, па согласно член 110 алинеја 3 од Уставот и член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, пратеникот Љубе Бошковски имал право да поднесе заштита на имунитетното право од член 64 од Уставот, затоа што имунитетното право, кое било израз, потврда и манифестација на суверенитетот на граѓаните и кои властите ја остваруваат преку демократските избори и претставници (член 2), преку политичкиот плурализам (член 8 алинеја 5) политичкото здружување и дејствување (член 20) од Уставот била гаранција за остварување на пратеничката функција на пратеникот Љубе Бошковски, поради што се бара Уставниот суд на Република Македонија да одржи подготвителна седница и јавна расправа, на кои ќе биле поканети и експерти по уставно право и кривична постапка и Народниот правобранител на Република Македонија и врз основа на член 110 од Уставот и членовите 56 и 70 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија да донесе одлука, со која ќе ја поништи Одлуката на Комисијата бр.25-1772/2 од 30 април 2004 година и Мислењето на Собранието од 5 мај 2004 година.

Исто така овие подносители на иницијативата бараат согласно членот 57 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, до донесување на конечна одлука по Барањето за заштита на имунитетното право од член 64 став 3 од Уставот на Република Македонија, да донесе решение за запирање од извршување на Одлуката бр.25-1772/2 од 30.04.2004 година и Мислењето на Собранието од 5.05.2004 година затоа што со нивното извршување би можело да настанат тешко отстранливи последици по личниот интегритет и слободата на пратеникот Љубе Бошковски.

4. Судот на седницата утврди дека врз основа на член 66 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесува Деловник со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Собранието на Република Македонија, врз основа на членовите 61 став 2 и 66 став 4 од Уставот на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јули 2002 година донесе деловник на Собранието на Република Македонија и тој е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.60/2002.

Во завршните одредби, во членот 240 од Деловникот е утврдено дека со влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр.37/1975, 15/1978, 13/1982, 15/1982, 14/1986, 51/1988 и 46/1989) и Привремениот деловник на Собранието на СРМ ("Службен весник на СРМ" бр.3/1991).

Со оспорените одредби од Деловникот на Собранието се уредува прашањето во врска со процедурата за одобрување на притвор на пратеник.

Имено во оспорениот член 50 став 2 од Деловникот е пропишано дека Барањето за одобрување на притвор на пратеник односно известувањето дека пратеникот е притворен се поднесува до претседателот на Собранието, а во ставот 3 од истиот член од Деловникот е определено дека надлежниот орган го известува претседателот на Собранието за притворот на пратеникот и кога тој не се повикувал на имунитетот.

Во ставот 4 од оспорениот член 51 од Деловникот на Собранието е определено дека ако Собранието не одржува седница,

односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок од 15 дена, по барањето за одобрување на притвор, одлучува комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, која е должна за тоа да го извести Собранието, а во ставот 5 од истиот член од Деловникот е предвидено дека Собранието на првата наредна седница одлучува дали ќе ја потврди или укине одлуката на комисијата.

Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 8 алинеи 1, 3 и 4 од Уставот на Република Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Републиката се и основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото како и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Во членот 12 ставот 2 е утврдено дека никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон.

Според член 54 став 1 од Уставот, слободата и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Во ставот 2 од истиот член стои дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот.

Согласно ставот 3 од членот 54 од Уставот, ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Во ставот 4 е утврдено дека ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Согласно член 64 став 1 од Уставот на Република Македонија, пратениците уживаат имунитет. Според ставот 2 пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието. Во ставот 3 од истиот член е утврдено дека пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, а во ставот 4 е определено дека Собранието може да одлучи да се примени имунитет над пратеник и кога тој самиот не се повика на него, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник.

Според член 66 став 1 од Уставот, Собранието е во постојано заседание.

Според член 76 став 1 од Уставот, Собранието основа постојани и повремени работни тела.

При разгледување на овие оспорени одредби од член 50 од Деловникот, а по однос на наводите во иницијативата Судот, утврди дека согласно член 1 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, со Деловникот се уредуваат организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието.

Значи, со оспорените одредби од Деловникот се уредува прашањето во врска со процедурата за одобрување на притвор на пратеник, а не кој орган е надлежен да поднесе барање за одобрување на притвор на пратеник, односно, известувањето до претседателот на Собранието дека пратеникот е притворен. Собранието нема обврска со свој акт (Деловник) да уредува прашања кој спаѓаат во друга област односно кој се уредени со закон.

Судот, смета дека подносителот на иницијативата погрешно ги толкува оспорените одредби од член 50 став 2 и 3 од Деловникот во смисла што наоѓа дека од содржината на тие одредби треба да произлезе кој орган е надлежен за поднесување на барање за одобрување на притвор на пратеник, односно доставувањето на известувањето до претседателот на Собранието за притвор на пратеник кога тој не се повикал на имунитет.

Оттука, не може да стане збор за несогласност на овие оспорени одредби од Деловникот на Собранието со членот 8 алинеја 1, 3 и 4 од Уставот во кој како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени и основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право, и утврдени со Уставот, владеењето на правото, како и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Од истите причини не можат да се прифатат и наводите во иницијативата дека оспорените одредби од Деловникот на Собранието не се во согласност со членовите 94 и 98 ставот 2 од Уставот на Република Македонија, како и членовите 132 став 2, 151 став 2, 152 став 3 и 185 став 1 од Законот за кривичната постапка и членовите 8 и 15 од Законот за јавното обвинителство.

Подносителот на иницијативата исто така ги оспорува одредбите од ставовите 4 и 5 од членот 51 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од причини што смета дека Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања не можела да донесе одлука за одобрување притвор на пратеник ако Собранието не одржува седница, односно ако седницата не се предвидувала да се одржи во рок од 15 дена, туку како работно тело можела само да усвои извештај во врска со подносеното барање и да го достави до претседателот на Собранието, кое имало исклучива надлежност да одлучува за одобрување на притвор на пратеник и истите не биле во согласност со членовите 12 став 2, 54 став 1, 64 став 3 и 76 став 1 од Уставот на Република Македонија.

По однос на овие наводи во иницијативата Судот утврди дека согласно член 61 став 2 од Уставот на Република Македонија организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и Деловникот.

Од наведената уставна одредба произлегува дека Уставот предвидува организацијата и функционирањето на Собранието да се уреди со акт - Деловник на Собранието.

Со членот 64 од Уставот на Република Македонија е уредено прашањето на имунитетот на пратениците.

Од анализата на членот 64 од Уставот на Република Македонија произлегува дека ставот 2 од овој член се однесува на материјалниот имунитет. Имунитетот во суштина не е привилегија на

определени луѓе на кои се однесува, туку неопходност за да можат нивните функции да ги извршуваат непречено, слободно и одговорно, односно како што е во конкретниот случај пратеникот според ставот 2 од членот 54 од Уставот ужива имунитет и не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието. Овој имунитет важи како за време на пратеничкиот мандат, така и по завршувањето на мандатот.

Од овој имунитет се разликува процедуралниот имунитет, според кој кривичната постапка против пратеникот може да почне со исполнувањето на условите предвидени во Уставот и законите. Ставот 3 на членот 64 од Уставот зборува токму за овој имунитет. Имено, пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. Овој имунитет се однесува само на активностите на пратеникот кои не се однесуваат на неговите дејствувања врзани за работата и должностите на пратеникот во Собранието. Овој тип на имунитет трае додека трае пратеничкиот мандат. Во овој случај доаѓа до израз принципот на рамноправноста на граѓаните пред Уставот и законите (член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија).

Анализирајќи ги оспорените одредби од член 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието, Судот смета дека овие оспорени одредби не се во несогласност со Уставот, меѓу друго и од причини што Собранието согласно ставот 5 од членот 51 од Деловникот го задржува правото да одлучува дали ќе ја потврди или ќе ја укине одлуката на Комисијата.

Имајќи ги во предвид наводите во иницијативата дека Собранието било во постојано заседание, според Судот, треба да се прави разлика помеѓу "заседание" и "седница". Заседание е временски период во кој Собранието согласно Уставот може да се состане и да ги врши своите овластувања. Седница, пак, е собирање на пратениците во рамки на заседанието, за да расправа и да одлучува за прашањата што се на усвоениот дневен ред. Седницата трае од моментот кога претседателот на Собранието ќе ја отвори, до моментот кога истата ќе ја затвори.

Собранието на Република Македонија е во постојано заседание, а неговата работа се одвива на седници.

Имајќи го предвид фактот дека определувањето на мерката притвор, налага итно и брзо постапување во ситуација кога Собранието не одржува седница, а сето ова врзано за ефикасно водење на кривичните постапки во кои прашањето на притворот е од приоритетно значење, всушност оспорените одредби од членот 51 од Деловникот претставуваат операционализација на уставната одредба.

Судот, исто така, утврди дека во конкретниот случај, овластувањата содржани во оспорените одредби на член 51 став 4 и 5 од Деловникот се во рамките на функционалната и организационата поставеност на Собранието, кои се движат во рамките на овластувањата утврдени во членот 64 од Уставот, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на овие оспорени одредби од Деловникот со напред наведените одредби од Уставот.

По однос на барањето Судот да донесе решение за запрање од извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените одредби од членовите 50 и 51 од Деловникот на Собранието, со оглед на тоа што Судот не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби од Деловникот, барањето е беспредметно.

5. По однос на наводите на второто барање за заштита на имунитетното право на Љубе Бошковски пратеник во Собранието на Република Македонија, Судот утврди дека:

Согласно член 110 алинеја 3 од Уставот Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминацијата на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото превземање.

Според член 56 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија со одлуката за заштита на слободите и правата Уставниот суд ќе утврди дали постои нивна повреда и во зависност од тоа ќе го поништи поединечниот акт, ќе го забрани дејството со кое е сторена повредата или ќе го одбие барањето.

Според член 8 алинеја 1 и 3 од Уставот на Република Македонија како темелни вредности на уставниот поредок се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Разгледувајќи го ова барање, Судот утврди дека прашањата што се покренуваат со барањето спаѓаат во доменот на кривичната постапка, и тоа како во поглед на прашањата поврзани со условите за определување притвор, така и во поглед на прашањето за условите, начинот и постапката за одземање на имунитет и натамошно водење на кривичната постапка, односно дека за заштита на законитоста на актите и дејствијата на надлежните органи во таа постапка предвидени се правни средства кои му стојат на располагање како нејзин составен дел во рамките на таа постапка.

Судот, исто така, утврди дека овие прашања не спаѓаат во доменот на заштитата на слободите и правата, односно тие не се непосредно поврзани со остварувањето на слободите и правата утврдени во членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, и дека за тие прашања Уставниот суд не е надлежен да одлучува.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето, поради што Судот одлучи како во точка 2 од ова решение.

Од тука барањето Судот да донесе решение за запирање од извршување на поединечни акти и дејствија што се преземени врз основа на Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања во Собранието на Република Македонија бр.25-1772/2 од 30 април 2004 година потврдена со Мислењето на Собранието на Република Македонија од 5 мај 2004 година, со која се одобрува изрекување на мерката притвор на пратеникот во

Собранието на Република Македонија, Љубе Бошковски од Скопје, Судот смета дека истото е беспредметно.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 и 2 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. Решението за неповедувањето на постапката за оценување на уставноста и законитоста на член 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Судот го донесе со мнозинство гласови. (У.бр.100/2004)

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) по моето гласање против Решението У.бр.100/2004 во делот што се однесува на неповедување постапка за оценување на уставноста на членот 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го издвојувам и писмено го образложувам следното

## ***ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ***

на Решението У.бр.100/2004 од 14 јули 2004

Со означеното решение Судот одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста, помеѓу другото, и на членот 51 став 4 и 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Според моето мислење, постојат основи за сомневање во уставноста на означените одредби од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од следните разлози:

Оспорените ставови 4 и 5 на членот 51 од Деловникот на Собранието на Република Македонија содржат овластување по барање за одобрување притвор на пратеник да одлучи Комисијата за

деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието, во случаи кога Собранието не одржува седница, односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок од 15 дена, со тоа што Собранието на првата наредна седница одлучува дали ќе ја потврди или укине одлуката на Комисијата. Од целината на овој член е јасно дека овие два става прават исклучок од правилото содржано во претходните ставови дека Собранието, а не негова комисија, одлучува дали ќе даде одобрение за притвор на пратеникот. Од овие одредби е исто така јасно дека одлуката на Комисијата има непосредно правно дејство, независно од тоа што таа оди на потврда на првата наредна седница на Собранието.

Според член 64 став 3 од Уставот на Република Македонија, пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. Согласно ставот 4 на овој член од Уставот, Собранието може да одлучи да се примени имунитет над пратеник и кога тој самиот не се повикал на него, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник.

Овие уставни одредби, покрај другите важни прашања, ја уредуваат на јасен начин надлежноста на Собранието да одлучува за одобрување притвор на пратеник.

Работите од својата надлежност, согласно член 66 став 2 од Уставот, Собранието ги врши на седница и за нив одлучува со определено мнозинство пропишано со Уставот.

Во Уставот не постои одредба која би го овластила Собранието одлучувањето за работите од својата надлежност да го пренесе на други органи или на своите работни тела, што, додуша, не е непознато во компаративното уставно право. Основ за ваков трансфер на надлежноста не може да биде ни одредбата од член 61 став 2 од Уставот според која организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловникот, затоа што устаната надлежност на Собранието не е прашање на негова организација и функционирање.

Оттука, со оглед на тоа што оспорените ставови 4 и 5 на членот 51 од Деловникот на Собранието пропишуваат можност за работите од надлежност на Собранието, макар и привремено, да одлучува друго тело, а не Собранието на седница, сметам дека може

основано да се постави прашањето за нивната согласност со означените одредби од Уставот. Притоа, не само што тие одредби немаат уставен основ, туку не може да се оправдаат ниту со потребите од организациска и функционална природа на кои се повикуваат, имено околноста дали Собранието одржува или ќе одржи седница во определен рок. Свикувањето итна седница е пропишан облик на функционирање на Собранието, а тешкотиите во нејзиното организирање не може да бидат причина за пренесување на надлежноста. Ако тоа не е така, тогаш која било надлежност на Собранието, па и за донесување закони, би можела да се пренесе на ист начин. Во овој предмет станува збор токму за тоа принципиелно прашање. (судија на Уставен суд на Република Македонија, Игор Спировски)

# 136.

**- Закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат**

*- Law on the Rights, Obligations and Responsibilities of Bodies of State Authority in respect of the state-owned means at their disposal*

**- Иако Уставот изрично не ја предвидел државната сопственост како сопственосен облик, неспорно е дека државата се јавува како сопственик на оние објекти и предмети кои се материјален услов за остварување на нејзината функција.**
**Употребата на поимот "органи на државната власт" е поширок поим и во себе ги инкорпорира не само органите на државната управа, туку и другите органи и организации што вршат јавни овластувања и користат и располагаат со средства во државна сопственост.**

*- Although the Constitution has not explicitly envisaged state property as a form of ownership, it is undisputed that the state appears as an owner of those facilities and objects that are a material condition to realise its function.*
*The use of the notion “bodies of state authority” is a broader notion that incorporates not only bodies of state administration, but also other bodies and organisations performing public mandates and using and disposing with state-owned means.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 11 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат (" Службен весник на Република Македонија" бр.61/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата и покрај фактот што Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.95/1998 од 13 јануари 1999 година го укинал Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат ("Службен весник на СРМ" бр.41/1985 и 51/1988), Собранието на Република Македонија оспорениот закон го донел врз основа на член 15 став 2 од Уставот на СРМ од 1974 година според кој правата, обврските и одговорностите во поглед на располагање, користење и управување со општествени

средства се уредуваат со Устав и закон во согласност со природата и намената на тие средства.

Со оспорениот закон се повредуваат членовите 8 став 1 алинеја 3 и 6, 30, 51, 55, 56, 95 став 3 и 112 став 3 од Уставот, затоа што пред се во Уставот не фигурира терминот "органи на државната власт" туку органи на државната управа (95 – 97), а постои организација на државната власт (Глава III). Понатаму, во иницијативата се наведува дека со член 2 од законот е дефинирано што се подразбира под органи на државната власт, а според Уставот органи на државната власт се Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, судството и јавното обвинителство.

Во иницијативата понатаму се наведува дека оспорениот закон спротивно на член 8 став 1 алинеја 6 и член 30 од Уставот ја форсира државната сопственост и ако Уставот суштински се определува за приватната сопственост како основен облик на сопственоста, а тоа е видливо и од одредбите со кои се утврдуваат основите на економските односи, а посебно слободата на пазарот и претприемништвото (член 55). Слободата на пазарот и претприемништвото се можни само во услови на доминантна застапеност на приватната сопственост.

Државната сопственост делумно е видлива само преку уставните категории и добра во општа употреба и добра од општ интерес (член 56). Според наводите во иницијативата од уставниот текст не може да се види државна сопственост во стопанството, односно државата како стопански субјект.

3. Судот на седницата утврди дека оспорениот закон носи назив "Закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што ги користат и располагаат".

Со овој закон се уредуваат правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат.

Во член 2 од наведениот Закон е дефинирано што се подразбира под органи на државна власт, а тоа се: корисниците и единките корисници на средствата на Буџетот на Република Македонија, агенциите и јавните установи и други организации

основани од Републиката, со кои средства располага Република Македонија.

Понатаму во член 3 од Законот е регулирано прашање за тоа што според овој закон се смета за недвижни средства (земјиште, станбени згради и станови, службени згради и простории и гаражи и други градежни објекти), а што за движни средства (инвентар, средства за работа, средства за механизација, електрика, електрични и компјутерски уреди, средства за превоз, средства од културна и уметничка вредност, средства за подароци, опрема и потрошен материјал, и други средства за потребите на републички органи за извршување на работите и задачите).

Во членовите 5 – 11 од Законот се уредуваат прашања кои се однесуваат на користење на средствата.

Во членовите 12 – 17 се уредени прашања кои се однесуваат на тоа дека средствата потребни за извршување на работите и задачите на органите се прибавуваат во постапка и на начин утврден со Законот за јавни набавки, кој одлучува за прибавувањето на недвижни средства и друго.

Понатаму во членовите од 18 – 28 од законот се уредени прашања кои се однесуваат за тоа на кој начин средствата кои престанале да ги користат органите можат да се продаваат, заменат и издадат под закуп. (Јавно наддавање и со непосредна спогодба)

Во членовите 29 – 33 се регулирани прашањата кои се однесуваат на тоа во кои случаи органите можат да даваат подароци, висината на вредноста на подароците кои не може да надминат износ од 5.000 евра, како и тоа дека Владата на Република Македонија посебно ги утврдува критериумите, начинот и постапката за давање на подароци и друго.

4. Во Глава III од Уставот на Република Македонија е утврдена организацијата на државната власт односно се утврдени органите на државната власт, а тоа се: Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, судството и јавното обвинителство, а во Глава IV од Уставот е уредено прашањето за Уставниот суд на Република Македонија како посебен орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.

Во членовите 95 – 97 од Уставот кои се поместени во делот што се однесува на Владата на Република Македонија е уредено прашањето за тоа што ја сочинува државната управа, организацијата и работата на органите на државната управа.

Според член 8 од Уставот на Република Македонија, покрај другите темелни вредности на уставниот поредок се и владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, како и правната заштита на сопственоста.

Имајќи ги предвид наведените уставни одредби, називот на оспорениот закон, како и член 2 од Законот, Судот смета дека законодавецот употребил општ поим " органи на државната власт" кој е поширок поим и во себе ги инкорпорира не само органите на државната управа како дел од системот на организацијата на државната власт туку, и други органи и организации што вршат јавни овластувања и кои користат и располагаат со средства во државна сопственост, а со цел за нормално вршење на функцијата на државата.

Од друга страна имајќи го предвид член 8 од Уставот, Судот смета дека на Уставот му е иманентен терминот "државна власт" поаѓајќи од фактот што овој термин Уставот го употребува во делот кој се однесува на темелната вредност на уставниот поредок кога зборува за поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Во член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите (" Службен весник на Република Македонија" бр.46/2000), со кој се менува членот 3-б од Законот за буџетите е дефинирано кои се буџетски корисници и единки корисници на средствата од Буџетот.

Така, според овој член под буџетски корисници се подразбираат корисниците на средствата од Буџетот на Републиката од областа на законодавната, извршната и судската власт.

Под единки корисници на средствата од Буџетот на Републиката се подразбираат инстиуциите од областа на образованието, културата, детската заштита, социјалната заштита, науката и спортот, кои се финансираат преку корисници на Буџетот на Републиката од таа област.

Според тоа Судот оцени дека употребата на поимот "органи на државната власт" во законот како синоним на сите органи кои функционираат во државата и преку кои се манифестира власта на државата, а кои се корисници на буџетски средства не може да има такво влијание кое би можело да го доведе во прашање опстојувањето на самиот закон во правниот поредок, а со тоа и на начелото на владеење на правото.

5. Во член 30 од Уставот е предвидено дека се гарантира правото на сопственост и наследување.

Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за доборото на поедиенцот и на заедницата.

Никому не може да му биде одземена или ограничена сопственоста и правата кои произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Од анализата на наведената уставна одредба произлегува дека Уставот воопшто не се занимава со формите на сопственост која може да се јави како државна, задружна или приватна, препуштајќи тоа да биде уредено со посебни закони.

Имено Уставот го гарантира правото на сопственост непреферирајќи ниедна од можните видови на сопственост.

Притоа и ако Уставот изрично не ја предвидел државната сопственост како сопственосен облик неспорно е дека државата се јавува како сопственик на оние објекти и предмети кои се материјален услов за остварување на нејзината функција.

Постоењето на државната сопственост е реалност која одговара на економските состојби и структурата на системот. Без овој облик на сопственост би се довела во прашање функцијата на државата како власт и остварувањето на одредени општи и јавни интереси на заедницата како целина.

За остварување на наведените цели, односно за остварување на функцијата на државата, законодавецот со оспорениот закон ги регулирал прашањата кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на државните органи во поглед на користењето, прибавувањето и располагањето на средствата кои се во државна сопственост без да има намера да ја фаворизира државната сопственост над приватната.

Со оглед на наведеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот закон со Уставот, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.107/2003)

# 137.

**- Закон за организација и работа на органите на државната управа**

*- Law on the Organisation and Work of Bodies of State Administration*

**- Законодавецот има право со закон да определи кој субјект може да врши работи што се однесуваат на правната помош, вклучително и на Министерството за правда.**

*- The legislator is entitled to define, by law, which subject may perform matters relating to legal assistance, and to the Ministry of Justice inclusive.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 алинеја 4 во делот "и други видови правна помош" од Законот за организација и работа на органите на

државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од законот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека оспорениот дел од членот 17 став 1 алинеја 4 од Законот, не бил во согласност со член 53 од Уставот според кој адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Според подносителот на иницијативата членот 53 од Уставот не предвидувал покрај адвокатурата и други видови правна помош, поради што оспорениот дел од членот 17 став 1 алинеја 4 од Законот не бил во согласност со членовите 8 став 1 алинеја 3, 51, 53 и 96 од Уставот.

3. Судот на седницата утврди дека според член 17 став 1 алинеја 4 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за правда ги врши работите што се однесуваат на нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош.

4. Владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија утврдени во членот 8 од Уставот.

Во делот од Уставот што се однесува на гаранциите на слободите и правата се членовите 51 и 53.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Според член 95 став 1 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон, а според ставот 3 на овој член организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што

се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Врз основа на ова уставно овластување, донесен е Законот за организација и работа на органите на државната управа со кој се уредуваат организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа.

Во делот од законот што се однесува на надлежноста на органите на државната управа, во членот 17 е утврдена надлежноста на Министерството за правда.

Врз основа на наведените уставни и законски одредби произлегува дека надлежноста на Министерството за правда е утврдена со закон и дека една од надлежностите на Министерството за правда е вршењето на работи што се однесуваат на нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош.

Имајќи предвид дека со Уставот адвокатурата е дефинирана како јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, произлегува дека законодавецот има право со закон да утврди под кои услови и во кои случаи адвокатурата обезбедува правна помош, а исто така со закон да утврдува во кои случаи и под кои услови правната помош може да ја обезбедуваат и други лица, односно субјекти.

Со оглед на тоа што со Уставот не е утврдено исклучиво право на адвокатурата да обезбедува правна помош, во конкретниот случај законодавецот со посебен закон за организација и работа на органите на државната управа го овластил Министерството за правда да врши и работи што се однесуваат на други видови правна помош.

Оттука, Судот оцени дека со оспорениот дел од член 17 став 1 алинеја 4 од Законот за организација и работа на органите на државната управа не се повредува уставниот принцип на владеење на правото ниту, пак, се повредува уставно утврдената положба на адвокатурата поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.26/2004)

# 138.

**- Закон за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија"**

*- Law on the Publication of Laws and Other Regulations and Acts in the “Official Gazette of the Republic of Macedonia”*

**- Објавувањето други акти, што не се прописи, за кои Претседателот на Републиката, Собранието, Владата и министрите ќе одлучат, е во прилог на остварувањето на правото на правните субјекти да бидат запознени со правото и обезбедува транспарентност на власта во нејзиното практикување. Нивното објавување има афирмативно дејство врз остварувањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот и позитивно влијае врз нивната реализација во практиката и не е во несогласност со начелото на владеење на правото и правната сигурност.**

*- The publication of other acts, which are not regulations, and for which the President of the Republic, the Assembly, the Government and the ministers will decide, is in favour of the realisation of the right of the legal entities to be informed of the law and ensures transparency of the government in its practising. Their publication has affirmative effect on the realisation of freedoms and rights of man and citizen and has a positive impact on their realisation in practice and is not in contradiction with the principle of the rule of law and legal security.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1.НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 во делот "за кои тие ќе одлучат да се објават во "Службен весник на Република Македонија" од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија" ("Службен весник на Република Македонија" бр.56/1999).

2. Драган Атанасовски од Битола му поднесе иницијатива на Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означен во точката 1 од ова решение, од причини што смета дека не се во согласност со членот 52 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија. Според подносителот на иницијативата, Уставот не предвидувал дискреционо право за Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и министерствата тие да одлучуваат дали одреден акт ќе го објават во "Службен весник на Република Македонија" или не. Според него, оспорената одредба создавала правна несигурност која била крајно штетна и опасна за правниот поредок.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот 3 од Законот, во " Службен весник на Република Македонија" се објавуваат:

1.) Уставот на Република Македонија, закони, автентично толкување на закони, пречистени текстови на закони што ги утврдува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија, Републичкиот буџет и завршната сметка на буџетот, просторниот план на Републиката, меѓународни договори, Деловникот на Собранието на Република Македонија, одлуки, декларации, резолуции, препораките на Собранието на Република Македонија, заклучоци и другите акти на Собранието на Република Македонија за кои тоа ќе одлучи да се објават во "Службен весник на Република Македонија",

2.) Указите за прогласување на закони, указите за поставување и отповикување на амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство и на други лица утврдени со закон, актите за именување и разрешување на носители на државни и

јавни функции утврдени со Уставот и со закон, како и други акти на претседателот на Републиката за кои тоа е определено со закон и актите за кои претседателот на Републиката ќе одлучи да се објават во "Службен весник на Република Македонија",

3.) Уредбите, одлуките, упатствата, решенијата и Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, како и другите акти и заклучоците на Владата на Република Македонија за кои таа ќе одлучи да се објават во "Службен весник на Република Македонија",

4.) Правилници, наредби, упатства, решенија и други акти за кои со закон се овластени да ги донесуваат министрите кои раководат со министерствата, како и функционерите кои раководат со другите органи на управата и организации утврдени со закон, како и други акти за кои тие ќе одлучат да се објават во "Службен весник на Република Македонија",

5.) Одлуките, решенијата и други акти на Уставниот суд на Република Македонија и актите на правосудните органи за кои тоа е определено со закон;

6.) Прописите на Народната банка на Република Македонија и на другите правни лица кога со нив, врз основа на овластувања утврдени со закон, се уредуваат односи од јавен интерес во областа на нивната дејност,

7.) Колективни договори,

8.) Акти на фондовите и заводите и

9.) Исправки на законите и другите прописи.

4. Согласно член 8 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото претставува една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила, а според став 2 од овој член, законите и другите прописи се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Ставот 3 од овој член на Уставот утврдува дека законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на

објавувањето, а по исклучок што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби произлегува дека објавувањето на законите и другите прописи е во функција на обезбедување на принципот на владеење на правото и остварувањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти. Објавувањето, пак, на законите и другите прописи претставува акт на обнародување на тие акти и нивно ставање на увид на јавноста. Имено, со неговото донесување, промулгирање, односно потпишување и објавување, законот, односно другиот пропис станува перфектен, однос- но применлив акт. Имајќи го предвид карактерот и значењето на објавувањето на законите и другите прописи, Уставот утврдил обврска тие да се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", како службено гласило на Републиката.

Членот 52 од Уставот на Република Македонија е поместен во главата за основните слободи и права на човекот и граѓанинот и тоа во делот за гаранции на основните слободи и права. Самиот овој факт укажува дека Уставот на Република Македонија не приоѓа на објавувањето на законите и другите прописи како на техничко прашање, туку како на прашање кое длабоко навлегува во уставните гаранции на основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Членот 3 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија" ги утврдува актите кои задолжително се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" ; како би можеле да бидат полноважни и применливи во практиката. Притоа, ваквото детерминирање оваа одредба го врши со поединечна енумерација на видовите акти кои задолжително се објавуваат во зависност од нивниот доносител.

Со делот од одредбите кој се оспорува, не само што не се врши никакво ограничување, рестрикција или оневозможување на објавувањето, туку напротив се остава можност да се објават и други акти за кои не постои обврска за тоа. Во случајот не се работи за рестрикција на уставниот принцип на објавување на законите и другите прописи, како универзален принцип кој важи генерално. Според мислењето на Судот, ваквата законска клаузула со која органите може да објават во "Службен весник на Република

Македонија" и други акти за кои тие ќе одлучат (покрај оние кои се таксативно наведени во Законот) оди понапред во остварувањето на правото на правните субјекти да бидат запознени со правото и обезбедува транспарентност на власта во нејзиното практикување. Оттука, воопшто не може да се прифати толкувањето дека оспорените одредби ги привилегира и ги овластува наведените органи тие самоволно и дискреционо да одлучуваат дали некој акт ќе го објават или не. Напротив, објавувањето на овие акти е во насока на зголемување на степенот на запознавање на јавноста со актите на органите на државната власт без оглед дали тие акти произведуваат права и обврски за субјектите на правото. Од друга страна, самиот акт на објавување на ваквите акти не им бара карактер на пропис по автоматизам, ниту имплицира неограничени права и обврски за субјектите на правото. Впрочем и самиот Закон се однесува на објавување на закони и други прописи и акти.

Дополнителен аргумент во одбрана на оспорената одредба, според мислењето на Судот е и самата содржина на членот 52 од Уставот на Република Македонија на кој се повикува подносителот на иницијативата. Имено, членот 52 од Уставот утврдува обврска за објавување на законите и другите прописи, го утврдува временскиот период во кој тие треба да бидат објавени по нивното донесување и го утврдува *вацатио легис*. Во делот од одредбата која се оспорува воопшто не станува збор за објавување на законите и другите прописи, туку за објавување на други акти за кои наведените органи ќе одлучат да се објават во "Службен весник на Република Македонија", а кои не мора да имаат карактер на пропис.

Врз основа на изнесеното, Судот заклучи дека делот од одредбите од членот 3 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти со кои Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, министрите и другите функционери кои раководат со органи на управата и организации утврдени со закон, покрај таксативно наведените акти може да објават во "Службен весник на Република Македонија" и други акти за кои тие ќе одлучат е во прилог на запознавање на јавноста со содржината на тие акти, а за кои е оценето дека е тоа потребно. Ваквите акти не мора да имаат карактер на пропис и не мора да создаваат права и обврски за правните субјекти. Нивното објавување има афирмативно дејство врз остварувањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот и позитивно влијае врз нивната реализација во практиката.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова-Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.195/2002)

# 139.

**- Закон за радиодифузната дејност (престанок на мандат на член на Советот за радиодифузија)**

*- Law on Radio Diffusion Activity (termination of a mandate to a member of the Council for Radio Diffusion)*

**- Со одредбата според која на член на Советот за радиодифузија му престанува мандатот ако е осуден за кривично или друго дело што го прави недостоен за вршењето на функцијата се врши ограничување на правото на член на Советот да ја врши оваа функцијата до истекот на мандатот. Ваквото ограничување не е последица што произлегува од извршувањето на правосилно изречената кривична или друга санкција, односно казна, туку претставува дополнителна последица што граѓаните ја трпат по основ на осудуваноста, а која настапува по сила на Законот.**

*- The provision under which a member of the Council for Radio Diffusion shall have his/her mandate terminated if he/she has been sentenced for a criminal offence or for another offence which makes him/her unworthy of the performance of the office limits the right to a member of the Council to perform this function until the expiration of his/her term of office. Such limitation is not a*

*consequence resulting from the enforcement of an effective criminal or other sanction, that is, penalty, but is an additional consequence which the citizens suffer on grounds of conviction, and which occurs by force of the Law.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 11 февруари 2004 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 29 став 3 во делот "или ако се осудени за кривично или друго дело што ги прави недостојни за вршењето на функцијата" од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1997 и 70/2003).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, со Решение У.бр.108/2003 од 17 декември 2003 година, поведе постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел на член 29 став 3 од Законот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според член 29 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, мандатот на членовите на Советот за времето за кое се избрани може да им престане ако се осудени за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење најмалку од шест месеци, или ако се осудени за кривично или друго дело што ги прави недостојни за вршењето на функцијата, како и за неоправдано отсуство од работата на Советот повеќе од шест месеци.

5. Во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е утврден принципот на владеењето на правото.

Според членот 9 став 1 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, а според став 2 на овој член, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 13 став 1 од Уставот, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Според член 14 став 1 од Уставот, никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Во членот 54 став 1 од Уставот, е предвидено дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Имајќи ги предвид наведените уставни одредби, како и содржината на оспорената законска одредба, Судот утврди дека во конкретниот случај станува збор за ограничување на правата на граѓаните како последица од осуда за кривично и друго казниво дело која настапува по сила на закон.

Затоа, при оценувањето на уставноста на оспорената законска одредба како првенствен критериум се имаа предвид двата принципи на казнено-правниот однос утврдени во членовите 13 став 1 и 14 став 1 од Уставот, а тоа се, прво, дека казната може да се изрече само со судска одлука и второ, дека за извршено казниво дело на сторителот може да му се изрече казна што како таква е утврдена со закон или друг пропис. Тоа, со други зборови значи дека согласно наведените уставни одредби казнено-правниот однос се исцрпува на релацијата казниво дело и судски изречена казна за сторителот и дека натамошни последици од неговото извршување, односно од

осудата за тоа дело кои се состојат во ограничување на правата на граѓаните не се допуштени, освен ако тоа не е изрично утврдено со Уставот, согласно член 54 став 1 од Уставот.

Оттука, ако се има предвид дека со оспорената законска одредба се врши ограничување на правото на член на Советот за радиодифузијата да ја врши оваа функција до истекот на мандатот за кој е избран само поради тоа што е осуден за кривично или друго дело, за Судот не е спорно дека ова ограничување не е последица што произлегува од извршувањето на правосилно изречената кривична или друга санкција, односно казна, туку претставува дополнителна последица што граѓаните ја трпат по основ на осудуваноста, а која настапува по сила на Законот. Ваквото ограничување не само што нема уставна, туку нема ни законска основа.

Освен што се врши ограничување на правата на граѓаните без за тоа да има уставна основа, во оспорената законска одредба не се конкретно утврдени ниту кривичните и другите казниви дела, ни изречената казна за нив, што го прават членот на Советот за радиодифузија недостоен за вршење на оваа функција. Овој недостаток на оспорената одредба, според мислењето на Судот, дозволува потполна дискреција при одлучувањето за ова прашање при што поединецот не е заштитен од самоволно попречување да ја врши функцијата - член на Советот дури и во случаи кога кривичното или другото казниво дело не е во никаква врска со оваа функција. Затоа, Судот смета дека формулацијата на оспорената законска одредба е недоволно прецизна и јасна и како таква не обезбедува правна сигурност на граѓаните, како еден од елементите на принципот на владеењето на правото.

Поради тоа, Судот оцени дека оспорениот дел на член 29 став 3 од Законот не е во согласност со напред наведените членови од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.108/2003)

# 140.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија (стекнување Македонско државјанство со природување)**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Citizenship of the Republic of Macedonia (acquiring Macedonian citizenship by naturalisation)*

**- Странците ги имаат оние уставни слободи и права кои државата еднострано ги определила за нив со закон или ги прифатила со двостран или повеќестран меѓународен правен акт, а не сите слободи и права предвидени за граѓаните на Република Македонија.**

*- Foreigners have those constitutional freedoms and rights that the state has unilaterally defined for them by law or has accepted by a bilateral or multilateral international legal act, and not all freedoms and rights envisaged for the citizens of the Republic of Macedonia.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 точка 4 и на член 14 во делот: "доколку против нив не се води кривична постапка во Република Македонија, за кривични дела со кои се загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија" од Законот за изменување и дополнување на Зако-

нот за државјанството на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/2004).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 точка 5 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата правните последици од осудата не можеле да настапуваат автоматски по сила на закон како што било пропишано во оспорената точка 4 на членот 3 од Законот, туку тоа можело да се прави само со правосилна судска одлука (член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија), односно казненоправниот однос се исцрпувал на релацијата на казнивото дело и судски изречената казна за неговиот сторител и натамошни последици од неговото извршување односно од осудата за тоа дело кои се состојат во ограничување на правата на човекот и граѓанинот не биле допуштени, освен ако тоа не било изречно утврдено во Уставот (член 54 став 1). Освен тоа, правните последици од осудата не можеле да бидат трајни, како што било предвидено во оспорената точка. Така, според член 102 став 2 од Кривичниот законик, правните последици од осудата што се состоеле во забрана на стекнување на определени права траеле најдолго 10 години од денот на издржаната, простената или застарената казна, а согласно став 3 од овој член, со бришење на осудата престанувале правните последици од осудата.

Со тоа, оспорената точка не била во согласност со членовите 8 став 1 алинеја 3 и 4, 9, 13 став 1, 14 став 1, 51, 54 став 1 и 98 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, како и со член 6 точка 2 и член 7 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.210/2001 од 6 февруари 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/2002) со која бил укинат членот 101 став 2 во делот "и настапуваат по сила на законот со кој се предвидени" од Кривичниот законик.

Од исти причини подносителот на иницијативата смета дека била противуставна и точката 5 на член 3 како и оспорениот дел на членот 14 од Законот. Имено, ако согласно членот 13 став 1 од

Уставот и членот 6 точка 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, лицето обвинето за казниво дело ќе се сметало за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, никако не можело да се условува приемот во државјанство на Република Македонија со водење на кривична постапка во Република Македонија и во државата чиј државјанин е.

При ова, требало да се има предвид дека во нашиот Кривичен законик немало кривични дела со кои се загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија, па затоа оспорената точка 5 на член 3 и оспорениот дел на член 14 од Законот, во практиката не можеле да се применуваат.

Врз основа на изнесеното, предлага Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 точка 4 и 5 и во делот на член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 3 став 1 од Законот, државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој лично поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија, ако ги исполнува условите утврдени со Законот, меѓу другите, и тие од точките 4 и 5, според кои: во Република Македонија и во државата чиј државјанин е да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Македонија (точка 4) и против него да не се води кривична постапка во Република Македонија и во државата чиј државјанин е (точка 5).

Согласно оспорениот член 14 од Законот, државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште, до поднесувањето на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија и имаат вистинска и ефективна врска со Република Македонија можат да стекнат државјанство на Република Македонија ако во рок од 2 години по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, доколку против нив не се води кривична постапка во Република Македонија, за кривични дела со кои се загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија и ги исполнуваат условите од член 7 став 1 точки 1 и 6 на овој закон.

5. Според член 29 став 1 од Уставот, странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договор.

Согласно членот 4 од Уставот, е донесен Законот за државјанството на Република Македонија со кој според членот 1 став 1 се уредуваат начинот и условите за стекнување и престанување на државјанството на Република Македонија, утврдување на државјанството, надлежниот државен орган за решавање во овие случаи, докажување на државјанството и водење на евиденција на државјаните на Република Македонија.

Според членот 3 на овој закон, државјанството на Република Македонија се стекнува со потекло, раѓање на територијата на Република Македонија, природување и меѓународни договори.

Според член 7 став 1 од Законот (кој е изменет со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој лично поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија, ако ги исполнува условите утврдени со Законот.

Од напред наведените одредби произлегува дека Уставот на Република Македонија дава можност законодавецот прашањата сврзани со државјанството да ги уреди со закон и дека странците ги имаат оние слободи и права кои државата еднострано ги определила за нив со закон или ги прифатила од двостран или повеќестран меѓународен правен акт, а не сите слободи и права што се предвидени за граѓаните на Република Македонија.

Оттука, определувањето во Законот за државјанство на одделни услови кои странец треба да ги исполни за да стане државјанин односно граѓанин на Република Македонија, како што е во конкретниов случај со оспорените одредби, според мислењето на Судот, не можат да се сметаат за несогласни со Уставот на Република Македонија.

Врз основа на наведеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на член 3 став 1 точка 4 и на оспорениот дел од членот 14 од Законот со одредбите од Уставот.

При одлучувањето по предметната иницијатива Судот ги имаше предвид и решенијата од Европската конвенција за државјанство ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2002).

Така, Европската конвенција за државјанство ратификувана од Собранието на Република Македонија на 18 февруари 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2002), ги утврдува начелата и правилата во врска со државјанството на физичките лица и правилата во врска со регулирањето на воената обврска во случаите на повеќедржавјанство, со кои треба да се усогласи внатрешното законодавство на земјите потписнички.

Во членот 7 од Европската конвенција за државјанство е уредено губењето на државјанството ex lege или на иницијатива на државата пристапничка.

Согласно точката 1 од овој член државата пристапничка во своето внатрешно законодавство не може да предвиди губење на нејзиното државјанство ex lege или на иницијатива на земјата пристапничка освен во таксативно наброени случаеви, а меѓу другото како што е предвидено во потточката б) од точката 1 од членот 7 од Конвенцијата дека стекнување на државјанство на државата пристапничка по пат на измама, лажни податоци или прикривање на кој било релевантен факт што може да му се препише на барателот.

Значи, членот 7 се состои од листа на случаи во кои државјанството може да се изгуби автоматски со спроведувањето на законот (ex lege) или по иницијатива на државата пристапничка која може да го одземе своето државјанство.

Одредбата е формулирана на негативен начин со цел да се нагалси дека до автоматско губење на државјанството или до губење на државјанството по иницијатива на државата - пристапничка не може да дојде освен ако се однесува на еден од случаите предвидени со овој член.

Од анализата на член 7 точката 1 потточка б од Конвенцијата произлегува дека измамите, лажните податоци или прикривањето на кој било релевантен факт мора да биде резултат на намерен акт или пропуст од страна на барателот кој претставувал битен фактор во стекнувањето на државјанство.

Во овој контекст, релевантен факт би бил на пример прикривање на друго државјанство, или во контекст на конкретниот случај "прикривање на осуда за сериозен престап", кои доколку биле познати пред да се додели државјанството би довеле до одлука да се одбие доделување на државјанството.

Оттука, кога доделувањето на државјанство е резултат на несоодветното однесување според потточката б) државите се слободни да го поништат државјанството (губење) или да сметаат дека лицето никогаш не се стекнало со нивно државјанство (да го прогласат за ништавно - void ab initio).

Со тоа што државата за стекнување државјанство на странец го утврдила и условот утврден во точката 4 од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, се постигнува тоа што уште на почетокот на постапката, а тоа е моментот на примањето на барањето, кога државата се запознава со релевантните факти кои се утврдени како услови за стекнување со државјанство, со што се обезбедува законско и ефикасно водење на постапката и е во функција на заштита на интересите на државата во смисла со македонско државјанство да не се стекнуваат лица со криминално досие.

Подносителот на иницијативата овие оспорени одредби од Законот ги спротивставува и на член 102 став 2 од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996 и 80/1999), според кој правните последици од осудата што се состојат во забрана на стекнување на определени права траат најдолго 10 години од денот на издржаната, простената или застарената казна, а согласно ставот 3 со бришење на осудата престануваат правните последици од осудата.

Притоа, иако Уставниот суд не ја оценува меѓусебната согласност на законите, сепак имајќи го предвид изнесеното, а во контекст на наводите во иницијативата што се однесуваат на членот 3 точка 4 и делот од член 14 од Законот, утврди дека подносителот на иницијативата погрешно ја толкува оваа одредба од причини што во случајов не се работи за правни последици од осудата кои не можат да настапат по сила на закон, туку се работи за услови кои треба да ги исполнува странецот, како што погоре е образложено, за стекнување државјанство на Република Македонија со природување кои согласно Уставот на Република Македонија и Европската конвенција за државјанство ги утврдила државата со закон.

Според мислењето на Судот, од исти причини се неосновани и наводите во иницијативата дека оспорените одредби од Законот биле спротивни на: членот 6 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи со кој е утврдено дека секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат, член 7 од истата Конвенција според кој никој не може да биде осуден за дело сторено со сторување или пропуштање кое, според внатрешното или меѓународното право, во моментот на извршувањето не претставувало кривично дело, како и на ставот 2 од овој член според кој е утврдено дека овој член не влијае на пресудата или казната за лице кое е виновно за сторување или пропуштање, ако тоа дело во моментот на извршувањето претставувало кривично дело според општите правни начела признати од цивилизираните народи.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби од Законот, со членовите 8 став 1 алинеја 3 и 4, 9, 13 став 1, 14 став 1, 51, 54 став 1 и 98 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.

6. Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Оспорените одредби од член 3 став 1 точка 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, биле предмет на оценување пред Уставниот суд на Република Македонија, кој со Решение У.бр.18/2001 од 24 октомври 2001 година не поведе постапка за оценување на уставноста на член 7 став 1 точка 5 од Законот за државјанството на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.67/1992). Притоа, Судот утврди дека членот 7 став 1 точка 5 е всушност членот 3 став 1 точка 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија. При донесување на ова решение, Судот утврдил дека странците ги имаат оние уставни слободи и права кои државата еднострано ги определила за нив со закон или ги прифатила со двостран или повеќестран меѓународен правен акт, а не сите слободи и права предвидени за граѓаните на Република Македонија.

Оттука, определувањето во Законот за државјанство услови кои странец треба да ги исполни за да стане државјанин

односно граѓанин на Република Македонија, па и условот да не е во тек кривична постапка против него во одредени држави, не е во несогласност со уставните одредби.

Тргнувајќи од фактот дека за истата работа Судот веќе одлучил и не наоѓа основи за поинакво одлучување, одлучи иницијативата во овој дел ја отфрли.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.76/2004)

## 141.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Citizenship of the Republic of Macedonia*

**- Уставно определениот рок за објавувањето на законите и другите прописи од нивното донесување нема ограничувачка цел во однос на нивната примена во случај кога тие се објавени со пролонгирање на рокот и влезени во правниот поредок. Таа норма е дел од целината на уставните норми за гаранциите на слободите и правата на граѓаните на кои и во ваков случај им е обезбедено гарантираното право на објавување заради запознавање со законите и другите прописи во правниот поредок.**

*- The constitutionally defined time limit for the publication of the laws and other regulations since their adoption is not aimed at limiting their implementation in case when they have been published by postponement of the time limit and have entered the legal order. That norm is part of the whole of the constitutional norms for guarantees of freedoms and rights of citizens who even in such a case do have a guaranteed right to publication in order to become familiar with the laws and other regulations in the legal order.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/2004).

2. М-р Тони Дескоски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот означен во точката 1 од ова решение. Според наводите во иницијативата Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија бил донесен од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 2004 година, Указот за прогласување на овој Закон бил издаден од претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија на 22 јануари 2004 година, меѓутоа Законот бил објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 8 на 23 февруари 2004 година.

Со оглед на тоа што објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" било по протекот на 31 ден од денот на

донесувањето на Законот, односно тој не бил објавен најдоцна во рок од седум дена од денот на неговото донесување, подносителот на иницијативата го оспорува Законот како спротивен на одредбите од членот 51 и членот 52 став 2 од Уставот и предлага Судот да поведе постапка за оцена на уставноста. Воедно со иницијативата се бара Судот да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија врз основа на оспорениот Закон.

3. Судот на седницата утврди дека врз основа на член 75 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издале Указ под бр.07-297/1 од 22 јануари 2004 година за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донело на седницата одржана на 22 јануари 2004 година.

Указот бр.07-297/1 од 22 јануари 2004 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија се објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр.8 од 23 февруари 2004 година.

Според податоците прибавени во текот на постапката, Судот ја утврди следнава фактичка сотојба:

Собранието на Република Македонија на седница на 22 јануари 2004 година го донело Законот, а претседателот на Собранието на Република Македонија го доставил текстот на Законот и Указот за прогласување на Законот, за потпис до Претседателот на Република Македонија.

На 18 февруари 2004 година од страна на Претседателот на Република Македонија бил пратен потпишаниот Указ до Претседателот на Собранието на Република Македонија.

Указот и Законот на 19 февруари 2004 година биле доставени до "Службен весник на Република Македонија" за нивно објавување, и врз основа на тоа, тие биле објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр. 8 од 23 февруари 2004 година.

Неспорно, од изнесеново произлегува дека потпишаниот Указ за прогласување на Законот, Претседателот на Република Македонија го доставил на 18 февруари 2004 година до

Претседателот на Собранието на Република Македонија, по што веднаш продолжиле и се исполниле активностите за објавување во "Службениот весник на Република Македонија".

4. Една од основните цели на Уставот на Република Македонија е воспоставувањето на владеењето на правото во системот на власта. Овој уставен принцип со членот 8 од Уставот е определен како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според членот 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила, а според ставот 2, законите и другите прописи се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Согласно ставот 3 од овој член од Уставот, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Поаѓајќи од наведените уставни одредби произлегува дека објавувањето на законите и другите прописи е во функција на обезбедување на владеење на правото и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти.

Самото објавување на законите и другите прописи претставува чин на обнародување на тие акти и нивно ставање на увид на јавноста.

Како еден од основните елементи на правната сигурност на граѓаните, иако самото објавување на законите и другите прописи не претставува правен акт, тоа предизвикува други бројни правни последици од донесениот акт. Имено, законот односно прописот, со неговото донесување, промулгирање (потпишување) и со објавување, станува применлив (перфектен) акт.

Имајќи го предвид карактерот и значењето на објавувањето на законите и другите прописи Уставот на Република Македонија утврдил обврска тие да се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" како службено гласило на Републиката.

Одредбата за објавувањето на законите и другите прописи во Уставот е предвидена во главата за основните слободи и права на човекот и граѓанинот и тоа во делот за гаранциите на основните слободи и права. Самиот овој факт укажува дека Уставот на објавувањето на законите и другите прописи не приоѓа како на техничко прашање, туку на прашање кое длабоко навлегува во уставните гаранции на основните слободи и права.

Уставот, освен јасната определба во членот 52 за објавување на законите и другите прописи во "Службен весник на Република Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување, не нормира никакви рестриктивни последици предизвикани од моментот на исполнувањето на принципот на објавувањето, односно за извршеното пролонгирано објавување на прописите како услов за нивната правна сила и примена.

Оттука, според Судот уставната определба дека објавувањето треба да се врши најдоцна во рок од седум дена од денот на донесувањето на законите и другите прописи, која не нормира престанок на правното дејство на донесените прописи објавени по истекот на тој рок, има за цел исклучиво уставна определба да се постигне примерена брзина во одвивањето на постапката за објавување.

Уставната гаранција за објавувањето на законите и другите прописи, всушност се афирмира токму во одредувањето на време заради интензивирање на самата постапка на објавувањето. Меѓутоа оваа уставна гаранција не се повредува доколку донесените и објавени закони и други прописи влезени во правниот поредок го исполниле принципот на објавувањето со пролонгирање на времето определено за тоа од денот на нивното донесување, бидејќи чинот на објавувањето како суштина на наведената уставна норма сепак е исполнет.

Поаѓајќи од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија и тоа основните слободи и права на човекот и граѓанинот и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, произлегува дека уставотворецот со определбата прашањето на објавувањето на законите и другите прописи да биде уставен принцип содржан токму во делот на Уставот за гаранциите на основните слободи и права, суштински го определил неговиот карактер кој имплицира добивање, а не ограничување или намалување на правата на граѓаните.

Имено, според Судот остварувањето на правата и слободите на граѓаните и правната сигурност како елемент на владеењето на правото во уставниот поредок на Република Македонија, е детерминирано од прописите кои се влезени во сила во правниот поредок.

Тие уставни вредности би биле доведени во прашање доколку се прекине текот на правното ефектуирање на прописите кои се донесени, објавени и влезени во сила во правниот поредок, исклучиво заради настанатите фактички пролонгирања на рокот за нивно објавување.

Уставно определениот рок за објавувањето не може да се прифати дека е уставна норма со ограничувачка цел во однос на примената на прописите кои се објавени со пролонгирање на рокот и влезени во правниот поредок, бидејќи таа норма е дел од целината на уставните норми за гаранциите на слободите и правата на граѓаните на кои и во ваков случај неспорно им е обезбедено и исполнето гарантираното право на објавување, заради запознавање со законите и другите прописи во правниот поредок.

Со оглед на изнесеното, а имајќи ги предвид наводите во иницијативата, Судот утврди дека во однос на оспорениот Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македониија не може основано да се постави прашањето за несогласност со членот 51 и членот 52 став 2 од Уставот на Република Македонија. Ова особено поради тоа што оспорениот Закон со неговото донесување од Собранието на Република Македонија, прогласување со Указот потпишан од претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија и објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2004, ги содржи елементите на применлив пропис со правна важност во правниот поредок на Република Македонија согласно со определбите на Уставот.

Притоа Судот не ја релативизира уставната должност на надлежните органи да ги објават законите и други прописи во рокот утврден со Уставот ниту одговорноста за евентуалните последици кои би можеле да настанат поради нивното ненавремено објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Поаѓајќи од изнесеното правно мислење дека нема основ за поведување на постапка за оценка на уставноста на оспорениот

Закон, Судот оцени дека не се исполнети условите од членот 27 од Деловникот на Уставниот суд и по однос на барањето во иницијативата за донесување на решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија врз основа на Законот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.56/2004)

# 142.

**- Злоупотреба на сексуалност и хомосексуализам**

*- Misuse of sexuality and homosexuality*

**- Со одредбата од Законот за одбрана со која сексуалната злоупотреба или хомосексуализмот се утврдени како повреда на воената дисциплина, за која може да се изрече една од дисциплинските мерки предвидени во самиот Закон, не се повредува правото на почитување и заштита на приватноста на личниот живот на военото лице од аспект на неговата сексуална определеност.**
**Напротив, со оваа одредба од Законот се предвидува дисциплинска одговорност на военото лице кога се злоупотребува сексуалноста и хомосексуалноста за време на вршење на воена служба, што и од аспект на членот 11 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи е оправдано, бидејќи физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени, а**

**државата мора да забрани и санкционира секој облик на нечовечко и понижувачко однесување.**

*- The provision in the Law on Defence which defines sexual misuse and homosexuality as a breach of military discipline, for which one of the disciplinary measures envisaged in the law itself may be pronounced, does not violate the right to respect and protection of the privacy of personal life of the military officer from the aspect of his sexual determination.*
*On the contrary, this provision in the Law envisages a disciplinary responsibility of the military officer when sexuality and homosexuality is misused during the performance of the military service, which also from the aspect of Article 11 of the Constitution of the Republic of Macedonia and Article 3 of the European Convention on the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms is justified, since physical and moral integrity of the human are inviolable, and the state must prohibit and sanction any form of inhuman and degrading conduct.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 121 став 2 точка 16 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002 и 25/2003).

2. Здружението на граѓани - Центар за граѓански и човекови права - Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на

уставноста на одредбата од Законот означен во точката 1 од ова решение.

3. Според наводите во иницијативата оспорената одредба од Законот не била во согласност со член 8, член 9 став 2, член 11, член 12, член 16, член 25 и член 54 став 4 од Уставот на Република Македонија, со членот 137 од Кривичниот законик, како и со членот 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, ратификувана од Собранието на Република Македонија. Во овој контекст во иницијативата се наведува дека хомосексуалноста е декриминализирана со Кривичниот законик од ноември 1996 година.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека оспорената одредба не била во согласност и со членот 13 на Договорот од Амстердам и со членовите 11 и 12 на Директивата за еднаквост при вработувањето на Европска унија, кои Република Македонија, како асоцијативна членка била обврзана да ги имплементира во своето законодавство, како дел од процесот на хармонизирање на законодавството со тоа на Унијата.

Поради тоа, во иницијативата се предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената законска одредба.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 121 став 1 од Законот, военото лице е дисциплински одговорно за повреда на воената дисциплина.

Според ставот 2 од овој член од Законот, како повреда на воената дисциплина се смета постапување на воено лице што е спротивно на прописите за вршење на воената служба, наредбите и другите акти на надлежните старешини, а особено: одбивање или неизвршување наредба; несовесно и ненавремено извршување на должностите; одавање државна, деловна, службена или воена тајна, како и другите повреди на воената дисциплина утврдени во овој член, меѓу кои, во оспорената точка 16 е и сексуалната злоупотреба или хомосексуализмот.

5. Во членот 8 став 1 алинеите 1 и 11 од Уставот на Република Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со

Уставот и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Според членот 9 став 1 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Според ставот 2 од овој член, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во членот 11 став 1 од Уставот е утврдено дека физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени, а според ставот 2 на овој член се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.

Според член 12 став 1 и 2 од Уставот, слободата на човекот е неприкосновена и таа никому не може да му биде ограничена, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон.

Со членот 16 став 1 од Уставот, меѓу другото, се гарантира и слободата на уверувањето, совеста и мислата.

Со членот 25 од Уставот, на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Во членот 54 став 1 од Уставот  е утврдено дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Во ставот 2 на овој член се утврдува дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот, а според ставот 3 на овој член, ограничувањето не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Во членот 54 став 4 од Уставот се утврдени слободите и правата кои што воопшто не можат да се ограничуваат, а меѓу нив спаѓаат и слободата на уверувањето, совеста и мислата.

Од наведените уставни одредби произлегува дека со нив се гарантираат и заштитуваат основните лични слободи и права кои се однесуваат на приватната сфера од човековиот живот.

Овој вид на слободи и права на соодветен начин произлегуваат и се признати и во меѓународното право. Така, меѓу правата гарантирани со членот 8 став 1 и членот 9 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи се и правото на почитување на приватниот и семејниот живот, слободата на уверувањето и слободата на изразувањето. За одбележување е дека овие права и слободи, според ставот 2 на членовите 8 и 9 од Европската конвенција, може да се ограничуваат во согласност со закон и доколку е тоа неопходно во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, јавната сигурност, здравјето или моралот или заштита на правата и слободите на другите.

Во однос на овие слободи и права, уставно утврдената еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите, всушност претставува обврска на законодавецот во законите да внесува одредби со кои ќе се обезбеди остварувањето на овие права и слободи да биде недискриминаторско, односно сите граѓани при нивното остварување да имаат еднаква можност и еднаков третман независно од полот, расата, уверувањето, потеклото и имотната или општествената положба. Забраната на дискриминација е утврдена и во членот 14 на Европската конвенција на кој член се повикува и подносителот на иницијативата.

При оценувањето дали со оспорената законска одредба се попречува некои од личните слободи и права утврдени во означените одредби од Уставот, Судот имаше предвид дека во конкретниот случај станува збор за одредба од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со кој според членот 1 на овој закон се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на лицата во служба на Армијата на Република Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Според членот 2 став 1 од овој закон, под служба во Армијата, се смета вршење воени должности во Армијата, а согласно членот 3, служба во Армијата вршат воени и цивилни лица.

Воените лица служба во Армијата вршат со засновање на работен однос со Министерството за одбрана, со школување на Воената академија, односно стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери и со извршување воена обврска утврдена со закон (член 4 став 1 од Законот).

Според членот 25 став 1 од Законот, работен однос во Министерството за одбрана (како офицер, подофицер или професионален војник на служба во Армијата) може да заснова лице кое ги исполнува општите и посебните услови утврдени со овој закон. Во членот 25 од Законот се утврдени следните општи услови за засновање на работен однос: лицето да е државјанин на Република Македонија, да е полнолетен, да има посебна здравствена и физичка способност потребни за вршење на служба во Армијата и да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност.

Освен правата и должностите, во Законот е утврдена и одговорноста на воените лица и тоа како материјална и дисциплинска одговорност.

Според членот 121 став 1 од Законот, военото лице е дискциплиснки одговорно за повреда на воената дисциплина. Согласно ставот 2 на овој член како повреда на воената дисциплина се смета постапување на воено лице што е спротивно на прописите за вршење на воената служба, наредбите и другите акти на надлежните старешини. Меѓу повредите на воената дисциплина кои таксативно се утврдени во овој член од Законот е и сексуалната злоупотреба или хомосексуализмот, утврдена во оспорената одредба од членот 121 од Законот.

Од наведените и другите одредби на Законот, произлегува дека законодавецот, тргнувајќи од уставно утврдената улога на вооружените сили на Република Македонија, како Армија на Република Македонија, да го штитат територијалниот интегритет и независноста на Републиката (член 122 од Уставот), а со оглед на значењето и специфичностите, вршењето на службата, односно на воените должности во Армијата со овој закон го уредил на посебен начин, утврдувајќи посебни права и обврски на воените лица, посебни услови за прием во служба на Армијата, посебни односи помеѓу претпоставените и потчинетите, а во тие рамки и посебни правила на однесување во вршењето на службата во Армијата.

Имајќи го предвид наведеното, а разгледувајќи ја оспорената законска одредба во контекст на целината на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, според Судот јасно произлегува дека законодавецот со утврдувањето на сексуалната злоупотреба или хомосексуализмот посебно, како повреда на воената дисциплина, за која може да се изрече една од дисциплинските мерки предвидени во самиот Закон, не навлегува во личниот, односно

приватниот живот на военото лице надвор од службата во Армијата кога тоа може слободно, без попречување од државата, да воспоставува какви било односи со други лица, вклучително и сексуални, зависно од неговата сексуална ориентација.

Напротив, забраната за сексуална злоупотреба или хомосексуализмот утврдени во оспорената одредба, претставуваат само едно од правилата на режимот на однесување на воените лица утврдени во Законот и подзаконските акти, кои што военото лице мора да ги почитува за време на вршење на службата во Армијата, а не надвор од службата. Оттука, предвидувајќи ја злоупотребата на сексуалноста и хомосексуалноста како дисциплинска повреда на военото лице за време на вршењето на службата во Армијата, е во функција на одговорно извршување на обврските на воените лица за јакнење на воената дисциплина, моралот и борбената готовност, остварувањето на одбраната на Републиката.

Ова особено, ако се има предвид дека во службата на Армијата на Република Македонија во најголем број се застапени лица од машки пол и дека системот на раководење и командување е заснован врз принципот на внатрешна хиерархија и субординација и односите во службата на Армијата се односи меѓу претпоставен и потчинет, поради што во услови на ваква специфична структура и организациона поставеност, хомосексуалната склоност може да биде и злоупотребена.

Според тоа, Судот смета дека оспорената законска одредба е во функција на заштита и на физичкиот и моралниот интегритет на другите лица во служба на Армијата на Република Македонија.

Со решението на оспорената законска одредба законодавецот воопшто не го повредува правото на приватност на военото лице од аспект на неговата сексуална определеност, туку предвидува дисциплинска одговорност кога се злоупотребува сексуалноста или хомосексуалноста за време на вршење на воена служба, што и од аспект на член 11 од Уставот на Република Македонија и член 3 од Конвенцијата за заштитата на човековите права и основни слободи е оправдано, бидејќи физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени, а државата мора да забрани и санкционира секој облик на нечовечко и понижувачко однесување.

Во прилог на тоа дека правото на почитување на приватниот, односно личниот живот на поединецот не е апсолутно и дека тоа

може да биде ограничено во определен обем се и одредбите од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и протоколите кон наведената Конвенција, според кои нема да постои никакво мешање од страна на јавната власт при остварувањето на правото на почитување на приватниот живот, освен во согласност со закон и доколку тоа претставува неопходна мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштита на здравјето и моралот или заштита на правата и слободите на другите во едно демократско општество.

Оттука, а со оглед на тоа што во конкретниот случај, со оспорената одредба преку принципот на пропорционалност, кој му припаѓа на владеењето на правото, е постигнат баланс меѓу правата на поединецот и интересот на државата за нејзината безбедност и одбрана, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената законска одредба со Уставот.

При ваквата оценка Судот го имаше предвид и тоа дека системот на одбраната на Републиката, согласно Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата на Република Македонија, според начинот на неговата организација и функционирање, неминовно вклучува одреден степен на ограничување на правото на личен, односно приватен живот на военото лице и тоа во повеќе негови сегменти, а не само во делот на сексуалниот живот. Ова особено се однесува за лицата што се наоѓаат на отслужување на воениот рок, што е и законска обврска. Имено, служењето на воениот рок во редовниот состав на Армијата на Република Македонија, каде што важат посебни правила за сместување, исхрана, за користење на слободното време, за средби и комуникации со лица надвор од Армијата и слично, само по себе значи ограничување на правото на приватен живот на војникот, кој што има статус на воено лице во смисла на Законот.

Во однос на наводите во иницијативата дека оспорената законска одредба не била во согласност и со членот 9 став 2 од Уставот поради дискриминација на граѓаните по основ на нивната сексуална ориентација, Судот смета дека и овие наводи се неосновани затоа што во конкретниот случај основ за дисциплинска одговорност е чинот на злоупотребата на сексуалноста и хомосексуалноста на военото лице во вршење на службата во Армијата, а не што тоа лице по сексуална ориентација е хомосексуалец. Дека е така зборува и фактот што хомосексуалноста, како сексуална ориентација, не е утврдена како посебна пречка поради која лицата - хомосексуалци не може да засноваат работен однос во служба на Армијата. Ова е уште еден

аргумент поради кој Судот не го постави прашањето за согласноста на оспорената законска одредба со Уставот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.98/2004)

## II. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

## *II. REQUESTS FOR THE PROTECTION OF FREEDOMS AND RIGHTS OF MAN AND CITIZEN*

# 143.

**- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот**

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 3 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на Борис Младновски од Велес за заштита на слободите и правата од членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност.

2. Борис Младеновски од Велес на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност.

Според наводите во барањето, со пресудата К.бр.62/03 од 9 декември 2003 година на Основниот суд Кочани и пресудата

КЖ.бр.148/2004 од 17 март 2004 година на Апелациониот суд Штип, подносителот на ова барање бил дискриминиран со начинот на водење на самата судска постапка и со повредување на неговите права кои што како оштетен ги имал според Законот за кривичната постапка. Барањето е поднесено и за заштита на сопственоста, односно на имотно-правно побарување по основ на направена штета со противправните дејствија на обвинетиот во таа постапка.

Подносителот на барањето смета дека во конкретниот предмет е дискриминиран по основ на социјалната припадност, со оглед на тоа што бил стечаен работник, а не ја исклучува можноста за дискриминација и по основ на политичка припадност, што било вообичаено во секојденвниот живот.

Во прилог на ова негово мислење, како пример наведува и други судски предмети по кои постапката се уште била во тек и предолго траела.

3. Судот на седницата, врз основа на приложените докази утврди дека Основниот суд во Кочани, со пресуда К.бр.62/03 од 9 декември 2003 година, го одбил обвинителниот акт против обвинетиот Илчо Велков од Кочани поднесен од Борис Младновски од Велес во својство на оштетен, а во конкретниот случај подносител на барањето за заштита на слободите и правата пред овој Суд. Од образложението на пресудата произлегува дека Основниот суд во Кочани така пресудил со оглед на тоа што утврдил дека именуваниот не можел да се јави како оштетен, односно претставник на оштетеното правно лице АД "Шампиони" од Кочани за кривичните дела измама, злоупотреба на доверба, фалсификување исправи и даночно затајување.

Со пресуда КЖ.бр.148/2004 од 17 март 2004 година на Апелациониот суд во Штип, жалбата изјавена од оштетениот е одбиена како неоснована, а пресудата на Основниот суд во Кочани е потврдена.

Јавното обвинителство на Република Македонија, во врска со иницијативата за подигање на барање за заштита на законитоста против двете наведени судски пресуди, со допис КОЗ.бр.120/2004 од 17 мај 2004 година го известил оштетениот дека не нашло основ за подигање на барање за заштита на законитоста бидејќи утврдило дека со донесените пресуди не бил повреден законот.

Судот на седницата, исто така, утврди дека барањето за заштита на слободите и правата до овој Суд е поднесено, односно примено на 27 јули 2004 година.

4. Согласно член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во членот 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) е предвидено дека секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејствие му е повредено некое право или слобода утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд на Република Македонија во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејствие со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Од означената одредба на Деловникот произлегува дека за постапување на Судот во постапката за заштита на слободите и правата од членот 110 алинеја 3 од Уставот потребно е актот со кој е сторена повредата на овие слободи и права да е конечен или правосилен и барањето за заштита да е доставено во рок од 2 месеци од денот на доставувањето, односно приемот на овој акт.

Имајќи го предвид наведеното, Судот утврди дека во конкретниот случај пресудата на Основниот суд во Кочани К.бр.62/03 од 9 декември 2003 година, а која се посочува како акт со кој подносителот на барањето во постапката пред тој суд бил дискриминиран по основ на социјална и политичка припадност, е правосилна. Меѓутоа, тргнувајќи од фактот дека Јавното обвинителство на Република Македонија по поднесеното барање, односно иницијатива за заштита на законитоста подносителот го известил на 17 мај 2004 година, Судот утврди дека барањето за заштита на слободите и правата до Уставниот суд е поднесено по протекот на 2 месеци од правосилноста на пресудата на Основниот суд во Кочани, односно од доставувањето на пресудата на Апелациониот суд во Штип, од чиј ден на прием пресудата на Основниот суд во Кочани се смета за правосилна.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај барањето за заштита на слободите и правата не е поднесено во рокот утврден во членот 51 од Деловникот на Уставниот суд, Судот утврди дека постојат процесни пречки да одлучува по барањето на подносителот и поради тоа согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот истото го отфрли.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.164/2004)

# 144.

**- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност**

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen that refer to prohibition of discrimination on grounds of social and political affiliation*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на Пеце Ристевски за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност.

2. Пеце Ристевски од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална и политичка припадност.

Подносителот на барањето, во својот допис до Уставниот суд дава хронолошки приказ на водењето на граѓански постапки и кривична постапка и смета дека судовите погрешно ги применувале законите на негова штета, неправилно ги воделе и недопуштено ги одолговлекувале постапките и како последица на тоа, на барателот му било ускратувано правото на жалба, му била нанесена имотна штета и повреда на сопственичките права, наведувајќи дека со тоа се повредени членовите 15, 30, 51 и 55 од Уставот, како и член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и член 1 од првиот Протокол кон Конвенцијата.

Притоа, подносителот на барањето не прецизира кои конечни или правосилни поединечни акти ги напаѓа и не дава никакво образложение ниту, пак, конкретен навод зошто смета дека со наведените акти на судовите му се повредени слободите и правата поради дискриминација по основ на социјална и политичка припадност.

3. Според член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забрана на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредно право или слобода утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може од Уставниот суд да бара заштита во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејствие со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Членот 52 од Деловникот на Уставниот суд утврдува дека во барањето од член 51, е потребно да се наведат причините поради кои се бара заштита, актите или дејствијата со кои тие се повредени,

фактите и доказите на кои се заснова барањето, како и други податоци потребни за одлучувањето на Уставниот суд.

Со оглед на тоа што во барањето не може да се согледаат причините кои се однесуваат на повреда на слободите и правата поради дискриминација по основ на социјална и политичка припадност, на што барателот само начелно се повикува, туку бара њето се однесува на испитување од страна на Уставниот суд на уставноста и законитоста на актите на судовите и другите правосудни органи кои постапувале по неговите барања, произлегува дека подносителот бара Уставниот суд да постапува како инстанционен суд и да одлучува за уставноста и законитоста на наведените постапки за да утврди дека постои повреда на членовите 15, 30, 51 и 55 од Уставот, како и на членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и членот 1 од првиот Протокол кон Конвенцијата.

Меѓутоа, Уставниот суд не е инстанционо највисок суд и нема надлежност да ја преиспитува работата на судовите во смисла на наводите во барањето, ниту е надлежен да одлучува за заштита на правата утврдени во означените членови од Уставот и Конвенцијата, затоа што тие излегуваат од опфатот на член 110 алинеја 3 од Уставот.

Врз основа на изнесеното, Судот оцени дека поднесеното барање во суштина не претставува барање за заштита на слободите и правата, туку дека претставува барање Уставниот суд да одлучува за права и интереси на странки по конкретни предмети од надлежност на судовите и за постапката пред судовите, за што Уставниот суд не е надлежен да одлучува.

4. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.207/2003)

# 145.

**- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот**

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 18 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на Живко Димов од Радовиш за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

2. Живко Димов од Радовиш, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на своето право, кое му било повредено со одземањето на три метри кубни дрва од дома во с.Лубница-Радовиш.

Подносителот на барањето смета дека неговите слободи и права биле повредени по основ на член 110 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како и по основ на член 77 став 1 точка 7 и став 3 од Законот за шуми ("Службен весник на РМ" бр.47/1997) во кој не било предвидено да се одземат дрвата.

Во прилог на барањето ги доставува судските одлуки и наведува дека судовите погрешно и неправилно одлучиле на негова штета и како последица на тоа покрај прекршочната опомена му била изречена и мерка за безбедност – одземање на три кубни метри дрва.

Меѓутоа, подносителот на барањето не дава никакво образложение зошто смета дека со наведените акти на судовите му се повредени слободите и правата утврдени во членот 110 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

3. Според член 110 став 1 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејствие му е повредено право или слобода утврдени со член 110 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејствието со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

4. Од наводите содржани во барањето, а имајќи ја предвид изнесената фактичка состојба, Судот на седницата утврди дека во конкретниот случај со барањето е изразено само начелно повикување на заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот со намера Уставниот суд да се впушти во одлучување во конкретна работа од надлежност на судовите и во тие рамки наспроти одлуките кои се веќе донесени од надлежните судови, директно Уставниот суд со своја одлука да определи обештетување на барателот и да одлучи, како што се наведува во барањето, одземените дрва да му бидат вратени.

Меѓутоа, Уставниот суд не е во позиција на инстационо повисок суд да одлучува во конкретна работа која е во надлежност на судовите, ниту е надлежен да одлучува за права и интереси на странки утврдени со поединечни акти во конкретни предмети.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе едногласно во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.8/2004)

# 146.

**- Барање за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот**

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 и 11 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на:

а) Абдула Јусуфоски од Охрид за заштита на слободите и правата повредени со пресуда на Апелациониот суд во Битола ГЖ.бр.2381/2003 од 21 октомври 2003 година;

б) ЗЗ "Монтер" од Охрид кое не претставува правен субјект во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

2. Абдула Јусуфоски од Охрид, преку Марјан Попески адвокат од Охрид, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на слободите и правата повредени со пресуда на Апелациониот суд во Битола ГЖ.бр.2381/2003 од 21 октомври 2003 година.

Меѓутоа, иако подносителот на барањето се повикува на заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, тој бара пресудата на Апелациониот суд да се укине и да се врати на повторно судење од причина што судовите различно постапувале за идентични предмети, како и да се признае право на правно лице да бара заштита на слободи и права.

3. Според член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забрана на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејствие му е повредно право или слобода утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејствие со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Членот 52 од Деловникот на Уставниот суд утврдува дека во барањето од член 51 е потребно да се наведат причините поради кои се бара заштита, актите или дејствијата со кои тие се повредени, фактите и доказите на кои се заснова барањето, како и други податоци потребни за одлучувањето на Уставниот суд.

Од наводите содржани во барањето, како и од појаснувањето на барањето произлегува дека во суштина барањето не се однесува на заштита на слободите и правата на што барателот само начелно се повикува, туку барањето се однесува на испитување од страна на Уставниот суд на уставноста и законитоста на акт на суд од аспект на различно пресудување по предмети со исти тужбени барања, односно подносителот бара Уставниот суд да постапува како инстанционен суд и да одлучува за уставноста и законитоста на пресудата на Апелациониот суд во Битола за да утврди дека постои повреда на членовите 8, 9 и 15 од Уставот, како и членовите 6 и 13 од Европската конве нција за заштита на човековите права и основни слободи.

Врз основа на изнесеното, произлегува дека поднесеното барање не претставува барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, кои во согласност со член 110 алинеја 3 од Уставот, ги штити Уставниот суд, туку дека претставува барање Уставниот суд да одлучува за права и интереси на странка по конкретен предмет од надлежност на судовите, поради што Судот оцени дека Уставниот суд не е надлежен да одлучува.

Во однос на наводите за нееднаква примена на законите од страна на судовите и за пресудување во конкретниот случај, на подносителот на барањето му стојат на располагање други правни средства во соодветна судска постапка согласно член 101 од Уставот, а не пред Уставниот суд. Исто така, во однос на барањето за признавање на правото на правно лице да бара заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, согласно член 110 алинеја 3 од Уставот и член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија јасно произлегува дека Уставниот суд ги штити слободите и правата само на човекот и граѓанинот.

4. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.13/2004)

# 147.

**- Барање за заштита на избирачко право (кандидат за Претседател на Република Македонија)**

*- Request for the protection of the right to vote (candidate for President of the Republic of Macedonia)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28, 68 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 31 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на Љубе Бошкоски од Скопје за заштита на избирачкото право, што според него му било повредено со Решението на Државната изборна комисија бр.07-111/5 од 25 март 2004 година, потврдено со Решението на Врховниот суд на Република Македонија Урп.бр.1/2004 од 27 март 2004 година.

2. Љубе Бошкоски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на избирачкото право.

Подносителот на барањето во својот допис насловен како барање за заштита на избирачкото право на кандидатот за избор на претседател на Република Македонија Љубе Бошкоски, за изборите закажани за 14 април 2004 година, наведува дека со Решение на Државната изборна комисија бр.07-111/5 од 25 март 2004 година се отфрла Листата на кандидатот за избор на претседател на Република Македонија со која како кандидат за претседател на Република Македонија се предлага Љубе Бошкоски од Скопје, предложена од најмалку 10.000 избирачи, поднесена преку овластениот претставник на подносителот на Листата, Горан Митевски од Скопје.

Државната изборна комисија во Решението утврдила дека претседателскиот кандидат Љубе Бошкоски не го исполнува условот од член 80 став 5, а во врска со член 132 од Уставот, затоа што не бил жител во Република Македонија и Република Хрватска најмалку 10 години во последните 15 години до денот на изборите за претседател на Република Македонија - 14 април 2004 година, сметајќи дека времето на жителство во другите републики на СФРЈ во смисла на член 132 од Уставот се смета од 14 април 1989 година до 17 ноември 1991 година, денот кога е донесен Уставот на Република Македонија, поради што имал жителство во Република Македонија 7 години 9 месеци и 22 дена.

Врховниот суд на Република Македонија, на 27 март 2004 година донел Решение Урп.бр.1/2004 со кое жалбата се одбива како неоснована, а Решението на Државната изборна комисија бр.07-111/5 од 25 март 2004 година се потврдува.

Со Решението на Државната изборна комисија и со Решението на Врховниот суд, според подносителот на барањето се

врши повреда на избирачкото право на претседателскиот кандидат Љубе Бошкоски спротивно од членовите 8 алинеја 1 и 3, 22, 23 и 132 од Уставот и од член 3 на Протоколот бр. 1 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Подносителот на барањето, исто така предлага Уставниот суд да го запре извршувањето на поединечните акти и дејствија што ги презема Државната изборна комисија во постапката за избор на претседател на Република Македонија во согласност со Законот за избор на претседател на Република Македонија, до донесувањето на конечната одлука на Уставниот суд.

3. Судот на седницата утврди дека со Решението на Државната изборна комисија, листата на кандидат за избор на претседател на Република Македонија, со која како кандидат за претседател на Република Македонија се предлага Љубе Бошкоски од Скопје, предложена од најмалку 10.000 избирачи, поднесена преку овластениот претставник на подносителот на листата, Горан Митевски од Скопје се отфрла.

Со Решението на Врховниот суд на Република Македонија, жалбата на кандидатот за претседател на Република Македонија Љубе Бошкоски од Скопје, поднесена од овластениот претставник Горан Митевски, се одбива како неоснована, а Решението на Државната изборна комисија се потврдува.

4. Согласно член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Според член 8 алинеја 1 и 3 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, како и владеењето на правото.

Согласно член 22 од Уставот секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

Според член 23 од Уставот секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Врз основа на изнесените уставни одредби произлегува дека едно од најбитните политички права е избирачкото право кое може да биде активно и пасивно. Определувајќи дека секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право, Уставот единствено поставил ограничување дека избирачко право немаат само лицата на кои им е одземена деловната способност.

Уставот на Република Македонија не прави разлика меѓу активното и пасивното избирачко право, што подразбира дека со исполнувањето на утврдените услови граѓанинот стекнува право да избира и да биде избран. При тоа, Уставот не предвидува никакви посебни услови за стекнување на пасивното избирачко право. Од овие уставни постулати единствен исклучок е одредбата на членот 80 кој се однесува на избор на претседател на Република Македонија. Според оваа одредба претседателот на Републиката мора да е државјанин на Република Македонија, на денот на изборите да има наполнето најмалку 40 годни живот и до денот на изборите да е жител на Република Македонија најмалку 10 години во последните 15 години.

Во Законот за избор на претседател на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/94, 48/99 и 11/2004) е утврдена постапката за избор на претседател на Република Македонија поради престанок на мандатот, како и заштитата на избирачкото право.

Според член 10-д од овој закон ако Државната изборна комисија утврди дека листите се поднесни ненавремено, односно

констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите не ги отстраниле во рокот предвиден во членот 10-г став 2 на овој закон, Комисијата поднесената листа во рок од 24 часа ќе ја отфрли со Решение. Против Решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 24 часа по приемот на Решението. Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе Одлука по жалбата во рок од 24 часа по приемот на жалбата.

Според член 10-и од овој закон постапката за заштита на избирачкото право е итна. Поднесоците (приговорите и жалбите) за заштита на избирачкото право се доставуваат до надлежните органи преку органите кои претходно одлучувале. Второстепените одлуки на надлежните органи се конечни.

Врз основа на наведените уставни и законски одредби произлегува дека заштитата на избирачкото право е во надлежност на Државната изборна комисија и на Врховниот суд на Република Македонија.

Согласно член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд нема надлежност во врска со изборниот процес, односно со заштитата на избирачкото право, ниту, пак, Уставниот суд има надлежност да постапува како инстанционен суд за да го цени решението на Врховниот суд на Република Македонија.

Во врска со барањето за заштита на избирачкото право во однос на член 3 од првиот Протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, според кој: "Високите страни договорнички се обврзуваат во разумни интервали да организираат слободни избори со тајно гласање, под услови што му овозможуваат на народот слободно да го изрази своето мислење за изборот на законодавното тело", Уставниот суд согласно член 110 алинеја 3 од Уставот, исто така не е надлежен да одлучува.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Врз основа на наведеното, а согласно член 110 алинеја 3 од Уставот, Судот оцени дека не е надлежен да ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на избирачкото

право, поради што одлучи барањето на Љубе Бошковски да го отфрли.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.55/2004)

# 148.

**- Барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот**

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на Орданчо Пецов од Неготино за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

2. Орданчо Пецов од Неготино на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на слободите и правата.

Според подносителот на барањето како конечни акти со кои му биле повредени слободите и правата се наведуваат: Решение бр.04 - 1489/1 од 17 јануари 2002 година на Министерството за финансии за распоредување до стекнување статус на државен службеник на име Орданчо Пецов, Решение бр.04-10961/1 од 26 април 2004 година на Министерството за финансии за плата на државниот службеник Орданчо Пецов, и Решение бр.04-12657/1 од 10 мај 2004 година на Министерството за финансии за престанок на вработувањето заради структурални промени на име Орданчо Пецов.

Подносителот на барањето најнапред наведува поголем број на одредби од Уставот и Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи со означување на слободите и правата што се гарантираат во тие одредби и наведува дека истите му биле повредувани во континуитет од пет години работен стаж кај работодавецот.

Потоа се наведува дека при донесувањето на незаконитите решенија било постапено спротивно на поголем број одредби од Уставот, Законот за работните односи, Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, како и одредбите од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа во Република Македонија.

Неговите права биле повредени на начин што не му била дадена можност да присуствува во постапката пред надлежниот орган и да биде застапуван од преставник на Синдикатот. Потоа, не му била дадена можност да се изјасни за фактите и околностите што биле од важност за донесување на решенијата, односно истите биле донесени без посебна "испитна" постапка која била задолжителна. За прво и второозначениот акт наведува дека никогаш не станале правосилни од причини што по неговите жалби против решенијата поднесени на 18 февруари 2002 година и 19 мај 2004 година се уште не било постепено. Наведува, исто така, дека при донесувањето на третоозначениот акт, подносителот на барањето не бил информиран за организационите и структуралните промени кај работодавецот и за последиците од престанокот на работниот однос, а во таа постапка не се почитувале критериумите преку кои се утврдувал приоритетот за задржување на работното место.

Во барањето се наведува дека од страна на работодавецот му било забрането да го искористи правото на годишен одмор за 2003 и 2004 година, дека не му било утврдено право на 0,5% додаток на плата за секоја година работен стаж, дека не му се исплаќал регрес за годишен одмор и дневници за службени патувања. Од тие причини бара да му се исплатат: разликата во плата од "шефовско" до "раководителско" работно место, материјалната и нематеријална штета што ја претрпел тој и неговото семејство, трошоците за набавка на средства за работа, за направените службени телефонски разговори, за купување на приемни книги, стручна литература и други трошоци, се со засметување на законска и казнена камата.

Подносителот на барањето предлага Судот да ги поништи наведените акти.

3. Судот на седницата утврди дека Орданчо Пецов од Неготино засновал работен однос во Министерството за финании ПЕ Неготино на 1 април 1999 година.

Министерството за финансии донело Решение бр.04-1019/2 од 25 март 1999 година за засновање на работен однос и за назначување на Орданчо Пецов за шеф на Отсекот за имотно-правни работи во Неготино.

Со Решението бр.04-1489/1 од 17 јануари 2002 година Министерството за финансии го распоредува на работно место со звање соработник во Одделението за имотно-правни работи во Неготино до положувањето на преодниот испит за проверка на знаењето и стекнувањето статус на државен службеник. Од образложението на решението произлегува дека до распоредувањето дошло заради покажани незадоволителни резултати во дотогашната работа и несоодветен однос со странките и вработените.

Жалба против решението е поднесена на 18 февруари 2002 година, а доказ за конечност на решението не е приложен.

Од извадокот на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии бр.01-844/1 од 9 април 2004 година, произлегува дека во Оддлението за управна постапка- Неготино бил предвиден еден извршител на работното место раководител на Одделението.

Со Решението бр.04-10961/1 од 26 април 2004 година на Министерството за финанисии на Орданчо Пецов му се утврдуваат бодови на основната плата и додатокот на плата за звање. Утврдувањето на бодовите е направено според донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.17/2004).

Жалба против решението е поднесена на 19 мај 2004 година, а доказ за конечност на решението не е приложен.

Според Решението бр.04-12657/1 од 10 мај 2004 година на Министерството за финансии на Орданчо Пецов му престанува вработувањето сметано од 1 јули 2004 година, поради структурни промени. Од образложението на решението произлегува дека Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2004 година донела Заклучок за согледување на можностите за намалување на јавната аднинистрација како една од мерките за реализација на реформите во јавната администрација.

Од копијата на доставницата за прием на наведеното решение произлегува дека Орданчо Пецов на 21 мај 2004 година одбил да потпише дека го прима означениот акт. Според Министерството за финансии постапката по изјавената жалба е во тек.

Од Програмата за рационализација на вработените во Министерството за финансии донесена на 30 мај 2003 година произлегува дека во Министерството било предвидено од вкупно 690 вработени бројот на вработените да се намали за 147 или 21,30%.

4. Согласно член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, социјална и политичка припадност.

Според член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија секој граѓанин што смета дека со поединечен акт му е повредено право или слобода утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд на Република Македонија во рок од 2 месеци од денот

на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Во член 52 од Деловникот е предвидено дека во барањето од член 51 е потребно да се наведат причините поради кои се бара заштита, актите или дејствијата со кои тие се повредени, фактите и доказите на кои се заснова барањето, како и други податоци потребни за одлучување на Уставниот суд.

Во конкретниот случај во претходната постапка на Судот не му беа презентирани докази дека оспорените акти се конечни.

Меѓутоа, тргнувајќи од околноста што во Законот за работните односи е предвидено работникот да може да бара судска заштита и во случаите кога органот не донел одлука по поднесениот приговор во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, произлегува дека оспорените акти по сила на Законот станале конечни по протекот на законскиот рок за произнесување на работодавецот по поднесеното барање.

Од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи Орданчо Пецов, како слободи и права за кои смета дека му се повредени ги наведува: право на почитување на приватниот и семејниот живот; слобода на уверувањето, совест и религија; слобода на изразување; право на ефективен лек; забрана на дискриминација; забрана на злоупотреба на правата; заштита на сопственоста и општа забрана на дискриминација. Од Уставот на Република Македонија му биле повредени следните слободи и права: еднаквост на граѓаните; неприкосновеност на физичкиот и моралниот интегритет на секој човек; гаранција на правото на жалба; право на учество во вршење на јавни функции; право на поднесување на претставки до државните органи; почитување и заштита на приватноста, личниот и семејниот живот и на угледот и достоинството на секој граѓанин; правото на сопственост; правото на работа, вработување, достапоноста на секое работно место, заработувачка, право на платен дневен, неделен и годишен одмор и неможноста овие права некој да ги ограничи ниту одземе; заштита на семејството и заштита на слободите и правата утврдени со Уставот.

Тргнувајќи од надлежноста на Уставниот суд утврдена во цитираниот член 110 алинеја 3 од Уставот, а врз основа на наводите

од барањето произлегува дека од сите набројани слободи и права Судот е надлежен да ги штити: слобода на уверувањето, совест и религија; слобода на изразување и забраната на дискриминација, како што ги означува подносителот на барањето. Меѓутоа, за остварување на заштита на слободите и правата пред Уставниот суд не е доволно само да се набројат повредените слободи и права, туку со наводите од барањето треба да се наведат и причините поради кои се бара заштитата, фактите и доказите на кои се заснова барањето, како што е определено во член 52 од Деловникот на Уставниот суд.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека со наводите од барањето, изнесените факти и прибавените докази подносителот на барањето не ја прави веројатна повредата на слободата на уверувањето и совеста, како и на слободата на јавното изразување на мислата. Ова од причини што барањето воопшто не содржи наводи во таква насока. Од друга страна, Судот може да даде заштита на правото на недискримини нација на граѓаните, но по точно определен основ: пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност. Од наводите во барањето, изнесените факти и прибавените докази не произлегува дека може да стане збор за дискриминација на подносителот на барањето по било кој од наведените основи.

Останатите набројани слободи и права не спаѓаат во корпусот на слободи и права за кои може да се бара заштита пред Уставниот суд, согласно член 110 алинеја 3 од Уставот.

Што се однесува до наводите дека конечните акти не биле во согласност со набројаните одредби од Уставот, Законот за работните односи, Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, како и со одредбите од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа во Република Македонија, според Судот оспорените акти немаат карактер на пропис, туку на поединечни акти.

Имено, согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите. Оттаму, не се исполнети условите од цитираната одредба за оцена на согласност на оспорените поединечни акти со Уставот и законите.

На крај, поднесеното барањето во најголем дел, според изнесените наводи, има карактеристика на тужба за остварување на права од работен однос, како и за остварување на оштетно побарување, по која не е надлежен да постапува Уставниот суд на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.101/2004)

# 149.

**- Барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот**

*- Request for the protection of freedoms and rights of man and citizen*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето на Љубица Димчевска од Гевгелија за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

2. Љубица Димчевска од Гевгелија на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе барање за заштита на слободите и правата.

Подносителот на барањето бара:

1) Заштита на основните човекови права - правото на слободно движење на луѓето - забрана на тортура од тужените лица кои биле вработени во УВР Гевгелија и Медицински центар - Гевгелија и одредени судии во Основниот суд Гевгелија, кои им помагале на тужените лица да се извлечат од нивните дела што вршеле тортура кон нив со неправилно пресудување против законите и Уставот.

2) Право на слобода и сигурност,
3) Право на обештетување,
4) Право на почитување на приватниот и семејниот живот,и
5) Забрана на дискриминација.

Целта на поднесување на ова барање била да се разбие синџирот на владеење на роднински, пријателски и полициски врски и да биде спречено неправилното судење во кое ги казнувале по два пати за исто дело.

Подносителот на барањето смета дека му биле загрозени основните слободи и права и правото на движење и сигурноста, затоа што без судска одлука била киднапирана од дома од страна на УВР Гевгелија и Медицински центар Гевгелија.

Во барањето понатаму се наведува дека со благослов на судиите се отфрлала нејзината тужба и била казнувана со енормен паричен износ иако знаеле дека таа била самохрана мајка, дека не можела тој износ да го плати, а тоа било со цел да ја стават во затвор. Киднапирањето и носењето во болницата за душевни болести според подносителката на барањето за судиите не било ништо, а нејзиниот син иако не бил виновен исто така го казнувале додека вистинските воновници биле благо казнувани.

Подносителот на барањето смета дека лицата од УВР Гевгелија вршеле тортура над неа и нејзиниот син на тој начин што тие соработувале со судиите и постојано им пишувале прекршочни пријави и ако тие ништо не сториле и ги казнувале со парична казна

од 30.000 денари. Понатаму, исто така, во барањето се наведува дека таа не добила оштета за тоа што ја сместиле во душевната болница иако таа била психофизички здрава.

Подносителот на барањето смета дека и е повредено правото на почитување на приватниот и семејниот живот, така што лицата од УВР Гевгелија без судски налог вршеле претрес во нејзината куќа и земале се што им одговарало и сето тоа го правеле затоа што била самохрана мајка која не можела да плати адвокат, а целта им било да ја сместат во затвор.

Подносителот на барањето од Уставниот суд на Република Македонија бара да се обнови кривичната постапка и судот да донесе правилна одлука со која ќе биде обештетена.

3. Судот на седницата од приложените докази од страна на подносителот на барањето утврди дека Основниот суд во Гевгелија со Пресуда Пр.бр.144/02-Ј од 14.02.2003 година подносителот на барањето заедно со синот Златко Алексовски ги огласил за виновни затоа што сториле прекршок од член 2 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир и ги казнил со парична казна во износ од по 15.000,00 денари.

Незадоволна од оваа пресуда подносителот на барањето поднела жалба на 25.11.2003 до Апелациониот суд во Скопје. Со документацијата поднесена од подносителката на барањето не е доставена одлуката на Апелациониот суд по изјавената жалба.

Подносителката на барањето, исто така, до Основниот суд Гевгелија, поднела приватна кривична тужба против тужените од УВР Гевгелија: Петар Манев, Владо Ристов, Тони Костадинов, Мирослав Лазаревски, Горан Поповски и против Медицинскиот центар Гевгелија, Ристо Ников, Даница Каркалашева, Ванчо Богатинов, Димитар Граматиков и Милица Каспар, за кривични дела противправно лишување од слобода, насилно психијатриско лекување и чување во здравствена установа од член 140 став 3 од Кривичниот законик и злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од Кривичниот законик.

Судот донел Решение К.бр.153/2002 од 9.04.2003 година со кое ја отфрлил приватната кривичната тужба, затоа што според судот делата што биле предмет на приватната кривична тужба не биле кривични дела.

Подносителот на барањето незадоволен од ова решение, поднела жалба до Апелациониот суд во Скопје, кој со Решение КЖ.бр.1606/2003 изјавената жалба ја одбил како неоснована и го потврдил Решението на Основниот суд во Гевгелија К.бр.153/2002 од 9.04.2003 година.

Од доставената документација се гледа дека подносителката на иницијативата до Врховниот суд на Република Македонија поднела барање за вонредно преиспитување на Решението на Основниот суд Гевгелија К.бр.153/2002 од 9.04.2003 година и Решението на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1606/2003 од 25.09.2003 година.

Врховниот суд на Република Македонија барањето на приватната тужителка Љубица Димчевска го отфрлил како недозволено.

4. Според член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забрана на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија секој граѓанин што смета дека со поединечен акт или дејстие му е повредено право или слобода утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејствие со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Членот 52 од Деловникот на Уставниот суд утврдува дека во барањето од член 51 е потребно да се наведат причините поради кои се бара заштита, актите или дејствијата со кои тие се повредени, фактите и доказите на кои се заснова барањето, како и други податоци потребни за одлучувањето на Уставниот суд.

Од наводите содржани во барањето, како и во појаснувањето на барањето произлегува дека во суштина барањето не се однесува на заштита на слободите и правата на што подносителот на барањето само начелно се повикува, туку барањето се однесува на

испитување од страна на Уставниот суд на уставноста и законитоста на акти на судовите, односно Уставниот суд да постапува како инстационен суд и да ги поништи решенијата на Основниот суд Гевгелија К.бр.153/2002 на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1606/2002 и на Врховниот суд на Република Македонија Кв.бр.171/2003.

Од изнесеното произлегува дека поднесеното барање не претставува барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, кои во согласност со член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија ги штити Уставниот суд, туку дека претставува барање Уставниот суд да одлучува за права и интереси на странка по конкретен предмет од надлежност на судовите, за кои Уставниот суд не е надлежен да одлучува.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.125/2004)

## III. РЕШЕНИЈА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

## *III. RESOLUTIONS TO STOP THE PROCEDURE*

# 150.

**- Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година во делот "од Владата на Република Македонија"**

*- Law on the Execution of the Budget of the Republic of Macedonia for 2003 in the part “by the Government of the Republic of Macedonia”*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 47 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 25 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ЗАПИРА постапката за оценување на уставноста на член 11 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година во делот "од Владата на Република Македонија" ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2003).

2. Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на иницијатива од Здружението на јавни и државни службеници од Скопје, со решение У.бр.168/2003 од 24 декември 2003 година поведе постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

3. Во текот на постапката Судот утврди дека оспорениот закон престанал да важи со протекот на 2003 година.

Согласно член 47 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја запре постапката ако во текот на истата законот, другиот пропис или општ акт престанале да важат, а не наоѓа основи за оценување на нивната уставност и законитост за време на важењето.

Со оглед на тоа дека Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија престанал да важи со протекот на 2003 година, а Судот не наоѓа основи за оценување на неговата уставност во време на важењето, оцени дека се исполнети условите од погоре наведениот член од Деловникот, па одлучи како во точката 1 од ова решение.

4. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.168/2003)

# IV. РЕШЕНИЈА ЗА ОТФРЛАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ

# *IV. RESOLUTIONS TO DISMISS INITIATIVES*

## 1. Акти кои немаат карактер на пропис или општ акт во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија

*1. Acts that do not have the character of a regulation or a general act in the sense of Article 110 of the Constitution of the Republic of Macedonia*

## 151.

**- Избор на Влада на Република Македонија**

*- Election of the Government of the Republic of Macedonia*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката за избор на Владата на Република Македонија бр.07-2394/1 од 2 јуни 2004 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр.35 од 7 јуни 2004 година.

2. Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите на подносителот на иницијативата изборот на Сиљан Аврамовски за министер за внатрешни работи со оспорената одлука, претставувал директно прекршување на член 97 од Уставот на Република Македонија каде е предвидено дека лицето кое раководи со Министерството за внатрешни работи мора да биде цивилно лице кое непосредно пред изборот било цивил најмалку три години. Во врска ова, подносителот на иницијативата смета дека Сиљан Аврамовски со оглед на фактот што од 2000-2003 година бил помошник на Директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, а од 2003 до јуни 2004 година бил директор на Управата за безбедност и контраразузнавање не ги исполнува условите од член 97 од Уставот. Со тоа и оспорената одлука не била во согласност со член 97 од Уставот. Имено, Управата за безбедност и контраразузнавање согласно член 2 од Законот за внатрешни работи, претставувала орган во состав на Министерството за внатрешни работи, а раководните работници согласно член 24 од истиот Закон се сметале за овластени службени лица.

Од овие причини, подносителот на иницијативата смета дека Сиљан Аврамовски немал својство на цивилно лице и со неговиот избор за министер за внатрешни работи директно се прекршувал член 97 од Уставот на Република Макеоднија, поради што предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорената одлука и нејзино поништување.

3. Судот на седницата утврди дека со Одлуката за избор на Владата на Република Македонија бр.07-2394/1 од 2 јуни 2004 година објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 35 од 7 јуни 2004 година за претседател на Владата на Република Македонија е избран Хари Костов, а меѓу министрите поименично наведени кои ќе раководат со одделните министерства, е избран Сиљан Аврамовски за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи. Во точката 4 од оваа одлука е наведено дека истата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

4. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со

Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Тргнувајќи од правните елементи кои го определуваат прописот, а според кои тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општ начин и да утврдува права и обврски на неопределен круг на субјекти во правото, Судот утврди дека во конкретниов случај оспорената одлука има карактер на поединечен акт, односно нема карактер на пропис во смисла на уставната одредба поради што и истата не може да биде предмет на уставносудска оцена.

Имено, од содржината на оспорената одлука произлегува дека со неа не се регулираат никакви односи, туку поименично се наведуваат избраните од Собранието на Република Македонија членови на Владата на Република Македонија, кое нешто, според Судот, е право на Собранието на Република Македонија, а согласно член 68 став 1 точка 13 од Уставот на Република Македонија.

Судот оцени дека оспорената Одлука по својот карактер и содржина претставува поединечен акт, со кој не се уредуваат односи помеѓу неопределен број на субјекти на општ начин, истиот не е пропис.

5. Со оглед на оцената дека оспорената Одлука нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот, а согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија  Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот  Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.127/2004)

# 152.

**- Општи услови за осигурување од последици на несреќен случај (незгода), АД за осигурување и реосигурување "Македонија"**

*- General conditions for insurance against consequences from an accident, stock company for insurance and reinsurance “Makedonija”*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на член 10 став 1 точка 2 од Општите услови за осигурување од последици на несреќен случај (незгода), донесени од Управниот одбор на АД за осигурување и реосигурување "Македонија", чиј правен следбеник е "КЈУБИ Македонија" – Скопје, со Одлука бр.0202-1120/11 од 12 јуни 1991 година, а изменети и дополнувани со Одлука бр.0202-1753/1- XXVI од 21 декември 1994 и бр.0202-2782/114 од 25 декември 1998 година.

2. Македонскиот полициски синдикат, застапуван од адвокатот Дељо Кадиев од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на членот 10 став 1 точка 2 од актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член 10 став 1 точка 2 од Општите услови не бил во согласност со членот 952 од Законот за облигационите односи затоа што се предвидувало дека сите обврски на осигурувачот се исклучени ако несреќниот случај е причинет, односно настанал поради војна, инвазија, акт на надворешен непријател, воени движења или воените операции,

граѓанска војна, востание, бунт или револуција, а не само ако несреќниот случај е причинет со воени операции, како што било предвидено во членот 952 од Законот. Инаку, според мислењето на подносителот на иницијативата ваквото решение на оспорената одредба се должело на преширокото толкување на поимот "воени операции" од наведениот член од Законот од страна на доносителот на Општите услови за осигурување од последици на несреќен случај (незгода).

Ваквата одредба во Општите услови за осигурување од последици на несреќен случај (незгода) била пречка повеќе работници во министерството за внатрешни работи да го остварат правото на надомест на штета по основ на последиците на несреќните случаи поврзани со настаните во Република Македонија од 2001 година и покрај тоа што помеѓу министерството за внатрешни работи и АД за осигурување и реосигурување "Македонија" на ден 22 ноември 1999 година бил склучен Договор за колективно осигурување на работниците од последици од несреќен случај (незгода) и за случај на смрт поради болест. Ова, според мислењето на Судот, е, и главниот мотив за поднесување на иницијативата.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 10 став 1 точка 2 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), исклучени се сите обврски на осигурувачот ако несреќниот случај е последица на настан кој директно се припишува на војна, инвазија, акт на надворешен непријател, воени движења или воени операции (без оглед дали е објавена војната или не), граѓанска војна, востание, бунт или револуција.

Освен во овие случаи, со овој член од Општите услови за осигурување од последици на несреќен случај (незгода) е предвидено исклучување на обврските на осигурувачот и од други ризици, односно несреќни случаи доколку тие настанале, меѓу другото, и поради земјотрес, управување со воздушни летала, пловни објекти, моторни и други возила без пропишана службена исправа и др.

4. Според член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд, меѓу другото, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи со Уставот и со законите.

Во Република Македонија дејноста осигурување е уредена со Законот за осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/1997, 79/1999, 13/2001, 26/2001 и 4/2002) и Законот

за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002), со чие влегување во сила престанаа да важат сите одредби од Законот за осигурување, освен одредбите на дел петти кои се однесуваат на задолжителното осигурување и казнените одредби на членовите 122 и 138.

Согласно наведената законска регулатива, работите на осигурување може да ги врши друштво за осигурување кое според член 3 од Законот за супервизија на осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија, под условите утврдени со овој закон и Законот за трговските друштва.

Според член 6 од наведениот закон, друштвото за осигурување може да врши работи на осигурување во една или повеќе класи на осигурување, во рамките на една од групите на осигурување и тоа:

1. неживотно осигурување, кое ги опфаќа класите на осигурување од точките 1 до 18 од членот 5 на овој закон и

2. осигурување на живот, кое ги опфаќа класите од точките 19 до 23 од членот 5 на овој закон.

Во член 5 точка 1 од истиот закон, осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода е утврдено како посебна класа на осигурување и истото, во случај на смрт или нарушување на здравјето поради повреда, покрива: исплата на осигурената сума во еден целосен износ, исплата на осигурената сума во рати, комбинација на исплати од претходните два случаи или исплата поради повреди, нарушување на здравјето или смрт на патници.

Освен другите работи што се однесуваат за основањето и работењето на друштвото за осигурување, во дел трети од Законот за супервизија на осигурување или поточно во членот 39, се утврдени сите акти на деловната политика на друштвото, меѓу кои се и општите и посебните услови за осигурување по класи на осигурување. Според овој член како акти на деловната политика на друштвото за осигурување се изготвуваат и сите акти за задолжителното осигурување, кое е уредено во дел петти од Законот за осигурување, кој што се применува и по влегувањето во сила на Законот за супервизија на осигурување.

Имајќи го предвид наведеното, како и тоа дека во конкретниот случај станува збор за Општи услови за осигурување на

лица од последици на несреќен случај (несреќа) донесени од Акционерско друштво за осигурување и реосигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, Судот утврди дека тие не претставуваат пропис во смисла на член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, туку се акт на деловната политика на друштвото за осигурување кое што ги донело.

Дека овие Општи услови не претставуваат пропис произлегува и од фактот што во член 1 од самите услови е утврдено дека тие се составен дел на договорот за осигурување на лица од последици на несреќен случај што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "КЈУБИ Македонија" – Скопје, на кој договор инаку се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Со оглед на тоа што Општите услови за осигурување на лица од последица на несрреќен случај (незгода) не се пропис, Судот утврди дека не е надлежен за оценување на законитоста на оспорениот член 10 став 1 точка 2 и дека за секој настанат спор меѓу договорните страни во врска со нивните права и обврски, како и со содржината на договорот за осигурување, чиј составен дел се и овие општи услови, е надлежен да решава друг суд, а не Уставниот суд на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.182/2003)

# 153.

**- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци и други лични примања на АД. за осигурување и реосигурување "КЈУБИ Македонија" – Скопје**

*- Book of Rules for changes and supplements to the Book of Rules for Salaries, Compensations and Other Personal Incomes of the stock company for insurance and reinsurance “KJUBI Makedonija” - Skopje*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 11 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци и други лични примања на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "КЈУБИ Македонија" – Скопје, донесен од Управниот одбор под бр.0202-2024 на 30 април 2003 година.

2. Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот означен во точката 1 од ова решение. Во иницијативата прво се наведува дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба согласно член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија се уредуваат со закон и колективен договор и дека според Законот за работните односи, работникот правото на плата го остварува во согласност со условите и критериумите утврдени со закон и колективен договор. Надоврзувајќи се на ова, подносителот на иницијативата понатаму наведува дека работодавецот, а во конкретниот случај тоа е АД

"КЈУБИ Македонија", немал уставно и законско право да ги уредува правата од работен однос со еднострани акти, поради што и оспорениот прав илник, како таков акт, не бил во согласност со Уставот и со закон.

Подносителот на иницијативата предлага Судот, до донесување на конечната одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на сите поединечни акти, односно решенија донесени врз основа на оспорениот правилник, со оглед на сериозните штетни последици што можеле да настанат од неговата примена, а во врска со остварување на правото на плата на вработените во ова акционерско друштво.

3. Судот на седницата утврди дека според член 1 од оспорениот правилник, со овој правилник всушност членовите 15 до 32 од основниот текст на Правилникот се заменуваат со нови, а се однесуваат за утврдување на платите и другите примања на агентите, на тим менаџерот и регионалниот менаџер за продажба на осигурувањето.

Така, според изменетиот член 15 од оспорениот правилник, работниците во продажба на осигурувањето – агенти, платата ја остваруваат по основ на наплатена премија. Според членот 16 став 2, пак, платата на агентот се утврдува согласно земената провизија од наплатената премија во текот на месецот за кој се врши исплата на платата, а провизијата согласно ставот 3 на истиот член од Правилникот се пресметува со примена на утврдените провизиски стапки и врз основа на елементи за дефинирање на примена на истите, а кои се донесуваат од страна на Управниот одбор и се составен дел на овој правилник.

4. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според член 28 од Деловникот на Уставниот суд, Судот ќе ја отфрли иницијативата, меѓу другото, и во случај ако утврди дека не е надлежен да одлучува по барањето во истата.

Имајќи ја предвид содржината на оспорениот правилник, Судот утврди дека овој правилник по својата правна природа и дејство не претставува пропис во смисла на член 110 алинеја 2 од Уставот, туку е интерен акт со кој се утврдуваат параметрите за

вреднување на работните места, односно одделните работи и работни задачи предвидени во актот за систематизација, согласно условите и критериумите утврдени со закон и колективен договор, а според кои работодавецот најмалку еднаш месечно ја пресметува и исплатува платата на секој работник поединечно.

5. Врз основа на наведеното, Судот утврди дека не е надлежен за оценување на согласноста на оспорениот правилник со Уставот и со Законот за работните односи, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.102/2003)

# 154.

**- Инструкција донесена од директорот на Државниот завод за геодетски работи**

*- Instruction adopted by the Director of the State Geodetic Bureau*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 и 11 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на Инструкцијата бр.10-4768/1 од 24 декември 2002 година, донесена од директорот на Државниот завод за геодетски работи.

2. Ванчо Богоевски од Кавадарци, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на Инструкцијата означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената Инструкција го уредувала начинот на работење на службените лица во Државниот завод за геодетски работи при спроведувањето на податоците во катастарскиот операт врз основа на договорите за оттуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба и јавно наддавање, склучени помеѓу Република Македонија – Министерството за транспорт и врски како отуѓувач и физички и правни лица како купувачи. Меѓутоа, Инструкцијата предвидувала како основ за измена во катастарот на недвижностите и катастарот на земјиштето да се сметаат наведените договори само доколку биле заверени од Министерството за финансии – Управа за јавни приходи и потврдени (солемнизирани) од нотар, што било спротивно на членот 44 од Законот за вршење на нотарски работи, кој не пропишувал договорот да биде потврден од нотар, и спротивно на членот 443 од Законот за облигациони односи според кој договорите за продажба на недвижен имот треба да бидат заверени кај нотар, но во случајов оспорената Инструкција не се однесувала на договори за продажба на недвижен имот туку за оттуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба.

Исто така, во иницијативата се наведува дека со оспорената Инструкција бил повреден и членот 20 од Законот за данок на имот, според кој обврзник на данокот на промет на недвижностите и правата е правно и физичко лице кое е продавач на недвижноста, односно правото. Поради наведените причини, подносителот на иницијативата предлага Судот да поведе постапка за оценување на законитоста на оспорената Инструкција.

3. Судот на седницата утврди дека директорот на Државниот завод за геодетски работи, врз основа на член 112 став 1 алинеја 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/1986 и 17/1991) и член 73 од Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/1972 и 13/1978), ја донел Инструкцијата бр.10-4768/1 од 24 декември 2002 година.

Инструкцијата е упатена до Секторот за премер и катастар – Скопје и до подрачните одделенија на Државниот завод за

геодетски работи. Посебно во Инструкцијата како предмет е означено дека се однесува на спроведување на Договорите за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба и јавно наддавање, склучена помеѓу Република Македонија – Министерство за транспорт и врски како оттуѓувач и физички и правни лица како купувачи.

Во Инструкцијата, под точка 1 е определено дека предметните договори претставуваат основ за измена во катастарот на недвижностите и катастарот на земјиштето, само доколку истите се заверени од Министерството за финансии – Управа за јавни приходи и потврдени – солемнизирани од нотар. Под точка 2 е наведено дека оваа Инструкција е во согласност со одредбите содржани во следниве законски прописи:

- член 4 и член 13 став 1 и 2 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/2001);

- член 2, член 11, член 12, член 13 и член 14 од Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за отуѓувањето и давањето под закуп на градежното земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/2001);

- член 144 став 2 од Законот за сопственост и други стварни права (" Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001);

- член 37 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 71/1996 и 54/2000);

- член 443 од Законот за облигациони односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001);

- член 44 став 1 и став 4 од Законот за вршење на нотарските работи (" Службен весник на Република Македонија" бр.59/1996);

- член 49 став 3 од Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/1972 и 13/1978);

- член 58 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/1986 и 17/1991).

Во точка 3 е определено дека оваа Инструкција се применува наредниот ден од денот на приемот во Секторот односно одделението за премер и катастар.

4. Според членот 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Поаѓајќи од правните елементи кои го определуваат прописот, а според кои тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општ начин и да утврдува права и обврски на неопределен круг на субјекти во правото, Судот оцени дека во случајов оспорениот акт донесен од директорот на Државниот завод за геодетски работи нема карактер на пропис во смисла на изнесената уставна одредба и не е подобен за уставносудска оцена.

Имено, согласно членот 112 став 1 алинеја 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на надвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/1986 и 17/1991), Државниот завод за геодетски работи има право и должност да издава задолжителни инструкции во врска со извршувањето на овој закон и на прописите донесени врз основа на него.

Согласно членот 73 од Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на СРМ" бр.34/1972 и 13/1978), Државниот завод за геодетски работи има право на органот на управата надлежен за геодетски работи да му издава задолжителни инструкции и да врши инспекциски надзор над работата од областа на одржувањето на премерот и катастарот на земјиштето.

Наведените законски одредби даваат овластување со инструкции во рамките на Државниот завод за геодетски работи да се врши инструктажа за начинот на примената на законите и прописите кои се однесуваат на вршењето на геодетските работи во овој орган. Овие законски одредби не упатуваат конкретни прашања од законската материја дека треба да се доуредат со подзаконски акт без чие донесување не би можеле конкретни законски одредби да се извршуваат, туку упатуваат на можната проценка на Државниот завод за геодетски работи, раководен од неговиот директор, да донесува воопшто работни инструкции за службените лица при примената на законите и другите прописи во вршењето на геодетските работи во Државниот завод. Оттука, и во отсуство на постоење на инструкции на

Државниот завод за геодетски работи, извршувањето на законите и прописите би се спроведувало бидејќи тоа не зависи и не е условено од доуредување со актите односно инструкциите кои се посочуваат.

Од наведеното произлегува дека членот 112 став 1 алинеја 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и членот 73 од Законот за премер и катастар на земјиштето, даваат основ за донесување на инструкции во Државниот завод за геодетски работи за начинот на примената на законите и прописите, а не и за донесување на подзаконски акти со кои би се пропишувале права и обврски или доуредувале одредени прашања пропишани со закон. Со оглед на тоа, според наведените законски одредби предвидените инструкции имаат карактер на интерни акти а не на пропис.

Судот утврди дека конкретно оспорената Инструкција бр.10-4768/1 од 24 декември 2002 година, која е донесена од директорот на Државниот завод за геодетски работи, се однесува на службените лица вработени во Секторот за премер и катастар – Скопје и во подрачните одделенија за премер и катастар на територијата на Република Македонија.

Со Инструкцијата се даваат работни насоки на службените лица на кој начин да ги спроведуваат во катастарот на недвижностите и катастарот на земјиштето, договорите за оттуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба и јавно наддавање, склучени помеѓу Република Македонија – Министерство за транспорт и врски како оттуѓувач и физички и правни лица како купувачи, и притоа посочуваат на одредби од повеќе закони и прописи кои треба да се имаат предвид при вршењето на работите во надлежност на Државниот завод за геодетски работи.

Оттука, оспорената Инструкција претставува интерен акт на Државниот завод за геодетски работи, наменет за службените лица во работните единици на овој орган.

Примената на насоките содржани во оспорената Инструкција од страна на вработените во Државниот завод за геодетски работи, неспорно наоѓа одраз во запишувањето на правата на физичките и правните лица во катастарот на недвижностите и катастарот на земјиштето по основ на предметните договори на кои се однесува Инструкцијата, меѓутоа во однос на прашањето за правилната примена на законите од страна на надлежниот управен

орган, странките можат своите имотни права и интереси да ги штитат пред надлежните органи во управна постапка и во управен спор.

Поаѓајќи од оценката дека оспорената Инструкција нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, а согласно членот 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, според кој Судот ќе ја отфрли иницијативата ако утврди дека не е надлежен да одлучува по барањето во иницијативата, Судот оцени дека во случајов се исполнети процесните претпоставки за отфрлање на иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.29/2003)

# 155.

**- Трошковник за вршење на посебни геодетски работи за кои не се плаќа административна такса, донесен од директорот на Државниот завод за геодетски работи**

*- List of expenditures for the performance of special geodetic matters for which no administrative fee is paid, adopted by the Director of the State Geodetic Bureau*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 март 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 6 од Трошковникот за вршење на посебни геодетски работи за кои не се плаќа административна такса, донесен од директорот на Државниот завод за геодетски работи.

2. Петар Димовски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Трошковникот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата наплатувањето од граѓаните на паричниот износ од 1.500 денари, од страна на Државниот завод за геодетски работи - Сектор за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите на Република Македонија поради недоаѓање на граѓанинот на увид, по извршениот премер на просторот на кој се наоѓа недвижниот имот, било во спротивност со член 52 од Уставот на Република Македонија, од причини што оспорениот трошковник не бил проследен преку Владата и објавен во "Службен весник на Република Македонија", па затоа не можел да се примени.

Исто така, во иницијативата се наведува дека директорот на една управна организација немал право да донесува акти со кои на граѓаните и други лица им се утврдуваат права и обврски, и дека оспорениот трошковник било потребно да се донесе согласно членот 10 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

3. Судот на седницата утврди дека директорот на Државниот завод за геодетски работи, врз основа на член 105 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/1986 и 17/1991), го донел Трошковникот за вршење на посебни геодетски работи за кои не се плаќа административна такса.

4. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Поаѓајќи од правните елементи кои го определуваат прописот, а според кои тој треба да содржи општи правила на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општ начин и да утврдува права и обврски на неопределен круг на субјекти во правото, Судот оцени дека во случајов оспорениот акт донесен од директорот на Државниот завод за геодетски работи нема карактер на пропис и не е подобен за уставно судска оценка.

Имено, во конкретниот случај се работи за упатство на Државниот завод за геодетски работи како основа за давање на понуди за склучување на договори за вршење на посебни геодетски работи.

Впрочем, посебните геодетски работи согласно членот 103 од Законот можат да ги вршат и други правни лица за вршење на геодетски работи за посебни намени кои исто така би можеле да имаат свој трошковник.

Имено, во ставот 1 од членот 103 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите е предвидено дека државните и други органи, претпријатијата и другите правни лица и граѓаните што ги вршат геодетските работи за посебни намени се должни да ги користат податоците од катастарот на недвижностите, а за започнувањето на работите се должни да го известат Државниот завод за геодетски работи најмалку 30 дена порано.

Во ставот 2 од истиот член од Законот стои дека во известието се наведуваат податоци за подрачјето, содржината, методот и целта на геодетските работи за посебни намени, како и за датумот на започнувањето и времетраењето на работите.

Оттука, Судот смета дека оспорениот трошковник за вршење на посебни геодетски работи за кој не се плаќа административна такса има карактер на интерен акт и се смета како една од можните понуди за склучување на договори за вршење на геодетски работи согласно Законот.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.70/1992), Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.152/2003)

# 156.

**- Одлука за престанување на правото на користење на земјиштето во сопственост на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија**

*- Decision on the termination of the right to use a land owned by the Republic of Macedonia, adopted by the Government of the Republic of Macedonia*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Владата на Република Македонија бр.23-5142/1 од 1 октомври 2002 година за престанување на правото на користење на земјиштето во сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.77/2002).

2. Снежана Мешкоска, Љупчо Трајковски, Бранислав Трајковски, Борис Анчев, Сузана Анчева, Миле Божиновски, Веса Димовска и Љуба Стојановска жители на Ул. "Салвадор Аљенде" од Скопје, на Уставниот суд на Ррепублика Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, затоа што таа не била во согласност со член 56 од Уставот и со Законот за заштита на природните реткости. Имено, Владата со оспорената одлука директно се мешала и ги одземала надлежностите кои се дадени на градот уште од 1973 година. Во конкретниов случај Кп.2424/5 опишана во ПЛ.16095 за КО Центар спаѓа во "Шума – Парк Водно" и истата е прогласена за природна реткост.

3. Судот на седницата утврди дека Владата на Република Македонија на седницата одржана на 1 октомври 2002 година донела Одлука за престанување на правото на користење на земјиштето во сопственост на Република Македонија.

Во член 1 од наведената одлука е предвидено "се утврдува дека на досегашниот корисник Општина Центар, му престанува правото на користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое претставува КП.2424/5 во површина од 19.689 м2 заведено во ПЛ. бр.16095 КО Центар 2, заради реализација на Деталниот урбанистички план.

Во член 2, пак, е предвидено дека на досегашниот корисник општина Центар – Скопје му припаѓа надомест доколку има вложувано на земјиштето од член 1 на оваа одлука.

4. Согласно член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Тргнувајќи од содржината на оспорената одлука истата по својот карактер не може да има карактер на пропис во смисла на член 110 алинеја 2 од Уставот имајќи предвид дека со неа се утврдува дека престанува правото на користење на земјиштето сопственост на Република Македонија на досегашниот корисник општина Центар.

Имено Судот смета дека за одреден акт да има својство на нормативен акт не е доволно само да носи назив што е вообичаен за нормативните акти како еден од елементите, туку да содржи и други елементи како што е содржината од која произлегува регулирање на право и обврски за неопределен број на субјекти во правото што на општ начин не е случај со оспорената одлука.

Со оглед на фактот што оспорената одлука нема карактер на пропис, туку е поединечен акт, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.175/2003)

# 157.

**- Акти на Здружението на возачи од Делчево**

*- Acts of the Association of Drivers from Delcevo*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 1 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 14 јули 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на:

- Статутот на Здружението на возачи - Делчево во целина и посебно членовите: 4, 20, 22 и 25, донесен под бр.0101-17/2 на 23 декември 1998 година од Собранието на Здружението на возачи - Делчево;

- Одлуката за избор на членови на Собранието на Здружението на возачи - Делчево, содржана во Записник составен на 19 декември 2002 година од Изборната комисија на Здружението;

- Одлуката за избор на членови на Извршниот одбор на Здружението на возачи - Делчево, содржана во Записникот бр.0202/41 од 20 декември 2002 година;

- Одлуката за истовремено вршење на функциите претседател на Собранието и претседател на Извршниот одбор на Здружението на возачи - Делчево, содржана во Записникот бр.0202/42 од 20 декември 2002 година и

- Одлуката бр.0201-13/6 од 21 февруари 2004 година на Здружението на возачи - Делчево за купување на објектот "Сервис" во Делчево.

2. Митко Антовски од Делчево на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, Статутот на Здружението на возачи - Делчево и одделни негови одредби, што поблиску нумерички не се означуваат, не биле во согласност со членовите 21, 22, 23 и 24 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.31/1998).

Имено, статутарните одредби што се однесувале на членување во здружението, предвидувале Собранието да го сочинуваат само оние членови кои потпишале пристапница и уплатиле 1.000 денари на име членарина. Оттаму, зачленетите возачи биле "измислен собир на возачите", а тој "собир" избирал свои претставници во Собранието, претседател на Собранието и Извршниот одбор на Здружението. Исто така, како незаконита се посочува одредбата од Статутот што предвидувала претседателот на Извршниот одбор воедно да биде и претседател на Собранието, како и донесената Одлука членовите на Извршниот одбор воедно да бидат и членови на Собранието.

Понатаму, како спротивна на член 2 од Законот за здруженија на граѓани и фондации се посочува и донесена Одлука за купување на објект со дворно место од "Автоцентар"- Скопје од причина што Здружението било непрофитабилна организација, а потреба за купување на наведениот објект немало бидејќи Здружението било формирано по сите европски стандарди.

Инаку, подносителот на иницијативата не ги означува децидно одредбите од Статутот за кои смета дека се во спротивност со Законот. Воедно бара и поништување на донесени одлуки што се однесуваат на конституирање на Здружението и избор на неговите органи без притоа поконкретно да ги идентификува оспорените одлуки, со барање Судот да ги прибави истите по службена должност.

3. Судот на седницата утврди дека Статутот на Здружение на возачите Делчево бр.0101-17/2 е донесен на седница на Собранието на Здружението на возачи - Делчево одржана на 23 декември 1998 година.

Според член 4 од Статутот, член на Здружението на возачите-Делчево може да биде секој полнолетен граѓанин-државјанин на Република Македонија, кој доброволно ќе пристапи на Здружението. Зачленувањето во Здружението на возачите - Делчево се врши со пристапница. Здружението на возачите - Делчево на своите членови им издава членска книшка. Членовите на Здружението на возачите - Делчево плаќаат годишно членарина во износ од 1.000 ден. веднаш по зачленувањето. Здружението на возачите Делчево за своите членови води регистар на членство, кои еднаш годишно се ажурираат.

Според член 20 од Статутот, Собранието на Здружението на возачите - Делчево брои 11 члена, кои се избираат од Собир на членови, со просто мнозинство на предлог на кандидационата комисија. Кадидационата комисија ја формира Собранието на Здружението на возачите непосредно пред избор на новиот состав на Собранието. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно. За претставник во Собранието на Сојузот на возачите на Македонија се предлага претставник од Собранието на возачи Делчево.

Собранието на Здружението на возачите од редовите на своите претставници избира Извршен одбор кој е извршен орган на Собранието на редовни и вонредни Собранија.

Според член 25 од Статутот, извршниот одбор на Здружението на возачите Делчево има 5 (пет) члена. Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 (четири) години. Извршниот одбор од своите редови избира претседател со мандат од 4 (четири) години. Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и пртеседател на Собранието на Здружението на возачите - Делчево и тој го претставува Здружението на возачите - Делчево.

Записникот составен на 19 декември 2002 година од Изборната комисија на Здружението ја содржи Одлуката за избор на поименично наведени 11 членови на Собранието на Здружението на возачи - Делчево. Посебна формална одлука не е донесена.

Записникот бр.0202/41 од 20 декември 2002 година ја содржи Одлуката за избор на поименично наведени 5 членови на Извршниот одбор на Здружението на возачи - Делчево. Посебна формална одлука не е донесена.

Записникот бр.0202/42 од 20 декември 2002 година ја содржи Одлуката за истовремено вршење на функциите претседател на Собранието и претседател на Извршниот одбор на Здружението на возачи - Делчево од страна на Владимир Мерзликин. Посебна формална одлука не е донесена.

Според содржината на Одлука бр.0201-13/6 од 21 февруари 2004 година, донесена од Здружението на возачите - Делчево, Здружението одлучило да го купи објектот "Сервис" со земјиште, што се наоѓа во Делчево од понудувачот АД "Автоцентар" Скопје за 6.000.000,оо денари.

4. Согласно член 110 алинеја 7 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните.

Согласно член 1 од Статутот, Здружението на возачи - Делчево е здружение на граѓани-возачи, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел

подобрување на сообраќајната култура, безбедноста на сообраќајот на патиштата, техничката исправност на моторните возила и други прашања од заеднички интерес.

Тргнувајќи од наводите во иницијативата со кои се оспорува Статутот во целина, и посебно оспорените одредби, Судот врз основа на определената надлежност во цитираната уставна одредба не е надлежен да одлучува за законитоста на статутите на здруженијата на граѓаните.

5. Согласно член 110 алеинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Тргнувајќи од содржината на оспорените одлуки според Судот, оспорените акти немаат карактер на пропис, тие по својата правна природа се интерни, поединечни акти донесени за потребите на конкретно Здружение на граѓани во Делчево. Актите се донесени во врска со неговото внатрешно делување и не уредуваат права и обврски за неопределен круг на субјекти во правото, поради што Судот не е надлежен да одлучува за нивната законитост.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.38/2004)

# 158.

**- Статут на "Технометал Вардар" извоз-увоз АД Скопје**

*- Statute of the joint-stock company “Tehnometal Vardar” export-import AD Skopje*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 71 и 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 јули 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на член 14 став 3 од Статутот на "Технометал Вардар" извоз-увоз АД Скопје, донесен од Собранието на акционери на 26 февруари 1997 година.

2. Велимир Трајановски, Христо Џоневски, Јанко Проевски, Алексо Пејов, Ѓорѓи Штерјовски, Петар Галиќ, Крсте Новковски, Јанко Савевски, Томислав Топузовски, Љубомир Петровски и Мито Павловски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување законитоста на член 14 став 3 од статутот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член од Статутот не бил во согласност со Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/1996, 7/1997, 21/1998, 37/1998, 63/1998, 39/1999, 81/1999, 37/2000, 31/2001, 50/2001, 6/2002, 61/2002, 4/2003, 51/2003, 58/2002, 98/2002, 42/2003 и 85/2003) кој бил во важност во времето на неговото донесување, а не е во согласност и со Законот за трговски друштва што сега е во правниот поредок ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004).

Имено, во член 375 од Законот за трговските друштва (член 328 од стариот закон) се утврдени овластувањата на управниот одбор на друштвото, а во член 380 (член 340 од стариот закон) се утврдени овластувањата на надзорниот одбор на друштвото.

Според одредбите од наведениот закон управниот одбор и надзорниот одбор немаат овластување да продаваат недвижен имот.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека со оглед на тоа што основната главнина на друштвото е определена од проценетата вредност на друштвото, продажбата на недвижности го намалува капиталот на друштвото.

Во членот 383 од Законот за трговските друштва изречно е утврдено дека само на Собрание се одлучува за зголемување и намалување на главнината на друштвото.

Во иницијативата, исто така, се наведува дека согласно оспорената одредба од Статутот до денес е извршена продажба на неколку недвижности кои преставувале основна главнина на друштвото, а биле во сопственост на "Технометал Вардар" и целта на иницијативата е да се спречи натамошното продавање на недвижности на начин спротивен на законот.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 251 и 713 став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/1996) Собранието на акционери донел Статут на "Технометал Вардар" извоз-увоз АД Скопје.

Од увидот извршен во Статутот на ова акционерско друштво е утврдено дека тоа дејствува на пазарот како акционерско друштво во приватна сопственост.

Судот понатаму утврди дека во член 14 став 1 од Статутот на акционерското друштво е предвидено дека Управниот одбор управува со акционерското друштво.

Според став 2 на овој член управниот одбор има најшироки овластувања да дејствува во сите околности во име на друштвото во рамките на предметот на работење на друштвото со исклучок на овластувањата кои изречно се дадени на надзорниот одбор и на собранието на друштвото.

Во оспорениот став 3 на член 14 од Статутот е предвидено дека само "со одобрение на надзорниот одбор, управниот одбор одлучува за ставање на имотот под хипотека и отуѓување на недвижниот имот".

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и закон.

Имајќи ги предвид правните елементи кои го определуваат прописот тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјекти во правото на општ начин и да утврдува права и обврски на неопределен круг на субјекти во правото. Судот смета дека во конкретниов случај, оспорениот статут нема каракер на пропис во смисла на уставната одредба, туку е акт на правно лице како субјект на приватното право поради што тој и не може да биде предмет на уставно судска оцена.

Со оглед на тоа што оспорениот статут нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот, а согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето, Судот одлучи како во точка 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.99/2004)

# 159.

**- Правилник за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност, донесен од Советот на Јавната научна установа Институт за сточарство**

*- Book of Rules on the manner and procedure to make procurements of a small value, adopted by the Council of the Public Scholarly Institution - Institute for Cattle Breeding*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 71 и член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 20 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на член 4 од Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност, донесен од Советот на Јавната научна установа Институт за сточарство на 30 јули 2004 година.

2. Симо Георгиев од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на член 4 од правилникот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член од правилникот не бил во согласност со член 20 алинеја 1 и 4 од Законот за јавни набавки, затоа што наместо именката "комисијата" како што е наведено во законот во оспорениот член стои именката "служба".

Според подносителот на иницијативата, дејностите што по својата суштина ги одредуваат именките "комисијата" и "службата" се сосема различни. Комисијата е тело составено од вработени во јавното претпријатие чии работни места во институцијата немаат

никаква врска со материјалното и финансиското работење каде се вршат финансиските трансакции меѓу фактурирањето на нарачките со мала вредност. Меѓутоа, служба како облик на внатрешна организација фигурира во Статутот на Институтот.

Службата подразбира ангажирање на лица на кои учеството во активностите при одлучувањето за набавките им е поврзано со работни обврски дефинирани со Правилникот за систематизација на работните задачи.

Од наведеното, според подносителот на иницијативата произлегува сомнение дека сето тоа е сторено со предумисла институционализирано да се покрие кршење на Законот за јавни набавки, односно да се заобиколат и избегнат пречките за малверзации.

3. Судот на седницата утврди дека оспорениот правилник е донесен врз основа на член 72 став 3 од Законот за јавни набавки и со него се уредува начинот и постапката на вршење на набавки на одделен вид или група на стоки и услуги и работи во висина од 3000 евра во денарска противвредност и тоа еднаш во текот на календарската година.

Во членот 2 од правилникот е утврдено дека набавките од мала вредност се однесуваат на набавка на одделни групи на производи (набавка на опрема, набавка на хемикалии, гуми и резервни делови, канцелариски материјали и средства за хигиена, научна литература, списанија, копирање и печатење, сервисирање на леки коли, сервисирање на опрема, одржување на градежни објекти, договорни услуги и репрезентација).

За набавка од мала вредност Институтот спроведува постапка само доколку претходно има планирано и обезбедено средства од буџетот, финансиски план или со инвестициона програма.

Во оспорениот член 4 е предвидено дека целокупната постапка за реализирање на набавки од мала вредност ја спроведува Служба за набавки од мала вредност што ја формира директорот на Институтот.

Во натамошните одредби од Правилникот (членовите 5 - 15) е предвидено како и кој ја утврдува потребата од набавки, водењето на регистар за набавки од мала вредност; начинот на

упатување на покана за доставување на понудите; рокот за доставување на понудите; изборот на најповолната понуда; правото на понудувачот да достави приговор за извршениот избор како и рокот во кој од денот на конечноста на одлуката за избор на најповолна понуда се склучува договор.

Во членот 16 од Правилникот е предвидено дека тој влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласна табла на Институтот.

4. Според член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд покрај другото, е надлежен да одлучува и за согласноста на прописите со Уставот и законите.

Според член 28 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Поаѓајќи од правните елементи кои го определуваат прописот, а според кои тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општ начин и да утврдува права и обврски на неопределен број на субјекти во правото, Судот оцени дека во случајот оспорениот акт нема карактер на пропис во смисла на изнесената уставна одредба и не е подобен за уставносудска оценка.

Имено, согласно член 72 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004) е предвидено дека:

(1) Набавка од мала вредност набавувачот во текот на годината може да спроведе за купување на стоки, услуги и работи од помал обем и вредност, во износ од 3000 евра во денарска противвредност, при што треба да обезбеди најмалку три понуди од кои ќе ја избере најповолната понуда.

(2) Набавката од ставот 1 на овој член набавувачот може да ја изврши само еднаш во текот на годината за одреден вид и група на стоки, услуги и работи.

(3) Набавувачот начините на набавката од ставот 1 на овој член го регулира со свој интерен акт.

(4) Со актот од ставот (3) на овој член набавувачот ќе го утврди организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот на собирање на понудите (по писмен пат, факс, електронска пошта и слично) начинот на извршување на договорот доколку е склучена и контрола на неговото извршување, особено во рамките на гарантираниот период.

5) За набавките од овој член набавувачот води евиденција.

5. Имајќи го предвид основот за донесување на наведениот правилник, неговата содржина и оспорениот член 4, Судот утврди дека тој не е пропис, туку интерен акт со кој во рамките на законот се овозможува спроведување на постапка за реализација на набавки на стоки и услуги од мала вредност, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот  Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.149 /2004)

## 2. Акти кои еднаш биле пред оценка на Судот (res iudicata)

2. *Acts that have already been appraised by the Court (res judicata)*

# 160.

**- Закон за пензиско и инвалидско осигурување и Закон за работни односи**

*- Law on Pension and Disability Insurance and Law on Labour Relations*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 27 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на:

а.) Член 5 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993,14/1995, 71/ 1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003 и 50/2004), и

б.) Член 108 став 1 точка 5 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994,14/ 1995,53/1997,59/1997,21/1998,25/2000,34/2000,3/2001,50/2001,25/2003 и 40/2003).

2. Борис Димзов од Охрид на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на законските одредби означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата и дополнувањето на иницијативата во двете оспорени одредби не било предвидено право на пензија кога на работникот ќе му престане работниот однос со навршување на 40 години пензиски стаж. Така можело да се случи лице што е вработено со 15 години кога ќе наполни 55,5 години (со шест месеци служење војска) со 40 години пензиски стаж да чека полни 8 години до навршувањето на 64 години возраст да оствари право на пензија. Со двете одредби се повредувале член 8 став 1 алинеја 1 и 8, член 34 и член 35 став 1 од Уставот.

Инаку во иницијативата подносителот ги оспорува алтернативно одредбите од двата закони, но во дополнувањето на иницијативата бара Судот истовремено да поведе постапка за оценување на уставноста на двете законски одредби.

Во иницијативата се оспорува член 116 став 1 точка 5 од пречистениот текст на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кој нумерички и содржински одговара на член 108 став 1 точка 5 од основниот текст и измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

3. Судот на седницата утврди дека според член 5 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, права од пензиско и инвалидско осигурување се:

1) право на старосна пензија;
2) право на инвалидска пензија;
3) право на распоредување на друго соодветно работно место, право на соодветно вработување, право на преквалификација или доквалификација и права на соодветни парични надоместоци;
4) право на семејна пензија;
5) право на паричен надоместок за телесно оштетување и
6) право на најнизок износ на пензија.

Според член 108 став 1 точка 5 од Законот за работни односи, работниот однос по сила на закон престанува, меѓу другото, и ако работникот наполни 40 години пензиски стаж или 65 години живот и најмалку 15 години стаж на осигурување, ако работодавецот, во

согласност со условите утврдени со закон и општ колективен договор не одлучи работникот да остане во работен однос.

4. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето, ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување и ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Тргнувајќи од надлежноста на Уставниот суд определена во членот 110 од Уставот и наводите во иницијативата според кои оспорените одредби не содржат норма за која подносителот на иницијативата смета дека треба да биде содржана, произлегува дека барањето излегува надвор од рамките на надлежноста на Уставниот суд утврдена со Уставот и дека Судот не е надлежен да одлучува за тој дел од барањето.

Од друга страна, доколку наводите во иницијативата се сфатат како барање за оценување на меѓусебната неусогласеност на двете законски одредби, исто така, согласно член 110 од Уставот, Судот не е надлежен за ваква оценка.

При одлучувањето Судот имаше предвид дека со Решение У.бр. 201/2003 од 10 и 11 март 2004 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 14/1995, 71/ 1996, 32/1997, 24/2000 и 96/2000, 50/2001, 85/2003). Во оваа одредба е определено дека осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

По повод оценката на согласноста на оспорената одредба со член 8 став 1 алинеите 3 и 8, член 34, член 35 став 1 и член 51 од Уставот, Судот направи анализа и на законското решение содржано во членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2000), а со кој инаку се извршени покрупни

реформи во пензискиот систем, се утврдени нови, односно поинакви услови за стекнување право на старосна пензија во однос на условите што беа утврдени пред овие измени.

Имено, со членот 5 од означениот Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, законодавецот го напушти дотогашното решение според кое правото на старосна пензија, меѓу другото, можеше да се остварува и со навршување на пензиски стаж од 35 години (жена), односно 40 години (маж), без оглед на возраста, освен за осигурениците од членовите 30 и 31 од овој закон, чии одредби се од преоден карактер.

Со членовите 30 и 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2000) е дадена можност, односно правен основ определена категорија осигуреници правото на старосна пензија да го стекнуваат под условите утврдени според прописите кои важеле пред примената на овие измени на Законот.

Тоа практично значи дека осигурениците кои на денот на почетокот на примената на означениот Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (според членот 35 од овој закон, членот 5 ќе се применува од 1 септември 2000 година) имале најмалку исполнет пензиски стаж од 35 години (маж), односно 30 години (жена), правото на старосна пензија според членот 30 од Законот ќе можат да го остварат до 1 септември 2005 година само со навршени 40 години (маж), односно 35 години (жена) пензиски стаж без оглед на возраста. До овој датум е предвидено под овие услови правото на старосна пензија да можат да го остварат и осигурениците од членот 31 од овој закон.

Судот, исто така, имаше предвид дека со Решение У.бр. 136/1994 од 21 декември 1994 година не поведе постапка за оценување на уставноста на член 108 став 1 точка 5 од Законот за работните односи. Оценето е дека оваа одредба не е во несогласност со член 9, член 32 и член 34 од Уставот на Република Македонија, бидејќи Уставот не го определува остварувањето и обемот на правата од работен однос и од социјалното осигурување, туку создава обврска за нивно законско регулирање.

На крај, Судот со Решение У.бр.204/2001 од 5 декември 2001 година ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 108 став 1 точка 5 во

делот: "40 години пензиски стаж" од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 53/1997, 59/1997, 21/1998, 25/2000 и 34/2000), со оглед на тоа што Судот не е надлежен да ја оценува согласноста на оспорената одредба од законот со друг закон.

По однос на второосporената одредба, бидејќи Судот веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување, Судот оцени дека се исполнети условите за отфрлање на иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.69/2004)

# 161.

**- Закон за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ" Битола, "Алфа С" Скопје и "Лавци" Охрид**

*- Law on the Regulation of the Claims by Clients from the Savings Banks “TAT” Bitola, “Alfa S” Skopje and “Lavci” Ohrid*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 и 2 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 27 октомври 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на член 8 став 3 и став 4 од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ" Битола, "Алфа С" Скопје и "Лавци" Охрид ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2002).

2. Крсте Илоски и Фисник Винца од Струга и Иван Бегин од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативите, со Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од наведените штедилници, била уредена исплатата и издавањето на конвертибилни сертифкати за побарувањата на доверителите по основ на штедни влогови. Во членот 8 од Законот било определено дека тие можеле да се користат за купување и отплата на акции и удели и друг имот со кој располагала Агенцијата за приватизација на Република Македонија и други акции во сопственост на државата. Меѓутоа, според ставот 3 и ставот 4 од овој член од Законот, конвертибилните сертификати можеле да се користат во период од две години од денот на нивното издавање и по истекот на овој рок конвертибилните сертификати биле неважечки. Со оглед на тоа што тие претставувале хартии од вредност гарантирани од државата, за кои согласно членот 26 од Законот за хартии од вредност издавачот се обврзува на исплата, произлегувало дека тие не можеле да се сметаат за неважечки по истекот на рокот од две години, како што тоа се предвидувало со оспорените одредби од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите.

Во иницијативите, исто така, се наведува дека настанала нерамноправна положба меѓу граѓаните кои во првата година ги искористиле правата од конвертибилните сертификати и граѓаните кои во втората година на важење на Законот тоа право не можеле целосно да го реализираат поради укинувањето на Агенцијата на Република Македонија за приватизација во периодот додека траел рокот за реализација на сертификатите.

Од овие причини постоела законска неусогласеност на оспорените одредби од членот 8 од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ" Битола, "Алфа С" Скопје и Лавци" Охрид, со членот 26 од Законот за хартии од

вредност и со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кој предвидел престанок на постоењето на Агенцијата на Република Македонија за приватизација од 31 март 2004 година, а со тоа се прекинал рокот за остварување на правата од конвертибилните сертификати на штедачите.

Со иницијативите се бара Судот да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот, поради меѓусебната неусогласеност на наведените закони.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 8 од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ" Битола, "Алфа С" Скопје и "Лавци" Охрид, е предвидено дека конвертибилните сертификати можат да се користат за купување и отплата на акции и удели и друг имот со кој располага Агенцијата за приватизација на Република Македонија и други акции во сопственост на државата.

Под отплата во смисла на ставот 1 од овој член, се подразбира отплата на акции и удели и друг имот со кој располага Агенцијата за приватизација на Република Македонија и други акции во сопственост на државата по договори кои ќе бидат склучени по влегувањето во сила на овој закон.

Конвертибилните сертификати можат да се користат во период од две години од денот на нивното издавање.

По истекот на овој рок конвертибилните сертификати се неважечки.

4. Разгледувајќи ги иницијативите и наводите со кои се оспоруваат одредбите од членот 8 став 3 и 4 од Законот, Судот на седницата утврди дека со Решение У.бр.90/2002 од 2 октомври 2002 година веќе одлучувал и не повел постапка за оценување на уставноста на оспорените законски одредби.

Согласно членот 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување, или ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Со оглед на тоа што Судот се произнел по оспорените одредби од Законот, односно оценил дека се во согласност со

Уставот, а не наоѓа основи за поинакво одлучување, одлучи како во точката 1 од ова решение.

Што се однесува до наводите во иницијативите дека оспорените одредби од Законот не биле во согласност со други закони, се утврди дека согласно членот 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија не е надлежен да ја оценува меѓусебната согласност на законите.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.103/2004)

# 162.

**- Одлука на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог**

*- Decision by the Board of Directors of the Bar of the Republic of Macedonia for the establishment of the amount of the association's admission deposit*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 25 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2003).

2. Сребран Стоичов од Делчево на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата, оспорената одлука не била во согласност со уставните начела на слобода на пазарот и претприемништвото, на забрана на монополското однесување и на правото на работа, односно слободен избор на вработувањето и достапноста на секое работно место на секого под еднакви услови.

Имено, подносителот на иницијативата смета дека воведувањето на ваква нова материјална обврска која била во висина од 6 просечни плати во Република Македонија, во постојните услови на невработеност во земјата, претставувало нереална, неразумна и неуставна постапка на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија. На тој начин, подносителот смета дека коморскиот уписен влог во определениот износ во оспорената одлука претставувал ограничување за вработување на нови адвокатски кадри и истовремено заштита од конкуренција во адвокатската професија и зачувува ње на стекнатата лична и материјална положба на постојниот адвокатски состав. Со вака определената висина на коморскиот уписен влог, подносителот смета дека се ограничувало правото на слободен избор при вработувањето гарантирано со Уставот на Република Македонија, а кое произлегува од фактот дека се живеело во "социјална држава" и дека е недопуштено воведување на вакви неосновано високи давачки без никакво покритие во противуслуги. Токму поради тоа, подносителот смета дека коморскиот уписен влог треба да биде во висина на разумна таксена обврска која се плаќа за слични административни или судски уписи.

3. Судот на седницата утврди дека во Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија за утврдување на висината на коморскиот уписен влог ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2003) е предвидено:

1. "Висината на коморскиот уписен влог изнесува 61.500,00 ден".
2. "Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во " Службен весник на Република Македонија".

Судот исто така, утврди дека оспорената Одлука била предмет на оценка на Уставниот суд на Република Македонија по однос на нејзината согласност со одредбите на Уставот и дека Судот донесе решение У.бр.109/2003 од 22 октомври 2003 година со кое ги отфрли иницијативите од други лица, бидејќи оцени дека согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд не е надлежен да ја оценува уставноста на оспорената Одлука. До ваков став Судот дојде откако претходно утврди дека за да има еден акт карактер на пропис, во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, потребно е да содржи определени правни елементи. Актот, предмет на уставно-судска оценка, треба да содржи општи норми на однесување, да ги уредува односите на субјектите во правото на општ начин и со тоа да утврдува права и обврски за неопределен круг на субјекти во правото.

Меѓутоа, во конкретниов случај оспорениот акт не содржи општи норми ниту, пак, утврдува права и обврски, туку истиот само претставува акт за реализација, односно операционализација на член 36 од Законот за адвокатурата ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2002) и член 23 алинеја 14 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, во кои одредби во надлежност на Управниот одбор е предвидено и определување на висината на коморскиот уписен влог.

Сега оспорената одлука не содржи услови за стекнување на својството адвокат, туку само ја определува висината на коморскиот уписен влог, што по својата правна суштина е извршен акт на Управниот одбор на Адвокатската комора кој не уредува нови односи и затоа истата нема нормативен карактер.

4. Според член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд, меѓу другото, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 53 од Уставот на Република Македонија адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а не постојат основи за поинакво одлучување.

5. Со оглед на тоа што во иницијативата повторно се оспорува согласноста на Одлуката по однос на член 32 став 1 од Уставот на Република Македонија, како и член 9 од Уставот за повреда на принципот на еднаквост на граѓаните и се покренуваат исти прашања кои веќе биле предмет на оценка на Судот кој со решението У.бр.109/2003 од 22 октомври 2003 година ги отфрлил иницијативите од други лица за оцена на уставноста на оспорената одлука, а Судот смета дека не постојат основи за поинакво одлучување, поради што се одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.7/2004)

# 163.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност (висина на даночна стапка при промет на станбени згради и станови)**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on Value Added Tax (amount of the tax rate in the sale of apartment buildings and apartments)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 7 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста на член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/ 2003).

2. Михајло Ангеловски од Битола на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на член 24 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата граѓаните кои склучиле договори за купување на станови со уверување дека ќе платат 5% данок на додадена вредност според законот кој важел во време на склучување на тие договори, сега со оспорениот член тие биле должни да платат данок на додадена вредност во висина од 18% што не било во согласност со Уставот. Од друга страна, пак, тие не можеле да ги повлечат уплатените парични средства се додека јавното претпријатие не ги продаде становите.

3. Судот на седницата утврди дека во членот 24 од наведениот закон било предвидено дека "Повластената даночна стапка од 5% ќе се применува и на првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели но само доколку нивната изградба е започната пред денот на влегување во сила на овој закон и доколку истите бидат изградени до 31 декември 2003 година, а ќе бидат ставени во промет до 31 март 2004 година".

Судот, исто така, утврди дека оспорениот член Уставниот суд на Република Македонија го оценувал и со Одлука У.бр.189/2003 од 24 март 2004 година го укинал во делот "и доколку истите бидат изградени до 31 март 2003 година, а ќе бидат ставени во промет до 31 март 2004 година".

Во образложението на одлуката Судот зазеде став дека оспорениот дел од член 24 има повратно дејство затоа што тој се однесува на случаи кои претходниот закон веќе ги регулирал како гарантирана правна ситуација според која субјектите го одредувале своето однесување и влегле во соодветен правен однос. Судот исто така зазеде став дека со предвидувањето на нови услови и рокови за користење на повластена даночна стапка на првиот промет на станови и станбени згради наменети за станбени цели се доведува во прашање принципот на правната сигурност на граѓаните како елемент на владеењето на правото, односно се повредуваат врз закон заснованите легитимни очекувања на субјектите.

4. Со оглед на тоа што оспорениот дел од членот 24 од законот во кој се утврдени услови и рокови за примена на повластена

даночна стапка од 5% на првиот промет на станбени згради и станови, а кои се користат за станбени цели со одлука на Судот е отстранет од правниот поредок, Судот оцени дека според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија нема процесни претпоставки за постапување по иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.36/2004)

# 164.

**- Закон за основното образование (степен на образование за наставник во одделенска настава)**

*- Law on Elementary Education (level of education for a teacher in the first four years of elementary education)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 66 став 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003 и 42/2003).

2. Благој Ангелов, претседател на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - Основна организација при Основното училиште "Гоце Делчев" од Кавадарци, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од законот означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорената одредба од Законот било повредено уставното право на работа, поради тоа што на наставниците со завршена учителска школа им било скратено правото да изведуваат одделенска настава.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 66 став 2 од Законот за основното образование, учител односно наставник во одделенска настава може да биде лице со завршено соодветно високо, односно више образование.

Разгледувајќи ја иницијативата Судот утврди дека со Решение У.бр.155/2002 од 18 декември 2002 година Судот не повел постапка за оценување на уставноста на одредбата од членот 66 став 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999 и 29/2002).

Согласно членот 28 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а не постојат основи за поинакво одлучување.

Со иницијативата се оспорува наведената одредба од Законот дека со неа било повредено уставното право на работа.Поаѓајќи од определбите во членот 32 од Уставот на Република Македонија, дека секој има право на работа, слободен избор на вработување и секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, а остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори, Судот оцени дека со оспорената законска одредба се пропишани услови врз основа на кои одредено лице како учител односно наставник може да врши одделенска настава во основното образование, и се еднакви за граѓаните, а со тоа воопшто не се доведува во прашање остварувањето на уставното право на работа.

Со оглед на тоа што Судот не повел постапка за оценување на уставноста на членот 66 став 2 од Законот за основното образование, а нема основи за поинакво одлучување по однос на наводите во оваа иницијатива, согласно членот 28 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

4. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.154/2003)

# 165.

**- Закон за изменување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост**

*- Law on Changes in the Law on Sale of Socially-Owned Apartments*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 7 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/1998).

2. Друштво за градежништво, трговија и услуги "Козјак", АД Куманово и АД "Димче Еребица - ДИЕР" од Куманово на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот означен во точката 1 од ова решение.

Причините за оспорување и во двете иницијативи се однесуваат на избришаните ставови 2, 3 и 4 од членот 7-а од Законот за продажба на станови во општествена сопственост ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр.36/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.62/1992), што било уредено со членот 1 од оспорениот закон.

Имено, одредбите од ставовите 2, 3 и 4 од членот 7-а од наведениот закон, биле во важност од 17 октомври 1992 година кога законот бил објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.62/1992, па се до објавувањето на оспорениот закон во "Службен весник на Република Македонија" бр.7/1998 со кој се избришани, што значи за овој период од 6 години, врз нивна основа биле склучувани договори за регулирање на односите во врска со продажба на становите во општествена сопственост меѓу деловната банка и сопствениците кои ги продавале становите и договори на сопствениците со купувачите на становите.

Во иницијативите се наведува дека со бришењето на одредбите од законот со кои биле воспоставени правни односи, продавачот на станот го губи правото да добие обврзници како резултат на продажбата на општествени станови за кои цената за продажба се уплаќала во деловните банки. Конкретно, со оспорениот закон, не се бришат само правата, туку се бришат и самите сопственици на станови (поранешни општествено правни лица, даватели на станови) и притоа диктирајќи ги условите и сите битни елементи на продажба на становите во општествена сопственост, државата се јавува како субјект кој монополски се однесува.

Од овие причини оспорениот закон бил во спротивност со членот 52 став 4 од Уставот, кој се однесува на забрана на повратното дејство на законите и другите прописи, потоа во спротивност со принципот на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот утврден во членот 55 став 2 од Уставот, како и во спротивност со уставно гарантираното право на сопственост кое може да се одземе или ограничи само кога се работи за јавен интерес утврден со закон, според членот 30 став 3 и 4 од Уставот.

Поради тоа, со иницијативите се бара поништување на оспорениот закон и враќање во сила на избришаниот член 7-а од Законот за продажба на станови во општествена сопственост ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр.36/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.62/1992).

3. Судот на седницата утврди дека со членот 1 од Законот за изменување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/1998), е предвидено дека се бришат ставовите 2, 3 и 4 во членот 7-а од Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр.62/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.62/ 1992).

Според членот 2, овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија". Законот е објавен на 10 февруари 1998 година.

Разгледувајќи ги иницијативите, Судот утврди дека со Решение У.бр.254/2001 од 20 февруари 2002 година ја отфрлил иницијативата на други подносители за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/1998), поради тоа што Судот не е надлежен да одлучува по барањето во иницијативата за враќање во правниот поредок на избришаните одредби со оспорениот закон а со тоа и постојат процесни пречки за одлучување на Судот по иницијативата.

Согласно членот 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето, ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување и ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Со оглед на тоа што со предметните иницијативи исто така пред Судот подносителите бараат враќање во правниот поредок на одредбите од Законот за продажба на станови во општествена сопственост кои не се содржани во Законот, Судот оцени дека согласно членот 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија иницијативите треба да се отфрлат.

4. Поради изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.166/2003, У.бр.196/2003)

# 166.

**- Закон за работни односи (надлежност на судот во постапката за заштита на правата на работникот од престанок на работниот однос поради "технолошки вишок")**

*- Law on Labour Relations (competence of the court in the procedure for the protection of the rights of the employee against termination of employment as a result of “redundancy”)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 7 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста на член 138 став 2 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 53/1997, 59/1997, 21/ 1998, 25/2000, 34/2000, 50/2001 и 40/2003).

2. Јулијана Димитровска од Битола и Кире Сотироски од Крушево, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за оценување на уставноста на членот 138 став 2 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата овој член од Законот не бил согласен со Уставот затоа што во постапката за заштита на правата на работникот од престанокот на работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, надлежниот суд не ја ценел потребата и оправданоста од престанокот на работниот однос по оваа основа.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот 138 став 2 од Законот во постапката за заштита на правата на работникот од престанокот на работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, надлежниот суд оценува само дали работниот однос престанал под условите и начинот утврдени со закон, колективен договор и договорот за работа, при што не ја оценува потребата и оправданоста од престанокот на работниот однос по оваа основа.

Судот утврди, исто така, дека со решение У.бр.67/2000 од 31 мај 2000 година, не повел постапка за оценување на уставноста на член 138 став 2 од Законот за работни односи, затоа што оценил дека е согласно со Уставот, во постапката за заштита на правата на работникот од престанок на работниот однос поради економски, структурални или слични промени, надлежниот суд да оценува само дали работниот однос престанал под условите и начинот утврдени со закон, колективен договор или договорот за работа, при што не ја оценува потребата и оправданоста од престанокот на работниот однос по оваа основа.

4. Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Со оглед на тоа што Судот веќе се произнел за уставноста на одредбата од членот 138 став 2 од Законот, а нема основи за поинакво одлучување, одлучи како во точката 1 на ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.164/2003)

# 167.

**- Закон за верските заедници и религиозните групи (законска дефиниција на "верска заедница" и услови за вршење верски работи и обреди од страна на стрнски државјанин)**

*- Law on Religious Communities and Religious Groups (legal definition of “religious community” and conditions for the performance of religious matters and rites by a foreign national)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 12 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 5 и 8 од Законот за верските заедници и религиозните групи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/1997).

2. Марко Кимев од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 5 и 8 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата членот 5 од Законот не содржел јасна дефиниција што значи вршење на верски работи и верски обреди што во практиката можело да доведе до ситуација странски државјанин кој се наоѓа на територијата на Република Македонија да не може да ја остварува слободата на вероисповеста, без одобрение на надлежен орган, поставувајќи притоа бројни прашања и претпоставки, кои не се во корелација со содржината на оспорената одредба.

Членот 8 од Законот се оспорува затоа што неговата содржина не била доволно јасна во смисла што не содржел критериуми според кои ќе се разликуваат верските заедници од религиозните групи и затоа што предвидувал за една вероисповест да постои само една верска заедница.

3. Судот на седницата утврди дека согласно членот 5 од Законот странски државјанин може, по барање на верска заедница, односно религиозна група, да извршува верски работи и верски обреди, по претходно одобрение на органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи.

Исто така, Судот утврди дека согласно членот 8 од Законот верска заедница според овој закон е доброволна организирана, непрофитна заедница на верници од иста вероисповест и дека за една вероисповест може да постои само една верска заедница.

Понатаму, Судот утврди дека членот 8 од Законот за верските заедници и религиозните групи бил предмет на оцена пред овој Суд од аспект на прашањето дали за една вероисповест може да постои само една верска заедница и притоа со Решение У.бр.223/1997 од 28 октомври 1998 година не повел постапка заземајќи став дека оваа законска одредба не создава нееднаквост во остварување на слободата на вероисповеста и дека со оваа одредба всушност се заштитуваат граѓаните од манипулирање со нив преку поделба на верниците од иста вероисповест на повеќе верски заедници што води кон легализирање на раскол во црквата. Притоа, Судот ја имал предвид и можноста дека верниците кои имаат исто верско убедување, а не припаѓаат (по нивна волја) на регистрирана верска заедница, можат да се здружат во религиозна група и организирано да ги вршат верските работи и верските обреди, како и верските заедници. Според тоа, Судот оценил дека таа одредба не создава дискриминација меѓу верниците и нееднаквост помеѓу

верските заедници и религиозните групи и дека определбата за една вероисповест да постои една верска заедница не создава нерамноправност и не е во несогласност со Уставот.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Судот одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по неа.

Имајќи ги предвид наведените одредби од Уставот и Деловникот во контекст на барањето во иницијативата да се оценува уставноста на членот 5 од Законот за верските заедници и религиозните групи, затоа што не е формулиран така како што подносителот на иницијативата смета дека треба да биде, Судот оцени дека не е надлежен да ја оценува уставноста на споменатиот член од Законот од овој аспект. Имено, подносителот на иницијативата и дава содржина на одредбата според која се ограничувала слободата на вероисповеста, а не дека уредува прашање од организациона природа невпуштајќи се во индивидуалните аспекти во остварувањето на слободата на вероисповеста.

Што се однесува до барањето за оценување уставноста на членот 8 од овој закон, согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Со оглед на тоа што одредбата од членот 8 од Законот за верските заедници и религиозните групи била предмет на оцена пред Уставниот суд, од аспект на определбата за една вероисповест да може да постои само една верска заедница, при што, Судот оценил дека оспорената одредба е во согласност со Уставот, а по повод на предметната иницијатива не наоѓа основи за поинакво одлучување, поради што иницијативата ја отфрли.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот во однос на членот 5 го донесе со мнозинство гласови, а во однос на членот 8 едногласно во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.10/2004)

# 168.

**- Закон за вршење на нотарските работи (застапување на странки од страна на нотар)**

*- Law on the Performance of Notary Matters (representation of parties by a notary)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 71 и 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 19 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6, поднасловот "Застапување пред суд" и член 138 од Законот за вршење на нотарските работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/1996, 25/1998 и 6/2002).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6, поднасловот "Застапување пред суд" и член 138 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените одредби не биле во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 53 од Уставот, затоа што со утврденото право на нотарот да ги застапува странките пред судовите и други органи се доведува во прашање уставната положба на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош.

3. Судот на седницата утврди дека во член 6 став 1 од Законот за вршење на нотарските работи е предвидено дека нотарот е овластен да ги застапува странките во неспорни работи пред судовите и другите органи, ако тие работи се во непосредна врска со исправата што тој ја составил, а согласно став 2 на овој член, во случаите од став 1 нотарот има право и должност како адвокат.

Понатаму, Судот исто така утврди дека во членот 138 од Законот кој е поместен во поднасловот "Застапување пред суд" е предвидено дека ако нотарот ја застапува странката како полномошник пред судот или друг орган, има право на награда и надоместок на трошоците според тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и тоа во случаите кога нотарот е овластен да ги застапува странките пред судот.

4. Судот исто така утврди дека оспорените членови биле предмет на оценка пред Уставниот суд и Судот со Решение У.бр.212/1997 од 1 јули 1998 година не повел постапка за оценување на нивната уставност.

Имено, во наведеното решение Судот изразил став дека правото на нотарот да се јавува како застапник на странките во строго определени случаи не ги доведува во прашање овластувањата на адвокатите ниту им одзема дел од работите кои и натаму може да ги вршат ако странките побараат правна помош од нив. Во тој контекст оспореникот член 6 од Законот е истовремено и ограничување на нотарот во скалд со генералната забрана од член 32 од Законот, нотарот да работи како адвокат, а правото на застапување во неспорни работи како исклучок произлегува од природата на нотарските работи чија финализација во определени случаи е поврзана со акти на судовите и други органи.

Од тие причини Судот оценил дека не може да се постави прашањето за согласноста на член 6 од Законот со Уставот.

Судот исто така, утврдил дека со оглед на тоа што членот 138 од Законот е логична последица на член 6 пропишувајќи право на награда на нотарот за застапништво во согласност со стандардите на адвокатурата не може да се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

5. Според член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

6. Со оглед на изнесеното, а имајќи ги предвид наводите од иницијативата кои во основа се идентични со наводите од иницијативата по предметот У.бр.212/1997, Судот смета дека нема основи за поинакво одлучување и одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.28/2004)

# 169.

**- Закон за служба во Армијата на Република Македонија (решение за престанок на работен однос)**

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia (resolution for termination of employment)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 14 јули 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 227 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2002, 98/2002, 25/2003 и 71/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 227 став 1 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одредба од Законот била во несогласност со членот 8 став 1 алинеја 4, член 79 став 2, член 96 и член 122 од Уставот на Република Македонија. Ова поради тоа што според членот 18 став 1 точка 11 од Законот за одбрана, претседателот на Република Македонија разрешува генерали, а според член 26 точка 18 од истиот закон, Генерал-штабот на Армијата разрешува професионални војници и воени старешини заклучно со чин капетан. Според тоа, министерот за одбрана или од него овластено лице не можел да донесува решение за престанок на работниот однос на професионалните војници и воени старешини заклучно со чин капетан и генерали.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 227 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, решение за престанок на работниот однос на професионален војник и воен старешина донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Разгледувајќи ја иницијативата Судот утврди дека со Решение У.бр.148/2002 од 15 и 29 јануари 2003 година, Судот не повел постапка за оценување на уставноста на одредбата од членот 227 став 1 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Согласно членот 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а не постојат основи за поинакво одлучување.

Со оглед на тоа што Судот не повел постапка за оценување на уставноста на оспорената законска одредба, а нема основи за поинакво одлучување по однос на наводите во оваа иницијатива, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

4. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.79/2004)

# 170.

**- Закон за регулирање на побарувањата на штедачите на штедилниците "ТАТ" од Битола, "Алфа-С" од Скопје и "ЛАВЦИ" од Охрид**

*- Law on the regulation of Claims by Clients from the Savings Banks “TAT” from Bitola, “Alfa S” from Skopje and “Lavci” from Ohrid*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 и 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 8 став 3 и 4 од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите на штедилниците "ТАТ" од Битола, "Алфа-С" од Скопје и "ЛАВЦИ" од Охрид ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2002).

2. Штедачите на штедилницата "ТАТ" од Битола, застапувани од Пеце Гугучевски од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорените одредби од Законот за регулирање на побарувањата биле спротивни на член 9 од Уставот на Република Македонија, бидејќи штедачите кои планирале своето право на купување на акции и удели со сертификати да го искористат во втората година, со укинувањето на Агенцијата за приватизација и непонудувањето на акции и удели на продажба од државата, биле доведени во нерамноправна положба во однос на оние кои тоа право го искористиле во првата година.

Оспорените одредби од Законот, исто така, биле несогласни со член 55 став 2 од Уставот на Република Македонија кој обезбедувал еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, затоа што дел од корисниците на сертификатите со укинувањето на Агенцијата за приватизација биле доведени во состојба да не можат да ги реализираат своите економски права.

Подносителите на иницијативата се повикуваат и на повреда на членот 30 став 4 од Уставот, затоа што со неможноста да ги реализираат своите економски права им се одземала сопственоста без право на правичен надомест.

Едновремено, ставовите 3 и 4 на член 8 од оспорениот закон се оспоруваат и во однос на член 8 од Законот за хартии од вредност, бидејќи издавачот на хартии од вредност бил должен да ги извршува обврските од хартиите од вредност во рокот, условите и начинот предвидени со Законот за хартии од вредност и актот на нивното издавање.

Меѓутоа, Република Македонија пред време односно пред истекот на рокот од две години ја укинала Агенцијата за приватизација, која продавала акции и удели, каде сертификатите можеле да бидат единствено платежно средство, така што издавачот не ги извршувал до крај и кон сите обврските кои ги предвидел со издавањето на конвертибилните сертификати.

Одредбите од ставовите 3 и 4 на член 8 од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите се оспоруваат и во однос

на Уредбата за постапката за продажба на акции и удели затоа што таа предвидувала во постапката на продажба на акции и удели, начинот на плаќање да се врши во готово и со хартии од вредност, што во практиката не се почитувало.

3. Судот на седницата утврди дека со решение У.бр.90/2002 година од 2 октомври 2002 година не повел постапка за оценување на уставноста, меѓу другите, на член 8 став 3 и став 4 од Законот за регулирање на побарувањата на штедачите на штедилниците "ТАТ" од Битола, "Алфа-С" од Скопје и "ЛАВЦИ" од Охрид.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Со оглед на тоа што Судот веќе се произнел по оспорената одредба од Законот, односно оценил дека истата е согласна со Уставот, а не наоѓа основи за поинакво одлучување, одлучи како во точката 1 од ова решение.

Што се однесува до наводите во иницијативата дека оспорениот закон бил несогласен со Законот за хартии од вредност и со Уредбата за постапка на продажба на акции и удели, согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија не е надлежен да ја оценува меѓусебната согласност на законите ниту согласноста на закон со друг пропис, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

4. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.162/2004)

# 171.

**- Колективен договор на Министерството за внатрешни работи**

*- Collective Agreement of the Ministry of the Interior*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 171 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи склучен на 30 декември 1997 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/1998, 11/1998-исправка, 12/2000), продолжен со Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2003) и Спогодба за измени и дополнувања на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/2004).

2. Ангелина Јошевска од Битола и Македонскиот полициски синдикат застапуван од адвокатот Дељо Кадиев од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 71 од Колективниот договор означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во прво поднесената иницијатива со оспорениот член од Колективниот договор, на работниците во Министерството за внатрешни работи кои работеле на работи и работни задачи од членот 70 од Колективниот договор им се ограничувало, односно ускратувало правото на зголемена плата за

работа подолга од полното работно време утврдено во членот 74 од Законот за работните односи, членот 72 од овој колективен договор и членот 35 од Општиот колективен договор. Поради тоа, со оспорената одредба овие работници се доведувале во нерамноправна положба во однос на работниците на кои тоа право им се исплатувало, што не било во согласност со уставното начело на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.

Во тој контекст се наведува дека согласно Законот за работните односи, колективниот договор не смее да содржи одредби со кои на работниците им се утврдуваат помали права и понеповолни услови утврдени со закон, а со оспорениот член се вршело токму тоа со оглед на тоа што на одделни работници им се ускратувале правата утврдени со Уставот и Законот за работните односи.

Поради наведените причини подносителот на оваа иницијатива смета дека оспорениот член од означениот колективен договор е спротивен на Уставот и Законот за работните односи и предлага Судот да поведе постапка за оценување на неговата уставност и законитост во однос на членот 9 и членот 32 од Уставот и членот 74 од Законот за работните односи.

Скоро од истите причини членот 171 од Колективниот договор се оспорува и со второподнесената иницијатива, со тоа што со неа се оспорува само неговата законитост во однос на членовите 74 и 86 став 1 од Законот за работните односи и се предлага Судот да го поништи овој член од Колективниот договор заради отстранување на штетните последици од неговата примена.

3. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 171 од Колективниот договор, одредбите од членот 72 на овој договор за работниците од членот 70 ќе се спроведуваат по обезбедување на дополнителни средства во Буџетот на Република Македонија.

Судот на седницата, исто така, утврди дека членот 171 од Колективниот договор, што сега се оспорува со овие иницијативи, веќе бил предмет на уставносудска оцена.

Имено, Судот со Решение У.бр.4/1998 од 8 април 1998 година не повел постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 171 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, кој што со тогаш поднесената иницијатива бил

оспорен во однос на членот 9 став 2 од Уставот и членовите 5 и 74 од Законот за работните односи.

Судот во тоа решение изразил став дека со оспорената одредба не се одземаат, ниту се ограничуваат правата на вработените, туку само се упатува, односно уредува дека за остварување на одредени права се потребни дополнителни средства и дека по обезбедувањето на тие средства нема да има пречка за остварување на правата во однос на зголемување на утврдената плата за работа подолга од полното работно време.

Еднаков став Судот изразил и во Решението У.бр.34/2002 од 24 април 2002 година со кое не повел постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 171 од Колективниот договор во однос на членот 32 став 3 од Уставот и член 72 од Законот за внатрешни работи.

4. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според членот 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Имајќи ги предвид наведените уставни и деловнички одредби, како и фактот дека оспорената одредба од Колективниот договор веќе била предмет на оцена на уставноста и законитоста пред Уставниот суд на Република Македонија, а со оглед дека при нејзината повторна оцена нема основ за поинакво одлучување, Судот одлучи иницијативите да ги отфрли согласно членот 28 алинеја 2 од Деловникот.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.74/2004, У.бр.104/2004)

**3. Ненадлежност**

3. *Lack of competence*

# 172.

**- Оспорениот акт нема карактер на пропис**

*- The act contested has no character of a regulation.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Наредбата на министерот за одбрана бр.02-2150/1 од 6 април 2004 година.

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот акт не бил во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и 4 и став 2, член 9, член 25, член 32 став 5, член 51, член 52 ставовите 1, 2 и 4, член 54 став 1, член 68 став 1 алинеја 2, член 91 алинеја 1 и 5 и член 96 од Уставот на Република Македонија, како и со член 55 став 1, член 56 став 2 и член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Како причини поради кои подносителот на иницијативата смета дека оспорениот акт не е во согласност со

Уставот и Законот за организација и работа на органите на државна управа, ја наведува околноста дека во случајов како со овој така и со друг важечки закон, министерот за одбрана не бил овластен да донесува наредба со која на вработените во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија ќе им забранува по завршувањето на работното време да вршат дејност која е неспоива со должностите кои ги извршуваат во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија. Ова дотолку повеќе што според подносителот на иницијативата во ниту еден важечки закон или друг пропис не било предвидено која дејност е неспоива со должностите кои вработените ги извршуваат во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија. Подносителот на иницијативата исто така наведува дека оспорената наредба пред нејзиното влегување во сила не била објавена во "Службен весник на Република Македонија", со што бил повреден член 52 став 1, 2 и 4 од Уставот на Република Македонија. Поради изнесените причини предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Наредбата на министерот за одбрана бр.02-2150/1 од 6 април 2004 година и согласно член 27 став 1 и член 71 алинеја 4 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, до донесување на конечна одлука,  да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорената Наредба, од причина што со нејзиното извршување би можеле да настапат тешко отстранливи последици.

3. Судот на седницата утврди дека со Наредбата на министерот за одбрана бр.02-2150/1 од 6 април 2004 година е предвидено:

1) Воените и цивилните лица на служба во Армијата на Република Македонија и државните службеници во Министерството за одбрана и другите вработени лица во Министерството за одбрана кои немаат статус на државни службеници не смеат по завршување на работното време да вршат дејност која е неспоива со должностите кои ги извршуваат во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

2) Постапување спротивно на одредбата од точката 1 од оваа Наредба ќе претставува основ за покренување на дисциплинска одговорност против сторителот.

3) Оваа Наредба влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Според член 110 став 1 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на прописите и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Поаѓајќи од правните елементи кои го определуваат прописот, а според кои тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општ начин, да утврдува права и обврски на неопределен круг на субјекти во правото, Судот оцени дека во случајов оспорениот акт донесен од министерот за одбрана нема карактер на пропис во смисла на изнесената уставна одредба и не е подобен за уставно судска оценка.

Оспорената наредба на министерот за одбрана уредува прашања од службата во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, односно истата претставува интерен акт за начинот на работа, а во врска со службата во Министерството за одбрана и Армијата во Република Македонија.

Имено, оспорениот акт во конкретниот случај претставува наредба за вршење на службата во Армијата и Министерството за одбрана и која секој вработен во Министерството за одбрана и Армијата е должен да ја извршува.

Оттука, оспорената наредба претставува интерен акт на министерот за одбрана кој се однесува само на лицата кои се на служба и работа во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, и како таков не утврдува права и обврски од работен однос.

Поаѓајќи од оценката дека оспорената наредба нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, Судот утврди дека во случајов се исполнети процесните претпоставки за отфрлање на иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.86/2004)

# 173.

**- Оспорениот акт не претставува пропис**

*- The act contested is not a regulation.*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на Програмата за рационализација на вработените во Министерството за внатрешни работи по основ на економски, технолошки, структурални и слични промени бр.151-34850/1 од 7 јули 2003 година.

2. Благица Тодоровска од Свети Николе на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата оспорената програма не била во согласност со член 129 од Законот за работните односи и член 9 и член 32 од Уставот на Република Македонија. Имено, според наводите во иницијативата, во конкретниов случај не

биле применети критериумите од Колективниот договор, односно не биле бодирани работните места, како што било предвидено во членот 129 од Законот за работни односи поради што за технолошки вишок биле прогласени лица вработени од 1998 - 2002 година според субјективноста и волјата на Директорот на ДБК.

Во иницијативата, исто така, се наведува дека наведената програма била спротивна на член 9 и член 32 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со истата се повредувале основните слободи и права на човекот и граѓанинот, односно правото на еднаквост независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, како и правото секому да му е достапно секое работно место под еднакви услови. Ова, бидејќи биле отпуштени од работа лица од македонска националност, а биле примени лица од малцинската застапеност.

Сметајќи дека оспорената програма е во спротивност со Уставот и законот, подносителот на иницијативата на Уставниот суд му предлага да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на програмата за рационализација во МВР по основ на економски, технолошки и структурални промени, а потоа истата да ја укине.

3. Судот на седницата утврди дека Програмата за рационализација на вработените во Министерството за внатрешни работи по основ на економски, технолошки, структурални и слични промени бр.151-34850/1 од 7 јули 2003 година е донесена согласно заклучокот на Владата на Република Македонија, донесен на Триесет и третата седница на Владата на Република Македонија одржана на 19 мај 2003 година, министерствата да изготват оперативна програма за рационализација на вработените во министерствата и во органите во состав на министерствата кои се во редовен работен однос, за најмалку 4% до крајот на 2003 година, и со истата се утврдува потребата за воведување на нови промени во структурата, реорганизацијата, програмата и технологијата, кои ќе предизвикаат намалување на бројот на работниците и предвидува обезбедување на права на работниците на кои ќе им престане работниот однос од тие причини, согласно членот 154 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи.

Имено, Програмата содржи VI глави, и тоа:

1) Организација на Министерството за внатрешни работи;
2) Структура на работниците во Министерството за внатрешни работи;
3) Анализа на промените во Министерството за внатрешни работи;
4) Број и квалификациона структура за работните места за чија потреба престанува потребата во Министерството за внатрешни работи;
5) Мерки кои ќе ги преземе Министерството за внатрешни работи; и
6) Права на работниците на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени.

4. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Имајќи го во вид основот за донесување на оспорениот акт, како и неговата содржина, Судот оцени дека тој не претставува пропис, туку е акт што Министерството за внатрешни работи го донел во врска со потребата од воведување на нови промени во структурата, реорганизацијата, програмата и технологијата, кои ќе предизвикаат намалување на бројот на работниците на кои ќе им престане работниот однос од тие причини, согласно член 154 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи. Со оспорената програма, исто така е предвидено дека постапката за престанок на работниот однос со отказ поради економски, структурални или слични промени да се спроведува согласно Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994 - исправка, 14/1995, 53/1997, 21/1998, 25/2000, 3/2001, 50/2001, 25/2003), Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002 и 17/2003) Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/1998, 11/1998, 17/2000 и 2/2003) и оваа Програма.

Со оглед на тоа дека оспорената програма не претставува пропис во смисла на членот 110 алинеја 2 од Уставот, туку оперативен, интерен акт на Министерството, Судот утврди дека Судот не е надлежен да одлучува за нејзината согласност со Уставот и Законот за работните односи, во однос на кои се оспорува нејзината уставност и законитост, поради што се исполнети условите од членот 28 алинеја 1 од Деловникот, за отфрлање на иницијативата.

По однос на прашањето, дали на работникот, работниот однос со отказ му престанал под услови и постапка утврдени со Законот за работните односи, истото е во надлежност на друг суд, до кој незадоволните работници можат да бараат заштита на своите права од работен однос.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумовски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.118/2004)

# 174.

**- Национална концепција за безбедност и одбрана**

*- National conception for security and defence*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 1 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 19 мај 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 54 ставовите 2 и 3 од Националната концепција за безбедност и одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2003).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од актот означени во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека во уставниот поредок на Република Македонија не постоела кризна состојба и криза, туку постоела само воена и вонредна состојба (член 124 став 1 и член 125 став 1 од Уставот). Со раководењето на Управувачкиот комитет преку претседателот на Владата се вршела непринципиелна поделба на функцијата меѓу претседателот на Републиката, како врховен командант на вооружените сили и претседател на Советот за безбедност на Република Македонија (член 86 од Уставот) и претседателот на Владата како носител на другата извршна власт, а со самото тоа и до ограничување на ингеренциите на Врховниот командант и претседателот на Советот за безбедност на Република Македонија. Со оспорениот став 3 на точка 54 на Националната концепција за безбедност и одбрана, спротивно на Уставот и Законот за одбрана било предвидено дека заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија е одговорен за операции и готовност, а при постоење на Врховниот командант на вооружените сили на Република Македонија и началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Според подносителот на иницијативата, не можело со подзаконски пропис да се предвидува група за процена надвор од Министерството за одбрана, а особено со подзаконски пропис претседателот на Владата да биде овластен да определува со групата за процена да раководи било кој министер, а не министерот за одбрана. Оттука, со оспорените ставови се повредувале одредбите на членовите 8 став 1 алинеи 3 и 4, 79 став 2, 86, 88 став 2, 122 став 1, 124 ставови 1 и 3, 125 ставови 1 и 3 и 127 од Уставот, како и членовите 18 став 1 точки 1, 2, 3, 5, 7, 8, 9 и 10, член 20 став 2 точка 2, членовите 25, 26, 27 став 1, 28 ставови 1, 3 и 4 и член 40 став 2 од Законот за одбрана.

3. Судот на седницата утврди дека врз основа на член 17 став 1 точка 8 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2001 и 5/2003), Собранието на Република Македонија ја донело Националната концепција за безбедност и одбрана која согласно точката 1 е основен документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната. Националната концепција за безбедност и одбрана е заснована врз процената за меѓународното опкружување и положба на Република Македонија, загрозувањата по нејзината безбедност и врз таа основа усогласени цели и насоки за водење на националната безбедносна политика.

Согласно оспорената точка 54 од Националната концепција за безбедност и одбрана, заради постојани консултации и донесување на одлуки на највисоко ниво, максимална координација, навремена реакција, ефикасност и соодветно искористување на расположливите способности и ресурси во случај на кризи и кризни ситуации, како и навремена, квалитетна и реална процена на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од ризици и опасности - системот за менаџмент со кризи треба да има три основни целини: управувачки комитет, група за процена и служба за поддршка на првата и втората целина, односно Центар за менаџмент со кризи.

Според оспорениот став 2 на точката 54, со управувачкиот комитет раководи претседателот на Владата на Република Македонија, а во него членуваат министрите за надворешни работи, одбрана, внатрешни работи, транспорт и врски, здравство и овластен претставник на претседателот на Република Македонија. Во зависност од кризната состојба и кризата, по потреба, се вклучуваат и други раководители на органите на државната власт и управата. Препораките, предлозите и одлуките на управувачкиот комитет се задолжителни за сите органи, организации и институции, во согласност и во рамките на нивните надлежности пропишани со Уставот, законите и другите прописи на Република Македонија.

Според оспорениот став 3 од точката 54, групата за процена е составена од претставници од истите органи од претходниот став во ранг на државни секретари, вклучувајќи ги и директорот на Агенцијата за разузнавање, заменик на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија одговорен за операции и готовност, како и раководителите на јавната и државната безбедност на Република Македонија. Со групата за процена раководи министер кој ќе го определи претседателот на Владата.

4. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 122 став 2 од Уставот, одбраната на Републиката се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Според член 1 став 1 и 2 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/2001 и 5/2003), одбраната на Република Македонија се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката. Одбраната на Републиката ја остваруваат граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили како Армија на Република Македонија.

Во членот 17 од овој закон е утврдена надлежноста на Собранието на Република Македонија во остварувањето на одбраната. Меѓу другите надлежности, според овој член, Собранието донесува национална концепција за безбедност и одбрана на Републиката.

Врз основа на овој член од Законот за одбрана, Собранието на Република Македонија ја донело Националната концепција за безбедност и одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2003).

Во воведниот дел од Националната концепција е утврдено дека Националната концепција за безбедност и одбрана е основен документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната заснована врз процената за меѓународното опкружување и положба на Република Македонија, загрозувањата по нејзината безбедност и врз таа основа усогласени цели и насоки за водење на националната безбедносна политика. Овој документ своите корени ги има во националните вредности и од нив произлезените интереси на Република Македонија, почитувањето на Уставот и законите, рамноправноста на сите граѓани без оглед на нивната етничка припадност, демократската основа на државата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и слободи, пазарната економија, социјалната правда и почитувањето на меѓународното право и меѓународните договори и спогодби.

Натамошниот текст на овој документ содржи четири посебни делови и тоа: I Интереси на Република Македонија; II Безбедносно опкружување на Република Македонија (меѓународно опкружување и положба на Република Македонија, безбедносни можности, безбедносни ризици и опасности); III Политика на национална безбедност (цели и насоки за водење на политиката на национална безбеденост, области и инструменти за остварување на политиката на националната безбедност, надворешна политика, економска политика, одбранбена политика, политика на внатрешна безбедност, политика на заштита на животната средина, менаџмент со кризи) и IV Одбрана.

Тргнувајќи од содржината на Националната концепција за безбедност и одбрана, како основен документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната со кој се определуваат ставовите и се искажуваат погледите на Република Македонија за нејзините национални интереси, нејзиното безбедносно опкружување, политиката на националната безбедност како и целите, насоките, областите и инструментите за нејзиното остварување и погледите и ставовите во однос на одбраната, Судот оцени дека овој документ не е пропис во смисла на членовите 51 и 110 од Уставот и дека не подлежи на уставно судска оцена.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува.

Со оглед на тоа што оспорената Национална концепциија за безбедност и одбрана не претставува пропис, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.12/2004)

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) по моето гласање против Решението У.бр.12/2004, го издвојувам и писмено го образложувам следното

## ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

на Решението У.бр.12/2004 од 19 мај 2004 со кое се отфрла иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точката 54 став 2 и 3 од Националната концепција за безбедност и одбрана

Мнозинството судии застанаа на становиште дека Националната концепција за безбедност и одбрана, донесена од Собранието на Република Македонија, претставува документ во кој се определуваат ставовите и се искажуваат погледите на Република Македонија за нејзините национални интереси, нејзиното безбедносно опкружување, политиката на националната безбедност, како и целите, насоките, областите и инструментите за нејзиното остварување и дека затоа тој документ не претставува пропис во смисла на член 51 и 110 од Уставот, па поради тоа оцени дека не е надлежен да одлучува за согласноста на оспорената точка 54 став 2 и 3 од тој документ со Уставот на Република Македонија. Притоа, видливо е дека решението за отфрлање на иницијативата се потпира на формата и општата природа на документот, без да се впушти во анализа и одговор на прашањето дали оспорените ставови од точката 54 од документот имаат нормативен карактер, од што во крајна линија зависи проценката за тоа дали еден акт има карактер на пропис со општо дејство.

Јас исто така се согласувам дека Националната концепција за безбедност и одбрана нема форма на пропис (закон, одлука), како и дека во најголемиот дел содржи одредби што му даваат карактер на политички документ за намери, цели, процени и слично. Меѓутоа, оспорената точка 54 став 2 содржи типична правна норма со општо дејство во правниот поредок на Република Македонија, која засега во односи што се уредени со Уставот, а одбивањето на надлежноста на Судот за оценување на нејзината

согласност со Уставот, според моето мислење, не може да се оправда со формата и општата природа на актот во кој таа норма се наоѓа.

Во долгогодишната практика на Уставниот суд никогаш не било спорно дека карактерот на еден акт не се определува само врз основа на неговата форма, туку суштински врз основа на неговата содржина. Во бројни предмети Судот ја прифаќал надлежноста за оценување на уставноста и законитоста на акти кои, иако по својата форма не биле прописи (дописи, известувања, програми и сл. на државни органи или организации што вршат јавни овластувања или нивни функционери), ниту биле објавени, содржеле општи норми кои на тие акти им давале карактер на пропис. Оттука, ако во конкретниот случај оспорената одредба од Националната концепција за безбедност и одбрана претставува норма односно правило на однесување со задолжително дејство, не би можело да се објасни зашто таа би останала надвор од досегот на Уставниот суд.

Од содржината на оспорената точка 54 став 2, во врска со став 1 од Националната концепција за безбедност и одбрана, цитирани во решението, се гледа дека со неа, прво, се основа Управувачки комитет како тело во Република Македонија кое се занимава со проценка и донесување одлуки во врска со безбедноста на Република Македонија (случаи на криза и кризни ситуации), второ, се утврдува неговиот состав и раководење (претседателот на Владата, определен број министри и претставник на претседателот на Републиката) и трето, се пропишува задолжителен карактер на неговите одлуки за сите органи и институции во Република Македонија. Притоа, важно е да се укаже дека според точката 67 "оваа национална концепција влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Очигледно е дека точката 54 став 2 од Националната концепција за безбедност и одбрана е далеку од тоа да има карактер на политички став кој правно не обврзува. Напротив, таа има јасно конститутивно дејство за формирање на едно ново тело во Република Македонија и пропишува правни овластувања и обврски во поглед на неговите одлуки. Фактот што Националната концепција е донесена од Собранието на Република Македонија и што во точката 67 изречно се пропишува нејзиното влегување во сила, е само доказ повеќе дека точката 54 став 2 е правна норма во правниот поредок на Република Македонија, и тоа од речиси највисок ранг.

Нејзините импликации се далекусежни во поглед на остварувањето на уставната положба и функции на државните органи во сферата на безбедноста и одбраната на Република Македонија, во поширокиот контекст на принципот на поделбата на власта. Имено, веднаш се отвора прашањето за уставниот основ за основањето на Управувачкиот комитет со овој документ и определувањето на сферата на неговото дејствување, ако се знае дека Уставот во член 86, за разгледување на истите безбедносни прашања го конституирал Советот за безбедност на Република Македонија чиј претседател е претседателот на Републиката, а негов член е и претседателот на Собранието на Република Македонија. Управувачкиот комитет од оспорената точка од Националната концепција, пак, е составен само од претседателот на Владата и министри, од кои дел, заедно со претседателот на Владата, според Уставот се истовремено и членови на Советот за безбедност на Република Македонија. Кога Уставниот суд би ја прифатил надлежноста за оценување на оспорената точка 54 став 2 од Националната концепција, би морал да се соочи со нејзините суштински аспекти кои ги поставуваат проблемите на деконституционализација на надлежностите во сферата на безбедноста, на паралелизам на телата на Република Македонија, и на засегање во уставната положба, пред се, на претседателот на Република Македонија како и на претседателот на Собранието на Република Македонија. Посебен проблем би бил да се оцени дали задолжителната сила на одлуките на Управувачкиот комитет (ако тој воопшто може да постои како тело на Републиката основано со овој документ) може да се црпи од акт што не е ниту Устав, ни закон.

Целта на ова издвоено мислење е само да ги изложи аргументите зошто сметам дека се исполнети условите Уставниот суд да ја прифати надлежноста за оценување на согласноста на точката 54 став 2 од Националната концепција за безбедност и одбрана со Уставот на Република Македонија, а не да го изложувам своето мислење за суштинските прашања. Сепак, нужно беше нив само да ги нотирам како имплицирани проблеми од исклучително уставноправно значење, кои настануваат токму со влегувањето во сила на точката 54 став 2 од Националната концепција за безбедност и одбрана и нема да престанат со отфрлањето на иницијатвата во овој предмет. Она што евентуално престанува во овој предмет е моќта на Уставниот суд да ја контролира уставноста на актите на законодавната власт кои немаат вообичаена форма на пропис, иако содржат јасни правни норми што се однесуваат на односи уредени со Уставот. (судија на Уставен суд на Република Македонија - Игор Спировски)

# 175.

**- Деловник за работа на Комисијата на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници**

*- Book of Procedures for the work of the Commission of the Agency for Civil Servants for deciding in the second instance upon appeals and complaints by civil servants*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 6 став 2 од Деловникот за работа на Комисијата на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2001).

2. Стамен Филипов од Скопје, за поведување постапка на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одредба од Деловникот била целосно преземена од Законот за работните односи со што законската одредба се релативизирала во деловничка.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 6 став 2 од Деловникот синдикатот може да учествува во постапката пред Комисијата која одлучува по жалбата, односно приговорот по барање

на државниот службеник или да даде согласност да го застапува во остварувањето на неговите права.

4. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија, меѓу другото, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Со оглед на тоа што со оспорениот деловник се уредуваат правилата на работење на Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници од државните органи, за повреда на правата од работниот однос, односно содржи норми од техничка природа, Судот оцени дека тој не претставува пропис во смисла на член 110 од Уставот, поради што согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.96/2004)

# 176.

**- Известување од Министерството за образование и наука (неделен фонд на работни часови на наставниот кадар во средните државни училишта)**

*- Notification by the Ministry of Education and Science (weekly fund of working hours of the teaching staff in state schools for secondary education)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 1 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 16 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на Известувањето број 11-4720/2 од 13 август 2003 година донесено од Министерството за образование и наука.

2. Вработените во настава во Државното средно училиште, Гимназија "Мирче Ацев" од Прилеп, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение. Според наводите во иницијативата со оспореното Известување се вршела распределба на часовите во државните средни училишта и бил определен неделен фонд од 20 до 22 наставни часа поради што со нееднаквиот број на часовите наставниците биле доведени во нерамноправна положба.

Во иницијативата не се наведени причини за оспорување на уставноста на оспореното Известување, меѓутоа се наведува дека тоа е во несогласност со одредби од Законот за средното образование и Законот за работни односи со оглед на тоа што работното време од 40 часа во една работна недела за наставниците во јавните училишта, требало да биде распоредено со нормативи донесени од министерот за образование и наука кои се уште не биле донесени.

3. Судот на седницата утврди дека Министерството за образование и наука, со писмо -Известување број 11-4720/1 од 13 август 2003 година упатено до подрачните претставници (единици) на Министерството, известило дека при распределба на наставните часови на наставниот кадар во државните средни училишта фондот на наставните часови треба да изнесува помеѓу 20 и 22 часа и ова известување е потребно да се достави до сите државни средни училишта.

4. Според членот 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Оспореното Известување бр.11-4720/1 од 13 август 2003 година на Министерството за образование и наука се однесува на службените лица вработени во подрачните единици на Министерството и упатува преку нив да се достави до сите државни средни училишта. Со Известувањето се дава работна насока за неделниот фонд од 20 до 22 часа на наставниот кадар во државните средни училишта само за наставните часови (кои се однесуваат на теорија), при што не се опфатени бројот на часовите по практична настава и по вежби, во рамките на законски определеното работно време во неделата кое изнесува 40 часа.

Оттука, според Судот оспореното Известување претставува интерен акт на Министерството за образование и наука, кој се однесува на службените лица во работните единици на овој управен орган и на вработените во наставниот кадар на државните средни училишта, и не утврдува права и обврски од работен однос, поради што Известувањето нема карактер на пропис и не е подобно за уставно судска оценка.

Поаѓајќи од оценката дека оспорениот акт нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, а согласно членот 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, според кој Судот ќе ја отфрли иницијативата ако утврди дека не е надлежен да одлучува по барањето во иницијативата, Судот утврди дека во случајов се исполнети процесните претпоставки за отфрлање на иницијативата.

5. Врз основа на погоре изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.187/2003)

# 177.

**- Одлука за распишување на референдум бр.07-3553/1 од 3 септември 2004 година, донесена од Собранието на Република Македонија**

*- Decision to schedule a referendum no.07-3553/1 of 3 September 2004, adopted by the Assembly of the Republic of Macedonia*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 20 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Одлуката за распишување на референдум бр.07-3553/1 од 3 септември 2004 година, донесена од Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/2004).

2. Јаким Илиев од Кочани на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, со референдумското прашање од оспорената одлука се давала можност да се стават надвор од сила Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа и Законот за градот Скопје, двата објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр.49/1996. Оспорената одлука се однесувала на прашања за општинските граници и градот Скопје, меѓутоа истата била донесена без потребното мнозинство гласови на присутните пратеници предвидено во Амандманот XVI на Уставот на

Република Македонија или таканареченото двојно - Бадинтерово мнозинство.

Во иницијативата, исто така, се наведува дека референдумското прашање од оспорената одлука давало можност да се вратат во сила наведените закони кои не биле донесени согласно амандманската одредба. Потоа, подносителот на иницијативата констатира дека членот 73 став 3 од Уставот е неприменлив и не е усогласен со Амандманот XVI на Уставот на Република Македонија.

Заради отстранување на можните штетни последици од спроведување на референдумот подносителот на иницијативата бара да се донесе решение за запирање на извршување на оспорената одлука.

3. Судот на седницата утврди дека според уводниот дел на оспорената одлука, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 септември 2004 година, врз основа на член 73 став 3 од Уставот на Република Македонија донело Одлука за распишување на референдум, под број 07-3553/1 од 3 септември 2004 година.

Во член 1 од Одлуката е определено дека се распишува задолжителен законодавен референдум на предлог на 180.454 избирачи.

Според став 2 на истата одредба, на референдумот граѓаните ќе се изјаснат за прашањето: "Дали сте за територијалната организација на локалната самоуправа (општините и градот Скопје) утврдена со Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/1996) и Законот за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/ 1996)?" Можните одговори на прашањето се "за" и "против".

Во член 2 од Одлуката е определено дека референдумот ќе се одржи на 7 ноември 2004 година.

Според членот 3 од Одлуката, референдумот ќе се спроведе на начин и постапка утврдени со Законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Според член 4 од Одлуката, референдумот ќе го спроведе Државната изборна комисија.

Во член 5 од Одлуката е определено дека истата влегува во сила со нејзиното објавување во "Службен весник на Република Македонија".

4. Според член 68 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, меѓу другото распишува референдум.

Според член 73 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи.

Во член 15 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/1998) е определено дека, законодавен референдум може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон (претходен референдум) или за преоценување на закон што претходно е донесен (дополнителен референдум).

Според член 18 од Законот, прашањето за кое се предлага распишување на референдум, треба да биде формулирано прецизно и недвосмислено.

Според член 19 став 1 од Законот, предлогот за распишување на законодавен референдум се поднесува до Собранието. Според став 3 од истата одредба, по приемот на предлогот од став 1 на овој член доколку се оцени дека наведеното прашање што е предмет на референдумот не е јасно и предлогот не е образложен ќе се повика предлагачот јасно да го определи прашањето или да го дополни предлогот со образложение.

Според член 22 од Законот, Собранието е должно да распише законодавен референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи, за прашања од надлежност на Собранието согласно со одредбите од овој закон.

Во член 28 став 1 од Законот е утврдено дека референдумот го распишува Собранието со одлука.

Според член 29 од Законот, со одлуката за распишување на референдум се утврдува: видот на референдумот, одлуката за која ќе се изјаснува, текстот на прашањето што се става на референдум, денот на распишување на референдумот и денот на неговото одржување.

Тргнувајќи од содржината на цитираните член 73 став 3 од Уставот и член 22 од Законот, произлегува дека Собранието на Република Македонија е должно да донесе одлука за распишување на законодавен референдум секогаш кога се исполнети условите за тоа.

Во споменатата законска одредба е определена и формата на актот со која Собранието распишува референдум. Но, за еден акт да има карактер на пропис не е доволно само од формален аспект, или само според називот на актот да е пропис, туку треба да содржи и други карактеристики на пропис подобен за уставносудска оцена.

Дел од содржината на оспорениот акт е и референдумското прашање за кое треба да гласаат избирачите. Меѓутоа, формулирањето на референдумското прашање не спаѓа во надлежност на Собранието, туку според член 18 и 19 став 3 од Законот предлагачот е тој што прецизно и недвосмислено го формулира референдумското прашање. Собранието со донесување на оспорената одлука, всушност, само констатира дека се исполнети условите за распишување на референдум.

Според доносителот, формата и содржината и воопшто правната природа, Одлуката влегува во групата на конкретни правни акти и во примената на уставните и законските одредби се исцрпува еднократно. Во така донесената одлука не се содржани норми со кои на општ начин се уредуваат односи за правните субјекти и нејзината примена не се однесува на сите правни случаи што ќе се појават во иднина во рамките на соодветните општествени односи. Со неа не се пропишува начинот и условите и прашањето за одржување на референдум, туку Собранието, како надлежно тело, констатира исполнување на условите утврдени во Уставот и Законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Оттаму, Судот смета дека оспорената Одлука ги нема општите карактеристики на пропис.

Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Со оглед на тоа што оспорената одлука не претставува пропис во смисла на член 110 од Уставот, Судот утврди дека не е надлежен да ја оценува нејзината уставност и законитост.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови, во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.167/2004)

# 178.

**- Работи и работни задачи на работници со соработнички звања**

*- Jobs and working tasks of employees having a title of an associate*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на член 10 во делот "Работници со соработнички звања", алинеја 4 од Описот на работата и работните задачи "Изработува елаборати и апликативни проекти" од Правилникот за организација и систематизација на работните места на Јавната научна установа Институт за сточарство, донесен од Советот на Институтот на седницата одржана на 8 мај 2004 година.

2. Д-р Симо Георгиев од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на дел од членот 10 од Правилникот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, работите и работните задачи кои според описот ги извршувале дел од соработниците (асистенти) наведени во алинејата 4 "изработува елаборати и апликативни проекти", не биле наведени кај научните работници, кои во хиерархијата на звањата согласно Законот за научно - истражувачка дејност, стоеле повисоко од соработниците и тие при пишувањето рецензии за унапредување на соработниците ги вреднувале елаборатите и апликативните проекти изработени од страна на соработниците, па оттука било налогично некој кој бил со закон овластен да вреднува нечиј интелектуален труд, самиот да не можел да изработи таков труд.

Со ваквиот став, смета подносителот на иницијативата, бил повреден став 6 од член 6 од Законот за научно-истражувачка дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/1996) и затоа бара Уставниот суд да го поништи делот од оспорениот член 10 од Правилникот за организација и систематизација на работните места.

3. Судот на седницата утврди дека според делот од оспорениот член 10 од Правилникот, за работното место асистент-истражувач описот на работата и работните задачи е:

- учествува во изведувањето на опити во научно-истражувачки проекти;

- врши непосреден надзор во изведувањето на опитите од страна на соработниците - помлади асистенти и лаборантите;

- помага на раководителот на научноистражувачкиот проект при обработката на податоците за извештаи и научни трудови;

- изработува елаборати и апликативни проекти;

- учествува во смотри и контроли на производните особини на приплоден добиток и др.;

- учествува на конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири преку презентирање на сопствени истражувања;

- активно работи на свое усовршување (докторат);

- врши и други работи по налог на раководителот на одделението.

4. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според член 28 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето во неа.

Имајќи ја предвид содржината на оспорениот правилник, Судот оцени дека истиот не претставува пропис во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија, туку е интерен акт со кој се уредува внатрешната организација и систематизација на работните места на Институтот за сточарство, и е во функција на извршување на работите од надлежноста на Институтот, за кој тој е и основан, како и за остварување на правата, обврските и одговорностите на вработените во Институтот утврдени со закон и колективен договор.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.166/2004)

# 179.

**- Распоредување на работното време**

*- Distribution of working hours*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за работа и распределба на работното време во ЗК "Пелагонија" АД Битола, бр.02-674/4 од 20 декември 2002 година, донесена од Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола.

2. Васко Стојков од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одлука со која распределбата на работното време била утврдена според системот 20 работни дена и 10 слободни дена е во спротивност со одредбите на Законот за работните односи со кои се регулира полното работно време и правото на одмори на работниците. Оваа одлука била во спротивност и со Меѓунродниот пакт за економски и социјални права, кој е составен дел на нашиот правен систем.

Во иницијативата се укажува дека работните места на кои се однесувала оваа одлука биле од таков карактер каде што еден сточарски работник бил одговорен за еден булук овци - околу 500, за кои се грижел по 24 часа во текот на денот, а работните места се наоѓале во планина. Овој начин на организирање на работното време

не бил од времен карактер, туку се применувал во текот на целата година.

Со оглед на тоа што пред Основниот суд Битола била во тек постапката за поништување на решенијата за отказ на работниот однос на неколку работници, во иницијативата се предлага Судот, до донесување на конечната одлука да ги запре постапките по предметите што се водат пред тој суд, а потоа да ја поништи оспорената одлука.

3. Судот на седницата утврди дека оспорената одлука е донесена врз основа на членот 40 став 3 точка 8 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД Битола, а во врска со членот 41 став 3 од Колективниот договор на вработените во ова акционерско друштво.

Според точката 1 од оваа одлука, за ПЕ Фарма Ергела - овчарство и ПЕ Фарма Старо Село - овчарство во ЗК "Пелагонија" АД Битола се утврдува прераспределба на работа и работно време за 2003 година.

Според точката 2 од оваа одлука, во ПЕ од точката 1 се утврдува работа и работно време според системот 20 работни дена и 10 слободни дена за работните места сточарски работник и бригадир.

Според точката 3 од оваа одлука, се овластува директорот на сточарство и раководителот на овчарство непосредно да ја спроведат оваа одлука, односно непосредно да ја организираат работата и работната сила и тоа во зависност од потребите на ПЕ - овчарство.

Според точката 4 оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2003 година.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според членот 37 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 14/1995, 53/1997, 21/1998, 25/2000, 50/2001, 25/2003 и 40/2003) прераспределбата на работното време може да се изврши кога тоа го бара природата на дејноста, односно на работите и задачите,

организацијата на работата, подоброто користење на трудот, порационалното користење на работното време и извршувањето на определни работи и задачи во утврдените рокови. Во случаите од ставот 1 на овој член, прераспределбата на работното време се врши така што вкупното работно време на работникот во просек да не биде подолго од 40 часа во работната недела во текот на годината.

Според членот 38 од Законот, распоредот на работното време во рамките на вкупното годишно работно време се утврдува со одлука на работодавецот, во согласност со колективен договор.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата, меѓу другото, и ако не е надлежен да одлучува за барањето во иницијативата.

Тргнувајќи од означените одредби на Уставот на Република Македонија, Законот за работните односи и Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, а имајќи предвид дека оспорената одлука по својот карактер и содржина не претставува пропис во смисла на членот 110 од Уставот, туку е интерен акт на акционерско друштво во кој согласно наведените членови од Законот за работните односи се утврдува прераспределба, односно распоред на работното време во одделни подрачни единици во текот на 2003 година, Судот утврди дека не е надлежен да одлучува за барањето во иницијативата, поради што согласно член 28 од Деловникот ја отфрли.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.19/2004)

# 180.

## - Рационализација на јавната администрација

*- Rationalisation of public administration*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Насоките за постапување по Одлука на Владата за рационализација на јавната администрација, донесена од министерот за образование и наука бр.07-1242/3 на 30 март 2004 година.

2. Ратка Наумовска од с. Нерези Струга на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и на законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата со оспорената одлука Министерството за образование и наука создало една правна неодржлива состојба односно настојува да создаде право подведено под терминот рационализација.

Имено, со оспорената одлука надвор од Уставот и Законот за работни односи се пропишува нов модел на престанок на работниот однос на работниците вработени во областа на администрацијата во образованието, односно на оние работници кои се вршители на работите од областа на училишните кујни и сметководството.

3. Судот на седницата утврди дека на 30 март 2004 година, министерот за образование и наука донел Насоки за

постапување по Одлука на Владата за рационализација на јавната администрација бр.07-1242/3 и истите биле доставени до подрачните единици на Министерството за образование и наука.

Во наведените насоки е предвидено дека имајќи ги во предвид заложбите за намалување на јавните давачки, Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2003 година одлучила да изврши рационализација на јавната администрација преку прогласување на технолошки вишок од 4% во јавните институции и претпријатија. Постапувајќи по оваа владина одлука, Министерството за образование и наука подготвило Програма и Оперативен план за рационализација во образованието и науката. Генерален став на Министерството било дека овие интервенции никако не смеат да му наштетат на квалитетот на наставниот процес, а би ги опфатиле оние дејности кои не се од суштински карактер за образованието.

Оттаму, било потребно да се пристапи кон измена на систематизацијата на работните места во училиштата во која би се изоставиле вработените од училишната кујна и службениците кои се занимаваат со книговодствно - сметководствена дејност. Тоа не би требало да значи и автоматско отпуштање на овие вработени. Имено, прво требало да отпочне постапка за избор на понудувач на услуги кој би ги превзел овие вработени, а по изборот на најдобар понудувач, да се пристапи кон изготвување Спогодба за превземање на вработените. Доколку таква спогодба не биде прифатена, на дотогашните вработени ќе им се исплати надомест во висина од една нето плата за секои три години работен стаж, но не повеќе од 8 плати.

Во случај некој од овие вработени да исполнува еден од условите за пензионирање, истите да бидат пензионирани заклучно со 30 април 2004 година.

Судот, исто така, утврди дека во прилог на оспорените насоки доставени до подрачните единици им било доставено и Упатство за дивестирање на несуштинските дејности во училиштата.

Во Упатството се утврдени кои се активности согласно Законот за работни односи, Законот за јавни набавки и Законот за правата и обврските и одговорнотите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што ќе ги користат и располагаат, треба да бидат преземени од училиштата со цел за спроведување на рационализација на јавната администрација.

4. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако утврди дека не е надлежен да одлучува по барањето во иницијативата.

Од увидот во содржината на насоките како и мислењето на Министерството за образование и наука може да се заклучи дека истите се дадени со цел да се обезбеди единствена примена на Законот за работни односи, Законот за јавни набавки во процесот на рационализација на јавната администрација во областа на образованието и науката.

Со оглед на наведеното, Судот смета дека оспорените насоки немаат нормативна содржина, односно нивната цел не е да се уредуваат некакви односи ниту да се утврдуваат нови обврски кои не се утврдени со закон, туку се со цел единствена примена на постојните прописи, поради што тие не можат да се третираат како пропис подобен за уставносудска оценка.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.141/2004)

# 181.

**- Пресуда на Врховен суд**

*- Judgment by the Supreme Court*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, како и член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 27 октомври 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Пресудата на Врховниот суд на Република Македонија Гзз.бр.195/2003 од 4 март 2004 година.

2. Миле Домазетовски од Битола, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение. Подносителот на иницијативата смета дека со пресудата Гзз.бр.195/2003 од 4 март 2004 година, Врховниот суд на Република Македонија го повредил начелото на владеење на правото од член 8 алинеја 3 како и правото на заштита при работењето и правото на соодветна заработувачка од член 32 од Уставот на Република Македонија. Имено, со пресуда на Основниот суд Битола П.бр.388/2002 од 12 февруари 2003 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола Гж.бр.928/2003 од 13 мај 2003 година на подносителот на иницијативата му било признато право на зголемена плата за работа на празници кога не се работи и ноќна работа, а согласно член 74 од Законот за работните односи и член 40 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државни органи и органите на локалната самоуправа. Врховниот суд на Република Македонија со пресуда Гзз.бр.195/2003 од 4 март 2004 година цитираните пресуди ги преиначил и на подносителот на иницијативата досуденото право на зголемена плата му го одбил како неосновано, повикувајќи се на член 108 од Законот

за судовите. Подносителот на иницијативата смета дека Врховниот суд на Република Македонија неосновано ги негирал одредбите од член 74 од Законот за работните односи и член 40 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државни органи и органите на локалната самоуправа со тврдењето дека платата на подносителот на иницијативата со Законот за судовите му била утврдена, односно зголемена за 20% од платата на работниците со соодветни квалификации поради што немало основ, дополнително (по втор пат) да му се зголемува и дека Законот за судовите како специјален закон ја исклучувал примената на Законот за работни односи и Колективниот договор.

3. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи со Уставот и со законите.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по неа.

Имајќи ја предвид надлежноста на Уставниот суд утврдена во членот 110 од Уставот, како и фактот дека Уставниот суд не е инстанционо највисок суд и не може да ја преиспитува работата на Врховниот суд на Република Македонија преку оценување на уставноста и законитоста на неговите пресуди, Судот одлучи иницијативата да ја отфрли.

4. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.179/2004)

# 182.

**- Закон за служба во Армијата на Република Македонија (престанок на работен однос со исполнување услови за пензија)**

*- Law on Serving in the Army of the Republic of Macedonia (termination of employment by meeting the conditions for a pension)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/92), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 225 став 1 точка 8 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2002; 98/2002; 25/2003).

2. Пеко Милчиноски од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија, му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на одредбата означена во точката 1 од ова решение, од причина што оспорената одредба не била во согласност со повеќе одредби од Уставот на Република Македонија.

Според подносителот на иницијативата, со оспорената одредба се вршела повреда на членот 54 ставовите 1, 2 и 3 од Уставот од причина што со неа се ограничувале правата на граѓаните надвор од случаите предвидени со Уставот и се вршела дискриминација на граѓаните по основ на тоа дали се работи за цивилни или воени лица.

Според подносителот на иницијативата, со оспорената одредба се вршело предвремено пензионирање на работно способни

лица чии работни места се задржувале, со што државата го довела подносителот на иницијативата во нееднаква правна положба, со што била сторена повреда на членот 9 став 2 од Уставот. Начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите било повредено и поради тоа што предвремениот престанок на работниот однос бил селективен. Примената на оспорената одредба доведувала до предвремено пензионирање кое оставало трајни последици во психата на подносителот на иницијативата, создавала чувство на пониженост, со што таа длабоко навлегувала во неговиот морален интегритет, поради што не била во согласност со членот 11 ставови 1 и 2 од Уставот.

Примената на одредбата го повредувала принципот на презумпција на невиност на начин што го казнувала подносителот на иницијативата пред да биде утврдена неговата вина. Од тие причини, таа не била во согласност и со членот 13 став 1 од Уставот.

Оспорената одредба не била во согласност и со член 32 став 1 и 2 од Уставот, поради тоа што на тој начин насилно се одземало правото на работа на воените старешини, го повредувала правото на заштита при работењето и на материјална обезбеденост и го повредувала принципот на достапност на секое работно место секому под еднакви услови.

Според подносителот на иницијативата, со воспоставувањето врска меѓу оваа одредба и членот 95 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се скратувал работниот стаж од 40 на 25 години стаж, со што се одземало правото на работа за тие 15 години, а со тоа и правото на пензија во полн износ. Со оглед на тоа што на овој начин се давала можност на Министерот за одбрана (како работодавец) да отпушта работници по потреба на службата, ваквото решение било дискриминаторско по својата природа.

Врз основа на изнесените аргументи, подносителот на иницијативата смета дека оспорената одредба треба да се укине, а Судот да ги запре од извршување поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оваа одредба.

3. Судот на седницата утврди дека согласно оспорената одредба, на професионален војник и воен старешина му престанува работниот однос во Министерството за одбрана ако исполни услови за пензија согласно со закон - со денот на доставување на конечното решение за престанок на работниот однос.

4. Согласно членот 110 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно членот 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Имајќи ја предвид содржината на оспорената одредба, како и причините за оспорување наведени во иницијативата, Судот оцени дека подносителот на иницијативата и придава поинаква содржина на оспорената одредба, односно дека од неа не произлегува тоа на што укажува и приговара самиот подносител. Според мислењето на Судот, подносителот на иницијативата поаѓа од субјективни оценки и толкувања на содржината на оспорената одредба, на начин кој не кореспондира со нејзината вистинска содржина, како одредба која предвидува престанок на работниот однос со исполнување на условите за пензија предвидени со закон. Причините за оспорување наведени во иницијативата не може да се доведат во корелација со предметот на уредување на самата одредба од чија содржина не произлегуваат основите на оспорување на кои се повикува подносителот во иницијативата. Оттука, Судот оцени дека не постојат процесни претпоставки Судот да се впушти во мериторна оценка на оспорената одредба, односно дека постојат процесни пречки за постапување по иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова - Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.126/2003)

# 183.

**- Одлука за услови и критериуми за распределба на станови изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи", донесена од Владата на Република Македонија**

*- Decision on the conditions and criteria for distribution of apartments built according to the “Project for construction of apartments to be rented to persons with low incomes”, adopted by the Government of the Republic of Macedonia*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 7 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи", донесена од Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/2003).

2. Љубица Рубен од Скопје, како застапник на "Менслегис" ДОО-Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, оспорената одлука не била согласна со Уставот и со закон, затоа што меѓу другите критериуми за распределба на становите изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" (млади брачни двојки, деца без родители, станбено необезбедени

лица, самохрани родители, инвалиди, присилно иселени лица и др.), не била предвидена одредба со која ќе се утврдува процентуалното учество на секоја од можните категории на граѓани со ниски приходи.

3. Судот на седницата утврди дека во Одлуката се разработени условите и критериумите за распределба на становите што ќе се издаваат под закуп, определени се субјектите што ќе ја вршат таа распределба и роковите во кои постапката треба да биде завршена, правото на жалба, начинот на склучување на договорот за закуп на станот, можноста за откуп на истиот и сл.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија Судот, меѓу другото, одлучува и за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Имајќи ги предвид наведените одредби во контекст на барањето во иницијативата да се оценува акт кој не содржи одредба каква, според подносителот, би требало да содржи, Судот оцени дека не е надлежен да одлучува по истата.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.158/2003)

# 184.

**- Одлука за именување членови на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие "Долнени" - Долнени, Совет на Општина Долнени**

*- Decision on the appointment of members of the Board of Directors of the Public Communal Enterprise “Dolneni” – Dolneni, Council of the Municipality of Dolneni*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 7 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за именување членови на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие "Долнени" - Долнени, донесена од Советот на Општина Долнени, бр.07-534/9 од 30 декември 2003 година.

2. Мунир Колашинац од Лажани - општина Долнени на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите на подносителот на иницијативата посебно прецизирани во дополнението на иницијативата, се наведува дека оспорениот акт не бил во согласност со Амандман 17 на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.91/ 2001) и со член 32 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002).

Подносителот на иницијативата наведува дека со донесувањето на оспорениот акт на претставниците кои учествувале во Советот им било скратено правото да бидат избрани во органите на управување односно во Управниот одбор на Јавното претпријатие. Со ваквата постапка, истовремено била направена повреда на член 32 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа, бидејќи при донесувањето на Одлуката за именување на членови на Управниот

одбор на ЈКП "Долнени" - Долнени, составот на комисијата која била формирана согласно став 2 од член 32 од Законот за локална самоуправа, не соодветствувал на пропорционалната застапеност на политичките партии во советот и како последица на тоа во составот на именуваните членови на Управниот одбор немало пропорционална застапеност на политичките партии.

Од овие причини, подносителот смета дека оспорениот акт не е во согласност со Уставот и Законот за локална самоуправа, поради што предлага поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената Одлука.

3. Судот на седницата утврди дека Советот на општина Долнени на седницата одржана на 30 декември 2003 година донел Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈКП "Долнени" - Долнени бр.07-534/9 и според содржината на член 1 за членови на Управниот одбор на ЈКП "Долнени" - Долнени се именуваат: Раде Јаковлески од Сенокос, Сабедин Рамадан од Дебреште, Зоран Дојчиноски од Лажани, Демиралија Ибески од Дебреште и Семедин Имери од Црнилиште. Во член 2 е регулирано дека со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈКП "Долнени" - Долнени, на досегашните членови им престанува мандатот. Во член 3 е предвидено дека оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на општина Долнени".

4. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Поаѓајќи од правните елементи кои го определуваат прописот тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општ начин и да утврдува права и обврски на неопределен круг на субјекти во правото. Во случајов оспорената одлука нема карактер на пропис во смисла на уставната одредба и не може да биде предмет на уставносудска оцена.

Имено, од содржината на оспорената одлука произлегува дека со неа не се регулираат никакви односи, туку поименично се наведуваат членовите на Управниот одбор на ЈКП "Долнени" - Долнени, а кои се именувани. Оспорената одлука по својот карактер и

содржина претставува поединечен акт, со кој не се уредуваат односи помеѓу неопределен број на субјекти на општ начин, истиот не е пропис, и нема основа за мериторна оценка на оспорениот акт. Оттука, Судот оцени дека не може да се впушта во анализа на основаноста на наводите на подносителот на иницијативата.

Поаѓајќи од оценката дека оспорената одлука нема карактер на пропис во смисла на член 110 од Уставот, а согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето, во случајов не се исполнети процесните претпоставки Судот да одлучува по иницијативата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.31/2004)

# 185.

**- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (услови за користење на правото на детски додаток)**

*- Law on Changes and Supplements to the Law on the Protection of Children (conditions to use the right to children’s allowance)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија член 71 и 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 април 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.17/2003).

2. Владо Ушлиновски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 2 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член од Законот не бил согласен со Уставот, затоа што во него како лица кои имаат право на остварување на детски додаток не биле предвидени корисниците на социјална парична помош, независно од тоа што овие лица за остварување на правото на детски додаток биле предвидени во членовите 5, 11 и 20 од Правилникот за условите, критериумите и начинот за остварување на правата за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2003), како последица на што, во примената на Законот на лицата корисници на социјална помош им се ускртувало правото на детски додаток.

3. Судот на седницата утврди дека со оспорениот член од Законот се определуваат субјектите и условите што тие треба да ги исполнуваат за да можат да го користат правото на детски додаток (корисник на право од пензиско и инвалидско осигурување според Законот за пензиското и инвалидското осигурување; лице кое е на отслужување на воен рок во Армијата на Република Македонија, а до заминувањето било во работен однос; невработено лице кое прима паричен надоместок; корисник на постојана парична помош според Законот за социјална заштита; воен инвалид, корисник на семејна инвалиднина и др.).

4. Согласно член 110 алинеја 1 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето.

Тргнувајќи од содржината на наведените одредби, како и од фактот дека со иницијативата не се оспорува членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, поради неговата содржина, туку се оспорува поради содржина што ја нема и се бара истата да се дополни, заради полесно толкување во практиката, Уставниот суд не е надлежен да одлучува, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.3/2004)

# 186.

**- Закон за високото образование (овластувања на деканот, односно директорот во интерес на законитоста и статутарноста на работата на органите на факултетот)**

*- Law on Higher Education (authorisations of the dean, that is, the director in the interest of legality and regularity of the work of the faculty bodies)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста на член 77 став 3 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/2000 и 49/2003).

2. Сашо Врбовски, адвокат од Битола на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 77 став 3 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член не бил во согласност со Уставот затоа што со давањето на можноста на деканот односно директорот на факултетот односно високата стручна школа да го запре извршувањето на општиот акт и одлуката на органите на факултетот односно високата стручна школа се проширувала надлежноста на Уставниот суд утврдена во член 110 и 112 од Уставот. Понатаму, според наводите од иницијативата оспорениот член не бил во согласност со принципот на владеење на правото со оглед на тоа што во Законот не бил предвиден орган кој ќе ја оценува суспензијата односно актот на деканот за запирање од извршување на одлуката на органите на високообразовната институција што во практиката предизвикувало бројни злоупотреби од страна на деканот.

3. Судот на седницата утврди дека во оспорениот став 3 на член 77 од Законот е предвидено: "Деканот, односно директорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на факултеот, односно високата стручна школа и има право и должност да го запре извршувањето на општиот акт и одлука на овие органи за кој смета дека е спротивен на законот, статутот и општ акт на факултетот односно високата стручна школа. Запирањето на општиот акт и одлуката престанува, доколку деканот, односно директорот во рок од еден месец од денот на запирање не поведе постапка пред Уставниот суд на Република Македонија за оценување на неговата уставност и законитост.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и законите.

Според член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата, меѓу другото, и ако не е надлежен да одлучува по барањето.

5. Имајќи ги предвид наведените одредби од Уставот со кои е утврдена надлежноста на Уставниот суд на Република

Македонија содржина на оспорениот член и наводот во иницијативата според кој со давањето на можноста на деканот односно директорот да го запре извршувањето на општиот акт и одлуката на органите на факултетот односно високата стручна школа се проширува надлежноста на Уставниот суд, Судот смета дека оспорениот член 77 став 3 значи упатување за искористување на уставно пропишаниот механизам за контрола на уставноста и законитоста и е ирелевантен за надлежноста на Уставниот суд.

Во врска со наводите од иницијативата со кој се бара Судот да ја оцени уставноста на членот 77 став 3 од Законот не затоа што содржи норма која е несогласна со Уставот, туку затоа што не содржи норма за која подносителот на иницијативата смета дека треба да биде содржана, Судот оцени дека барањето излегува надвор од рамките на неговата надлежност утврдена со Уставот.

Во однос на наводот од иницијативата според кој во практиката оспорената одредба предизвикувала бројни злоупотреби од страна на деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа, Судот оцени дека согласно член 110 од Уставот не е надлежен да одлучува за примената на законите и другите прописи.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.135/2003)

# 187.

**- Одлука за престанување на потребата од работа на работници во АД "Електростопанство на Македонија" Скопје**

*- Decision on termination of the need for work of employees in the joint-stock company AD “Elektrostopanstvo na Makedonija” Skopje*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 21 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за престанување на потребата од работа на работници во АД "Електростопанство на Македонија", Скопје бр.02-4512/1 од 20 јуни 2003 година.

2. Трајчо Божинов од Кратово на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одлука не била во согласност со член 9 и член 32 од Уставот, како и со членовите 84 до 97 и 123, 124, 134 и 135 од Законот за работните односи, затоа што уште пред да се донесе оваа одлука било прејудицирано на кои работници треба да им престане работниот однос со отказ поради економски, структурални и слични промени, а тоа биле вработените во периодот од 5 ноември 2001 до 5 ноември 2002 година. Со оглед на тоа што ниту во Уставот ни во Законот за работните односи не бил предвиден ваков критериум за отпуштање на работници од работа, со оспорената одлука спротивно на членот 9

и 32 од Уставот, на вработените во наведениот период им биле повредени правата од работен однос.

Оваа одлука во иницијативата се оспорува и поради тоа што била донесена врз основа на Колективен договор на АД "Електростопанство на Македонија" Скопје кој што бил неважечки бидејќи не бил потпишан од овластени претставници, ниту бил објавен во Службен гласник на акционерското друштво. Оспорената одлука не била во согласност со наведените уставни и законски одредби и затоа што не содржела правна поука.

3. Судот на седницата утврди дека оспорената одлука е донесена врз основа на членовите 118, 125, 126, 127 и 130 став 1 од Законот за работните односи, членовите 187 став 2 и 195 до 212 од Колективниот договор на АД "Електростопанство на Македонија", а во врска со Одлуката за воведување на економски, структурални и слични промени УО.бр.02-3587/5/3 од 20 мај 2003 година и Програмата за утврдување на потребата од воведување на овие промени со предлог за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата за работа. Оваа одлука е донесена и согласно листите за извршено бодирање со примена на критериумите од Колективниот договор за престанок на работниот однос со отказ и мислењето на Самостојниот синдикат на АД "Електростопанство на Македонија" - Скопје.

Во членот 1 од Одлуката поединечно (по име и презиме) се утврдени работниците за чија работа престанала потребата поради воведувањето на економски, структурални и слични промени.

Во членот 2 на оваа одлука се утврдува дека отказниот рок трае три месеци и ќе тече од денот на доставувањето на писменото известување за престанок на работниот однос на работникот. Според членот 3 од Одлуката, на работниците од членот 1 им се обезбедува право на еднократен надомест во плати остварени во претходниот месец од денот на престанокот на работниот однос на работникот.

Според членот 4 од Одлуката, генералниот директор, односно работникот кого тој ќе го овласти ќе донесе поединечни решенија за престанок на работниот однос на работниците во кое ќе се утврди денот на престанокот на работниот однос и бројот на испратнините на секој работник поединечно.

Во членот 6 се утврдува дека Одлуката ќе се објави на огласна табла во дирекцијата и подружниците на АД "Електростопанство на Македонија", Скопје, а во членот 7 се утврдува дека оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Според членот 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд меѓу другото е надлежен да одлучува и за согласноста на другите прописи со Уставот и законите.

Според членот 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето во неа.

Имајќи го во предвид основот за донесување на оспорената одлука, како и нејзината содржина, Судот утврди дека таа не е пропис, туку само еден од актите (покрај Одлуката за воведување на економски, структурални и слични промени и Програмата за утврдување на потребата за воведување на овие промени, со предлог за решавање на правата на работниците), кои АД "Електростопанство на Македонија" ги донел во постапката спроведена за престанување на работниот однос на работниците поради економски, технолошки, структурални и слични промени утврдена во членовите од 125 до 130 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994-исправка, 14/1995, 53/1997, 59/1997 - исправка, 21/1998, 25/2000, 34/2000-исправка, 50/2001, 25/2003 и 40/2003). Конкретно, со оваа одлука АД "Електростопанство на Македонија" во смисла на членот 127 од Законот за работните односи благовремено ги известува работниците на кои ќе им престане работниот однос поради економски, структурални и слични промени, а истовремено и за мерките кои понатаму следат (донесување на поединечни решенија за престанок на работниот однос на секој работник поединечно и исплата на еднократен надомест во вид на испратнина што работодавецот го обезбедил како едно од правата утврдени во член 130 од Законот).

Со оглед на тоа дека оспорената одлука не претставува пропис во смисла на членот 110 алинеја 2 од Уставот, Судот утврди дека не е надлежен да одлучува за нејзината согласност со Уставот и со Законот за работните односи, во однос на кои се оспорува нејзината уставност и законитост и дека поради тоа се исполнети условите од членот 28 алинеја 1 од Деловникот за отфрлање на иницијативата.

Прашањето, пак, дали на работникот работниот однос со отказ му престанал под услови и постапка утврдени со Законот за работните односи спаѓа во надлежност на друг суд, до кој незадоволните работници од конечното решение во конкретниот случај можат да бараат заштита на своите права од работен однос.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.35/2004)

# 188.

**- Закон за сопственост и други стварни права (доградба и надградба на зграда)**

*- Law on Property and Other Real Rights (an addition to and a superstructure of a building)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 2 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 21 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на член 122 од Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001).

2. Михајло Илчевски од Прилеп и Маргарита Шијакова од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точка 1 од ова решение.

Во иницијативата поднесена од Михајло Илчевски се наведува дека оспорената законска одредба не била во согласност со Уставот на Република Македонија, од аспект на членовите 8, 30, 51 и 59. Имено, според подносителот Законот за сопственост на делови од згради, определил дека е трајно правото на користење на заедничките делови од повеќе станбени згради на сопствениците на посебните делови од зградата. Од друга страна, пак, Законот за домување го уредил наменското користење на заедничките делови, уреди и инсталации во станбените згради по основ на правото на сопственост.

Доградбата и надградбата претставувале економска категорија во која се вложувал капитал, а подносителот на иницијативата смета дека Уставот ја гарантира слободата и еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот.

Според мислењето на подносителот на иницијативата за уставноста на ставот 1 од оспорениот член битен момент претставувало времето кога биле донесени планот и проектот, пред или по изградбата на зградата и дали во нив била предвидена или не доградба или надградба на зградата. Во врска со ставот 2, подносителот на иницијативата смета дека истиот бил во спротивност со член 55 од Уставот, бидејќи правото на доградба, односно надградба било дадено само на "сопственици на постојна зграда", што значи само на одделни сопственици, а не и на сите сопственици на постојна зграда. Исто така и ставовите 3 и 4 од оспорената законска одредба не биле во согласност со членовите 8 став 1 алинеја 7, 30 став 1 и 3, 51 и 59 од Уставот, од причина што правото да одлучува за доградба, односно надградба му било дадено на мнозинството сопственици на посебните делови од зградата кои претставувале повеќе од половината од вредноста на зградата, без да биде определено местото, улогата и правото на секој поединец и заедно на сите сопственици на посебните делови од зградата, а посебно ако правата на сопствениците не се пренесени на тоа мнозинство. Понатаму, подносителот на иницијативата наведува дека со решението во став 3 не било водено сметка и за фактот дека сопствениците на посебните услови од зградата не биле акционери

кои при вложувањето на својот капитал за вршење на одредена дејност се договарале кој ќе управува, туку истите биле само станари кои сакале во заедничката зграда да живеат и делуваат во условите со кои се стекнале со купувањето на становите или другите делови од зградата.

Во иницијативата поднесена од Маргарита Шијакова, која по втор пат поднесува иницијатива за оценување на уставноста на член 122 од Законот за сопственост и други стварни права, се оспорува согласноста на став 3 и 4 од наведениот член со член 8 став 1, 3, 6, член 30 став 3 и член 54 од Уставот на Република Македонија.

Во иницијативата, исто така, се наведува дека со Уставот на Република Македонија (член 30 став 3) се штитела сопственоста во две форми: а) забрана на одземање на сопственоста и б) забрана на ограничување на сопственоста. Уставот на Република Македонија прави отстапка, односно дозволува одземање и ограничување на сопственоста единствено врз основа на јавен интерес кој треба да биде утврден со закон. Меѓутоа, со решенијата дадени во оспорениот член, според подносителката на иницијативата, одземањето на дел од имотот претставува ограничување на правото на имотот. Ваквото одземање, односно ограничување на правото на сопственост може да настапи, согласно Уставот само при постоење на јавен интерес, а според Првиот протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и слободи само ако се дефинирани условите односно, причините поради кои може да биде ограничено тоа право. Во оспорениот член, според наводите на подносителката на иницијативата овие услови не биле дефинирани, ниту, пак, бил дефиниран јавниот интерес.

Од содржината на иницијативата произлегува дека интенцијата на истата е дека со оспорениот член се повредени човековите права опфатени во член 1 од Првиот протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

Поради изнесеното подносителката на иницијативата предлага поведување постапка за оценување на уставноста на став 3 и 4 од оспорената законска одредба.

3. Судот на седницата утврди дека во член 122 од Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001) е предвидено:

став 1: Доградба и надградба на зграда се врши врз основа на детален урбанистички план и урбанистички проект.

став 2: Доградба, односно надградба има право да бара сопственик, односно сопственици на постојна зграда. Со доградбата, односно надградбата сопственикот, односно сопствениците стекнуваат право на сопственост и врз доградбата, односно надградбата.

став 3: Право на доградба, односно надградба на зграда во етажна сопственост (зграда со два или повеќе станови што им припаѓаат на две или повеќе лица) имаат сопствениците на посебните делови од зградата. За доградбата, односно надградбата, одлучува мнозинството сопственици на посебните делови од зградата кои претставуваат повеќе од половината на вредноста на зградата. Ако за доградбата, односно надградбата има повеќе интересенти отколку што е предвидено да се изградат нови делови од зградата и ако за тоа не се постигне согласност меѓу нив, по барање на секој од заинтересираните одлучува судот, водејќи сметка за принципот на правичност.

став 4: Ако за доградбата, односно надградбата не се заинтересирани сопствениците на посебните делови од зградата, правото на градење можат да им го отстапат на трети лица со мнозинство гласови на посебните делови од зградата кои вредносно претставуваат повеќе од половина од вредноста на зградата, со тоа што градителот, односно градителите се должни да платат соодветен надоместок за правото на градење врз туѓо земјиште, како и за штетите што можат да бидат предизвикани како резултат на градењето.

4. Во член 110 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија е определено дека Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно член 28 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Оспорената одредба од Законот за сопственост и други стварни права, била предмет на оценување од страна на Уставниот

суд на Република Македонија по однос на нејзината согласност со одредбите на Уставот. Притоа, Судот донесе решение У.бр.203/2002 од 12 март 2003 година за неповедување постапка за оценување на уставноста на одредбата, а со решение У.бр.99/2003 од 1 октомври 2003 година по однос на истата одредба, иницијативата е отфрлена. Во споменатите постапки, оспорената одредба била оценувана од аспект на членовите 8, 9, 26, 30, 33, 43, 51, 54, 55 и 58 од Уставот на Република Македонија и Судот утврди дека правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозција со нужни ограничувања предвидени со Уставот и законите. Оттука, третите лица на кои им е пренесено правото на доградба, односно надградба, се стекнуваат со право на сопственост врз изградената доградба, односно надградба, со што тие имаат исти права како и останатите сопственици на посебните делови на зградата во етажна сопственост. Според мислењето на Судот, член 122 од Законот за сопственост и други стварни права не овозможува ограничување на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, поради што не го постави прашањето за неговата согласност со член 8 став 1 алинеја 6 и член 30 од Уставот.

5. Во иницијативите, предмет на оваа постапка, повторно се оспорува согласноста на член 122 од Законот по однос на член 8, 30 став 1 и 3, 51, 54, 55, како и на член 59 од Уставот.

Судот оцени дека наводите и од овие иницијативи, суштински се совпаѓаат со аспектите од кои Судот се раководеше при донесувањето на Решението У.бр.203/2002 од 12 март 2003 година за неповедување постапка за оценување на уставноста на оспорениот член од Законот и тие не може да се прифатат како основи за поинакво одлучување.

Оспорената законска одредба, исто така, не може да се оценува и од аспект на нејзината согласност со член 59 од Уставот, најнапред тргнувајќи од фактот што подносителот на иницијативата Михајло Илчевски не ги наведува причините поради кои смета дека оспорената одредба не е во согласност со оваа уставна одредба. Од друга страна од содржината на оспорената законска одредба произлегува дека во неа не се конкретизира дали како инвеститор ќе се јави странско или домашно правно или физичко лице, па оттука оспорената законска одредба не би можела да се согледува и од аспект на нејзината согласност со член 59 од Уставот, кој ги регулира правата на странските вложувачи и гарантирање на нивните права.

По однос на наводот во иницијативата на Маргарита Шијакова, на кој посебно се става акцент, дека со прашањата кои ги регулира оспорената законска одредба се повредува основното човеково право предвидено во член 1 од Првиот протокол кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи во кој е предвидено дека секое физичко или правно лице има право на мирно уживање на својот имот и дека никој не може да биде лишен од својот имот, освен во јавен интерес и под услови предвидени со закон и со општите принципи на меѓународното право, Судот утврди дека иако Европската конвенција е составен дел на домашниот правен поредок, сепак нејзиниот ранг е под Уставот и таа не може да претставува непосреден правен основ на кој Судот би засновал своја одлука за оценување на уставноста на закон. Имено, одредбите на Конвенцијата, како и праксата на Европскиот суд за човекови права може да претставуваат само дополнителен аргумент во интерпретација на уставните норми што Судот го користи при оценување на уставноста на законски одредби за што тој е надлежен да одлучува согласно член 110 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.39/2004)

# 189.

**- Статут и Деловник за работа на Здружението на пензионери "Куманово", донесен од Собранието на Здружението**

*- Statute and Book of Procedures for work of the Association of Pensioners “Kumanovo”, adopted by the Assembly of the Association*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 71 алинеја 3 и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 12 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на:

а) законитоста на Статутот на Здружението на пензионери "Куманово", донесен од Собранието на Здружението на 15 декември 1998 година и

б) уставноста и законитоста на Деловникот за работа на Здружението на пензионерите "Куманово" - Куманово, донесен од Собранието на Здружението на седницата од 26 ноември 2002 година.

2. Љупчо Арнаудов од Куманово, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на статутот означен под а) во точката 1 од ова решение и уставноста и законитоста на деловникот означен под б) во точката 1 од ова решение.

3. Судот на седницата утврди дека:

- во членот 10 став 3 од Статутот, меѓу другото, е предвидено бројот на членовите на Собранието на Здружението да се определува со посебна одлука на Собранието на предлог на Извршниот одбор;

- во членот 11 став 2 е предвидено претседателот на Собранието едновремено да е и претседател на Извршниот одбор на Здружението, и

- во членот 14 став 2 е предвидено Собранието да може да работи ако на него присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови на Собранието.

4. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи со Уставот и законите.

Исто така, согласно член 110 алинеја 7 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните.

Од наведените одредби произлегува дека Статутот на Здружението на пензионери "Куманово" во Куманово може да биде предмет на оцена пред Судот но, од аспект на неговата согласност со Уставот.

Со оглед на тоа што во иницијативата само формално се напоменува дека се бара оцена на уставноста на оспорениот статут, а всушност сите наводи се однесуваат на согласноста на Статутот со Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, имајќи ја предвид веќе посочената одредба од член 110 став 7 од Уставот според која Уставниот суд, меѓу другото, одлучува за уставноста на статутите на здруженијата на граѓаните, Судот оцени дека, во случајов, не е надлежен за оценување на законитоста на оспорениот статут.

Што се однесува до барањето во иницијативата Судот да ја оценува уставноста и законитоста на Деловникот за работа на Собранието на Здружението на пензионери "Куманово", исто така согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд не е надлежен да одлучува по тоа прашање.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.17/2004)

# 190.

**- Програма на Демократската партија на Албанците од 1997 година**

*- Platform of the Democratic Party of the Albanians of 1997*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 19 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Програмата на Демократската партија на Албанците од 1997 година.

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата, оспорениот акт не бил во согласност со член 1 став 2, член 3, член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 11, член 20 став 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на иницијативата наведува дека во Програмата на Демократската партија на Албанците од 1997 година глобално бил разработен федеративниот модел за македонската држава односно правото на самоопредлување Македонија како двоетничка држава и со која била подржуван концептот за институционализација на албанското малцинство во Македонија како "поддржава" во рамките на Република Македонија, со право на самоопределување и право на отцепување. Според подносителот на иницијативата, од анализата на оспорената Програма се доаѓало до заклучок дека таа била насочена кон рушење на територијалниот интегритет на државата кое било во спротивност со точката 5 од

Завршниот документ на Виенскиот состанок од 1986 и 1989 година на претставниците на државните учеснички на КЕБС во Европа. Исто така, подносителот, наведува дека во Програмата биле содржани цели и определби кои директно и експлицитно повикувале на насилно уривање на уставниот поредок на Републиката, односно поттикнувале разгорување на национална и верска омраза и нетрпеливост.

Од овие причини предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на Програмата на Демократската Партија на Албанците од 1997 година.

3. Судот на седницата утврди дека со уписот во судскиот регистер на ден 4 јули 2002 година, во Судот е доставена и Програма на Демократската партија на Албанците од 5 мај 2002 година, во која се дадени општите програмски определби на Демократската партија на Албанците.

4. Согласно член 110 алинеја 7 од Уставот на Република Македонија Уставниот суд на Република Македонија одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните.

Согласно член 20 од Уставот на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓани и политички партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Од цитираните уставни одредби произлегува дека Уставниот суд ја оценува уставноста на политичките програми само на регистрираните политички партии.

Во Законот за политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" бр.41/1994) е утврдена постапката за основање, регистрација и престанок на политичките партии.

Според член 10 од овој закон политичката партија може да започне со работа со денот на уписот во судскиот регистар на

политичките партии. Политичката партија стекнува својство на правно лице со денот на уписот во судскиот регистар.

Според член 11 од овој закон политичката партија се запишува во судскиот регистар. Судскиот регистар го води Окружниот суд во Скопје.

Според член 12 од овој закон политичката партија е должна во рок од 30 дена од денот на основањето да поднесе барање за запишување во судскиот регистар. Со барањето за запишување во судскиот регистар се поднесува: записник за работата на основачкото собрание, програма и статут и одлука за основање.

Според член 40 од овој закон одредбите кои се однесуваат на надлежноста за регистрација на политичките партии на Окружниот суд во Скопје, по донесување на Законот за судовите, го врши судот кој ги презема надлежностите на Окружниот суд во Скопје.

Според член 32 став 3 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/1995, 64/2003) за водење судски регистар се надлежни: Основниот суд во Битола за подрачјето на Апелациониот суд во Битола, Основниот суд Скопје I - Скопје за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје и Основниот суд во Штип за подрачјето на Апелациониот суд во Штип.

Од анализата на наведените уставни и законски одредби, како и од утврдената фактичка состојба во претходната постапка, се утврдува дека оспорената Програма на Демократската партија на Албанците е од 1997 година, односно од период кога Демократската партија на Албанците не била регистрирана во судскиот регистар.

Имено, од писменото известување на Основниот суд Скопје I - Скопје - Регистар на политички партии од 25 ноември 2003 година, кој согласно цитираната законска одредба од Законот за судовите е надлежен за водење судски регистар, произлегува фактот дека Демократската партија на Албанците во Регистарот на политичките партии што се води во овој суд е запишана под Рег.бр.121 од 4 јули 2002 година. Токму од овој момент, односно од денот на уписот во судскиот регистар (4 јули 2002 година), Демократската партија на Албанците се стекнува со својство на правно лице (член 10 став 2 од Законот за политичките партии). Оттука, јасно произлегува дека до денот на уписот во судскиот

регистер, Демократската партија на Албанците нема својство на правно лице и истата не може да започне со работа.

Од причина што со сега поднесената иницијатива се спори Програмата на Демократската партија на Албанците од 1997 година, кога истата немала својство на правно лице, односно се уште не бил извршен упис во судскиот регистар, во конкретниов случај постојат процесни пречки да Уставниот суд да ја оценува согласноста на оспорената програма со Уставот. Имено, во смисла на член 110 алинеја 7 од Уставот, Уставниот суд одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии, но само на оние кои се донесени во постапка предвидена со закон и претставуваат програми на политички партии кои имаат стекнато својство на правно лице.

5. Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата, бидејќи оспорениот акт датира од 1997 година, кога Демократската партија на Албанците немала својство на правно лице, Уставниот суд на Република Македонија иницијативата ја отфрли.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.16/2004)

# 191.

**- Одобрение за градење, донесено од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина**

*- Permit for building, adopted by the Ministry of Urban Planning, Construction and Protection of the Environment*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Одобрението за градење број 10 УП И-305 од 20 ноември 1997 година, донесено од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

2. Данило Панковски, Душан Панковски, Ѓорѓе Спасовски и Т.Д. "Виор" ДООЕЛ Скопје, од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата Владата на Република Македонија донела Одлука бр.23-2910/1 од 4 ноември 1996 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/1996), за определување услови за градба на производна хала за преработка на месо со сопствена лабораторија на подрачјето на општина Гази Баба - Скопје, во која покрај тоа што било определено земјиштето за изградба на стопанскиот објект, подносителите на иницијативата биле утврдени како инвеститори за реализација на наведената стопанска намена. Тие по налог на решение за услови за градба издадено од министерството надлежно за работите на урбанизмот и градежништво

и по налог на решение за пренамена од земјоделско во градежно земјиште издадено од министерството надлежно за работите на земјоделство, шумарство и водостопанство, во периодот од 1996 и 1997 година, ги уплатиле потребните парични средства во корист на државата.

Предметното земјиште било евидентирано на име на инвеститорите во катастарската евиденција.

Меѓутоа, покрај изнесените факти, Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина донело Одобрение за градење број 10 УП-И-305 од 20 ноември 1997 година во корист на трето лице, односно на ТД "Никас Скоп" ДОО-Скопје, кое е предмет на оспорување со поднесената иницијатива.

Според наводите во иницијативата, поради тоа што оспореното одобрение за градење било во спротивност со Одлуката на Владата на Република Македонија број 23-2910/1 од 4 ноември 1996 година и претставувало акт на надлежен државен орган со кој се повредувало загарантираното право на сопственост во членот 30 од Уставот на Република Македонија, се предлага Судот да поведе постапка за оценка на неговата уставност.

Воедно во иницијативата се наведуваат податоци за водената управна постапка по жалба и управниот спор пред Врховниот суд на Република Македонија во врска со оспореното одобрение за градба, од што произлегува дека надлежните управни органи не постапувале и не одлучувале според укажувањата во Пресудата на Врховниот суд У.бр.1422/2000, па со оглед на тоа подносителите на иницијативата за оспорениот акт бараат оценка на уставноста.

3. Судот на седницата утврди дека Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, донело Одобрение за градење број 10 УП-И-305 од 20 ноември 1997 година, со кое се одобрува на инвеститорот ТД "Никас Скоп" д.о.о. од Скопје да го изгради инвестициониот објект - Производна хала за преработка на месо со сопствена лабораторија на КП.бр.1534 и 1535/2 КО "Илинден" во место викано "Трница".

Во Одобрението за градење, исто така, е определен рокот за градба и правата и обврските на инвеститорот и изведувачот. Во образложението на наведеното одобрение за градење дадени се

причините за одлученото во диспозитивот и утврдена е правна поука на странките.

Врз основа на изнесеното неспорно е дека оспорениот акт ги има сите елементи на конкретен управен акт донесен од орган на управа.

4. Согласно членот 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија, меѓу другото одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Со оглед на тоа што оспорениот акт е конкретен управен акт и не претставува пропис или општ акт подобен за уставно судска оценка, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.63/2004)

# 192.

**- Статут на Црвениот крст на Република Македонија**

*- Statute of the Red Cross of the Republic of Macedonia*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на членот 29 став 2 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија, му поднесе иницијатива за оценување на законитоста на одредбата означена во точката 1 од ова решение, од причина што оспорената одредба не била во согласност со членот 6 став 1 од Законот за Црвениот крст на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.41/1994, 7/1997, 21/1998), според кој Црвениот крст на Република Македонија има својство на правно лице.

Според мислењето на подносителот на инцијативата, ваквата законска одредба не давала можност секоја општинска организација на Црвениот крст да има својство на правно лице и да има своја сопствена жиро сметка. Во прилог на ваквата констатација, подносителот на иницијативата го наведува и членот 3 став 1 од Законот, според кој Црвениот крст има единствена организација на територијата на Република Македонија, која ја сочинуваат организациите на Црвениот крст на општините и на градот Скопје.

Врз основа на ваквото мислење, подносителот на иницијативата смета дека својството на правно лице може да се определува единствено и исклучиво со закон, а не со подзаконски пропис, како што било во конкретниот случај. Оттука, подносителот на иницијативата смета дека оспорената одредба не е во согласност со членовите 3 и 6 од Законот за Црвениот крст на Република Македонија, како и со членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 51 од Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека согласно оспорената одредба, општинската организација на Црвениот крст е правно лице со сопствена жиро-сметка.

4. Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото претставува една од темелните вредности на уставниот поредок на државата.

Согласно членот 51 став 1 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно членот 110 алинеја 7 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓани.

Членот 2 од Законот за Црвениот крст на Република Македонија го дефинира Црвениот крст како доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија. Црвениот крст е невладина и вонпартиска организација, која остварува определени хуманитарни цели и задачи од областа на здравството, социјалната заштита и воспитанието, врз принципите на хуманизмот и солидарноста. Задачите се од јавен интерес и Црвениот крст ги врши како јавни овластувања.

Согласно членот 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Подносителот на иницијативата воопшто не наведува причини поради кои смета дека оспорена та одредба од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија директно и непосредно ги повредува принципите на владеење на правото и уставноста и законитоста. Со иницијативата се бара оценување на законитоста на одредбата од Статутот, а прашањето на евентуална неуставност на одредбата само посредно и индиректно е покренато со иницијативата.

Со оглед на тоа што подносителот на иницијативата бара од Судот да ја оцени законитоста на членот 29 став 2 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, како специфично здружение на граѓани кое има јавни овластувања и чиј основ произлегува од Законот за Црвениот крст на Република Македонија, Судот оцени дека постојат процесни пречки да одлучува по конкретната иницијатива.

Оттука, Судот оцени дека се исполнети процесните претпоставки да ја отфрли иницијативата од причини што Судот не е надлежен да ја оценува законитоста на Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.46/2003)

# 193.

**- Одлука за спроведување на вреднувањето на работниците во Стопанска банка АД-Скопје …**

*- Decision on the implementation of the evaluation of the employees in Stopanska banka AD- Skopje*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 1 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 јули 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за спроведување на вреднувањето на работниците во Стопанска банка АД-Скопје во врска со постапката за определување на бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални и слични промени, бр.01-3196 од 12 септември 2002 година, донесена од работоводниот орган на Стопанска банка АД-Скопје.

2. Јорде Крагуески од Кичево на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената одлука била во спротивност со Законот за работните односи, затоа што при нејзиното донесување не биле почитувани одредбите од членовите 125 до 133 од овој закон. Имено, оваа одлука била донесена без претходно работодавецот да донесе одлука и програма за воведување на економски, технолошки, структурални и други промени како што било утврдено во членот 125 од Законот, ниту, пак, согласно член 126 од Законот претходно ги информирал работниците и синдикатот за видот на промените, за бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос, за мерките што ќе ги преземе за ублажување на последиците и за правата на работниците што треба да им ги обезбеди.

Оваа одлука, исто така, била во спротивност и со членот 162 од Колективниот договор на Стопанска банка, кој бил во сила во времето на донесувањето на одлуката. Во овој член од Колективниот договор било утврдено дека за примена на критериумите од членот 161 што се однесуваат за успешноста во работењето и видот и значењето на работното место, писмено се искажува директорот на соодветниот сектор, односно непосредниот раководител на работникот, а не и директорите на филијалите на Стопанска банка, како што било утврдено во оспорената одлука. Меѓутоа, по донесувањето на оспорената одлука членот 162 од Колективниот договор бил изменет, односно дополнет со додавање и на директорите на непосредните филијали.

Поради наведените причини во иницијативата се предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука, а потоа да ја поништи. Притоа во иницијативата не се посочува со кои членови од Уставот оваа одлука не е во согласност.

3. Судот на седницата утврди дека оспорената одлука е донесена врз основа на член 44 од Статутот и членовите 161 и 162 од Колективниот договор на Стопанска банка АД-Скопје.

Во врска со постапката за определување на бројот и структурата на работниците на Стопанска банка АД-Скопје на кои ќе

им престане работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални и слични промени, со точката 1 од оспорената одлука се задолжуваат директорите на секторите во Стопанска банка, извршните директори на дирекциите во секторите на Стопанска банка каде не е именуван директорот на секторот и директорите на филијалите на Стопанска банка, да извршат вреднување на работниците во соодветниот сектор, дирекција, односно филијала со примена на критериумите утврдени во член 161 од Колективниот договор на Стопанска банка.

Во точка 2 од оваа одлука е утврдено дека лицата од точката 1 се должни вреднувањето да го извршат со примена на писмените инструкции кои ќе им бидат доставени од Дирекцијата за административни работи во Секторот за кадри. Во точка 3 од Одлуката е утврдено дека лицата од точка 1 на оваа одлука се должни вреднувањето да го извршат најдоцна до 20 септември 2002 година и веднаш да ги доставаат листите за извршеното вреднување заедно со предлог-листата со име и презиме на работниците кои остануваат на работа во Стопанска банка и наведување на нивните работни места согласно новата организациона шема на Стопанска банка до Дирекцијата за административни работи во Секторот за кадри. Во точка 4 е утврдено дека Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Според членот 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд меѓу другото е надлежен да одлучува и за согласноста на другите прописи со Уставот и законите.

Според членот 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето во неа.

Имајќи го предвид основот за донесување на оспорената одлука, како и нејзината содржина, Судот утврди дека таа не е пропис, туку е акт кој што Стопанска банка АД - Скопје го донел во врска со постапката за определување на бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални и слични промени утврдена во членовите од 125 до 130 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 3/1994, 14/1995, 53/1997, 59/1997, 21/1998, 25/2000, 34/2000, 50/2001, 25/2003 и 40/2003).

Со оглед на тоа што оспорената одлука не претставува пропис во смисла на членот 110 алинеја 2 од Уставот, Судот утврди дека не е надлежен да одлучува за нејзината согласност со Уставот и со Законот за работните односи и дека поради тоа се исполнети условите од членот 28 алинеја 1 од Деловникот за отфрлање на иницијативата.

Прашањето, пак, дали на работникот работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални и слични промени му престанал под услови и постапка утврдени со Законот за работните односи спаѓа во надлежност на друг суд, до кој незадоволните работници од конечното решение во конкретниот случај можат да бараат заштита на своите права од работен однос.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.114/2004)

## 194.

**- Примена на закони и постапување на судовите и јавното обвинителство**

*- Application of laws and the handling of the courts and public prosecutor’s office*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 јули 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за заштита на законитоста со преиспитување на примената на законите и другите прописи во постапувањето и одлучувањето на надлежните судови и јавното обвинителство.

2. Ѓорѓе Јордановски од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за заштита на законитоста со преиспитување на постапките и одлуките на надлежните судови и јавното обвинителство по конкретни предмети во кои, според наводите во иницијативата, тој не можел да ги оствари правните интереси поради незаконитото работење и одлучување на тие органи.

Врз основа на овие наводи во иницијативата се бара заштита на законитоста во однос на оспорените акти: Известување КОЗ број 13/2003 од 16 февруари 2004 година на Јавното обвинителство на Република Македонија; Решение КС број 372/2003 од 15 декември 2003 година, донесено од Апелациониот суд-Скопје; Решение К.пов.број 5/2003 од 6 ноември 2003 година донесено од Основниот суд во Велес; и се бара преиспитување на донесените акти на Основното јавно обвинителство во Велес по предметот КИ.број 74/2003.

3. Согласно членот 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија меѓу другото одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите. Според алинеја 3 на овој член, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забрана на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Со оглед на тоа, Уставниот суд не одлучува за примената на законите и другите прописи од страна на надлежните органи ниту овој Суд има надлежност на инстанционо повисок суд да ја оценува законитоста на постапките и одлуките на судовите и другите органи по конкретни предмети на граѓаните.

Според членот 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето.

Поаѓајќи од означената уставна одредба и барањето со иницијативата, Судот утврди дека не е надлежен да одлучува по иницијативата, поради што одлучи како во точката 1 од ова решение.

4. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.71/2004)

# 195.

**- Пресуда на Основниот суд Скопје I – Скопје**

*- Judgment by the Basic Court Skopje I - Skopje*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на Пресудата на Основниот суд Скопје I - Скопје К.бр.862/99 од 6 февруари 2002 година, преиначена во делот на одлуката за кривичната санкција со пресуда на Апелациониот суд во Скопје КЖ.бр.357/2003.

2. Неби Хузри од с. Сарај на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорената пресуда не била во согласност со Устав и со закон, затоа што со нејзиното преиначување од Апелациониот суд во Скопје, таа предвидувала построга казна за подносителот на иницијативата од изречената кривична санкција со првостепената пресуда.

3. Судот на седницата утврди дека Пресудата на Основниот суд Скопје I - Скопје К.бр.862/99 од 6 февруари 2002 година е преиначена во делот на одлуката за кривичната санкција на начин што обвинетиот Неби Хузри од с. Сарај - скопско се осудува на казна затвор во траење од 6 - шест месеци и на парична казна од 30.000 (триесет илјади) денари.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд не е надлежен да постапува како инстанционен суд и да одлучува за уставноста и законитоста на пресудите што ги изрекуваат судовите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.129/2004)

# 196.

**- Одлука за донесување Детален урбанистички план на град Гостивар, Совет на општина Гостивар**

*- Decision on the adoption of a Detailed Urban Plan of the city of Gostivar, Council of the Municipality of Gostivar*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, како и член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 22 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на Одлуката за донесување Детален урбанистички план на град Гостивар - урбан блок детален лист бр. 68а (9) и 74 (13), бр.07-625/1, донесена од Советот на општина Гостивар на седницата одржана на 13 октомври 2003 година ("Службен гласник на општина Гостивар" бр.6/2003).

2. Барзул Џемаили, Фатмир Џемаили и Абдурахим Карпузи од Гостивар, застапувани од адвокатот Неџат М. Мемеди од Гостивар, а Абдурахим Карпузи застапуван и од адвокатот Љупчо Лазарески од Гостивар, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека со оспорената одлука биле повредени одредбите на член 21-а став 1 и член 21-б став 1 и 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, бидејќи по барање на нивните соседи, кое било усвоено со оваа одлука, пристапот на подносителите на иницијативата од нивните локации кон новоасфалтираната улица на исток бил нарушен, односно затворен. Поради наведените причини со иницијативата поконкретно се оспорува членот 3 став 1 точката 3 од Одлуката во делот на

графичкиот прилог за деталниот сообраќаен план и параметрите за спроведување на планот. Подносителите на иницијативата предлагаат во овој дел Одлуката да се поништи.

3. Судот на седницата утврди дека според членот 1 од оспорената одлука, се донесува детален урбанистички план на град Гостивар - урбан блок детален лист 68а (9) и 74 (13) и дека деталниот урбанистички план ги почитува определбите на Основниот урбанистички план на град Гостивар.

Во членот 2 од Одлуката се утврдува површината и границите на просторот за кој се донесува овој детален урбанистички план.

Според членот 3 од Одлуката, деталниот урбанистички план содржи: документациона основа, планирана состојба и графички прилози, со тоа што во секој од овие делови подробно е утврдено што содржи. Според истиот член на Одлуката, освен текстуалниот дел на планот и графичките прилози, нејзин составен дел се и параметрите за спроведување на планот, извештајот од јавната анкета со осврт од стручната консултација и согласноста на Министерството за транспорт и врски.

Во членовите 4, 5 и 6 од Одлуката се уредени прашањата во врска со заверувањето на планот, како и органите кои ќе се грижат за обезбедување комплетна документација за остварување и за спроведување на планот.

На крајот, во членот 7 од Одлуката е утврдено дека таа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на град Гостивар".

4. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и со законите.

Согласно членот 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето во неа.

Имајќи ги предвид наведените уставни и деловнички одредби, како и тоа дека подносителите на оваа иницијатива

законитоста на оспорената одлука не ја оспоруваат поради повреда на постапката во која е донесена, туку затоа што при нејзиното донесување не биле почитувани одредбите на член 21-а став 1 и член 21-б од Законот за просторно и урбанистичко планирање (иако членот 21-б е избришан со изменувањата и дополнувањата на овој закон - "Службен весник на Република Македонија" бр.53/2001), Судот утврди дека не е надлежен да ја оценува законитоста на оспорената одлука од аспект на примената на урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот утврдени во истоимениот правилник, а кои според член 21-а став 1 од Законот задолжително се применуваат при изработување на просторен и урбанистички план, ниту е надлежен да ја оценува согласноста на оспорената одлука со други подзаконски акти.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.200/2003)

**4. Оспорениот атк (одредба) престанал/а да важи**

4. *Termination of validity of the act (provision) contested*

# 197.

**- Акти на финансиско работење на општината и јавните претпријатија основани од општина Маврови Анови**

*- Acts of financial activity of the municipality and public enterprises set up by the Municipality of Mavrovi Anovi*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 28 јануари 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА барањето за оценување на уставноста и законитоста на:

- Заклучокот за прогласување на Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година,
- Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година,
- Заклучокот за прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година,
- Одлуката за извршување на Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година,
- Заклучокот за прогласување на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на општина Маврови Анови за 2002 година,

- Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година,

- Заклучокот за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈП за комунални дејности – Маврово – Маврови Анови,

- Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈП за комунални дејности – Маврово – Маврови Анови,

- Заклучокот за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на ЈП за комунални дејности – Маврово – Маврови Анови,

- Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на ЈП за комунални дејности Маврово – Маврови Анови,

- Заклучокот за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈП за комунални дејности – Маврово – Маврови Анови,

- Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈП за комунални дејности – Маврово – Маврови Анови,

- Одлуката за разрешување на директорот на ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште – Маврово – Маврови Анови,

- Одлуката за распуштање на одборот за контрола на материјалното и финансиското работење на ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште на општина Маврови Анови,

- Одлуката за престанок со работа на ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште – Маврово – Маврови Анови на општина Маврови Анови и Одлуката за верификација на мандатот на член на Советот на општина Маврови Анови.

2. Марија Лајкоска, Змејко Матески, Илија Јовановски, Трифе Којчески, Тодор Дингоски и Анѓелко Дамјановски, сите членови на Советот на општина Маврови Анови, претставувани од Владо Лазарески од општина Маврови Анови, на Уставниот суд му поднесоа иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата седницата на која биле донесени оспорените акти била одржана без потребното законско мнозинство.

Имено, истото било постигнато дури кога на почетокот на седницата бил верификуван мандатот на Османи Ибраим. Со тоа, на седницата присуствувале седум од тринаесте членови на Советот; седницата била итно закажана, а советниците биле повикани со

телеграми без да им биде доставен дневниот ред; повеќето точки што биле разгледувани на седницата немале итен карактер (како на пример Одлуката за престанок на работа на ЈП за уредување и употреба на градежно земјиште Маврово – Маврови Анови и Одлуката за разрешување на директорот на Јавното претпријатие и др.); не било расправано од страна на верификационата комисија во смисла да се констатира дека советникот Хусни Џафери е починат и дека на негово место доаѓа советникот Османи Ибраими.

3. Судот на седницата утврди дека со оспорените акти се уредуваат прашања во врска со вршењето на работата и финансирањето на општината.

Исто така, Судот утврди дека на 31 март 2003 година била одржана седница на советот на која присуствувале шест члена, а другите шест члена биле отсутни. Седмиот отсутен член бил Хусни Џафери кој претходно починал.

На почетокот на седницата, бил верификуван мандатот на Османи Ибраим по претходно доставено уверение од општинската изборна комисија. Тој го зазел испразнетото место на Хусни Џафери.

Според тоа, постапката за избор на Османи Ибраим претходно течела според законот, а неговиот мандат бил верификуван на седница на советот на која присуствувале само шест члена, односно на седница на која, според Законот за локалната самоуправа, за да се одржи требало да присуствуваат најмалку седум членови.

Инаку, седницата е свикана по итна постапка, затоа што бил краен рок за донесувањето на Буџетот на општината Маврови Анови и Годишната сметка на истата (31 март 2003 година).

Во случајов, пред Судот, како спорно, се постави прашањето дали со така составеното мнозинство актите, меѓу кои, Буџетот и Годишната сметка на општината Маврови Анови ќе се сметаат за акти донесени во законски предвидената постапка.

Согласно член 41 став 1 од Законот за локалната самоуправа, советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот.

Согласно ставот 2 на овој член од Законот советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот на општината поинаку не е определено.

4. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите.

Согласно член 2 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа, прописи се акти со кои се уредуваат прашања од надлежностите на општините.

Во овој контекст, Судот имаше предвид дека Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година, Одлуката за извршување на Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година и Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на општина Маврови Анови за 2003 година, претставуваат прописи во смисла на член 42 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа, меѓутоа не се впушти во оценување на законитоста на постапката за нивното донесување од причина што истите се акти со времен карактер и престанале да важат со истекот на годината за која се донесени.

Со оглед на тоа дека останатите оспорени акти не претставуваат прописи во смисла на посочените членови на Уставот и Законот тие, како такви, не се предмет на оценка и во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија, поради што Судот не се впушти во оценувањето на законитоста на постапката за нивното донесување и одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.79/2003)

# 198.

**- Минимално технички услови за деловните простории во кои се врши трговија**

*- Minimum technical conditions for business premises in which trade takes place*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 10 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 став 1 од Правилникот за изменување на Правилникот за минимално - техничките услови за деловните простории во кои се врши трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/2004).

2. Слободан Димитров од Битола на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата министерот за трговија со предвидувањето, како посебен услов, увозникот на нафтени деривати за вршење на трговија со нафтени деривати, да располага со посебни складови, ги пречекорил законските овластувања за предвидување на минимално техничките услови за деловните простории, поради што оспорените одредби од Правилникот биле несогласни со Уставот на Република Македонија и со Законот за трговија.

3. Судот на седницата утврди дека согласно член 1 став 1 од Правилникот увозникот на нафтени деривати за вршење на

трговија со нафтени деривати треба да располага со посебни складови.

Судот на седницата, исто така, утврди дека согласно член 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимално-техничките услови за деловните простории и простории во кои се врши трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/2004), членот 22 став 1, односно членот 1 став 2 од Правилникот се менува и гласи: "увозникот на нафтени деривати и трговецот на големо со нафтени деривати треба да располага со посебни складови".

4. Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по истата.

Со оглед на тоа што оспорената одредба од Правилникот е изменета, односно заменета со нова одредба, Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување по истата.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.170/2004)

# 199.

**- Финансиска полиција (поведување на постапка)**

*- Financial Police (initiation of a procedure)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 71 алинеја 1 и член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/2004).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6 став 2 од Законот за финансиската полиција ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/2002).

3. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија, му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 и 2 од ова решение.

Подносителот на иницијативата смета дека со оспорената законска одредба се повредувале член 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 12 став 1, член 51, член 54 став 1, член 91 алинеја 5, член 98 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.

Имено, подносителот на иницијативата смета дека законодавецот со оспорената законска одредба не можел да го овласти министерот за финансии да донесе поблиски прописи за

начинот и постапката за примена на одредбите од ставот 1 на член 6 од Законот.

Со тоа министерот за финансии надвор од основите и рамките на Уставот и член 6 став 2 од Законот, не само што ја пропишувал постапката за примена на одредбите од ставот 1 на овој член, туку со оспорениот Правилник ги пропишувал и надлежностите на финансиската полиција. Токму поради ова, со оспорениот Правилник, според подносителот на иницијативата, биле повредени напред наведените уставни одредби како и член 6 став 2 од Законот за финансиската полиција и член 55 став 1, член 56 став 1, член 58 и член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Поради изнесените аргументи, подносителот на иницијативата предлага Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 6 став 2 од Законот за финансиската полиција и на уставноста и законитоста на Правилникот за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција.

4. Судот на седницата утврди дека според член 6 став 2 од Законот за финансиската полиција министерот за финансии ќе донесе поблиски прописи за начинот и постапката за примена на одредбите од ставот 1 на овој член.

Во член 6 став 1 од Законот е предвидено дека финансиската полиција при вршењето на работите од својата надлежност има право да:

1) врши увид и истражување на деловни книги и друга евиденција, документи, записници, меморандуми и компјутерски податоци и податоци добиени од други електронски медиуми кои се однесуваат на податоци и елементи на даночните пријави на лицата кои се под истрага;

2) зема изјава од осомничен и од сведоци кои се однесуваат на деловните книги, записници и други документи со цел да се добијат потребните информации и докази;

3) обезбеди примероци од ракопис за спроведување и докажување на автентичноста и потеклото на документите;

4) врши претресување на деловни простории на осомничениот и други простории, по сопствена оцена или по барање на Јавното обвинителство;

5) врши претрес на живеалиштето на лицето (стан, куќа, викендица и слично), со судски налог;

6) приведува лица кои се под истрага или ја попречуваат или оневозможуваат истрагата или постапката;

7) привремено запира и прегледува превозни средства за кои постои основано сомнение дека се користат за транспорт на стока и луѓе, како и прегледува магацини и други објекти за складирање на стоката, независно од тоа кој е сопственик на тие објекти;

8) конфискува стока која е ставена во промет или се транспортира, кога не постои доказ за платени давачки и документација за потеклото на истата;

9) привремено одземе возило и друго превозно средство со кое стоката се транспортира, доколку вредноста на стоката е поголема од една третина од вредноста на средството со кое таа се транспортира;

10) привремено може да одземе пари, хартии од вредност, предмети и други документи од моментот на започнување на истрагата до завршувањето на постапката,

11) одземање електронски, механички или други апарати кои можат да содржат податоци, записници, други документи или друг вид информации кои се сметаат за потенцијални докази и

12) да поднесе барање до судот да изрече времена мерка за забрана за располагање со имот, опрема и средства на сметка од моментот на започнување на истрагата до завршување на постапката.

Судот, исто така, утврди дека со Одлука на Уставниот суд У.бр.40/2003 од 30 јуни 2004 година, укинат е членот 6 став 1 точка 4, 6, 8 и 11 став 2 и член 10 став 1 точка 2 од Законот за финансиска полиција.

Правилникот за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите на финансиската полиција е поместен во III глава и содржи 44 члена од кои И (првата) глава ги регулира

општите одредби, II (втората) ја регулира примената на одредбите за надлежност на финансиската полиција и III (третата) глава ја содржи завршната одредба.

5. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и со законите.

Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување.

По повод порано поднесена иницијатива, Судот ја оценувал уставноста на член 6 став 2 од сега оспорениот Закон, од аспект на неговата согласност со уставните одредби кои и во сега поднесената иницијатива се посочени и со Одлука У.бр.40/2003 од 30 јуни 2004 година, го укинал истиот, оценувајќи дека оспорената законска одредба не е во согласност со Уставот. Имено, Судот оцени дека со наведеното законско овластување се засега во уредување на прашања од кривичната постапка како една од видовите на судските постапки која може да биде уредена само со закон и со што се отстапува од општиот принцип на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, поради што и оцени дека оспорениот член 6 став 2 од Законот не е во согласност со одредбите од Уставот.

Од причина што Уставниот суд ја укинал сега оспорената законска одредба, со што всушност истата е отстранета од правниот поредок, односно истата не е дел од правниот систем, во конкретниов случај постојат процесни пречки за одлучување по истата, поради што Судот оцени дека во тој дел, согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, иницијативата треба да се отфрли.

Што се однесува до оспорениот Правилник за начинот и постапката за примена на одредбите за надлежностите за финансиската полиција, кој акт ја црпи својата основа во членот 6 став 2 од Законот за финансиска полиција (кој со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија" У.бр.40/2003 од 30 јуни 2004 година е укинат) и претставува негова операционализација, оцена на Судот е дека со укинувањето на законскиот основ, министерот за финансии го губи правото, односно нема законско овластување да донесува поблиски прописи за начинот и постапката за примена на

одредбите за надлежностите на финансиската полиција (став 1 од член 6).

Со оглед на тоа, Судот оцени дека со престанувањето на правниот основ кој произлегува од укинатата законска одредба на која се заснива оспорениот Правилник, се имплицира и престанок, односно анулирање на правната важност на истиот, а кое всушност претставува законска неможност министерот за финансии да го уредува ова прашање со подзаконски пропис.

Врз основа на наведеното, Судот оцени дека оспорениот Правилник би можел да се доведе под сомнение по однос на неговата согласност со одредбите од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.94/2004)

# 200.

**- Заштита на населението од заразни болести**

*- Protection of the population against contagious diseases*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 ноември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на:

- Законот за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуват целата земја ("Службен лист на СФРЈ" бр.51/1984 и 63/1990),

- Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на СРМ" бр.18/1976, 18/1982 и 37/1986 и "Службен весник на Република Македонија" бр.15/1995),

- Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска ("Службен лист на СФРЈ" бр.68/1991),

- Правилникот за условите за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести ("Службен лист на СФРЈ"бр.42/1985),

- Правилникот за мерките за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хемоpалгични трески, жолта треска и маларија во целина и посебно оспорениот член 4 став 1 ("Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985),

- Правилникот за здравствени прегледи на лицата што преболеле цревен тифус, бацилaрна дезинтерија или салмонелоза "Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985),

- Правилникот за условите и начинот на водење податоци за лабараториските испитувања и за давање известувања за причинителите на одделни заразни болести ("Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985),

- Правилникот за здравствените прегледи на лицата ставени под здравствен надзор заради спречување на заразни болести ("Службен лист на СФРЈ" бр.52/1985),

- Правилникот за начинот на пријавување на заразни болести ("Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985),

- Правилникот за начинот на ископување и пренесување на умрени лица ("Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985),

- Правилникот за заштита од ширење на зараза во самите здравствени организации ("Службен лист на СФРЈ" бр.49/1986),

- Правилникот за начинот и условите за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација ("Службен весник на СРМ" бр.45/ 1976),

- Правилникот за начинот, роковите и обрасците за пријавување, за евиденција и известување за движењето на заразните болести, како и за начинот на известување за лабараториски наод ("Службен весник на СРМ" бр.45/1976) и

- Правилникот за условите и начинот на пренесување на умрени лица, како и за ископување и пренесување на умрените лица ("Службен весник на СРМ" бр.45/1976).

2. Асан Муча од Тетово, во свое име и во име на група граѓани од Тетово на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актите означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, иако одамна изминале роковите за усогласување на актите донесени од поранешната СФРЈ, односно СРМ со донесување на Уставот на Република Македонија од 1991 година, оспорените акти се уште биле во примена во Република Македонија, а посебно оние донесените од одамна непостоечката држава СФРЈ. Како такви, актите не кореспондирале со сегашната уставноправна и уставнополитичка состојба и посебно не биле во согласност со европското законодавство. Оспорените акти биле "прегазени од времето" и со самото тоа биле спротивни на Уставот на Република Македонија.

Покрај ваквите општи наводи по однос на сите 14 оспорени акти, во иницијативата поголем акцент е ставен на барањето за поведување постапка за оценување на уставноста на Правилникот за мерки за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија. Имено, по однос на овој акт се наведува дека содржел одредба според која лицата кои патуваат во земја каде се присутни

наведените болести, патувањето морале да го вршат исклучиво со авион или со брод (член 4 став 1). Оваа одредба посебно го ограничувала правото на верски слободи и верско изразување на граѓаните од муслиманска вероисповест при нивното патување на аџилак, како и на сите граѓани кои од лични побуди сакале да патуваат во такви земји и подрачја. Потоа, одредбата задирала во социоекономските права на граѓаните, бидејќи заради ваквиот начин на патување граѓаните биле изложени на финансиски издатоци, а воедно се ограничувале и слободите и правата на граѓаните за слободно, неограничено и непречено движење надвор од земјата.

3. Судот на седницата утврди дека во Законот за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуват целата земја, најнапред се дефинира кои болести се сметаат како опасни заразни болести што ја загрозуваат целата земја (СФРЈ). Понатаму се содржани одредби за мерките за спречување и сузбивање на заразните болести, како и за мерките за обезбедување заради заштита на населението од заразни болести. Покрај одредбите што ги определуваат надлежностите на сојузните органи, во законот се содржани и одредби за надлежностите на републичките односно покраинските органи. Во членот 51 од Законот е содржано овластување за функционерот кој раководи со сојузниот орган на управа надлежен за работите на здравството да донесе повеќе прописи. Оваа законска одредба е законски основ за донесување на дел од оспорените правилници.

- Во Законот за заштита на населението од заразни болести се содржани речиси идентични одредби како во првооспорениот акт, со таа разлика што одредбите имаат правна сила на територијата на Република Македонија.

Првиот и вториот акт престанале да важат врз основа на член 70 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/2004, односно од 9 октомври 2004 година.

- Третиот оспорен акт содржи одредби за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемопрофилакса против заразни болести и за лицата кои подлежат на таа обврска. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 6 од сојузниот Закон.

- Четвртиот оспорен акт содржи одредби за условите за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 3 од сојузниот Закон.

- Петтиот оспорен акт содржи одредби за мерки за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 8 од сојузниот Закон.

Според содржината на посебно оспорениот член 4 став 1 од Правилникот за мерките за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија, лицата кои патуваат на масовни собири во земјите од член 1 став 2 на овој правилник можат да патуваат во тие земји и да се враќаат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија само со авион или брод.

Врз основа на член 10 од Правилникот за мерките за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија ("Службен весник на Република Македонија" бр.76/2003), петтиот акт престанал да се применува, сметано од 9 декември 2003 година.

- Шестиот оспорен акт содржи одредби за начинот на вршење на здравствени прегледи на лицата што преболеле цревен тифус, бациларна дезинтерија или салмонелоза. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 5 од сојузниот Закон.

- Седмиот оспорен акт содржи одредби за условите и начинот на водење податоци за лабараториските испитувања и за давање известувања за причинителите на одделни заразни болести. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 1 од сојузниот Закон.

- Осмиот оспорен акт содржи одредби за здравствените прегледи на лицата ставени под здравствен надзор заради спречување на заразни болести. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 4 од сојузниот Закон.

- Деветиот оспорен акт содржи одредби за начинот на пријавување на одделни заразни болести. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 2 од сојузниот Закон.

- Десетиот оспорен акт содржи одредби за начинот на ископување и пренесување на умрени лица. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 7 од сојузниот Закон.

- Единаесетиот оспорен акт содржи одредби за заштита од ширење на зараза во самите здравствени организации. Законски основ за донесување на овој акт е член 51 став 1 точка 9 од сојузниот Закон.

- Дванаесетиот оспорен акт содржи одредби за начинот и условите за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

- Тринаесетиот оспорен акт содржи одредби за начинот, роковите и обрасците за пријавување, за евиденција и известување за движењето на заразните болести, како и за начинот на известување за лабараториски наод.

- Четиринаесетиот оспорен акт содржи одредби за условите и начинот на пренесување на умрени лица, како и за ископување и пренесување на умрените лица.

Законски основ за донесување на трите последно наведени оспорени акти е членот 34 од Законот за заштита на населението од заразни болести.

4. Според член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување.

Во конкретниот случај, по поднесување на иницијативата, оспорениот сојузен Закон за заштита на населението од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, како и оспорениот Закон за заштита на населението од заразни болести престанале да важат врз основа на член 70 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/2004) сметано од 9 октомври 2004 година.

По поднесувањето на иницијативата, исто така, престанал да важи и Правилникот за мерки за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија ("Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985), а врз основа на член 10 од Правилникот за мерките за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија ("Службен весник на Република Македонија" бр.76/2003). Новодонесениот Правилник влегол во сила на 9 декември 2003 година.

Од изнесената фактичка и правна состојба произлегува дека со престанокот на важење на оспорените акти има процесна пречка за оценување на нивната уставност, односно уставност и законитост, со оглед на тоа што Уставниот суд е надлежен за оценување на уставноста и законитоста исклучиво на акти што се во правниот промет.

Со престанокот на важење на двата законски акти и донесувањето на Законот што сега е во сила, Судот оцени дека не може да се впушта во оценување на нивната согласност со одредбите од Уставот и да ги цени наводите за неусогласеност на оспорените акти со сегашната уставноправна и уставнополитичка состојба и нивната усогласеност со европското законодавство. Од друга страна, во иницијативата не се наведува повреда на конкретна одредба од Уставот и наводите се дадени во општа насока.

Поради престанок на важење на Правилникот за мерки за заштита од внесување и за сузбивање на колера, чума, вирусни хеморалгични трески, жолта треска и маларија во целина и посебно оспорениот член 4 став 1 ("Службен лист на СФРЈ" бр.42/1985), Судот, исто така, не се впушти во оцена на неговата уставност, ниту пак, во анализа на наводите од иницијативата што се однесуваат на овој акт.

По однос на преостанатите девет оспорени акти во иницијативата се содржани идентични наводи и не се бара Судот да ја оценува нивната законитост, а со донесување на Законот што сега е во сила, целта на иницијативата - да се постигне донесување на нова регулатива е постигната, поради што Судот смета дека наводите содржани во иницијативата повеќе не можат да бидат издржани.

Од друга страна, во член 68 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести што е во сила, подзаконските прописи предвидени со овој закон е уредено да се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон (до 9 март 2005 година), а според став 2 од истата одредба, до денот на влегување во сила на прописите од ставот 1 на овој член се применуваат постојните прописи, ако не се во спротивност со одредбите од овој закон. Оттука, во периодот на усогласување на подзаконските прописи, што сé уште тече и при отуство на барање за оценување на законитост на преостанатите девет оспорени акти, по однос на сега непостоечката законска регулатива, нема процесни претпоставки за одлучување по иницијативата во овој дел.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.195/2003)

# 201.

**- Закон за управна постапка (престанал да важи)**

*- Law on Administrative Procedure (ceased to be valid)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 47 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 24 ноември 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ЗАПИРА постапката за оценување на уставноста на член 1 став 1 алинеја 2 во делот"работни луѓе и организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници", алинеја 4 во делот "односно самоуправна организација или заедница", став 2 во делот "организации на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, општествени организации, општествено политички заедници и нивните извршни совети, општествените правобранители на самоуправувањето, Службата на општествено книговодство, член 3 став 2 во делот Републичкиот секретаријат за правосудство и управа", член 6 во делот Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Стопански суд на Македонија, Судот на здружениот труд на Македонија, Републичкиот општествен правобраниел на самоуправувањето, Републичкиот суд за прекршоци, окружните и окружните стопански судови, основните судови на здружениот труд и Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија, член 7 став 2 во делот "Извршниот совет, член 11 во делот: "организацијата на здружениот труд или другата самоуправна организација или заедница, член 12 став 2 во делот "извршниот совет на собранието на општествено политичката заедница и став 3 во делот "републичкиот секретар за правосудство и управа, член 14 во делот "работните луѓе" и член 19 став 2 во делот Републичкиот секретаријат за правосудство и управа, член 20-а во делот "извршниот совет на собранието на соодветната општествено политичка заедница, самоуправната организација или заедница; член 23 во делот организациите на здружениот труд и на член 26 во делот Републичкиот секретар за правосудство и управа од Законот за управната инспекција ("Службен весник на СРМ" бр.29/79, 22/87, 23/90 и "Службен весник на Република Македонија" 12/93).

2. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Стамен Филипов од Скопје со Решение У.бр.37/1999 од 19 мај 1999 година поведе постапка за оценување на уставноста на наведените членови од Законот за управната инспекција, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека во член 24 од Законот за управната инспекција ("Службен весник на Република Македонија" бр.69/2004) е предвидено дека со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за управната инспекција ("Службен весник на СРМ" бр.29/1979, 22/1987, 23/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.12/1993).

4. Согласно член 47 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот ќе ја запре постапката ако во текот на истата законот, другиот пропис или општ акт престанале да важат, а не наоѓа основи за оценување на нивната уставност и законитост за време на важењето.

Со оглед на тоа што Законот за управната инспекција ("Службен весник на СРМ" бр. бр.29/1979, 22/1987, 23/1990 и "Службен весник на Република Македонија" бр.12/1993) престанал да важи, а со тоа престанале да важат и оспорените членови, а Судот не наоѓа основи за оценување на нивната уставност во време на важењето, одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.37/1999)

# 202.

**- Закон за поттикнување на вработувањето (услови за стекнување право на надомест на средства за придонес на плата и други средства)**

*- Law on Stimulation of Employment (conditions for acquiring the right to compensation of means for contribution to salary and other means)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 11 став 1 од Законот за поттикнување на вработувањето ("Службен весник на Република Македонија" бр.25/2003).

2. Роска Јованова од Кавадарци на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 11 став 1 од Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата оспорениот член од Законот не бил во согласност со Уставот на Република Македонија, затоа што со формулацијата " ;доколку достави доказ од надлежен регистарски орган дека пред отпочнување на вршењето на дејноста не бил регистриран за вршење на дејност на свое име или на име на членовите на неговото семејство (брачен другар, деца или родители)" ; се нарушувало загарантираното уставно право дека секој има право на работа, слободен избор на вработување и дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место во смисла на член 32 од Уставот. Со оспорениот член во практиката се создале многу проблеми и контрадикторности. Имено, во ставот 3 на член 3 од Законот биле наброени условите што треба да ги исполнува лицето кое може да ги користи бенефициите од законот, а веќе со членот 11 став 1 се отстапувало од предвидените услови.

Понатаму, во иницијативата се наведува дека со одредбата не е прецизно определено дали членовите на семејството на лицето кое бара вработување и може да се вработи по основ на овој закон имаат на свое име фирма која ги вршии истите дејности во кои невработеното лице бара вработување или тоа се однесува за која било дејност ја врши фирмата на членовите на семејството, а истата би била пречка за искористување на поволностите кои ги дава законот.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 1 од Законот за поттикнување на вработувањето се создавале услови за поттикнување на вработувањето преку надоместување на средства на работодавецот за плаќање на придонесите на плата, и други средства за нововработени работници под услови и на начин утврдени со овој закон.

Одредбите на овој закон не се применувале ако работодавецот е државен орган, орган на единица на локалната самоуправа и град Скопје, јавна установа, јавно претпријатие и на други корисници на средства од Буџетот (член 2 став 1).

Според член 3 став 1 од наведениот закон на работодавецот кој ќе вработи невработено лице на неопределено време над бројот на вработените, му се надоместувале средствата за платениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за вработување за нововработено лице за период од 24 месеци од вработување под услови и на начин утврден со овој закон.

Во став 3 на член 3 од овој закон било предвидено дека како невработено лице за кое ќе се применуваат одредби на овој закон се смета: невработено лице евидентирано во Заводот за вработување најмалку 1 година; невработено лице на кое претходно му престанал работниот однос со отказ поради економски, технолшки, структурални или слични промени; невработеното лице на кое му престанал работниот однос по основ на стечај и невработеното лице користи социјална парична помош а е способно за работа како и социјално необезбедено, согласно со Законот за социјална заштита.

Во членовите 4 и 5 од Законот биле утврдени и други погодности за работодавецот кој ќе вработи невработено лице корисник на паричен надоместок по основ на невработеност и корисник на социјална парична помош.

Во член 6, пак, биле утврдена обврска за работодавецот дека тој е должен вработеното лице од членот 3 на овој закон, да го задржи на работа најмалку двојно повеќе од времето за кое користел надоместок на средствата за придонеси на плата.

Во оспорениот член 11 став 1 било предвидено дека невработените лица од член 3 на овој закон, ако отпочнат со вршење на дејност како трговец поединец, трговско друштво и физичко лице кое врши дејност во согласност со закон, имаат право на надоместување на средствата за придонесите на плата и други

средства согласно со овој закон, доколку доставаат доказ од надлежниот регистарски орган дека пред отпочнувањето на вршење на дејноста не биле регистрирани за вршење на дејност на свое име или на име на членовите на неговото семејство (брачен другар, деца или родители).

Судот исто така утврди дека според членот 17 од Законот тој ќе се применува до 31 декември 2003 година.

4. Согласно член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот, што подразбира закон или негова одредба што е во правниот поредок на Републиката.

Според член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни преки за одлучување по иницијативата.

Имајќи ја предвид изнесената фактичка состојба според која оспорениот закон имал темпорален карактер (член 17) и тој престанал да се применува со протекот на времето утврдено во самиот закон, Судот смета дека согласно член 28 од Деловникот постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата и одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.136/2003)

# 203.

**- Одлука за усвојување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година, Совет на општина Демир Хисар**

*- Decision on the adoption of the Budget of the Municipality of Demir Hisar for 2003, Council of the Municipality of Demir Hisar*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 февруари 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на Одлуката бр.07-171/3 за усвојување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година, донесена од Советот на општина Демир Хисар на 29 септември 2003 година и објавена во "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3 од 6 октомври 2003 година.

2. Благоја Макариовски од Демир Хисар, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение. Во иницијативата се наведува дека Советот на општина Демир Хисар на 31 март 2003 година одржал седница на која се разгледувал Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година. Но по долга дебата Одлуката за усвојување на Буџетот од страна на Советот на општина Демир Хисар не била донесена, со што Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година не бил донесен до критичниот датум предвиден во Законот за локалната самоуправа. Со недонесувањето на Буџетот до 31 март во тековната година согласно член 75 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), како и согласно член 123 став 1 точка 4 од Статутот на општината Демир Хисар ("Служ бен

гласник на општина Демир Хисар" бр.3/2002), бил исполнет еден од условите за распуштање на Советот на општина Демир Хисар. За настанатата ситуација во законски рок било известено Министерството за локална самоуправа, кое иако било должно во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на известувањето до Владата на Република Македонија да поднесе предлог за распуштање на Советот, тоа не го сторило. Советот на општина Демир Хисар свесен за вака настанатата ситуација се распуштил, 6 (шест) месеци не заседавал односно не одржувал седници. Но по своја иницијатива седум советници на Советот на општина Демир Хисар на 29 септември 2003 година закажале седница, ја одржале и донеле Одлука за усвојување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година.

Во иницијативата се предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на законитоста на Одлуката бр.07-171/3 од 29 септември 2003 година за усвојување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година и истата да ја укине поради незаконитост на постапката за донесувањето.

3. Судот на седницата утврди дека Советот на општината Демир Хисар на седницата одржана на 31 март 2003 година не го донел Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година до критичниот датум т.е. до 31 март 2003 година. Градоначалникот на општината Демир Хисар на 7 април 2003 година го известил Министерството за локална самоуправа за настанатата ситуација во општина Демир Хисар.

Министерството за локална самоуправа по добивањето на известувањето од градоначалникот на општината Демир Хисар на 12 мај 2003 година до претседателот на Советот на општина Демир Хисар доставил барање за известување кои се причините поради кои Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година не бил донесен.

Претседавачот на Советот на општина Демир Хисар со известување бр.07-65/3 од 16 мај 2003 година го известил ресорното министерство за причините за недонесување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година.

Советот на општината Демир Хисар, имајќи го предвид времето за кое не добил одговор од Министерството за локална самоуправа дали има поднесено предлог до Владата на Република Македонија за распуштање на Советот на општина Демир Хисар, за да не се блокира работата на општината одржал седница на 29

септември 2003 година и го донел Буџетот на општина Демир Хисар за 2003 година.

4. Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување на Судот.

Тргнувајќи од фактот дека Буџетот на општината Демир Хисар за 2003 година има времен карактер, односно се однесува за 2003 година, Судот оцени дека со истекот на 2003 година овој акт престанал да важи.

Со оглед на изнесеното Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата поради што одлучи да ја отфрли иницијативата.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.198/2003)

# 204.

**- Закон за индустриската сопственост (застапување на странки во постапка за заштита на индустриската сопственост)**

*- Law on Industrial Property (representation of parties in a procedure for the protection of industrial property)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 3 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 и член 120 од Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/1993).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со оспорените одредби од Законот се повредуваат членовите 8 став 1 алинеја 3, 51 и 53 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот во иницијативата наведува дека со членовите 10 и 120 од Законот за индустриска сопственост биле определени нови категории на правни застапници пред органите на државната управа и судовите, лица со технички факултет и други кои немаат правен факултет и положен правосуден испит, а кои можеле да даваат правна помош пред органите на државната управа и судовите врз основа на положен стручен испит. Полагањето на овој стручен испит било задолжително и за адвокатите кои што се појавувале како полномошници кои ја обезбедувале оваа правна помош. Поради тоа, подносителот смета дека според овие законски одредби, спротивно на Уставот на Република Македонија (член 53) адво катот за да дава правна помош во такви предмети од областа на индустриската сопственост морал да полага друг, стручен испит, со кој всушност се девалвира положениот правосуден испит. Оттука, подносителот смета дека со оспорените одредби непосредно се загрозува уставната положба на адвокатурата од член 53 од Уставот, која е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

3. Судот на седницата утврди дека во Законот за индустриска сопственост (" Службен весник на Република Македонија" бр.42/93) што е предмет на оспорување во сега поднесената иницијатива, во член 10 е предвидено:

"Во постапката пред Заводот, органите на управата и судовите, странските правни и физички лица ги остваруваат правата од овој Закон преку полномошник кој е домашно правно лице

регистрирано за застапување во областа на индустриската сопственост или државјанин на Република Македонија на кој застапувањето во областа на индустриската сопственост му е занимање.

Во Главата IX "Застапување" во членот 120 од Законот за индустриската сопственост е предвидено дека астапување на странките во постапката за заштита на индустриската сопственост можат да вршат физички и правни лица кои се запишани во регистарот на застапници што го води Заводот.

Во регистарот од став 1 на овој член можат да се запишат:

1) Физичко лице кое има завршен правен или еден од техничките факултети и положен специјалистички испит од областа на индустриската сопственост, или посебен стручен испит од областа што се уредува со овој закон, положен во Заводот;

2) Правно лице кое има вработено најмалку едно лице со завршен правен или технички факултет кое ги исполнува условите од точка 1 на овој член.

Функционерот што раководи со органот на управата надлежен за работите на развојот донесува поблиски прописи за регистарот на застапниците од став 1 на овој член и за содржината на стручниот испит од став 2 точка 1 на овој член.

4. Судот исто така утврди дека согласно член 231 од Законот за индустриска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/2002) со денот на отпочнување на примената на овој закон, престанува да важи Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.42/1993).

Согласно член 232 од Законот за индустриска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/2002 и 42/2003) овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2004 година.

5. Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992) Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Анализирајќи ги горецитираните уставни и законски одредби во корелација со времето на поднесување на предметната иницијатива (17 февруари 2004 година), Судот оцени дека оспорените законски одредби се дел од Закон кој престанал да важи поради што Судот утврди дека во конкретниов случај постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.23/2004)

# 205.

**- Известување на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

*- Notification of the Pension and Disability Insurance Fund of Macedonia*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 21 април 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Известувањето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија бр.12-3/8 од 4 октомври 1999 година.

2. Мито Пејовски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителот на иницијативата со Известувањето, кое не било засновано на закон, од дотогаш утврдениот единствен износ на највисока пензија за сите пензионери од првата група, се формирале две нивоа на највисока пензија што се исплатувала во Републиката. На корисниците на пензија кои биле пензионирани до 31 декември 1996 година, за месец септември 1999 година им се определувал највисок износ на пензија од 22.646,00 денари, а на корисниците на пензија од истата група, пензионирани после 31 декември 1996 година им се задржувал дотогашниот највисок износ на пензија, поточно речено им се исплатувал истиот износ на пензија како во месец август 1999 година, што изнесувал 20.968,00 денари (заедно со зголемувањето за сите пензионери, на име животни трошоци од 1,94%) и со тоа се создавала разлика од 1.667,50 денари на штета на овие пензионери, која понатаму се повеќе се зголемувала.

Со наведеното Известување на Фондот била создадена нерамноправност меѓу граѓаните пензионери од првата група, со што било прекршено основното начело од Уставот на Република Македонија, со кое е утврдено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата и дека се еднакви пред Уставот и законите.

3. Судот на седницата утврди дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија го доставил Известувањето до стручните служби на подрачните единици на фондот со следната содржина:

"Според објавените статистички податоци од страна на Републичкиот завод за статистика за месец јули 1999 година, Ве известуваме дека исплатата на пензиите за септември 1999 година се врши на ниво на претходниот месец.

На корисниците на пензија, материјално обезбедување и парични надоместоци остварени по разни основи до 31 декември 1994 година, како и на корисниците на семејната пензија остварена од починат корисник на пензија кој остварил пензија до 31 декември 1994 година, а семејната пензија е остварена после 31 декември 1994

година, за септември 1999 година ќе им се исплати пензија во висина на основицата за 1999 година усогласена за 8%.

На корисниците на највисок износ на пензија остварена до 31 декември 1994 година, пензијата за септември 1999 година изнесува 22,646,00 денари.

На корисниците на пензија кои правото на пензија го оствариле од 1 јануари 1995 година до 31 декември 1996 година и на кои законската пензија усогласена со 1,94% изнесува повеќе од 20.968,50 денари, за септември 1999 година ќе им се исплати законската пензија, но не повеќе од 22.646,00 денари.

На корисниците на највисок износ на пензија остварена после 31 декември 1996 година, за септември 1999 година ќе им се исплати ист износ на пензија како и за август 1999 година".

4. Судот, исто така, утврди дека Известувањето на Фондот бр.12-3/8 од 4 октомври 1999 година, доставено до подрачните единици е во функција на поедноставна и полесна примена на институтот највисока пензија и во него се наведени износите на највисоката пензија на 1 септември 1999 година, кои им се исплатуваат на корисниците на највисок износ на пензија остварена до 31 декември 1996 година и после 31 декември 1996 година.

Со ова известување подрачните единици се известуваат за износот на највисоката пензија на 1 септември 1999 година усогласена со 8%.

Со Известувањето бр.12-1083/1 од 1 март 2003 година, подрачните единици се известени за износот на највисоката пензија од 1 јануари 2000 година усогласена со 1,29%.

Тоа значи дека известувањето на Фондот бр.12-3/8 од 4 октомври 1999 година се однесува за конкретно усогласување кое на корисниците на пензија им припаѓа на 1 септември 1999 година и е од темпорален карактер.

5. Согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и со законите.

Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Од содржината на оспореното Известување произлегува дека со него не се нормира највисокиот износ на пензија кој е законска материја, туку со него се известуваат подрачните единици на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување за износот на највисоката пензија на 1 септември 1999 година усогласена со 8%.

Оттука произлегува дека оспореното Известување се однесува за конкретно усогласување кое на корисниците на пензија им припаѓало на 1 септември 1999 година, односно дека тоа има темпорален карактер и тоа за периодот од 1 септември 1999 до 31 декември 1999 година.

Според Судот, оспореното Известување поради својот темпорален карактер не произведува повеќе правно дејство поради што постојат процесни пречки за одлучување на Судот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.34/2004)

# 206.

**- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (највисоко ниво на старосна пензија)**

*- Law on Pension and Disability Insurance (highest level of old-age pension)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 април 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993, 14/1995, 71/1996, 32/1997, 24/2000, 96/2000, 50/2001 и 85/2003).

2. Мито Пејовски од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата означена во точката 1 од ова решение.

Подносителот на иницијативата смета дека со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ("Службен весник на Република Македонија" бр.71/1996) со кој се менува членот 36 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993) се нарушувала еднаквоста на граѓаните пред законот што не било во согласност со член 9 од Уставот.

Имено, со членот 36 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993) што се применувал до крајот на 1996 година било утврдено дека највисоката старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80% од просечната плата остварена во Републиката пред остварувањето на правото на пензија, зголемена за четири пати, а членот 3 се применувал од 1 јануари 1997 година. Нееднаквоста на граѓаните пред Законот за пензиско и инвалидско осигурување се изразувала во тоа што коефициентот од 80% од четири просечни плати остварени во Републиката пред годината на пензионирањето значело дека за утврдување на пензиската основица служеле 3,2 просечни плати, а според член 3 пензиската основица се определувала во износ од 80% од просечната плата во нестопанството, што било понеповолно за

пензионерите кои имале право на највисока пензија и поради тоа што платите во нестопанството биле "замрзнати" повеќе од 10 години.

Според подносителот на иницијативата со членот 3 од Законот била нарушена еднаквоста на граѓаните, кои врз основа на должината на работниот стаж и износите на придонесите што се плаќале за пензиско и инвалидско осигурување во тој период би требало да имаат право на исти износи на највисоки старосни пензии, но тоа нивно право било нарушено само поради разликата од еден ден на пензионирањето. Така, пензионерите со највисоки пензии кои биле пензионирани до крајот на 1996 година имале повисоки пензии за 3 до 4 илјади денари од пензионерите со ист пензиски стаж и исти плати, а кои биле пензионирани само еден ден подоцна од 1 јануари 1997 година. Ова бил типичен пример за нееднаквоста на граѓаните пред ист закон.

3. Судот на седницата утврди дека според член 36 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/1993), највисоката старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80% од просечната плата остварена во Република Македонија во годината пред остварувањето на правото на пензија, зголемена за четири пати.

Со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.71/1996), членот 36 се менува и гласи: "Највисоката старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80%од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати. Највисоката старосна пензија од став 1 на овој член, во текот на годината се усогласува со процентот со кој се усогласуваат другите пензии".

Судот исто така утврди дека со членот 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2000), членот 36 е избришан, од кога овој член фактички и не е дел од правниот поредок на Република Македонија.

4. Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Со оглед на тоа што членот 36 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е избиршан и не е повеќе дел од правниот поредок на Република Македонија, постојат процесни пречки за одлучување на Судот по поднесената иницијатива.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.18/2004)

# 207.

**- Закон за радиодифузната дејност (број на концесионери за кабловска радиотелевизиска мрежа на определено подрачје**

*- Law on Radio Diffusion Activity (number of concessionaires for cable radio and television network on a certain area)*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 23 јуни 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 65 став 1 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1997).

2. Тома Трајаноски од Охрид и Монополската управа при Министерството за економија, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбата од законот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативите се наведува дека со оспорената одредба се воспоставувала монополска полоѕба на одреден субјект ѓто ѕе добиел концесија за одреден пазар, односно одредено подрачје. Со ова се оневозможувало конкуренција на давањето на овој вид услуги, а на корисниците им било скратено правото на избор на давател на услуги, а со тоа и право на избор на услугите, поаѓајќи од квалитетот и цените на истите. Тоа било во спротивност со одредбите на член 55 од Уставот на Република Македонија. Примената на спорната одредба доведувала до спречување на создавање на конкурентски односи во оваа дејност и создавање на доминантна позиција на кабловските оператори на територијата за која имаат добиено концесија, а потрошувачите биле ставени во неповолна положба да не можат да бираат. Поради тоа подносителите на иницијативите предлагаат Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на став 1 на член 65 од Законот за радиодифузната дејност.

3. Судот на седницата утврди дека според член 65 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, на определено подрачје, одобрение за концесија за кабловска радиотелевизиска мрежа може да има само еден концесионер.

4. Судот, исто така, утврди дека Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 8 јуни 2004 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/2004).

Согласно членот 33 од овој закон, со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите на членот 65 став 1 и членот 69 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/1997).

Според членот 34 од овој закон, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.37 од 14 јуни 2004 година.

Од изнесеното произлегува дека влегувањето во сила на овој закон престанал да важи оспорениот член 65 став 1 од Законот за радиодифузната дејност.

Согласно членот 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Со оглед на тоа што оспорениот член 65 став 1 од Законот за радиодифузната дејност престанал да важи, Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување по иницијативите.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.34/2003 У.бр.49/2003)

## 5. Меѓусебна согласност на општи акти

*5. Mutual concordance of general acts*

# 208.

**- Акти на финансиско работење донесени од Советот на општина Ново Село**

*- Acts of financial operation adopted by the Council of the Municipality of Novo Selo*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 17 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на законитоста на:

а) Одлука за донесување и усвојување на завршната сметка на Буџетот на општина Ново Село за 2002 година, донесена од Советот на општина Ново Село на 28 март 2003 година, и

б) Одлука за донесување и усвојување на завршната сметка на Буџетот на Фонодот за комунални дејности на општина Ново Село, донесена од Советот на општина Ново Село на 28 март 2003 година.

2. Кирил Чавков од Ново Село на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите на подносителот на иницијативата, оспорените акти биле донесени на незаконито закажана и одржана седница на Советот на општината Ново Село.

Бидејќи во постапката за донесување на оспорените акти биле сторени повреди на членовите 39 став 2 и 4 од Законот за локалната самоуправа, членот 42 од Статутот на Советот на општината Ново Село и членовите: 39, 46, 47, 48, 49 и 51 од Деловникот за работа на Советот на општината Ново Село, подносителот на иницијативата предлага поведување постапка за оценување на законитоста на оспорените акти.

Инаку, подносителот на иницијативата Кирил Чавков, ја поднесува иницијативата во својство на градоначалник на општината Ново Село.

3. Судот на седницата утврди дека според содржината на членот 1 од првооспорената Одлука, Советот на општината Ново Село ја донесува и усвојува завршната сметка на Буџетот на општината Ново Село за 2002 година.

Според содржината на членот 2 од истата Одлука, градоначалникот на Општината е задолжен да даде дополнителен извештај за потрошените средства на Буџетот.

Според содржината на членот 1 од второосporената Одлука се донесува и усвојува завршната сметка на Буџетот на Фондот за комунални дејности на општината Ново Село за 2002 година.

Во двете оспорени одлуки е определено дека влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во Службениот гласник на општината Ново Село.

Одлуките се донесени на седница на Советот на општината Ново Село одржана на 28 март 2003 година, немаат деловоден број и се потпишани од страна на Ванчо Златанов во својство на претседавач на седницата.

Судот, врз основа на обемната документација приложена кон иницијативата и документацијата доставена од страна на Советот на општината Ново Село, исто така, утврди дека во Советот на

Општината постојат две спротиставени групи на членови на Советот, кои преземале паралелни дејстија насочени кон донесување на сега оспорените акти.

4. Според содржината на член 2 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), " прописи" се општи акти со кои советот го уредува вршењето на надлежностите пропишани со закон.

Во член 97 од истиот закон е предвидено дека до донесување на закон со кој ќе се уредат прашањата за финансирање на општините, финансирањето на општините ќе продолжи да се врши согласно со одредбите од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/1995) и Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/1993, 3/1994, 71/1996, 46/2000, 11/2001, 35/2001, 93/2001 и 46/2002).

Во член 65 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.52/1995) е предвидено дека приходите и трошоците на единицата на локалната самоуправа се утврдуваат со буџет. Изработката, донесувањето, измените и извршувањето на буџет се уредува со статут на единицата на локалната самоуправа во согласност со закон.

Во членот 29 од наведениот закон советот на единицата на локалната самоуправа, покрај другото, донесува буџет на единицата на локалната самоуправа и завршна сметка на буџетот.

Од наведените о дредби од Законот за локална самоуправа произлегува дека советот на единицата на локалната самоуправа донесува сопствен буџет кој претставува годишен план за финансирање на функциите на единицата на локалната самоуправа, а донесува и завршна сметка во која е даден преглед на наплатените приходи и извршените трошоци.

Според член 46 од Законот за буџетите, правата на корисниците на буџет за трошење на буџетот престануваат на 31 декември. Сите неплатени обврски на корисниците на буџетот од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиции во буџетот за следната фискална година. Одобраниот буџет за корисниците на буџетот важи до крајот на фискалната година. Неискористениот буџет на крајот на годината не се пренесува во наредната фискална година. Приходите наплатени по 31 декември на

сметка на Буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

Во членот 53 од Законот е предвидено дека завршните сметки на буџетот на единицата на локалната самоуправа се изготвуваат согласно со постапката пропишана за изготвување и извршување на Буџет на Републиката и фондовите. Завршните сметки на единицата на локалната самоуправа се приложуваат кон завршната сметка на Буџетот на Републиката. Завршната сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа ја донесува советот најдоцна до 15 март и истата се доставува до Министерството за финансии до 31 март.

Во член 54 од Законот е предвидено дека Министерството за финансии завршната сметка на Буџетот на Републиката по нејзиното утврдување од страна на Владата, ја доставува до Собранието на Република Македонија за донесување, заедно со завршните сметки на буџетите на единиците на локалната самоуправа и фондовите.

Во контекст на содржината на цитираните законски одредби, се утврди дека оспорените акти претставуваат прописи согласно член 2 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа, што сега е во сила, меѓутоа Судот не може да се впушти во оценување на законитоста на оспорените акти од причина што истите имаат времен карактер и престанале да важат со истекот на 2002 година, односно годината за која биле донесени.

Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уста вот и со законите.

По однос на наводите на подносителот на иницијативата дека оспорените акти не се во согласност со Статутот и Деловникот на Општината, Судот тргна од фактот дека оспорените одлуки, Статутот на Советот на општината Ново Село и Деловнико т за работа на Советот на општината Ново Село, се акти од ист правен ранг или подзаконски акти, а согласно член 110 од Уставот, Уставниот суд не е надлежен да ја цени меѓусебната согласност на актите од ист правен ранг.

5. Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата, па врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Иго р Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.75/2003)

# 209.

**- Детален урбанистички план "Игман" Кавадарци, Совет на општина Кавадарци**

*- Detailed Urban Plan “Igman” Kavadarci, Council of the Municipality of Kavadarci*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 31 март 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за оценување на законитоста на Одлуката за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план "Игман" Кавадарци бр.07-1088/9 од 29 август 2003 година, донесена од Советот на општина Кавадарци.

2. Трајко Илиев од Кавадарци, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на одлуката, означена во точката 1 на ова решение.

Според наводите во иницијативата, оспорената одлука била несогласна со членот 21-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002), затоа што при изработувањето на измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план не биле применувани урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот, предвидени во истоимениот правилник.

3. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и законите.

Согласно член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Судот исто така ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето.

Тргнувајќи од содржината на наведените одредби, Судот утврди дека не е надлежен да ја оценува примената на урбанистичките планови во практиката, ниту да оценува дали при нивното донесување надлежниот орган се придржувал на урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот.

Со оглед на тоа што подносителот на иницијативата ја оспорува законитоста на Одлуката од причини што при нејзиното донесување не била почитувана одредбата од член 21-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање според која при изработување на просторен и урбанистички план задолжително се применуваат урбанистичките нормативи и стандарди за планирање на просторот, утврдени во истоимениот Правилник, Судот утврди дека не е надлежен да ја оценува примената на овие урбанистички нормативи при изработувањето на деталните урбанистички планови.

4. Со оглед на тоа што со иницијативата не се оспорува законитоста на постапката за донесување на оспорената одлука, Судот одлучи како во точката 1 на ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.197/2003)

# 210.

**- Одлука за определување на бројот на членови на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија, донесена од Извршниот одбор на Црвениот крст**

*- Decision on the determination of the number of members of the Assembly of the Red Cross of the Republic of Macedonia, adopted by the Executive Board of the Red Cross*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 71 и член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 19 мај 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на согласноста на Одлуката бр.02-222 за определување на бројот на членови на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија во мандатниот период 2004-2008 година, донесена од Извршниот одбор на Црвениот крст на седница одржана на 27 февруари 2004 година, со Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

2. Општинската организација на Црвениот крст - Тетово на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на согласноста на актот означен во точката 1 од ова решение со Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

Според наводите во иницијативата оспорената одлука била нестатутарна од причини што бројот и структурата на претставниците на општинските организации во Собранието на Црвениот крст на Република Македонија било потребно да се

определува согласно членот 19 од Статутот и дека утврдените критериуми на секои 35.000 жители да се избира по еден преставник ги оштетува поголемите општински организации на сметка на помалите кои добиваат поголем број места за застапување во Собранието. Со тоа се нарушувал принципот на демократичноста и влијанието на поголемите општински организации кое било предвидено во статутарните одредби со кои се регулира оваа материја. Според тоа се наведува понатаму во иницијативата, се одземале три претставника на општинската организација во Тетово, со што е повреден Статутот на Црвениот крст на Република Македонија и се бара од Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли одлуката како нестатутарна. Како неоснована и нестатутарна била и писмената кореспонденција што била упатена од страна на Извршниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија и тоа:

- Писмо од Црвениот крст на Република Македонија бр.03-223 од 16 март 2004 година,
- Список на општини во Република Македонија со бројот на жителите,
- Член 19 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија,
- Член 26 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека Извршниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија врз основа на член 19 и 26 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија донел одлука бр.02-222 за определување на бројот на членови на Собранието на Црвениот крст во мандатниот период 2004 - 2008 година на седница одржана на 27 февруари 2004 година.

Согласно членот 1 од оспорената одлука Собранието на Црвениот крст на Република Македонија, во мандатниот период 2004 - 2008 година, ќе го сочинуваат вкупно 75 членови, избрани на собранијата на општинските организации на Црвениот крст и Младите на Црвениот крст.

Во членот 2 од Одлуката е определено дека Собранијата на општинските организации на Црвениот крст, во соодност со бројот на жители во општината избираат вкупно 71 претставници, а за Собранието на општинска организација - Тетово е определено да има 4 претставници.

Според членот 3 од Одлуката во составот на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија се застапени 4 претставници, кои ги избираат Младите на Црвениот крст.

4. Согласно член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на прописите и на колективните договори со Уставот и со законите, а според алинејата 7 Судот одлучува за уставноста на програмите и на статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните.

Според член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Тргнувајќи од содржината и карактерот на оспорената одлука Судот утврди дека таа не претставува пропис во смисла на член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија. Всушност, оспорената одлука претставува интерен акт и не произведува правно дејство врз неопределен број на субјекти во правниот промет.

Од наводите во иницијативата произлегува дека подносителот бара од Уставниот суд да утврди дека оспорената Одлука е неоснована и нестатутарна, бидејќи била донесена спротивно на одредбите од членовите 19 и 26 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија. Имајќи ја предвид утврдената надлежност на Уставниот суд на Република Македонија во членот 110 од Уставот, а врз основа на изнесените наводи, Судот утврди дека не е надлежен да одлучува за меѓусебната согласност на оспорената Одлука со Статутот на Црвениот крст на Република Македонија.

4. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

5. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.68/2004)

# 211.

**- Поединечни акти за престанок на работен однос поради "технолошки причини" во ЈЗО Медицински центар Струмица**

*- Individual acts for termination of employment as a result of "redundancy" in the public health organisation JZO Medical Centre Strumica*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 8 јули 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата на Димитар Ѓеорѓиевски адвокат од Струмица, како и на Божана Иванова, Маргарита Стојанова, Ратка Трајкова и Викица Петрова сите од Струмица, застапувани од Димитар Ѓеорѓиевски адвокат од Струмица, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на:

- Одлука бр. 02-4012 од 16 декември 2003 година за прогласување работници за технолошки вишок поради економски, технолошки, структурални и слични промени, донесена од ЈЗО "Медицински центар" - Струмица на седницата одржана на 12 декември 2003 година.

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4058 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Вера Трајкова, донесено од Директор от на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр.04-4086 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со

отказ на работникот Маргарита Стојанова, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" ;-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4084 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Костадин Караѓорѓиев, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4076 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Гордан Цеков, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4106 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Иван Пандев, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4078 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Антонио Николовски, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4113 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Дејан Стојменов, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4088 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Ката Стојчева, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4098 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Ратка Трајкова, донесено од Директорот на Ј ЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4090 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Васка Гошева, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4102 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Добрила Стојменова, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4072 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Ванчо Галев, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4112 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Митко Милошевиќ, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4074 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Нике Костадинов, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4056 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Драган Дончев, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4064 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Елица Јанева, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4062 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Павлина Савова, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4096 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Горан Попчевалиев, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4108 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со

отказ на работникот Иван Трајков, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4100 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Зорка Насевска, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4068 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Божана Иванова, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4066 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Викица Петрова, донесено од Директор от на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица,

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4070 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Марика Митрева, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица и

- Решение на ЈЗО "Медицински центар"-Струмица бр. 04-4149 од 18 декември 2003 година за престанок на работниот однос со отказ на работникот Татјана Панева, донесено од Директорот на ЈЗО "Медицински центар" -Струмица.

2. СЕ ОТФРЛА барањето на: Вера Трајкова, Костадин Караѓорѓиев, Горан Цеков, Иван Пандев, Антонио Николовски, Дејан Стојменов, Ката Стојчева, Васка Гошева, Добрила Стојменова, Ванчо Галев, Митко Милошевиќ, Нике Костадинов, Драган Дончев, Елица Јанева, Павлина Савова, Горан Попчевалиев, Иван Трајков, Зорка Насевска, Марика Митрева и Татјана Панова сите од Струмица, поднесено преку Димитар Ѓеорѓиевски адвокат од Струмица за заштита на слободите и правата утврдени во членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

3. Адвокатот Димитар Ѓеорѓиевски од Струмица, на Уставниот суд на Република Македонија му достави поднесокот насловен како иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение. Воедно во поднесокот е содржано и барање за заштита на

слободите и правата, поради дискриминација по основ на политичка припадност.

Имено, според наводите од поднесокот критериум за донесување на отказните решенија било политичкото уверување на отпуштените работници, а не се имале предвид работното ангажирање и успехот на работното место. Скоро сите работници, подносители на барањето, биле вработени во 2001 и особено во 2002 година, во време на владеење на друга политичка "клима", па нивното отпуштање од работа претставувало политички реваншизам. Со оглед што биле отпуштени само лицата вработени во наведениот период, тоа претставувало дискриминација по основ на политичка припадност.

Како конечни акти со кои би била сторена повреда на слободите и правата се наведуваат општата Одлука за прогласување на работниците за технолошки вишок и 24 поединечни првостепени решенија.

Во поднесокот, исто така се наведува дека сите поименично наведени акти биле во спротивност со член 8 алиенеја 3, член 9 и член 32 од Уставот, член 125 до 135 од Законот за работни односи како и со одредбите од Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија, поради што се предлага поништување на оспорените акти.

Заради утврдени недостатоци во приложеното полномошно за застапување на лицата наведени во точката 2 од ова решение во постапката за оценување уставност и законитост, Судот прифати дека како подносители на иницијативата се јавуваат адвокат Димитар Ѓеорѓиевски од Струмица во својство на граѓанин и истиот адвокат како полномошник на лицата: Божана Иванова, Маргарита Стојанова, Ратка Трајкова и Викица Петрова сите од Струмица.

4. Судот на седницата, по однос на делот од поднесокот што се однесува на иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста, утврди дека според оспорената Одлука бр. 02-4012 од 16 декември 2003 година за прогласување работници за технолошки вишок поради економски, технолошки, структурални и слични промени, донесена од ЈЗО "Медицински центар" -Струмица на седницата одржана на 12 декември 2003 година, на вкупно 32 работници им престанува работниот однос.

Поединечните решенија за престанок на работниот однос се донесени на 18 декември 2003 година и секое од нив носи посебен деловоден број. Од содржината на решенијата произлегува дека на секој од поименично наведените работници им престанува работниот однос со отказ поради економски, технолошки и структурални промени по истекот на три месеци сметано од приемот на решението, а врз основа на спроведената постапка за прогласување за технолошки вишок.

5. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува по барањето.

Тргнувајќи од основот за донесување на оспорените акти, како и од нивната содржината, Судот оцени дека истите не претставуваат пропис во смисла на наведената уставна одредба. Оспорените акти се донесени од ЈЗО “Медицински центар”-Струмица во врска со спроведување на постапката за определување на број и структура на работници на кои им престанува работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални и други промени.

Оттаму, Судот не е надлежен да одлучува за согласноста на оспорените акти со Уставот на Република Македонија и Законот за работните односи. Од друга страна, Уставниот суд не е надлежен да одлучува за согласноста на оспорените акти со Колективен договор.

6. По однос на делот од поднесокот што се однесува на барањето за заштита на слободите и правата поради дискриминација по основ на политичка припадност за лицата: Вера Трајкова, Костадин Караѓорѓиев, Горан Цеков, Иван Пандев, Антонио Николовски, Дејан Стојменов, Ката Стојчева, Васка Гошева, Добрила Стојменова, Ванчо Галев, Митко Милошевиќ, Нике Костадинов, Драган Дончев, Елица Јанева, Павлина Савова, Горан Попчевалиев, Иван Трајков, Зорка Насевска, Марика Митрева и Татјана Панова сите од Струмица сите од Струмица, врз основа на приложената фотокопија на полномошно за адвокатот Димитар Ѓеорѓиевски од Струмица, Судот утврди дека не се исполнети процесните претпоставки за одлучување по барањето.

Имено, согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Согласно член 51 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија секој граѓанин што смета дека со поединечен акт му е повредено право или слобода утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, може да бара заштита од Уставниот суд на Република Македонија во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејствие со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање.

Во член 52 од Деловникот е предвидено дека во барањето од член 51 е потребно да се наведат причините поради кои се бара заштита, актите или дејствијата со кои тие се повредени, фактите и доказите на кои се заснова барањето, како и други податоци потребни за одлучување на Уставниот суд.

Оттаму, според Судот најнапред полномошник во ваков вид на постапка може да застапува само индивидуални права, но не и колективни како што е во конкретниот случај, а од друга страна полномошното за застапување на конкретно лице во постапката за заштита на слободите и правата мора да има конкретна содржина од која несомнено ќе може да се утврди јасно изразена волја за водење ваков вид постапка преку полномошник.

Спротивно на тоа, во постапката се прилага полномошно составено на 23 декември 2003 година со приложен список на властодаватели од чија содржина не произлегува јасно дека адвокатот Димитар Ѓеорѓиевски од Струмица е ополномоштен за поднесување на иницијатива до Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од ова решение, како и за поднесување барање за заштита на слободите и правата поради дискриминација по основ на политичка припадност на поименично определени лица. Полномошното е дадено за застапување пред сите надлежни органи, институции и судови во Република Македонија во врска со остварување и заштита на права од работен однос во Медицински центар Струмица.

Утврдениот недостаток во полномошното не е отстранет ни по повод барањето од Судот Р.бр.29/2004 од 15 април 2004 година за доставување на уредно полномошно за застапување на поименично определените лица. Напротив со поднесок од 26 април 2004 година адвокатот Димитар Ѓорѓиевски на Судот му достави уште една фотокопија од групното полномошно со појаснување дека оригиналното полномошно е дадено во Основниот суд Струмица каде биле во тек парнични постапки.

Оттука, Судот оцени дека во името на наведените лица во точката 2 од ова решение не е поднесено уредно полномошно за поднесување барање за заштита на слободите и правата, како што налага членот 51 од Деловникот на Уставниот суд и таквиот недостаток претставува процесна пречка за одлучување по барањето.

Што се однесува до лицата Божана Иванова, Маргарита Стојанова, Ратка Трајкова и Викица Петрова сите од Струмица, Судот најнапред утврди дека истите не се потпишани како властодаватели на групното полномошно издадено на 23 декември 2003 година. Врз основа на увидот во поднесокот составен на 6 мај 2004 година од споменатиот адвокат и приложените полномошна од истиот датум Судот утврди дека овие лица му дале овластување на адвокатот Димитар Ѓеорѓиевски за застапување на нивните интереси во постапката за оценување уставноста и законитоста, но истиот нема овластување во нивно име да поднесе барање за заштита на слободите и правата поради дискриминација по основ на политичка припадност.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.85/2004)

**6. Отсуство на акт предмет на уставносудска оцена**

*6. Absence of an act subject to a constitutional-judicial appraisal*

# 212.

**- Закон за заштита од елементарни непогоди**

*- Law on the Protection Against Natural Disasters*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 23 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за заштита од елементарни непогоди ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 39/1977).

2. Стамен Филипов од Скопје на Уставниот суд му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата, уставен основ за донесување на оспорениот Закон бил Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година. Меѓутоа, оспорениот Закон според употребените термини, називите и надлежностите на надлежните органи апсолутно не бил во согласност со терминологијата на актуелниот Устав на Република Македонија.

Понатаму, се појаснува дека оспорениот закон бил застарен и апсолутно неприменлив, создавал голема конфузија и нејаснотии, бидејќи дел од неговите одредби сега биле уредени со нова регулатива опфатена во одредбите од Законот за одбрана, Законот за водите, Законот за внатрешни работи и други.

Оттаму, подносителот на иницијативата смета дека оспорениот Закон не бил во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

3. Судот на седницата утврди дека според член 1 од Законот за елементарни непогоди, предмет на овој закон е уредување на заштитата на животот и здравјето на луѓето, како и заштитата на општествениот имот на работните луѓе и граѓаните во случај на елементарни непогоди, доколку со друг закон не е одредено поинаку.

Понатаму во основните одредби од Законот се дефинира што значи елементарна непогода, како се остварува заштита од неа (превентивни мерки и мерки за отстранување на настанатите последици), кој има првенство на заштита, кои се принципите на заштитата, како и тоа кои се органите и лицата што имаат право и должност да остваруваат заштита, односно да учествуваат во заштитата.

Во Главата II од Законот се содржани одредби што ги уредуваат должностите на работните луѓе и граѓаните, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, месните заедници, општествено - политичките организации, општествените организации, здруженијата на граѓаните и граѓанско-правните лица.

Во Главата III од Законот се разработени правата и должностите на општините и Републиката.

Во Главата IV од Законот се содржани одредбите што се однесуваат на плановите за заштита од елементарни непогоди.

Во Главата V од Законот се содржани одредби што се однесуваат на раководењето со заштитата од елементарните непогоди.

Во Главата VI од Законот се содржани одредбите што се однесуваат на проценка на штетата, надоместокот и помош во отстранувањето на последиците од елементарните непогоди.

Казнените одредби се во Главата VII од Законот.

Последната Глава VIII од Законот ги содржи преодните и завршни одредби.

4. Согласно член 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласност на законите со Уставот, како и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Согласно член 167 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/2004) со денот на влегување во сила на овој закон меѓу другите престанува да важи и Законот за заштита од елементарни непогоди.

Законот за заштита и спасување влезе во сила на 18 јуни 2004 година.

Оттаму, оспорениот закон повеќе не се наоѓа во правниот систем на Република Македонија, што преставува процесна пречка за одлучување по иницијативата и оценување на неговата согласност на Законот со Уставот.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.77/2004)

# 213.

**- Програма за полагање стручен испит за туристички водич**

*- Programme for taking an expert examination for a tourist guide*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 30 јуни 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 во делот "и истекува важноста на легитимацијата за туристички водич" од Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ("Службен весник на Република Македонија" бр.41/2003).

2. Бранко Босилков од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на делот од актот 10 од законот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека оспорениот дел од членот 10 од Програмата имал повратно дејство, што било спротивно на уставниот принцип на владеење на правото бидејќи се создавала правна несигурност кај граѓаните.

Во иницијативата се наведува дека со оспорениот дел од членот 10 од Програмата се загрозувала социјалната сигурност на имателите на легитимации за туристички водичи кои ги стекнале на легален начин.

3. Судот на седницата утврди дека според член 10 од Програмата за полагање стручен испит за туристички водич, со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/1984) и истекува важноста на легитимацијата за туристички водич.

4. Судот, исто така, утврди дека во "Службен весник на Република Македонија" бр.40/2004 од 21 јуни 2004 година, е објавен нов текст на Програмата за полагање стручен испит за туристички водич.

Според членот 10 од оваа Програма, со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ("Службен весник на Република Македонија" од 1984 година). Во содржината на овој член е изоставен текстот "и истекува важноста на легитимацијата за туристички водич", кој е оспорен со поднесената иницијатива.

Согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Со оглед на тоа што оспорениот дел од членот 10 од Програмата не е повеќе дел од правниот поредок на Република Македонија, Судот цени дека постојат процесни пречки за одлучување поради што иницијативата треба да се отфрли.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.4/2004)

# 214.

**- Кривичен законик**

*- Criminal Code*

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 28 алинеја 3 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 септември 2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 184 став 2, 3 и 4 од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003 и 19/2004).

2. Стамен Филипов од Скопје, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од законот означен во точката 1 од ова решение.

Во иницијативата се наведува дека според член 184 став 2 од Кривичниот законик, ако делата од членовите 172, 173 и 174 се сторени спрема претседателот на Република Македонија во врска со вршењето на неговата функција, гонењето се презема по предлог. Согласно член 184 став 3 од истиот законик, ако делата од членовите 172, 173 и 174 се сторени спрема лице кое се наоѓа на кандидатската листа, за време на изборите или непосредно пред гласањето, во време кога она што се изнесува или пренесува не можело да биде јавно негирано, гонењето се презема по службена должност. Според член 184 став 4 од Законикот, ако делата од членовите 172, 173 и 174 се сторени спрема државен орган или негов претставник, спрема службено или воено лице, во врска со нивната служба или остварување на нивната функција, гонењето се презема по предлог. Со оспорените ставови на член 184 од Кривичниот законик се повредувале членовите 8 став 1 алинеја 3, 9 и 51 од Уставот. Имено, согласно член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се

еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Правото на еднаквост пред Уставот и законите значело заштита на граѓанинот од секаков вид дискриминација во уживањето на правата, но и во остварувањето на законските обврски. Според тоа со оспорените законски одредби се повредува уставното начело на еднаквост на граѓаните, затоа што претседателот на Република Македонија, лицето кое се наоѓа на кандидатската листа, државниот орган односно неговиот претставник, службеното или воено лице, само според општествената положба се наоѓале во привилегирана положба во однос на сите други граѓани во Република Македонија, а кои биле, исто така, жртви на кривичните дела против нивната чест и углед.

3. Судот на седницата утврди дека со членот 109 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004), во членот 184 ставовите 2 и 4 се бришат.

Со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија број 220/2000 од 30 мај 2001 година е укинат членот 184 став 3 од Кривичниот законик.

4. Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат процесни пречки за одлучување на Судот по иницијативата.

Со оглед на тоа што оспорените ставови 2, 3 и 4 на членот 184 не се повеќе дел од правниот систем на Република Македонија, Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување на Судот поради што одлучи иницијативата да ја отфрли.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

6. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов. (У.бр.89/2004)

# ПРЕДМЕТЕН РЕГИСТЕР*


## А
- адвокатура ........................................................................................ 38;
- авторски права ……………........................................................... 43, 47;
- актот нема карактер на пропис .............. 95. 151. 152, 153, 154, 155, 157, 158, 159, 172, 173, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 184, 187;
- акти кои еднаш биле пред Судот……..... 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 174, 188;
- актот престанал да важи ....................................... .... 197, 201, 214;

## Б
- безбедносни сили (право на надомест за претрпени душевни болки) ..............................................................12;
- банки ……………………………………………………………………………… 26;
- буџет ........................................................................................... 150;

## В
- воени инвалиди........................................................................... 2;
- воздухопловно-технички персонал .......……………………………… 9;
- воен рок ............................................................................ 11, 14;

## Г
- градежно земјиште .................................... 49, 50, 51, 52, 53, 54, 156;
- градоначалник и член на совет (избор) ......................................... 68;

## Д
- дисциплинска одговорност ......................................... 5, 59, 118, 120;
- даночна стапка …………………………………………………………………… 18;
- данок на имот и персонален данок на доход ................................ 21;
- денационализација ................................................................ 45, 46;


---

* Изработен е според идентификацискиот број на одлуката/решението на Судот.

- директори (именување и разрешување) ................................ 99;
- друштво за управување со пензиски фонд (основање)................ 104;
- државна управа. (организација и работа ............................ 131, 137;
- државјанство ........................................................................ 140, 141;

## Ж

- жалба, .............................................................................. 67, 100;

## З

- звање во АРМ ................................................................ 8, 64;
- залог ......................................................................................... 48;
- здравствена заштита ................................................................. 110;
- заштита и спасување ............................................................... 134;

## И

- испратнина ................................................................................ 65;
- избирачко право ...................................................................... 147;

## Ј

- јавни давачки............................................................................. 22;
- јавен обвинител .......................................................................... 32;
- јавно мислење (испитување) . ................................................... 128;
- јавно изразување на мислата .................................................... 129;
- јавно претпријатие ...................................................................... 130;

## К

- казнена евиденција ............................................................ 37, 103;
- кадровско пополнување во државната служба ............................... 60;
- критериуми за вршење одредена професија ................................ 66;
- колективен договор ............................................... 116, 119, 121, 122;

## Л

- лишување на лице од слобода........................................................ 6;
- лиценца ...................................................................... 28, 40, 41;
- локална самоуправа ....................................................................... 74, 76;

## М


- месна самоуправа........................................................................ 73;
- меѓународни спогодби за социјално осигурување ...................... 115;
- меѓусебна согласност на акти ...................................................... 208;


## Н


- надоместоци ................................ 15, 61, 63, 69, 70, 72, 75, 102, 133;
- нотаријат ........................................................................................ 39;
- наставно научен совет (состав) .................................................... 96;
- надриписарство ..........................................................................101
- ненадлежност ................................ 181, 183, 185, 186, 189, 191, 193, 194, 195, 196, 209, 210, 211;


## О


- оружје (набавување, поседување и носење) ................................. 10;
- основање на високообразовни установи ........................................ 98;
- објавување на закони и други прописи ........................................ 138;
- отсуство на акт - предмет на установсудска оценка ..................... 212;


## П


- позиција на Претседателот на Републиката ................................... 1;
- посебни специјалности од значење за АРМ .................................. 13;
- претставување на правен основ .................................................... 16;
- правни последици од осуда .......................................................... 30;
- полномошник ........................................................................ 33, 34, 35;
- правна помош ............................................................................... 36;
- процесни пречки за одлучување ............ 92, 182, 192, 198, 200, 202, 203, 204, 206, 207, 213;
- пензии (старосна) .......................................................... 105, 108, 109;
- правосилно решение (измена) ...................................................... 106;
- правна помош .............................................................................. 107;
- посвојување .................................................................................. 111;
- придонеси ..................................................................................... 112;
- приватизација ............................................................................... 114;
- Претседател на Република Македонија (права по престанок на функција) ............................................................ 126;
- пратеници ............................................................................ 127, 132, 135;
- програми ....................................................................................... 190;

## Р

- работна дисциплина ........................................................................ 4;
- работен однос во АРМ (засновање) ................................................. 7;
- работен однос (услов со регулирана воена обврска) .................... 55;
- работно искуство ............................................................................ 56;
- работен однос (структурални реформи) ......................................... 57;
- работни места (организација и систематизација) .......................... 58;
- работен однос (мирување на права и обврски) ............................ 123;
- референдум .................................................................................. 124;
- Република Македонија (територијална поделба и
  организација на градот Скопје) ..................................................... 125;
- радиодифузна дејност .................................................................. 139;

## С

- супервизија ............................................................................ 25, 27;
- судска такса ..................................................................................... 29;
- судија (разрешување) ...................................................................... 31;
- сопственост ................................................................... 42, 44, 136;
- статус на затекнат студент ............................................................. 93;
- степен на образование како услов .......................................... 94, 97;
- слободи и права ..................................... 143, 144, 145, 146, 148, 149;

## Т

- трансфер на пари ............................................................................ 23;
- трговски регистар ............................................................................ 24;
- "Технолошки вишок" ....................................................................... 117;
- темпорален карактер на актот ...................................................... 205;

## У

- урбанистичко планирање ........................ 71, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83,
  84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91;

## Ф

- фискални апарати ............................................................................ 17;
- финансиска полиција ............................................................. 19, 199;
- физички и морален интегритет на човекот ................................... 142;

## Ц

- царини ........................................................................................... 20;

## Ш

- штрајк ……..................................................................……..... 3, 62, 113;

## *CASE REGISTRY**

***A***
*- the Bar ........................................................................................ 38;*
*- copyrights ...................................................................................... 43, 47;*
*- the act does not have the character of a regulation ............................................. 95. 151. 152, 153, 154, 155, 157, 158, 159, 172, 173, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 184, 187;*
*- acts that have been once before the Court ......................................................160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 174, 188;*
*- the act ceased to be valid ................................................ 197, 201, 214;*

***B***
*- security forces (right to a compensation for suffered mental pains) ..........................................................................12;*
*- banks ........................................................................................ 26;*
*- budget ........................................................................................ 150;*

***V***
*- war invalids ........................................................................................ 2;*
*- air-technical personnel........................................................................ 9;*
*- military service ..................................................................... 11, 14;*

***G***
*- building lot .................................................... 49, 50, 51, 52, 53, 54, 156;*
*- mayor and council member (election) ................................................ 68;*

* *Made on the basis of the identification number of the decision/resolution of the Court.*

***D***

*- disciplinary responsibility ............................................... 5, 59, 118, 120;*
*- tax rate ............................................................................................ 18;*
*- property tax and personal income tax ................................................. 21;*
*- denationalisation ...................................................................... 45, 46;*
*- directors (appointment and discharge) ............................................... 99;*
*- company for pension fund management (establishment).................... 104;*
*- state administration (organisation and work .............................. 131, 137;*
*- citizenship ......................................................................... 140, 141;*

***Ž***
*- appeal .......................................................................... 67, 100;*

***Z***
*- title in ARM ................................................................................ 8, 64;*
*- pledge ............................................................................................ 48;*
*- health care .................................................................................. 110;*
*- protection and rescue ...................................................................... 134;*

***I***
*- restitution (send-off money) .................................................................. 65;*
*- voting right ..................................................................................... 147;*

***J***
*- public fees ......................................................................................... 22;*
*- public prosecutor ................................................................................ 32;*
*- public opinion (survey) . ....................................................................... 128;*
*- public expression of thought ................................................................ 129;*
*- public enterprise ................................................................................ 130;*

***K***
*- penal records .............................................................................. 37, 103;*
*- personnel manning in state service ....................................................... 60;*
*- criteria for the performance of an office ............................................... 66;*
*- collective agreement ................................................ 116, 119, 121, 122;*

***L***
*- deprivation of a person of his/her liberty ............................................... 6;*

*- license ........................................................................... 28, 40, 41;*
*- local self-government ................................................................. 74, 76;*

***M***
*- neighbourhood self-government ........................................................ 73;*
*- international agreements for social insurance .................................... 115;*
*- mutual concordance of acts ........................................................... 208;*

***N***
*- indemnities ...................................... 15, 61, 63, 69, 70, 72, 75, 102, 133;*
*- notary's profession ........................................................................ 39;*
*- academic council (composition) ......................................................... 96;*
*- quasi-expertness ...........................................................................101*
*- non-competence ................................ 181, 183, 185, 186, 189, 191, 193, 194, 195, 196, 209, 210, 211;*

***O***
*- arms (procurement, possession and carrying) ..................................... 10;*
*- establishment of high education institutions ......................................... 98;*
*- publication of laws and other regulations ........................................... 138;*
*- absence of an act – subject to constitutional-judicial assessment ..... 212;*

***P***
*- position of the President of the Republic ............................................... 1;*
*- particular specialties important for AR................................................. 13;*
*- representation of a legal ground ......................................................... 16;*
*- legal consequences from conviction ................................................... 30;*
*- proxy ........................................................................... 33, 34, 35;*
*- legal assistance ............................................................................ 36;*
*- trial obstacles for decision-making ................ 92, 182, 192, 198, 200, 202, 203, 204, 206, 207, 213;*
*- pensions (old-age) ........................................................ 105, 108, 109;*
*- effective resolution (modification) ...................................................... 106;*
*- legal assistance ........................................................................... 107;*
*- adoption ..................................................................................... 111;*
*- contributions ............................................................................... 112;*
*- privatisation ................................................................................ 114;*
*- the President of the Republic of Macedonia (rights following termination of office) ............................................................ 126;*

- deputies ........................................................................ 127, 132, 135;
- programmes .......................................................................................... 190;

**R**
- working discipline ......................................................................... 4;
- employment in ARM (becoming employed) ........................................... 7;
- employment (condition with served military service) ............................ 55;
- working experience ........................................................................ 56;
- employment (structural reforms) ........................................................ 57;
- jobs (organisation and systematisation) ............................................. 58;
- employment (adjournment of rights and obligations) .......................... 123;
- referendum ................................................................................ 124;
- Republic of Macedonia (territorial division
and organisation of the City of Skopje) ................................................ 125;
- radio diffusion activity ......................................................................... 139;

**S**
- supervision ........................................................................... 25, 27;
- court fee ...................................................................................... 29;
- judge (discharge) ............................................................................ 31;
- ownership ........................................................................ 42, 44, 136;
- status of a current student ................................................................. 93;
- level of education as a condition .................................................... 94, 97;
- freedoms and rights .................................. 143, 144, 145, 146, 148, 149;

**T**
- transfer of money ........................................................................... 23;
- trade registry ................................................................................. 24;
- "Technological redundancy" ............................................................. 117;
- temporary character of an act ........................................................... 205;

**U**
- urban planning ........................................... 71, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83,
84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91;

**F**
- fiscal devices ................................................................................... 17;

*- financial police ........................................................................ 19, 199;*
*- physical and moral integrity of man .................................................. 142;*

***C***
*- customs duties ............................................................................ 20;*

*- strike …......................................................................……...... 3, 62, 113;*